УНИВЕРЗИТЕТ „Св. Кирил и Методиј” Скопје
ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „Јустинијан Први” Скопје

**м-р Андреа Љупчо Здравковска**

# ПРЕВЕНЦИЈА И ЗАШТИТА ОД СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО ВО МАКЕДОНСКОТО И СПОРЕДБЕНОТО ПРАВО

**Докторски труд**

**Скопје, 2024**

УНИВЕРЗИТЕТ „Св. Кирил и Методиј” Скопје

ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „Јустинијан Први” Скопје
Институт за граѓанско право

**м-р Андреа Љупчо Здравковска**

# ПРЕВЕНЦИЈА И ЗАШТИТА ОД СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО ВО МАКЕДОНСКОТО И СПОРЕДБЕНОТО ПРАВО

**Докторски труд**

**Скопје, 2024**

м-р Андреа Љупчо Здравковска

Превенција и заштита од семејно насилство во македонското и споредбеното право

Ментор:

Проф. д-р АНГЕЛ РИСТОВ

Правен факултет „Јустинијан Први” Скопје

Комисија за одбрана:

Проф. д-р Дејан Мицковиќ
Правен факултет „Јустинијан Први” Скопје

Проф. д-р Александра Груевска Дракулевсски
Правен факултет „Јустинијан Први” Скопје

Проф. д-р Урош Новаковиќ
Правен факултет во Белград

Проф. д-р Елена Игновска
Правен факултет „Јустинијан Први” Скопје

Научна област:

Граѓанско право

Датум на одбрана:

м-р Андреа Љупчо Здравковска

**ПРЕВЕНЦИЈА И ЗАШТИТА ОД СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО ВО МАКЕДОНСКОТО И СПОРЕДБЕНОТО ПРАВО**

–Апстракт –

Во овој труд се бара одговор дали домашното законодавно решение е сообразено со меѓународната регулатива. Целта на трудот е да го проучи феноменот на семејното насилство кој од невидлив „приватен проблем” добива фокус на „јавен феномен” вреден за научната јавност од целиот свет. Промената на перцепцијата на овој феномен ја пратат и промени во законодавните решенија. Во почетокот во трудот се проучуваат причините за неговото настанување и присутноста низ различни историски периоди. Трудот дава приказ на повеќе светски и домашни истражувања и преку добиените резултати, ги објаснува причините за неговата појава, ризик факторите и типологијата на насилничките врски. Извршена е статистичка анализа на случаите на семејно насилство во периодот 2012 – 2022 година од добените податоци од МВР на РСМ, МТСП и судовите во РСМ. Дисертацијата ги проучува меѓународните правни стандарди и домашното законодавство со акцент на превенцијата. Едно поглавје од трудот е посветено на компаративната анализа на законодавните решенија на повеќе европски држави и држави од Западен Балкан. Емпириско истражување преку техниката анкетен прашалник врз 307 есподенти утврди дека постојат статистички сигнифантни разлики кои потврдуваат дека мажите и жените имаат генерално различен став по однос на семејното насилство. На крајот во трудот се утврди дека општата хипотеза во научно истражувачкиот процес: „Превенцијата и заштитата од семејно насилство го јакне процесот на усогласување на домашното со меѓународното право” е целосно потврдена. Во заклучоците и препораките за зајакнување на мерките за заштита од семејно насилство се предлагаат подобрувања, корекции и измени во повеќе сегменти со цел да развие силна стратегија за превенција и заштита од семејно насилство.

Клучни зборови: *семејно насилство, семејство, родовобазирано насилство, Истанбулска конвенција, превенција, итни мерки, привремени мерки.*

LL. M Andrea Ljupcho Zdravkovska

# PREVENTION AND PROTECTION FROM DOMESTIC VIOLENCE IN MACEDONIAN AND COMPARATIVE LAW

–Abstract–

This paper seeks to answer whether domestic legislative solutions are in line with international regulations. The aim of the paper is to study the phenomenon of domestic violence, which, from being an invisible “private problem,” has gained the focus of a “public phenomenon” worthy of the attention of the global scientific community. The change in the perception of this phenomenon is accompanied by changes in legislative solutions. The paper begins by examining the causes of its emergence and presence throughout different historical periods. The paper presents several global and domestic studies and, through the obtained results, explains the reasons for its occurrence, risk factors, and typology of violent relationships. A statistical analysis of domestic violence cases from 2012 to 2022 was conducted based on data from the Ministry of Interior, the Ministry of Labor and Social Policy, and the courts of the Republic of North Macedonia. The dissertation examines international legal standards and domestic legislation with a focus on prevention. One chapter of the paper is dedicated to a comparative analysis of legislative solutions from several European countries and Western Balkan states. An empirical study using a survey technique on 307 respondents found statistically significant differences, confirming that men and women generally have different attitudes toward domestic violence. Finally, the paper confirms the general hypothesis of the scientific research process: “Prevention and protection from domestic violence strengthen the process of harmonizing domestic with international law.” In the conclusions and recommendations for strengthening protective measures against domestic violence, improvements, corrections, and changes in several segments are proposed to develop a strong strategy for the prevention and protection against domestic violence.

Keywords: *domestic violence, family, gender-based violence, Istanbul Convention, prevention, urgent measures, temporary measures.*

Почитуван професоре д-р Ангел Ристов,

Пишувањето на овој докторски труд како мое највисоко академско достигнување, за мене не само што беше научен предизивик, туку беше и прекрасно патување низ истражувањето на темата на мојата докторска дисертација кон кое Вие несебично, грижливо, професионално, а најмногу човечки ме упативте. Чувствувам морална обврска да Ви се заблагодарам за Вашето менторство, зашто патеките на научните предизивици со Вас ги изодив со големо задоволство, секогаш уверена дека сум на вистинскиот колосек.

Мојата истражувачка работа се одвиваше низ многу фази, понекогаш бев исполнета и со нетрпение час поскоро да го напишам овој труд, а под влијание на новите сознанија некогаш се враќав назад кон ревидирање на напишаното, така што тоа всушност ме направи поблагодарна поради фактот што станав посвесна за проблематиката на која работам, а морам да признам дека многупати бев и поразена од реалните податоци со кои се соочив, зашто тие ја одразуваат судбината на луѓето што живеат во наша непосредна близина.

Мојата благодарност е насочена и кон моите родители, луѓе со бескрајна љубов кон мене и со безмерна грижливост за мојата научна работа што ја поддржаа со многу љубов и почит. Знам дека се горди на мене, а јас сум уште погорда на нив, зашто тие се најпозитивниот модел на родители кој јасно ми укажува што не е насилство, а што е доброљубие и доблест: љубовта кон човекот воопшто и пружањето помош на оној што се нашол во неволја. Мамо и тато, Ви благодарам што ми ги отворивте најубавите перспективи во животот. Со вашата поддршка стигнав до остварувањето на многу цели во животот, а од нив најголема е оваа: одбрана на мојата докторска дисертација.

Со почит и многу љубов кон сите вас,

М-р Андреа Здравковска

Изјавувам дека докторскиот труд го изработев самостојно, дека уредно ги цитирам сите користени извори и литература и дека трудот не е користен во рамките на други универзитетски студии или за стекнување на друго звање

Своерачен потпис на докторантот

Изјавувам дека електронската верзија на докторскиот труд е идентична со отпечатениот докторскиот труд.

Своерачен потпис на авторот

## СОДРЖИНА

**ВОВЕД ......................................................................................................................................11**
1. Научна и општествена оправданост на темата, предмет, цел и хипотези на истражувањето на докторската дисертација......................................................................................................11
1.1. Научна и општествена оправданост на темата...................................................................11
1. 2. Предмет и цел на истражувањето........................................................................................14
1. 3. Хипотетичка рамка ..................................................................................................................16
1. 4. Методологија на работа...........................................................................................................16
**ПРВ ДЕЛ: ПОЈАВА, РАЗВОЈ И КАРАКТЕРИСТИКИ НА СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО И ПРИКАЗ НА ЕВРОПСКОТО ЗАКОНОДАВСТВО ..............................................................................22**
**ГЛАВА I: ПОЈАВА И ИСТОРИСКИ РАЗВОЈ НА СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО.....................22**
1. Семејното насилство врз жените и децата во стариот век ....................................................22
2. Семејното насилство врз жените и децата во средниот век ..................................................25
3. Семејното насилство врз жени и деца во новиот век.............................................................27
**ГЛАВА II: ОПШТО ЗА СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО...............................................................32**
1. Поим и дефиниција на семејното насилство ..........................................................................32
2. Видови семејно насилство.........................................................................................................40
2. 1. Физичко насилство ..................................................................................................................40
2. 2. Психичко насилство ................................................................................................................42
2. 3. Економско насилство...............................................................................................................45
2. 4. Сексуално насилство ...............................................................................................................47
2. 5. Демнење и полово вознемирување.........................................................................................51
**ГЛАВА III: МЕЃУНАРОДНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ЗАШТИТА И ПРЕВЕНЦИЈА ОД СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО ..................................................................................................................................58**
1. Заштита и превенција од семејно насилство како приоритет на Обединетите нации, Советот на Европа и Европската Унија ..................................................................................................58
2. Конвенции, препораки и декларации на Обединетите нации, Советот на Европа и Европската Унија ...59
2. 1. Универзална декларација за човековите права ....................................................................59
2. 2. Конвенција за елиминирање на сите облици на дискриминација (CEDAW) ......................63
2. 3. Општа препорака на Комитетот на CEDAW бр. 19 ..............................................................66
2. 4. Општа препорака на Комитетот на CEDAW бр. 35 ..............................................................68
2. 5. Декларација ОН за елиминација на насилството врз жените (UNDEVW) .........................73
2. 6. Факултативен протокол кон Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жените (CEDAW).........................................................................................................................75
2. 7. Конвенција на ООН за правата на детето ..............................................................................76
3. Документи на Советот на Европа ...............................................................................................78
3. 1. Европска конвенција за заштита на човековите права и основни слободи .........................78
3. 2. Конвенција на Советот на Европа за заштита на деца од сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба ..............................................................................................................................80
3. 3. Конвенција на Советот на Европа за спречување и борба против насилство врз жените и домашно насилство - Истанбулска конвенција ..........................................................................................82
3. 4. Декларација за примена на Конвенцијата за време на пандемија (Анекс кон Истанбулската конвенција објавен на 20. 04. 2020 година во Стразбур).............................................................93
4. Документи на Европската Унија....................................................................................................96
4. 1. Правото на Европската Унија ....................................................................................................96
**ВТОР ДЕЛ: КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА НА ЗАШТИТНИТЕ МЕХАНИЗМИ ВО АМЕРИКАНСКОТО, ЕВРОПСКОТО И БАЛКАНСКОТО ЗАКОНОДАВСТВО И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА ВО МАКЕДОНСКИОТ ПРАВЕН СИСТЕМ ...........................................98**
**ГЛАВА IV: ПРАВНО УРЕДУВАЊЕ НА ЗАШТИТАТА ОД СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО ВО СПОРЕДБЕНОТО ПРАВО .........................................................................................................................98**
1. Законодавни решенија за заштита од семејно насилство во современите законодавства ..........98
1. 1. САД ..............................................................................................................................................98
1. 2. Обединето Кралство ..................................................................................................................104
1. 3. Австрија .......................................................................................................................................107
1. 4. Холандија.....................................................................................................................................110

2. Процес на правно регулирање на семејното насилство кај балканските земји и имплементирање на превентивни и заштитни механизми ....................................................................................................112
2. 1. Хрватска...........................................................................................................................................112
2. 2. Босна и Херцеговина .......................................................................................................................119
2. 3. Репубика Србија...............................................................................................................................126
2. 4. Република Црна Гора.......................................................................................................................133
2. 5. Словенија...........................................................................................................................................141
**ГЛАВА V: ПРАВНО УРЕДУВАЊЕ НА СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО ВО МАКЕДОНСКОТО ЗАКОНОДАВСТВО ....................................................................................................................148**
1. Правна рамка во Република Северна Македонија во областа на заштитата од семејно насилство.........148
1. 1. Законот за семејство како фундамент во областа на регулирањето на заштитата од семејно насилство од аспект на граѓанското право ..................................................................................148
1. 3. Новините во Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство..170
1. 4. Компарација на дефиницијата за семејно насилство од Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство и Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство и услогласеност со одредбите од Истанбулската конвенција..................................................182
1. 5. Кривичниот закон и регулирањето на заштитата од семејно насилство од аспектот на кривичното право...................................................................................................................................................186
1. 6. Законот за социјална заштита и заштитата на жртвите од семејно насилство.................................193
1. 7. Законот за еднакви можности на жените и мажите овозможува еднаков третман на жените и мажите, и овозможува грижа на целото општество до постигнување потполна еднаквост ....................212
**ТРЕТ ДЕЛ: СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО И ПРАВОСУДНИОТ ОДГОВОР НА МЕЃУНАРОДНАТА И ДОМАШНАТА СУДСКА ПРАКСА И ВЛИЈАНИЕТО НА КОВИД КРИЗАТА ......................................218**
**ГЛАВА VI: ВЛИЈАНИЕТО НА СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО НА ОДНОСИТЕ ВО СЕМЕЈСТВОТО ............................................................................................................................................218**
1. Насилство........................................................................................................................................218
1. 1. Насилство врз жени .........................................................................................................................218
1. 2. Насилство врз деца ..........................................................................................................................230
1. 3. Насилство врз мажи.........................................................................................................................237
1. 4. Насилство врз изнемоштени и возрасни лица ...............................................................................242
**ГЛАВА VII: УЛОГАТА И ЗНАЧЕЊЕТО НА ПРАКСАТА НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА (ЕСЧП)...............................................................................................................................246**
**ГЛАВА VIII: АНАЛИЗА НА НАЈЗНАЧАЈНИТЕ ПРЕСУДИ НА ЕСЧП ПРОТИВ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА.........................................................................................................................262**
**ГЛАВА IX : ВЛИЈАНИЕТО НА КОВИД 19 КРИЗАТА ВРЗ СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО ..................276**
1. Ковид 19 и семејнто насилство ..........................................................................................................276
1. 1. Превенција од пораст на семејното насилство – приоритет на Советот на Европа..........................276
1. 2. Причини за пандемија на семејното насилство во светот за време на здравствената криза од Ковид 19 ........................................................................................................................................................278
1. 3. Неефикасност на заштитните мерки за спречување семејно насилство во РСМ за време на пандемијата Ковид 19 и презентирање на статистички податоци.........................................................281
**ГЛАВА X: ЕМПИРИСКО ИСТРАЖУВАЊЕ НА ПОЈАВАТА НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА .............................................................................................289**
**ГЛАВА XI: СТАТИСТИЧКА АНАЛИЗА НА СЛУЧАИТЕ ОД СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО И ОДГОВОРОТ НА НАДЛЕЖНИТЕ ОРГАНИ ВО ПЕРИОДОТ 2012 - 2022 ГОДИНА.............................310**
1. 1. Министерство за внатрешни работи на РСМ ....................................................................................312
1. 2. Анализа на податоците добиени од основните судови во РСМ во кривично - правните предмети318
1. 3. Анализа на податоците добиени од основните судови во РСМ во граѓанско - правните предмети ..........................................................................................................................................................337
**ГЛАВА XII: АНАЛИЗА НА СЛУЧАИ ОД СУДСКАТА ПРАКСА ...........................................................350**
СУДСКА ПРАКСА, СЛУЧАЈ БРОЈ 1 .......................................................................................................350
СУДСКА ПРАКСА, СЛУЧАЈ БРОЈ 2 И СЛУЧАЈ БРОЈ 3 .......................................................................351
СУДСКА ПРАКСА, СЛУЧАЈ БРОЈ 4 .......................................................................................................354
СУДСКА ПРАКСА, СЛУЧАЈ БРОЈ 5 .......................................................................................................356
**ГЛАВА XIII: АНАЛИЗА НА ПОСТАВЕНИТЕ ХИПОТЕЗИ ВО ИСТРАЖУВАЊЕТО .........................359**

**ГЛАВА XIV: ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА МЕРКИТЕ ЗА ЗАШТИТА ОД СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО....366**
**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА....377**

## *Список на скратеници*

***ООН –*** *Обединети нации*

***ЕСЧП –****Европски суд на човекови права*

***РСМ*** *– Република Северна Македонија*

***СЗО*** *– Светска Здравствена Организација*

***ЕУ*** *– Европска Унија*

***КЗ*** *– Кривичен законик*

*ZZNO – Закон за заштита од семејно насилство (Хрватска)*

*БиХ – Босна и Херцеговина*

*ЗСНС – Закон за спречување насилство во семејството (Србија)*

*ЗСЗНЖСН – Закон за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство*

***„Моќта им е дадена само на оние што се охрабруваат да се наведнат и да ја соберат во своите раце. Само една работа е важна, само една – да се охрабриш”.***

***Достоевски***

# ВОВЕД

## 1. Научна и општествена оправданост на темата, предмет, цел и хипотези на истражувањето на докторската дисертација

### *1.1. Научна и општествена оправданост на темата*

Докторската дисертација со наслов „Превенција и заштита од семејно насилство во македонското и споредбеното право” обработува една сензитивна и исклучително актуелна тема од праисторијата на човештштвото до новово време. Темата ја објаснува феноменологијата на длабоките причини за појавата на насилството во смејството, ги претставува факторите на ризик, ја објаснува типологијата на насилничките врски и видовите насилства и се насочува кон значењето на превенцијата од насилство. Обемноста на проблематиката на семејното насилство го зголемува значењето на нејзиното истражување во севремето и сепросторот. Феноменот на семејното насилство, во фокусот на вниманието на светската јавност, нагласено е присутен од втората декада на дваесеттиот век. Тоа е поврзано со развојот на општото движење за правата на жртвите (victims rights movement), [1] поврзано со граѓанското движење во САД (engl. civil rights movement)[2] и движењето за правата на жените (engl. women rights movement). [3] Овој феномен има значајно место и во домашната правна теорија и пракса. Трудот ги анализира правата на жртвите на семејно насилство од аспект на граѓанско - правната заштита, социолошко - психолошката, во корелација со кривично - правната заштита.

Законодавството, правната теорија и судската пракса, го поставуваат семејното насилство како иманентна тема која побудува општествен интерес со максимална медиумска покриеност. Нашето општество има изразено патријархален општествен модел

---

[1] Hagan F. E., Daigle L. E., Introduction to Criminology: Theories, Methods, and Criminal Behavior, SAGE Publications, New York, 2018, стр. 105.
[2] Ibid стр. 105.
[3] Ibid стр. 105.

кој е прифатен од семејствата што често се заедници на членови со нееднакви права и обврски. Семејниот насилник во ваква општествена средина, најчесто е доминантен во семејната заедница составена од брачните другари, нивните деца, родители и други членови и настојува да ги потчини своите жртви. „Семејното насилство" општествено се актуелизира со серија активности на невладиниот сектор во 1994 година и со имплементирање во корпусот на позитивното законодавство. Овој труд прави осврт на правната рамка за заштита на жртвите од граѓанско - правен аспект што ја предвидуваше Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство[4] и од воведените новини во Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство. [5] Проучувањето на потребата од воведување заштитини механизми, а посебно итни и привремени мерки е потребно заради намалување, спречување и заштита на жртвите од семејно насилство. Практичната примена на Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, претставува и сообразност со меѓународните стандарди. Семејното насилство ги загрозува основните човекови права и го компромитира телесниот и душевниот интегритет на жртвите. Намалувањето на последиците од семејното насилство за семејствата, но и за општествената заедница, има егзистенцијално, социо - психолошко, економско, етичко и морално значење што ќе се рефлектира во иднината на генерацииите. Понатаму во трудот, следи анализата на промената и зајакнувањто на законските можности за заштита и превенција од идно насилство. Таа нормативна промена се забележува на глобално ниво, а домашното законодавство по инерција се сообразува со европското законодавство. За жал, ефикасноста од примената на новите законски процедури сè уште не е многу видлива заради краткиот рок на нивната примена. За науката е сè уште неразјаснето дали многуопфатното нормирање на проблемот значи de facto и поефикасна заштита на жртвите. Тоа се должи на фактот што на семејното насилство се гледа како на „приватен" или „домашен" проблем заклучен зад вратите на домот. Искуството поучува дека општествената заедница долго време не посветувала законодавно „внимание" и недоволно го нормирала, така што долго време со него не се занимавала и научната јавност.

[4]Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство (Службен весник на Република Македонија" број 80/92, 9/96, 38/2004, 33/2006, 84/2008, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12 и 38/14).
[55]Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство (Службен весник на РСМ, бр. 24 од 29.1.2021 година)

Функцијата на семејството во општеството треба да е високо позиционирана како колевка на личноста, но ако во него е присутно насилство, семејството станува колевка на насилство.

На почетокот, трудот презентира краток приказ на појавата и историскиот развој на семејното насилство, па се занимава со поимот и дефиницијата на семејното насилство и на неговите видови за да се фокусира на злоставувањето како насилство во семејството.

Дисертацијата ги објаснува длабоките причини за настанување на семејното насилство и ги претставува факторите на ризик поврзани со него и типологијата на насилничките врски. Овој труд ги анализира темата на истражувањето, меѓународните правни стандарди и домашната правна рамка како правосуден одговор за превенција и казнување. Разбирањето од страна на системот на жртвите на семејно насилство, институционалниот однос спрема нив, препознавањето на сите облици на семејно насилство и помошта на жртвите се во фокусот на овој труд. Жртвите секојдневно ја проценуваат својата сигурност и ризикот од идна опасност за себе и за своите блиски. Најчесто немаат верба дека правосудниот систем и општеството ќе ги заштитат. Од анализата на истражувањето може да се заклучи дека во светот и кај нас не се имплементира доволно правната заштита. Насилството врз жените како структурна и глобална појава е кршење на човековите права. Со патријархалните стереотипи, мажите се фаворизирани, а нивната доминација е присутна зад затворените врати на домот, но и во јавноста. Затоа целта на трудот е да се даде нова научна вредност на превенцијата и репресивната заштита, со што дополнително ќе се понудат поефикасни законски решенија и подобрување на законската рамка. Од ова произлегува и потребата од поширoко емпириско сознание засновано врз научни анализи на проучуваниот проблем.

Нашата држава е обврзана со меѓународни правни документи да ги заштитува човековите права. Конвенцијата за заштита на човековите права и основни слободи донесена на 4 ноември 1950 година [6] имајќи ја во вид Општата декларација за човековите права[7] усвоена од Генералното собрание на Обединетите Нации на 10 декември 1948 година одлучи да воведе чекори за колективно гарантирање на определени права утврдени во Општата декларација. Со потпишувањето на Конвенцијата за елиминирање на сите

[6]Конвенција за заштита на човековите права и основни слободи донесена на 4 ноември 1950 г.
[7]Општа декларација за човековите права усвоена на 10 декември 1950 г.

форми на насилство, [8] нејзините членки ја прокламираат рамноправноста на мажите и жените и забранија секаков облик на дискриминација, прогласувајќи дека сите луѓе се раѓаат еднакви и родово слободни. Според праксата на Европскиот суд за човекови права, [9] врз основа на статистички информации, е утврдено дека жените се многу почести жртви на насилство, па затоа е проширен корпусот на заштита од дискриминација и на индивидуалните права.

Република Северна Македонија потпишувајќи ја Истанбулската конвенција[10] (2017 година) пристапи кон меѓународен обврзувачки инструмент во заштитата од сите облици на насилство врз жените. Во неа е предвидено дека насилството врз жените и семејното насилство повеќе не може да се смета за приватна работа, туку дека државите имаат обврска преку сеопфатни и интегрирани политики да го спречат насилството, да ги заштитат жртвите и да ги казнат сторителите. Домашното законодавство ги заштитува жртвите од сите видови насилство, посебно жените од семејно и родово базирано насилство.

Поради обемот на проблемот на истражувањето и неговата значајност, поаѓајќи од сите меѓународни гаранции за еднаквост и забрани за полова дискриминација, во трудот ќе се презентираат позитивно - правните прописи низ примери од праксата на домашните судови и ќе се споредат со праксата на Европскиот суд за човекови права, со правните практики на европските држави и посебно државите на Западен Балкан.

### *1. 2. Предмет и цел на истражувањето*

Предмет на истражување во докторската дисертација е одредување на степенот на усогласеност на македонското со европското законодавство од аспект на примената на Истанбулската конвенција со акцент на превенцијата и заштитата.

Ова истражување има форма и значење на развојно истражување, бидејќи се однесува на тема која се чини дека не е доволно истражена во национални, балкански, европски и светски размери. Проблемот бара сериозен приод и најдобро можно решавање. Во истражувањето ќе се употреби квалитативната парадигма без наметнување на

---

[8]Конвенција за елиминирање на сите форми на насилство усвоена во 1979 г.
[9]Европскиот суд за човекови права, достапно на: https://curia.europa.eu/jcms/jcms/j_6/en/
[10]Конвенција на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство (Истанбулската Конвенција) потпишана на ден 11.05.2011 година.

однапред поставени судови, како и квантитативната парадигма во однос на опфатот на проблемите што произлегуваат од поставената тема.

Основната цел на научното истражување е да утврди до кое ниво македонското законодавство е сообразено со правата на државите членки на Европската Унија, соседните земји и државите од Западен Балкан во заштитата од семејното насилство. Споредбено - правната анализа ќе овозможи добивање практични сознанија за примената на најдобрите искуства и пракси при опишувањето на феноменот на семејното насилство, а целта е и да се добие одговор за ефикасноста на граѓанско - правната заштита од појавата на семејно насилство.

Трудот е составен од три дела: воведен дел, тринаесет поглавја со одделни наслови и заклучоци.

Во воведиот дел на трудот се изложени предметот и целите на истражувањето, хипотезите, истражувачките прашања, теоретската рамка, емпириските истражувања и методите на истражувањето.

Трудот го истражува историскиот развој на семејното насилство почнувајќи од стариот век, средниот век, до најновово време. Притоа се дефинира и поставува основната теза на докторската дисертација како работна, а потоа се одредува методологијата што ќе се користи при анализа на правните институти. Во содржината на истражувањето ќе се користи теоретскиот пристап поради разјаснување на поимот, појавата и дефиницијата на семејното насилство, неговите видови (физичко, психичко, економско и сексуално) како посебни тематски целини. Се обработуваат правните механизми за заштита предвидени во меѓународните акти и домашната правна рамка. Се анализира правното уредување на заштитата од семејно насилство во споредбеното право на Република Србија, Република Хрватска, Република Босна и Херцеговина, Република Црна Гора и Република Словенија.

Теориската цел на истражувањето е да се детектира фактичката состојба за проблемот на семејното насилство, појавните форми во кои се изразува, мерките за превенција и заштита од семејното насилство за да се одговори дали е можна превенција и заштита со примена на привремените мерки. Најзначајниот дел на овој труд е компаративниот одговор на меѓународната заедница и спомнатите национални законодавства.

*1. 3. Хипотетичка рамка*

Општата хипотеза во научно истражувачкиот процес е:

- Превенцијата и заштитата од семејно насилство го јакне процесот на усогласување на домашното со меѓународното право.

Основната хипотеза на истражувањето е:

- Полот, староста и степенот на образование битно влијаат на ставот спрема семејното насилство.

Првата посебна хипотеза на истражувањето е:

- Преземањето мерки насочени кон превенција и заштита на жртвите на семејно насилство, почитување на основните човекови слободи и права, живот и личен интегритет, влијаат на состојбата со семејното насилство.

Помошни хипотези:

1. Задолжителната правна заштита и заштитата на жртвите на семејно насилство не им гарантира социјална сигурност на жртвите од идно насилство.
2. Во Република Северна Македонија во голема мера се почитуваат меѓународните стандарди загарантирани со Истанбулската конвенција.
3. Системот на спроведувањето на заштитните мерки во Република Северна Македонија е на високо ниво и е доволно ефикасен.
4. Заради очекуваниот пораст на семејно и родово базирано насилство во Ковид 19 кризата, Република Северна Македонија дејствува со должно внимание во истражувањето, спречувањето и казнувањето на сторителите на семејно насилство.
5. Осигурувањето на репарација на делата на насилство, во согласност со обврските од Европската конвенција за човекови права обезбедува правна сигурност на жртвите.

*1. 4. Методологија на работа*

Истражувањето според видот е трансверзално, според временската димензија, експлоративно со доминација на дескриптивниот метод, анализа и синтеза, индукција и

дедукција. Овие методи се користат и при елаборацијата на добиените резултати од статистичките податоци и студиите на случаи од судската пракса за да се види дали се потврдуваат или негираат поставените хипотези за предметот на истражувањето.

При изработката на овој докторски труд ќе бидат користени повеќе методи за поконкретно да се даде одговор на проблемските прашања што ќе бидат поставени, па по пат на анализа ќе се стигне до заклучни ставови. Ќе се направи анкетирање и статистички приказ на зачестеноста на појавата која е предмет на нашето истражување, како и анализа и осврт на случаи од судската пракса. Компаративниот метод ќе послужи при анализирањето на граѓанско - правната и кривично - правната регулатива и мерките на заштита од семејно насилство кај нас, во РС Македонија и во некои држави во светот, во Европа, на Балканот и во соседството. Дескриптивниот метод ќе најде примена во објаснувањето на она што е поставено како заеднички проблем, како и во воведувањете мерки и инструменти на превенција. Нормативниот метод ќе биде користен при анализирањето на домашната правна рамка на уредување на семејното насилство и практичната примена на правните механизми на судската заштита.

Методите на истражување користени во научниот труд се:

- историски метод – со негова адекватна примена ќе доведе до хронолошко објаснување на генезата и целите на трудот;
- историско - правниот метод – овозможува анализа на причините за појава и развој на феноменот на семејното насилство;
- компаративниот метод претставува споредбено проучување на меѓународната правна регулатива, регулативата на соседните држави и државите на Западен Балкан и ќе ги обработи странските позитивно - правни решенија во споредба со правната регулатива на Република Северна Македонија;
- анализата е направена при проучувањето на содржината на меѓународните законодавства, законодавствата на соседните држави и државите на Западен Балкан. Анализирани се нивните законски решенија;
- синтетичкиот метод – ќе се примени за извлекување на конкретни заклучоци од направените анализи;

- методот на индукција– овозможува извлекување општи заклучоци од поединечни анализи и опсервации;
- логичкиот метод и толкување– ќе се применат при анализирањето на правната регулатива на Република Северна Македонија како и на правната регулатива на определените европски и балкански држави;
- статистичкиот метод – ќе ги прикаже заклучоците добиени од анализата на извршената комбинирана анкета и статистичките податоци од релевантни инстититуции за определени периоди**;**
- методот на студија на случај – ќе овозможи презентирање на судска пракса од македонските судови.

Во Главата I под наслов: „Појавата и историскиот развој на семејното насилство" ќе се анализира појавата и состојбата на семејното насилство во стариот, средниот и новиот век.

Во Глава II под наслов: „Општо за семејното насилство" ќе се утврдат поимот и дефиницијата на семејното насилство, како и видовите семејно насилство: физичко, психичко, економско, сексуално насилство, демнењето и половото вознемирување како и заштитата од семејно насилство.

Во Глава III под наслов: „Меѓународни документи за заштита и превенција од семејно насилство" ќе бидат елаборирани: меѓународни конвенции и протоколи на ООН и Советот на Европа и Европската Унија кои ја регулираат заштитата од семејно насилство.

Во Глава IV под наслов: „Правно уредување на заштитата од семејно насилство во споредбеното право", преку презентирање на националните законодавства на САД, европските и балканските држави опфатени во трудот, ќе се анализира состојбата и начинот на регулирање на семејното насилство со акцент на превенцијата и заштитата од семејно насилство во нивните законодавства.

Глава V под наслов: „Правното уредување на семејното насилство во македонското законодавство" е посветена на правното уредување на заштитата од семејно насилство преку презентирање на законодавно - правната рамка на Република Северна Македонија

опишана во Законот за семејството, [11] Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство[12] и Кривичниот законик. [13] Компаративната анализа на македонското со европските и балканските законодавства ќе бидеме во можност да ги лоцираме негативните решенија на домашното законодавство, сѐ со цел да се дадат предлози за негово подобрување. Посебно од аспект на превенцијатата и заштитата од семејно насилство.

Во Главата VI под наслов: „Влијанието на семејното насилство на односите во семејството" ќе се утврди какво е влијанието на насилството врз жените, децата, мажите, изнемоштените и возрасни лица, како најранливи категории, кои истовремено се препознаваат како најчести жртви.

Во Глава VII под наслов: „Улогата и значењето на праксата на Европскиот суд за човекови права", ќе се анализираат позитивните искуства, најдобрите практики и студии на случаи од Европскиот суд за човековите права од областа на заштитата од семејно насилство.

Главата VIII насловена како: „Анализа на најзначајните пресуди на ЕСЧП против Република Северна Македонија" ќе биде даден осврт на неколку референтни одлуки во кои се заблежани законски недоследности и неусогласеност на домашната правна рамка со одредбите на Истанбулската конвенција.

Во главата IX со наслов: „Влијанието на Ковид 19 кризата врз семејното насилство" ќе биде елаборирано влијанието на пандемијата со вирусот Ковид 19 и очекуваниот пораст на семејно насилство поради спроведените мерки на изолација, со нагласен осврт на воведувањето посебни мерки за заштита во кризниот период и причините за зголемениот број непријавени случаи на насилство.

Главата X со наслов: „Емпириско истражување на појавата на семејно насилство во Република Северна Македонија" ги обработува податоците добиени преку извршената

---

[11] Закон за семејството, пречистен текст Сл.весник на РМ, бр. 153 од 20.10.2014, 80/1992, 9/1996, 19/2000 79/2001, 38/2004, 60/2005, 33/2006, 84/2008, 117/2009, 67/2010, 156/2010, 39/2012, 44/2012, 38/2014, 115/2014, 104/2015, 150/2015, 122/2018, 51/2021, 53/2021, 199/2023.

[12] Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, Службен весник на РСМ, бр. 24 од 29.1.2021 година

[13] Закон за семејството, пречистен текст Сл.весник на РМ, бр. 153 од 20.10.2014, 80/1992, 9/1996, 19/2000 79/2001, 38/2004, 60/2005, 33/2006, 84/2008, 117/2009, 67/2010, 156/2010, 39/2012, 44/2012, 38/2014, 115/2014, 104/2015, 150/2015, 122/2018, 51/2021, 53/2021, 199/2023.

анкета, и претставува оригинално истражување на овој труд. Добиените заклучоци ја отсликуваат општата перцепција за семејното насилство на испитаничката група, со посебна диференцијација според полот.

Глава XI со наслов: „Статистичка анализа на случаите од семејно насилство и одговорот на надлежните органи во периодот 2012 - 2022 година" ги анализира статистичките податоци добиени од Министерството за внатрешни работи на РСМ и основните судови во РСМ во кривично - правните и во граѓанско - правните предмети. Таа е показател за односот и ефикасноста на институциите со справувањето, спречувањето и превенцијата, имајќи ги предвид причините за неговото настанување.

Во Главата XII со наслов: „Анализа на случаи од судската пракса" ќе бидат обработени случаи на семејно насилство со методот на студија на случај поради добивање релевантни податоци за практичната примена на мерките за заштита од семејно насилство.

Во Главата XIII со наслов: „Анализа на поставените хипотези во истражувањето" ќе бидат прикажани резултатите добиени од целокупниот процес на истражување и ќе се добијат податоци кои хипотези се потврдени, кои се оспорени, а кои се делумно потврдени.

Последната Глава XIV со наслов: „Заклучоци и препораки за зајакнување на мерките за заштита од семејно насилство" ќе предложи перспективни мерки и начини на ефикасно справување со сите облици на семејно насилство. Pro future понудените идни начини на борба со овој општествен проблем се базирани на заклучоци добиени од научното истражување. Сублимираните резултати од истражувањето ќе понудат подобрување на законодавните решенија во нашата држава и доближување и хармонизирање со законодавствата на развиените европски држави.

Во прилог на овој труд е доставена листа на домашна и странска стручна користена литература, прописи и меѓународни документи, учебници, монографии, статии, научни трудови и Интернет извори.

Очекуван придонес: Начинот на анализа на предметот на истражувањето и добиените заклучоци од него претендираат да имаат практичен придонес за научната и стручната јавност. Анализирана е праксата на ЕСЧП како од аспект на неговата меѓународна

јуриспруденција, така и во однос на случаите кои се водени против Република Северна Македонија. Критички се согледани пропустите и е констатирано дека сѐ уште законската рамка не е услогласена со европското законодавство. Извршена е комбинирана анкета со експертски и виктимолошки прашања врз група од 307 испитаници, а истражувањето содржи и статистичка анализа за период од десет години. Емпириското истражување базирано на значајни студии на случај од домашната судска пракса ја потврдува широчината на истражуваниот проблем отворајќи бројни неодговорени прашања и можности за анализи од најразлични аспекти. Скромниот придонес на овој научен труд од областа на граѓанското право со симбиоза на кривичното право, се надеваме ќе поттикне дополнителен број истражувања на дадената тема и ќе понуди решенија за намалување и справување со феноменот – семејно насилство.

# ПРВ ДЕЛ: ПОЈАВА, РАЗВОЈ И КАРАКТЕРИСТИКИ НА СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО И ПРИКАЗ НА ЕВРОПСКОТО ЗАКОНОДАВСТВО

## ГЛАВА I: ПОЈАВА И ИСТОРИСКИ РАЗВОЈ НА СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО

### 1. Семејното насилство врз жените и децата во стариот век

Семејното насилство отсекогаш било присутно во општеството. Во стариот век семејното насилство како приватен проблем, не било третирано како повреда на правата на човекот. Хамурабиевиот законик детално ги уредувал семејните и брачните односи. Положбата на жената не била еднаква со таа на мажот. Жените имале деловна и правна способност, им било дозволено на суд да бидат сведоци, да склучуваат договори, во случај на развод да имаат личен имот и можност да добијат старателство врз децата. Бракот бил третиран како облик на договор и се барала согласност од родителите за склопување брак. Мажот управувал со имотот на сопругата, но не бил негов сопственик. По смртта на мајката миразот им припаѓал на нејзините деца, а во случај на развод, ако се утврдела нејзина вина, го губела миразот. Во Хамурабиевиот закон насилството било оправдувано. Во 129 поглавје било пропишано дека: „Ако нечија жена биде затекната како лежи со некој друг, треба двата да бидат врзани и удавени во вода”. [14] Според патријархалното сфаќање, семејството било патрипотестално, патрилокално и патрилинеарно. Глава на семејството бил мажот, кого подоцна го наследувале синовите. Таткото имал право ќерката да ја посвети на бог, да бара враќање на одведеното или посвоеното дете, децата и жената да ги даде во долговно ропство, ќерката да ја омажи, а синот да го ожени. [15]

Во Египет жената уживала углед, имала правна и деловна способност, можела да располага со својот имот и да работи. Можела да биде владетел и семеен старешина. Најпознатата жена и владетелка на Египет била Клеопатра. [16] Женските и машките деца рамноправно наследувале. Иако наследувањето и потеклото се наследувале според мајката, нема докази дека матријархат воопшто постоел. Жената не го губела правото да

[14] Oberški J., Socijalni položaj žene po Hamurabiju, Bogoslovska smotra, Zagreb, 1940, стр. 216.
[15] Marković Č., Zakonik Hamurabia, vavilonskog kralja, (2000g pre Hrista), стр. 18.
[16] Abbott, Kleopatra, Beograd, 2005, стр. 23.

располага со својот имот со стапувањето во брак, [17] а слободно го бирала партнерот. Не била задолжителна верската церемонија при склучување брак. Во случај на развод, сопругот не можел да ги бара назад подароците и бил должен да ѝ плаќа алиментација на сопругата. Децата останувале во домот на мајката по разводот, а таткото не бил сопственик на животите на децата. Инцестот и бракот меѓу најблиски сродници биле дозволени. [18]

Во стариот век, во Римското Царство, на чело на широката семејна заедница бил pater familias[19] кој бил сопственик на животот на сите членови во заедницата, на сопругата, но и на сопругите на своите синови, на синовите и сите деца родени или посвоени во семејството. Како неприкосновен sui iuris или dominus[20] одлучувал за сите внатрешно - семејни проблеми на широкото семејство со кое раководел. Оттогаш датираат и т. н. приватни агнатски судови, составени од најстарите машки членови на семејството. Тие судови одлучувале за животот на членовите, а сите жени биле целосно „поседувани" од моментот кога ќе преминеле од домот на таткото во домот на свекорот. И за животот на сите деца одлучувале приватните судови. Неприкосновениот pater familias, церемонијално со подигнување на децата одлучувал дали ќе бидат прифатени или не. Доколку не биле прифатени децата, тие се жртвувале, особено ако не биле машки и здраво родени. [21] Со владеењето на првиот римски цар Ромул започнале и нови закони, па оттогаш се прифаќале сите новородени машки деца и првородената ќерка.

Во почетокот на стариот век жените биле лица alieni iuris[22] и немале никакви лични права. Имале само едно законско право на наследување. Живееле во бракови со манус

---

[17] Правни сустав древног Египта, достапно на: https://www.starapovijest.eu/pravni-sustav-drevnog-egipta
[18] Пантић Д., Шкорић М., Инцест у старом Египту, Социолошки преглед, vol.XXXIX, 2005, стр. 47
[19] Пухан И., Поленак-Аќимовска М., Бучковски В., Наумовски Г., Римско право, УКИМ, Правен факултет „Јустинијан Први", Скопје, 2014, стр. 128–133.
[20] Ibid.
[21] Апасиев Д., Траги од третманот на семејно насилство во Римското приватно право, Семејно насилство, Универзитет Гоце Делчев Штип, 2020.
[22] Alieni iuris е поим изведен од латинскиот јазик и значи „без права" или „под туѓи права". Овој поим е квалификација на римското право и се користи да ги означи луѓето кои се под доминација или се поседувани од друг. Поимот sui iuris ги означувал луѓето главно мажи кои имале потполна деловна способност. Луѓето со титула alieni juris имале ограничена способност од т.н. pater. На биолошките, посвоените и ропски деца не им било дозволено да се венчаваат без одобрение на „таткото на семејството" и имале статус сличен на робовите. Достапно на: https://www.oxfordreference.com/view/10.1093/acref/9780195369380.001.0001/acref-9780195369380

(matrimonium cum manu)[23] кој им бил целосен старател на животот без никакви права. Нивниот имот од таткото преминувал на свекорот и сопругот.

Со развојот на Римската држава се подобрила состојбата на жените кои не ја изгубиле врската со своето семејство, добивајќи правна и деловна способност. Со добивање на домицилот на сопругот, жената се стекнувала со право да бара издршка од него. Но, сопругот располагал со имотот на жената и понатаму со извесни ограничувања. Тој имал право сам да ѝ пресуди и да ја казнува со лишување од живот, (iudicium domesticum) особено за неморални чинови како пијанство, блудничење или разголување. Таткото имал неприкосновена доживотна власт и врз децата, кои можел да ги затвори, да ги продаде и да ги убие. Ваквите апсолутни права биле укинати дури во IV век по новата ера за времето на цар Валентинијан Први.

Во Вавилонското Царство, бракот се склучувал меѓу таткото на невестата и младоженецот кој како зајакнување давал тирхат. Ако се откажел од бракот тирхатот пропаѓал, а страната на невестата враќала двоен тирхат. Жената можела да биде удавена ако до развод дошло по нејзина вина. Жената не можела да располага и да го оттуѓува миразот што нејзиното семејство го дало при склучувањето на бракот.

Во Атина, жените не учествувале во јавниот живот. Со имотот на жената пред бракот управувал таткото, а по склучувањето на бракот сопругот. Склучувањето на бракот претставувало договор (енги), а миразот не бил задолжителен. Нејзината состојба постојано била подредена. Немала правна и деловна способност, не можела да сведочи во судска постапка. Во случај на смрт во тестаментот мажот одлучувал за кого ќе се мажи по неговата смрт. Додека била млада жената не излегувала од куќата и не можела да седи на масата со мажи, а кога била сопруга излегувала следена од државни функционери. Секогаш живеела во посебно издвоени простории во куќата, и нејзината улога била само да се грижи за децата. Образованието, освен на хетерите, не им било дозволено на обичните жени. Неверството не било одобрувано, а изневерениот маж можел да го убие

[23] Horvat M., Rimsko pravo, Pravni fakultet, Zagreb, 2008, стр. 131-Бракот во Рим можел да се склучи во два облика – cum manu i sine manu, а во кој облик ќе се склучел зависело од вољата на сопругот.Ако имал намера да има власт врз жената тогаш станува збор за брак кој се нарекувал matrimonium cum manu. Ако немал таква намера, тогаш се работелот за matrimonium sine manu. Поимот manus (рака) во античкиот Рим означувал моќ или авторитет на мажот врз стварите и луѓето кои ги поседувал или врз кои имал контрола. Понатаму имал значење на моќ или превласт врз жената или цело семејство (patria potestas).

љубовникот на сопругата, неа да ја избрка, а миразот да го задржи. [24] Ако сопругот го простел неверството, ја губел граѓанската чест. [25] Разведената жена која го изневерила сопругот не смеела да влегува во храмови и да се дотерува. Секој можел да ја истепа, да ѝ ги искине накитот и облеката. Во Атина постоел обичај на епиклерат и според него, ако немало машки потомци, жената морала да се мажи за најстариот роднина од татковата страна. Улогата на жената се сведувала на проста репродукција и зачувување на имотот во семејството. Таткото имал неприкосновени права да управува со животот на ќерките. Ако имал повеќе ќерки, само една била наследник, а со склучување брак нејзиниот сопруг станувал старател и тутор на нејзините сестри. Само синовите биле законски наследници, а ако имале немажени сестри, имале должност да им обезбедаат само мираз. Во Спарта како воена сила, жената била скоро рамноправна со мажот. Неверството не постоело како и наследувањето. Сите деца биле на градот. Единствена должност на жената било мајчинството, а мажот не ја поседувал жената, зашто неговата улога била да војува. [26] Бракот се склучувал поради потреба за биолошка репродукција, а не поради љубов. Машките деца биле одвојувани од седмата година и подготвувани во петнаесетчлени воени единици до својата триесетта година. Тоа било причина за развој на хомосексуалноста. Жените се сметале за раскалашни, чудовишта и вештерки. Само Платон мислел дека е добро девојките да се образовани, но бил исмеван.

## 2. Семејното насилство врз жените и децата во средниот век

Средновековениот период во европската историја се протегал приближно од 5 век до 15 век.

Во тоа време жените биле изложени на различни форми на злоупотреба кои често се сметале за општествено прифатливи. И во средниот век жените биле дефинирани според брачниот статус. Зависно од нивната класна припадност и брачна состојба, им биле одредувани личните и граѓанските права. Жените немале право на образование и јавни функции, биле подложувани на омаловажување, на физичко и сексуално насилство.

---

[24] Николић Д., Кривично дело насиље у породици, Билтен Окружног суда у Нишу, Интермекс, Београд, 2008, стр.103.

[25] Пантић Д., Општа правна историја – цивилизације, државе правни системи и кодификације, Београд – Пале, 2001, стр.63.

[26] Бовоар Д. С., Другипол 1 – Чињенице и митови, Београдски издавачко-графички завод, Београд, 1982, стр.119.

Немале право да се појавуваат во судовите во никакво својство. Не биле прифаќани ниту како сведоци. Им било оневозможено да пријавуваат кривични дела, а во случај на „силување” најчесто не им се верувало. Жените, исто така, во средниот век биле предмет на емоционална злоупотреба. Тие често биле третирани како инфериорни субјекти и од нив се очекувало да бидат потчинети на мажите. Тоа значело дека честопати биле омаловажувани и понижувани од машките членови на семејството, не им било дозволено да имаат свое мислење или да донесуваат свои одлуки. Генерално, злоупотребата на жените во средниот век била широко распространет и длабоко вкоренет проблем. Но затоа, пак, кога им било судено им биле изрекувани смртни казни со суров начин на извршување како закопување живи или палење. Заедно со таквите нечовечки казни тие биле подложувани на сексуална злоупотреба.

Во текот на 8 век Црквата го прикажувала бракот како сакрамент, а ја забранувала контрацепцијата со што растел бројот на „незаконски деца” во сите слоеви на општеството кои ги претставувала како „инкарнација на гревот”. Мажот целосно располагал со својот имот, а со заедничкиот и имотот на жената располагал со нејзино одобрување. Жената не можела да се застапува на суд или при склучување на правни дела без одобрување од сопругот. Сопругот смеел да ја тепа жената колку сака и кога имал желба за тоа, а жените немале никакви права врз своето тело. Во бракот се сметало дека не постои силување. Неверството на мажите се казнувало со кастрација, а на жените со протерување од куќата на мажот. Абортусот бил забрануван, а поради лошата хигиена и неукост бил многу ризичен. Иако декларативно имале наследни права, жените ретко наследувале, зашто и во средниот век предноста на наследување ја имале мажите. Се случувало жените да се лишени од наследство и кога немало машки потомци, а тоа било изразено во селските средини.

Браковите биле договарани, а жените стапувале во брак околу 14 - годишна возраст. Состојбата на жените во селата била полоша од состојбата на жените во градовите и од онаа на жените од повисоките слоеви на општеството. Тие биле предмет на сексуално вознемирување и напад, особено ако биле немажени и вдовици. Жените и децата работеле тешки физички работи. Децата започнувале да работат од својата четврта година, а често умирале оставани на лошите временски услови по полињата. Жените се приклучувале на верски движења, заради слободата на дружење што ја добивале, а што не им ја

овозможувала Римската Црква. Со оглед дека црквата во средниот век создавала и одржувала понижувачка слика за жената како грешно и недостојно суштество, поврзувањето со вештерки како ѓаволски сили, значело можност за обвинувања против жените. Дури 2/3 од сите обвинети дека биле вештерки во 15 век биле сиромашни жени.

Заради општо прифатените услови, жените во средниот век биле маргинализирани. Бидејќи благородништвото се наследувало, посебно во некои делови на Европа и по мајчина страна, со развојот на феудалното општество defacto се создала можност и жените да бидат големопоседнички.

Во пракса започнале да се наследуваат и јавните служби, а со тоа и правото на некаква моќ на управување и од страна на жените. Синовите наследувале пред ќерките, а ќерките можеле да наследуваат ако немало машки наследници во главната лоза. Поради желбата да склопуваат бракови во рангот на својот сталеж, благородниците често живееле во дозволен „инцест" од страна на Црквата, со роднини од трето или четврто колено. Благородничките имале можност да научат да читаат, да учествуваат во игри, да ги придружуваат своите сопрузи, но им било скратено правото да се образоваат на универзитети.

## 3. Семејното насилство врз жени и деца во новиот век

Семејното насилство е проблем на општествените системи низ историјата. Тој проблем и во модерното време на висока технологија и значаен економски развој изгледа е нерешлив. Насилството се препознава како физичка, сексуална, емоционална и економска злоупотреба од страна на интимниот партнер или член на семејството. Во овој труд ќе се проучат причините за семејното насилство во модерното време, вклучувајќи ја неговата распространетост, последиците и потенцијалните решенија. Иако не е нова појава, врз него од неодамна се гледа како на општествен проблем. [27]

Во ерата после средновековниот период, почнувајќи од 15 до 20 век, науката забележува значајно подобрување на заштитата од насилство врз жените, децата и другите ранливи категории. Во текот на овој период, жените беа изложени на широк спектар на злоставувања, вклучувајќи физичка, сексуална, емоционална и економска експлоатација.

[27]Ajduković M., Pavleković G., Nasilje nad ženom u obitelji: Društvo za psihološku pomoć, Zagreb, 2000, стр. 117-120.

Еден од клучните фактори кои придонесувале за злоупотребата на жените во овој период биле вкоренетите општествени и културни норми кои ги ставаа жените во положба на потчинетост на мажите. Од жените се очекувало да бидат покорни, послушни, да ги почитуваат своите сопрузи и другите машки авторитети, така што, честопати им биле скратувани правата и можностите што ги имале мажите.

Во 15 век, семејното насилство, а особено физичкото насилство значело форма на дисциплинирање или казна врз жените. Со напредокот на општеството во 16 и 17 век, се зголемувала свеста за штетните ефекти на семејното насилство. Беа воведени закони кои забранувале да се тепа или малтретира жена или дете, а казните станале построги. Сепак, овие закони честопати биле тешки за спроведување, а многу жени продолжиле да страдаат во тишина.

Покрај културните и социјалните фактори, значајна улога во злоупотребата на жените во овој период одигруваат и економските услови. Жените честопати биле принудени да работат на ниско платени и опасни работи, како што се фабрички или домашни услуги. Изложени на физичко и емоционално малтретирање од страна на нивните сопрузи или партнери, жените немале на располагање скоро никаква правна помош или социјална поддршка.

Сексуалното насилство, исто така, било вообичаен облик на злоупотреба во овој период, при што жените биле изложени на силување, сексуален напад и други форми на сексуална експлоатација од страна на мажи од позиции на моќ.

И покрај многуте предизвици и пречки со кои се соочуваа надлежните во овој период, имало и многу храбри поединци и групи кои неуморно се бореле за правата на жените. Овие напори на крајот го отвораат патот на значајните придобивки во однос на правата на жените и родовата еднаквост. Тоа се увидува во последниве децении.

Во 18 и 19 век забележан бил пораст на феминистичкото движење, [28] а жените почнале да зборуваат против семејното насилство. Тие тврделе дека жените имаат право да бидат третирани со почит и достоинство и дека насилството врз нив е кршење на

[28] Rorty R., Schneewind J. B., Skinner Q., Philosophy in History: Essays on the Historiography of Philosophy, Cambridge: Cambridge University Press, 1984, стр. 281.

нивните човекови права. Сепак, општествените ставови кон жените бавно се менувале, а семејното насилство продолжи да биде честа појава.

Во 20 век настанува значителна промена во општествените ставови кон семејното насилство. Воведени се закони кои обезбедуваат поголема заштита на жртвите. Започнаа да се формираат засолништа и телефонски линии за да се обезбеди поддршка за жртвите, а беа воведени и едукативни програми за подигање на свеста за ова прашање. Во педесеттите и шеесеттите години на минатиот век започна заштита на децата од семејно насилство. Потоа се проучуваа партнерските односи и насилството врз жените и постарите лица. Засилената активност на меѓународните организации и донесувањето на меѓународните правни документи предизвика различно дефинирање на парадигмата „семејство” и парадигмата „домаќинство”. Според Речникот на Обединетите Нации[29] поимот семејство е дефиниран како однос на поединци кој произлегува од брак или сродство, регулирано со закон или обичаи. Домаќинството пак се дефинира како општествено - економска заедница составена од поединци кои живеат заедно. Според извештајот на UNESCO семејството е претставено како единица составена од крвни сродници кои може, а и не мора да живеат заедно.

Според Светската здравствена организација (СЗО), приближно секоја трета жена во светот доживеала физичко или сексуално насилство од интимен партнер. Во САД, една од четири жени и еден од девет мажи доживеале тешко физичко насилство од интимниот партнер. Преваленцијата на семејното насилство покажува дека тоа ги погодува луѓето од сите раси, религии и социо - економски статуси.

Семејното насилство е сложен и распространет проблем. Една од примарните причини е овековечувањето на родовите стереотипи и нееднаквата динамика на моќта во односите. Овие стереотипи често доведуваат до мислење дека мажите имаат право да ги контролираат и да доминираат над своите партнерки. Други фактори кои придонесуваат за појава на насилство е злоупотребата на алкохол и наркотични супстанции, постоењето на ментални болести и повторувачките искуства на злоупотреба во детството.

---

[29] Višejezični demografski rječnik UN-a 1982, §112. 98 International Union for the Scientific Study of Population Višejezični demografski rječnik UN-a 1982, §110. 100 Meriam-Webster Dictionary, 1958, стр. 499

Тоа има значителни последици и за жртвата и за насилникот. Жртвите на семејно насилство може да претрпат физички повреди, емоционални трауми и финансиски тешкотии. Тие, исто така, може да доживеат депресија, анксиозност и посттрауматско стресно растројство. Сторителите на семејно насилство може да се соочат со правни последици, вклучително и затворски и парични казни. Тие може да доживеат социјална изолација и губење на работното место.

Во 21 век семејството и понатаму е извор на болка, страв и омраза, место каде заедничкиот живот на брачните партнери често е неподнослив. Постои јаз заради економската состојба и различните општествено економски услови. Девојчињата и понатаму се учат и воспитуваат да бидат повлечени и потчинети. Еманципираното семејство ги учи женските деца на еднаквост, на отфрлање на патријархалните стереотиипи и предрасуди наметнати од колективната меморија на предрасудите за нееднаквост на половите. Дури и Фројд се противел жените да добијат право на глас како ниски суштества, неспособни за генијалност. [30] Но, научните истражувања утврдуваат дека разлика во интелигенцијата на машките и женските деца не постои. Затоа е потребен повеќестран и мултисекторски пристап. Некои потенцијални решенија вклучуваат: образование и едукација со акцент на важноста на здравите односи што може да помогне да се спречи појавата на семејно насилство.

Еден од примарните услови за манифестирање на семејното насилство во модерното време е циклусот на злоупотреба. Овој циклус обично вклучува три фази: фаза на градење напнатост, фаза на акутно тепање и фаза на меден месец. [31] За време на фазата на градење напнатост, насилникот може да стане сѐ пораздразлив и може да почне да се нафрлува вербално или физички. За време на акутната фаза на тепање, насилникот станува физички насилен, а жртвата може да претрпи сериозни повреди. Конечно, за време на фазата на меден месец, насилникот може да се извини за своето однесување и да се обиде да се поправи, но тоа често е краткотрајно и циклусот започнува со повторување. Друг важен услов на семејното насилство во модерното време е употребата на технологија за овековечување на злоупотребата. Ова вклучува сајбер следење, следење на телефонски

---

[30]Шабани А., Будимлић М., Кнежић Б., Насиље у породици – навике и наде, Зборник радова, Правом против насиља у породици, стр.91-128.
[31] Hughes D. M., Ciklus zlostavljanja u porodici/partnerskom odnosu. U: Bukvić, 2008, стр. 50.

повици и текстуални пораки и употреба на социјални медиуми за вознемирување и заплашување на жртвите. Оваа форма на злоупотреба може да биде тешко да се избегне бидејќи може да ги следи жртвите дури и откако ќе ги напуштат своите насилници. Дополнително, семејното насилство често се случува во контекст на нерамнотежа на моќта во односите. Насилниците може да ја искористат својата позиција на моќ за да ги контролираат своите жртви и да ги спречат да бараат помош или да ја напуштат врската. Ова може да биде особено тешко за жртвите кои се финансиски зависни од нивните насилници или кои имаат заеднички деца. Сиромаштија ги оневозможува жртвите да избегаат од циклусот на злоупотреба.

# ГЛАВА II: ОПШТО ЗА СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО

## 1. Поим и дефиниција на семејното насилство

Насилството има различни појавни форми. Оттаму и дефинирањето е различно. Тоа може да не биде забележано, да биде оценувано како минлива или изолирана појава, може да е маргинализирано и потиснувано, па затоа флексибилност во дефинирањето не е допуштена. Не смее да се поврзува со минатото, со традиционалните димензии на доминантни вредности и верувања дека секоја жена е вредна за љубов и со тоа допирлива за секого. Заштитата на повозрасните и родителите и уверувањата дека сѐ што прави родителот прави за доброто на своите потомци, може да го доведе детето да стане жртва и соучесник во насилството. Различноста во дефинирањето на семејното насилство и на поимот семејство, предизвикана од теориските ориентации, во ова поглавје ќе понуди поедноставен концепт на поимната дефиниција. Бидејќи поимното определување е многу широко и не може да е исто применливо секаде, ќе се стремиме преку приказот на повеќе дефиниции да го разграничиме овој од другите општествени феномени.

Постојат тези кои поаѓаат од фактот дека насилството постои од секогаш, дека е иманентно на човековата природа (engl. nature or nurture dilemma). Но, насилството не е биолошки детерминирано или вродено кај одредени поедници, групи или општества. Тие тези се фаталистички и реално човекот не би можел свесно да раководи со животот ако се потчини на врежаните пориви на насилство. На другите тези кои повеќе како фактор на насилството гледаат во влијанието на општеството, им се приговара дека не посветуваат внимание на вродените склоности на индивидуата. Историските докази потврдуваат дека насилството постоело од најстариот век и е actus hominis, всадено во човековата природа. Но, причините за неговото постоење се бараат секаде каде што постои конфликт.

Терминот domestic violence се користел за опишување на состојба на нереди предизвикани од внатрешен, а не надворешен фактор. [32] Терминот domestic violence во 20 век ги заменил термините wife abuse, wife beating, battered woman како несоодветни со либералната политика. Како синоними за зборовите, domestic violence биле користени

[32] Willis W. J., Foundations of Qualitative Research, 2007, Достапно на: https://us.sagepub.com/en-us/nam/foundations-of-qualitative-research/book228788

зборовите intimate partner, violence и family violence, а, Џонсон [33] го користел терминот „интимен тероризам". Во актуелната литература под поимот domestic violence се подразбира насилството меѓу сегашните и бившите интимни партнери, а со терминот family violence се опфаќа насилство освен меѓу партнерите и спрема блиските роднини, децата и родителите.

Во Франција се користи поимот домашно насилство (fran. violence domestique) односно семејно насилство ( fran. la violence familiale), а во Германија куќно насилство (häusliche Gewalt), поретко семејно насилство (Familiengewalt). [34]

Семејното насилство е термин кој се користи за да се опише модел на однесување што го практикува еден интимен партнер за да наметне моќ и контрола врз другиот. Криминолошката наука поимно прави равенство меѓу насилството и агресијата. Од некои теоретичари поимот насилство се поистоветува со човековата потреба во меѓучовечките односи да се внесе деструкција, а според други, агресијата како биолошка реакција е одговор на постоечкото загрозување на кое се одговара на престојната опасност. [35]

За поимот семејство и семејно насилство, нема една и единствено прифатена дефиниција. Зависно од контекстот се употребуваат различни дефиниции детерминирани од културолошко - идеолошките фактори. Во литературата онтолошки, за насилството има три концепти: [36]

1. Широк концепт, произлезен од структуралната теорија, и како насилство го дефинираат секое неправо и нееднаквост.
2. Тесен концепт кој се фокусира на физичката сила и причинување повреда на друг.

---

[33] Johnson P. M., " A Typology of Domestic Violence: Intimate Terrorism, Violent Resistance, and Situational Couple", 2011, достапно на: https://www.researchgate.net/publication/259905459_A_Typology_of_Domestic_Violence_Intimate_Terrorism_Violent_Resistance_and_Situational_Couple_Violence_by_Michael_P_Johnson?_tp=eyJjb250ZXh0Ijp7InBhZ2UiOiJwdWJsaWNhdGlvbiIsInByZXZpb3VzUGFnZSI6bnVsbH19

[34] Teixeira de Melo A., Alarcao M., Integrated Family Assessment and Intervention Model: A Collaborative Approach to Support Multi-Challenged Families, Springer Science+Business Media, LLC, 2011, стр. 400-416.

[35] Види пошироко кај Marković I., Osnovi krimiologije, Pravni fakultet Univerziteta u Banjoj Luci, 2007, стр. 120-136.

[36] Gelles J. R., " Family Violence" in " The Handbook of Crime and Punishment" ed. Michael T., Oxford University Press, 1998, стр. 520-555.

3. Легитимистички концепт кој поимањето на семејното насилство го сведува на секоја легална или нелегална употреба на сила.

Некои законодавства, како на пример на Австрија, го прифатиле широкиот концепт и семејното насилство го поимаат како насилство меѓу лица кои живеат во заедничко домаќинство, а сродството или интимната врска немаат значење. Во други законодавства, како во САД, се потенцираат крвните или емотивните врски без оглед дали субјектите живет во заедничко домаќинство. Некои странски истражувања имаат силен фокус на насилството на интимните партнери, а почесто врз женските партнерки. Општеството постојано го смалува прагот на толеранција спрема семејното насилство што уште повеќе ја нтензивира превенцијата, препознавањето и борбата за негово сузбивање.

Најзначајната светска здравствена организација WHO[37] го дефинира насилството врз интимниот партнер како еден од облиците на насилство врз жените. Светската здравствена организација ја позиционира намерата како квалификативен елемент, од кој зависи дали примената на сила ќе се означи како насилство, или настанатите повреди ќе бидат резултат на ненамерно нанесување. Според неа, „насилството е намерно користење физичка сила и моќ против себе, друго лице, спрема група или заедница, така што, за последица може да има повреди, психички повреди, лишување, занемарување или смрт".

Професорот Игњатовиќ наведува три дефиниции за насилството: широка која опфаќа мноштво различни појави; тесна која подразбира намерно нанесување физички и психички повреди на друг и таа е за него најприфатлива и ја нарекува „лично насилство" како и дефиниции засновани на легитимитет во кои спаѓаат тие кои предвидуваат намерно нанесување повреди и кои не се инкриминирани како кривично дело. [38]

Под поимот семејно насилство, професорот М. Милосавлевиќ ги опишува „различните акти, постапки и однесувања на поединци, групи, општествени институции, организации или општества, кои вклучуваат примена на физичка, психичка, политичка или некоја друга сила, со кои се загрозува физичкиот, психичкиот или социјалниот интегритет на човекот". [39]

---

[37] World Health Organisation, " About WHO", достапно на: https://www.who.int/about/
[38] Ignjatović Đ., Kriminologija, JP " Službeni glasnik", Beograd, 2006, стр. 264-268.
[39] Milosavljević M., Nasilje nad decom, Fakultet političkih nauka, Beograd, 1998, стр. 33.

Правосудниот институт во Мичиген – САД[40] под поимот семејно насилство подразбира насилство во семејството случено повеќе пати од повремени иницидентни во кои се употребени навреди во лутина, или случаи во кои мажот и жената исфрустрирани еден од друг, разменуваат шамари или се туркаат. Понатаму според овој институт, семејно насилство претставува контролирање од еден врз друг човек, проследено со користење бројни тактики што можат да бидат кривични и некривични дела. При чинење на кривичните дела се користат удари, давење, напади со оружје, туркање, гребење, гризење, силување, грабнување, закани со насилство, демнење и уништување на имот. Во некривични дела се користат понижувачки коментари, испитување деца или други членови на семејството, закани со самоубиство, или обид за самоубиство, контролирање на паричните средства и следење на сите активности на интимниот партнер.

Според Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство, [41] „семејното насилство" ги означува сите акти на физичко, сексуално, психичко, односно економско насилство што се случува во рамките на семејството или домаќинството, односно помеѓу поранешни или сегашни сопружници или партнери, без оглед на тоа, дали сторителот го дели или го делел истото живеалиште со жртвата.

Преамбулата и членовите на Конвенцијата се интегрирани во европската правна рамка за заштита на човековите права, претставени, преку CEDAW Конвенцијата, [42] инструменти на меѓународното хуманитарно и кривично право. Во неа се предвидува дека насилството врз жените и семејното насилство повеќе не може да се гледаат како приватна работа, туку дека државите имаат обврска, преку сеопфатни и интегрирани политики, да го спречат насилство, да ги заштитат жртвите и да ги казнат сторителите. Со развојот на општеството се менуваат и дефинициите за семејното насилство.

---

[40] Michigan Judicial Institute, Domestic Violence: A Guide to Civil and Criminal Proceedings, Volume 4, 2013, достапно на: https://www.courts.michigan.gov/495cf4/siteassets/publications/benchbooks/dvbb/dvbb.pdf

[41] Council of Europe, Action against violence against women and domestic violence Istanbul Convention, достапно на: www.coe.int/conventionviolence

[42]The Committee on the Elimination of Discrimination against Women (CEDAW) is the body of independent experts that monitors implementation of the Convention on the Elimination of All Forms of Discrimination against Women. The CEDAW Committee consists of 23 experts on women's rights from around the world.

Истражувањето на Graham - Kevan & Archer [43] утврдило дека сторители на интимниот тероризам или предаторското насилство повеќе се мажите склони на ескалирачко насилство. Истото истражување потврдило дека во ситуационото партнерско насилство имало помалку насилнички случувања.

Семантичкиот проблем на дефинирањето на поимите семејство и семејно насилство е детерминиран од нивната апстрактност. Врз овие општествени појави влијаеле и бројните културолошки аспекти. Затоа, бројни теоретичари (како и Daniel Hill) мислат дека не треба да се дефинираат семејството и бракот. [44]

Според функционалистичкиот пристап на Murdock, [45] семејството има четири универзални функции: сексуална, економска, репродуктивна и образовна. Тие функции одговарале за прединдустрискиот период. Со индустријализацијата се менува и перцепцијата за структурата и функциите на семејството, па семејството добива функција на примарна социјализација и емотивна стабилност. Заради временскиот дискурс, поимот за семејството се менува и прилагодува. Тоа зависи и од просторот, односно државата, во која е детерминирано дефинирањето. Затоа дефинирањето зависи од општественото поимање и од нормативниот корпус. [46]

Низ историската рамка семејството претрпело многу развојни промени. Дефинициите покажуват промени во концептот поради различната општествена перцепција. Многу антрополози сметаат дека свеста за семејството се појавила во епохата на неандерталецот како претходник на модерниот homo sapiens. Семејството го третирале како најважниот изум во развојното општество заедно со егзистенцијалните изуми, појавата на огнот, средствата за работа и јазикот како средство за разбирање во

---

[43] Graham-Kevan N., Archer J., Does controlling behavior predict physical aggression and violence to partners? Journal of Family Violence, 2008, стр. 539–548.

[44] Human Rights of Women: Intersectionality and the CEDAW, International Review of Law11(2): „There are different competing notions of what a family is in modern society, and any choice by the state of one of the competing notions to be promoted would be highly controversial. I suggest that it is simply not within the state's role to choose the right notion of the family from all the ones available in today's marketplace of ideas, nor is it within its role to choose someone else to choose; it is simply not the function of the state — or, at any rate, a state styling itself a 'liberal democracy' — to be attempting to decide these deep value-laden questions", 2022, стр. 223-237.

[45] Reiss I. L., The Universality of the Family: A Conceptual Analysis, Journal of Marriage and Family Vol. 27, No.4, 1965, стр. 443-453.

[46]Murdock G., P., – Four essential functions of the nuclear family, достапно на: https://revisesociology.com/2014/02/09/functionalist-perspective-family/

заедницата. Во тоа прасемејство, со поделени улоги на секој партиципиент, постоела многу порамноправна положба на неговите членови за разлика од семејствата од стариот век до денес. Дури и археолошките истражувања од неолитскиот период потврдуваат постоење на заедници составени од родители и деца, налик на денешните. [47]

Минатото познавало двородителско и хетеросексуално семејство, но денешното поимање на семејството не може да прифати таква патријархална категорија на семејство заради појава на разни хомосексуални, еднородителски и вдомувачки семејства.

Различно е дефиниран поимот за семејство и во нашето позитивно законодавство. Во Чл.18 од Законот за семејството, [48] семејството е дефинирано како животна заедница на родители, деца и други роднини ако живеат во заедничко домаќинство. Домаќинството настанува со раѓање на деца и со посвојување (член 2)[49], а односите во семејството се засноваат врз рамноправност, заемно почитување, меѓусебно помагање, издржување и заштита на интересите на малолетните деца.

Во членот 33 - а се забранува секаков вид на насилство во бракот и семејството. [50] Глава VI - А од Законот за семејство е насловена како семејно насилство и во одредбата на член 94 - се забранува секаков вид насилство меѓу членовите на семејството без оглед на полот и возраста.

Членот 17 од Законот за семејство, [51] под семејно насилство подразбира малтретирање, навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психолошко или физичко насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв од брачниот другар, родителите, или децата, или други лица кои живеат во брачна или вонбрачна заедница, или во заедничко домаќинство, од поранешен брачен другар или лица кои имаат заедничко дете. Тие се наоѓаат во блиски лични односи, вклучувајќи ги односите кои настануваат со посвојување и старателство, браќа и сестри, полубраќа и полусестри, постарите членови во семејството или заедничкото домаќинство,

---

[47] National Council on Family Relations, The Origin of the Family Kathleen Gough Journal of Marriage and Family Vol. 33, No. 4, Special Double Issue: Violence and the Family and Sexism in Family Studies, Part 2, 1971, стр. 760-771.

[48] Закон за семејството, пречистен текст Сл.весник на РМ, бр. 153 од 20.10.2014, 80/1992, 9/1996, 19/2000 79/2001, 38/2004, 60/2005, 33/2006, 84/2008, 117/2009, 67/2010, 156/2010, 39/2012, 44/2012, 38/2014, 115/2014, 104/2015, 150/2015, 122/2018, 51/2021, 53/2021, 199/2023.

[49] Член 2, Ibid.

[50] Член 33-а, Ibid.

[51] Член 94-б, Ibid.

лица – членови на семејството или заедничкото домаќинство чија деловна способност е делумно или целосно одземена.

Во Чл.18 од Законот за семејството, семејството е дефинирано како животна заедница на родители и деца и други роднини ако живеат во заедничко домаќинство. Тоа настанува со раѓање на деца и со посвојување (член 2), а односите во семејството се засноваат врз рамноправност, заемно почитување, меѓусебно помагање, издржување и заштита на интересите на малолетните деца.

Според праксата на ЕСЧП [52] од предметот Валиантос и други против Грција дефиницијата за семејството постојано еволуира со оглед на развојот и промените на перцепцијата за заедницата како нестандардна. Со заедничкиот став дека хомосексуалниот пар од двајца возрасни мажи кои живеат одвоено треба да има корист од помошта што им се доделува на семејствата, прифатено е поширокото поимање на семејството. [53] Според наше мислење правилно постапи Грција која во постапката пред судот призна дека со оневозможувањето на истополовите парови да можат користат бенефиции исто како и паровите во брак се врши дискриминација на неформалните истополови заедници. Нашата држава не ги регулира истополовите заедници или други форми на регистрирано партнерство. Со тоа го krши правото на приватен и семеен живот за сите. Заради обврската за обезбедување еднакви услови за сите и почитувањето на одлуките на ЕСЧП нужно е потребно нашата држава да го сообрази законодавството и да обезбеди право на приватен и семеен живот на истополовите партнери.

Законот за спречување и заштита од семејно насилство врз жените и семејното насилство[54] воспостави систем за спречување, заштита и борба против семејното

[52] Grand Chamber case of Vallianatos and others v. Greece, (Applications nos. 29381/09 and 32684/09), достапно на: https://hudoc.echr.coe.int/app/conversion/pdf/?library=ECHR&id=001-128294&filename=001-128294.pdf&TID=uynnlohkyr

[53] European Union law 31. Articles 7, 9 and 21 of the Charter of Fundamental Rights of the European Union, which was signed on 7 December 2000 and entered into force on 1 December 2009, read as follows: Article 7 " Everyone has the right to respect for his or her private and family life, home and communications." Article 9 " The right to marry and to found a family shall be guaranteed in accordance with the national laws governing the exercise of these rights." Article 21 " 1. Any discrimination based on any ground such as sex, race, colour, ethnic or social origin, genetic features, language, religion or belief, political or any other opinion, membership of a national minority, property, birth, disability, age or sexual orientation shall be prohibited. 2. Within the scope of application of the Treaty establishing the European Community and of the Treaty on European Union, and without prejudice to the special provisions of those Treaties, any discrimination on grounds of nationality shall be prohibited."

[54] Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство (Сл. Весник на РСМ 24/2021 од 29.01.2021 г.)

насилство и воведе превентивни мерки за заштита и репресивни мерки за казнување. Предвидена е ефикасна заштита од сите облици на родово - базирано насилство врз жените и семејно насилство со почитување на основните човекови слободи и права, загарантирани со Уставот на Република Северна Македонија и меѓународните договори.

Во одредбата на членот 3 од Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, [55] беше дефинирано дека под семејно насилство се подразбира малтретирање, навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психолошко, физичко или економско насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв, вклучувајќи и закани за такви дејствија спрема брачен другар, родителите или децата или други лица кои живеат во брачна, вонбрачна заедница, или заедничко домаќинство, како и спрема сегашен или поранешен брачен другар, вонбрачен партнер, лица кои имаат заедничко дете, лица кои се наоѓаат во блиски лични односи, без оглед дали сторителот го дели, или го делел истото живеалиште со жртвата.

Во Поимникот (Чл.3) од новиот Закон за спречување и заштита од семејно насилство врз жените и семејно насилство, се задржува идентичната дефиниција на семејното насилство како малтретирање, навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психолошко, физичко или економско насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв, вклучувајќи и закани за такви дејствија спрема брачен другар, родителите и децата, или други лица кои живеат во брачна или вонбрачна заедница, или во заедничко домаќинство, како и спрема сегашен или поранешен брачен другар, вонбрачен партнер, или лица кои имаат заедничко дете, независно дали се наоѓаат во блиски односи или не.

Дефиницијата за поимот семејно насилство што ќе ја користи ова научно истражување, произлегува од нормативната рамка на измените на Кривичниот законик и од Законот за спречување и заштита од семејно насилство врз жените и семејното насилство, како најусогласени со одредбите на Истанбулската конвенција.

[55] Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, (Сл. Весник на Република Македонија, број 138/14, 33/15 и 150/15).

„Насилството врз жените" новиот закон го дефинира како кршење на човековите права, дискриминација врз жените и ги означува сите дејствија на родово - базирано насилство што доведуваат или веројатно ќе доведат до физичка, сексуална, психичка, економска повреда, или страдање на жените, вклучувајќи и директни и индиректни закани и заплашување со такви дејствија, изнуда, произволно ограничување и/или лишување од слобода, без оглед дали се случуваат во јавниот или приватниот живот. Тоа не се содржи во претходниот Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, и претставува позитивна промена. [56]

## 2. Видови семејно насилство

### *2. 1. Физичко насилство*

Физичкото насилство може да се врши на различни начини и со различни средства, а секогаш последицата е телесна повреда. Целта да се воспостави доминација, контрола и повредување на друго лице. При физичкото насилство се користат делови од телото и разни оружја за нанесување повреди. Често завршува со фатален исход. Тоа е највидливиот, за жал, и многу чест облик на семејно насилство. Насилниците најмногу користат удари, шлаканици, боксови, давење, горење, клоцање, штипење, влечење за коса, бодење и осакатување. Жртвите трпат физички и психички болки, изолација од средината, немоќ, некогаш и губење на животот.

Физичкото семејно насилство најчесто е родово базирано и насочено кон жените. Често жртви на физичко семејно насилство се повозрасните членови на семејството. Физичкото насилство кон повозрасните лица се изразува со туркање, груби контакти, оттурнување, фрлање, гаѓање со предмети, обиди за убиство и убиство. Проследено е и со присилување да се даде овластување за располагање со сметките, со крајна цел одземање на имотот, недавање помош и изгладнување до смрт. [57]

Физичкото семејно насилство врз децата се врши од лицата задолжени да се грижат за нив: родителите, бабите и дедовците, старателите, воспитувачите и други лица.

[56] Хелсиншки Комитет за човекови права, Новиот Закон против насилство врз жените и семејното насилство е позитивен чекор, институциите да се подготват за негова доследна примена, 2020, достапно на: https://mhc.org.mk/news/noviot-zakon-protiv-nasilstvo-vrz-zhenite-i-semejnoto-nasilstvo-e-pozitiven-chekor-instituciite-da-se-podgotvat-za-negova-dosledna-primena

[57] Zloković J., Nasilje djece nad roditeljima-obiteljska tajna? Univerzitet u Rijeka, 2009, стр. 50-79.

Сериозните повреди кај децата можат да доведат до смрт. Препознавањето на повредите кај децата подразбира умешност, знаење и искуство, зашто често локацијата на повредите е неспецифична, а децата секогаш не можат и не знаат да се изразат за начините и средствата со кои настануваат повредите.

Заеднички именител на сите жртви е фактот дека се физички инфериорни во однос на насилникот. Тој ја злоупотребува својата физичка доминација, нанесувајќи им на жртвата видливи и невидливи повреди и трајни последици на нејзиното физичко и душевно здравје. Физичкото насилство е посебно тежок облик кој предизвикува тешки акутни последици во вид на физички повреди[58], а и хронични во вид на психосоматски болести и трауматски искуства.

Професорот Арнаудовски[59] смета дека насилство во семејството претставува континуирана примена на физичка и психичка сила спрема членовите на семејството со загрозување и повредување на чувството на сигурност во односите на доверба, манифестирање контрола и надмоќ, без оглед дали таквото поведение во кривичното законодавство е предвидено како казниво дело и дали сторителот на делото е пријавен на органите на прогонот. [60]

Кривичниот законик [61] го инкриминира физичкото семејно насилство во одредбата на Чл.123 ст. 2 т. 2 КЗМ како: Убиство во одредбата на Чл.125 КЗМ, Убиство на миг во Чл.130 ст. 2 КЗМ, Телесна повреда во Чл.131 ст. 2 КЗМ, Тешка телесна повреда и во Чл.133 од КЗМ, Загрозување со опасно орудие при тепачка или караница.

При пружање нужна медицинска помош, медицинскиот персонал најпрво ги забележува делата на физичко семејно насилство и задолжително ги пријавува во

---

[58]Guth A. A., Pachter L., Domestic violence and the trauma surgeon, 2000, достапно на: https://www.americanjournalofsurgery.com/article/S0002-9610(00)00245-2/fulltext

[59] Арнаудовски Љ., „Криминологија”, 2 Август С Штип, Скопје, 2007, стр. 467.

[60] Погребната церемонија во Падова беше директно пренесувана на државната телевизија. Нејзиниот татко Џино ги повика Италијанците погребот на Џулија да биде појдовна точка за запирање на убиствата и на сите видови насилства врз жените. Простувањето заврши со масовно ѕвонење со клучеви, како симболичен повик да не се премолчуваат насилствата, достапно на: https://www.slobodenpecat.mk/so-dzvon-od-kluchevi-italija-se-prosti-od-dzhulija-i-krena-vreva-protiv-nasilstvo

[61] Кривичен законик на Република Македонија (Сл. Весник на РМ бр. 37/1996, 80/1999, 48/2001, 4/2002, 16/2002, 43/2003, 19/2004, 40/2004, 81/2005, 50/2006, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/2011, 51/2011, 135/2011, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013, 82/2013, 14/2014, 27/2014, 28/2014, 41/2014, 41/2014, 115/2014, 132/2014, 160/2014, 199/2014, 196/2015, 226/2015, 97/2017, 170/2017, 248/2018, 36/2023, 188/2023).

најблиската полициска станица поради натамошно истражување и процесуирање. Оттука, насилникот настојува жртвата да не добие медицинска помош, а ако е неопходно ја принудува да не го открие неговиот идентитет. Во спротивно, поради немање ефикасна и трајна заштита, жртвите при враќањето во домот на насилникот се изложени на уште побрутално физичко насилство. [62]

Физичкото насилство најчесто влијае врз репродуктивното здравје на жртвите. Сметам дека физичкото насилство кое предизвикува механички и физички повреди најчесто се јавува кај жртвите кои искусиле сексуално насилство. Со оглед дека во судската пракса најчесто се изведуваат материјални докази како увиди на лице место, медицинска документација за видот и квалификацијата на повредите и медицински вештачења, а постапките помалку се потпираат на искази на сведоци и странки, жртвите најчесто се хендикепирани зашто немаат пристап до медицински установи. Оттука се чини дека најновите законски решенија содржани во Законот за спречување и заштита од семејно насилство врз жените и семејното насилство особено во делот за изрекување итни и привремени мерки овозможуваат судските одлуки да не се базираат исклучиво на пишувани медицински извештаи, туку повеќе е ставен акцент на индивидуалната процена на ризикот на службениците и судиите кои работат на оваа проблематика.

*2. 2. Психичко насилство*

Психичкото насилство значи сериозна закана дека ќе се атакува врз животот и телото на жртвата или врз нејзините блиски лица. Тоа е проследено со постојано застрашување, критикување, омаловажување и потценување на жртвата. Жртвата е цел на секојдневно обвинување и напаѓање што доведува до нејзина несигурност и воспоставување на зависнички однос кон насилникот. Таа секојдневно е контролирана и малтретирана, нејзините контакти со блиски луѓе, роднини и пријатели се сведени на минимум и е доведена до социјална изолација. Забрането ѝ е да комуницира на социјалните мрежи, да се гледа со пријатели, па дури и со своите родители. На крајот и се забранува да оди на работа со што е доведена и во материјална зависност од насилникот. Таа е мета на вербално злоставување и вознемирување. Многу често облиците на

---

[62]Gelles, R. J., “ Family Violence”, The Handbook Of Crime and Punishment, Oxford University Press, 1998, стр.181.

психичко насилство се поврзани со физичко семејно насилство. Жртви на психичките насилници најчесто се жените, постарите лица и децата како ранливи категории.

Психолошкото насилство се дефинира како негативен однос во кого на вербален или друг начин насилникот ѝ нанесува психичка болка на жртвата. Психичкото насилство врз жената често останува незабележано од околината зашто таа себе си се обвинува и наместо да го пријави, го сокрива насилникот, наоѓајќи оправдувања за него. [63]

Странската литература го користи терминот verbal abuse, mental violence или psychological battering[64], а кај нас се користи и терминот емоционално насилство. Како посебен облик на емоционално насилство се појавуваат: викање, префрлување, љубомора, пасивна агресија изразена преку игнорирање, неверства и слично. Емоционалниот насилник е изразено љубоморен, тој секојдневно ја контролира жртвата, ги проверува повиците и пораките на нејзиниот мобилен телефон, не ѝ дозволува да комуницира преку социјалните мрежи. Овие начини се користат во дисфункционалните партнерски односи и воопшто во дисфункционалните семејства и меѓу другите членови. Тој ги користи и децата за да ја контролира сопругата, често ги испраќа да ја следат, а понекогаш за да биде подоминантен, физички ги злоставува децата и со тоа ја казнува нивната мајка. [65] Понекогаш овој облик на насилство нема граници и ја принудува жртвата да не спие, да не јаде, и го одредува начинот на облекување. Сето ова со цел да ја принуди жената да го прифати и учествува во неговото „средновековно" убедување за родовите улоги.

Посебен облик на психичко насилство е насилството кое се остварува под дејство на алкохол и други наркотични супстанци или други видови однесувања кои се последица на зависности, како на пример коцкање. Одговорот на една испитаничка го илустрира овој облик на насилство: „Мојот син сака да се напие, па понекогаш претерува, а и се коцка. Кога е пијан бара пари, а јас немам да му дадам, па ми зборува дека сум глупача, бескорисна, паразит... ". [66]

[63] Ajdukovic, Pavleković G. (Ur.), Određenje i oblici nasilja u obitelji, Nasilje nad ženom u obitelji, Zagreb: Društvo za psihološku pomoć, Ljetopis socijalnog rada, Vol. 7 No. 1, 2000, стр. 117-120.
[64] Hart B. J., Sussman, E. A., Civil Tort Suits and Economic Justice for Battered Women. Victim Advocate, 2004, стр. 3-4.
[65] Nikolić-Ristanović V., Petrović M. N., Nasilje u porodici., Rasprostranjenost nasilja u Vojvodini, Pokrajinski sekretarijat za rad, zapošljavanje i ravnopravnost polova, Novi Sad, 2010, стр. 127
[66] Ibid стр. 31.

Постарите лица заради физичката, емоционалната и лошата здравствена состојба често се манипулирани и контролирани од психичкиот насилник. Тоа кај нив предизвикува страв и повлеченост заради постојаното исмевање, обвинување и викање. На немоќните постари лица им се забранува дружење, излегување, па дури и лекување. Нивниот живот протекува во целосна социјална изолација и осаменост.

Кај децата психичкото насилство се карактеризира со нивно отфрлање, искористување и манипулирање. Често се принудени да работат тешки физички работи, да питачат, изложени се на секојдневно подбивање. Насилникот ги тероризира децата, ги исклучува од семејните средби, им забранува да се пожалат за таквата ситуација и практично ги изолира од социјалниот живот. Им вика, ги омаловажува и предизвикува да се чувствуваат инфериорно и потчинето. Сетоа тоа насилникот го прави за да постигне некоја своја замислена цел. Современите општествени научни истражувања потврдуваат дека кај децата изложени на семејно насилство се нарушува менталното и физичкото здравје, а истовремено тоа го зголемува ризикот во иднина да бидат насилници или жртви. Растењето во околина во која владее насилство ги загрозува способностите на детето и тоа претставува потенцијална можност во иднина да западнат во неволји. [67]

Во раното детство мозокот е исклучително пластичен и тогаш се формираат невронските и синаптичките врски. Детскиот мозок се развива како резултат на телесните, перцептивните и афективните искуства, чувствителен е на стрес. Ако детето расте и се развива во хармонична средина, поткрепено со подршка и внимание, ќе израсте во сталожен и сериозен човек. Но, ако детето се воспитува во опкружување со тензии и насилство, се јавува состојба на „интегриран стрес" кој создава токсична средина. Нивото на адреналин и кортизол е постојано покачено и тоа создава состојба на постојана вознемиреност кај децата. [68] Хроничното семејно насилство може да создаде физички промени на мозокот кај децата, намалување на мозочните функции и оштетувања на ендокриниот систем.

---

[67] Hecht-Schafran, L., " Domestic Violence, Developing Brains, and the Lifespan: New Knowledge from Neuroscience, " The Judges Journal, 5, n. 3, 2014, стр. 33-37.

[68] National Child Traumatic Stress Network, Justice System Consortium, Helping Traumatized Children: tips for Judges. Los Angeles, CA & Durham, NC: National Center for Child Traumatic Stress, 2009, стр. 1-3.

Медицинските научни истражувања потврдуваат дека промените на мозокот на децата изложени на „токсичен стрес" трајно ги оштетуваат нивните неврони и можат да бидат слични со промените на мозокот по претпен потрес на мозокот. Затоа општеството треба да преземе максимални мерки за заштита на децата изложени на семејно насилство и одделување од таквата средина.

Добиените резултати од истражувањето на овој труд го потенцираат впечатокот дека семејното насилство не е секогаш експлицитно изразено. Во секој случај сметам дека бројни однесувања присутни во некои семејства како дисциплина, задолжително почитување на куќен ред за заеднички оброци, контрола на излегување и дружење со пријатели и роднини, присилно штедење, избор на професија и вработување, избор на музика и одреден вид храна предизвикуваат психичко патење кај членовите на семејството на кои им се наметнува такво однесување. Најчесто овие облици на психичко насилство се придружени со бројни закани, уцени и изнуди, а често и со физичко насилство.

Кривичниот законик во главата, Кривични дела против слободите и правата на човекот ги инкриминира: Присилбата во Чл.139 ст. 2, Противправното лишување од слобода, Чл.140 ст. 2 и Загрозување на сигурноста во Чл.144 ст. 3 кои практично ја претставуваат инкриминацијата против психичкото насилство.

*2. 3. Економско насилство*

Често физичкото и психичкото семејно насилство се проследени со уште еден облик на насилство, а тоа е економското насилство. Тоа има цел да воспостави контрола врз жртвата и на економски план. Насилникот ги одзема приходите на жртвата, располага со нејзините фондови, имот и заштеди. Сите вредни предмети што ги поседува жртвата кои ги стекнала со труд или наследување се ставени на целосно управување од насилникот. Така жртвата е принудена да бара парични средства за своите лични и хигиенски потреби со што е доведена до потчинета положба. Некогаш таа е едуцирана и образована, остварува поголеми приходи, а е принудена целосно да ги отстапи на насилникот. Таа не смее да троши средства и на најмали ситници без да побара одобрение од насилникот, па секојдневно детално го информира и му презентира фискални сметки за своите трошоци. Понекогаш насилникот заради својата огромна потреба од контрола врз жртвата ја

доведува до степен да ја напушти работата. Тоа за жртвата значи целосна изолација од надворешното опкружување и економска зависност од насилникот.

Економското насилство врз жената, неа ја доведува до состојба да не може да располага со своите или заедничките средства. Често е принудена да се потчинува на волјата на насилникот и да дозволи имотот да биде запишан на негово име. Тоа ја доведува, во случај на развод, како логична последица на кумулираното насилство, до состојба да не може да отпочне самостоен живот. Насилникот ги користи сите стекнати имотни добра, самостојно без нејзин увид и знаење го оттуѓува, заложува или на друг начин обезвреднува нејзиниот личен, а и заедничкиот имот. Располага со заштедите, ги крие сите средства, со цел да не плаќа издршка за децата или сопругата.

Забележливо е дека заедно со брзиот технолошки и економски раст, посебно во еманципираните средини, расте бројот на семејно насилство сторено од жени врз мажи. Карактеристика на овој облик на насилство не е физичката доминација, туку е изразено како психичко и економско насилство. Постојаниот продор на информации преку сите медиуми и социјални мрежи предизвикуваат споредување со инфлуесерскиот начин на живеење. Иманентно станува поседувањето добра облека, добра храна, посетување на егзотични дестинации, а не меѓусебното разбирање и поддршка. Ако партнерот не е во можност да ги исполнува нагласените материјални потреби може да е изложен на исмејување од партнерката и на споредување со лица на повисоко општетствено скалило. Целта на ваквото семејно насилство е да го поттикне партнерот да оствари материјални добра кои му се недостижни. Така тој е обвинуван, нарекуван дека е неспособен, а таквото постојано омаловажување не е затворено само во домот, туку се прави со намера да го обезвредни пред блиските луѓе, но и пред непознати за да ја дискредитира неговата личност. Не често жртвата започнува да позајмува, а некогаш и да затајува и да краде средства за да ги задоволи силните материјални апетити на својата партнерка. Тоа резултира и со кредитно и хипотекарно задолжување и финансиски колапс на заедницата која права ја напушта партнерката со користење изговори за неспособност на партнерот. [69]

Материјалното искористување на постарите членови на семејството не е ретка појава. Тие од насилникот се доведуваат во заблуда дека задолжително треба да бидат

[69] Груевска-Дракулевски А., “ Семејното насилство во Република Македонија”, Скопје, 2013 год., стр. 22-25.

полномошници на трансакционите сметки и штедните влогови. На тој начин во свои раце ја добиваат контролата врз паричните средства и имотот на постарите лица кои ги доведуваат до состојба на зависност и изнемоштеност. Економското насилство може да оди дотаму, постарите да бидат лишувани од лекарска помош, контакт со соседи и роднини, за на крајот да бидат изложени или принудени да им го подарат или отстапат својот имот на насилниците.

Економското насилство може да има реперкусии и врз децата и врз лицата ставени под старателство. Често нивните старатели и покрај контролата од Центрите за социјална работа успеваат максимално да ги испразнат нивните сметки и да ги потрошат нивните средства за свои лични потреби. Ваквите злоупотреби доведуваат до целосно занемарување на детските потреби. Децата се лишени од грижа и препуштени сами на себе. Често се препознаваат по повлеченоста, неконтактибилноста и модринките. Тоа може да резултира и со пореметување во нормалниот психофизички развој на децата. Занемарувањето на децата со посебни потреби има загрижувачки размери зашто се висико ризична група изложена на насилство.

*2. 4. Сексуално насилство*

Сексуалното насилство е форма на семејно насилство што вклучува несакан сексуален контакт, силување, сексуален напад и сексуална принуда. Во интимните партнерски врски тоа го прави сегашниот или поранешниот партнер. За него се молчи и не се пријавува заради вкоренетите патријархални норми. Тоа почесто се случува во семејните врски. Жртвите се изложени на разни злоставувања од психичка или физичка природа. На нив се надоврзува и сексуалното насилство, а единствен сведок се самите тие. Овој облик на насилство е проследено со физичко и психичко насилство. Често се извршуваат истовремено трите насилства што е посебно понижувачко за жртвите.

Поимот сексуално насилство подразбира секаков вид на повреда на половата слобода и морал, секој облик на деградирање и понижување на сексуална основа, присилување на сексуален однос и силување. Дукас, Коцева и Качанска сексуалното

насилство го определуваат како секој контакт од сексуална природа на релација сторител на сексуално насилство и жртва. [70]

Според Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство „Сексуално насилство и силување" е секое дејствие од сексуална природа со кој било телесен дел или предмет на телото на друго лице без негова/нејзина согласност. Сексуално насилство постои и кога се наведува или присилува друго лице да се вклучи во дејствија од сексуална природа со трето лице без негова согласност. Согласноста мора да е изразена доброволно како резултат на слободната волја на лицето, проценета во контекст на околностите. „Сексуално вознемирување" е секое вербално, невербално или физичко однесување од сексуална природа што има цел или последица повреда на достоинството на лицето, особено кога се создава заканувачка, непријателска, деградирачка, понижувачка или навредлива средина. „Сексуално вознемирување преку интернет" е секое вербално, невербално или друго постапување од сексуална природа што има цел или последица повреда на достоинството, создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка, или застрашувачка средина, пристап, или практика преку електронските средства за комуникација.

Под поимот „сексуален контакт", се подведуваат разни дејствија на извршување на овој вид на сексуално семејно насилство како што се: допирање на жртвата од страна на сексуалниот насилник, несакани сексуални дејствија врз жртвата, активности за подведување на жртвите на проституција, полови односи што се изведуваат пред поширока јавност или полови односи кои се изведуваат пред дете. Сексуалните вознемирувања може да се извршени на физички или вербален начин и претставуваат несакани активности и однесувања кои се преземаат од страна на некое лице, имаат полов карактер и полова природа. Може да се предизвика и виктимизација.

Примената на сила заради задоволување на сопствените сексуални нагони и потреби е сексуално семејно насилство, честопати со примена на вербални, гестикулативни или други видови тактилни допири со сексуална содржина. Тоа се разни пораки, емотикони, пренесување фотографии и други видови сексуални симболи преку социјалните мрежи и телефонските контакти. Мета на сексуално вознемирување може да се лица од ист или

[70] Види повеќе Водич за СОС консултација на жртви на семејно насилство, Кризен центар – Надеж, Скопје, 2011 год., стр. 5.

различен пол, од различни културни и социјални средини, а посебно немоќни и ранливи категории, лица со посебни потреби.

Сексуалното насилство често ги опфаќа и недозволените инцестни врски во едно дисфункционално и болно семејство. Пријавувањето се доживува како голема траума. [71] Според ова истражување 59, 6% од испитаниците биле принудени да стапат во сексуални односи против својата волја, кај 12, 8% тој однос не им одговорал, силување имало кај 10, 6%, 61, 7% од испитаниците доживеале сексуално насилство повеќе од 10 пати, 14, 9% доживеале еднаш и 10, 6% два до три пати. [72]

Иако силувањето во бракот е криминализирано, сè уште се верува дека е дозволено. Институциите затајуваат и не применуваат навремени и ефикасни мерки за заштита на жртвите. Етиолошки, тоа ги погодува жените од различни средини, возрасти, образование и култура. Но, најизразено е кога жртвата покажува волја да ја напушти насилничката врска, а со тоа да го прекине ланецот на претходно воспоставена контрола од насилникот.

Проблемот на семејното насилство не е само приватен, туку и проблем на општеството и широката заедница. Државите членки на Советот на Европа пресметале дека трошоците кои настануваат заради последиците од родово базираното насилство се најголеми кај здравствената и социјалната заштита, економијата, судството, полицијата и домувањето. Според некои студии, годишните трошоци за семејно насилство во земјите - членки на Советот на Европа изнесува најмалку 33 милијарди евра. Една петтина до една четвртина од сите жени во земјите што биле дел од анализата, биле жртви на физичко насилство најмалку еднаш во нивниот живот, повеќе од една десеттина биле жртви на сексуално насилство со присилба. Извршителите најчесто биле мажи од нивното најблиско опкружување, партнерите или поранешните партнери. Значителен број жени се жртви на семејна злоупотреба, повторена физичка, емоционална и сексуална злоупотреба која предизвикува страв, вознемиреност и често нарушување на здравјето. [73]

Причините за темната бројка на непријавени случаи на сексуално насилство се:

---

[71] Mamula, M. Seksualno nasilje u Hrvatskoj 2000–2010, Sexual violence in Croatia 2000–2010, Zagreb: Ženska soba, 2011, достапно на: https://www.unicef.org/croatia/media/6456/file

[72] Ibid.

[73] Хагеман-Вајт К., CDEG (2006)-Сеопфатна студија за борба против насилството над жените за мерките и активностите што се преземаат од земјите-членки на Советот на Европа, Универзитет во Оснабрук, Германија, Генерален директорат за човекови права, Стразбур, 2006 година, стр. 9-10.

1. различната динамика на сексуални насилства во склоп на семејното насилство;
2. непријавување или задоцнето пријавување на сексуално недозволени акти;
3. недавање отпор на жртвите;
4. бришење на сеќавањата;
5. незабележливи физички повреди, дури и во пределот на генеталиите;
6. не се користи оружје при насилнички сексуален чин;
7. не се посветува внимание при испитување на жртвите од полициските и обвинителските органи, како и од судовите, освен при брутални случаи на насилство. [74]

За жал, смртноста во голем број случаи е честа, па затоа органите на прогонот и судовите имаат задача навремено да го препознаат, спречат и санкционираат овој облик на сексуално девијантно однесување. Со добри обуки и подготвени секторски тимови ќе може ефикасно да се процесуираат случаите на семејно насилство.

За да се спроведе ефикасна заштита од сексуално семејно насилство, потребно е целосно документирање на деликтот, посебно обезбедување на медицинска документација за повредите, користење на психолог при испитувањето, опишување на повеќе детали и информации за случајот за да се спречи ревиктимизација на жртвата. Исто така потребен е целосен опис за изгледот, емотивната и физичката состојба на жртвата и прибележување на факти за посочени сведоци и околности за чинот на насилство. Сметам дека жртвите на сексуалните деликти најмалку зборуваат за насилството кое е извршено врз нив. Тие се немоќни, потчинети, засрамени и затоа овој облик на семејно насилство останува најчесто непроцесуиран, а со тоа и неказнет. Нашето истражување потврдува дека нарекувањето со погрдни имиња, навреди врз основа на национална и верска основа, употреба на зборови како „ороспија” или „умноболна” може да се дефинираат како облици на вербално сексуално насилство. Сите имаат цел да предизвикаат чувство на помала вредност кај жртвата.

За да се спроведе ефикасна заштита од сексуално семејно насилство, потребно е целосно документирање на деликтот, посебно обезбедување на медицинска документација

[74] National Center on Domestic and Sexual Violence, Voir Dire and Prosecution Tips for Sexual Assault Cases, Austin, Texas, достапно на: http://www.ncdsv.org/images/SexualAssaultVOIRDIREANDPROSECUTIONTIPS.pdf

за повредите, користење на психолог при испитувањето, опишување на повеќе детали и информации за случајот за да се спречи ревиктимизација на жртвата. Исто така, потребен е целосен опис за изгледот, емотивната и физичката состојба на жртвата и прибележување на факти за посочени сведоци и околности за чинот на насилство.

Облиците на сексуално семејно насилство се инкриминирани со кривичните дела: Полов напад и Силување (Чл.186 КЗМ), Полова злоупотреба на немоќно лице (Чл.187 ст. 4 КЗМ), Силување на дете кое не наполнило 15 години (Чл.188 ст. 1 КЗМ) и Посредување во вршење проституција (Чл.191 ст. 3 КЗМ).

*2. 5. Демнење и полово вознемирување*

Кривичното законодавство во нашата држава како и во други, кои пристапија кон ратификација на Истанбулската конвенција и се обврзаа со неа да го сообразат законодавството кое претпе повеќе измени. Од нив најзначајни се измените во Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик, Сл. весник на РСМ бр. 36 од 17. 02. 2023 година со кои се воведе кривичното дело „Демнење" во одредбата на Чл.144 - а и „Полово вознемирување" во Чл.190 - а.

За демнење е предвидена парична казна или казна затвор до три години, со која ќе се казни тој што повторено, неовластено ќе следи, прогонува или на друг начин ќе се меша во личниот живот на друг, или со него воспоставува или настојува да воспостави несакан контакт со движење во просторот каде што се наоѓа тоа лице, со злоупотреба на користење на лични податоци, со користење средства за јавно информирање или други средства за комуникација, на друг начин психички го злоставува, вознемирува или заплашува и со тоа ќе предизвика чувство на несигурност, вознемиреност или страв за неговата сигурност, за сигурноста на нему блиско лице. Доколку делото е сторено спрема лице со кое сторителот е или бил во интимна врска, или е сторено спрема дете, предвидената казна е од шест месеци до пет години. Законските измени предвидуваат казна затвор до една година за кривичното дело полово вознемирување, без разлика дали е само вербално или со физичка присила. Дејствието на извршување е: следење, прогонување, мешање во личниот живот, настојување да се воспостави несакан контакт, злоупотреба на лични податоци преку најразлични медиуми, злоставување, вознемирување и застрашување. Таквите закани треба да се сериозни и објективно

подобни да предизвикаат ефект на несигурност, вознемиреност и страв, за својата, или за сигурноста на блиско лице. Демнењето се состои во употреба на сериозна закана кон лицето – жртва, опасност дека ќе се нападне врз неговиот живот или тело, или животот и телото на нему блиско лице. Ова кривично дело како „деликт - пречка” може да значи вовед кон други „сексуални деликти” или дела кои го повредуваат душевниот и телесниот интегритет. „Дел од нив се дела на насилство, но некои се специфични по тоа што степенот на неправо, тешко може да се определи заради нивната предикативност. Поточно, овие дејствија често навестуваат или претставуваат вовед во можни следни дејствија што претставуваат сериозни кривични дела и претставува значителна тешкотија во процесот на креирање инкриминација со соодветна санкција”. [75]

Подобноста на заканата да предизвикува такво чувство треба да се оценува според објективен критериум, со уважување на сите конкретни околности на случајот. [76] Намерата сторителот навистина да ја оствари заканата е неважна. Имено, делото постои и кога сторителот немал намера да ја оствари својата закана во моментот кога го врши ваквото дејствие, како и тогаш кога средството со кое се заканува е неподобно. [77]

Умислата или сакањето на последиците го карактеризираат ова кривично дело. Квалификуваните облици на делото се однесуваат на условот: ако е сторено спрема лице со кое сторителот е или бил во интимна врска или е направено спрема дете. Тоа го претставува актуелниот или поранешниот интимен партнер на пасивниот субјект како сторител, без оглед дали се работело за брачна или вонбрачна заедница и без оглед дали имало семејна или друг облик на врска. Акцентот е ставен само на „интимноста” на која било врска без префикс на „семејна” и може да ја доведе до корелација со последиците од кривичното дело.

Постојат неколку облици на сторување на кривичното дело „Демнење”

- со злоупотреба на користење на лични податоци;

[75] Тупанчески Н., Деаноска А., За потребата од инкриминирање на демнењето како облик на кривичното дело загрозување на сигурноста, Институт за правно-економски истражувања и едукација Јуридика прима стр.103.
[76] Камбовски В., Тупанчески Н., Казнено право – посебен дел, Скопје, 2011, стр. 108-110.
[77] Ibid стр. 107.

- со користење средства за јавно информирање или други средства за комуникација;
- на друг начин.

Во современото живеење заради глобалната достапност на разни информатички платформи и социјални мрежи, можни се најразлични злоупотреби на лични податоци кои се насочени кон психичко злоставување, вознемирување или застрашување.

Според Чл.34 од Истанбулската конвенција[78] демнењето е дефинирано како намерно однесување на повторено заканување насочено кон друго лице што предизвикува лицето да се плаши за својата безбедност.

Професорите Тупанчески и Деаноска сметаат дека повредите на приватноста, следењето, прислушкувањето, снимањето, сликањето и д-р се дејствија кои како што е наведено во определни анализи и студии, се проследени и со други дејствија кои предизвикуваат страв и несигурност кај луѓето и резултираат до висок степен на повреда на сигурноста. [79]

Демнењето претставува облик на семејно насилство, најблизок до психичкото насилство. Проследено е со посебни карактеристики на демнење заради кои претставува посебна инкриминација. [80]

Со Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик Сл. весник на РСМ бр. 36 од 17. 02. 2023 година е воведено уште едно ново кривично дело, полово вознемирување во Чл.190 - а. Законодавецот предвидува дека тој што со вербално, невербално или физичко дејство, како и преку користење електронски средства за комуникација кои имаат директно или индиректно реално или симболично значење на наведување, непристојна понуда, намамување, изразување сексуална „допадливост” или друго дејство кое јасно потсетува на сексуален однос или други со него изедначени

[78] Конвенција на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство, Истанбул, 11.05.2011, достапно на: https://rm.coe.int/168046253a

[79] Тупанчески Н., Деаноска А., За потребата од инкриминирање на демнењето како облик на кривично дело загрозување на сигурноста, Институт за правно-економски истражувања и едукација Јуридика прима, стр.105.

[80] Nikolić-Ristanović V., Kovačević Lepojević M., Proganjanje: pojam, karakteristike i društveni odgovori, Zrtve uznemiravanja, 2007, стр. 3-12, достапно на: https://www.researchgate.net/publication/215860913_Stalking_Notion_characteristics_and_social_responses/fulltext/0f3197bc3829de2216440492/Stalking-Notion-characteristics-and-social-responses.pdf

сексуални дејства, и со тоа ќе го повреди неговото достоинство, предизвикувајќи чувство на непријатност, навреденост, понижување или страв, ќе се казни со парична казна или затвор до една година.

Половото вознемирување се јавува во повеќе облици, било да се вербални, невербални, било да се спроведени преку електронски средства за комуникација. Заедничко за сите е да има цел за наведување, непристојна понуда, намамување со искажување сексуална страст или дејство кое потсетува на сексуален чин. Умислата на сторителот е да предизвика повреда на достоинството, непријатност, навреденост, понижување или страв кај жртвата. Иако со донесувањето на Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда се декриминализираа клеветата и навредата, со описот во ст. 1 од Чл.190 - а од (Законот за изменување и дополнување на кривичниот законик Сл. весник на РСМ бр. 36 од 17. 02. 2023 година) е содржано дека секое доведување до чувство на „навреденост” на жртвата е санкционирано. Нејасно е дали се работи за редакторска грешка или повторно се воведуваат елементи на инкриминирање на навредата. Сите сексуални алузии во отворена или сокриена форма кои предивикуваат сексуално вознемирување се опфатени во новата законска одредба. Потешкиот облик го прави тој што делото го чини спрема лице кое му е подредено или спрема него се наоѓа во однос на зависност, се наоѓа на работа или на јавно место, или е лице што е ранливо поради возраст, болест, попреченост, зависност од дрога, бременост или тешки телесни или душевни пречки. За вакво дело е предвидена казна затвор од шест месеци до три години. Очигледна е интенцијата на законодавецот, бројните дискриминаторски односи кои предизвикувааат сексуална вознемиреност, а се поврзани со состојба на зависност, потешко да ги инкриминира. Објект на заштита кај ова дело е правото на личноста на сексуална слобода и спокој како составен дел од корпусот на други слободи и права загарантирани со закон. Жртвата која е цел на сторителот станува вознемирена од сексуалниот акт или од наведување на таков акт. Во овој дел на неправо, сместени се бројни дела на сексуално вознемирување поврзани со работното место кои подразбираат состојба на зависност на жртвата од сторителот, а кај неа предизвикуваат непријатност, навреденост, понижување или страв. И ова дело како и претходното е „деликт пречка” или чекор до други потешки облици на кривични дела.

Споредбената анализа на дефинирањето на „демнењето” и „половото вознемирување” потврдува скоро идентичност во нормирањето во бројни европски држави. Хрватска е лидер на Балканот која прва во казнениот закон го воведе делото „наметливо однесување”, [81] пандан на кривичното дело „демнење” во нашето кривично законодавство. Според хрватскиот кривичен законик делото го чини тој што се обидува да воспостави контакт или воспоставува, или на друг начин го застрашува и со тоа предизвикува вознемиреност или страв кај лицето за својата безбедност, или безбедноста на лицата блиски до него. За ова дело е предвидена казна затвор до една година. Потешкиот облик, исто како и во македонскиот кривичен законик, го санкционира делото ако е сторено спрема сегашен или поранешен брачен другар или вонбрачен партнер, или животен партнер, или неформален животен парнер, или лице со кое сторителот бил во интимна врска, или делото го врши спрема дете. Во ваков случај ќе се казни со казна затвор до три години. Сличноста е во повторувањето на алтернативните дејствија на сторување на кривичното дело како: следење, демнење или прогонување.

Италијанскиот и германскиот кривичен законик содржат инкриминација на кривичното дело „демнење”. Во италијанското право е предвидено дека со затвор од 6 месеци до 5 години ќе се казни тој што во повеќе наврати вознемирува друго лице или му се закaнува, со што предизвикува сериозна вонемиреност или страв или предизвикува основан страв за неговата или сигурноста на блиско лице, или со наведените дејствија предизвикува промена на животните навики на лицето. Со повисока казна ќе се казни сторителот доколку делото е сторено спрема брачен другар или поранешен брачен другар, лице со кое бил во блиска емотивна врска или ако делото е сторено преку компјутерски или електронски систем, или е сторено спрема дете, бремена жена или лице со пречки во развојот.

Германското законодавство вовело една многу поопфатна и поширока инкриминација на кривичното дело „Демнење” која предвидува: „Тој што противправно демне некого барајќи блискост до него, се обидува да воспостави контакт со него, со помош на телекомуникации или други средства за комуникација, или преку трети лица му се заканува нему или на блиско лице дека ќе го убие, ќе го повреди, ќе го грабне или се

[81] Чл.140 Kazneni zakon pročišćeni tekst zakona.NN 125/11, 144/12, 56/15, 61/15, 101/17, 118/18, 126/19, 84/21, 114/22, 114/23.

заканува со други слични дејствија, сериозно ќе го наруши неговиот секојдневен живот, ќе се казни со казна затвор до три години или со парична казна" (Член 238). [82] Со казна затвор од една до десет години ќе се казни сторителот ако ја лиши од живот жртвата или нејзино блиско лице.

Според предвиденоста на поимот „демнење" македонското законодавство има скоро идентична дефиниција со хрватското и германското законодавство, а според висината на предвидените казни слично е со италијанскиот кривичен законик. Сметам дека е потребно да се изврши измена во законскиот текст во делот за висината на изречените казни, кои во моментов се чинат исклучително строги и високи за ова кривично дело. Тоа ги чини неприменливи во правната пракса на судовите.

Демнењето е санкционирано на различни начини во повеќе држави, а најмногу внимание му се посветува во САД. Нормирањето е различно, и кодификациите го санкционираат и без да има последица во вид на физичка повреда или штета. Најшироката дефиниција на поимот демнење ја нуди Националниот центар за жртви на кривични дела на САД. [83] Под поимот демнење го подразбира секој несакан контакт меѓу две лица што може да претставува закана или ја поставува жртвата во состојба на страв. Според него, семејно насилство постои и без да има последица во вид на физичка повреда или штета од тој вид. Значи во основа, демнењето претставува повеќекратно однесување насочено кон определено лице кое кај секое разумно лице ќе предизвика чувство на страв. Се наведува на пример и дека: „Годишно околу 7. 5 милиони жители на САД се предмет на демнење; 20 – 15% од жените во САД и 6% од мажите биле жртви на демнење во одреден период од животот кога почувствувале сериозен страв дека тие или ним блиски лица ќе бидат повредени или убиени. Повеќе од половината жртви биле жртви на демнење пред да наполнат 25 години". Во истиот документ се наведуваат и застрашувачки податоци за поврзаноста на демнењето и дека 76% од убиените жени биле жртви на демнење пред убиството, 54% од жрвите на фемицид пријавиле демнење во полиција пред да бидат

[82] German Criminal Code, 1998, достапен на англиска верзија: https://www.gesetze-im-internet.de/englisch_stgb/englisch_stgb.html
[83] Law Offices of Stimmel, Stimmel and Roeser, Stalking: The Basic Law and Remedies, достапно на: http://www.stalkingalert.com/articles/legal-aspects-of-stalking

убиени од својот демнач, а скоро 90% од жртвите на фемицид кои пред да бидат убиени биле и физички нападнати. Исто така биле и демнети околу една година пред убиството. [84]

Во духот на Чл.34 од Конвенцијата, „демнењето" најчесто се состои од постојано следење и воспоставување на несакана комуникација со другата личност. Покрај физичко, демнењето може да се јави и како виртуелно, кое се демонстрира како демнење на лицето на социјалните мрежи со обид за воспоставување контакт со лицето со помош на телекомуникации, или други средства за комуникација.

Досегашните истражувања потврдуваат дека жените се посебно во ризик од демнење откако ќе го напуштат насилниот партнер. [85] Затоа сметам дека научните сознанија од оваа област треба да се употребат за изработка на посебни програми за заштита на жртвите кои имаат намера или го напуштиле партнерот.

Може да се забележи дека нашиот правен систем многу бавно и неефикасно се справува со сите облици на семејно насилство. Долго време „демнењето" не беше санкционирано во нормативниот систем. Веројатно заради тоа што се јавува кога едниот партнер не му верува на другиот, па станува болно љубоморен и започнува да го прати секое движење, го проверува на социјалните мрежи, го испитува за секој разговор и средба, го проверува неговиот мобилен телефон, ги чита пораките, а оди и до употреба на детектори за лага и поставување прислушни уреди. [86] Психичкиот притисок кој го врши лицето кое го демне партнерот станува неподнослив, а најчесто настанува заради ментални пореметувања и состојба на патолошки нарцизам присутен кај параноидни и шизофрени личности. Жртвите се принудени да пријавуваат во полиција, да поднесуваат приватни кривични тужби, да предлагаат привремени мерки и други правни средства за заштита. Но, за жал сеуште правната пракса не располага за позитивно применето материјално право од оваа област како би можела да се елаборира неговата ефикасност.

[84] Stalking Factsheet, National center for victims of crime, 2015, достапно на: http://victimsofcrime.org/docs/default-source/src/stalking-fact-sheet-2015_eng.pdf?sfvrsn=2

[85] Nikolić-Ristanović V., Nasilje u porodici, Petrović M. N., Rasprostranjenost nasilja u Vojvodini, Pokrajinski sekretarijat za rad, zapošljavanje i ravnopravnost polova, Novi Sad, 2010, стр. 76.

[86] Landeka N., BOLESNA ZALJUBJENOST: Praćenje, progonjenje, uhođenje, maltretiranje ili STALKING, Hazud, 2017, достапно на: http://www.hazud.hr/bolesna-zaljubljenost-pracenje-progonjenje-uhodenje-maltretiranje-stalking/?fbclid=IwAR3bGQnyy5DrS4es0xWyvbx1GXSyc3WEC4r-leUqxtchOzeENUTImKPYiTU

# ГЛАВА III: МЕЃУНАРОДНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ЗАШТИТА И ПРЕВЕНЦИЈА ОД СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

## 1. Заштита и превенција од семејно насилство како приоритет на Обединетите нации, Советот на Европа и Европската Унија

Поради заедничките цели на социјалната заштита, меѓународната заедница разви силна стратегија за справување со семејното насилство. Долгогодишниот став на немешање на меѓународното јавно право во интерперсоналните односи се промени со донесувањето на Универзалната декларација за човековите права. [87] Со тоа предност добија човековите права над правата на државите и започна сѐ уште незавршената борба за родова еднаквост. Досегашната историја ја обележа подредената улога на жената спрема мажот. Секое добиено право на жените значело истрајна борба на генерации жени. Општествата се противеле на револуционерните идеи за еднаквост, а злостортствата кои ги чинеле мажите се криеле зад неповредливоста на домот. Поради нееднаквата материјална и општествена состојба, поради економската зависност, забраните да одлучува за раѓање деца и забраните за абортус, жената останувала засрамена и неразбрана од семејството и од општеството. Тоа резултира со останување во канџите на насилникот и безизлез за жртвата. Затоа, приоритет на меѓународната заедница преку нормирање и судска заштита на сите облици на непожелно однесување кон жените се ранливите категории жени: бегалци, мигранти, етнички малцинства, постари и болни жени, експлоатирани и жени со физички и ментални недостатоци.

Со добивањето наднационални законски овластувања, Европската Унија разви опсежна нормативна стратегија преку донесување бројни правни акти, документи, препораки, резолуции и стратегии. Од склучувањето на Лисабонскиот договор [88] ЕУ доби широки овластувања. ЕУ е двигателот на доктрината (due diligence) за постапување на

[87]Универзална декларација за човековите права усвоена и објавена во Резолуцијата 217 A(III), од 10.12.1948 на Генералното собрание, достапна на: https://www.unicode.org/udhr

[88]Договорот од Лисабон (првично познат како Реформски договор) е меѓународна спогодба со која се изменуваат и дополнуваат двата договори кои ја сочинуваат уставната основа на Европската Унија (ЕУ). Договорот од Лисабон беше потпишан од страна на земјите-членки на ЕУ на 13. Декември 2007 година, а стапи во сила на 1. Декември 2009 година. Ги изменува и дополнува Договорот за Европската Унија (ДЕУ, познат и како Мастришкиот договор) и Договорот за основање на Европската заедница (ТЕС, познат и како Договорот од Рим). Во овој процес Договорот од Рим беше преименуван во Договор за функционирањето на Европската Унија (TFEU).

државите со должно внимание за справување со семејното насилство. Првиот најзначаен сеопфатен и правно обврзувачки документ е Истанбулската конвенција. [89] Потписничките на оваа конвенција имале различно темпо на воведување минимални стандарди за сузбивање и превенција на семејното насилство.

Најзначајната улога во креирањето на европските права во поглед на заштита на жртвите на семејно насилство има судската пракса на Европскиот суд за човекови права, којшто со донесувањето на првата пресуда во 2007 година ја нагласи обврзаноста на државите за донесување и придржување кон минимални стандарди за сузбивање на семејното насилство. Затоа во наредното поглавје овој труд ќе ја анализира најзначајната меѓународна конвенција и различните протоколи, па преку анализа на одлуки на Европскиот суд за човекови права, меѓународните правни инструменти на Обединетите нации, Советот на Европа и Европската Унија и компаративна анализа на домашната правна рамка ќе понуди ефикасни решенија за превенција и заштита од семејно насилство.

## 2. Конвенции, препораки и декларации на Обединетите нации, Советот на Европа и Европската Унија

### *2. 1. Универзална декларација за човековите права*

Со усвојувањето на Универзалната декларација за човекови права [90] од страна на Генералното собрание на Организацијата на Обединетите нации во 1948 година, меѓународното право го доби најзначајниот траен правен документ за гаранција на човековите права и слободи. Тогаш по барање на Елеонора Рузвелт за прв пат, наместо терминот правата на мажите (men's rights), се воведува терминот човекови права (human rights), како родово чувствителен термин.

Таа нуди гаранции за заштита на основните човекови права: право на живот, физички и психички интегритет, еднаква правна заштита, забрана за дискриминација.

Заштитата што ја предвидува Декларацијата за семејното насилство е проследена во одредбите:

[89] Конвенција на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство, Истанбул, 11.05.2011, достапно на: https://rm.coe.int/168046253a
[90] The Universal Declaration of Human Rights, пристапено на 15.08.2023, достапно на: https://www.un.org/en/

1. Во Членот 3 се гарантира правото на живот на секого како и правото на слобода и безбедност на личноста. Заштитата од семејното насилство е изведена од оваа општа одредба и забранува ограничување на слободата и безбедноста на жртвата на семејното насилство. [91]
2. Членот 5 го гарантира и заштитува физичкиот и моралниот интегритет на личноста на поединецот и претставува норма која ги забранува актите на семејно насилство зашто со нив се повредува пред сè физичкиот, но и моралниот интегритет на личноста. [92]
3. Правото на склучување брак и засновање семејство е гарантирано во членот 16 како право иманентно и неотуѓиво на личноста зависно само од слободната волјата на партнерите, без разлика на раса, пол, државјанство, вероисповед - право кое е гарантирано од државата. [93]
4. Во членот 17 се гарантира правото на сопственост и неговата заштита од нелегалното одземање и лишување од користење со кого априори се гарантира заедничката и личната сопственост на брачните и вонбрачните партнери. [94]
5. Членот 18 го заштитува правото на вероисповед и слобода на мислата кои се основа за забрана за било каква дискриминација врз основа на мисла, свест и вероисповед. [95]
6. Членот 19 го гарантира правото на слободно изразување како и правото на поединецот да не е вознемируван, заштита која важи и за одбрана од семејно насилство со давање публицитет на проблемот. [96]

---

[91] Член 3 од Универзалната декларација за човекови права 1948 г.-Секој има право на живот, слобода и сигурност.

[92] Член 5 од Универзалната декларација за човекови права 1948 г.-Никој нема да биде подложен на тортура или на суров, нехуман или понижувачки третман или казна.

[93] Член 16 од Универзалната декларација за човекови права 1948 г.-Полнолетните мажи и жени, без никакви ограничувања врз основа на расата, националноста или религијата, имаат право да стапат во брак и да основаат семејство. Ним им припаѓаат еднакви права пред бракот, за време на бракот и по неговото раскинување. 2. Бракот ќе се склучи само со слободна и целосна согласност на идните брачни другари. 3. Семејството е природна и основна ќелија на општеството и има право на заштита од страна на општеството и државата.

[94] Член 17 од Универзалната декларација за човекови права 1948 г.-1. Секој човек има право на сопственост, како самостојно, така и заедно со други. 2. Никој нема да биде произволно лишен од неговата сопственост.

[95] Член 18 од Универзалната декларација за човекови права 1948 г.-Секој има право на слобода на мислата, совеста и религија. Ова право ја вклучува и слободата-човекот да ја промени својата религија или убедување, како и слободата-човекот, индивидуално или во заедница со други луѓе, приватно или јавно, да ја манифестира својата религија или убедување преку подучување, практикување, одржување служби или обреди.

7. Членот 22 го гарантира правото на социјално осигурување на секого, а со тоа и на членовите на семејната заедница кое како основно е и уставно гарантирано. На овие гаранции се надоврзува и домашната правна регулатива во одредбите на Законот за социјална заштита[97] и Законот за спречување и заштита од семејно насилство врз жените и семејното насилство. [98, 99, 100]
8. Членот 23 го гарантира правото на работа, видот на работа и правото на избор дали ќе работи или не. [101] Оваа одредба е поврзана со забраната за дискриминација врз полова основа и обврската од Конвенцијата за елиминирање на сите облици на дискриминација на жените[102] предвидена во Член 11 која ги обврзува државите членки што ги преземаат сите погодни мерки поради елиминирање на дискриминација на жените во областа на

---

[96] Член 19 од Универзалната декларација за човекови права 1948 г.-Секој има право на слобода на мислење и изразување. Ова право ја вклучува и слободата да се застапува одредено мислење без никакво вмешување и да се бараат, да се примаат и да се даваат информации и идеи преку медиумите и без оглед на границите.

[97] Закон за социјална заштита Сл. Весник на Република Македонија, бр. 148/2013, 164/2013, 187/2013, 38/2014, 44/2014, 116/2014, 180/2014, 33/2015, 72/2015, 104/2015, 150/2015, 173/2015, 192/2015, 30/2016 им гарантира на граѓаните социјални права, правото на дневно задржување во дневен центар за лица кои се жртви на семејно насилство, право на сместување во згрижувачко семејство за лица жртви на семејно насилство, сместување во специјализирано згрижувачко семејство, право на сместување во установа за социјална заштита, право на еднократна парична помош, право на здравствена заштита, право на обезбедување на услуги од страна на советувалиште за психо – социјален третман и психо – социјални услуги за лица кои се жртви на семејно насилство, како и за лица кои се извршители на семејно насилство.

[98] Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство (Сл. Весник на РСМ 24/2021 од 29.01.2021 г.)

[99] Член 22 од Универзалната декларација за човекови права 1948 г.-Секој има право на слобода на мислење и изразување. Ова право ја вклучува и слободата да се застапува одредено мислење без никакво вмешување и да се бараат, да се примаат и да се даваат информации и идеи преку медиумите и без оглед на границите.

[100] Член 36 од Законот за спречување и заштита од семејно насилство врз жените и семејното насилство предвидува Министерството за труд и социјална политика покрај општите превентивни мерки од членот 34 од овој Закон ги презема и следниве посебни превентивни мерки: 1) спроведува програми за ненасилно разрешување на конфликти, почитување на различностите, промовирање на родовата еднаквост и елиминирање на стереотипите за родовите улоги базирани на културата, обичаите, верата, традициите и другите практики кои се засноваат на идејата за подреденост на жените и мажите во установите за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст согласно со Законот за заштита на децата; 2) обезбедува мерки за вклучување на жените жртви на родово-базирано насилство и жртвите на семејното насилство во активни мерки за вработување како и нивно вработување и 3) спроведува кампањи или програми за подигнување на свеста и разбирањето на општата јавност за препознавање и последиците од насилството врз жените и семејното насилство.

[101] Член 17 од Универзалната декларација за човекови права 1948 г.-1. Секој има право на работа, слободен избор на работно место, праведни и поволни услови за работа и заштита од невработеност. 2. Секој, без каква и да е дискриминација, има право на еднаква плата за иста работа. 3. Секој кој работи има право на праведен и соодветен надоместок што нему и на неговото семејство ќе им обезбеди достоинствен живот, надоместокот ќе биде надополнет, доколку е неопходно, со други средства на социјална заштита. 4. Секој има право да основа и да се зачленува во синдикати заради заштита на неговите интереси.

[102] Конвенција за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените (ЦЕДАВ)-меѓународен договор усвоен во 1979 година од страна на Генералното собрание на Обединетите Нации

вработувањето, за да може врз основа на рамноправноста на мажите и жените да се обезбедат еднакви права, а посебно: а) правото на работа како неотуѓиво право на сите луѓе; б) правото на еднакви можности за вработување, вклучувајќи ја и примената на еднакви критериуми при изборот на кандидати за работното место; в) правото на слободен избор на професијата и вработувањето, правото на унапредување, сигурност на вработувањето и сите права и услови што произлегуваат од работа, како и правото на стручно оспособување и преквалификација, вклучувајќи го учењето во стопанството, вишото стручното оспособување и повременото дополнително оспособување; г) правото на еднаква награда, вклучувајќи ги бенефициите како и правото на еднаков третман за еднаквата работа и еднаков третман при оценувањето на квалитетот на работата; д) правото на социјална заштита, посебно во случај на заминување во пензија, невработеност, болест, инвалидност, старост и други видови неспособност за работа како и правото на платено отсуство; ѓ) правото на здравствена заштита и заштита при работа како и правото на исплата на еднаква плата на мажите и жените за иста работа. [103]

9. Членот 24 го гарантира правото на одмор кое е поврзано со претходното право од Чл.23 од Универзалната декларација. [104, 105]

Универзалната декларација за човекови права поттикна донесување и на други правни инструменти и протоколи за нејзина примена. По нејзиното донесување следеа

[103] Закон за спречување и заштита од дискриминација Сл. Весник на РСМ бр. 258 од 30.10.2020 г. Со овој закон се врши усогласување со следните директиви на Европскиот Парламент и на Советот: Директива бр. 2000/78/ЕЗ на Советот од 27 ноември 2000 година за воспоставување на општа рамка за еднаков третман во вработувањето и занимањето, CELEX бр. 32000L0078; Директива бр. 2004/113/ЕЗ на Советот од 13 декември 2004 година со која се спроведува начелото на еднаков третман на мажите и жените во пристапот и обезбедувањето на стоки и услуги, CELEX бр. 32004L0113 и Директива бр. 2006/54/ЕЗ на Европскиот Парламент и на Советот од 5 јули 2006 година за примена на принципот на еднакви можности и еднаков третман на мажите и жените во областа на вработувањето и професиите (преработена), CELEX бр. 32006L005

[104] Член 24 од Универзалната декларација за човекови права 1948 г.-Секој има право на одмор и слободно време, вклучувајќи ги тука и разумното ограничување на работното време и правото на повремен платен одмор.

[105] Закон за работни односи Службен весник на РМ, бр. 16 од 05.02.2010 година-гарантира траење на работното време, исплата на плата и надоместоци за прекувремена работа. разонода, вклучително и ограничување на работното време, како и правото на повремени платени одмори.

Меѓународниот пакт за граѓански и политички права[106] и Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права, [107] двата донесени во 1966 година.

*2. 2. Конвенција за елиминирање на сите облици на дискриминација (CEDAW)*

Подготовките на Комисијата на Обединетите Ннции за положбата на жените во периодот од 1976 до 1979 година придонесоа Генералното Собрание да ја усвои Конвенцијата за елиминирање на сите облици на дискриминација, [108] ратификувана од 20 земји. Со стапувањето во сила во 1981 година таа ги обврза државите членки во сите области, а посебно во политичките, економските, општествените, културните, граѓанските сектори како и во законодавствата да обезбедат потполн развој и напредок на жените рамноправно со мажите.

Иако во неа децидно не е опишан поимот „семејно насилство", преку целта да ја промени сликата за жената во општеството, прокламира рамноправност на половите. Таа декларира дека насилството врз жените е манифестација на историски нееднаквите односи на моќ меѓу жените и мажите што довеле до доминација и дискриминација на жените од страна на мажите и до спречување на целосното напредување на жените. Според тоа, насилството врз жените е еден од главните општествени механизми со кој жените се принудуваат на потчинета положба во однос на мажите. Во неа се прави дистинкција на поимот дискриминација заснована на пол од поимот доминација и дискриминација, заснована на родов идентитет. Препорачливо е да не се соединуваат зашто ако се

---

[106] Меѓународен пакт за граѓански и политички права:-Овој пакт беше усвоен од страна на Генералното Собрание на Обединетите Нации на 16 декември 1966 година и стапи на сила 23 март 1976 година. До мај 2012 година, Пактот беше ратификуван од 167 држави. Пактот ги елаборира граѓанските и политичките права и слободи наведени во Универзалната декларација на правата на човекот. Според член 1 од Пактот, државите се обврзуваат да го промовираат правото на самоопределување и да го почитуваат тоа право. Исто така, ги признаваат правата на народите за слободно владеење, трговија и располагање со нивното природно богатство и ресурси.

[107] Меѓународен Пакт за економски, социјални и културни права, *(*1966), заедно со Универзалната декларација за правата на човекот (1948) и Меѓународниот пакт за граѓански и граѓански и политички права (1966), го сочинуваат Меѓународниот Закон на правата на човекот (International Bill of Human Rights). Во согласност со Универзалната декларација, Пактот признава дека „... идеалот на слободните човечки суштества кои уживаат граѓанска и политичка слобода и ослободни од страв може да се постигне само ако се создадат услови при што секој може да ужива во неговите граѓански и политички права, како и неговите економски, социјални и културни права". Пактот влезе во сила во 1976 година и до мај 2012 година, тој беше ратификуван од 160 земји.

[108] Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените (ЦЕДАВ) — меѓународен договор усвоен во 1979 година од страна на Генералното собрание на Обединетите Нации со резолуцијата 34/18 од 18.12.1979 г.

поистоветат, тогаш лицата од машки пол кои чувствуваат дека имаат родов идентитет на жена, ќе имаат пристап до засолништа и институции наменети за заштита на жени и девојчиња кои биле жртви на семејно насилство.

Конвенцијата констатира дека Општата декларација за правата на човекот го потврдува начелото на недопуштеност на дискриминацијата и прогласува дека сите луѓе се родени слободни и еднакви во достоинството и правата и дека секому му припаѓаат сите права и слободи што се таму наведени, без какви и да било разлики, вклучувајќи ја и разликата во поглед на полот.

Оваа конвенција е прв меѓународен документ донесен од ООН кој во Членот 1 ја дефинира дискриминацијата на жените како: „разлика, исклучување или ограничување во поглед на полот што има за последица да ги загрози жените или да го оневозможи признавањето, остварувањето или вршењето на човековите права на жените, на човековите права и основните слободи, на политичко, економско, општествено, културно и граѓанско или друго поле, без оглед на нивната брачна состојба, врз основа на рамноправност на мажите и жените".

Во Членот 2 е предвидено дека државите членки ја осудуваат дискриминацијата на жените во сите видови. Согласни се да ја спроведат со сите соодветни средства што им стојат на располагање и без одлагање да ја спроведат политиката на отстранување на дискриминација на жените и за таа цел се обврзуваат: а) да го внесат принципот на рамноправност на мажите и жените во своите национални устави или во соодветните закони доколку тоа веќе не го сториле, како и да обезбедат со законски или со други соодветни мерки практична примена на тој принцип; б) да усвојат соодветни законски и други мерки, вклучувајќи и санкции каде што е потребно, со кои се забрануваат сите видови дискриминација на жените; в) да воведат правна заштита на правата на жените врз рамноправна основа со мажите и преку надлежните национални судови и други јавни институции да обезбедат ефикасна заштита на жените од секоја постапка со која се врши дискриминација; г) да се воздржат од секоја постапка или практика на дискриминација на жените и да обезбедат јавните органи и институции да постапуваат во согласност со оваа обврска; д) да ги преземат сите потребни мерки заради отстранување на дискриминација на жените од страна на кое било лице, организација или претпријатие; ѓ) да ги преземат

сите погодни мерки, вклучувајќи ги и законодавните, поради измена или укинување на постојните закони, прописи, обичаи и практики што претставуваат дискриминација на жените; е) да ги стават надвор од сила сите внатрешни казнени одредби со кои се врши дискриминација на жените.

Членот 7 од Конвенцијата CEDAW ја потврдува важноста на мерките за елиминирање на дискриминацијата врз жените во политичкиот и јавниот живот. Во членот 8 е предвидено државите членки да ги преземаат сите погодни мерки за да им обезбедат на жените можности под еднакви услови со мажите и без дискриминација да ги претставуваат своите влади на меѓународно ниво, како и да учествуваат во работата на меѓународните организации.

Членот 10 од Конвенцијата CEDAW ги повикува државите потписнички да обезбедат жените да имаат исти можности како и мажите, да учествуваат активно во спортот и физичкото образование. Истовремено препорачува еднополови спортски активности и елиминирање на учество на мажи со женски родов идентитет заради елиминирање на дискриминација на жените и девојчињата.

Државите членки во членот 15 од Конвенцијата CEDAW им признаваат на жените еднакви права пред законот како и на мажите, еднаква правна способност во граѓанските работи како и на мажите и им даваат еднакви можности да се користат со неа. Тие посебно им даваат на жените еднакви права на склучување договори и управување со имот и ги третираат рамноправно во сите фази на постапката пред судот.

Понатаму во членот 16 е предвидено државите членки да ги преземаат сите соодветни мерки заради отстранување на дискриминацијата на жените во сите прашања што се однесуваат на бракот и семејните односи, а посебно ги обезбедуваат врз основа на рамноправноста на мажите и жените: а) еднакво право на склучување на брак; б) еднакво право на слободен избор на брачниот другар и склучување на брак само по слободна волја и при потполна согласност; в) еднакви права и одговорности во бракот и при разводот; г) еднакви родителски права и обврски во однос на децата, без оглед на брачниот статус. Во сите овие случаи интересите на децата мора да бидат на прво место; д) еднакво слободно и одговорно да одлучуваат за планирањето на семејството како и да имаат пристап кон информациите, образованието и средствата што ќе им овозможат да се користат со овие

права; ѓ) еднакви права и одговорности во поглед на старателството, туторството, управувањето со имотот и посвојувањето на деца или сличните институции ако постојат во националното законодавство. Во сите случаи интересите на децата мора да бидат на прво место; е) еднакви лични права на мажот и жената, вклучувајќи го правото на изборот на семејното име, професијата и занимањето; ж) еднакави права на обата брачни другари во поглед на сопственоста над имотот, односно стекнувањето, управувањето, уживањето и отуѓувањето на имотот без оглед на тоа дали ова се врши бесплатно или за значителна материјална награда. [109]

Членот 24 ги обврзува државите членки да ги усвојат сите потребни мерки на внатрешен план за да се обезбеди целосно остварување на правата признати во Конвенцијата. Надзорот врз примената на Конвенцијата го врши Комитетот за елиминација на сите облици на дискриминација. [110]

*2. 3. Општа препорака на Комитетот на CEDAW бр. 19*

Првиот документ на Обединетите Нации кој го третира семејното насилство и дава правно толкување на Конвенцијата за елиминирање на сите облици на дискриминација е Општата препорака на Комитетот на CEDAW бр. 19 од 1992 година. Во неа се појаснува дека дефиницијата на дискириминација вклучува и родово базирано насилство спрема жена затоа што е жена што непропорционално ги погодува жените и вклучува акти или обиди за примена на физичко, психичко или сексуално насилство.

---

[109] The Convention on the Elimination of All Forms of Discrimination against Women (CEDAW), пристапено на 19.08.2023 г, достапно на: https://www.un.org/womenwatch/daw/cedaw/

[110] Член 17 од Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените (ЦЕДАВ), заради следење на напредокот остварен во примената на оваа конвенција, ќе формира Комитет за елиминирање на дискриминацијата на жените (натаму во текстот: Комитет) од 35 држави членки. На 2 ноември 2020 г., на својата 77-та сесија, Комитетот за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените при Организацијата на Обединетите Нации (ООН) утврди спрема РСМ повреда на правото на еднаков третман и дискриминација кај две жени од Шуто Оризари на кои им било оневозможено да добијат гинеколошки услуги. Дадени се низа препораки за структурни промени и искоренување на штетните практики во пристапот до гинеколошките услуги на Ромките. Комитетот утврди повреда на правата на двете Ромки загарантирани согласно членовите 1, 2 и 12 од Конвенцијата, односно повреда на правата и дискриминација во пристапот до услуги за сексуално и репродуктивно здравје. Со оваа одлука Комитетот укажува дека државата не обезбедила а) практична реализација на принципот на недискриминација во пристапот до услуги за репродуктивно здравје, б) ефективна заштита од дискриминација на жени во рамките на судскиот систем и в) соодветни мерки за да ја елиминира дискриминацијата врз овие жени сторена од приватната гинеколошка ординација.

Таа дефинира и објаснува што е родово базирано насилство и ги предвидува обврските на државите за воведување мерки за заштита на жртвите во јавниот и приватниот контекст. Општата препорака бр. 19 на Комитетот на CEDAW (Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените) се фокусира на превенција и управување со насилство врз жените. Во неа се обезбедува признавање на родово заснованото насилство како форма на дискриминација врз жените. Оваа препорака има цел да спречи повторување и ескалација на насилството врз жените. Во контекстот на оваа препорака се разгледуваат различни аспекти на насилството врз жените, вклучувајќи ги физичките, сексуалните, психолошките и економските аспекти. Таа се однесува и на заканите за насилство како и на семејното насилство. Препораката ја поттикнува соработката помеѓу институциите и граѓанските организации за да се обезбеди ефикасно спроведување на обврските за заштита на правата на жените без дискриминација.

Со ратификувањето на Општата препорака 19 од земјите во кои важи Конвенцијата, прифатија надлежност на Комитетот за елиминирање на дискриминацијата на жените да разгледува поединечни и групни жалби поради кршење на загарантираните права. Ова е предвидено затоа што државите потписнички не се придржувале на гаранциите со кои се обврзале и не им овоможувале на жените да уживаат во загарантираната еднаквост. Честопати државите не обезбедувале право на судска заштита во државата, па со Општата препорака се овозможи право на поднесување жалба до Комитетот. Со пристапувањето кон протоколот, државите не се обврзани да пристапат кон препораката и на тој начин не обезбедуваат меѓународна заштита од дискриминација на жените. Комитетот на CEDAW им дава бројни препораки на државите за мерките кои треба да ги усвојат за заштита на граѓаните од семејно насилство. Кога кон ратификацијата ќе се приклучат уште 23 земји, бројот на земјите ќе биде 35.

Комитетот е овластен самоиницијативно да поведе комуникациона постапка, а по потреба и истражна постапка во случај на сериозно кршење на женските човекови права во рамките на својата јурисдикција и без да биде поднесена жалба. Неговите одлуки се во вид на препораки и не се задолжителни. Државата која добила препорака се обврзува во рок од шест месеци да го извести Комитетот за преземените дејствија.

Во членовите 46 и 56 од Извештајот CEDAW 1979 година, Комитетот ги повика земјите членки да воведат инкриминација на посебно кривично дело „силување во брак". Во Членот 8 од Препораката е предвидена одговорност на државата за дејствија преземени од службени лица третирајќи ги како кршење на човековите права кои ги гарантира меѓународната заедница. Во наредниот Член 9 се нагласува дека дискриминацијата не е ограничена само на дејствија извршени од Владата туку и од приватни лица, зашто според меѓународните конвенции државата е одговорна ако пропуштила да се однесува со должно внимание и не го спречила кршењето на правата, процесуирањето и надоместувањето на штетата.

Општата препорака 19 во одредбата на Членот 23, семејното насилство го именува како најподмолен облик на насилство врз жените кој преовладува во сите општества и чии жртви се жени од сите возрасни групи подложени на претепување, силување и други облици на сексуални напади, психичко, ментално и други облици на насилство. Жртвите на семејно насилство немаат можност да учествуваат во јавниот и семејниот живот и се доведени во состојба на економска зависност.

Државите потписнички, со членот 24 се упатени на преземање законски мерки за обезбедување делотворна заштита на жените од родово базирано насилство со воведување ефикасни законски и казнени мерки, мерки на помош и обештетување со цел заштита од сите облици на насилство и злоставување во семејството и сексуално вознемирување на јавно место. Се препорачува воведување превентивни мерки, програми на образование и информирање на јавноста кои ќе ги променат ставовите околу улогата на мажите и жените и мерки на заштита, прифатилишта, пружање совети, служби за рехабилитација и подршка на жените жртви или потенцијални жртви на насилство.

Комисијата за човекови права на Обединетите Нации со Резолуцијата 1994/45 на Комисијата за човекови права назначи специјален известувач за насилство врз жените. Понатаму Пекиншката платформа за акција (1995) ја нагласува потребата од елиминирање на насилството врз жените на универзално ниво.

*2. 4. Општа препорака на Комитетот на CEDAW бр. 35*

Комитетот за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените во 2017 година ја усвои Општата препорака бр. 35 со која се ажурира општата препорака 19 и ги

насочи државите кои мерки треба да ги преземат за да се справат со сите форми на родово базираното насилство.

Општата препорака бр. 35 на Комитетот на CEDAW (Комитетот за елиминација на сите форми на дискриминација врз жената) е значаен документ кој се однесува на половобазираните права на жените. Декларацијата за полово базираните права на жените има цел да ги реафирмира правата на жените, вклучувајќи ги правата на физички и репродуктивен интегритет, како и да ги елиминира сите форми на дискриминација врз жените и девојчињата.

Во воведот на Општата препорака бр. 35 на Комитетот на CEDAW[111] се повикува на заложбата за еднакви права и инхерентно човечко достоинство на жените и мажите и други начела и принципи содржани во Повелбата на Обединетите Нации, Универзалната декларација за човекови права и други меѓународни инструменти за човекови права, особено Конвенцијата на ООН за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жените (CEDAW), Конвенцијата на Обединетите Нации за правата на детето (UNCRC), како и Декларацијата на Обединетите нации за елиминирање на насилството врз жените, Декларацијата на Обединетите Нации за правото на развој, Декларација на Обединетите нации за правата на домородните народи, Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство ( „Истанбулска конвенција” ), Протоколот кон Африканската повелба за човекови и народни права за правата на жените во Африка ( „Протокол на Мапуто” ) и Меѓуамериканската конвенција за спречување, казнување и искоренување на насилството врз жените ( „Belem do Para конвенција” ). Понатаму се потврдува заложбата да се обезбеди целосно спроведување на човековите права на жените и девојчињата како неотуѓив, интегрален и неделив дел од сите човекови права и основни слободи. Се препознава дека во првите децении во пристапот за човекови права на Обединетите Нации, се содржеше јасно разбирање дека дискриминацијата врз жените се заснова на пол. Понатаму се забележува дека стереотипите за улогите на половите кои сега почесто се нарекуваат „родови стереотипи”, се штетни за жените и за девојчињата. Исто така во неа се забележува дека употребата на јазикот на „родот” наместо на полот, овозможи развој на концепт на „родов идентитет” во

[111] The Convention on the Elimination of All Forms of Discrimination against Women (CEDAW), пристапено на 19.08.2023 г, достапно на: https://www.un.org/womenwatch/daw/cedaw/

кој половите стереотипи се сметаат за вродени и суштински, за што се сличи ерозија на придобивките во човековите права на жените и девојчињата. Изразуваме загриженост дека мажите кои тврдат дека имаат женски ,,родов идентитет‘‘ бараат да бидат вклучени во категоријата на жени со закон, политика и практика и дека ова резултира во ерозија на човековите права на жените.

Во неа е изразена загриженост дека некои мажи кои тврдат дека имаат женски родов идентитет, бараат да бидат вклучени во правната категорија на мајка во закон, политика и практика и дека таквото вклучување го уништува општественото значење на мајчинството и ги поткопува правата на мајката. Се потенцира загриженоста за експлоатацијата и комодификацијата на репродуктивните способности на жената врз кои се темели ,,сурогат‘‘ мајчинството. Исто така се изразува загриженост за експлоатацијата и комодификацијата на репродуктивните способности на жената врз кои се темелат медицинските истражувања кои имаат цел да им овозможат на мажите да забременат и раѓаат деца.

Во неа се потенцира дека концептот на „родов идентитет" се користи за да се загрози правото на жените и девојчињата да се соберат и здружат како жени и девојчиња врз основа на нивниот пол, без да вклучат мажи кои тврдат дека имаат женски ,,родов идентитет‘‘. Понатаму се изразува загриженост дека концептот на „родов идентитет" се користи за да се загрози правото на лезбијките да ја дефинираат својата сексуална ориентација врз основа на пол, да се соберат и здружат врз основа на нивната заедничка сексуална ориентација, без да вклучат мажи кои тврдат дека имаат женски „родов идентитет".

Во Општата препорака 35 на Комитетот на CEDAW особено се истакнува дека концептот на „родов идентитет" се користи за да се прикрие полот на сторителите на полови злосторства како што се силување и други сексуални престапи, со што се спречуваат делотворните мерки насочени кон намалување на ваквите кривични дела.

Во Членот 1 се потврдува дека правата на жените се засноваат на категорија пол и државите треба да ја одржуваат централноста на категоријата пол, а не „родов идентитет" во однос на правото на жените и девојчињата да бидат ослободени од дискриминација.

Државите треба да обезбедат сигурност дека зборовите „жена” и „девојче” и термините што традиционално се однесуваат на женските делови на телото и телесните функции врз основа на пол, продолжуваат да бидат оние што се користат во уставните акти, законодавството, во пружењето на услуги и во политичките документи кога се однесуваат на лица од женски пол. Значењето на зборот „жена” не треба да се менува за да се вклучат мажите.

Во членот 2 се потврдува природата на мајчинството како исклучиво женска одлика, а ,,државните членки им обезбедуваат соодветни услуги на жените за време на бременоста, на раѓањето и во периодот по раѓањето на детето‘‘. Мајчинските права и услуги се засноваат на уникатниот капацитет на жените да забременат и раѓаат деца. Физичките и биолошките карактеристики што ги разликуваат мажите и жените значат дека женскиот репродуктивен капацитет не може да го делат мажите кои тврдат дека имаат женски ,,родов идентитет‘‘. Државите треба да разберат дека вклучувањето на мажи кои тврдат женски „родов идентитет” во правната категорија на мајка во закони, политики и практики и соодветното вклучување на жени кои тврдат дека имаат машки „родов идентитет” во категоријата татко, претставуваат дискриминација врз жените со тоа што се настојува да се елиминира уникатниот статус и правата врз основа на пол на жените како мајки. Државите треба да обезбедат сигурност дека зборот мајка и други зборови кои традиционално се однесуваат на репродуктивните капацитети на жените врз основа на полот, продолжуваат да се користат во уставните акти, законодавството, давањето услуги за мајки како и во политичките документи кои се однесуваат на мајките и мајчинството. Значењето на зборот мајка не треба да се менува за да вклучува маж.

Членот 3 ги потврдува правата на жените и девојчињата на физички и репродуктивен интегритет и предвидува дека: а) државите треба да обезбедат сигурност и поддршка на целосните репродуктивни права на жените и девојчињата и непречен пристап до сеопфатни репродуктивни услуги. б) државите треба да препознаат дека штетните практики како што се присилна бременост и комерцијалното или алтруистичко искористување на женските репродуктивни капацитети вклучени во „сурогат” мајчинство се кршење на физичкиот и репродуктивниот интегритет на девојчињата и жените и треба да бидат елиминирани како форми на полово базирана дискриминација; в) државите треба да препознаат дека медицинското истражување што има за цел да им овозможи на мажите

да забременат и раѓаат деца е повреда на физичкиот и репродуктивниот интегритет на девојчињата и жените и треба да се елиминира како форма на полово базирана дискриминација.

Членот 8 ја потврдува потребата за елиминација на насилството врз жените и препорачува специјализирана помош за рехабилитација на жртвите, советување и здравствени и социјални услуги. Препорачува обезбедување на еднополови услуги и физички простори за на жените и девојчињата да им осигура безбедност, приватност и достоинство засновани на полот, а не на родовиот идентитет. Пружањето на еднополови услуги треба да вклучува, меѓу другото, и стручни услуги за жени и девојчиња кои се изложени на насилство, како што се услуги за поддршка на жртви на силување, специјализирани здравствени установи, специјализирани установи за полициска истрага и засолништа за жени и деца кои бегаат од семејно насилство или други видови насилство. Исто така, треба да ги вклучи и сите други услуги во рамките на кои одредбите за еднополови услуги ја промовираат физичката безбедност, приватноста и достоинството на жените и девојчињата. Тие вклучуваат затвори, здравствени услуги и болнички оддели, центри за рехабилитација од злоупотреба на супстанции, сместување за бездомници, тоалети, тушеви и соблекувални и друг затворен простор каде што поединци живеат или може да се наоѓаат соблечени. Објекти за еден пол што треба да бидат дизајнирани така да ги задоволат потребите на жените и девојчињата треба да бидат барем еднакви по достапност и квалитет на оние што им се дадени на мажите и момчињата. Овие капацитети не треба да вклучуваат мажи кои тврдат дека имаат женски „родов идентитет".

Општата препорака 35 на Комитетот на CEDAW ја нагласува важноста за прибирање податоци и составување статистики во врска со распространетоста на различните форми на насилство врз жените.

Понатаму се препорачува признавање на правото на жените и девојчињата точно да го опишат полот на оние кои извршиле насилство врз нив. Јавните тела како полицијата, државните обвинители и судовите не треба да им наметнуваат обврска на жртвите на насилство да ги опишат своите напаѓачи според нивниот „родов идентитет" наместо нивниот пол.

*2. 5. Декларација ОН за елиминација на насилството врз жените (UNDEVW)*

„Секој акт на полово засновано насилство кое резултира или може да има како резултат физичка, сексуална или психичка штета или страдање на жените, вклучувајќи закани со такви акти, ограничување или произволно лишување од слобода, без оглед дали доаѓа од јавниот или приватниот живот" - Декларацијата за елиминирање на насилството врз жените (UNDEVW) го подведува под поимот „насилство врз жени". [112]

Во Членот 1 на Декларацијата е предвидено изразот „дискриминација на жените" да ја означува секоја разлика, исклучување или ограничување во поглед на полот, што има за последица или цел да го загрози или оневозможи признавањето, остварувањето или вршењето од страна на жените на човековите права и основните слободи на политичко, економско, општествено, културно и граѓанско или друго поле, без оглед на нивната брачна состојба, врз основа на рамноправност на мажите и жените.

Во членот 2 од Декларацијата, државите членки ја осудуваат дискриминацијата на жените во сите видови, согласни се да ја спроведуваат со сите соодветни средства што им стојат на располагање и без одлагање политиката на отстранување на дискриминација на жените и за таа цел се обврзуваат: а) да го внесат принципот на рамноправност на мажите и жените во своите национални устави или во соодветните закони, доколку тоа веќе не го сториле, како и да обезбедат со законски или со други соодветни мерки, практична примена на тој принцип; б) да усвојат соодветни законски и други мерки, вклучувајќи и санкции каде што е потребно, со кои се забрануваат сите видови дискриминација на жените; в) да воведат правна заштита на правата на жените врз рамноправна основа со мажите ипреку надлежните национални судови и други јавни институции да обезбедат ефикасна заштита на жените од секоја постапка со која се врши дискриминација; г) да се воздржат од секоја постапка или практика на дискриминација на жените и да обезбедат јавните органи и институции да постапуваат во согласност со оваа обврска; д) да ги преземат сите потребни мерки за отстранување на дискриминација на жените од страна на кое било лице, организација или претпријатие; ѓ) да ги преземат сите погодни мерки, вклучувајќи ги и законодавните за измена или укинување на постојните закони, прописи,

[112] Декларација на Обединетите нации (ОН) за елиминација на насилство врз жените 48/104, усвоена на 20 декември 1993 година.

обичаи и практика, што претставуваат дискриминација на жените; е) да ги стават надвор од сила сите внатрешни казнени одредби со кои се врши дискриминација на жените.

Со ваквата терминологија јасно е дека Декларацијата (UNDEVW)[113] ги препознава физичкото, сексуалното и психолошкото насилство изразени преку тепање, сексуална злоупотреба на женските деца, насилство поврзано со мираз, брачно силување, женско генитално сакатење, трговија со жени и принудување на проституција, сексуална злоупотреба, сексуално изнудување и понижувачка работа. Таа ги повикува членките да го осудат секој облик на насилство и да ги преземаат сите потребни мерки за негово елиминирање без оглед на повикување на обичаите, традицијата, религијата и други мислења.

Во членот 6 се препорачува државите членки да ги преземаат сите погодни мерки вклучувајќи ги и законодавните поради спречување на сите форми на трговија со жените како и искористувањето на проституцијата на жените. Понатаму во член 7 се препорачува преземање погодни мерки за отстранување на дискриминацијата на жените во политичкиот и јавниот живот, а им се гарантира и правото на гласање на сите избори и јавни референдуми како и правото да бидат избирани во сите тела што се избираат по пат на јавни избори. Таа предвидува можност жените да учествуваат во креирањето и спроведувањето на владината политика и да заземаат раководни положби и да ги вршат сите јавни функции на сите нивоа на власт како и да учествуваат во работата на невладините организации и здруженија што се занимаваат со јавниот и политичкиот живот во земјата. Се предвидува еднаква можност во поглед на образованието, вработувањето, правото на социјална заштита, посебно во случај на заминување во пензија, невработеност, болест, инвалидност, старост и други видови неспособност за работа, како и правото на платено отсуство; правото на здравствена заштита и заштита при работа, вклучувајќи ја и заштитата на биолошките и репродуктивните функции на жената.

---

[113]Декларација на жените, достапна на : https://www.womensdeclaration.com/documents/57/%D0%94%D0%B5%D0%BA%D0%BB%D0%B0%D1%80%D0%B0%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0_%D0%BD%D0%B0_%D0%B6%D0%B5%D0%BD%D0%B8%D1%82%D0%B5_1_44YdVs0.pdf

Државите членки им признаваат на жените еднакви права пред законот како и на мажите, еднаква правна способност во граѓанските, постапки, еднакви права на склучување договори и управување со имот и ги третираат рамноправно во сите фази на постапката пред судот.

Од 1999 година со резолуцијата на ОН 54/134 [114] официјално за прв пат започна да се одбележува 25 ноември како Меѓународен ден за елиминација на насилството врз жените. [115]

### *2. 6. Факултативен протокол кон Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жените (CEDAW)*[116]

Со Резолуцијата 54/4 од 6 октомври 1999 донесен е Факултативниот протокол кон Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жените (CEDAW). [117] Констатирајќи дека Повелбата на Обединетите нации ја реафирмира вербата во основните права на човекот, дека Универзалната декларација за правата на човекот прокламира дека сите човечки суштества се раѓаат слободни и еднакви и дека секој човек има право да ги ужива без оглед на полот, потсетувајќи дека Декларацијата за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жените ја осудува дискриминацијата во сите нејзини појавни форми, државите членки презедоа акција против кршењето на тие права и слободи.

Според членот 1 секоја земја членка на Протоколот ја признава надлежноста на Комитетот за елиминирањето на дискриминација врз жените. Тој е овластен да прима и да одлучува во однос на поднесените претставки од поединци или групи за кршење на правата утврдени со Конвенцијата на нејавни седници. Согласно со членот 3 претставките мора да се поднесени во писмена форма и за нив се одлучува исклучиво за членки

[114] Декларацијата на Обединетите Нации (ОН) за елиминација на насилство врз жените, која беше усвоена на 20 декември 1993 година, има број 48/104. Од 1999 година, со резолуцијата на ОН 54/134, официјално за прв пат, почнува да се одбележува 25 ноември како Меѓународен ден за елиминација на насилството врз жените.
[115]Меѓународен ден за елиминација на насилството врз жените, достапно на: https://www.ssm.org.mk/mk/megjunaroden-den-za-eliminacija-na-nasilstvoto-vrz-zhenite
[116] Факултативниот протокол кон Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жените е усвоен во Њујорк на 6 октомври 1999 година. Овој протокол дополнително ги засилува правата на жените и девојчињата, со фокус на елиминирање на сите форми на дискриминација. Според протоколот, Државите членки ја признаваат компетентноста на Комитетот за елиминирање на дискриминација врз жените да прима и разгледува, од индивидуалци, кои се жртви на кршење на правата од Конвенцијата, од страна на Државата членка. Комуникациите мора да бидат писмени, и неанонимни, а Комитетот нема да ги разгледува комуникациите ако не се искористени достапните домашни правни средства.
[117] Un Women, Convention on the elimination od all forms of discrimination against women, достапно на: http://www.un.org/womenwatch/daw/cedaw/index.html

потписнички на Проколот. Аналогно, ако земјата ја прифатила само Конвенцијата, а не пристапила кон протоколот, Комитетот не ги разгледува тие претставки. Исто така Комитетот не ги разгледува претставките ако во земјата членка не биле исцрпени сите правни лекови. Според одредбата на членот 5 ако има опасност за настанување на штета на жртвата, Комитетот има можност да воведе привремени мерки против земјата членка. Протоколот предвидува доверливост во информирањето на секоја членка за поднесените преставки. Земјата против која е поднесена претставка има право во рок од 6 месеци да одговри за фактите изнесени во неа. Доколку се дадени препораки, земјата членка во рок од 6 месеци треба да го извести Комитетот за преземените мерки за отстранување на констатираните недоследности. Ако постојат основани сомневања дека во земјата не се постапува по препораките во склад со Чл.8, може да се поведе истражна постапка во која е предвидено активно учество на земјата членка. Предвидена е можност во било кое време членката да ја повлече изјавата за прифаќање на надлежност на Комитетот.

*2. 7. Конвенција на ООН за правата на детето*

Конвенцијата на ООН за правата на детето се темели на Универзалната декларација за човековите права усвоена во Обединетите Нации во 1948 година, според која тие права се неотуѓиви и универзални, како и на Декларацијата за правата на детето. Усвоена е од страна на Генералното собрание на ООН со резолуција 44/25 од 20. 11. 1989 година, а стапила во сила на 2. 10. 1990 година. Во неа е содржана длабоката идеја дека децата не се само предмети кои припаѓаат на нивните родители за кои се донесуваат одлуки. Напротив, тие се човечки суштества и поединци со свои права. [118]

Таа е најстарата Конвенција која ги заштитува правата на децата од секаков вид на злоупотреба, насилство, малтретирање, запоставување или експлоатација, и вклучува заштита на политичките, економските, културните, социјалните и граѓанските права на децата. Во членот 1 од Конвенцијата е опишан поимот „дете" кој подразбира дека деца се лица помлади од 18 години.

[118] What is the Convention on the Rights of the Child, UNICEF, достапна на: https://www.unicef.org/child-rights-convention/what-is-the-convention

Република Северна Македонија ја ратификуваше Конвенцијата на 10. 11. 1993 година, а десет години подоцна ги ратификуваше и двата факултативни протоколи[119] со што се обврза максимално да ги штити децата од сите облици на сексуално искористување и сексуално малтретирање.

За нашата тема од посебно значење е членот 19 од Конвенцијата на ООН за правата на детето. Овој член предвидува обврска за државите членки да ги преземаат сите соодветни законодавни, административни мерки, социјални и образовни за да се обезбеди заштита на детето од сите форми на физичко или ментално насилство, повреди или злоупотреби, занемарување или намерен однос, малтретирање или експлоатација, вклучувајќи ја и сексуалната злоупотреба додека е под грижа на родителите, законските старатели или некое друго лице на кое му е доверена грижата за детето. [120]

Правата од член 54 од Конвенцијата за правата на детето се поделени во четири групи: права за опстанок; права за развој; права за заштита; права на учество во својата заедница и општество.

Според Конвенцијата, сите деца под 18 години без оглед на нивната раса, боја на кожата, пол, јазик на кој зборуваат, верска определеност, способности и карактеристики, начин на размислување и искажување, национално, етничко или социјално потекло, имотна состојба или семејство, имаат заштита.

Согласно со членот 34, секоја држава потписничка се обврзува да го заштити детето од учество во несакани сексуални дејствија и злоупотреби, во присилување на незаконски сексуални активности, на експлоататорско користење на децата во проституција или други незаконски дејствија, на експлоататорско користење на децата во порнографско претставување во порнографски списанија, трговија со деца во која било цел. Државите членки го штитат детето од сите штетни експлоатации. Со членот 39 Конвенцијата им наложува на државите членки да преземаат мерки за подобро физичко и психичко

---

[119] Закон за ратификација на Конвенцијата за правата на детето, Службен весник на Социјалистичка Република Југославија, Службен весник на РМ, бр. 150/1990
-Закон за ратификација на Факултативниот протокол кон Конвенцијата за правата на детето за вклучување на децата во вооружени судири, Службен весник на РМ, бр.44/2003, 3 јули 2003
-Закон за ратификација на Факултативниот протокол кон Конвенцијата за права на децата за продажба на деца, детска проституција и детска порнографија, Службен весник на Р. М. бр.44/2003, 3 јули 2003
[120]Конвенција за правата на детето, 1989, достапна на:
http://www.childrensembassy.org.mk/WBStorage/Files/konvencija%20celosna.pdf

закрепнување и социјална реинтеграција на детето кое е жртва на некоја форма на занемарување, експлоатација, злоупотреба, мачење или друга форма на нехумано или понижувачко постапување.

На светскиот состанок посветен на децата во 1990 година усвоена е Светската декларација за опстанок, заштита и развој на децата и создаден е План за примена на Светската декларација кој треба да им послужи на владите за изградба на програми за грижа на загарантираните права на децата со Светската декларација.

## 3. Документи на Советот на Европа

### *3. 1. Европска конвенција за заштита на човековите права и основни слободи*

Со донесувањето низа необврзувачки директиви, препораки, резолуции и меѓународни договори, а посебно со донесувањето на Конвенцијата за заштита на човековите права и слободи, [121] Советот на Европа ја започна правната регулатива за заштита на основните човекови права. [122]

„Имајќи предвид дека цел на Советот на Европа е да постигне поголемо единство меѓу своите членки и дека едно од средствата за постигнување на таа цел е заштитата и развојот на човековите права и основните слободи" е наведено во преамбулата на Конвенцијата дека владите на европските земји со исти стремежи, идеали и политички традиции, со донесувањето на Европската конвеција ги направија првите чекори за колективно гарантирање на правата утврдени во Универзалната декларација и нејзините протоколи. Според начелото на супсидијарност тие се согласија и воведоа надлежност на Европскиот суд за човекови права со седиште во Стразбур и надзор од Советот на министри за придржувањето кон судските одлуки. Конвенцијата го гарантира правото на живот (Член 2), забранува мачење (Член 3), забранува ропство и принудна работа (Член

[121]European Convention on Human Rights, Рим, 4 ноември 1950

[122]Европска социјална повелба-European Social Charter, 1965. 3, Европска конвенција за спречување на мачење иннехумано или понижувачко постапување или казнување-European Convention for the Prevention of Torture and Inhuman or Degrading Treatment or Punishment, 1987, Конвенција на Советот на Европа за борба против трговија со луѓе-Council of Europe Convention on Action Against Trafficking in Human Beings, 2005, Конвенција на Советот на Европа за заштита на деца од сексуална експлоатација и сексуално злоставување-Council of Europe Convention on the Protection of Children Against Sexual Exploitation and Sexual Abuse, 2007, Конвенција на Советот на Европа за спречување и сузбивање на насилство врз жените и семејно насилство-The Council of Europe Convention on preventing and combating violence against women and domestic violence, 2011

4), гарантира право на слобода и безбедност (Член 5), право на правична судска постапка (Член 6), право на почитување на личниот и семејниот живот (Член 8) и право на брак (Член 12).

Членот 14 од Европската конвенција забранува дискриминација во уживањето на правата и слободите заснована врз пол, раса, боја на кожата, јазик, вера, политичко или кое и да е друго мислење, национално или социјално потекло, припадност на национално малцинство, материјална положба, потекло според раѓање или кој и да е друг статус.

Според критериумиот за прифатливост, Европскиот суд може да прифати случај поднесен од поединец, невладина организација или група поединци само откако ќе бидат исцрпени сите домашни правни средства, врз основа на општо прифатените принципи од меѓународното право и во рок од четири месеци сметано од датумот на кој е донесена конечната интерна одлука.

Советот на Европа има усвоено повеќе документи:

- Декларацијата за политиките за борба против насилството врз жените во демократска Европа 19 која му препорачува на Одборот на министри да преземе мерки за постигнување на целите гарантирани со Декларацијата. Таа препорачува подигнување на свеста на мажите и изнаоѓање алтернативни начини за справување со насилничките ситуации;
- Препораката од Третата европска министерска конференција за рамноправност на жените и мажите, 1988;
- Препораката 1450 од 2000 година која констатира дека повеќе жени умираат од насилство отколку од рак или сообраќајни незгоди. Таа укажува на мерката - наредба на мажите да се вратат во домот каде извршиле насилство и поострување на казните. Предлага воведување едукации за родова еднаквост и зајакнување на превенцијата и можност на органите кои ги процесуираат случаите да поднесуваат мерки за заштита на жртвите;
- Препорака 1582 од 2002 година;
- Препорака 1681 од 2004 година наречена „Кампања за борба против насилство врз жените” ;

- Акционен план од 2005 година со кого е формирана работна група која ќе го проценува напредокот на државите на национално ниво;
- Европска конвенција за спречување на мачење и нехуман или понижувачки третман или казнување (1989);
- План на Кампањата на Советот на Европа за борба против насилство врз жените вклучувајќи насилство во семејството (2006–2008);
- Препорака R (79) 17 за заштита на децата од лош третман;
- Препорака R (85) 11 за состојбата на жртвите во рамките на казненото право и казнениот третман;
- Препорака R (87) 21 за помош на жртвите и превенција од виктимизација;
- Препорака R (90) 2 за социјални мерки во врска со семејното насилство;
- Препорака R (93) 2 за медицинско - социјални аспекти за злоупотреба на децата;
- Препорака R (2000) 1450 за насислство врз жените во Европа;
- Препорака R (2001) 16 за заштита на децата од сексуална експлоатација;
- Препорака R (2002) 5 за заштита на жените од насилство.

Во нив насилството врз жените се смета како дискриминација и кршење на основните човекови права и слободи на женскиот пол што го загрозува нивниот интегритет и претставува попречување на граѓанската сигурност и демократија.

*3. 2. Конвенција на Советот на Европа за заштита на деца од сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба*

Оваа конвенција претставува прв меѓународен документ која забранува злоупотреба и сексуална експлоатација на деца и ги спречува сите форми на сексуално насилство врз децата[123]. Таа ги штити нив од сексуална злоупотреба и експлоатација и промовира национална и меѓународна соработка против сексуална злоупотреба и сексуална

[123] Council of Europe, Details of treaty No.201, Convention on the protection of children against sexual exploitation and sexual abuse, достапна на: https://www.coe.int/en/web/conventions/full-list/-/conventions/treaty/201

експлоатација на деца што е нивелирано во нејзиниот прв член. Конвенцијата[124] ја опфаќа сексуалната злоупотреба во семејството на детето или т. н. „круг на доверба" како и дела извршени за комерцијални или профитни цели.

Конвецијата е усвоена на 25 октомври 2007 година, во Ланзароте од страна на Комитетот на министри, а на 1. 8.2010 година стапила во сила. Република Северна Македонија ја ратификува на 05.10.2010 година. [125]

Членот 18 од Конвенцијата забранува сексуална злоупотреба на децата и ги обврзува земјите потписнички да ги преземат сите неопходни законски мерки. Станува збор за,, преземање сексуални активности со дете кое според релевантните одредби на националното право, не ја достигнало правно утврдената возраст за сексуални активности, како и преземање на сексуални активности со дете кога се користи: присила, сила или закана, злоупотреба од позиција на доверба, авторитет или влијание над детето, вклучувајќи го и семејството, или злоупотреба се врши во особено ранлива состојба на детето, посебно поради ментална или физичка заостанатост или зависност".

Секоја земја што е потписничка на Ланзароте конвенцијата, согласно со член 23 треба да ги преземе сите неопходни законски и други мерки за да го криминализира предлогот на возрасно лице упатено до дете со намера, користејќи ги информатичките и комуникациските технологии, а притоа детето сè уште не е на возраст наведен во член 18 став 1а или член 20 став 1 ако тој предлог е проследен и со материјални дејствија кои водат до средба со детето. Разговорот за секс со дете е подготовка за сексуално задоволување, но сè уште не е доволен за кривична одговорност. Возрасниот може да биде обвинет според член 20 за производство и дистрибуција на детска порнографија, а членот 21 го инкриминира намерното користење на дете за сексуални задоволувања.

Проширувањето на активносите од член 23, државите потписнички треба да го разгледаат со криминализација на врбувањето дури и тогаш кога не е остварено со средба, со цел да се спречат во иднина врбувањата на деца. За таа цел потребни се обуки за

---

[124] Конвенција на Советот на Европа за заштита на децата од сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба, 2007, достапна на: http://www.childrensembassy.org.mk/WBStorage/Files/Konvencija%20na%20Sovetot%20na%20Evropa%20za%20zastita%20na%20deca%20od%20seksualna%20zloupotreba.pdf

[125] Закон за ратификација на Конвенцијата на Совет на Европа за заштита на деца од сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба, Сл. Весник на Р.М бр. 135, 08.10.2010 година.

поттикнување на државните органи за спречување на врбување на деца преку информатички комуникации и технологии. [126]

Комитетот на државите потписнички на Конвенцијата на Советот на Европа за заштита на децата од искористување на децата и сексуална злоупотреба (T - ES) преку комуникациските мрежи ја прифаќаат Ланзароте конвенцијата без да создаваат одредби во националното законодавство.

Значајна е препораката VE за социјалните мерки кои се однесуваат на насилството во семејството (R (90)2) и за сексуалното искористување, порнографија и проституција на децата и на младите полнолетници и трговијата со деца (R (91)11).

Европската комисија ги повика државите членки да го подигнат степенот на посвестеност и да се вложат во изградба на капацитети и мерки за превенција на насилство, заштита на жртвите и сведоците, заштитни мерки за деца кои се осомничени или обвинети за насилство, поддршка за деца кои трпат насилство во училиштата, да донесат закони со кои се забранува телесно казнување.

*3. 3. Конвенција на Советот на Европа за спречување и борба против насилство врз жените и домашно насилство - Истанбулска конвенција*

Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилство врз жените и домашно насилство е првиот општо прифатен и правно обврзувачки документ во Европа во спречувањето и борбата против насилството врз жените и семејното насилство како форма на кршење на човековите права. Нејзиното донесување претставува продолжување на стандардите пропишани од CEDAW Конвенцијата и примената на праксата на ЕСЧП. Потпишана е на 11.05.2011 година, а стапи во сила на 22.04.2014 година, широко прифатена од многу држави, меѓународни, регионални и парламентарни организации. Таа ги обврзува земјите членки да го сообразат законодавството и да обезбедат имплементација за да ја спречат неговата појава во иднина. [127]

---

[126] Јовић Н., Нешић С., Превенција и заштита деце од сексуалног злостављања и сексуалног искоришћавања – Изабране препоруке, мишљења и иницијативезаштитника грађана са Конвенцијом Савета Европе о заштити деце од сексуалног искоришћавањаи сексуалног злостављања, Штампарија Радунић д.о.о., Београд, 2015, стр. 80-98.

[127] Конвенцијата е составена од преамбула, 12 глави, 81 членови и додаток за повластиците и имунитетот на надзорното тело за спроведување, наречено GREVIO (The Group of experts on action against violence against women and domestic violence (Група за делување против насилтвото врз жените и семејното насилство).

Во членот 70 е предвидено националните парламенти да вршат надзор врз преземените мерки за спроведување на Конвенцијата и да поднесуваат извештаи до одборот GREVIO. Фокусот на заштита на Конвенцијата е ставен на жената и каталогот на права кои ги стекнува како жртва. Јасно е дека нееднаквата положба на жената во општеството резултираше злоставувањето главно да се врши од мажите во семејството. Но, насилството не е само одраз на моќ меѓу различните полови, туку етиолошки може да се изрази и како насилство врз партнери од ист пол, постари лица и особено деца. [128]

Нејзината основна цел е да се стави крај на насилството врз жените и семејното насилство и создавање Европа без насилство. Тоа мора да биде важна политичка цел на секоја влада, посветена на заштита на човековите права за сите. Конвенцијата бара од владите кои ја ратификувале да усвојат сеопфатна серија мерки за решавање на сите форми на насилство врз жените и семејното насилство. Препорачува различните форми на насилство врз жените, како што се семејно насилство, прогонувањето, сексуалното вознемирување и психолошко насилство, да се класифицираат како кривични дела. Како збир на правно обврзувачки стандарди за поголема заштита и поддршка е важен чекор кон сеопфатен и ускладен одговор на меѓународната заедница со цел да обезбеди живот без насилство за сите жени.

Истанбулската конвенција се темели на: 1. превенција; 2. заштита; 3. процесуирање и 4. координирани политики.

**Поглавјето III** - Превенција (Член 12) е предвидено: страните да ги преземаат потребните мерки за промовирање промени во општествените и културните шаблони на однесување на жените и мажите, со цел искоренување на предрасудите, обичаите, традициите и сите други практики кои се засноваат врз идејата за инфериорност на жените или врз стереотипните улоги за жените и мажите; да ги преземаат потребните законодавни и други мерки за спречување на сите форми на насилство коишто се опфатени со Конвенцијата како и да ги преземаат потребните мерки за промовирање програми и активности за јакнење на жените. Со ратификувањето на Конвенцијата, земјата треба да ги

[128] Република Северна Македонија ја потпиша Конвенцијата за спречување и борба против насилството над жените и домашното насилство (Истанбулска конвенција) Службен весник број 198 од 29 декември 2017, со усвојување на Законот за ратификација. Инструментот за ратификација беше предаден на 23 март 2018 година, а Конвенцијата влезе во сила на први јули 2018 година.

поттикне средствата на јавно информирање и приватниот сектор за да воспостават стандарди за почитување на жените. Се предвидува воведување образование и наставен материјал за родова рамноправност, ненасилно решавање спорови, воведување кампањи за подигнување на свеста за различните облици на насилство врз жените и децата. Се промовира едукација на стручни лица кои ќе работат со жртвите и сторителите, кои ќе го препознаваат и процесуираат насилството преку соодветни пријави. Во Членот 50 е предвидено да обезбедат дека надлежните органи за спроведување на законот реагираат на сите форми на насилството опфатени со Конвенцијата веднаш и соодветно преку нудење адекватна и непосредна заштита на жртвите. Страните ги преземаат потребните законодавни или други мерки за да обезбедат дека надлежните органи за спроведување на законот се ангажираат веднаш и соодветно во превенцијата и заштитата од сите форми на насилство опфатени со Конвенцијата, вклучувајќи и употреба на превентивни оперативни мерки и собирање докази.

**Поглавјето IV** - Заштита и поддршка (Член 18) е предвидено страните да ги преземаат потребните законодавни или други мерки за заштита на сите жртви од какви било понатамошни акти на насилство, да обезбедат соодветни механизми за ефективна соработка меѓу сите релевантни државни органи, вклучувајќи ги судството, јавните обвинители, органите за спроведување на законот, локалните и регионалните власти, невладините организации и другите релевантни организации и субјекти при заштитата и поддршката на жртвите и сведоците на сите форми на насилство опфатени со Конвенцијата, вклучувајќи и преку упатување на општи и специјализирани служби за поддршка, да обезбедат дека преземените мерки се засновани врз родово разбирање на насилството врз жените и домашното насилство и се фокусираат врз човековите права и безбедноста на жртвата; засновани се врз интегриран пристап којшто го зема предвид односот меѓу жртвите, сторителите, децата и нивната поширока општествена средина; насочени се кон избегнување секундарна виктимизација; кон јакнење и економска независност на жените жртви на насилство; дозволуваат низа услуги за заштита и поддршка на жртвите да бидат сместени во истите простории; се третираат специфичните потреби на ранливите лица, вклучувајќи и деца - жртви. Понатаму се предвидува давањето услуги да не зависи од волјата на жртвата да покрене обвинение или да сведочи против кој било сторител. Страните ги преземаат потребните мерки за да обезбедат конзуларна и

друга заштита и поддршка на своите државјани и на други жртви кои имаат право на таква заштита во согласност со постојните обврски според меѓународното право. Член 19 обезбедува страните да ги преземаат потребните законодавни и други мерки за да обезбедат потврда дека жртвите добиваат соодветни и благовремени информации за расположливите услуги на поддршка и правни мерки на јазик што го разбираат. Во Членот 20 се обврзуваат жртвите да имаат пристап до услуги коишто го овозможуваат нивното закрепнување од насилството. Овие мерки треба да опфатат, кога тоа е потребно, услуги како што се правно и психолошко советување, финансиска помош, домување, образование, обука и помош при вработување, пристап до здравствени и социјални услуги и дека овие служби се соодветно опремени и дека професионалците се обучени за помош на жртвите и за да ги упатат до соодветни служби. Жртвите и нивните семејства ќе бидат заштитени во сите фази на истрагата и судската постапка од застрашување, одмаздување и повторување на виктимизацијата, а жртвата редовно ќе се известува за евентуално бегство на сторителот. Полицијата со итните мерки на заштита ќе има овластувања да го отстрани сторителот од домот и да му нареди да не ѝ приоѓа на жртвата. Тие треба да се лесно достапни и бесплатни.

Страните обезбедуваат дека жртвите имаат информации и пристап до важечки регионални и меѓународни механизми за индивидуални/колективни жалби (Член 21). Член 22 предвидува специјализирани услуги на поддршка на сите жени - жртви на насилство и нивните деца. Во Членот 23 е предвидено воспоставување лесно достапни и соодветни засолништа во доволен број заради обезбедување безбедно сместување и проактивна помош на жртвите, особено на жените и нивните деца, телефонски линии за помош нон - стоп (24 часа на ден), кои на повикувачите ќе им даваат совети во доверливост или со должно почитување на нивната анонимност. Предвидено е страните да преземаат потребни законодавни и други мерки за воспоставување, достапни и соодветни кризни центри при силување или центри за упатување на жртви при сексуално насилство, заради обезбедување медицински и форензички преглед, поддршка при траума и советување за жртвите (Член 25). Членот 26 обезбедува при давањето услуги на заштита и поддршка на жртвите да се води грижа за правата и потребите на децата сведоци на сите форми насилство опфатени со Конвенцијата и соодветно за возраста психосоцијално советување за децата - сведоци.

**Поглавјето V** - предвидува, потписничките да преземат мерки за процесуирање (Членот 29) и обезбедување на жртвите соодветни граѓански правни лекови против сторителот. Соодветни граѓански правни лекови против државните органи кои не ја исполниле својата должност за преземање неопходни превентивни или заштитни мерки во рамките на своите овластувања. Обезбедување жртвите да имаат право да бараат обештетување од сторителите за секое кривично дело утврдено во согласност со оваа Конвенција (Член 30). Адекватното државно обештетување да се одобрува на оние лица кои се здобиле со тешки телесни повреди или на кои им е нарушено здравјето, доколку штетата не е покриена од други извори како што се сторителот, осигурувањето или државно финансираните здравствени и социјални резерви. Член 31 ги обврзува страните да ги преземаат потребните законодавни или други мерки за да обезбедат дека спроведувањето на секое право на посета или на старателство не ги загрозува правата и безбедноста на жртвата или децата. Член 32 предвидува дека браковите склучени под присила може да се сметаат за ништовни, да се поништат или разведат без непотребно финансиско или административно оптоварување на жртвата. Во Членот 33 од Истанбулската конвенција се инкриминира психичкото насилство како намерно однесување кое сериозно го нарушува психичкиот интегритет на некое лице со употреба на присилба или закана. Демнењето е регулирано во Членот 34 како намерно однесување на повторено заканување насочено кон друго лице што предизвикува лицето да се плаши за својата безбедност. Во Член 35 се инкриминира физичкото насилство, а во Член 36 сексуалното насилство, вклучувајќи и силување и бара од членките преземање на потребни законодавни или други мерки за да обезбедат дека се инкриминира следното намерно однесување: а). вагинална, анална или орална пенетрација од сексуална природа со кој било телесен дел или предмет во телото на друго лице без негова согласност; б). други акти од сексуална природа со лице без нејзина/негова согласност; в). наведување друго лице да се вклучи во акти од сексуална природа со трето лице без негова согласност. Согласноста мора да е дадена доброволно како резултат на слободната волја на лицето, проценета во контекст на опкружувачките околности. Актите на сексуално насилство се извршени врз поранешни или сегашни сопружници или партнери утврдени со внатрешното право. Инкриминирано е намерното присилување на возрасен или дете да стапат во брак - Член 37. Во Членот 38 наречен женско генитално осакатување се

инкриминира: а). отсекување, инфибулација или секое друго осакатување во целост или делумно на големите усни (labia majora), малите усни (labia minora) или клиторисот на жената; б). присилување или наведување на жена да се подведе на некои од дејствијата наведени во точката а; в). поттикнување, присилување или наведување на девојче да се подведе на некои од дејствијата наведени во точката а). Понатаму во Член 39 се инкриминира: а). вршење абортус врз жена без нејзина претходна информирана согласност; б). вршење операција врз жена без нејзина претходна информирана согласност, односно разбирање на постапката чија цел или последица е да се прекине нејзината способност за природна репродукција. Конвенцијата предвидува страните да ги преземаат потребните законодавни или други мерки за заштита од сексуално вознемирување и да обезбедат дека секоја форма на несакано вербално, невербално или физичко однесување од сексуална природа со цел или последица повреда на достоинството на лицето, особено кога се создава заплашувачка, непријателска, деградирачка, понижувачка или навредлива средина е предмет на кривична или друга законска санкција - Член 40.

Многу држави изразија резерва при донесувањетона одредбите за елиминирање на сите облици на дискриминација на жените и особено на вршењето кривични дела извршени во името на таканаречената „чест" и генитално осакатување. Тие претставуваат сериозно кршење на човековите права на жените и девојчињата и се главна пречка за постигнување еднаквост меѓу жените и мажите со оправдување дека биле спротивни на националните закони и традициите. Без да ги доведува во прашање општите правила на меѓународното право, оваа Конвенција не исклучува никаква кривична надлежност што страната ја спроведува во согласност со своето внатрешно право. Членот 45 предвидува обезбедување сигурност дека кривичните дела утврдени во согласност со оваа Конвенција се казниви со делотворни, сразмерни и со санкции кои одвраќаат од вршење на кривични дела, земајќи ја предвид нивната сериозност. Ваквите санкции вклучуваат, кога е потребно, пресуди за лишување од слобода, а тоа може да покрене екстрадиција. Страните може да усвојат други мерки во врска со сторителите како што е: а) следење или надзор на осудените лица; б) одземање на родителските права ако е тоа во најдобар интерес на детето, што може да биде последица на сомнението дека сигурноста на жртвата не може да се гарантира на друг начин. Отежителни околности се сметаат оние ако: а). кривичното

дело е извршено врз поранешен или сегашен сопружник односно партнер во согласност со националното законодавствомод страна на член на семејството, лице кое живее заедно со жртвата или лице кое го злоупотребило својот авторитет; б). кривичното дело, односно сродните дела биле повторувани; в) кривичното дело е извршено врз лице кое било ранливо заради определени околности; г) кривичното дело е извршено врз или во присуство на дете; д) кривичното дело е извршено од двајца или повеќе луѓе што постапувале заедно; ѓ) на кривичното дело му претходело насилство или е извршено со екстремно ниво на насилство; е) кривичното дело е извршено со употреба или закана од оружје; ж) кривичното дело резултирало со тешка физичка или психичка последица за жртвата; з) сторителот бил претходно осудуван за дела од слична природа. Член 48 од Конвенцијата забранува задолжителни постапки за алтернативно решавање спорови или изрекување пресуди вклучувајќи и медијација и помирување во однос на сите фроми на насилство опфатени со Конвенцијата.

**Поглавјето VI** - Истрага, гонење, процесно право и заштитни мерки со Член 49 предвидува страните да ги преземаат потребните законодавни или други мерки за да обезбедат дека истрагите и судските постапки во врска со сите форми на насилство опфатени со Конвенцијата се спроведуваат без непотребно одлагање, истовремено земајќи ги предвид правата на жртвата во сите фази на кривичната постапка во согласност со основните принципи на човековите права и имајќи го предвид разбирањето на насилството од родова перспектива за да обезбедат ефективна истрага и гонење за кривичните дела утврдени во согласност со Конвенцијата. Страните ги преземаат потребните законодавни или други мерки за да обезбедат дека сите релевантни органи спроведуваат проценка на ризикот од смртоносност, сериозност на ситуацијата и на ризикот од повторување на насилството во сите фази на истрагата и примената на заштитни мерки (Член 51). Член 52 насловен како Итни мерки на заштита кои им обезбедуваат на надлежните органи овластување да му наредат во ситуации на непосредна опасност, на сторителот на домашно насилство да го напушти живеалиштето на жртвата или на лицето изложено на ризик за доволен временски период и да му забранат на сторителот да влегува во живеалиштето или да контактира со жртвата или со лицето изложено на ризик. Мерките преземени во согласност со овој член ставаат приоритет врз безбедноста на жртвите или на лицата изложени на ризик. Страните ги преземаат

потребните законодавни или други мерки за да обезбедат дека соодветни мерки на забрана на приближување или за заштита им се достапни на жртвите на сите форми на насилство опфатени со Конвенцијата, дека се достапни за непосредна заштита и без непотребни финансиски или административни товари врз жртвата; се издаваат за определен период или се додека не се изменат или не се отповикаат; кога е потребно, се издаваат на ex parte основа со непосредна дејство; се достапни без оглед или како дополнение на други правни постапки; може да се изрекуваат во последователни правни постапки. Прекршувањето на мерките за забрана на приближување и за заштита ќе бидат предмет на кривични или други санкции кои се ефективни, сразмерни и кои одвраќаат од вршење на кривични дела. Член 54 обезбедува дека доказите за сексуалната историја и однесување на жртвата во граѓански и кривични постапки ќе бидат дозволени само доколку тоа е релевнатно и неопходно. Постапките ex parte и ex officio нема да зависат целосно од пријава или тужба поднесена од жртвата ако кривичното дело било извршено целосно или делумно на нивна територија, и постапките треба да може да продолжат дури и ако жртвата ја повлекла својата изјава или пријава - Член 55. Страните ги преземаат потребните законодавни или други мерки за да обезбедат можност за владини и невладини организации и советници за домашно насилство да им помагаат и/или да ги поддржуваат жртвите, на нивно барање во текот на истрагите и судските постапки во врска со кривичните дела. Членот 56 предвидува мерки на заштита на правата и интересите на жртвите, вклучувајќи ги и нивните посебни потреби како сведоци во сите фази од истрагите и судските постапки, а особено преку: а). обезбедување на нивната безбедност како и на безбедноста на нивните семејства и сведоците во нивно име, од заплашување, одмазда и повторена виктимизација; б). обезбедување информирање на жртвите, барем во случаи кога жртвите и семејството може да се во опасност, за бегство на сторителот односно привремено или трајно ослободување; в). информирање на жртвите во согласност со условите предвидени со внатрешното право, за нивните права и услугите што им се на располагање, последователните активности во врска со нивната жалба, обвинението, општото напредување на истрагата или постапката и нивната улога во нив, како и за исходот на нивните случаи; г). овозможување жртвите во согласност со процесните правила на внатрешното право да бидатислушани, да доставаат докази и да ги презентираат нивните гледишта, потреби и интереси, непосредно или преку посредник, и дека тие ќе се земат

предвид; д). обезбедување на жртвите соодветни служби за поддршка, така што нивните права и интереси уредно треба да се презентираат и да се земат предвид; ѓ). обезбедување, усвојување на мерки за заштита на приватноста и угледот на жртвата; е). обезбедување, кога е можно, да се избегнува контактот меѓу жртвите и сторителите во судот и во просториите на органите за спроведување на законот; ж). обезбедување за жртвите независни и стручни преведувачи кога жртвите се странки во постапката, односно кога приложуваат докази; з). овозможување на жртвата да сведочи според правилата предвидени во внатрешното право, во судница без да биде присутна, односно барем без присуство на обвинетиот, секако преку употреба на соодветни комуникациски технологии, таму каде што се достапни. На дете - жртва и сведок на насилство врз жените и домашно насилство им се пружаат, кога е соодветно, специјални мерки на заштита, земајќи ги предвид најдобрите интереси на детето. Правната помош од Член 57 е бесплатна според условите предвидени со нивното внатрешно право. Жртвите и нивните семејства ќе бидат заштитени во сите фази на истрагата и судската постапка од застрашување, одмаздување и повторување на виктимизацијата, а жртвата редовно ќе се известува за евентуално бегство на сторителот. Полицијата со итните мерки на заштита ќе има овластувања да го отстрани сторителот од домот и да му нареди да не ѝ приоѓа на жртвата. Тие треба да се лесно достапни и бесплатни.

Координираните политики подразбираат: меѓуагенциска соработка, соработка меѓу судовите, јавните обвинителства, полициските органи, владините и невладините организации. Невладиниот сектор заедно со државните институции треба да е вклучен во координирањето на примената на Конвенцијата. Координираните политики треба да се засновани на човековите права со фокус на жртвата со цел сузбивање на сите облици на насилство. Воведувањето родово чувствителни политики и примена на законски мерки за спречување и санкционирање на насилничкото однесување испраќаат јасна порака дека нема да се дозволи толеранција на насилството врз жените.

Во Конвенцијата се прави дистинкција на поимите и ги дефинира како:

- „Насилство врз жените" е карактеризирано како повреда на човековите права и форма на дискриминација врз жените и ги опфаќа сите дејствија на родово базирано насилство што доведуваат или веројатно ќе доведат до физичка,

сексуална, психичка или економска повреда или страдање на жените, вклучувајќи и закани за такви акти, изнуда или произволно лишување од слобода, без оглед дали се случуваат во јавниот или приватниот живот.

- „Родово базирано насилство врз жените" означува насилство насочено против жената само затоа што е жена или коешто несразмерно ја погодува.
- „Семејно насилство" подразбира било кое физичко, сексуално, психолошко или економско насилство кое се случува во рамките на семејството или станбената единица; помеѓу поранешни или сегашни сопружници или партнери, без разлика дали сторителот го дели или го делел истото престојувалиште со жртвата.
- „Род" ги означува општествено конструираните улоги, однесувањето, активностите и карактеристиките што дадено општество ги смета за соодветни за жените и за мажите.

Конвенцијата го користи терминот „родово засновано насилство", бидејќи се осврнува на формите на насилство упатено кон жените поради тоа што се жени или затоа што несразмерно ги погодуваат жените. Искоренувањето на насилството врз жените и семејното насилство Конвенцијата го става во контекст на постигнување, де јуре и де факто, на родова еднаквост. Во Преамбулата на Конвенцијата се утврдува дека семејното насилство е причина и последица на нееднаквите односи на моќ меѓу жените и мажите. Таа не ги оспорува разликите меѓу мажите и жените, но укажува дека треба да се потисне идејата дека жените се инфериорни во однос на мажите. Укажува на бројните предрасуди, стереотипи, обичаите и традициите кои ги фаворизираат мажите во приватната и во јавната сфера, политичкиот живот, образованието и пријавувањето на делата со што се отежнува почитувањето на нивните права.

Во членот 3 (в) од Конвенцијата: „Поимот род значи општествено дефинирани улоги, однесувања, активности и атрибути што дадено општество ги смета за соодветни за жените и за мажите". Причината за насилството не се биолошките разлики, туку дискриминирачката поставеност на улогите во општеството. Поради прифаќањето на насилството како производ на патријархалното општество таа го дефинира насилството структурно како родово базирано и како производ на општествените дискурси.

Дефинирањето на поимот род и неговото разликување од поимот пол во некои говорни подрачја предизвика контроверзи околу значењето на Конвенцијата која не бара од членките да го вклучат поимот род туку бараат само примена на предвидените мерки.

Според оваа дефиниција родот не е замена за терминот жена и терминот маж.

Во членот 4 ст. 4 Конвенцијата се прогласува за документ на „позитивна дискриминација" со тоа што предвидува дека посебните мерки кои се потребни за спречување и заштита на жените од родово базирано насилство нема да бидат подложни на оценка за дискриминација. Акцентот е ставен на превенцијата, а не на казнувањето.

Конвенцијата бара од членките да го разберат насилството од „родова перспектива" и во членот 12 препорачува искоренување на предрасудите, обичаите, традициите и другите практики засновани на идејата за инфериорност на жените или на стереотипните улоги на жените и мажите.

Во неа се препознава дека жените и девојчињата често се изложени на сериозни форми на насилство како што е домашно насилство, сексуално вознемирување, силување, присилен брак, кривични дела извршени во името на таканаречената „чест", и генитално осакатување, коишто претставуваат сериозно кршење на човековите права на жените и девојчињата и се главна пречка за постигнување еднаквост меѓу жените и мажите, а тоа е поизразено за време на воени конфликти. Со насилството врз жените тешко се кршат човековите права, посебно правото на живот, сигурност, слобода, достоинство, физички и психички интегритет. Таа ги препознава и мажите и децата како жртви. За децата предвидува дека е доволно да бидат сведоци на семејно насилство како причина за нивна виктимизација.

Многу држави изразија „резерва" кон одредбите за елиминирање на сите облици на дискриминација на жените и особено на вршењето кривични дела извршени во името на таканаречената „чест" и генитално осакатување што претставуваат сериозно кршење на човековите права на жените и девојчињата, а се главна пречка за постигнување еднаквост меѓу жените и мажите со оправдување дека биле спротивни на националните закони и традициите.

Првата потписничка на Истанбулската конвенција, Турција, со изразено патријархално културно наследство со Указ од 20. 03. 2021 година на Претседателот Ердоган ја поништи ратификацијата. [129] „Жените заслужуваат силна законска рамка за да се заштитат” - рече Фон Дер Лајен и додаде: „Насилството врз жените не е толерантно. “ Податоците потврдуваат дека насилствата и убиствата врз жените во Турција се во пораст. [130] Според податоците на Светската здравствена организација околу 38% од жените во Турција најмалку еднаш биле жртви на семејно насилство, додека европскиот просек е 25%. Претседателката на платформата „Ќе го сопреме фемицидот”, Фидан Атаселим, ги повикала жените да излезат на улиците на Истанбул во знак на протест: „Отфрлете ја одлуката и воведете ја конвенцијата. Милиони жени не можат да бидат игнорирани, затворени и замолчени” - изјавила таа.

*3. 4. Декларација за примена на Конвенцијата за време на пандемија (Анекс кон Истанбулската конвенција објавен на 20. 04. 2020 година во Стразбур)*

Анексот кон Инстанбулската конвенција од 20. 4. 2020 година[131] ги предвидува можните акции и мерки за преземање во текот на Ковид 19 пандемијата. Со него се потврдува важноста на принципите на Истанбулската конвенција во областите на превенција, заштита, кривичното процесуирање и интегрираните политики во вонредни околности. Се проценува дека четири пати повеќе жени останале без работа за време на пандемијата[132]. Декларацијата ги повикува земјите членки кои ја ратификуваа Истанбулската конвенција да ги користат овие стандарди и препораки како соодветни

---

[129] Şeker B., Sönmezocak E. B., Withdrawal from the Istanbul Convention: War on Gender Equality in Turkey, Advancing fundamental freedoms in Turkey, no.2, 2021, достапна на: https://freedomhouse.org/sites/default/files/2021-06/06292021_Freedom_House_Turkey_Policy_Brief-2-Withdrawal-from-the-Istanbul-Convention.pdf

[130] Istanbulska konvencija deset godina kasnije: Zaštita žena na staklenim nogama, https://www.slobodnaevropa.org/a/istanbulska-konvencija-nasilje-nad-zenama/31248734.html, пристапено на 4.09.2023.

[131] Council of Europe, Violence against women and girls before, during and after COVID-19: the shadow pandemic that must be addressed, достапно на: https://rm.coe.int/declaration-committee-of-the-parties-to-ic-covid-/16809e33c6

[132] Piquero B., Jennings A., Jemison W., Kaukinen E., Knaul C., F. M., Domestic violence during the COVID-19 pandemic-Evidence from a systematic review and meta-analysis, Journal of Criminal Justice, Vol. 74, 101806, 2001, достапно на: https://www.sciencedirect.com/science/article/pii/S004723522100026X#f0010

насоки за владите како да дејствуваат за време на пандемија. Според податоците We Will Stop Femicide најмалку 409 жени биле убиени во 2020 година. [133]

Со него се препорачува интегрирана политика и се менува Член 6 [134] (родово чувствителни политики) и им се препорачува на државите да применуваат родова перспектива при креирање на стратегијата за борба против пандемијата, што подразбира потенцијално влијание на преземените мерки врз жените и девојчињата и нивната изложеност на ризици од различни облици на родово засновано насилство, како што е интимното партнерско насилство и насилство во семејството, прогонувањето, сексуалното вознемирување, присилувањето на брак и сексуалното насилство, вклучувајќи го и насилството во кое се користи технологија. Со измената на член 7 (од Анексот кон Истанбулската конвенција), [135] се препорачува државите да применуваат сеопфатни и координирани политики, да ги одржуваат и зајакнуваат меѓуинституционалните механизми на координација насочени кон сузбивање на насилството врз жените во текот на пандемијата. Им се препорачува на локалните органи на власта да ја утврдат вистинската состојба и потребите на жртвите што ќе им послужи при проценката на нивоата на капацитетот на граѓанските организации како даватели на услуги и поддршка како и нужноста од зголемување на средствата потребни за помош. Текстот на нашиот нов Закон за спречување и заштита од семејно насилство врз жените и семејното насилство[136] со предвидената институционална и мултисекторска соработка означува усогласеност со одредбите од Декларацијата за примена на Конвенцијата за време на пандемија. Единиците на локалната самоуправа, Собранието на РСМ, Владата на РСМ и Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство се должни да обезбедат родово интегриран пристап и одговор на семејното насилство.

---

[133] All defenders, We Will Stop Femicide Platform, достапно на: https://www.sessizkalma.org/en/defender/we-will-stop-femicide-platform

[134] Council of Europe, Violence against women and girls before, during and after COVID-19: the shadow pandemic that must be addressed, достапно на: https://rm.coe.int/declaration-committee-of-the-parties-to-ic-covid-/16809e33c6

[135] Council of Europe, HELP Online course on Violence Against Women and Domestic Violence, достапно на: https://rm.coe.int/help-course-in-brief/168076c9b5

[136] Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство (Сл. Весник на РСМ 24/2021 од 29.01.2021 г.)

Во членовите 8 и 9 од Анексот им се препорачува на членките да ги разгледаат можностите на финансиските и човековите ресурси, вклучувајќи ги и невладините организации, како и разгледување на потребата од нивно зајакнување во согласност со ситуацијата. Нашиот закон во одредбата на Член 24 [137] предвидува надлежност на здруженијата кои може да обезбедуваат почеста и континуирана обука за лицата кои спроведуваат активности за превенција и заштита на жените жртви на родово базирано насилство и жртвите на семејното насилство преку обучувачи евидентирани во регистерот на Министерството за труд и социјална политика. Но, за жал не е предвидено нивно финансиско зајакнување заради соочување со новонастанатите ризици од корона кризата.

Со цел да се помогне во управувањето со кризи, Владата усвои стандардни оперативни процедури (СОП) кои опфаќаат неколку области. Процедурите содржат протоколи и постапки за прибирање податоци, управување и анализа на податоците и нивна дисеминација во врска со процената на ризик, како и планирање на подготвеноста за итно постапување во ситуација на прогласена кризна состојба.

Кратко време по прогласувањето на вонредната состојба, Република Северна Македонија го извести Советот на Европа дека примената на мерките усвоени од Владата „може да влијаат врз остварувањето на одредени права и слободи од Конвенцијата и во одредени случаи тоа да претставува причина за неопходно отстапување од одредени обврски" предвидени со Европската конвенција за човекови права и протоколите кон неа. [138] Организациите на граѓанското општество во земјава побараа од Владата да го обезбеди начелото на недискриминација и да ја минимизира можноста за диспропорционален негативен ефект врз лицата што се најобесправени во општеството како и да извести за околностите поврзани со таквото отстапување на јасен, недвосмислен и транспарентен начин. [139]

---

[137] Ibid.

[138] Се мисли на отстапување од обврските од членот 8 (право на почитување на приватниот и семејниот живот), членот 11 (слобода на собири и здружување), членот 2 од Протокол 1 (право на образование) и членот 2 од Протокол 4 (слобода на движење) од Европската конвенција за човекови права

[139] Совет на Европа – Директорат за правни совети и јавно меѓународно право, Note Verbale, JJ9021C Tr./005-232, 02.04.2020, достапно на: https:// rm.coe.int/16809e1288

Комитетот CEDAW поосочи дека последиците од пандемијата ги погодија жените на непропорционален и тежок начин и дека жените доживеале повеќекратни и сложени форми на дискриминација додека биле во првите редови на OHCHR. [140]

# 4. Документи на Европската Унија

*4. 1. Правото на Европската Унија*

(Community Law) кое не е правно обврзувачка за нејзините членови и ја регулира еднаквоста меѓу половите се состои од директиви, резолуции, препораки и акти на Советот на Европската Унија, Европската Комисија и Европскиот парламент.

Европскиот парламент ја усвои Резолуцијата во 1986 година за насилство врз жените, [141] со која се повикуваат членките да го инкриминираат силувањето во бракот, да организирааат обуки на службениците кои имаат контакт со жртви и да им се пружа правна помош. Го поттикнува формирањето агенции, здруженија и фондации чија задача е да им помага на жртвите. Комитетот на министри поаѓајќи од фактот дека семејството е основна организациона единица на демократското општество, а насилството се изразува преку чинење и нечинење, го загрозува животот, физичкиот или психичкиот интегритет или слобода, дека насилството посебно ги погодува децата и жените, дека децата уживаат право на посебна заштита од дискриминација или угнетување и од секое злоставување од авторитети во семејството или институциите, дека истото се однесува на жените ако се изложени на конкретна de facto нееднаквост, препорачува државите да ја запознаат јавноста со обемот, сериозноста и карактеристиките на семејното насилство. Посебно се нагласува потребата од добивање помош при спроведување мерки за борба против овој феномен, можноста за ослободување од должноста за чување професионална тајна, брзо интервенирање и спречување на насилство и овозможување заштита на децата од насилство на кое биле изложени. Работата со вакви случаи да се довери на посебни оддели во јавните обвинителства, да се спроведува психосоцијално испитување, а кривични санкции да бидат последно решение.

---

[140] Office of the High Commisioner for Human Rights, COVID-19 Guidance, 20 April 2020, достапно на: https://www.ohchr.org/en/covid-19#: ~: text=OHCHR's%20work%20on%20COVID%2D19, raise%20awareness%20of%20specific%20concerns.

[141] Council of Europe Convention on Preventing and Combating Violence against Women and Domestic Violence (CAHVIO), CETS No. 210.

Во 1999 година започна Европска кампања против насилство во семејството и се формираа пет експертски форуми за истражување на распространетоста, причините и последиците, правни можности за борба против насилство во семејството, спречување, помош на организациите и соработка со институциите и европските мрежи за работа со насилници.

Европскиот парламент во 2006 година усвои политика на нулта толеранција кон сите видови насилство и ги повика членките во националните законодавства да вградат мерки на превенција и подршка на жртвите.

# ВТОР ДЕЛ: КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА НА ЗАШТИТНИТЕ МЕХАНИЗМИ ВО АМЕРИКАНСКОТО, ЕВРОПСКОТО И БАЛКАНСКОТО ЗАКОНОДАВСТВО И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА ВО МАКЕДОНСКИОТ ПРАВЕН СИСТЕМ

## ГЛАВА IV: ПРАВНО УРЕДУВАЊЕ НА ЗАШТИТАТА ОД СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО ВО СПОРЕДБЕНОТО ПРАВО

### 1. Законодавни решенија за заштита од семејно насилство во современите законодавства

#### *1. 1. САД*

Во 1981 година Соединетите американски држави предвидоа воведување реформи во кривичното законодавство, промени во општествените институции и третманот на насилниците. Беше создадена Програма за интервенција против семејното насилство - Duluth Domestic Abuse Intervention Project (DAIP)[142]. Според добиените податоци од извршеното научно истражување, креаторите на моделот Дулут го развија „тркалото на сила и контрола” [143] кое укажува дека семејното насилство служи за зачувување на машките привилегии.

[142] Domestic Abuse Intervention Project, Duluth, MN, USA.
[143] heduluthmodel.org




*Слика 1 Тркало на сила и контрола*

Според Програмата произлегува дека е потребна работа со сторителите на насилство – мажи, дека е потребна промена на уверувањата за интимно партнерско насилство, за жените и родовите стереотипи. Третманите (Treatments that Work for Intimate Partner Domestic Abuse Intervention Project, uluth, MN, USA)[144] помагаат во случаи каде насилството не е длабоко вкоренето. Отстапувањата од третманот најчесто укажуваат дека сторителот ќе го повтори насилството.

Секоја од педесетте држави во САД има различни правни регулативи околу овластувањата на полицијата, издавањето итни заштитни мерки, положбата на оштетениот, времетраењето и начинот на постапување. Во САД семејното насилство претставува социолошки, криминолошки и кривично - правен проблем од исклучително значење. [145] Воведен е координиран систем на мерки за поддршка на жртвите, заштита на сведоци, информирање за правата на оштетените. Усвоена е политика на задолжително апсење (mandatory arrest policy). [146] Постапките се поведуваат на објективни докази како

[144] Treatments that Work for Intimate Partner Domestic Abuse Intervention Project, uluth, MN, USA.
[145] Миливојевић С. К., Одговор савремених правних система на насиље у породици-упоредноправна анализа решења неких европских земаља и државе Њујорк, САД. Темида, 6(2), 2003, стр. 73-80.
[146] Јовановић С. С., Лукић М. В., Насиље у породици као облик кршења људских права у међународном праву. Социјална мисао, 6(3-4), 1999, стр. 25-38.

фотографии, медицински извештаи, изјави на сведоци, а на крајот на изјавите на жртвите.[147]

Во периодот од 1988 до 1998 година двојно е зголемен бројот на уапсени, има 30% зголемување на повиците за итна помош, а 1/4 од предметите на обвинителството биле поврзани со семејно насилство. Законодавните реформи значеа и воведување построги казни, специјализирани обуки и комплетна реорганизација на судството. Во 92% од испитаниците од државата Лексингтон, судии, обвинители, адвокати и лица вклучени во подршка на жртвите сметаат дека специјализацијата на судовите во оваа област се покажа како ефикасна заради концентрацијата на правни, социјални и психолошки услуги на едно место.

[147] Lemon N. K., Domestic violence law, Saint Paul, MN: West Group, 2001, стр. 499.




*Слика 2 Duluth модел*

Според Mackinem, M. (2009 година), [148] издавањето мерки за лечење од алкохол и дрога, контролата и ревизијата на нивната примена, грижата за економска подршка на злоставуваните жени и деца е интегрирана во казната. Во случај на непочитување на издадените мерки судот пристапува кон построги мерки, како притвор на сторителот, електронско следење, институционално лечење или затворска казна.

Федералниот закон VAWA (Violence against Women Act(s)) од 1994 година [149] е фокусиран на зајакнување на судските и законските овластувања во борбата против насилството врз жените, унапредување на сервисите наменети на жртвите, кривично - правната заштита на младите жртви, превенција, здравствена заштита, станбена политика и прифатилишта за жртвите, економска сигурност на жртвите, помош на имигрантите и подигање на сигурноста на жените од индијанската заедница. Тој има придонес во заштитата од физичкото и сексуалното насилство и прогонување.

Domestic Violence Offender Gun Ban (DVOGB)[150] како федерален закон усвоен во 1996 г. на предлог од сенаторот Лаутенберг воведува забрана за поседување и користење огнено оружје на лица осудени за семејно насилство или се применува некоја заштитна мерка.

Со Федералниот кривичен закон (USC Title 18, part I, Chapter 110A, §2261 - §2266) се казнува преминувањето на државна граница со намера повредување, прогонување на партнерот или вознемирување. Со одредбата §2265 се признава важноста на издадените налози во рамките на една јурисдикција на другите територии, без оглед на стварната просторна надлежност.

---

[148] Higgins C.P., Mackinem B. M., ABC-CLIO, M05, At least since the late 1980s, with the development of the first drug court in Dade County, Florida, the justice system has undergone what some believe is a revolution—the movement toward problem-solving courts. *Problem*-Solving Courts: Justice for the Twenty-First Century? provides a concise, thorough, well-documented, and balanced foundation for anyone interested in understanding this phenomenon, 2009, стр. 19.

[149] Violence Against Women Act (VAWA)**,** U.S. federal legislation that expanded the juridical tools to combat violence against women and provide protection to women who had suffered violent abuses. It was initially signed into law in September 1994 by U.S. Pres. Bill Clinton. Besides changing statutes, the Violence Against Women Act (VAWA) was notable for calling attention to the issues of domestic violence, dating violence, sexual abuse and assault, and stalking.

[150] The Domestic Violence Offender Gun Ban, often called the “Lautenberg Amendment” (“Gun Ban for Individuals Convicted of a Misdemeanor Crime of Domestic Violence”), Pub. L., стр. 104–208.

Предвидено е и удвојување на казната во случај на повторување на делата на семејно насилство. (§2265А). [151]

На федерално ниво постојат следните процесно - правни мерки:

- забрана за контактирање, удирање, напаѓање или вознемирување на жртвата (no contact provision);
- престанок на повредување или заканување на жртвата (cease abuse provision);
- напуштање на заедничкиот дом;
- останување на растојание од жртвата, домот или работата(stay away provision);
- посетување програми на одвикнување од алкохол или дрога;
- предавање на огненото оружје и муниција (relinquish fire arms provisions).

Во некои држави е предвидено со процесно - правните мерки да се издаваат и мерки за материјално помагање на жртвите и обврска за продолжување со плаќање на станбени кредити за заедничкиот дом (support provisions) и обврски за надомест на трошоци за лекување заради извршеното насилство.

При регулирањето на родителските права судовите може да изрекуваат и ограничувања на средби со децата (custody, visitation and child support provisions). Постојат итни мерки (emergency protective order - EPO), привремени мерки (preliminary/temporary protective order - PPO) и финални заштитни налози (final protective order - FPO). [152]

Во Вирџинија итните мерки EPO, жртвите може да бараат да ги издаде полицаецот кој постапува во координација со дежурниот судија или судски чиновник или лично до судот надлежен за малолетници и внатрешно семејни односи (Juvenile and Domestic Relations Court). Се издаваат брзо и само после телефонското известување од полицаец, а нивното траење е 72 часа. Тие ги обврзуваат сторителите на насилството веднаш да го прекинат, наложуваат забрана за приближување до местото на живеење или работење, забрана за телефонско вознемирување, иселување од заедничкото домаќинство и други мерки за обезбедување заштита. Кога е потребно подолго траење на мерките, жртвата треба да се обрати до надлежен суд кој може да издаде и мерки кои го ограничуваат

---

[151] Criminal defense devision, § 273.6 PC – Violation of a Restraining Order in California, достапно на: http.//www.shouselaw.com/violate-restraining-order.html#

[152] Muller H. J., Desmarais S. L., Hamel J. M., Do judicial responses to restraining order requests discriminate against male victims of domestic violence?Journal of Family Violence, 24(8), 2009, стр. 625-637.

насилникот да го користи домот или автомобилот или кои можат да ги ограничат родителските права до почетокот на судската расправа.

Привремените мерки PPO се издаваат со ограничено траење од 15 до 30 дена, зависно од државата, а можно е да биде сослушан само подносителот под заклетва.

Трајниот заштитен налог FPO го изрекува суд по одржување расправа. Тој може да го задолжи насилникот да плаќа трошоци за сместување и издржување на децата и жртвата и може да му даде обврска за посетување советувалиште. Неговото важење е од две години во Вирџинија и до три во Калифорнија. Во случај на непочитување на мерките и ако има физички повреди на жртвата, судот може освен што ќе го продолжи траењето на трајните мерки да изрече парична или казна затвор до три години.

*1. 2. Обединето Кралство*

Постојат повеќе законски извори во Обединетото кралство кои се применуваат за заштита од семејно насилство: Offences Aginst Person Act (1861), Sexual Offence Act (1956), Homicide Act (1957), Criminal Damage Act (1971), Police and Criminal Evidence Act (1984), Criminal Justice Act (1988), Criminal Justice and Public Order Act (1994), Protection from Harrasment Act (1997), Familiy Law Act (1997), Criminal Justice Act (1998), Youth Justice and Criminal Evidence Act (1999), Sexual Offence Act (2003), Crime and Victim Act (2004). Кривичниот закон не инкриминира засебно кривично дело.

Постојат два вида процесноправни мерки за заштита: забрани (injunctions) и заштитни мерки (protective orders). [153] Заштитните мерки може да се изречат само против лица осудени за семејно насилство или лица кои ги прекршиле претходно издадените забрани. [154]

Најчесто изречени мерки се: налог за протерување (occupation order), забрана за вознемирување (non - molestation order), ветување на тужениот (undertaking), забрана за повредување и приближување (common law injunction) и забрана за малтретирање (anti - harrrassment injunction). Подносителот на барањето е потребно да бил во брачна или вонбрачна врска со насилникот, да живееле заедно во исто домаќинство, да се роднини,

[153] Walby S., The cost of domestic violence, Department of Trade and Industry, 2004, стр.10-24.
[154] Draft Regulation on the European system of national and regional accounts in the European Union, достапно на: https://publications.parliament.uk/pa/cm201011/cmselect/cmeuleg/428-xv/42808.htm

вереници, да имале заеднички деца, да имале интимна врска на далечина или да биле странки во постапка за развод или одредување старателство. [155]

Налогот за протерување е мерка која ги уредува правата на оштетеното лице и ограничувањата на потенцијалниот сторител во врска со местото на живеење. Со него се спречува насилно иселување на жртвата од домот, но и нејзино враќање ако дошло до насилно иселување. Може паралелно да се издаде забрана за приближување или ограничување на правата ако сторителот е обврзан да живее во посебен дел од станот.

Зависно од природата на односот на странките дали се во брачна или вонбрачна заедница и прашањето во чија сопственост е недвижноста, судот може да издаде мерка протерување. Ако интересот на оштетениот е поголем заради важноста на неговата заштита, мерката ќе се издаде против сторителот иако оштетениот не е сопственик на недвижноста, смета професорката Врачан. [156] Со примена на balance of harm[157] тестот, насилникот може да биде обврзан да плаќа трошоци за одржување на домот, рати за кредит или изнајмување стан за оштетениот. Барањето за издавање налог за протерување со молба за итно решавање се поднесува до Magistrate’s Court или County Court кој е должен да одлучи во рок од 48 часа. Важењето на налогот за протерување е 6 месеци со можност за продолжување, а ако му е дозволено на насилникот да живее во посебен дел од станот, мерките за ограничување на користењето може да бидат и трајни. Престанувањето на важноста на налогот е во надлежност на судот. Вообичаено се внимава тужениот да добие барање за издавање налог и докази, но мерките може да се издадат и без одржување рочиште ако судот процени дека има доволно докази ако тужениот одбива да прими покана и постојат околности кои укажуваат дека во иднина жртвата не ќе може да поднесе друга мерка за заштита. Задолжително е одржување рочиште пред суд, а мерката стапува во сила, веднаш.

Издавањето забрани за вознемирување е регулирано во делот 40 Family Law Act - a со цел спречување идно насилство, закани и вознемирување. Мерките (non - molestation

[155] Willis J., McMahon M. Stalking: intervention orders. In Stalking: Criminal Justice Responses Conference Sydney: Australian Institute of Criminology, 2000.

[156] Врачан С., Процесноправне мјере против починитеља обитељског насиља. Хрватски љетопис за казнено право и праксу, 16(1), 2009, 179-213.

[157] Occupation orders under Family Law Act 1996 for cohabiting joint owners, Shelter, достапно на: https://england.shelter.org.uk/professional_resources/legal/relationship_breakdown/housing_rights_of_cohabiting_joint_homeowners/occupation_orders_under_family_law_act_1996_for_cohabiting_joint_owners

order) може да се издадат освен што се предвидени за заштита на личноста на жртвата и за нејзиниот имот кого била принудена да го напушти - смета професорката Врачан. [158] Најчесто ваквите налози се издаваат паралелно со налозите за протерување и важат шест месеци со можност за продолжување.

Во Обединетото Кралство постои и формално ветување од насилникот дека ќе се воздржува од вознемирување на жртвата или дека нема да ѝ се приближува. Ако судот оцени дека ветувањето нема да обезбеди сигурност на жртвата, може да издаде забрана за повредување и приближување (common law injunction) и забрана за малтретирање (anti - harrrassment injunction). Окружниот суд може заедно со овие забрани да го регулира и старателството врз децата како и да му забрани насилникот да ги одведе - “ Prohibited Steps Order”. Исто така, судот може да забрани изнесување на имот, пари и документи како и да забрани негова продажба и трошоење средства од заедничките сметки. [159]

Предвидена е и можност за издавање забрани за малтретирање на жртвата со мерките Anti - harrrassment injunction, со кои му се забранува телефонски да ја вознемирува жртвата, да ѝ се заканува, да ја следи, како и други дејствија кои може да ја вознемират. Услов за издавање на овој вид мерки е жртвата два пати да трпела малтретирање во неколку месеци.

Налогот за протерување предвидува можност судот заедно со него да издаде и дополнителен документ Power of arrest, според кој во случај на непочитување, полицијата има право да го приведе насилникот. Ако пријавителот поседува ваков налог во случај на пријава, надлежниот полицаец го лишува од слобода пријавениот и тој се изведува пред суд во рок од 24 часа. Со законските измени во 2007 година правото на приведување е по автоматизам и не е повеќе потребно да се издава Power of arrest ако има претходно забрана за малтретирање.

---

[158] Врачан С., Процесноправне мјере против починитеља обитељског насиља, Хрватски љетопис за казнено право и праксу, 16(1), 2009, стр. 179-213.

[159] Matczak A., Hatzidimitriadou E., Lindsay J., Review of domestic violence policies in England & Wales. Kingston University and St George's, University of London, 2011, стр. 3-10.

*1. 3. Австрија*

Австрискиот модел за заштита од семејно насилство се цени како еден од најдобрите европски законски решенија. Во него е применет Дулут моделот[160] со интегриран институционален систем за превенција и заштита, адекватен за мултиетничкиот карактер на државата. Законот за заштита од семејно насилство (Bundesgesetze zum Schutz vor Gewalt in der Familie: GeSchG 1997)[161] воведе низа револуционерни решенија како одговор спрема сторителите на овој вид кривични дела, но и низа заштитни мерки од граѓанско - правен аспект. Законот имаше одложена примена од шест месеци, период во кој беа воведени интензивни тренинзи и обуки на полициските службеници, судиите и беше промовирана кампања преку средствата за јавно информирање.

Тогаш за прв пат се воведени заштитни мерки: иселување од станот без оглед на правото на сопственост (der Platzverweis, Platzverweisung) и забрана за пристап во согласност со усвоената политика и местото да го напушта насилникот, а не жртвата (Der Schläger / die Schlägerin geht, das Opfer bleibt). Двете мерки ги изрекува полицијата според сопствена проценка на опасноста за животот, здравјето и слободата на жртвата во времетраење од 10 до 20 дена. Ако околностите укажуваат дека постои потенцијална опасност од настанување семејно насилство мерката иселување може да биде изречена и превентивно. (Kersting & Errdman, 2015). [162] Издавањето на мерките не зависи од субјективниот став на полицајците, туку се воведени посебно дизајнирани инструменти MARAC (Multy Agency Risk Assessment Conferences) и DAC (Danger Assessment Scale). Објективизацијата на обучените полициски тимови се гледа и во нивната обврска за навремено известување на судовите, интервенцискиот центар и центрите за социјална работа за издадените заштитни мерки. За разлика од САД, во Австрија налогот може да

[160] Дулут проект за интервенција во семејното насилство го развил „тркалото на моќ и контрола“ за да го појаснат ова: тој има моќ и контрола во центарот, опкружен со техники на принуда и закани, заплашување, емоционално малтретирање, изолирање, потценување, одрекување и обвинување, користење на децата, економско малтретирање, привилегија на мажите. Моделот се обидува да го реши малтретирањето со еднострано предизвикување злоупотреба на моќта од страна на „извршителот”. Критичарите на овој модел укажуваат на тоа дека едностраниот фокус е проблематичен бидејќи решение може да се постигне само кога сите учесници си ги знаат своите одговорности и ја утврдуваат и почитуваат меѓусебната цел.

[161] Parlament Osterreich, Protection against violence in the family-GeSchG (252 dB), достапно на: https://www.parlament.gv.at/PAKT/VHG/XX/I/I_00252/index.shtml

[162] Kersting S., Erdmann J., Analyse von Hellfelddaten–Darstellung von Problemen, Besonderheiten und Fallstricken anhand ausgewählter Praxisbeispiele. In Empirische Forschung über Kriminalität, Springer Fachmedien Wiesbaden, 2015, стр. 9-29.

биде укинат ако полицијата процени дека за жртвата повеќе нема опасност, ако судот издаде друга заштитна мерка, ако жртвата сама го напушти домот или доброволно го врати насилникот (Одељан & Рајић, 2013). [163]

Во случај на потреба од подолготрајно важење на мерките, надлежниот граѓански суд издава привремен судски налог со важност од три месеци. Полицијата на три дена врши проверки дали насилникот ги почитува мерките за забрана на пристап. Ако утврди непочитување, насилникот се казнува парично, а ако и понатаму продолжува да ја вознемирува жртвата може да биде лишен од слобода. После десетдневното изолирање од притисокот на насилникот се вклучуваат процесно правните мерки за заштита во надлежност на судот.

Привремените налози кои ги издава судот во итна постапка може да бидат: забрана за секаков контакт со жртвата, забрана за телефонирање, забрана за пишување писма, електронски пораки, забрана за пристап до работното место, градинка или училиште кое го посетуваат децата. Тие може да се издадат и без присуство на насилникот, а одлуката се темели на исказот на оштетениот, индициите за стореното дело, исказите на сведоците и материјалните докази како лекарски извештаи и слично. Против решението е дозволена жалба со барање да се одржи нова расправа.

Основниот законски текст претрпе неколку измени од кои најзначајни се тие од 2013 година кога што се воведени дополнителни заштитни мерки за децата погодени од насилство. Со измените на законскиот текст важењето на заштитниот налог е продолжено на 14 дена, а ако е поведена судска постапка полицискиот заштитен налог по автоматизам се продолжува за десет дена. Судски издадените привремени марки може да имаат важност до шест месеци или до завршување на судската постапка. Заедно со налогот за иселување, судот може да издаде и други забрани на насилникот, како на пример да биде во близина на одредени места, автобуски станици, работното место на жртвата или училиштето на децата. Подносители на барањата за заштита може да бидат, освен брачните и вонбрачните партнери, браќата, сестрите и роднините во права линија, како и посвоеници и штитеници, очувот или маќеата и законските старатели и нивните партнери, под услов да живееле заедно три месеци пред поднесувањето на барањето. Со законските

[163] Одељан Р., Рајић Б., Насиље у обитељи-компаративна анализа правне регулативе у земљама њемачкога говорног подручја, Полиција и сигурност, 22(2/13), 2013, стр. 258-268.

измени од 2004 година поимот близок роднина, (Врачан, 2009)[164] ги опфаќа и лицата кои живееле или живеат во заедница која личи на семејство, како на пример станар и закуподавач.

Австриското законодавство има воведено задолжителен анти насилен тренинг за сторителите на кривични дела од областа на семејното насилство. Во кривичниот закон (2006 г.) е воведено кривичното дело упорно прогонување (stalking), кое санкционира: постојано следење телефонски повици, електронска пошта, злоупотреба на податоци и влијание преку трети лица со цел вознемирување на жртвата. Во 2009 година воведено е кривичното дело трајно вршење насилство за кое законодавецот предвидел построги казни.

Според статистичките податоци на Сојузното министерство за внатрешни работи на Австрија, во периодот од 1997 година до 2004 година, [165] зголемен е бројот на поднесени пријави за 17 пати што укажува на ефикасноста на воведените законски измени. Само во 12% случаи е забележано непочитување на издадените мерки. [166]

Моделите на стереотипно однесување базирано на родова дискриминација тешко се искоренуваат и поради трансгенерациското преносување, насилството сѐ подлабоко е вкоренето во свеста. Затоа австрискиот мултисекторски и координиран пристап за справување со последиците од семејното насилство, кој ја чини Австрија 1,8 милијарди евра годишно, долгорочно се покажа како најефикасен. Тој пристапува кон редовна едукација, информирање и образование на сите фактори кои учествуваат во превенцијата и заштитата и промената на родовите матрици во свеста на децата од најрана возраст. [167]

Примената на координиран систем на заштита од целата општествена заедница предизвика намалување на бројот на жени жртви на семејно насилство за 13% во однос на другите земји на Европската Унија. Но, и понатаму секоја петта жена е жртва на некој

[164] Врачан С., “ Изнимка посебног казненог дјела у међународном уговору”, *Зборник Правног факултета у Загребу,* Загреб, 2009, стр. 10.
[165]European Institute for Gender Equality, Combatinh violence against woman, Austria
[166]European Institute for Gender Equality, Combatinh violence against woman, Austria, https://eige.europa.eu/sites/default/files/documents/2016.5488_mh0416662enn_pdfweb_20170215100609.pdf, пристапено на: 18.09.2023 г.
[167] European Institute for Gender Equality, Combatinh violence against woman, 2017, Austria, достапно на: https://eige.europa.eu/sites/default/files/documents/2016.5488_mh0416662enn_pdfweb_20170215100609pdf

облик на семејно насилство, а скоро третина од жените биле жртви на сексуално насилство.

*1. 4. Холандија*

Мултидисциплинарниот пристап и меѓусекторската соработка го карактеризираат и холандскиот законски систем за превенција и заштита од семејно насилство. Акцентот е ставен на брзата општествена реакција како ефикасен одговор на ескалацијата на семејното насилство. Според Zoomer така се гарантира повисок степен на заштита од насилство и трансгенерациски пренос и им се пружа правна и социјална помош на сторителите и на жртвите. [168]

Административното, граѓанското и кривичното право, предвидуваат различни облици на заштита. Законот за привремена забрана на пристапување како дел од административното право предвидува можност полицијата, а после тоа и локалната самоуправа и градоначалникот да предложат изрекување забрани за пристап за насилниците (huisverbod), и тоа само на полнолетни лица. Според Матијевиќ[169] во Холандија 20 - 30% од случаите на семејно насилство, сторители се малолетници спрема кои не може да се изрекуваат итни мерки, а со нив работат социјалните служби. Мерките имаат важност од 24 часа. [170]

Постои и мерка, забрана за посетување одредени места, отстранување од домот и забрана за контакт со подносителот на барањето. Полицискиот налог за иселување се издава отпосле, на предлог на полициските службеници и работниците од Центарот за социјални работи. Надлежен за одлучување е заменик градоначалникот или градоначалникот, кои во рок од три часа од приемот, одлучуваат и може да издадат итен налог со важност од 10 дена, со можност за продолжување до 28 дена. Тие во рок од 2 часа од пријавениот настан ја контактираат и советуваат жртвата. Полициските службеници го приведуваат насилникот и го отстрануваат од домот. Со издавањето итна мерка за иселување се изрекуваат и други мерки за забрана за вознемирување и било каков контакт со жртвата и децата преку телефон, или други средства за комуникација. Постојат

[168] Zoomer, O. J., Policing woman beating in the Netherlands. Women Policing and Male Violence: International Perspectives, 2013, стр. 125-154.
[169] Матијевић А., Насиље у обитељи-еуропски модели, Полиција и сигурност, 19(2), 2010, стр. 195-209.
[170] Wet tijdelijk huisverbod, 2008.

прифатилишта за сместување на насилниците за време на траењето на мерките заштита. Според Zoomer воведен е GPS мониторинг и преку него жртвите кои носат уред во случај на опасност алармираат до најблиската полициска станица. Така добиваат брзи и ефикасни совети за натамошно постапување и заштита, а органите на прогонот полесно го лоцираат движењето на насилникот. [171] Истата државна реакција и истиот систем на заштита се применува и кон највисоките државници вклучувајќи го премиерот и претседателот на државата. [172]

Холандскиот граѓански закон содржи одредби за задолжителна издршка на членовите на семејството и ако не се почитуваат, предвидува можност за барање надомест на штета од сторителот. Постои и право на тужба против институција која не го процесуирала случајот на семејно насилство или неосновано го отфрлила. Тоа гарантира поголем степен на водени постапки за заштита од семејно насилство. Законска заштита е предвидена за физичко, психичко и сексуално злоставување и искористување за брачните, вонбрачните партнери, членови на семејството и пријатели. Постојат специјализирани третмани и програми кои насилниците се должни да ги посетуваат.

Во кривичниот закон на Холандија, семејното насилство не е предвидено како посебно кривично дело, а се штити со повеќе инкриминации: убиство од небрежност со максимална казна затвор од 12 години (Чл.287, 289), телесна повреда (Чл.300), тешка телесна повреда (Чл.302). Демнењето е инкриминирано во Чл.285 - б од Кривичниот закон. Ако жртви на насилство се децата или интимниот партнер, предвидено е казните да бидат повисоки за 1/3, а истото е предвидено и за сексуални деликти сторени спрема деца или посвоеници (Чл.255), закани (Чл.285) и вознемирување (Чл.285 - б). Ваквите казни се предвидени само во случај на физичко и сексуално насилство. Преку кривичните дела присилба од Чл.284 и закани од Чл.285, се штити од психичкото семејно насилство. Во овие случаи не е предвиден зголемен законски максимум на казната. Затоа во извештајот на GREVIO на Холандија и е приговорено дека за физичкото насилство има високо поставена казнена рамка која ги санкционира заканите со правење сериозно кривично

---

[171] Zoomer, O. J., Policing woman beating in the Netherlands. Women Policing and Male Violence: International Perspectives, 2013, стр.125-154.

[172] Матијевић, А., Насиље у обитељи-еуропски модели. Полиција и сигурност, 19(2), 2010, стр. 195-209.

дело. Но, со оглед на тоа дека семејното насилство може да се изврши и преку многу полесни облици на закани, тие би останале неинкриминирани. [173]

Со донесување на Актот за семејно насилство и злоставување деца се надополнуваат казнено правните норми, зашто прекршочна нормираност за овие дела не постои. [174] Во него е дефинирано семејното насилство како секој облик на насилство кое е сторено од близок човек врз жртвата и служи како водач за постапување во тие предмети. [175]

## 2. Процес на правно регулирање на семејното насилство кај балканските земји и имплементирање на превентивни и заштитни механизми

*2. 1. Хрватска*

Хрватска како членка на меѓународната заедница им гарантира заштита на човековите права на сите нејзини жители со ратификацијата на Декларацијата за укинување на насилството врз жените; Конвенцијата за укинување на сите облици на дискриминација врз жените; Конвенцијата за забрана за мачење, грубо и нечовечко или понижувачко однесување; Конвенцијата за спречување и сузбивање на насилство врз жените и семејно насилство. Хрватска се обврза на осуда на партнерското насилство и изврши хармонизација на домашното законодавство со европското.

До стапувањето во сила на Законот за семејство [176] во кој во Чл.118 беше забрането насилничко однесување на брачниот другар или кој било полнолетен член на семејството. Заштита од семејно насилство жените можеа да остваруваат само според Кривичниот закон.[177] Според одредбите од глава: „Кривични дела против животот и телото” и „Кривични дела против слободата и половото општење”, жените имаат правна заштита подеднакво со другите граѓани.[178] Со измените и дополнувањата на Кривичниот закон од

[173] GREVIO, Baseline Evaluation Report Netherlands, Istanbul Convention, 2020, достапно на: https://rm.coe.int/grevio-report-on-netherlands/1680997253
[174] Indication of domestic violence and child abuse, 2016, достапно на: https://wetten.overheid.nl/BWBR0037818/2016-05-01
[175] Ibid.

**[176]** Obiteljski zakon pročišćeni tekst NN 103/15**,** 98/19**,** 47/20**,** 49/23, 156/23.
**[177]** Kazneni zakon pročišćeni tekst zakona NN 125/11**,** 144/12**,** 56/15**,** 61/15**,** 101/17**,** 118/18**,** 126/19**,** 84/21**,** 114/22**,** 114/23**.**

[178] Во Чл.213 од Кривичниот закон на Хрватска од 2015 г. со наслов „Запуштање и злоставување дете или малолетник „ се предвидуваше дека жената може да се заштити само ако се работело за насилство пред деца, па жените можеле да добијат само посредна заштита.

2000 година[179] е воведено ново кривично дело од Чл.215 „Насилничко однесување во семејството" за кое е предвидена казна затвор од шест месеци до пет години. Според оваа одредба, сторител на делото е член на семејството кој со насилство злоставува или со особено дрско однесување ќе доведе друг член на семејството во понижувачка состојба. Со измените во Кривичниот закон од 2011 година кој стапи во сила на 1. 1. 2013 година семејството го сочинуваат: брачните и вонбрачните другари, нивните заеднички деца, децата на секој од нив, роднини во права линија без ограничувања, роднини во странична линија заклучно со трет степен, роднини по сватовство, заклучно со втор степен, бившите брачни или вонбрачни другари, децата на секој од нив и нивните заеднички деца, лицата кои имаат заеднички деца, старателот и штитеникот, корисникот на сместување во хранителско семејство и членовите на нивните семејства додека трае тој однос. Според дефиницијата на семејството од Кривичниот закон на Хрватска го сочинуваат жената и мажот кои живееле заедно во брачна или вонбрачна заедница, децата на секој од нив и нивните заеднички деца ако повод за прекинување на брачната или вонбрачната заедница биле брачните или вонбрачните односи. Според чл 87 ст. 8 под истите услови, членови на семејството се истополовите партнери, децата на секого од нив и нивните заеднички деца како и бившите истополови партнери и децата на секој од нив.

Во Главата XVIII кривични дела против бракот, семејството и децата воведени се две нови кривични дела, присилно склопување брак и повреда на приватноста на детето, а е избришано кривичното дело насилничко однесување во семејството од Чл.215.

Предвидените санкции за сторителите на семејно насилство се движат од една до три години за делото од Чл.179 од КЗ на Хрватска, а со најновите измени кои стапија во сила на 01.01.2020 година и пропишаната минимална казна не постои можност за изрекување помала казна затвор од една година. Истовремено се намалени можностите за изрекување условни осуди за овој вид кривични дела.

Како дел од секундарната превенција на хрватското кривично законодавство предвидено е изрекување мерка за безбедност - психосоцијално лечење, која предвидува строрителот да се подвргне на когнитивно - БиХејвиорален третман со цел да му се укаже

[179] Kazneni zakon. „Narodne novine", broj 125/11, 144/12, 56/15, 61/15, 101/17, 118/18, 126/19, 84/21.

на штетните последици од насилничкото дејствување. [180] Ваквата мерка е поврзана со општо корисна работа и законот дава можност со завршувањето на општокорисната работа да заврши и мерката без санкција. Евидентно е дека изостанува евиденција за рецидивизам кај вака изрчените мерки. Согласно Чл.40 ст. 6 од КЗ алтернативната мерка општокорисна работа се изрекува како замена за изречена казна затвор до една година или како замена за парична казна. На тој начин сторителот се оддолжува спрема општеството, но жртвата нема да ја почувствува „праведноста” од постапувањето иако сторителот на тој начин ќе го задржи работното место и контактите со блиските, а ќе се избегне институционалното издржување на казната како поскапо. [181]

Новодонесениот Закон за семејство во 2003 година [182] не содржеше одредби за забрана на насилничко однесување во семејството заради усвојувањето на посебниот закон за заштита од насилство во семејството (ZZNO). Во него се предвидени: заштитата, видовите на насилство и целта на прекршочните санкции.

Во хрватското законодавство донесувањето на Законот за заштита од семејно насилство (ZZNO) во 2003 година беше силен исчекор кон сузбивање на проблемот на насилството врз жените. [183] Со овој закон семејното насилство се дефинира како секој облик на физичко, психичко, полово или економско насилство, а особено физичко насилство со примена на сила без оглед дали настапиле телесни повреди, секое телесно казнување и други начини на постапување кон деца во воспитни цели, психичко насилство, односно примена психичка присилба која предизвикува страв, загрозеност, вознемиреност или повреда на достоинството, вербално насилство, вербални напади, вреѓање, пцуење или друго вербално вознемирување, демнење или вознемирување преку средства за комуникација, или преку електронски и печатени медиуми, противправна изолација или загрозување на слободата на движење, полово вознемирување, оштетување, или уништување на личен и заеднички имот, забрана или оневозможување на користење на личен и заеднички имот, или обид за оневозможување, одземање на право, или забрана за располагање со лични приходи, или имот стекнат со лична работаили наследување,

[180] Pravilnik o izvršavanju psihosocijalnog tretmana izrečenog počinitelju kaznenog djela s obilježjem nasilja. „Narodne novine”, broj: 103/18.
[181] Zakon o probaciji. „Narodne novine”, broj: 99/18.
[182] Obiteljski zakon, pročišćeni tekst, NN 103/15, 98/19, 47/20, 49/23, 156/23
[183] Komitet za eliminaciju svih oblika diskriminacije žena, Zaključni komentari Hrvatska, CEDAW/C/CRO/CC/2-3, 2005, достапно на: http://www.ured-ravnopravnost.hr/site/preuzimanje/dokumenti/un/preporuke_un_odbora.pdf.

спречување на вработување или работа, присилување на економска зависност, скратување на средства за одржување на заедничко домаќинство и грижа за деца, или други издржувани лица на заедничкото домаќинство.

Освен наведените закони, правната рамка за заштита од семејно насилство во Хрватска ја сочинуваат: Законот за прекршоци;[184] Законот за кривична постапка;[185] Законот за социјална заштита; Законот за полициски работи и овластувања; Законот за заштита на сведоци; Законот за паричен надомест на жртвите од кривични дела, Законот за сузбивање дискриминација; Законот за рамноправност на половите; Законот за животно партнерство на луѓе од ист пол;[186] Законот за оружје на Република Хрватска предвидува забрана за издавање дозвола за носење оружје на оној против кого се води кривична постапка или е осуден за кривично дело против бракот, семејството и малолетни лица.

Во новиот Закон за заштита од семејно насилство (2009) во Чл.3 е дефиниран поимот семејство кое го сочинуваат: жена и маж во брак, нивните заеднички деца, децата на секој од нив, жена и маж во вонбрачна заедница, децата на секој од нив и заедничките деца, роднините во права линија без ограничувања, роднините во странична линија, заклучно со трет степен, роднините по сватовство заклучно со втор степен, во брачна и вонбрачна заедница, лицата кои имаат заеднички деца, старател и штитеник, корисник на сместување во хранителско семејство и членовите на нивните семејства додека трае тој однос. Семејството може да го сочинуваат маж и жена кои живееле заедно во брачна или вонбрачна заедница, децата на секој од нив и нивните заеднички деца, ако поводот за прекинување на брачната или вонбрачната заедница биле брачните и вонбрачните односи.

Членот 4 како семејно насилство го дефинира секој облик на физичко, психичко економско и сексуално насилство, при кое постојат конкретни акти на насилство: физичко насилство, односно примена на физичка сила без оглед дали настапила тешка телесна повреда или не, физичко казнување и други понижувачки дејствија кон деца во воспитни цели, психичко насилство кое предизвикало чувство на страв, вознемиреност, повреда на

[184] Prekršajni zakon NN 107/07, 39/13, 157/13, 110/15, 70/17, 118/18.
[185] Zakon o kaznenom postupku NN 152/08, 76/09, 80/11, 121/11, 91/12, 143/12, 56/13, 145/13, 152/14, 70/17
[186] Во Хрватска**,** истополовите заедници имаат законско признавање преку Законот за животно партнерство**.** Според овој закон, истополовите парови се еднакви на брачните парови во сѐ освен во посвојувањето.
Чл.10 ст. 2 т. 4 од Законот за оружје на Хрватска.
Zakon o zaštiti od nasilja u obitelji, čl. 3 „Narodne novine”, broj 70/17, 126/19, 84/21.

достоинството, вербално насилство, вербални напади, вреѓање, пцуење, нарекување со погрди имиња, или друг начин на грубо вербално вознемирување, демнење, вознемирување преку средства за комуницирање или преку електронски и печатени медиуми, или на други начини, комуницирање со трети лица, противправна изолација, или загрозување на слободата на движење, сексуално насилство, односно сексуално вознемирување, економско насилство под кое се подразбира забрана или оневозможување на користење на личен или заеднички имот или обид тоа да се направи, одземање на правото или забрана за располагање со лични приходи, имот стекнат со лична работа или наследство, оневозможување на вработување или работа, присилување на економска зависност, ускратување средства за одржување на заедничкото домаќинство и грижа за децата или другите издржувани членови на заедничкото домаќинство. Законска обврска е на центрите за социјална работа да се грижат за потребите на жртвите при што се нагласува нивната должност за секој акт на насилство за кого ќе дознаат во текот на работата да пријават во полиција или обвинителство. За непостапување според оваа обврска предвидена е парична казна.

Според актуелното законско решение во Хрватска, семејното насилство истовремено е прекршок и самостојно кривично дело, а понекогаш и квалифициран облик на друго кривично дело. Правната теорија со право укажува дека на тој начин настапува правна несигурност, неуедначеност на судската пракса зашто законското решение дава можност судиите според свое лично наоѓање да одлучуваат под која законска норма ќе го подведат делото. На тој начин се остава можност за повредување на начелото non bis in idem. Практично е невозможно понекогаш да се најде границата меѓу прекршокот и кривичното дело. Народниот правобранител повеќе години предупредува дека поострувањето на казните и честите законски измени не може да ги дадат очекуваните резултати, особено во казнено - правната сфера и намалувањето на бројот на фемициди. [187]

Најновите законски измени на ZZNO кои во Хрватска стапија во правна сила на 1. 1. 2020 година ги исклучија телесните повреди од правната квалификација на прекршокот и го задржаа квалификативот „примена на физичка сила" како облик на остварување на

[187] Vlada Republike Hrvatske, Pravobraniteljica za ravnopravnost spolova, достапно на: https://ravnopravnost.gov.hr/institucionalni-mehanizmi-1639/pravobraniteljica-za-ravnopravnost-spolova-2022/2022

прекршокот како насилство и под тој облик се подразбираат сите напади врз жртвата кои не оставиле последици во вид на телесни повреди во судско медицинска смисла. [188] Но оваа законска измена може да ги остави без правна заштита жртвите кои претрпеле огреботини, мали крвни подливи или црвенило, кои не се подведуваат под дејствија на чинење на кривично дело.

Според Чл.10 од ZZNO семејното насилство се дефинира како: примена на физичка сила по која не настапила телесна повреда, телесно казнување или друго понижувачко постапување кон деца, психичко насилство кое кај жртвата предизвикало повреда на достоинството или вознемиреност, полово вознемирување, економско насилство изразено како забрана на користење на заеднички или личен имот, располагање со личните приходи или имотот стекнат со лична работа или наследување, забрана за вработување, скратување средства за одржување на заедничкото домаќинство или грижа за децата, занемарување на потребите на лицата со инвалидитет или постари луѓе што доведува до вознемиреност и душевно страдање.

За кршење на Чл.10 од ZZNO предвидено е сторителот да се казни со парична казна од најмалку 2.000, 00 куни за повторување на насилството, минимумот на паричната казна е подигнат на 6.000, 00 куни, а минималната затворска казна е 30 дена. За семејно насилство кон дете, инвалид или постаро лице, минималната парична казна е 7.000, 00 куни, затвор од минимум 45 дена.

Постапката за издавање заштитни мерки е итна и судот е должен по предлогот да одлучи во рок од 24 часа од приемот. [189] Без одлагање се доставува до надлежната полициска станица заради спроведување. [190]

Членот 18 од (ZZNO) предвидува можност за издавање на следните заштитни мерки: задолжителен психосоцијален третман, забрана за приближување, забрана за вознемирување и демнење на жртвата, оддалечување од станот, куќата или од друг станбен простор, задолжително лекување од болести на зависност, одземање на предметите кои се наменети или употребени за чинење на насилство. Тие се издаваат во

[188] Borić R., Pojmovnik rodne terminologije prema standardima Europske unije. Zagreb: Ured za ravnopravnost spolova Vlade RH, 2007, стр. 100-120.
[189] Предлог за издавање заштитни мерки Чл.14 ст. 2. од ZZNO.
[190] Заштитните мерки од Чл.13 т.2 и 3 судот може да ги изрече пред поведување на прекршочна постапка.

итна постапка на предлог на оштетениот, овластениот тужител, како и по службена должност. Судот ги изрекува во рок од 24 часа од поднесувањето на предлогот. Доколку во рок од 8 дена од нивното издавање не е поднесен казнен налог, мерката се става вон сила. Праксата покажува поголема ефикасност на прекршочното постапување предвидено во (ZZNO) против семејното насилство, заради можноста на сторителите да им се изрекуваат заштитини мерки - оддалечување од домот и пред поведување на прекршочната постапка. На тој начин се намалува можноста за ревиктимизација на жртвите. Според Чл.130 ст. 6 од Законот за прекршоци, полициските службеници можат на лице место на сторителот на семејно насилство да му издадат наредба за привремена мерка за забрана на посетување.

Со заштитните мерки на сторителот може да му се изрече и казна затвор до 90 дена и парична казна од 50.000,00 куни.

Според службените податоци на полицијата од 2003 година[191] кога е донесен ZZNO, годишно се пријавувани од 11.500 до 17.500 случаи на семејно насилство, а бројот на жртви се движи од 14.500 до 22.200. Бројот на убиства на жени при семејно насилство е од 22 до 45 жени годишно, а жени жртви се од 64% до 71% зависно од годината. [192]

Националната стратегија за заштита од семејно насилство за периодот од 2017 до 2022 година во Хрватска е опфатена превенцијата, законодавната рамка, згрижување и помош на жртвите, психосоцијален третман на сторителите, подобрување на меѓусекторската соработка, обука на стручњаците и сензибилизација на јавноста. [193] Градот Загреб има загрепска стратегија за заштита од насилство за периодот од 2018 до 2022 година која предвидува укажување помош на жртвите, осигурување на континуирана финансиска подршка, прифатилишта и советувалишта за жртвите во градот Загреб. [194] Во 2021 година е деносен нов Протокол за заедничка работа на полицијата и државното

[191] Rasprostranjenost nasilja nad ženama u Hrvatskoj, достапно на: www.sigurnomjesto.hr, пристапено на 23.09.2023 г.
[192] Otroĉak D., Interpretacija rezultata istrazivanja nasilja nad zenama u Republici Hrvatskoj, Zagreb: Autonomna zenska kuća Zagreb, 2003, достапно на: http://www.azkz.net/assets/files/INTERPRETACIJA%20 -%20NNZ-prosinac%202003.pdf
[193] Ministarstvo za demografiju, obitelj, mlade i socijalnu politiku, 2017
[194] Antolović Lj., Barić M., Devčić S., Sigurnosna mjera obveznog psihosocijalnog tretmana – izazovi u... Hrvatski ljetopis za kaznene znanosti i praksu (Zagreb), vol. 28, broj 2/2021, стр. 569-601.

обвинителство во кривичните предмети[195] кој во Чл.5 предвидува можност полицијата да побара мислење од државниот обвинител за поединечни правни прашања кои се појавиле во текот на работата.[196] Таквото мислење е обврзувачко.

*2. 2. Босна и Херцеговина*

Правната рамка за заштита од семејно насилство во Босна и Херцеговина која декларира право на живот без насилство е проследена и со неколку „политички" документи кои прокламираат силен одговор и спротивставување на овој вид насилство. [197] Во декември 2007 година е усвоена Резолуцијата за борба против семејното насилство која потврдува дека секој облик на насилство врз жените, како и насилството врз жените во семејството е чин на кршење на основните слободи и права. Таа ги повикува сите институции да усвојат законски и буџетски мерки и планови за спречување на семејното насилство како и да овозможат брз пристап до судовите, изрекување заштитни мерки и помош во процесот на оправување на жртвите. Стратегијата за превенција и борба против семејното насилство донесена во 2009 година за периодот од 2009–2011 година [198] како причини за негова појава ги истакнува неадекватните услови за живот, невработеноста, финансиската несигурност, алкохолизмот, стресот, менталните болести, наркоманијата, насилството како начин на однесување, наследен од патријархалното сфаќање на односите меѓу мажите и жените. Како жртви на насилството ги именува брачните другари, бившите брачни другари, децата, родителите и други лица кои живеат во семејна заедница. Поимот го опфаќа секој облик на физичко, сексуално, психолошко или економско насилство кое го изложува на ризик некој член на семејството, постојан или повремен партнер, употреба на физичка или емотивна сила, закана за физичко насилство - вклучително и сексуално насилство во семејството или домаќинството. Таа поставува долгорочна цел, развивање на превенцијата и ускладен и адекватен одговор на сите институции кои имаат обврска за задолжително пријавување, зашто непријавувањето

[195] Potpisan Protokol o zajedničkom radu policije i državnog odvjetništva u kaznenim predmetima, Ministarstvo unutarnjih poslova, 2021, достапно на: https://policija.gov.hr/vijesti/potpisan-protokol-o-zajednickom-radu-policije-i-drzavnog-odvjetnistva-u-kaznenim-predmetima/5208

[196] http://www.dorh.hr/Download/2006/11/29/Protokol_odvjetnistvo.pdf

[197] Петрић Н. Д., Међународни правни стандарди у области насиља у породци и правна заштита жртава у Босни и Херцеговини. Сварог, 1(7), 2013, стр. 89-104.

[198] Strategija prevencije i borbe protiv nasilja u porodici u Bosni i Hercegovini od 2009.do 2011. godine, Cilj 1. „Službeni glasnik Bosne i Hercegovine" broj 70/09.

претставува кршење на човековите права. Во рамките на планираните активности предвидува вметнување на корисници на услугите од Законот за бесплатна правна помош на жртвите. Истовремено предвидува измени во Законот за задолжително здравствено осигурување на жртвите и почетна финансиска помош за нивно осамостојување.

Следната 2008 година усвоен е Стратешки план за превенција на семејно насилство,[199] кој не упатува на жените директно како жртви кои преживуваат насилство дефинирајќи го како насилство сето она што еден член го врши врз друг член во семејството, без негова согласност. Во неа не се препознаваат жените како предоминантни жртви како во другите документи. [200]

Во декември 2010 година е донесена Стратегија за борба против семејното насилство во Република Српска до 2013 година Таа има родово неутрален пристап и не ги истакнува жените во називот како примарен субјект на заштита од насилство иако според податоците на Министерството за внатрешни работи во 97,4% од евидентираните случаи на семејно насилство, сторители биле мажи на возраст од 20 до 60 години, а во 80% жените биле жртви на сегашните или бившите сопрузи или партнери. Во неа се укажува дека културлошките стереотипи и традиционалните патријархални обрасци на однесување се рефлектираат и низ образовниот процес заради неподготвеноста на наставниот кадар да ги прифати промените. [201]

Нормативните промени значеа воведување на нова инкриминација како посебно кривично дело „семејно насилство" во Кривичниот закон на Босна и Херцеговина, [202] Република Српска[203] и Брчко Дистрхот на Босна и Херцеговина[204] чија цел е санкционирање и спречување на семејното насилствокое најчесто се случува во брачните заедницикон членови на домаќинството и децата. Во членот 2 од Кривичниот закон на ФБиХ како членови на семејството се дефинираат брачните и вонбрачните другари,

---

[199]Достапно на страницата на Агенцијата за рамноправност на половите БиХ: http://www.arsbih.gov.ba/index.aspx?PID=3&RID=70

[200] Strateški plan za prevenciju nasilja u porodici za Federaciju BiH od 2009.do 2010. godine, Cilj 4. „Službene novine Federacije Bosne i Hercegovine" broj 75/08.

[201] Запажања о примјени Закона о заштити од насиља у породици упракси надлежних институција јула 2009 године, OSCE, Насиље у породици – одговор надлежних институција и заштита жртава у Федерацији Босне и Херцеговине и Републици Српској, 2009.

[202] Krivični zakon Federacije Bosne i Hercegovine – 2003.

[203] Krivični zakon Republike Srpske – 2017.

[204] Krivični zakon Brčko Distrikta Bosne i Hercegovine – 2020.

поранешните брачни и вонбрачни партнери, крвните роднини во права линија, посвоителите и посвоениците, роднините во странична линија до трет степен заклучно со родниниге по сватовство до втор степен. Живеењето во заедничко домаќинство не влегува во поимот „член на семејството", како и вдомувачите на штитениците и истополовите партнери. [205]

Очигледно е дека е санкционирано само физичкото и психичкото насилство, а отсуствува казнивост за економското насилство кое најчесто ги следи претходните два облика на семејно насилство.

Законот за прекршоци на ФБиХ има поширока дефиниција за поимот членови на семејството и предвидува дека семејството е составено од: брачните и вонбрачните партнери и нивните деца (заеднички или од поранешни заедници), крвните роднини и роднинство настанато со потполно посвојување во права линија без ограничувања, а во странична линија заклучно со четврт степен, очув, макеа, посвоеник и посвоител од непотполно посвојување, роднини по сватовство, заклучно со втор степен, старател и штитеник, хранител и раненик, поранешни брачни и вонбрачни партнери, нивните деца (заеднички или од поранешни заедници) и нивните родители, вклучувајќи ги очувот и маќеата. Во членот 7, насилството е дефинирано како: секоја примена на физичка сила кон физичкиот или психичкиот интегритет на член од семејството; секое постапување на еден член на семејството кое може да предизвика физички или психичка болка и страдање; сѐ што може да предизвика страв или лична загрозеност, повреда на достоинството на член од семејството со уцена или друга принуда, физички напад врз друг член на семејството без оглед дали настапила физичка повреда или не, вербален напад, навредување, пцуење,

[205] Член 222 „Семејно насилство"
" (1) Кој со насилно, дрско или безобразно однесување го загрозува мирот, телесниот интегритет или психичкото здравје на член на семејството ќе се казни со парична казна, или казна затвор до една година.
(2) Кој кривичното дело од ставот 1 од овој член го стори спрема член на семејството со кого живее во заедничко домаќинство ќе се кзни со парична казна, или казна затвор до три години.
(3) Ако при сторување на кривичното дело од ст. 1 и 2 од овој член е употребено оружје, опасно орудие или друго средство со кое тешко може да го повреди телото, или наруши здравјето, сторителот ќе се казни со казна затвор од три месеци до три години.
(4) Ако со кривичното дело од ст. 1 до ст. 3 од овој член, членот на семејството тешко повреден или здравјето му е тешко нарушено, или ако кривичното дело од ст. 1 до 3 од овој член е сторено спрема дете или малолетник, сторителот ќе се казни со казна затвор од една до пет години.
(5) Ако со кривичното дело од ст 1 до 4 од овој член е предизвикана смрт на член од семејството ќе се казни со казна затвор од две до петнаесет години.
(6) Кој ќе усмрти член на семејството кого претходно го злоставувал ќе се казни со казна затвор најмалку 10 години или долготраен затвор.

употреба на погрдни имиња, сексуално вознемирување, демнење и други начини на грубо вознемирување, оштетување или уништување на заеднички имот или посебен имот, физичко насилство и предизвикување страв од одземање на правото на економска независност, забрана за работа или држење на член на семејството во состојба на зависност или подреденост; употреба на физичко и психичко насилство кон деца и нивно занемарување; физичко и психичко насилство кон стари, изнемоштени лица и нивно занемарување во нега и лечење; насилно изолирање или ограничување на слободата на движење на член на семејството и непружање должно внимание и заштита на члени покрај законската обврска. Очигледна е двојната квалификација на насилството во семејството што предизвикува проблем во судската пракса на судовите.

По реформата на кривичното законодавство во 2003 година, семејното насилство се третира како посебно кривично дело на територијата на БиХ. Со донесувањето на Законот за заштита од семејно насилство во 2006 година во Република Српска се воведе можност овие дела да се процесуираат и како прекршоци. Кривичниот закон на БиХ во согласност со меѓународните стандарди обврзува делата поврзани со семејно насилство да се процесуираат како кривични дела ex officio. [206]

На подрачјето на БиХ од 2016 година се применува Законот за спречување семејно насилство. [207] Поимот семејство во овој закон е дефиниран како заедница која ја сочинуваат брачните и вонбрачните партнери, роднини кои живеат заедно, крвни роднини и роднинство настанато со потполно посвојување во права линија без ограничувања, а во странична линија заклучно со четврт степен, посвоеник, посвоител од однос на непотполно посвојување, роднини по сватовство заклучно со втор степен, старател и штитеник, хранител и раненик. Според овој закон семејното насилство се дефинира како било кое дело со кое се нанесува физичка, психичка или економска штета или патење, закани со такви дела или пропуштање на должно внимание кое ги спречува членовите на семејството да ги уживаат своите права и слободи на принципот на рамноправност во јавната и приватната сфера на живот.

[206] Анекс од 30.04.2002 г. ст. 55 на Комитетот на министри на Советот на Европа на државите членки и Резолуција бр. 63/155 на Генереалното собрание на Обединетите нации A/Res/63/155, ст. 16 к став 16(k).
[207] Zakon o sprečavanju nasilja u porodici 2016-ZZNP – FBIH.

Како дејствија на чинење семејно насилство во Чл.6 ст. 2 се предвидени: секоја примена на физичка сила или психичка принуда врз психичкиот интегритет на член на семејството; секое постапување на член на семејството кое може да предизвика физичка или психичка болка или економска штета, страв или лична загрозеност; повреда на достоинството на семејството со уцена или друга принуда; физички напад од еден на друг член на семејствотобез оглед дали настапила физичка повреда или не; вербален напад, вреѓање, пцуење, нарекување со погрдни имиња, други начини на грубо вознемирување, сексуално вознемирување и вознемирување на друг член на семејството; демнење и други слични облици на вознемирување; пропуштање на должно внимание и вршење надзор врз друг член на семејството. Насилството може да го пријават здравствените и социјалните работници, наставниците, воспитувачите, медицинските и образовните установи, невладините организации ако дознаат за сторено дело на семејно насилство како и самата жртва. За заштита од семејно насилство предвидени се прекршочни санкции како заштитни мерки, оддалечување од станот, куќата или некој станбен простор и забрана за враќање, забрана за приближување на жртвата на семејно насилство, забрана за вознемирување и демнење, обврска за подвргнување на психосоцијален третман, задолжително лечење од болести на зависност. Откако е усвоен Правилникот за начинот и местото за спроведување заштитни мерки, задолжително лекување од зависности и опојни droги, судиите можат да наредат лечење од зависности во различни установи. [208] Како мерка за заштита на жртвите од семејно насилство предвидено е сместување во сигурни куќи или пружање краткорочна финансиска помош, како дополнителна помош, која не ја изрекува судот.

При изрекувањето на заштитните мерки судот се води од целта и тежината на изречената мерка, нејзината ефикасност, а по потреба може да ги замени со друга заштитна мерка. Органот за старателство е обврзан да води евиденција за изречените заштитни мерки да го следи нивното извршување и да го известува судот за нивното

[208] Во Федерацијата Босна и Херцеговина оваа мерка може да се спроведува во заводите за лечење зависности, центрите за ментално здравје или терапијски заедници/комуни. Правилникот на Република Српска пропишува дека оваа мерка може да се спроводува во центрите за ментално здравје, психијатрајските оделенија на општите болници, психијатријските клиники, специјализираните оделенија за лечење зависности од алкохол и опојни дроги и други установи кои имаат одобрение од Министарството за здравство и социјална заштита на Република Српска.

спроведување, да предлага продолжување или замена на изречените мерки. За непочитување на заштитните мерки предвидена е парична казна.

Во Република Српска се применува Законот за спречување насилство во семејството.[209] Од 2020 година па во иднина семејното насилство се казнува само како кривично дело од Чл.190 ст. 1 од Кривичниот закон на Република Српска.[210] Според законскиот текст на оваа одредба со парична казна или казна затвор до три години се казнува тој што со примена на насилство ќе се закани дека ќе го нападне животот и телото на другиот, со дрско или безобразно однесување го загрозува спокојството, телесниот интегритет или душевното здравје на член на семејството, или семејната заедница. Очигледно е дека не е инкриминирано економското насилство и во оваа одредба, ниту пак, е понудена прецизна дефиниција на поимот „член на семејството" иако во ст. 6 од Чл.190 е предвиден поширок круг на лица кои се сметаат за членови на семејството. Тоа го вели Кривичниот закон на БиХ.[211] Како членови на семејството или семејната заедница се сметаат брачните партнери или бившите брачни партнери и нивните деца, децата на секој од нив, вонбрачните партнери, или поранешните вонбрачни партнери, нивните деца или децата на секој од нив, роднини по сватовство заклучно до втор степен без оглед на фактот дека брачната заедница престанала, родителите на сегашните и поранешните брачни и вонбрачни партнери, роднини настанати со целосно посвојување во права линија без ограничување, а во странична линија заклучно до четврт степен, како и роднини од нецелосно посвојување лица кои ги поврзува однос на старателство, лица кои живееле или живеат во исто семејно домаќинство, без оглед на сродството, лица кои имаат заедничко дете или дете кое е зачнато, иако никогаш не живееле во исто семејно домаќинство, лица кои се во емотивна или интимна врска, без оглед дали сторителот го дели или го делел живеалиштето со жртвата. Како санкција за сторителите е предвидена работа во хуманитарна организација или локална заедница.

Спроведувањето на овие мерки е предвидено во повеќе подзаконски акти. Правилниците ја предвидуваат улогата на полицијата во извршувањето на заштитните мерки како и улогата на центрите за социјална работа при пружањето помош и при

[209] Службени гласник на Република Српска број 118/05, стапил во сила на 1. јануари 2006 година. Измени и дополнувања се објавени во Службен гласник РС број 17/08, а стапиле во сила на 6. Март 2008 година.
[210] Čl. 190 st. 1 Krivičnog zakona Republike Srpske (KZ-RS).
[211] Чл.190 ст. 6 КЗРС.

извршувањето на мерките. Предвидено е одредување на одговорно лице кое е должно на жртвите да им ги пружи потребните информации поради подготовка на проценката за загрозеноста на жртвата. Иако правилниците и мерките се во согласност со најдобрите пракси и искуства кога е во прашање интервенција на полицијата за заштита на жртвите во реалноста, мерките ретко се изрекуваат, а ако се изречат не се спроведуваат. [212]

Поаѓајќи од меѓународните стандарди во врска со изрекувањето заштитни мерки изјавата на жртвата и нејзиното сведочење се доволни докази за примена на заштитни мерки. Ова најмногу, зашто мерките се со ограничено времетраење и полициската проценка за ризикот по жртвата е доволен за нивно итно изрекување, а според својата природа не утврдуваат кривична одговорност на сторителот. Постапката за изрекување заштитни мерки е итна и е предвиден рок од 8 дена за нивно решавање. [213]

Одредбите на Законот за спречување насилство во семејството[214] предвидуваат прекршочна одговорност за непостапување по издадените заштитни мерки и претставуваат унапредување на правата на жртвите, што се гледа од прилагодувањето на законската рамка кон одредбите на Истанбулската конвенција особено во делот кој предвидува координиран пристап на сите институции. [215]

Според истражувањата извршени во Босна и Херцеговина 90% од граѓаните изразиле висок степен на свесност за присутноста на семејното насилство, а 45% на насилството гледаат како на приватен проблем. Фрапантни 80% од испитаниците сметаат дека во одредени ситуации е оправдано насилството кон член на семејството, а дури 47%

---

[212] Правилник о начину и мјесту спровођења заштитне мјере обавезног психосоцијалног третмана починилаца насиља у породици који судијама омогућава да издају наредбу починиоцима насиља у породици да се подвргну психосоцијалном третману у различитим институцијама, укључујући центре за ментално здравље и специјалистичке психијатријске службе при здравственим установама, у сарадњи са центрима за социјални рад. Правилник Федерације Босне и Херцеговине прописује да трошкове третмана сноси суд који изриче мјеру, а Правилник Републике Српске не прописује ко сноси трошкове третмана. Објављено у Службеним новинама ФБиХ број 9/06 и Службеном гласнику РС број 26/06. Службене новине Федерације Босне и Херцеговине број 60/06 и Службени гласник Републике Српске број 97/06. Правилник о начину и мјесту проведбе мјере обавезног психосоцијалног третмана учинилаца насиља у породици Федерације Босне и Херцеговине, члан 3.

[213] Чл.2 и Чл.3-Zakon o sprečavanju nasilja u porodici 2016-ZZNP – FBIH.

[214] ZZNP942 – RS 2006 Zakon o izmjenama i dopunama Zakona o zaštiti od nasilja u porodici Republike Srpske, Službeni glasnik Republike Srpske 84/19 od 16. 10. 2019. Godine.

[215] Препорака (2002)5 на Комитет на министри на Советот на Европа од 30 април 2002 г.

од жените почувствувале во текот на животот семејно насилство. Најчесто е физичкото насилство, психичкото, а потоа и сексуалното насилство. [216]

*2. 3. Репубика Србија*

Процесот на изнаоѓање нормативни решенија потикнат од глобалниот социјален и општествен момент во Србија започна со воведувањето посебно кривично дело „Семејно насилство" во Кривичниот закон од 2002 година, [217] Законот за јавен ред и мир, [218] Законот за семејство од 2005 година [219] и Законот за спречување семејно насилство. [220]

Потребата од воведување посебна инкриминација на кривичното дело „Семејно насилство" во српското законодавство произлезе од влијанието на меѓународните правни норми и стандарди кон кои Србија пристапи и ги ратификува, а и од зачестеноста на феноменот на семејно насилство во сите негови облици. Дотогаш ова кривичнио дело се санкционираше со други општи кривични инкриминации. Според Чл.194 ст. 1 српскиот кривичен законик[221] инкриминира: „Тој што со употреба на сила или сериозна закана ќе нападне по животот или телото или се однесува на дрзок или немилосрден начин, со што го загрозува мирот, физичкиот интегритет или психичката состојба на член на своето семејство, ќе се казни со парична казна, или казна затвор до 3 години". Во ставот 2 се предвидени квалификаторните околности: „Ако сторителот користи оружје, опасно средство или средство подобно тешко да повреди или да го загрози здравјето на другите, ќе се казни со затвор од 5 месеци до 5 години. Ако настанат тешки телесни повреди или настане трајно нарушување на здарвјето, сторителот ќе се казни со затвор од 2 до 10 години. Казна затвор од најмалку 10 години е предвидена ако настапи смрт на член на семејството. Гонењето е по службена должност, а за да се исполни битието на кривичното

---

[216]Violence domestique, violence conjugale et maltraitance des enfants, достапно на: https://dhsprogram.com/pubs/pdf/FR121/17chapitre17.pdf

[217] Кривични закон Републике Србије, „Сл. гласник СРС", бр.26/77, 28/77-испр., 43/77-испр., 20/79, 24/84, 39/86, 51/87, 6/89, 42/89 и 21/90 и „Сл. гласник РС", бр. 6/90, 26/91-одлука УСЈ бр. 197/87, 75/91-одлука УСРС бр. 58/91, 9/92, 49/92, 51/92, 23/93, 67/93, 47/94, 17/95, 44/98, 10/2002, 11/2002-испр., 80/2002-д-р Кривични закон, 39/2003 и 67/2003 Zakon o izmjenama i dopunama Krivičnog zakona (Službeni glasnik Republike Srbije 10/02 Kazneni zakon Republike Srbije 2005 Главе деветанесте „Кривична дела против брака и породице".

[218] Закон о јавном реду и миру Службени гласник РС, бр. 6/2016 и 24/2018.

[219] Породични закон, Службени гласник РС, бр. 18/2005, 72/2011 – д-р закон и 6/2015.

[220] Закон о спречавању насиља у породици, „Сл. гласник РС", бр. 94/2016.

[221] Kazneni zakon Republike Srbije, 2005

дело потребна е дирекна умисла, што претпоставува дека сторителот ги сакал последиците од чинењето на кривичното дело”.

Во членот 89 од Кривичниот закон на Република Србија е предвидено судот да може да изрече мерки за безбедност, забрана за приближување на одредена оддалеченост и комуницирање со оштетениот, забрана за пристап околу местото на живеење или работење на оштетениот, забрана за натамошно вознемирување ако се оцени дека е тоа опасно по интегритетот на жртвата. Предвидена е можност за изрекување на предвидените мерки за безбедност заедно со осуда за кривично дело. Нивното траење се определува на три години, а сторителот може да бара да бидат отповикани и порано кога ќе престанат причините за нивното издавање.

Очигледно е дека законската дефиниција на „семејното насилство” од Кривичниот закон на Република Србија не го опфаќа економското насилство како што налагаат меѓународните стандарди. Ваквата нестандардна дефиниција предизвика различна примена во судската пракса која се уедначува со донесувањето на пресудата на Врховниот Касационен суд на Србија, [222] и која упатува дека и поединечните дејствија на злоставување се доволни за подведување под поимот семејно насилство од Чл.194 ст. 1 доколку имаат такви обележја, а долготрајноста на злоставувањето не е претпоставака за таква квалификација.

Како дејствија на извршување Законот ги набројува и нанесувањето или обидот за нанесување телесна повреда, предизвикување страв со закана за убиство или нанесување повреда на член од семејството или нему блиско лице, присилувањето на сексуален однос, наведување на сексуален однос или сексуален однос со лице кое не наполнило 14 години живот или немоќно лице, ограничување на слободата на движење или комуницирање, како и секое друго дрско, безобразно и злонамерно однесување. Овие дејствија (секое друго дрско, безобразно и злонамерно однесување) не се прецизно утврдени и затоа судовите посебно треба да ги утврдат овие обележја и на тој начин нема да ја отежнат својата ефикасност.

Инкриминирани се и кривичните дела: демнење, присилно склучување брак, сакатење женски полови органи, присилен абортус и сексуално вознемирување. Исто така

[222] Vrhovni Kasacijski sud Republike Srbije, Rev.2844/10 od 26 svibnja 2010. Godine.

инкриминирано е и насилството врз децата, запуштањето и злоставувањето малолетници што го прави тој што со грубо занемарување на должноста за грижа и воспитување го тера малолетникот на претерана работа, просјачење или од користољубие. Тоа се работи кои му штетат на детскиот развој. Сторители на овие дела може да бидат родителите, но и лицата на кои им е доверена грижата за малолетните. Воведен е и нов облик на тешко убиство – убиство на член на семејството кој порано бил злоставуван. Според научните согледувања[223] поимот „претходно злоставување" е непрецизен зашто не е одреден временски период на негово траење и се препорачува да се подведе под инкриминацијата на кривичното дело „семејно насилство".

Дефиницијата на поимот семејство е регулирана во Чл.112 ст. 28 од Кривичниот закон на Република Србија и ги опфаќа вонбрачните другари како и бившите брачни другари, но не и бившите вонбрачни другари ако немаат деца, ниту други интимни односи, како односи меѓу тинејџери кои немаат заедничко престојувалиште или заеднички деца. GREVIO извештајот за Србија за 2020 година [224] укажува на потесната дефиниција која не ги опфаќа сите видови односи, особено на бившите интимни партнери, независно дали сторителот и жртвата се во брак или не, дали имаат заедничко престојувалиште, и дали имаат заеднички деца.[225] Во истиот извештај се укажува и на малиот број процесуирани случаи на психичко и економско насилство заради недостатоците во законската регулатива.

Законот за јавен ред и мир штитејќи го јавниот ред и мир во Чл.7 предвидува: „тој што се кара и вика на јавно место, недолично, дрско и безобразно се однесува, (Чл.8) и во Чл.9 вреѓа, употребува насилство закани и тепање како општи одредби за прекршочна одговорност за сторителите, директно не го заштитува семејното насилство".[226]

Истражувањето извршено од Европското движење за Европа утврди дека во 63% од правосилно завршените постапки за семејно насилство, сторител бил поранешниот

---

[223] Jovanović S., Simeunović P.B., Macanović V., Krivičnopravni odgovor na nasilje u porodici u Vojvodini. Novi Sad, 2012, стр. 55.
[224] Prvi GREVIO izveštaj o primeni Istanbulske konvencije u Srbiji, 2020, достапно на: https://hrcvr.org/prvi-grevio-izvestaj-o-primeni-istanbulske-konvencije/
[225] Ekspertska grupa Saveta Evrope za borbu protiv nasilja nad ženama i nasilja u porodici (GREVIO), Izvestaj procenu mera koje su srpske vlasti preduzele, достапно на: https://rm.coe.int/executive-summary-and-recommendations-in-serbian/pdfa/16809987eb, стр. 43.
[226] Закон о јавном реду и миру Службени гласник РС, бр. 6/2016 и 24/2018

партнер.[227] Според Lazarević судската пракса како семејно насилство го прифатила и удирањето шамари, тргањето за коса, поливање со вода, туркање и сл. [228]

Законот за семејство на Република Србија предвидува можност за изрекување мерки за заштита од семејно насилство (Чл.198 ст. 2): налог за иселување на насилникот од домот без оглед на правото на сопственост; налог за вселување во семеен стан или куќа без оглед на правото на сопственост; забрана за пристап околу местото на живеење или работење; забрана за натамошно вознемирување и друго. Мерките за заштита се со важност до 1 година, а ако постојат причини може да се продолжуваат сè додека за тоа има потреба. Ако престанат причините за нивно изрекување може да бидат отповикани и пред престанокот на нивната важност. Постапката која е итна се поведува со тужба и се води согласно со Законот за парнична постапка. Активно легитимирани за водење на вакви спорови се жртвите или нивниот законски застапник, јавниот обвинител и органот за старателство. Лицето спрема кое се изречени мерки за заштита, по нивното истекување има право со тужба да бара нивен престанок. Судот закажува прво рочиште во рок од 8 дена по приемот на тужбата. Во рок од 15 дена од приемот на жалбата второстепениот суд е должен да одлучи за неа. При донесувањето пресуда судот не е врзан за тужбениот петитум и може да дозволи и мерки за заштита кои не биле предложени. Кога има потреба во постапката, може да биде вклучен и надлежниот Центар за социјална работа. Поради итноста на постапката, судот е должен веднаш по донесувањето на заштитните мерки да ги достави до надлежниот центар за социјална работа и органот за старателство, а жалбата не го задржува нивното извршување.

Правните теоретичари во Република Србија сметаат дека постојат премногу законски норми во Законот за семејство, [229] Кривичниот закон, [230] Законот за нарушување на јавниот ред и мир, [231] Законот за полиција, [232] Законот за спречување насилство во

[227] Lukić M., Jovanović S., Drugo je porodica: Nasilje u porodici – nasilje u prisustvu vlasti, Beograd, Institut za kriminološka i sociološka istraživanja, 2001, стр.50-51.
[228] Lazarević J., Krivična dela sa elementom nasilja, sa posebnim osvrtom na krivična dela nasilja u porodici i nasilničkog ponašanja. Bilten sudske prakse, br. 3, Beograd, 2002, стр. 418.
[229] Породични закон, Службени гласник РС, бр. 18/2005, 72/2011 – д-р закон и 6/2015.
[230] Кривични законик – КЗ, Службени гласник РС, бр. 85/2005, 88/2005 – испр., 107/2005 – испр., 72/2009, 111/2009, 121/2012, 104/2013, 108/2014. и 94/2016.
[231] Закон о јавном реду и миру – ЗОЈРМ, Службени гласник РС, бр. 6/2016.
[232] Закон о полицији – ЗП, Службени гласник РС, бр. 6/2016.

семејства, [233] а ефектот посебно после донесувањето на ЗСНС[234] наместо да биде превентивен и во насока на намалување, за жал, е во насока на зголемување на семејното насилство. Професорите д-р Драгана Колариќи и д-р Саша Марковиќ со право констатираат дека во рамките на евроинтеграцијата и спроведувањето реформи во системот на безбедност и правда, а во време на отварање на поглавјата 23 „Правосудство и основни права" и 24 „Правда, слобода и безбедност": „Во процесот на усвојување и извршување acquis communautaire (правните тековини на ЕУ), присутни се „увезени експерти" и се врши притисок од бројни невладини организации за донесување нови законски решенија". [235]

Српското законодавство е во потполност во склад со Конвенцијата за правата на детето, но не го уважува правото на почитување на семеен живот на детето – смета професорот Урош Новаковиќ. Тој предлага примена на истражното начело во патернитетните спорови, со што би се исполнила обврската судовите при одлучувањето да се водат од најдобрите интереси на детето. Негов предлог е во сите постапки кои се однесуваат на дете (Чл.6 и 266 од Законот за семејство) при овозможување и одбивање на вршење на родителски права да се има предвид интерсот и стабилноста на детето. [236]

Нивниот труд содржи анализа на карактеристични одредби од ЗСНС. Тие укажуваат на неприфатливата терминологија на законодавецот за каков вид постапка станува збор, дали итните мерки имаат превентивна или репресивна улога, како да се спречат евентуалните злоупотреби и какви се почетните ефекти од неговата употреба. Анализирајќи ги достапните податоци, видно е дека тие го утврдуваат ефектот од донесувањето на овој, за нив спорен закон, наместо превенција. Државата не одговорила на најдобар начин за проблемот наречен „семејно насилство".

Поаѓајќи од премисата дека во правото до резултати се доаѓа по јасно трасиран пат создаден со нормативно приспособување, почитување на хиерархијата на правните акти и

---

[233] Закон о спречавању насиља у породици, „Сл. гласник РС", бр. 94/2016.
[234] Ibid.
[235] Коларић Д., Марковић С., Поједине недоумице у примени Закона о спречавању насиља у породици, Анализа Правног факултета у Београду, 2018, стр. 48.
[236] Новаковић У., Вршење родитељског права у случају оспоравања / утврђивање очинства детета-три приступа немачког, енглеског и српског права, Анали Правног факултета у Београду, 2017, стр. 131-133.

хармоничен однос меѓу правните прописи, [237] тие утврдуваат дека терминологијата на законодавецот и правната техника употребени во ЗСНП отстапуваат од вообичаените норми во српското законодавство. Понатаму тие утврдуваат дека од аспект на жртвите, законот е нагласено превентивен, а од аспект на „можниот сторител” нагласено репресивен. Исто така тие мислат дека прешироки се поимите семејно насилство и член на семејството, а семејното насилство се дефинира како „акт на физичко, сексуално, психичко или економско насилство на сторителот кое се врши врз лице со кое се наоѓа во сегашна или поранешна брачна, вонбрачна или партнерска врска, или спрема лице со кое е во крвно сродство во права линија, странична линија до втор степен, сватовство до втор степен или ако му е посвоител, посвоеник, раненик или хранител, или кон друго лице со кое живее или живеело во заедничко домаќинство”. Ваквата дефиниција со воведување на економското насилство како облик на насилство во семејството е резултат на усогласување на домашното законодавство со Конвенцијата на Советот на Европа. Тие констатираа дека во склад со Законот за извршување и обезбедување[238] исто така постои законска можност за определување привремени мерки заради спречување опасност од насилство со кои на жртвата и се обезбедува сигурност и се спречува насилство. Така се утврдува дека исти и слични мерки за заштита се предвидени во повеќе закони, а потреба од тоа нема, зашто со премногу „нормирање” настапува неефикасност на правните средства.

Во Чл.2 од ЗСНП е предвидено дека цел на законот е на општ и единствен начин да го уреди постапувањето на државните органи и установи и да овозможи делотворно спречување на насилство во семејството и итна благовремена и делотворна заштита и поддршка на жртвите. Во согласност со начелото на итност, воведена е можност полициските службеници да наредат изрекување итни мерки на сторителите на семејно насилство ако утврдат ризик од непосредна опасност за настанување семејно насилство. Нивната важност е до 48 часа, а продолжување може да се дозволи само во судска постапка во траење до 30 дена.

[237] Ibid стр. 49.
[238] Закон о извршењу и обезбеђењу – ЗИО, Службени гласник РС, бр. 106/2015.

Во чл 4 ст. 1 од ЗСНП е предвидено одредбите од главата 4 (Соработка и координација) да се применуваат и во кривичните постапки за кривични дела наброени во тој член, освенза кривичното дело семејно насилство од Чл.194 од КЗ.

Во одредбата на Чл.5 од истиот закон е предвидена супсидијарна примена на ЗСНП како lex specialis во улога на спречување семејно насилство и во постапките против сторители на кривични дела одредени во тој закон. Тоа упатува дека може да се заклучи дека супсидијарно се применува КЗ. [239]

Со ЗСНП се воведува нова причина за присилно доведување на „можен сторител" на семејно насилство во организационата полициска единица, а ваквата законска неадекватност, сметаат правните теоретичари дека значи овозможување превентивно доведување и задржување, на секој „можен сторител" зашто овој поим е далеку поширок од поимот „сторител". [240] Задржувањето во полициска станица може да биде до 8 часа, но оправдано се поставува прашање дали тоа задржување е исто како лишувањето од слобода за кое важат други законски гаранции и права.

Надлежниот полициски службеник може да нареди изрекување итни мерки како отстранување на сторителот од станот и привремена забрана да контактира и да ѝ приоѓа на жртвата. Во првите шест месеци од примената на законот, полицијата изрекла 11.533 итни мерки и тоа: 7.798 мерки на привремени забрани и 3.735 мерки на привремено отстранување на сторителот од станот. Судовите донесле решенија за продолжување во 6.794 случаи. Повторници биле 783 и спрема нив биле изречени два или повеќе пати итни и привремени мерки.

Ваквите статистички податоци укажуваат дека во пракса изрекувањето итни мерки е еден вид санкционирање кое треба да ги замени кривично правните мерки, сметаат д-р Драгана Колариќи, д-р Саша Марковиќ. Од резултатите добиени од бројните научни истражувања со примена на објективен пристап на научниот проблем тие заклучуваат дека српскиот правен систем нема најдено најдобро решение за сузбивање на проблемот со семејното насилство.

[239] Ibid стр. 54.
[240] Ibid стр. 55.

*2. 4. Република Црна Гора*

Во Црна Гора долго време не постоеше реална слика за состојбата со семејното насилство поради тоа што не постоеше систем на собирање податоци. Во 2003 година е изработено научно истражување „Насилство во семејството" од Др Јелена Радуловиќ на репрезентативен примерок од 500 жени кое е едно од ретките научни истражувања. [241] Целта на истражувањето е низ критички осврт на моменталната состојба, а особено низ заклучоците и препораките, да понуди конструктивни предлози за подобро разбирање на проблематиката на семејното насилство и да даде ефикасен одговор на сите актери во процесот на пружање помош, поддршка и заштита на жртвите. Според наодите на истражувањето 92% од испитаниците сметаат дека во Црна Гора постои семејно насилство, а како причини ги препознаваат: злоупотребата на моќ на членовите на семејството (29%); болестите на зависност (22%); економската криза (21%); патријархалното општество (18%). Најчесто жртви на насилство се жените и децата, а анкетираните не биле доволно запознати со надлежностите на институциите. [242]

Донесувањето на Стратегијата за заштита на жртвите од семејно насилство која е усвоена во Црна Гора во 2011 година која следеше по подигнувањето на свеста на граѓаните за овј вид неприфатливо и казниво однесување, наметна и измена на законодавната рамка за заштита на жртвите. Проблемот на семејното насилство е опфатен во одредбите на: Законот за семејство;[243] Кривичниот законик; [244] Законот за кривична постапка;[245] Закон за прекршоците;[246] Закон за јавниот ред и мир;[247] Законот за родова рамноправност;[248] Законот за заштита од семејно насилство. [249]

Поимот семејно насилство е определен во членот 2 од Законот за заштита од семејно насилство како дејствие на чинење или нечинење на член на семејството со кое се загрозува физичкиот, психичкиот, сексуалниот и економскиот интегритет, менталното здравје и спокојството на друг член од семејството без оглед на местото каде е сторено.

---

[241] Основните наоди на студијата се достапни на : www.gov.me/files/1224502557, стр.7.
[242] Radulovic J., „Nasilje u porodici", NVO „SOS telefon za žene i djecu žrtve nasilja", Podgorica, 2003, стр. 59.
[243] Закон за семејство ( „Службени лист РЦГ" бр.01/07).
[244] Кривичен законик ( „Службени лист РЦГ" бр.70/03, 13/04, 47/06, „Службени лист ЦГ" бр.40/08, 25/10).
[245] Закон за кривична постапка ( „Службени лист ЦГ" бр.57/09, 49/10).
[246] Закон за прекршоците( „Службени лист ЦГ" бр01/11).
[247] Закон за јавниот ред и мир ( „Службени лист РЦГ" 41/94).
[248] Законот за родова рамноправност ( „Службени лист" РЦГ 46/07).
[249] Законот за заштита од семејно насилство ( „Службени лист ЦГ" бр.46/10).

Сторители, пак, согласно со ставот 3 од истиот член може да бидат членовите на семјството, брачните другари или бившите сопружници, нивните деца и децата на секој од нив, вонбрачните или бившите вонбрачни сопружници, без оглед на траењето на вонбрачната заедница, нивните деца и децата на секој од нив, крвни сродници и сродници од целосно посвојување во права линија без ограничување, а во странична линија заклучно со четврт степен, сродници од непотполно посвојување во права линија без ограничување, роднини по сватовство заклучно до втор степен во брачна или вонбрачна заедница, лице кое живее во исто семејно домаќинство, без оглед на сродството и лица кои имаат заедничко дете или дете во зачеток. Со истиот закон се регулирани правата на помош и заштита, законската рамка на институциите кои се занимаваат со пружање заштита и итноста од постапувањето. Со изрекување на заштитни мерки, на жртвите им се обезбедува заштита, а посебна помош уживаат децата жртви, старите лица, лицата со инвалидитет и лицата неспособни сами да се грижат за себе. Надлежни институции за пружање заштита се полициските органи, прекршочните органи, судовите, јавните обвинителства, центрите за социјална работа или други установви кои се бават со социјална и детска заштита, здравствените установи и други органи кои во рамките на своите овластувања пружаат целосна и координирана заштита неопходна за заштита на жртвите, зависно од степенот на нивната загрозеност. Наведените институции се обврзани за приоритетно постапување во случаите на семејно насилство. Поимот и облиците на семејното насилство се регулирани во членот 8 и тоа како загрозување на физичкиот, психичкиот, сексуалниот или економскиот интегритет, менталното здравје и спокојство на друг член на семејството, акоупотреби физичка сила, без оглед дали настапила телесна повреда на друг член на семејството, се заканува со напад или предизвикува опасност, која може да предизвика чувство на лична несигурност или психичка болка на друг член на семејството, вербален напад, пцуе, именува со погрдни зборови или на друг начин го вреѓа, му ја ограничува слободата на комуницирање со трети лица, го тера на исцрпувачка работа, му го скратува правото на спиење или друг вид на одмор, се заканува со исфрлање од станот и одземање на децата, сексуално вознемирува друг член на семејството, го демне и на друг начин грубо го вознемирува другиот член на семејството, или се обидува тоа да го стори, го оштетува или уништува заедничкиот имот, или имотот на друг член на семејството, или се обидува тоа да го стори, му ги скратува основните средства за

егзистенција, со дрско однесување го загрозува семејниот мир на член на семјството со кого живее во семејна заедница. Неводењето грижа за исхраната, хигиената, облекувањето, медицинската заштита или редовното посетување на настава, неспречување на детето да се дружи со лошо друштво, да се оддава на скитање, питачење или крадење, или на друг начин во голема мера го занемарува подигањето и воспитувањето на децатасе подведува под поимот семејно насилство. Исто така како семејно насилство се смета и пропуштањето на грижата во поглед на исхраната, хигиената, облекувањето и медицинската заштита на друг член на семејството за кого е должен да се грижи, кому му е потребна посебна помош поради болест, инвалидитет, старост или други лични својства поради кои не е способен да се грижи за себе.

Законот за заштита од семејно насилство ги обврзува државните, здравствените, образовните и другите установи да пријават во полиција сомневање за извршено насилство. Полициските и прекршочните органи се должни да го пријават насилството кај надлежниот Центар за социјална работа. [250]

Итноста на постапувањето е предвидена во членот 10 од Законот за заштита од насилство во семејството, а координираната активност на сите институции при пружање заштита, во членот 11, Центарот за социјална работа формира стручен тим од претставници на установата, органите на локалната самоуправа, полицијата и невладините организации за да се пружи адекватна помош на жртвите. Предвидена е можност Центарот да дава материјална и нематеријална помош како и да води евиденција на децата и лицата со посебни потреби на својата територија. Покрај тоа предвидено е еднаш месечно да врши посета на семејствата во кои живеат или се сместени деца и лица со посебни потреби и за тоа да составуваат извштај. Во одредбите на членовите 19 и 20 од истиот закон е предвидено заштитните мерки да се изрекуваат поради спречување и сузбивање насилство, отстранување на последиците од стореното насилство и преземање ефикасни мерки за превоспитување на сторителите и отстранување на околностите кои поттикнуваат вршење ново насилство.

[250] Prečišćeni tekst Zakona o zaštiti od nasilja u porodici obuhvata sljedeće propise: 1. Zakon o zaštiti od nasilja u porodici (“Službeni list Crne Gore”, br. 046/10 od 06.08.2010), 2. Zakon o izmjenama i dopunama Zakona kojima su propisane novčane kazne za prekršaje (“Službeni list Crne Gore”, br. 040/11 od 08.08.2011), u kojima je naznačen njihov dan stupanja na snagu. Zakon o zastiti od nasilja u porodici (“Službeni list Crne Gore”, br. 046/10 od 06.08.2010, 040/11 od 08.08.2011)

На сторителите може да им се изрече една или повеќе заштитни мерки: оддалечување од станот без оглед на правото на сопственост врз недвижноста, забрана за приближување, забрана за вознемирување и демнење, задолжително лекување од зависности и задолжителни психосоцијални третмани. Траењето на мерките не е пократко од триесет дена и не е подолго од шест месеци, а сторителот веднаш го напушта местото. Судот е должен јасно да го одреди местото или подрачјето на кое му е забранет пристапот на сторителот, а причина за изрекување мерка на забрана е постоење опасност за повторување на насилството или ако присуството на сторителот кај жртвата може да создаде висок степен на душевна болка. Членот 23 предвидува можност за издавање забрана за вознемирување и демнење на жртвата која има важност од триесет дена до една година, а во Членот 24 е предвидена можност за изрекување мерка задолжително лекување од зависности, од алкохол, опојни дроги или психотропни супстанции и задолжителен психосоцијален третман ако постои опасност сторителот да го повтори делото заради тие зависности.

Во Членот 26 е предвидено заштитните мерки да може да се изрекуваат како самостојни санкции или заедно со казна, а судот може во зависност од ситуацијата да изрече една или повеќе заштитни мерки. Барањата за изрекување заштитни мерки може да бидат поднесени од жртвата или нејзиниот застапник, центарот за социјална работа, полицијата или обвинителот, а прекршочниот орган може да ги издаде и по службена должност. Предвидена е можност полицискиот службеник да му издаде писмена наредба на сторителот за отстранување или забрана за враќање во станот со важност до три дена поради отстранување на опасност за физичкиот интегритет на жртвата. Полицискиот службеник е должен наредбата во која е наведен денот и часот на оддалечувањето или враќањето во недвижноста, подрачјето на кое се забранува приближување и движење, местото на престој на сторителот за време на траењето на забраната да му ја врачи на сторителот веднаш или најдоцна во рок од 2 часа во присуство на полнолетно лице. Сторителот е обврзан веднаш да ги предаде клучевите од станот и да ги понесе со себе неопходните лични предмети. Писмената наредба заедно со службениот извештај, полицискиот службеник веднаш или најдоцна во рок од 12 часа ги доставува до прекршочниот орган и центарот за социјална работа кои одлучуваат за потребата од изрекување заштитни мерки. Во Членот 29 е предвидена можност за изрекување заштитни

мерки и пред поведувањето на постапка, а во рок од 48 часа од приемот на барањето. Ако во рок од пет дена не е поведена постапка, прекршочниот орган ќе ја укине изречената заштитна мерка. Во рок од 3 дена од приемот на решението може да се поднесе жалба која нема суспензивно дејство и за неа одлучува второстепениот орган во рок од три дена од приемот.

Во членот 36 е предвидена прекршочна одговорност за член на семејството во случај на употреба на физичка сила, без оглед дали настапила телесна повреда, закани за напад или предизвикување опасност кои може да предизвикаат лична несигурност или психичка болка на друг член на семејството, вербален напад, пцуење, употреба на погрдни имиња, ограничување на слободата на движење, исцрпувачка работа, оневозможување на спиење или одмор, закани за исфрлање од домот и одземање на децата, сексуално вознемирување, демнење и грубо вознемирување на друг член на семејството, оштетување или уништување на заедничкит имот или имот на друг член на семејството, дрско однесување со кое се загрозува семејниот мир на член на семејството со кој не живее во заедница. Со казна затвор од 10 дена или со парична казна од најмалку петкратен износ на минималната заработувачка во Црна Гора ќе се казни сторителот за наведените однесувања, а со казна затвор во траење од 20 дена ќе се казни сторителот ако делата ги чини во присуство на дете. Ако делото е сторено спрема дете, предвидената казна е затвор од најмалку 30 дена, а ако делото е сторено спрема лице со посебни потреби, најмалата предвидена казна затвор е 60 дена или дваесеткратен износ на минималната заработувачка во Црна Гора. Занемарувањето на член на семјството и неводењето грижа за исхрана, хигиена, облека, медицинска заштита или посетување на училиште, се казнува со казна затвор од најмалку 10 дена или парична казна во петкратен износ од минималната заработувачка во Црна Гора. Казна затвор од 40 дена или парична казна во петнаесеткратен износ од минималната заработувачка во Црна Гора ќе му се изрече на сторител кој не постапува според наредба на полицискиот службеник за оддалечување или забрана за враќање во стан. Парична казна во двократен до десеткратен износ од минималната заработувачка, во Црна Гора ќе му се изрече и на одговорното лице во државен орган, здравствена установа, социјален работник, наставник и воспитувач ако не пријави во полиција констатирано семејно насилство.

Во Кривичниот законик[251] на Црна Гора во делот „Кривични дела против бракот и семејството” (глава XIX), Чл.220 е санкционирано кривичното дело „Насилство во семејството или во семејна заедница”. Сторител на делото е тој што со примена на насилство го загрозува телесниот или душевниот интегритет на член од семејството, за што е предвидена парична казна или казна затвор до една година. Потежок облик на делото постои ако сторителот користел оружје, опасно средство или друго средство погодно тешко да го повреди телото или здравјето тешко да го наруши, за што е предвидена казна затвор од три месеци до три години. Ако при вршење семејно насилство настанала тешка телесна повреда или тешко нарушување на здравјето, или тоа е сторено спрема малолетно лице, сторителот ќе се казни со казна затвор од една до пет години, а ако настапила смрт - со казна затвор од три до дванаесет години. Ако сторителот ја прекрши мерката за заштита од семејно насилство што ја изрекол судот, пропишана е парична казна или казна затвор до шест месеци. Дефиницијата за семејство во Кривичниот законик на Црна Гора подразбира дека го сочинуваат бившиот брачен другар, крвните роднини и роднини од целосно посвојување во права линија без ограничување, а во странична линија заклучно со четврт степен, роднини од непотполно посвојување, роднини по сватовство заклучно со вторстепен, лица кои живеат во исто семејно домаќинство и лица кои имаат заедничко дете или детето е на пат да биде родено, иако не живееле во исто семејно домаќинство. Во Чл.139 ст. 3 од Законот за кривична постапка на Црна Гора е предвидена мерка за обезбедување со која на обвинетиот може да му се забрани гледање со членови од семејството ако делото е извршено на нивна штета.

Семејството во Законот за семејство[252] на Република Црна Гора се дефинира како животна заедница на родители, деца и други роднини кои имаат меѓусебни права и обврски. Семејство може да биде и секоја друга основна заедница на живот во која се негуваат и подигаат деца.

Групата (GREVIO) изготви извештај и проценка за спроведените мерки и имплементацијата на законите во Црна Гора. Овој извештај ги имаше предвид официјалните статистички податоци во Црна Гора како и дополнителните информации од неколку невладини организации и резултираше после четиридневната евалвациска посета

[251] Кривичен законик ( „Службени лист РЦГ” бр.70/03, 13/04, 47/06, „Службени лист ЦГ” бр.40/08, 25/10).
[252] Закон за семејство ( „Службени лист РЦГ” бр.01/07).

на Црна Гора. Извештајот го истакнува севкупниот напредок постигнат од црногорските власти во создавањето на законодавна, политичка и институционална рамка за спречување и борба против насилството врз жените. GREVIO[253] го поздрави воведувањето на важни закони, акциони планови и стратегии за решавање на некои од формите на насилство врз жените, особено семејното насилство. Одредбите од Кривичниот законик се оценети како незадоволителни. Исклучително важна новост е воведувањето, за прв пат, итни заштитни мерки како забрана за пристап или ограничување на пристапот како и други важни права за жртвите на семејно насилство - правото на правна помош. Последните амандмани на Кривичниот законик во согласност со Конвенцијата, значат криминализација на сите форми на насилство врз жените, односно, прогонување, генитално осакатување на жени и присилна стерилизација.

GREVIO констатира дека црногорското законодавство не го дефинира поимот насилство врз жените, туку нуди дефиниција - насилство врз основа на пол и таа го опфаќа кое било дело со кое се нанесува или може да биде нанесена физичка, ментална, сексуална или економска штета или страдање, како и закана со такво дело кое сериозно го попречува лицето во уживањето на своите права и слободи, вклучувајќи го и семејното насилство, инцестот, силувањето и трговијата со луѓе. Ваквата дефиниција не е усогласена со Чл.3 од Истанбулската конвенција.

Дефиницијата укажува дека постојат многу малку превентивни и заштитни мерки за жртвите на силување и сексуално насилство, сексуално малтретирање и присилен брак и нема специјализирани услуги за поддршка, како што се кризни центри за случаи на силување или безбедни куќи за жртвите на силување и сексуално насилство. „Полициските службеници, судиите и социјалните работници не овозможиле соодветна и навремена заштита на жртвите и практично го минимизирале насилството” – стои во извештајот. Забележан е голем број структурни проблеми како резултат на недоволна превенција и заштита на жртвите на семејно насилство, а особено на вкоренетата полова дискриминација. Се препорачува воведување програми чија цел би била промената на ставовите и уверувањата на извршителите на семејно насилство во врска со половите

[253] GREVIO, Sekretarijat mehanizma za praćenja Konvencije Savjeta Evrope o sprečavanju i suzbijanju nasilja nad ženama i nasilja u porodici Savjet Evrope F-67075 Strazbur cedex Francuska, 2018, достапно на: www.coe.int/Conventionviolence

улоги и разбивањето на постојните табуа околу силувањето и сексуалното насилство, посебно кај ромската заедница. На Црна Гора ѝ се дадени следните препораки:

- финансирање на невладини организации на жени за поддршка на жените жртви на сите форми на насилство;
- обезбедување задолжителна и систематска обука наменета за сите професионални групи кои доаѓаат во контакт со жртвите, особено за полициските службеници, обвинителите, судиите, социјалните работници, наставниците и здравствените работници;
- забрзување на работата на националниот план за подобрување на специјалистичките услуги за поддршка на жртвите на насилство врз жените и обезбедување советување и поддршка низ целата земја во однос на сите форми на насилство опфатени со Истанбулската конвенција;
- воведување кризни центри и безбедни куќи за жртвите на силување и/или сексуално насилство во доволен број и со професионален персонал обучен да реагира во деликатни ситуации;
- воведување мерки на психосоцијално советување на деца жртви;
- користење на сите достапни средства како што се протоколите, промените во законите и обуката на професионалците, обезбедување подобрена оперативна јасност во демаркацијата на прекршочната и криминална природа на семејното насилство, како и построги санкции за сторителите на семејното насилство;
- брза полициска интервенција во случаи на домашно и други форми на насилство врз жените, врз основа на целосно почитување на правото на живот и физички интегритет на жените;
- преземање практични чекори како обука и менторство со цел надминување на вкоренетите ставови, верувања и практики кои се спротивставуваат на спроведувањето на законските мерки, како одговор на семејното насилство;
- примена на мерките за итна заштита на сите жртви на семејно насилство без оглед на обвинителските одлуки за неповедување на прекршочната постапка:
- обезбедување бесплатна правна помош за жртвите на сите форми на насилство врз жени како што е предвидено со Законот за бесплатна правна помош,

особено проактивните мерки за да се осигура дека жртвите се информирани за ова право.

Управата за статистика на Црна Гора по прв пат во 2021 година спроведе истражување за условите на живот и безбедност на жените според методологијата на Европската канцеларија за статистика. EUROSTAT[254] овозможува споредување на податоците за родово засновано насилство меѓу земјите на Европската Унија. Целна група на истражувањето е женска популација меѓу 18 и 74 годишна возраст. Истражувањето опфатило 2232 домаќинства и 1609 прашалници. Заклучоците потврдуваат дека во Црна Гора секоја петта жена или (20, 2%) изјавиле дека доживеала насилство од партнерот во текот на животот. Вкупно 6, 2% од жените изјавиле дека доживеале насилство како возрасни од лице кое не им е партнер, а 7, 5% од жените изјавиле дека доживеале насилство од партнер, а 11, 7% од жените доживеале насилство од кое било лице. Сексуално вознемирување на работа доживеале 17, 5% од жените.

*2. 5. Словенија*

Како и останатите држави од поранешна Југославија и Словенија долго немаше посебен закон за сузбивање на семејното насилство. Европските законски мигови, притисокот на невладините организации кои се појавија од осумдесетите години на минатиот век доведоа до донесување современи законски решенија и во Словенија. [255] Феноменот на семејното насилство е проблем на којшто словенечкото законодавство посветило особено значење и е двојно инкриминиран: во Кривичниот и во Законот за прекршоци.

Кривичниот законик на Република Словенија, [256] семејното насилство го инкриминира како дело кое го чини член на семејството и друга трајна заедница и го злоставува, применувајќи насилство или на друг начин му нанесува болка или го понижува, непосредно го напаѓа неговиот живот или неговото тело, го принудува да го напушти заедничкиот стан или на друг начин му ја ограничува слободата на движење, го прогонува, го принудува на работа или го спречува да работи, или на друг начин со

[254] Eurostat, достапно на: https://ec.europa.eu/eurostat/web/gender-based-violence/database
[255] Medaric Z., Domestic Violence against Women in Slovenia: A Public Problem? Достапно на: http://www.rsp.hr/ojs2/index.php/rsp/article/viewFile/947/1136, стр.30.
[256] Kazenski zakonik, Uradni list RS, št. 50/2012.

насилно ограничување на еднаквоста го доведува во подредена положба. Предвидената казна за ова дело е затвор до 5 години, а ако се работи за лица со кои сторителот живеел некогаш во заедница и со актите на насилство може да се доведат во врска со поранешната заедница. Казната заетвор е до 3 години. Во Кривичниот закон на Словенија има повеќе кривични дела за кои отежнувачка околност е ако сторителот е член на семејството. За посебниот облик на убиство поради повреда на рамноправноста е предвидена казна затвор од најмалку 15 години.

Кривичното дело повреда на рамноправноста е поместено во групата кривични дела против човековите права и слободи, а го чини тој кој врз основа на разлики во националноста, расата, бојата на кожата, вероисповедта, етничката припадност, полот, јазикотто, политичко или друго определување, сексуалната ориентација, имотната состојба, државјанството, генетското наследтсво, образованието, општествената положба или која било друга околност, лишува друго лице од човековите права и слободи признати од меѓународната заедница, гарантирани и од Уставот или други закони. Тој што чини наведеново ги ограничува таквите права и слободи или посебните права и слободи кои произлегуваат од нив. За ова дело е предвидена казна затвор до една година.

Во групата дела против половиот интегритет се сместени делата со сексуална содржина: силување, сексуално насилство, сексуално злоставување на немоќни лица, сексуален напад врз лице помладо од петнаесет години, повреда на сексуалниот интегритет, злоупотреба на положбата и злоупотреба со проституција. Принудата на друго лице од различен или ист пол на сексуален однос и употреба на сила или закана дека ќе го нападне опасно за животот и телото претставува силување. Затворската казна се движи од една до десет години, а ако делото е извршено на свиреп и особено понижувачки начин или е извршено од повеќе лица, или врз затвореници или други лица лишени од слобода се движи од три до петнаесет години. Посебен облик на чинење дело е доколку сторителот присили друго лице од различен или ист пол на сексуален однос или присили на изедначени сексуални дејствија со закана дека за него или за нему блиско лице ќе открие нешто што ќе му наштети на неговата чест и углед, или нему, или на нему блиското лице и ќе му нанесе материјална штета. За ова дело казната затвор е од шест месеци до пет години. Во случај овие дела да се извршени врз лице со кое сторителот живее во брачна, вонбрачна или нерегистрирана истополова заедница, гонењето започнува според предлог.

Сексуалното насилство го врши тој којшто со употреба на сила или закана дека непосредно ќе нападне врз животот и телото на лице од истиот или различен пол, ако го присили тоа лице да стори или трпи некое сексуално дејствие кое не е опфатено под одредбата на кривичното дело „Силување". Казната затвор предвидена за ова кривично дело се движи од шест месеци до десет години. Ако делото е сторено на свиреп и понижувачки начин од страна на повеќе лица или врз затвореници и други лица лишени од слобода, казната затвор е од три до петнаесет години. Посебниот облик на сексаулно насилство со предвидена казна затвор до пет годиниго квалификува дејствието кое го прави некој којшто го прави делото од став еден со присилба и закана дека ќе открие нешто што ќе му наштети на доброто име, или ќе му причини материјлна штета нему или на блиско лице. Ако делото е сторено спрема лице со кое сторителот живее во брачна, вонбрачна заедница или истополова регистрирана заедница, гонењето се презема според предлог.

Во Словенија проституцијата е декриминизирана со измените во Законот за прекршоци против јавниот ред и мир од 2003 година, [257] па против лицата кои се занимаваат со проституција не може да се поведуваат прекршочни постапки. Затоа, пак, како посебно кривично дело е предвидено за злоупотреба на проституцијата, дело кое го прави тој којшто со искористување учествува во проституцијта на друго лице или со сила, закана и измама ќе го наведе, ќе го придобие или ќе го поттикне на проституција за што е предвидена казна затвор од три месеци до пет години. Ако делото е сторено спрема малолетник и го врши група или организирана криминална група, казната затвор е од една до десет години.

Кривичното дело семејно насилство е сместено во групата кривични дела против бракот, семејството и децата. Ова дело го прави тој што во семејната заедница со другиот лошо постапува: ќе го претепа или ќе преземе други болни и понижувачки дејствија со закани за непосреден напад врз животот или телотото; ако го брка од заедничкото домаќинство; ако му ја ограничува слободата на движење; ако го прогонува; ако го присилува нешто да прави или да трпи или со други дејствија го става во нееднаква

[257] Zakon o prekrških zoper javni red in mir (Uradni list RS, št. 110/03 – uradno prečiščeno besedilo in 70/06 – ZJRM-1) достапен на: http://www.pisrs.si/Pis.web/pregledPredpisa?id=ZAKO33

положба. Предвидената казна е до пет години затвор. Ако делото е сторено кон бивш партнер, предвидената казна е до три години.

Според официјалната статистика на осудени лица во Словенија, за кривичните дела против бракот, семејството и децата во 2000 година биле осудени 103 лица од кои 10 жени. Во 2012 година биле осудени 470 лица, од нив биле 61 жена. [258]

Според Чл.6 од Законот за прекршоци против јавниот ред и мир [259] беше регулиран прекршокот „насилничко однесување”. Квалифицираниот облик „насилничко однесување во семејството” регулиран во ставот 4 од Чл.6 предвидуваше потешка санкција за прекршоците од претходните ставови ако делото е сторено спрема сопружник или вонбрачен партнер или партнер во регистрирана истополова заедница, крвен роднина, посвоител и посвоеник, или вдомувач и вдомениот, старател или штитеник, или кон тој што живее или против тој со кого живее сторителот во заедничко домаќинство, ќе се казни со парична казна од 150.000 до 300.000 долари. Законодавното решение беше слично со хрватското и овозможуваше проценка на тежината на стореното дело од страна на интервентната полициска единица. [260]

Со Законот за спречување семејно насилство, [261] донесен во 2008 година во Словенија е регулиран поимот на семејно насилство, улогата и задачите на државните органи, носителите на јавни функции, давателите на јавни услуги од страна на локалние органи и невладините организации во борбата против семејно насилство, и се одредуваат мерките за заштита на жртвите. Поимот на семејството е сочинет од сопружник или вонбрачен партнер, бивш сопружник или бивш ванбрачен партнер; партнер или партнерка, или бивш партнер, или партнерка во регистрирана истополова заедница, крвен роднина или роднина во права линија, крвен роднина во странична линија до трет степен,

[258]Тошиић М. Д., Савремени концепт насиља над женама, достапно на: https://nardus.mpn.gov.rs/bitstream/handle/123456789/17308/Disertacija.pdf?sequence=1&isAllowed=y пристапено на 26.09.2023 г.

[259] Zakon o prekršajima protiv javnog reda i mira (koji je na snazi bio 1974.-2006).

[260] Robnik S., Domestic violence against women: When practice creates legislation in Slovenia 'Domestic Violence in Postcommunist States: Local Activism, National Policies, and Global Forces Paperback', Indiana University Press, 2010, стр. 195-220.

[261] Zakon o preprečevanju nasilja v družini Uradni list RS št. 16/2008.

роднина по сватовстводо втор степен, посвоител и посвоеник, хранител и посвоено дете и лица кои живеат во исто домаќинство. [262]

Според член 3 дефиницијата за семејно насилство гласи дека секоја употреба на физичко, сексуално, психолошко или економско насилство на еден член на семејството спрема другили занемарување на некој член на семејството, без оглед на староста, полот, или која било лична особина на жртвата или сторителот на насилство. [263]

Физичкото насилство е дефинирано како секаква употреба на сила кон член на семејството на која членот се спротивставува или е присилен, или заради степенот на развој не е во состојба да го разбере неговото значење. Психичкото насилство, пак, го карактеризира однесувањето на сторителот кон член на семејството кое предизвикува страв, срам, чувство на инфериорност, ранливост и други душевни пореметувања.

Економско насилство е неоправдано контролирање или ограничување на член на семејството во располагањето со приходите или управувањето со финансиските средства со кои располага, а значи и неоправдано ограничување на располагањето или управувањето со заедничкиот имот на членовите на семејството. Занемарувањето е облик на насилство кога личноста не обезбедува нега на член на семејството кому му е потребна поради болест, инвалидитет, старост, развој, или други лични околности.

Интересна е одредбата на членот 4 која предвидува дека детето е жртва на семејно насилство иако непосредно не се врши насилство врз него, туку живее во опкружување што е окарактеризирано со насилство. Доколку се работи за дете, сите институции се должни случајот да го пријават кај надлежниот Центар за социјална работа и кај јавното обвинителство. Во други случаи ако се работи за полнолетни лица, а жртвата се против на пријавување, освен кога се работи за кривично дело за кое се гони по службена должност, не постои обврска за пријавување. Предвиден е координиран и мултидисциплинарен пристап на сите институции во работата со жртвата и со насилникот. Жртвите имаат право на бесплатна правна помош и право на придружник низ процедуралните лавиринти.

[262] Чл.12-Zakon o preprečevanju nasilja v družini Uradni list RS št. 16/2008.
[263] Чл.12-Zakon o preprečevanju nasilja v družini Uradni list RS št. 16/2008.

Мерки за безбедност кои се изрекуваат по предлог на полицијата се тие со кои ѝ се овозможува на жртвата да може да ги земе предметите од станот неопходни за основните потреби и потребите на децата. По предлог на жртвата може да се изречат следните мерки на безбедност: забрана да влезе во станот каде што живее жртвата, забрана да се задржува во близина на местото на живеење на жртвата (работа, училиште, градинка), забрана за воспоставување каков било контакт со жртвата, вклучувајќи средства за комуницирање на далечина. Мерките може да му се изречат на сторителот и ако ѝ се заканувал на жртвата дека ќе ја повреди или на друг начин ќе го загрози нејзиното достоинство или другите лични права, ако противзаконито влегол во станот каде што живее жртвата или на друг начин ѝ пречи во мирното владение на просторот, ако сторителот ја малтретира жртвата против нејзината волја, ако ја вознемирува со користење или објавување лични информации за жртвата, судски или лични списи на глобална мрежа (интернет). Мерките се издаваат со важност до шест месеци, а по предлог на жртвата може да се продолжи нивното траење за уште шест месеци. Бесплатната правна помош за лицата во опасност, Законот ја предвидува во одредбата на Чл.25, проценката на опасноста ја врши Центарот за социјална работа. Сите субјекти кои работат на сузбивање на семејното насилство се должни да посетуваат стручни обуки и да се усовршуваат.

Законот за брак и семејни односи во Словенија кој е во сила од 1975 година и е изменет во 2004 година, го дефинира семејството како заедница на родители и деца и во него не е посебно регулирано семејното насилство. [264]

Женското лоби во Словенија во 2011 година изработи анализа на политичката ситуација на состојбата на жените и изготви извештај. Во декември 2011 година на предвремените избори имало 41,7% кандидатки. После овие избори имало 32,2% жени во Собранието, а во 2013 година имало 34,4%. [265]

Во 2004 година Словенија пристапи кон Европската унија како рамноправна членка и во Европскиот парламент учествува со осум членови од кои подеднаков број се жени.

[264] Medaric Z., Domestic Violence against Women in Slovenia: A Public Problem? Достапно на: http://www.rsp.hr/ojs2/index.php/rsp/article/viewFile/947/1136
[265] Ibid.

Во 2009 година е усвоена Националната програма за спречување семејно насилство за период од пет години, врз основа на која се формира Акционен план за период од две години. [266]

Словенија ја има потпишано Истанбулската конвенција на 08.09.2011 година. Истовремено е донесен Правилник за координирано дејствување на институциите за заштита од семејно насилство[267] во кој се регулираат забраните за пристап до живеалиштето на жртвата, до местото на работење, училиштето, како и забраната за вознемирување преку комуникациски средства.

[266] Resolucija o nacionalnem programu preprečevanja nasilja v družini med letoma 2009-2014.
[267] Pravilnik o sodelovanju organov ter o delovanju centrov za socialno delo, multidisciplinarnih timov in regijskih služb pri obravnavi nasilja v družini 2004.

# ГЛАВА V: ПРАВНО УРЕДУВАЊЕ НА СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО ВО МАКЕДОНСКОТО ЗАКОНОДАВСТВО

## 1. Правна рамка во Република Северна Македонија во областа на заштитата од семејно насилство

### *1. 1. Законот за семејство како фундамент во областа на регулирањето на заштитата од семејно насилство од аспект на граѓанското право*

Уставот на Република Северна Македонија[268] ги гарантира основните човекови права и слободи – забрана за дискриминација која се темели на раса, боја на кожата, родовите разлики, религијата или верувањата и останатите уверувања, националното и социјалното потекло, забрана на мачење, нехумано постапување или казнување, приватност, слобода на движење, заштита на семејството, децата и имотната сопственост.

Општествената, научната и стручната јавност долго време не покажуваа особен интерес за масовно присутниот проблем на семејното насилство во нашата земја. Спорадичните брутални фемициди ја бранувaa јавноста. Тогаш следеа реакции од стручната јавност, но генерално отсуствуваше свест за тежината на проблемот. Актуализацијата на интересот следеше поопштата глобализација на проблемот во светот како природна последица на будењето на интересот во почетокот на невладиниот сектор, а потоа и на општетсвото во целина. По годините на маргинализација и потиснување на проблемот, целосното непознавање на феноменологијата на семејното насилство, причините за негова појава, непостоењето евиденција, започна кодификацијата на

[268]Уставот на Република Северна Македонија ги опфаќа: Уставот на Република Македонија ( „Службен весник на Република Македонија" број 52/1991), Амандманите I и II на Уставот на Република Македонија ( „Службен весник на Република Македонија" број 1/1992), Амандманот III на Уставот на Република Македонија ( „Службен весник на Република Македонија" број 31/1998), Амандманите IV, V, VI, VII, VIII, IX, X, XI, XII, XIII, XIV, XV, XVI, XVII и XVIII на Уставот на Република Македонија ( „Службен весник на Република Македонија" број 91/2001), Амандманот XIX на Уставот на Република Македонија ( „Службен весник на Република Македонија" број 84/2003), Амандманите XX, XXI, XXII, XXIII, XXIV, XXV, XXVI, XXVII, XXVIII, XXIX и XXX на Уставот на Република Македонија ( „Службен весник на РепубликаМакедонија" број 107/2005), Амандманот XXXI на Уставот на Република Македонија ( „Службен весник на Република Македонија" број 3/2009), Исправката на Амандманот XXXI на Уставот на Република Македонија,( „Службен весник на Република Македонија" број 13/2009), Амандманот XXXII на Уставот на Република Македонија ( „Службен весник на Република Македонија" број 49/2011), Амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV и XXXVI на Уставот на Република Македонија ( „Службен весник на Република Македонија" број 6/2019) и Објавата ( „Службен весник на Република Македонија" број 36/2019).

семејното насилство. [269] Тоа беше видливо после пристапувањето кон Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација на жената и Декларацијата за елиминирање на насилството над жената. [270]

Во правниот систем на нашата држава, карактеризиран со комплементарност и неисклучивост, постои двостраност во уредувањето на семејното насилство. Граѓанско - правната не ја исклучува казнено - правната заштита во согласност со меѓународните стандарди, а сето тоа поради изнаоѓање сеопфатни законски решенија. Надлежни институции што го реализираат граѓанско - правниот систем на заштита се центрите за социјална работа, Министерството за внатрешни работи, Министерството за здравство, образовните институции, невладиниот сектор и граѓанскиот суд.

Семејното право во склоп на правниот систем обезбедува заштита на семејството и воспоставување на односите меѓу неговите членови. „Во европските земји во последниве неколку децении се случуваат брзи и длабоки промени кои ги зафатија сите аспекти на брачниот и семејниот живот и тие предизвикаа сериозна загриженост дека бракот и семејството како најстари човекови заедници се во процес на радикална трансформација или се дури и пред исчезнување" - сметаат професорите д-р Дејан Мицковиќ и д-р Ангел Ристов. [271] Тие констатираат дека значајните промени во последните децении на минатиот век во оштеството значајно го променија семејниот модел кој беше стабилен неколку векови наназад. Иако подоцна од другите европски земји, и во РСМ настанаа идентични промени кои резултираа со зголемена стапка на разводи, намален број на склучени бракови, зголемување на бројот на вонбрачни заедници и вонбрачно родени деца, зголемување на бројот на еднородителски и рекомпонирани семејство. [272] Понатаму неможејќи да издвојат една клучна и решавачка причина за напуштањето на семејниот модел, тие сметаат дека не може да се утврди и кој е актуелниот доминантен семеен

---

[269] Извештај од спроведено теренско истражување „Семејно насилство", Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените во Република Македонија – ЕСЕ, Скопје, 2000 година.
[270] Конвенција на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство, Истанбул, 11.V.2011, види повеќе: https://rm.coe.int/168046253a
[271] Мицковиќ Д., Ристов А., Закон за семејството, Промените во брачните и во семејните односи во европските земји, Реформите во семејните законодавства во Европа, Семејното право во Република Македонија de lege ferenda, Пречистен текст на Законот за семејството, Судска пракса на домашните судови, Судска пракса на судовите од регионот, Пракса на Европскиот суд за човекови права за брачните и за семејните односи, 2015, стр.7.
[272] Ibid. стр.8.

модел. [273] Економскиот раст по Втората светска војна, проследен со вклучувањето на жените во образовниот процес само го забрза напуштањето на конзервативниот принцип на брачната заедница со изразена доминантност на мажот. Сето тоа во однос со „сексуалната револуција" и масовната примена на контрацепцијата и развојот на феминистичкото движење, придонесоа за распадот на старото класично семејство со строго утврдени улоги на секој член. Според Гиденс[274] сексуалноста ослободена од репродукцијата и одвојувањето на сексуалноста од репродукцијата без потреба од раѓање деца и материјални стеги доведе до нивна емотивна освестеност за непотребноста на старата брачна заедница.

Понатаму професорите д-р Мицковиќ и д-р Ристов утврдуваат дека како резултат на сите овие промени, во западните земји веќе не постои еден универзален општоприфатен семеен модел кој се темели врз хетеросексуалниот брачен пар кој е напуштен како основна клетка на општеството. Во современи услови посоодветно е да се говори за семејства, а не за еден универзален општоприфатен семеен модел. [275] Во 2000 година во Велика Британија само 23% од семејствата биле составени од брачен пар кој живее заедно со своите деца. Слична е состојбата и во другите земји во Европа, Северна Америка и Австралија.

Во периодот по Втората светска војна, во СФРЈ сојузните закони имаа примена во републиките и двете покраини. Во текот на седум децении не беа направени значајни законски измени. [276] Во примена беа Основниот закон за бракот од 1946 година, Основниот закон за односите на родители и деца од 1947 година, Основниот закон за старателството од 1947 година и Законот за посвојување од 1947 година, кои претставуваат почеток во уредувањето на семејноправната материја. Со уставните

---

[273] Според голем број автори, најзначајната промена што се случува во современите општества и што доведува до радикално преуредување на сите аспекти на брачниот, семејниот и интимниот живот е појавата и широкото општествено прифаќање на индивидуализмот, односно давањето на врвен приоритет на поединецот и на неговите желби, потреби и интереси.

[274] Giddens A., The Constitution of Society: Outline of the Theory of Structuration *Outline of the Theory of Structuration* University of California Press, 1984, стр. 150.

[275] Мицковиќ Д., Ристов А., Закон за семејството, Промените во брачните и во семејните односи во европските земји, Реформите во семејните законодавства во Европа, Семејното право во Република Македонија de lege ferenda, Пречистен текст на Законот за семејството, Судска пракса на домашните судови, Судска пракса на судовите од регионот, Пракса на Европскиот суд за човекови права за брачните и за семејните односи, 2015, стр.13.

[276] Мицковиќ Д., Ристов А., Кодификација на семејното право во Република Македонија, Зборник радова „Владавина права и правна држава у региону", Источно Сарајево, 2014, стр. 487–516.

реформи од 1971 година законодавната надлежност беше пренесена на републиките. Во 1973 година во нашата држава се усвоија: Законот за бракот; [277] Законот за односите на родителите и децата;[278] Законот за посвојување;[279] Законот за старателство. [280]

Значаен фундамент на граѓанско - правната заштита е Законот за семејството од 1992 година [281] кој претставува законодавна кодификација која на општ и специфичен начин ја регулира материјата на семејните односи. [282] Со овој закон се регулираа институцијата брак, родителските односи, посвојувањето и старателството, статусот на вонбрачната заедница, обврската за издржување на полнолетните браќа и сестри кога тие се неспособни за работа, проширување на ингеренциите на центарите за социјална работа. Тој ги опфаќаше и имотните односи и посебните судски постапки во сферата на семејните односи. Најголемата новина во Законот за семејство беше воведувањето поединечни мерки за заштита и отворена можност институциите да интервенираат при нарушени односи и насилство во бракот и семејството. За прв пат Центарот за социјални работи и невладините организации кои работат на полето на искоренување и на превенција на семејното насилство, добија законска можност за градење на неопходниот координативен систем на заштита.

Во Чл.1 од Законот за семјство 1992 (Службен весник на РМ бр. 80 од 22.12.1992 година) беше предвидено со тој закон да се уредуваат: бракот и семејството, односите во бракот и семејството, одредени облици, посебна заштита на семејството, посвојувањето, старателството, издржувањето, како и постапката пред судот во брачните и семејните спорови.

Според одредбата на членот 2 од Законот за семејството поимот на семејство беше дефиниран како животна заедница на родители и деца и други роднини ако живеат во заедничко домаќинство. Семејството настанува со раѓање на деца и со посвојување. Заради непрецизирање на поимот домаќинство, многу случаи на семејно насилство, судската пракса ги подведе под поимот насилство, а не семејно насилство.

---

[277] Закон за брак (Службен весник на СРМ бр.35/73, 28/74 и 13/78).
[278] Закон за односите на родителите и децата (“ Службен весник на СРМ” број 5/73, 17/73).
[279] Законот за посвојување (“ Службен весник на СРМ”, број 5/73, 17/73).
[280] Законот за старателство (“ Службен весник на СРМ” број 5/73).
[281] Закон за семејството ( „Службен весник на Република Македонија” број 80/92).
[282] Чавдар К., Сиљаноска Костадиноска Ц., Закон за семејството коментари судска практика, предметен регистар, примери за практична примена, придружни прописи и литература Академик 2013 г., стр. 25-50.

Семејството е примарна општествена заедница која има репродуктивна, воспитна, општествена и заштитна улога. Бракот е со закон уредена заедница на живот на маж и жена во која се остваруваат интересите на брачните другари, семејството и општеството (член 3).

Дефиницијата на бракот беше предвидена како со закон уредена заедница на живот на маж и жена во која се остваруваат интересите на брачните другари, семејството и општеството. Односите меѓу брачните другари се засноваат врз слободна одлука на мажот и жената да склучат брак, врз нивната рамноправност, меѓусебно почитување и заемно помагање. (Чл.6)

Под влијание на меѓународните стандарди како што се Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи; [283] Конвенцијата на ООН за правата на детето [284] и уставните начела, во овој закон се забележа нагласена заштита на индивидуалните права. Појдовниот принцип на еднаквост на мажите и жените значеше изедначување во правата и обврските на брачните другари еден кон друг, воведување обврска за меѓусебно издржување и издржување на заедничките деца и нивна еднаквост, без оглед дали се машки или женски. Начелото за заштита на семејството со нагласена заштита на секоја индивидуа која го сочинува семејството врска, која иманентно не мора да биде брачна, придонесува општеството да се грижи за оваа група која обезбедува раѓање и одгледување деца. [285]

Со донесувањето на Законот за сопственост и други стварни права од 2001 година [286] одредбите за имотните односи на брачните и вонбрачните партнери од Законот за семејство преминаа во тој закон.

---

[283] Европска конвенција за заштита на човековите права, достапна на: https://www.coe.int/mk/web/compass/the-european-convention-on-human-rights-and-its-protocols

[284] Конвенцијата за правата на детето (КПР) е најстариот универзално прифатен инструмент за човекови права, ратификуван од секоја земја во светот, освен две. Конвенцијата го вклучува целиот спектар на човекови права-граѓански, политички, економски, социјални и културни права на децата, во еден единствен документ. Конвенцијата беше усвоена од Генералното собрание на ОН на 20 ноември 1989 годинаи стапи на сила во септември 1990 година. Конвенцијата во 41 член ги наведува да бидат почитувани и заштитени човековите права и за секое дете на возраст под осумнаесет години, достапна на: https://www.coe.int/mk/web/compass/convention-on-the-rights-of-the-child

[285] Пoњавиќ З., Влашковиќ В., „Породично право", 7 изменето издание Службен гласник, 2007. стр. 16.

[286] Закон за сопственост и други стварни права од 2001, Сл. Весник на РМ 18/2001 година.

Во 2004 година Законот за семејство воведе систем на функционирање за заштита на жртви на семејно насилство, а со Законот за изменување и дополнување на Законот за семејство, Службен весник на РМ, бр. 38/2014 година се воведоа привремени и итни мерки. [287]

За прв пат во членот 1 од Законот за семејството со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за семејството од 2004 г. се предвиде посебна заштита од семејното насилство и посебна постапка за изрекување привремени мерки од страна на надлежниот суд. За нивно неспроведување од страна на службено лице или лице задолжено од страна на судот е предвидена кривична одговорност. Обезбедување на сигурност и заштита на жртвата од идно насилство, односно помош за надминување на последиците од доживеаното насилство како и создавање на услови за нејзина интеграција во социјалната средина. Тие се основните услови кои треба да се задоволат при преземањето на мерките за заштита. Заштитата која се остварува со привремените мерки може да биде директна за жртвите, но и индиректна и за сите членови на семејството како секундарни жртви.

Во Законот за семејството [288] членот 1 се менува и гласи:

***Чл.1***

***"Со овој закон се уредуваат: бракот и семејството, односите во бракот и семејството, одредени облици на посебна заштита на семејството, нарушените односи и насилството во бракот и семејството, посвојувањето, старателството, издржувањето, како и постапката пред судот во брачните и семејните спорови".***

Истовремено во членот 4 се додава нов став 2, кој гласи: „Републиката обезбедува заштита на бракот и семејството од нарушени односи и насилство во бракот и семејството". Ваквите законски измени се особено значајни за проблемот со кого се занимава нашето научно истражување.

Пречистениот текст на Член 1 од Законот за семејство е:

---

[287]Законот за семејство претрпе измени во Сл.весник на РМ 9/96, 38/2004, 33/2006, 84/2008, 67/10, 156/10, 39/12 и 44/12 38/14, 115/14, 104/15 и150/15).
[288] Ibid.

***Член 1***

***„Со овој закон се уредуваат: бракот и семејството, односите во бракот и семејството, одреден и облици на посебна заштита на семејството, семејното насилство, посвојувањето, старателството, издржувањето, како и постапката пред судот во брачните и семејните спорови и постапката за изрекување на привремена мерка за заштита од семејно насилств".***

Понатаму по членот 33 се додава нов член 33 - а, со кого се забранува секаков вид на насилство во бракот и семејството.

Секако најзначајната законска новина во измените од 2004 г. беше додавањето на нова глава VI - А „Нарушени односи и насилство во бракот и семејството" и 12 нови члена 94 - а, 94 - б, 94 - в, 94 - г, 94 - д, 94 - ѓ, 94 - е, 94 - ж, 94 - з, 94 - ѕ, 94 - и и 94 - ј. Со нив се укажува дека лицата кои живеат во брак, односно семејство, се должни меѓусебно да се почитуваат, да си помагаат и да се заштитуваат. Во Член 94 - б е воведена изречна забрана на насилство меѓу членовите на семејството, без оглед на пол и возраст. Во ст. 2 од Член 94 - б е предвидено под насилство во бракот и семејството (во натамошниот тест: семејно насилство) од ставот 1 на овој член да се смета однесување на член на семејството кој со примена на сила, закана и заплашување врши телесни повреди, емоционална или сексуална злоупотреба и материјално, сексуално или работно искористување на друг член на семејството. Воведувањето на оваа норма јасно укажа дека законодавното решение предвиде заштита од: физичко, емоционално, сексуално и економско насилство.

Насилното однесување може да биде сторено од едниот брачен другар врз другиот брачен другар кои живеат или живееле во брачна или вонбрачна заедница, или во кој било вид заедница како семејство, или ако имаат заедничко дете; меѓу браќа и сестри, полубраќа и полусестри; врз дете; врз постарите членови во семејството и врз лица - членови на семејствоточија деловна способност е делумно или целосно одземена.

Жртва на семејно насилство може да биде кој било член од семејството, без оглед на пол и возраст, на извршител на семејно насилство може да биде: брачниот или вонбрачниот другар, поранешниот брачен, или вонбрачен другар, лицето кое живее или живеело во заедница со лицето жртва на семејното насилство, лице со кое има заедничко дете или лице кое е поврзано до четвртиот степен на крвно сродство и втор степен по

сватовство со овие лица или се со нив во брачна или вонбрачна заедница или во друг вид на заедница на живеење. (Член 94-в).

Понатамошната одредба Член 94-г ја регулира надлежноста на Центарот за социјална работа, секогаш кога има сознанија дека во семејството се нарушени семејните односи или има семејно насилство, сам или на барање на член од семејството може да се преземаат мерки за заштита на семејството и лицата кои се жртва на семејното насилство. Посебна обврска има Центарот за социјална работа кој треба да презема мерки на заштита секогаш кога има сознанија добиени од граѓани, службени и правни лица дека во семејството постои семејно насилство врз малолетно дете или лице со ограничена или одземена деловна способност. [289]

Во одредбата на Член 94 - д за прв пат се предвиде законска можност Центарот за социјална работа да поднесе барање за изречување на привремена мерка за заштита од семејно насилство до судот за малолетни и деловно неспособни лица, секогаш кога родителот, старателот или законскиот застапник тоа нема да го сторат. Барањето, пак, за полнолетни и деловно способни лица ќе го достави до судот само со согласност на жртвата на семејното насилство. Со ваквата одредба е исклучено надлежниот орган задолжително ex oficio да може да води постапка покрај противењето на жртвата.

Центарот за социјална работа кон барањето доставува записник и извештај за преземените дејствија. Може да даде и предлог за изрекување на привремена мерка со предлог на мерка. (Член 94-ѓ) Таквите мерки овозможуваат задоволување на различни видови потреби за заштита, независно дали се работи за нивно индивидуално или

---

[289] Центарот за социјална работа секогаш кога има сознанија дека во семејството постои семејно насилство ги презема следниве мерки на заштита:
1) обезбедува нужно сместување за лицето-жртва на насилството, кое може да трае најмногу шест месеца, со можност за продолжување за уште шест месеца;
2) обезбедува соодветна здравствена заштита;
3) обезбедува соодветна психо-социјална интервенција и третман;
4) ги упатува во соодветно советувалиште;
5) доколку во семејството има дете кое е на редовно школување, помага за продолжување на редовното образование;
6) го известува органот за прогон;
7) дава секаков вид на правна помош и застапување;
8) покренува постапка пред надлежниот суд;
9) по потреба поднесува барање до судот за изречување на привремена мерка за заштита и
10) презема други мерки за кои ќе оцени дека се неопходни за решавање на проблемот.

кумулативно изрекување. Тие имаат цел непосредна и брза помош за жртвата, а може да имаат забранувачки и императивен карактер.

Согласно со Член 94-е Центарот за социјална работа, доколку има сознанија дека се извршени дејствија од членот 94-б на овој закон, поднесува барање до надлежниот суд за изречување на привремена мерка [290] за заштита од семејно насилство.

Предлогот за изрекување привремена мерка се доставува од надлежниот центар за социјална работа определен според местото на живеење на жртвата на семејното насилство. Може да се поднесе од брачниот другар, родителите или децата, или други лица кои живеат во брачна или вонбрачна заедница или во заедничко домаќинство, поранешен брачен другар или лица кои се наоѓаат во блиски лични односи кон кои се преземени дејствија на семејно насилство, без оглед дали е поднесена тужба во кривична постапка. Родителот, старателот или законскиот застапник може да поднесе предлог во име на малолетно дете и лице со ограничена или одземена деловна способност, како и за лице врз кое е продолжено родителското право.

Привремената мерка за заштита од семејно насилство може да трае најмногу една година со можност доколку семејното насилство продолжи и по истекот на мерката, Центарот за социјална работа да поднесе барање за продолжување. Центарот за социјална работа го следи извршувањето на изречената мерка и за текот на спроведувањето на мерката го известува судот на негово барање. Според Член 94-и Центарот за социјална работа може да поднесе предлог до надлежниот суд за укинување на изречената мерка и

---

[290] Судот може на сторителот на семејното насилство да му ги изрече следните привремени мерки:
1) забрани да се заканува дека ќе стори семејно насилство;
2) забрани да малтретира, вознемирува, телефонира, контактира или на друг начин комуницира со член на семејството, директно или индиректно;
3) забрани да се приближува до живеалиштето, училиштето, работното место или определено место кое редовно го посетува друг член на семејството;
4) одреди отстранување од домот без оглед на сопственоста, до донесување на конечна одлука од надлежниот суд;
5) забрани да поседува огнено или друго оружје или истото да му биде одземено;
6) го задолжи да ги врати предметите кои се потребни за задоволување на секојдневни-те потреби на семејството;
7) изрече задолжително издржување на семејството;
8) нареди тужениот да посетува соодветно советувалиште;
9) нареди задолжително лекување, доколку е корисник на алкохол и други психотропни супстанции или има некое заболување;
10) го задолжи да ги надомести медицинските и другите трошоци настанати од семејното насилство и
11) изрече која било друга мерка која судот ќе ја смета за неопходна за да се обезбеди сигурност и добросостојба на другите членови на семејството.

пред истекот на рокот доколку оцени дека таа ја постигнала целта поради која е изречена. Исто така Центарот за социјална работа може да поднесе предлог за измена на изречената мерка или за нејзино продолжување доколку оцени дека изречената мерка е несоодветна или дека ќе ги постигне бараните резултати, но дека е потребно да трае подолг временски период. [291]

Во ново додадената глава V-а „Постапка за изрекување на привремена мерка за заштита од семејно насилство" додадени се осум нови члена 279-а, 279-б, 279-в, 279-г, 279-д, 279-ѓ, 279-е, 279-ж, 279-з и нова глава V-б „Казнени одредби".

Според Член 279-а во постапките за изрекување на привремена мерка за заштита од семејно насилство одлучува судија поединец, а по приемот на барањето, судот закажува рочиште на кое јавноста е исклучена. Постапката е итна и е предвидено судот по барањето на центарот за социјална работа за изрекување на привремена мерка да постапи веднаш и во рок од седум дена од денот на приемот на барањето и да донесе одлука. Доколку постои основано сомнение дека постои сериозна опасност за животот и здравјето на член од семејството, судот ќе донесе одлука во рок од три дена од денот на приемот на барањето. На рочиштето е предвидено да бидат присутни извршителот и жртвата на семејното насилство и претставник од Центарот за социјална работа. Примерок од одлуката судот доставува до странките и Центарот за социјална работа, Јавното обвинителство и органот за прогон. Изјавените жалби против судската одлука немаат суспензивно дејство.

Во Членот 279-з беа предвидени казнените одредби според кои со парична казна од 5.000,00 до 10.000,00 денари ќе се казни за сторен прекршок, тој што нема да постапи согласно со обврските од членот 94-г став 3 на овој закон. Со парична казна од 100.000,00 до 200.000,00 денари ќе се казни за сторен прекршок и правното лице што нема да постапи согласно со обврските од членот 94-г став 3 на овој закон. Со паричната казна од ставот 1 на овој член ќе се казни за прекршок и одговорното лице во правното лице од ставот 2 на овој член.

[291] Закон за семејството, пречистен текст Сл.весник на РМ, бр. 153 од 20.10.2014.

Со измените на Законот за семејство од 2008 година [292] со измени и во членот 94-б ставот 2 се менува и проширува поимот на семејно насилство:

**Член 94-б**

***„Под семејно насилство се подразбира малтретирање, навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психолошко или физичко насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв спрема:***

- ***брачниот другар, родителите или децата или други лица кои живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство,***
- ***поранешен брачен другар или лица кои имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи, вклучувајќи ги односите кои настануваат со посвојувањето и старателството,***
- ***браќа и сестри, полубраќа и полусестри,***
- ***постарите членови во семејството или заедничкото домаќинство и***
- ***лица - членови на семејството или заедничкото домаќинство чија деловна способност е делумно или целосно одземена".***

Законската измена потврди дека имало горлива потреба од проширување на поимот на семејното насилство кое сега подразбира малтретирање, навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психолошко или физичко насилство. Но, сметаме дека ваквата непрецизна и нејасна законска норма создала само конфузија кај судските практичари. Очигледна е измешаноста со кривично - правните елементи иако Законот за семејство очигледно предвидувал граѓанско - правна заштита. Со наведената законска измена е изменет и поимот на жртва кон која потенцијално би било насочено насилството и во него влегуваат брачниот другар, родителите или децата, или други лица кои живеат во брачна или вонбрачна заедница, или заедничко домаќинство, поранешниот брачен другар или лица кои имаат заедничко дете, или се наоѓаат во блиски лични односи вклучувајќи ги односите кои настануваат со посвојувањето и старателството, браќа и сестри, полубраќа и полусестри, постарите членови во семејството или заедничкото

[292] Закон за изменување и дополнување на Законот за семејството Сл. Весник на РМ бр. 84/2008.

домаќинство и лица - членови на семејството или заедничкото домаќинство чија деловна способност е делумно или целосно одземена.

Изменетето законско решение нуди можност и Здруженија на граѓани[293], регистрирани за остварување на цели и задачи од областа на социјалната заштита, сами или во соработка со центарот за социјална работа да можат да ги преземат мерките на заштита и во рок од 24 часа да го известат Центарот за социјална работа надлежен според местото на живеење на лицето жртва на семејно насилство. Центарот за социјална работа по добивањето на известувањето во рок од 24 часа изготвува соодветно решение. Здружението на граѓани е должно во рок од 72 часа откако се преземени мерките за заштита, целокупната документација да ја достави до Центарот за социјална работа поради натамошно постапување.

Со измените на Законот за семејство во 2006 година се утврди мандатот на релевантните министерства во делот на извршувањето на Привремените мерки за заштита и во член 281-е унифицирана и сеопфатна имплементација на Законот. Во 2007 година поради операционализација на дел од законските решенија од Законот за семејство и унапредување на подзаконската регулатива се донесе Правилник за начинот на спроведување и следење на изречените мерки за заштита на семејството и лицата жртви на семејно насилство, преземени од Центарот за социјална работа и за начинот на следење на привремените мерки изречени од судот. [294] Во Член 6 од Правилникот се предвидува начинот на спроведување на мерките за заштита, преку сместување во центар за лица - жртви на семејно насилство која се презема како мерка за заштита во случај кога за лицето - жртва на семејно насилство е утврдено дека постои сериозна опасност и закана за животот и здравјето, поради примена на физичка сила, закана или заплашување од друг член од семејството, а при отсуство на ресурси во семејната средина за прифаќање на жртвата и нејзините деца. Во Членот 7 е предвидена соодветна здравствена заштита за

---

[293] Указ за прогласување на Законот за превенција, спречивање и заштита од семејно насилство, Службен весник на РМ, бр. 138 од 17.09.2014 година, достапно на: https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/zakoni/ZAkon%20za%20prevencija%20semejno.pdf

[294] Правилник за начинот на спроведување и следење на изречените мерки за заштита на семејството и лицата жртви на семејно насилство, кои се преземени од центарот за социјална работа, како и за начинот на следење на привремените мерки изречени од судот. Службен весник на РСМ, бр. 248 од 5.11.2021 година. Мерките за заштита на семејството и лицата-жртви на семејно насилство, се преземаат со цел да се спречи натамошно насилство, да и се помогне на жртвата да ги надмине последиците од доживеаното насилство и да се создадат услови за нејзина интеграција во социјалната средина по завршениот третман.

лицето - жртва на семејно насилство која се обезбедува од страна на стручното лице во центарот за социјална работа со тоа што на жртвата ѝ се помага да го оствари правото на здравствено осигурување, односно здравствена заштита и доколку е потребно и соодветен медицински третман. Мерката на заштита соодветната психо - социјална интервенција и третман на лицето - жртва на семејно насилство се спроведува преку давање на првична кризна интервенција за помош на жртвата на семејно насилство, советодавна помош од стручен работник и советувалишна со интердисциплинарна тимска работа. Мерката на заштита во соодветно советувалиште, предвидена во Член 9, се спроведува со упатување на лицето - жртва на семејно насилство во советувалиштесо негова согласност и по утврдена потреба за специфична стручна помош и третман во соодветното советувалиште, согласно со утврдената листа од страна на Министерството за труд и социјална политика. За спроведување на мерката редовно школување од Чл.10, центарот за социјална работа презема потребни мерки детето да се вклучи или да продолжи да посетува редовно образование, обезбедува училиштен прибор и презема други дејствија потребни во оваа насока. Според Член 11, известувањето на органот за прогон се спроведува со доставување на писмена документација за евидентирано насилство во семејството од страна на стручните работници, секогаш кога центарот за социјална работа има вакви информации. Правната помош на лице - жртва на семејно насилство се обезбедува со советување за правата и законските постапки кои можат да се покренат за надминување и спречување на семејното насилство од страна на стручно лице во центарот за социјална работа. Стручното лице од став 1 на овој член може да ѝ обезбеди на жртвата на семејно насилство остварување на правна помош и застапување од здружение на граѓани кое е регистрирано во Министерството за труд и социјална политика и работи на давање на правна помош и застапување на жртви на семејно насилство. Постапка пред надлежен суд согласно со Член 13 се поведува кога е потребно да се заштити личноста, правата и интересите на лицето - жртва на семејно насилство или друг член на семејството со спроведување на надзор над вршењето на родителското право, заштита на правата и интересите на лице ставено под старателство и на посвоените лица. Мерката на заштита се спроведува со покренување постапка пред надлежен суд согласно со Законот за семејството. [295]

[295] Мерките за заштита на семејството и лицата-жртви на семејно насилство, се преземаат со цел да се

Со влегување во сила на Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство[296] престанаа да важат одредбите од главата „VI-a семејно насилство” и членовите 94-б, 94-в, 94-г, 94-д, 94-ѓ, 94-е, 94-ж, 94-ѕ, 94-и, 94-ј, насловот на главата „V-a Постапка за изречување на привремена мерка за заштита од семејно насилство” и членовите 279-а, 279-б, 279-в, 279-г, 279-д, 279-ѓ, 279-е и 279-ж од Законот за семејството ( „Службен весник на Република Македонија” број 80/92, 9/96, 38/2004, 33/2006, 84).

*1. 2. Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство* [297]

Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, претставуваше прв системски закон кој ја регулираше материјата на семејното насилство.

Иако законот уредуваше координиран принцип и целосното постапување на институциите заедно со здруженијата на граѓани во превенирањето и спречувањето на семејното насилство и обезбедување заштита на жртвите во пракса, жртвите се соочија со неефикасност. Целите на неговото донесување беа: преземање на мерки насочени кон превенција и заштита на жртвите на семејно насилство, почитување на основните човекови слободи и права, живот, личен интегритет, недискриминација и родова еднаквост, со должно внимание на интересите и потребите на жртвата. Законот беше заснован на принципите на почитување на достоинството и личниот интегритет на жртвите на семејно насилство, а беше делумно хармонизиран со европското законодавство и го третираше проблемот на семејното насилство како повреда на основните човекови права. Начелото на итност и одговорност на надлежните институции, интерсекторското постапување и координирање беа основните начела на овој закон.

Во Член 3 беше содржана поширока дефиниција на поимот на семејното насилство.[298] Според поимникот содржан во Член 4, воведувањето на повеќе видови и

---

спречи натамошно насилство, да и се помогне на жртвата да ги надмине последиците од доживеаното насилство и да се создадат услови за нејзина интеграција во социјалната средина по завршениот третман.

[296] Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство (Службен весник на Република Македонија, број 138/14, 33/15 и150/15).

[297] Ibid.

[298] Според Чл 4 од Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство сторител на семејно насилство е секое лице кое врши дејствие на насилство од член 3 од овој закон; жртва на семејно насилство (во натамошниот текст: жртва) е секое лице кое на територија на Република Македонија трпи насилство од член 3 од овој закон; блиски лични односи, се лични односи меѓу лица кои се или биле во партнерски односи;-дете е секое лице на возраст до 18 години; телесно/физичко насилство, е секое дејствие на примена на физичка сила или дејствие со кое се нарушува здравјето на жртвата; психичко насилство, е секое дејствие

облици семејно насилство и проширувањето на поимот, блиски лични односи, се најголемата новина што овој закон ја воведе.

Забраната за дискриминација врз основа на сексуална ориентација и заштитата на жртвите на семејно насилство од истополови партнерски односи значеа приближување кон европското законодавство.

Членот 5 ги регулира надлежните институции за постапување: Министерството за труд и социјална политика, Министерството за внатрешни работи, Министерството за здравство, Министерството за образование и наука, Министерството за правда, единиците на локалната самоуправа, институциите кои вршат дејност од областа на социјалната заштита, детската заштита, внатрешните работи, здравството, вработувањето и образованието, преземаат мерки за заштита на жртвата и спречување на насилство, остваруваат меѓусебна соработка и координација. Институциите се должни да обезбедат работите од својата надлежност да ја вршат стручни лица, обучени за спроведување на работите определени со законот. Во Член 6 е предвидено заштитата на жртвите на семејно насилство може да ја обезбедат и здруженија кои се регистрирани за давање на вакви услуги, согласно со Законот за социјалната заштита. [299]

Жртвата има право на помош, поддршка и заштита од семејно насилство, а и да биде информирана од службените лица за своите права, мерките за заштита и постапките за нивно остварување, како и за достапните услуги за помош и заштита. Таа има право на придружник што ќе ја придружува во постапките. Придружникот може да биде кое било возрасно лице, освен лицето што е сторител на семејното насилство во постапката.

---

кое предизвикува чувство на страв, загрозеност, вознемиреност или повреда на достоинството и итегритетот на жртвата; демнење, е намерно повторено заканување кон жртвата, кое предизвикува истата да се плаши за својата безбедност; сексуално насилство, е секое дејствие на сексуален акт и сексуално вознемирување врз лице без дадена согласност; економско насилство, е секое дејствие на ограничување или спречување во располагање со лични приходи и финансиски средства, за одржување на заедничкото домаќинство и за грижа на детето, со што се предизвикува економска зависност на жртвата; родово засновано насилство врз жените означува насилство насочено против жената затоа што е жена или коешто несразмерно ја погаѓа; а изразите, употребени во овој закон се однесуваат на лица од машки и женски пол.

[299] Закон за социјална заштита Службен весник на РСМ, бр. 104 од 23.05.2019 година со кого се уредуваат системот и организацијата на социјалната заштита, корисниците на социјалната заштита, правата на парична помош и социјалните услуги, постапките за остварување на правата и користење на услугите, вршење на дејноста на социјалната заштита, кадрите, финансирањето и надзорот над вршењето на социјалната заштита и други прашања од значење за вршењето на дејноста на социјалната заштита, достапно на: https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/zakoni/2019/28.5_zakon_SZ.pdf

Законот предвидува помош и заштита на децата и во Член 10 дефинира дека детето е жртва кога трпи директно насилство, кога е присутно на насилни односи помеѓу членовите на неговото семејство, или кога живее во средина во која има насилни односи. Прифатениот поим на дете - жртва е екстензивен и според него детето не мора директно да го трпи насилството, туку аналогно со самото присуство при насилни односи во семејството станува и нивна жртва. Ваквото поимање придонесува кон посилна заштита на децата жртви и нивно изолирање од токсичната средина на матичното семејство. Целта на законодавецот е да се зачува детската свест и спречување на меѓугенерациското пренесување на насилството. [300] Ова затоа што најчесто детето од жртва станува насилник кога ќе го усвои начинот на однесување во семејството. Кон дете сторител на семејно насилство не се применуваат привремените мерки за заштита од овој закон, а се применуваат одредбите од Законот за правда на децата и одредбите од Закон за семејството кои се однесуваат на уредување на односите на родителите и децата, надзор над вршењето на родителското право и старателството.

Предвидена е обврска за секој граѓанин пријавување на сознание за семејно насилство до полициска станица, Центар за социјална работа, здружение или на националната СОС линија, а надлежните институции се должни да постапат и според анонимна пријава. Исто така е предвидена законска обврска за пријавување од службени лица (Член 13) за одговорното лице и раководното лице од институцијата кои вршат дејност од областа на социјалната и детската заштита, вработувањето, внатрешните работи, здравството и образованието кои се должни да пријават сознание за семејно насилство до полициската станица или Центарот за социјална работа. Информациите за жртвата или сторителот на насилството, врз основа на кои жртвата или членовите на нејзиното семејство може да бидат идентификувани, не смеат јавно да се објавуваат, освен ако жртвата се согласи на тоа.

Во главата I. ПРЕВЕНЦИЈА (Член 17) е предвидено Министерството за труд и социјална политика, Министерството за внатрешни работи, Министерството за здравство, Министерството за образование и наука, Министерството за правда, единиците на локалната самоуправа и здруженијата да преземаат превентивни мерки за спречување и

[300] Кнежић Б., Насиље у породици – навике и наде, Зборник радова, Правом против насиља у породици, Женски истраживачки центар за едукацију и комуникацију, Ниш, 2002, стр. 10.

намалување на семејното насилство, согласно со надлежностите утврдени со закон. Превентивните мерки се преземаат преку: промовирање на општествени и културни вредности на однесувањекои се засноваат врз еднаквост на жените и мажите; воведување на програми за ненасилно однесување од најрана возраст во предучилишните установи, воведување на програми за ненасилно однесување и разбирање на родовата еднаквост во основните училишта, воведување на програми за развивање на способности за мирно решавање на конфликти, разбирање и вреднување на принципот за еднаквите можности помеѓу жените и мажите. Во средните училишта, воведување на програми за развивање на способности за мирно решавање на конфликти, почитување на дигнитетот и достоинството на личноста, недискриминација и еднаквост помеѓу мажите и жените. Во високообразовните институции се предвидува обезбедување на стручна советодавна работа, и советувалишна работа во советувалишта за брак и семејство во центрите за социјална работа и други институции, спроведување на кампањи, или програми за подигнување на свеста и разбирањето на општата јавност за препознавање на последиците од семејното насилство, воведување на контунуирани обуки за стручните лица за извршување на работите од својата надлежност и родово засновано насилство, подигнување на нивото на одговорност на печатените и електронските медиуми за објективно известување за случаите на семејно насилство, при што не треба да се наведуваат околности кои можат да значат повреда на човековите права, дигнитетот на личноста и избегнување на секаква дискриминација на мажите и жените.

Во глава, II. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА (Член 18) предвидено е центарот за социјална работа да ги презема следните мерки за заштита на жртвите: 1) сместување во центар за лица - жртви на семејно насилство; 2) соодветна здравствена заштита; 3) соодветна психо - социјална интервенција и третман; 4) психо - социјален третман во советувалиште; 5) помош на семејството за редовно школување на дете; 6) правна помош и застапување и 7) економско јакнење на жртвата преку нејзино активно вклучување на пазарот на трудот.

Центарот за социјална работа е должен да започне постапка веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа од добиеното сознание и да преземе мерки за заштита на жртвата. Постапката ја започнува по добиено сознание дека над лице е сторено семејно насилство, по службена должност, по барање на жртвата, по пријава од физичко лице, службено лице, институција и здружение. Центарот за социјална работа, во случаи кога како жртва се

јавува дете или лице кое не е во состојба да се грижи за себе, или лице со ограничена или одземена деловна способност презема мерки за заштита, без оглед дали постои согласност на родителот или старателот. Во такви случаи презема и мерки согласно со Законот за семејството, кои се однесуваат на уредување на односите на родителите и децата, надзор над вршењето на родителското право и старателството и согласно и со Законот за правда на децата. Во постапките за доверување на детето кај еден од родителите, Центарот за социјална работа го зема во предвид интересот на детето - жртва на семејно насилство. Центарот за социјална работа може времено да ги ограничи или да ги забрани личните односи и непосредните контакти на детето со родителот со кого не живее заедно, во случај кога тоа е во интерес на детето - жртва на семејно насилство, но не повеќе од една година. Според Член 21 службеното и раководното лице на институцијата должни се веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа од преземеното дејствие, службената документација и известувањето за преземените дејствија, да ги достават до надлежниот Центар за социјална работа.

Центарот за социјална работа е обврзан секогаш кога има сознание дека семејното насилство е сторено од лице кое поседува огнено оружје, веднаш да го извести Министерството за внатрешни работи. Заштита се врши преку стручна, советодавна, советувалишна и интердисциплинарна тимска работа. Центарот за социјална работа врши проценка на потреби за заштита на жртвата според видот, интензитетот, контекстот на случувањето на насилството, здравствениот и семејниот статус на жртвата, нејзината возраст и другите околности во постапката за преземање на потребните мерки за заштита. Мултисекторскиот стручен тим предвиден во Чл.21 е составен од стручни лица, од Центар за социјална работа, полиција и здравствена установа од подрачјето за кое е надлежен центарот и во неговата работа учествуваат претставници на здруженија кои работат на полето на семејното насилство и кои можат да предлагаат и спроведуваат мерки и активности од безбедносниот план за помош на жртвата. Понатаму во Член 24 е предвидено и сместување на жртва во центарот за лица - жртви на семејно насилство кога постои сознание за реална закана за животот и здравјето на жртвата и во отсуство на други ресурси за згрижување во траење од најмногу три месеца, со можност за продолжување за уште три месеца. Во исклучителни случаи според проценка на Центарот за социјална работа, сместувањето во центарот за лица - жртви на семејно насилство може да продолжи

најмногу за уште шест месеца. Центарот за лица - жртви на семејно насилство може да обезбеди психосоцијална интервенција и третман, медицински третман и правна помош преку своите стручни тимови.

Министерството за труд и социјална политика води интерна статистика за семејното насилство со податоци добиени од 30 центри за социјална работа кои ја покриваат територијата на Република Северна Македонија и тоа со следните белези: полова структура, етничка структура, возрасна структура, тип на насилство, вид и број на привремени мерки, и вид на социјална услуга. [301]

Во Член 29 постои законска обврска секогаш кога има пријава за семејно насилство, а поради отстранување на непосредна и сериозна опасност за животот и физичкиот интегритет на жртвата и членовите на нејзиното семејство, полицискиот службеник да излезе на местото на настанот и да подготви полициски извештај веднаш, а најдоцна во рок од 12 часа од интервенцијата на настанот. Полицискиот службеник во случаи на семејно насилство при преземањето на полициските работи и примената на полициските овластувања, оперативно - техничките и превентивни мерки утврдени со Законот за полиција, секогаш прави проценка на ризикот за животот и телесниот интегритет на жртвата и проценка на ризикот од повторување на насилството за заштита на жртвата преку соодветно управување со ризикот. Полицискиот службеник е должен во рок од 12 часа до надлежниот суд да достави предлог за изрекување на привремена мерка за заштита - отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот и полициски извештај изготвен од полицискиот службеник. Во истиот рок е должен да го извести надлежниот центар за социјална работа поради преземање на мерки за заштита на жртвата. Начинот на проценка на ризикот за животот и телесниот интегритет на жртвата и на ризикот од повторување на насилството, соодветното управување со ризикот, образецот на полицискиот извештај и предлогот за изрекување на привремена мерка за заштита - отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот ги пропишува министерот за внатрешни работи. Предвидена е обврска за придружување на жртвата во станот или друг простор каде жртвата живее ако е потребно да ги земат личните работи кои се неопходни за секојдневниот живот.

[301] Решение УП. Бр. 14-7127/6 од 20.12.2023 г. на Министерството за труд и социјална политика – Сектор за координација и техничка помош на министерот.

Во главата III. ПРИВРЕМЕНИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА поради отстранување на непосредна и сериозна опасност за животот и физичкиот интегритет на жртвата и членовите на нејзиното семејство, се изрекува привремена мерка за заштита - отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот на предлог на Министерството за внатрешни работи (Член 34 ) и без согласност на жртвата. Привремена мерка се изрекува во траење од најмалку 10, а најмногу до 30 дена.

Поради запирање на насилството, отстранување на последиците од извршеното насилство и преземање на ефикасни мерки кон сторителот на насилството поради елиминирање на причините за вршење на натамошно семејно насилството, на сторителот на семејното насилство може да му се изречат следниве привремени мерки за заштита (Чл.35):

1) забрана да се заканува дека ќе стори семејно насилство;
2) забрана да малтретира, вознемирува, телефонира, контактира или на друг начин да комуницира со член на семејството, директно или индиректно;
3) забрана да се приближува на растојание помало од 100 метри до живеалиштето, училиштето, работното место, или определено место кое редовно го посетува друг член на семејството;
4) отстранување од домот без оглед на сопственоста;
5) забрана да поседува огнено или друго оружје или истото да му биде одземено;
6) задолжително да ги врати предметите кои се потребни за задоволување на секојдневните потреби на семејството;
7) задолжително законско издржување на семејството;
8) задолжително да посетува соодветно советувалиште;
9) задолжително лекување на сторителот доколку злоупотребува алкохол, дрога и други психотропни супстанции или има психичко заболување;
10) задолжително да ги надомести медицинските и другите трошоци настанати од семејното насилство;

11) изрекување на која било друга мерка која судот ќе ја смета за неопходна за да се обезбеди сигурност и добросостојба на другите членови на семејството.

Предлогот за изрекување на привремена мерка за заштита се поднесува преку Министерството за внатрешни работи до надлежниот суд поради отстранување на непосредна и сериозна опасност за животот и физичкиот интегритет на жртвата и членовите на нејзиното семејство. Жртвата може да поднесе предлог за изрекување на привремена мерка за заштита непосредно или преку центарот за социјална работа на нејзино барање. Центарот за социјална работа може да поднесе предлог за изрекување на привремена мерка за заштита од член 35 од овој закон до надлежниот суд, со согласност на жртвата. Родителот или старател може да поднесе предлог за изрекување на привремена мерка за заштита во име на малолетно дете и лице со ограничена или одземена деловна способност, како и за лице над кое е продолжено родителското право. Центарот за социјална работа задолжително до Судот ќе поднесе предлог за изрекување на привремена мерка за заштита во име на децата и деловно неспособните лица секогаш кога родителот, старателот или законскиот застапник тоа нема да го сторат и без нивна согласност. Центарот за социјална работа, во предлогот до судот за изрекување на привремена мерка за заштита од член 35 од овој закон за дете, може да предложи привремената мерка за заштита и таа да се однесува и за родителот со кого детето живее, во случаи кога тоа го бараат интересите на детето за негова заштита и безбедност. Центарот за социјална работа кон предлогот за изрекување на привремена мерка за заштита доставува наод и мислење на стручен тим во кој дава и предлог за изрекување на привремена мерка(и) во зависност од утврдените потреби за заштита на жртвата. Привремената мерка за заштита може да трае најмалку три месеца, а најмногу до една година. Доколку семејното насилство продолжи и по истекот на периодот за кој е изречена во рамките на рокот од една година, жртвата или Центарот за социјална работа можат да поднесат барање за продолжување на мерката(ите). По истекот на една година од изречената привремена мерка за заштита од став 1 на овој член во случај кога семејното насилство повторно ќе се случи, жртвата или Центарот за социјална работа доставува нов предлог до судот. Полицијата има обврска да го извести судот за спроведувањето на привремената мерка.

Доколку се оцени дека мерката ја постигнала целта поради која е изречена, жртвата или Центарот за социјална работа може да поднесат предлог до надлежниот суд. Следењето на спроведувањето на изречените привремени мерки е обврска на полицијата која е надлежна според местото на живеење на жртвата. Полицијата има обврска да го извести судот за спроведувањето на привремената мерка. Извештајот, исто така, се доставува и до ЦСР кој е надлежен за следење на извршувањето на мерката.

Во согласност со Член 18, став 7, Министерството за внатрешни работи собира податоци за бројот на пријавени случаи поврзани со родово базирано насилство над жени и жртви на домашно насилство поделени според пол, род, возраст, етничка припадност, попреченост, место на живеење, врска жртва – сторител, квалификација на кривичното дело и други податоци предвидени со закон.

Во постапките за изрекување на привремените мерки за заштита од семејно насилство одлучува судија поединец (член 43) и јавноста е исклучена на рочиштето. По исклучок судијата може да дозволи на рочиштето да присуствуваат научни и јавни работници кои се занимаваат со проблемите на бракот и семејството, како и лица кои странките ќе ги предложат. Судот веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа по приемот на предлогот од Министерството за внатрешни работи и полицискиот извештај, без да одржи рочиште ќе одлучи за изрекување на привремена мерка за заштита - отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот кога постои основано сомнение за сериозна опасност за животот и здравјето на жртвата или на член од семејството, врз основа на стручен наод и мислење на центарот за социјална работа. Судот ќе постапи веднаш, а најдоцна во рок од седум дена од денот на приемот на барањето ќе донесе одлука. Според Член 45 рочиштето се одржува во присуство на жртвата на семејното насилство, на противникот (сторителот на семејно насилство) и во присуство на претставник од центарот за социјална работа, штом е подносител на предлогот за изрекување на привремена мерка за заштита. Поканата за одржување на рочиште, судот му ја доставува на противникот во рок од два дена. По оцена на судот може да бидат повикани и други лица. Има исклучок кога постои основано сомнение за сериозна опасност за животот и здравјето на жртвата или на член од семејството, тогаш судот може да изрече привремена мерка за заштита во отсуство на противникот и врз основа на стручен наод и мислење на центарот за социјална работа ако не се прибавени други

докази. Според предлог на Центарот за социјална работа или според предлог на жртвата, судот може да ја продолжи, укине или измени изречената привремена мерка. Одлуката за изречена привремена мерка за заштита - отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот, судот во рок од 6 часа од донесување на одлуката ја доставува до надлежната полициска станица по местото на извршување која веднаш, а најдоцна во рок од 12 часа по приемот ја доставува до сторителот на семејното насилство. Министерството за внатрешни работи е должно да го отстрани сторителот од домот во рок од два часа, сметано од моментот кога му е врачена одлуката за изречената привремена мерка за заштита - отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот во случај кога не сака доброволно да го напушти домот. Примерок од одлуката судот доставува до јавниот обвинител и центарот за социјална работа и до институцијата надлежна за извршување на привремената мерка за заштита. Рокот за изјавување жалба е три дена од денот на приемот на одлуката. Жалбата изјавена против одлуката на судот не гоодложува нејзиното извршување.

### *1. 3. Новините во Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство*

И покрај тоа што не може да згрижи многу жртви во засолништа, ниту да им овозможи финансиска поддршка, вработување и постојана здравствена помош, нашата држава воведе задолжително давање заштита на жртвите на семејно насилство и нивна дополнителна правна заштита. Семејното насилство иако беше санкционирано и беа воведени низа мерки за заштита со одредбите на Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство (Сл. Весник на РСМ 138/14) поради низа правни празнини, недоречености и неефикасни решенија се донесе нов Закон за спречување и заштита од семејно насилство врз жените и семејното насилство. [302] Овој закон е амбициозен проект кој воведува нови правни дефиниции и поширока општествена ангажираност со цел да се дојде до поефикасни правни решенија. Но, сепак постои дилемата дали одредбите ќе бидат применливи и ефикасни поради институционалната неподготвеност, недоволната стручна екипираност и немањето финансиски средства.

---

[302] Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство (Сл. Весник на РСМ 24/2021 од 29.01.2021 г.)

Со донесувањето на Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, забележливо е дека се направени измени и дополнувања на претходниот закон поради приближување на нормите од Истанбулската конвенција и акцептирање на меѓународните кодификации.

Во време на пандемијата од Ковид 19, Комитетот на членките на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и сузбивање насилство врз жените и насилство во семејството (Истанбулска конвенција), донесе Декларација за примена на Конвенцијата за време на пандемијата. Анексот на декларацијата е објавен на 20. 4. 2020 година во Стразбур и дава предлози за акции и мерки кои може да се преземаат во текот на пандемијата во врска со одредени одредби од Истанбулската конвенција, а целта е заштита од насилство. Негови приоритети се: преземање мерки насочени кон превенција и заштита на жртвите на семејно насилство, почитување на основните човекови слободи и права, живот, личен интегритет, недискриминација и родова еднаквост, со должно внимание на интересите и потребите на жртвата.

Во согласност со Член 15 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство, во 2021 година Владата на РСМ формираше Национално координативно тело за имплементација на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилство, со мандат од пет години. Со Националното координативно тело претседава министерот за труд и социјална политика, и административно - стручните работи ги врши Министерството за труд и социјална политика.

**ВО ГЛАВА VI. ЗАШТИТА НА ЖЕНИТЕ ЖРТВИ НА РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО И ЖРТВИТЕ НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО** е предвидена должност [303] секое физичко лице кое има сознание за постоење на родово базирано насилство врз жени и семејно насилство е должно да пријави до полициска станица, центар за социјална работа, јавно обвинителство, здружение или СОС линија. Надлежните институции се должни да постапат и по анонимна пријава. Одговорното лице и раководното лице од институцијата кои вршат дејност од областа на социјалната и детската заштита, вработувањето, внатрешните работи, здравството и образованието се должни да пријават

[303] Чл.40 од ЗСЗНЖСН

сознание за постоење на родово базирано насилство врз жените и семејно насилство до полициска станица или Центар за социјална работа.

Во Член 43 е предвидено жртвата да има право да избере лице кое ќе ја придружува во текот на постапката пред надлежен орган. Придружникот може да биде кое било возрасно лице, освен лицето кое е сторител на родово базирано насилство и/или семејно насилство во постапката. Улогата на придружникот е да ѝ помага на жртвата во заштитата на нејзиниот интерес и да помага да се најде решение за нејзиниот случај.

**ВО ГЛАВА VII. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖРТВИТЕ** е предвидена законска новина која има интенција да им пружи заштита на жртвите од ревиктимизација. [304]

Доколку во пракса се спроведуваат доследно овие мерки се очекува реална заштита од ревиктимизација на жртвите, [305] зашто при секое давање исказ во било која инстанца повеќе од еднаш постои опасност од повторно доживување на настанот на насилство. [306] Тоа пак го кумулира во голема мера стресот и стравот кај жртвата и негативното доживување на целата ситуација. Затоа треба да се овозможат обуки на сите надлежни лица за работа со жртви и да се сведува ризикот за ревиктимизација на минимум. Потребни се и материјални вложувања и опремувања на просторот во кого престојуваат жртвите кој нема да делува вознемирувачки врз нив и кој ќе обезбеди физичко одделување од насилникот и неговите влијанија. [307]

---

[304] Во Член 44 од ЗСЗНЖСН се предвидени следните мерки:
1) заштита на идентитетот и личните податоци на жртвата;
2) земање на исказ на местото на пријавување;
3) земање на исказот на жртвата во полициска станица или јавно обвинителство со користење на видео и тонски запис кој се користи како доказ во постапката по претходно дадена согласност на жртвата;
4) разговор во посебни простории прилагодени за разговор со жртви;
5) ограничување на соочување со пријавениот;
6) ограничување на давање на исказ на најмногу два пати во текот на постапката за заштита од насилство и
7) други мерки со кои ќе се заштити интегритетот на жртвата.

[305] Ревиктимизација се однесува на ситуација кога жртвата на насилство, по веќе доживено трауматично искуство, се изложува на дополнително насилство или несоодветни постапки од страна на институции, лица или процеси кои би требало да ја заштитуваат. Ова може да вклучува примарна виктимизација (првично насилство) и секундарна виктимизација (дополнително насилство).

[306] Камбовски В., Лажетиќ Г., Насоки за примена на начелото за неказнување на жртвата на трговија со луѓе и трговија со дете, Скопје : ОБСЕ, 2020, стр. 29.

[307] ЈУ Завод за социјални дејности – Скопје, 2018, Стандард и процедури за работа на насилство, достапно на: https://mtsp.gov.mk/content/word/dokumenti/dokumenti%202018/standardi/sovetuvaliste_zrtvi.pdf

Органи за спроведување на мерките за заштита се надлежните центри за социјална работа, Министерството за внатрешни работи, здравствените установи, здруженијата, органите на локалната самоуправа и образовните институции.

Центарот за социјална работа е должен да започне постапка веднаш, а најдоцна во рок од 12 часа од добиеното сознание дека е сторено родово базирано насилство врз жена или семејно насилство и да преземе мерки за заштита на жртвата, согласно со проценката на ризикот. Постапката ја започнува по добиено сознание дека е сторено родово базирано насилство врз жена, или семејно насилство, по службена должност, по барање на жртвата, по пријава од граѓанин, службено лице, институција и здружение. Центарот за социјална работа во случаи кога како жртва се јавува дете или лице кое не е во состојба да се грижи за себе, или лице со ограниченаили одземена деловна способност, презема мерки за заштита, без оглед дали постои согласност на родителот или старателот. (Чл.45)

Во Член 46 се наведени мерките за заштита кои се во надлежност на центрите за социјална работа:

1) обезбедува привремено згрижување;
2) обезбедува жртвата да добие потребна медицинска помош и по потреба ја придружува во најблиската здравствена установа;
3) обезбедува жртвата да оствари право од социјална и здравствена заштита согласно со закон;
4) дава соодветна психо - социјална интервенција и третман;
5) обезбедува жртвата да добие психо - социјален третман во советувалиште од стручни лица во центарот за социјална работа, здружение, советувалиште за жени жртви на насилство и други жртви на семејно насилство;
6) обезбедува помош на семејството за редовно школување на дете;
7) дава правна помош и застапување;
8) ја упатува жртвата до соодветните државни и други органи надлежни за економско јакнење на жртвата и нејзино активно вклучување на пазарот на трудот, преку надлежен центар за вработување;

9) во случај на висок ризик и преземање на итни мерки за заштита, како и кога жртвата користи услуги на привремен престој, а најдоцна во рок од 12 часа од приемот на пријавата, донесува решение за привремено доверување на грижа и воспитување на деца на родителот жртва.

Кога како жртва се јавува дете или лице кое не е во состојба да се грижи за себе или лице на кое му е ограничена или одземена деловната способност, покрај мерките од членот 46 од овој закон, Центарот презема и мерки согласно со Законот за семејството [308] кои се однесуваат на уредување на односите на родителите и децата, надзор над вршењето на родителското право и старателството, согласно со Законот за правта на децата. [309]

Центарот за социјална работа може времено да ги ограничи или забрани личните односи и непосредните контакти на детето со родителот со кого не живее заедно, во случај кога тоа е во интерес на детето, додека траат ризикот и последиците од извршеното насилство. онатаму е предвидена законска обврска, Центарот за социјална работа секогаш кога има сознание дека родово базирано насилството е сторено од лице кое поседува огнено оружје веднаш го известува Министерството за внатрешни работи, а најдоцна во рок од 24 часа доставува и писмено известување. Центарот за социјална работа секогаш кога има сознание дека насилството е сторено од лице кое има пристап и ракува со службено огнено оружје, веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа, доставува писмено известување до институцијата или правното лице во која лицето е вработено и за истото го известува Министерството за внатрешни работи.

Обврските за пружање заштита на жртвите на МВР се наведени во Член 49:

(1) Полициски службеник секогаш кога има пријава за родово базирано насилство врз жени и семејно насилство, а поради отстранување на непосредна и сериозна опасност по животот и физичкиот и психичкиот интегритет на жртвата и

[308] Закон за семејството Службен весник на РМ, бр. 153 од 20.10.2014 година.
[309] Законот за правда за децата ( „Службен весник на РМ" бр.148/13, и „Службен весник на РСМ" бр. 152/19 и бр. 275/12) го уредува постапувањето со децата во ризик и децата кои извршиле дејствија што се предвидени како кривични дела и прекршоци. Овој закон определува услови за примена на мерки на помош, грижа и заштита, воспитни и алтернативни мерки, како и за казнување на децата и помладите полнолетни лица. Целите на Законот се остваруваат преку заштита на децата од криминал, насилство и други форми на загрозување на нивните слободи и права. Овој закон ги заштитува и интересите на децата сторители на дејствија, како и на децата жртви на кривични дела.

членови на нејзиното семејство е должен да излезе на местото на настанот и да изготви полициски извештај веднаш, а најдоцна во рок од 12 часа од интервенцијата на настанот.

(2) Полицискиот службеник во случаи на родово базирано насилство врз жени и семејно насилство, при преземањето на полициските работи и примената на полициските овластувања, оперативно - технички и превентивни мерки утврдени со Законот за полиција секогаш прави проценка на ризикот за сериозна опасност по животот и физичкиот и психичкиот интегритет на жртвата и членови на нејзиното семејство, и на ризикот од повторување на насилството, со цел за заштита на жртвата, преку соодветно управување со ризикот.

(3) Полицискиот службеник, обезбедува жртвата веднаш да добие соодветна здравствена заштита од членот 51 од овој закон.

(4) Полицискиот службеник при постапување од ставот (1) на овој член, привремено го одзема оружјето од сторителот и покренува постапка предвидена со закон за одземање на дозволата за оружје, дозволата за колекционерско оружје, односно дозволата за носење на оружје.

(5) Полицискиот службеник според барање на жртвата, ја придружува во живеалиштето на жртвата да ги земе личните работи кои се неопходни за секојдневниот живот, а доколку тоа е оневозможено од страна на сторителот или други лица кои живеат во истото живеалиште, во соработка со надлежен јавен обвинител и издадена наредба од судот, ги зема личните работи на жртвата.

(6) Во случај на непосредна и сериозна опасност за животот и физичкиот и психичкиот интегритет на жртвата и членовите на нејзиното семејство, полицискиот службеник е должен веднаш, а најдоцна во рок од 12 часа од интервенцијата на настанот да го извести надлежниот јавен обвинител.

(7) Полицискиот службеник е должен во рокот утврден во ставот (1) на овој член до надлежниот суд да достави предлог за изрекување на итна мерка за заштита

- отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домоти полициски извештај изготвен од полицискиот службеник.

(8) Полицискиот службеник е должен во рокот утврден во ставот (1) на овој член, да го извести надлежниот Центар за социјална работа заради преземање на итните мерки за заштита на жртвата.

(9) Полицискиот службеник кога ќе процени дека на самото место постои висок ризик од непосредна и сериозна опасност по животот, физичкиот и психичкиот интегритет на жртвата и членовите на нејзиното семејство ќе го лиши од слобода сторителот, согласно со законот.

Здравствената установа и здравствените работници се должни веднаш да преземат мерки за заштита на жртвата и тоа:

- преглед на повредите и обезбедуваат медицински третман,
- ги документираат повредите и собираат докази за постоење на повреда на телесениот и психички интегритет,
- издаваат медицинска документација за констатираната повреда што јасно и разбирливо ги опишува видот и обемот на повредите,
- ги информираат жртвите за нивните права, постапката за заштита и достапните услуги за помош и поддршка и
- презема други мерки за заштита на жртвите во согласност со потребите на жртвите.

Жртвите се ослободени од плаќање на трошоци, а мерките за здравствена заштита на жените жртви на насилство и жртвите на семејно насилство се обезбедуваат преку годишна програма која ја донесува министерот за здравство.

Членот 52 предвидува можност и здруженијата да можат да преземаат мерки за заштита, самостојно или во соработка со надлежниот центар за социјална работа. Здружението е должно за преземените мерки на заштита во рок од 24 часа од преземањето на мерките да го извести Центарот за социјална работа.

Во согласност со препораките на Советот на Европа, а и поради притисокот на стручната јавност и граѓанскиот сектор, во Чл.57 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство се предвиде воведување итни мерки на заштита. Оваа одредба им дава надлежност на овластените лица и органи да му изречат итна мерка на заштита со отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот, на предлог на Министерството за внатрешни работи, во ситуации на непосредна и сериозна опасност за животот и физичкиот и психичкиот интегритет на жртвата и членови на нејзиното семејство, без согласност на жртвата. Предлогот за изрекување итна мерка за заштита, Министерството за внатрешни работи го доставува до надлежниот суд по направена проценка на ризикот од сериозна опасност за животот и физичкиот и психички интегритет на жртвата и членовите на нејзиното семејство. Итната мерка за заштита се изрекува во траење од најмалку 10, а најмногу до 30 дена. Судот, веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа по приемот на предлогот од Министерството за внатрешни работи и полицискиот извештај, без да одржи рочиште ќе одлучи за изрекување на итна мерка за заштита - отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот. Применливоста во пракса на оваа мерка е дискутабилна. Не е дефинирано на кој начин и од кои параметри ќе се води МВР при вршењето „процена на ризикот", и дали ќе се отстранат сомнежите за пристрасност и влијанија при таквата процена. Цениме дека треба да се воведат обуки и задолжителни упатства за вработените во МВР околу начинот на оценување на ризикот за да не зависи примената на итните мерки од субјективната подготвеност на вработените.

Предвидено е дека судот во рок од 24 часа ќе одлучи за предлогот за отстранување на насилникот од домот, но измени во Законот за судови[310] или во судските деловници за распоред и работа на судиите не се предвидени. Граѓанските судови немаат воведени дежурства во викенди, државни и верски празници и други слободни работни денови. Тоа потврдува дека нема екипираност на судовите ефикасно и навремено да ги изрекуваат бараните итни мерки. Кога насилникот ќе има можност од петок до понеделник да врши семејно насилство, или за време на празници со продолжено траење, јасно е дека барањата за издавање итни мерки ќе бидат беспредметни, а сигурно ќе бидат и одбивани за да се

---

[310]Апасиев Д., Закон за судовите-Авторски пречистен текст, 2019, достапно на: https://www.researchgate.net/publication/337211856_ZAKON_ZA_SUDOVITE_-_Avtorski_precisten_tekst

покрива неажурноста во постапувањето на судовите. Се поставува прашањето каде ќе бидат сместувани насилниците во периодот откако ќе биде поднесен предлог за изрекување итни мерки за заштита и во периодот кога реално полициските органи ќе постапат и ќе го отстранат насилникот. Во законскиот текст не е дефинирано дали ќе бидат формирани прифатни центри во вакви случаи. Дури и во случаи кога паралелно со граѓанската заштита од насилство се водат и кривични постапки против сторителите, не се знае каде ќе се сместуваат отстранетите лица од домот, особено во ситуации кога недвижноста гласи на нивно име.

Во случаи кога постои основано сомнение за сериозна опасност за животот и здравјето на жртвата или на член од семејството, врз основа на стручен наод и мислење на Центарот за социјална работа, судот во рок од 24 часа без да одржи рочиште ќе одлучи за изрекување итна мерка за заштита. Позитивна новина во новиот ЗСЗНЖСН е итноста во постапувањето на МВР во извршувањето на изречените итни мерки за заштита отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот кои судот ги доставува во рок од 6 часа до надлежната полициска станица, а таа ги доставува до сторителот на родовобазирано насилство најдоцна во рок од 12 часа, а ги извршува во рок од 2 часа од приемот.

Досегашниот ЗПСЗСН во член 34 заради изложување на ризик на жртвата на семејно насилство, а отстранување на непосредната и сериозна опасност за животот и физичкиот интегритет на жртвата и членовите на нејзиното семејство, предвидуваше изрекување привремена мерка за заштита: отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот на предлог на Министерството за внатрешни работи. Во новиот закон таа мерка носи назив итна мерка.

Во одредбата на чл 58 од ЗСЗНЖСН предвидено е на сторителот на насилството судот да може да му ги изрече следниве привремени мерки за заштита:

1) забрана да се заканува дека ќе стори насилство;
2) забрана да малтретира, вознемирува, телефонира, контактира или на друг начин директно или индиректно да комуницира со жртвата;

3) забрана да се приближува на растојание помало од 100 метри до живеалиштето, училиштето, работното место или определено место кое редовно го посетува жртвата;

4) отстранување од домот без оглед на сопственоста во траење од десет до 30 дена;

5) забрана да поседува огнено, или друго оружје, или истото да му биде одземено;

6) задолжително да ги врати предметите кои се потребни за задоволување на секојдневните потреби на жртвата и семејството;

7) задолжително законско издржување на семејството;

8) задолжително да посетува советувалиште за сторители на насилство врз жени или семејно насилство;

9) задолжително лекување на сторителот доколку употребува алкохол, дрога и други психотропни супстанци или има психичко заболување;

10) сторителот задолжително да ги надомести медицинските и другите трошоци настанати од насилството;

11) која било друга мерка која судот ја смета за неопходна за да се обезбеди сигурност и добросостојба на жртвата и другите членови на семејството.

Во постапките во кои судот одлучува за привремени мерки за заштита, се применуваат одредбите од Законот за парничната постапка. Предлогот за изрекување на привремени мерки за заштита може да го поднесе жртвата непосредно до надлежниот суд или преку центарот за социјална заштита во согласност на жртвата. Родителот или старателот може да поднесе предлог за изрекување на привремена мерка за заштита во име на малолетно дете и лице со ограничена или одземена деловна способност како и за лице над кое е продолжено родителското право. Центарот за социјална работа задолжително поднесува до судот предлог за изрекување на привремена мерка за заштита од членот 58 од овој закон, во име на деца и деловно неспособни лица, секогаш кога родителот, старателот или законскиот застапник тоа нема да го сторат, и без нивна согласност. Центарот за социјална работа во предлогот до судот за изрекување на привремена мерка за заштита од членот 58 од овој закон, за дете може да предложи

привремената мерка за заштита да се однесува и за родителот со кого детето живее, во случаи кога тоа го бараат интересите на детето за негова заштита и безбедност. Кон предлогот се доставува наод и мислење од стручен тим кој дава предлог за изрекување привремени мерки. Траењето на привремените мерки за заштита е определено од најмалку три месеци до една година, со можност за продолжување, доколку насилството продолжи, или за нивно укинување, доколку целта е постигната.

Судија поединец по предлог на жртвата или Центарот за социјална работа за изрекување на привремена мерка за заштита ќе постапи веднаш, а најдоцна во рок од 7 дена ќе донесе одлука. Овој подолг рок од 7 дена дава реална убедливост дека примената на овие мерки, за разлика од итните, и во праксата на работата на судовите ќе биде поефикасна.

За да може на лицето за кое се тврди дека е жртва на семејно насилство да му се овозможи правна заштита, потребно е да бидат исполнети двата материјално - правни услови: преземените дејствија од посочениот „насилник” да може да се квалификуваат под поимот „семејно насилство” определен со овој посебен закон[311] и жртвата и насилникот да се од исто семејство. [312] Во секоја постапка за заштита од семејно насилство судот ќе испитува на кој начин е појавено насилството и дали ќе го подведе под наброените видови во законот или под оние кои не се наведени. Испитувањето ќе се движи во рамките на прашањето дали се работи за физички преземени дејствија или за други вознемирувачки дејствија, како што се навредливи зборови и гестикулации кои во секој случај се означени како семејно насилство. Судот во парничната постапка ќе утврдува дали лицето ги презело актите на насилство спрема жртвата и користејќи објективни критериуми од понудените докази на постапката ќе извлече правилен заклучок

[311] Чл.3 од ЗСЗНЖСН го дефинира поимот „Семејно насилство” како малтретирање, навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психичко, физичко или економско насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв, вклучувајќи и закани за такви дејствија, спрема брачен другар, родителите или децата или други лица кои живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство, како и спрема сегашен или поранешен брачен другар или вонбрачен партнер или лица кои имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи, без оглед дали сторителот го дели или го делел истото живеалиште со жртвата или не.
[312] Во Чл.2 од Законот за семејство пречистен текст Службен весник на РМ, бр. 153 од 20.10.2014 година семејство се дефинира како животна заедница на родители и деца и други роднини, ако живеат во заедничко домаќинство. Семејството настанува со раѓање на деца и со посвојување.

во однос на фактите битни за одлучување. [313] Кога судот ќе утврди дека сторителот несомнено презел дејствија на извршување наброени како семејно насилство (физичко, психичко, полово и економско), едноставно ќе го подведе дејствието под наведената норма, имајќи ги предвид начинот и средството на извршување, обликот и интензитетот. Ако се работи за некој неименуван вид на семејно насилство од овој закон, судот нема да утврдува само дали преземените дејствија навистина се сторени туку ќе испитува дали навистина биле дрски, безобразни, злонамерни и заканувачки со цел да предизвикаат страв и вознемиреност кај жртвата.

Поради очекуваниот пораст на семејно и родово базирано насилство, со Анексот[314] се потенцира обврската на државите - членки на Истанбулската конвенција да дејствуваат со должно внимание во истражувањето, спречувањето и казнувањето, како и на осигурувањето на репарација за делата на насилство, а во согласност со обврските од Европската конвенција за човекови права. Во неа се поздравува пристапот на оние држави кои бараат иновативни начини да ги приспособат своите институционални одговори во однос на насилството.

Според Основниот извештај поднесен од Северна Македонија согласно член 68, став 1 од Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство доставен до GREVIO на 5.4.2022 година[315], првата стратегиска цел на Акцискиот план за спроведување на Конвенцијата во 2021 година[316] е исполнета со донесувањето на Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство. Оценката е дека законот е целосно усогласен со Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното

[313] Член 8 од Законот за парнична постапка Службен весник на РМ” бр.110/08, : Кои факти ќе ги земе како докажани одлучува судот по свое убедување врз основа на совесна и грижлива оцена на секој доказ посебно и на сите докази заедно, како и врз основа на резултатите од целокупната постапка.

[314] Анекс на Инстанбулската конвенција, Стразбур, 20 април 2020 година.

[315] European Comission. North Macedonia 2022 Report, GREVIO/Inf(2022)5, достапен на: https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/north-macedonia-report-2022_en

[316] Акциски план за спроведување на Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство на Република Македонија 2018-2023.

Националниот план за спроведување на Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство е стратешки документ на Владата на Република Македонија, што ги дефинира активностите, клучните институции, индикаторите и временската рамка за преточување на одредбите на Конвенцијата во националното законодавство за периодот 2018-2023 Основната цел на постојниот план е да дизајнира, спроведе и координира сеопфатна национална политика за превенција и елиминирање на насилството врз жените.

насилство и има за цел проширување на системот на превенција и заштита на сите облици на родово базирано и семејно насилство.

*1. 4. Компарација на дефиницијата за семејно насилство од Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство и Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство и услогласеност со одредбите од Истанбулската конвенција*

Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство во членот 3 ја користеше операционалната дефиниција дека под семејно насилство се подразбира: малтретирање, навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психолошко, физичко или економско насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв, вклучувајќи и закани за такви дејствија спрема брачен другар, родителите или децата, или други лица кои живеат во брачна или вонбрачна заедница, или заедничко домаќинство, како и спрема сегашен или поранешен брачен другар, вонбрачен партнер или лица кои имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи, без оглед дали сторителот го дели или го делел истото живеалиште со жртвата или не. Во Поимникот од Член 3 од Законот за спречување и заштита од семејно насилство врз жените и семејното насилство се задржува идентичната дефиниција на семејното насилство.

„Насилство врз жените” е дефинирано како кршење на човековите права, дискриминација на жените и ги означува сите дејствија на родово базирано насилство што доведуваат или веројатно ќе доведат до физичка, сексуална, психичка, или економска повреда или страдање на жените, вклучувајќи директни и индиректни закани и заплашување за такви дејствија, изнуда, произволно ограничување и/или лишување од слобода, без оглед дали се случуваат во јавниот или во приватниот живот.

Под поимот „Родово базирано насилство врз жените” законот идентификува насилство насочено против жената, затоа што е жена или затоа што насилството несразмерно ја погодува. Родово базираното насилство врз жените ги опфаќа причините и резултатите од нееднаквиот однос на моќта помеѓу жените и мажите како резултат на општествен, а не на индивидуален проблем.

Поимот „Семејно насилство” значи малтретирање, навредување, загрозување на сигурноста, физичко насилство како телесно повредување, полово или друго психичко, физичко, или економско насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв, вклучувајќи и закани за такви дејствија спрема брачен другар, родителите или децата, или други лица кои живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство, како и спрема сегашен или поранешен брачен другар или вонбрачен партнер или лица кои имаат заедничко дете, или се наоѓаат во блиски лични односи, без оглед дали сторителот го дели или го делел истото живеалиште со жртвата или не.

Поимникот [317] содржи 25 значења на поими кои го означуваат насилството врз жените: родово базираното насилство, семејното насилство, блиски лични односи, насилство од интимен партнер, пол, род, трансродово лице, жртва, старател, жена, невраќање дете, физичко насилство, психичко насилство, демнење, економско насилство, сексуално насилство и силување, сексуално вознемирување, сексуално вознемирување преку интернет, присилен брак, женско генитално осакатување, присилен абортус и присилна стерилизација, трговија со жени и присилна контрола врз жената. И понатаму не е дефинирано „домашното насилство” кое останува да се инкриминира во кривичното законодавство во согласност со Чл.3 од Истанбулската конвенција. [318]

Видовите насилство кои ги именувал законодавецот не се таксативно нумерирани најверојатно поради нивната многубројност и многузначност. Затоа законодавното решение нудејќи дефиниција exempli causa, се повикува на најчестите облици на семејно насилство. Секој вид на применето насилство претставува правна основа за пружање семејно - правна заштита. Законската дефиниција на семејното насилство е многу апстрактна и широка и опфаќа многу појавни видови како психичко, физичко, полово или економско насилство и се обидува со брзо реагирање да овозможи навремена институционална реакција. Истражувањата покажуваат дека семејното насилство има интензивна, нагорна линија на движење. Интензитетот започнува со навреди, шамари,

---

[317] Чл.3 од ЗСЗНЖСН.

[318] Конвенција на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство, достапна на https://rm.coe.int/istanbul-convention-questions-and-answers-macedonian/1680983cd7

потоа се заменуваат со многу потешки облици кои неретко завршуваат со убиство на жртвата или на насилникот. [319]

Во случаите на вербално насилство се работи за социјални конструкции засновани на вредносни претпоставки кои го дефинираат односот кон другиот член на семејството. Тежината на поимите дрскост, безобзирност и злонамерност може да се одреди во корелација со општите општетствени вредности. Особено тоа е изразено кога однесувањето на еден член отстапува од културните востановени начини на однесување.

Очекувањата се дека судската пракса треба да создаде реални критериуми за утврдување на интензитетот на поимите дрскост, безобзирност и злонамерност, но и кај судиите треба да постои нулта толеранција за проблемот на семејното насилство.

Новиот законски текст во својот наслов укажува дека се однесува на спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство, со што се доближува до терминологијата на Истанбулската конвенција, која исто експлицитно го содржи терминот „насилство врз жените", вклучувајќи го и домашното насилство.

Анексот на Инстанбулската конвенција од 20 април 2020 година ги предвидува можните акции и мерки за преземање во текот на Ковид 19 пандемијата. Така се препорачува интегрирана политика и се менува Член 6 (родово чувствителни политики) и им се препорачува на државите да се применува терминот родова перспектива при креирање на стратегијата за борба против пандемијата што подразбира потенцијално влијание на преземените мерки врз жените и девојчињата и нивната изложеност на ризици од различни облици на родово засновано насилство, како што е интимното партнерско насилство и насилство во семејството, прогонување, сексуално вознемирување, присилување на брак и сексуално насилство, вклучувајќи и насилство во кое се користи технологија.

Анализата на одредбите од главата „Основни начела" од Законот за спречување и заштита од семејно насилство врз жените и семејното насилство од кои прво е начелото на недискриминација, а потоа начелото забрана за виктимизација, потврдуваат дека се работи

[319] Чонева, Љ., " Семејно насилство над жената во Република Македонија и можностите за помош на жртвите" – Годишник на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, Број 1, Скопје, 2005, стр. 55.

за модерен, современ и прилагоден законски текст со Истанбулската конвенција и донесениот Анекс за помош на жртвите во корона кризата.

Со измената на член 7 (од Анексот кон Истанбулската конвенција), се препорачува државите да применуваат сеопфатни и координирани политики, да ги одржуваат и зајакнуваат меѓуинституционалните механизми на координација насочени кон сузбивање на насилството врз жените во текот на пандемијата. Им се препорачува на локалните органи на власта да ја утврдат вистинската состојба и потребите на жртвите што ќе им послужи при проценката на нивоата на капацитетот на граѓанските организации како даватели на услуги и поддршка за нужноста од зголемување на средствата потребни за помош. Во оваа конотација, текстот на Законот за спречување и заштита од семејно насилство врз жените и семејното насилство, со предвидената институционална и мултисекторска соработка на единиците на локалната самоуправа, Собранието на РСМ, Владата на РСМ, а особено со формирањето на Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство, ја покажува својата јасна ориентација кон доближување на одредбите на Истанбулската конвенција. Во членовите 8 и 9 од Анексот им се препорачува на членките да ги разгледаат можностите на финансиските и човековите ресурси, вклучувајќи ги и невладините организации како и разгледување на потребата од нивно зајакнување во согласност со ситуацијата. Нашиот закон во одредбата на Член 24 предвидува надлежност на здруженијата кои можат да обезбедуваат почеста и континуирана обука за лицата кои спроведуваат активности за превенција и заштита на жените жртви на родово базирано насилство и жртвите на семејното насилство, преку обучувачи евидентирани во регистерот на Министерството за труд и социјална политика. Но, за жал не е предвидено нивно финансиско зајакнување.

Во членот 27 од ЗСЗСНСН постои законска обврска органите на државната власт, органите и единиците на локалната самоуправа и правните лица кои вршат јавни овластувања утврдени со закон, во рамките на своите ресорни буџети да издвојат средства за спроведување на надлежностите утврдени со законот. Притоа не е прецизирано во колкав процент од буџетот или во колкав износ ќе се предвидуваат средства за оваа намена.

Во духот на ваквите препораки „насилството врз жените”, новиот закон го дефинира како кршење на човековите права, дискриминација врз жените и ги означува сите дејствија на родово базираното насилство што доведуваат или веројатно ќе доведат до физичка, сексуална, психичка, или економска повреда или до страдање на жените, вклучувајќи директни и индиректни закани и заплашувања за дејствија како изнуда, произволно ограничување и/или лишување од слобода, без оглед дали се случуваат во јавниот или приватниот живот. Тоа не беше содржано во претходниот Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство и е позитивна промена.

*1. 5. Кривичниот закон и регулирањето на заштитата од семејно насилство од аспектот на кривичното право*

Поимот семејно насилство за прв пат е дефиниран во измените на Кривичниот законик од март 2004 година [320] кога беше воведена заштита на жртвите на семејно насилство. Целта на казнено - правниот систем на заштита е санкционирање на насилното однесување што се случува во рамките на семејството и построгата казнена политика за кривичните дела што се сторени при вршење на семејно насилство. Законското решение предвидува заштита во рамките на основите кривични дела при што потешко се санкционира кога делото е сторено при вршење семејно насилство. Семејното насилство е инкриминирано како квалифициран облик во неколку кривични дела. : Убиство од (Чл.123 ст. 2 т. 2);[321] Убиство на миг (Чл.125);[322] Телесна повреда (Чл.130 ст. 2);[323] Тешка телесна повреда (Чл.131 ст. 2). [324]

---

[320] Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик, објавен во “ Службен весник на РМ” бр.19/04.

[321] Со Законот за изменување на кривичниот закон Сл.весник на РСМ Сл весник бр. 36 од 17.02.2023 во членот 123, став (2) по точката 2) се додава нова точка 2-а), која гласи: „2-а) Кој друг ќе лиши од живот жена или девојче до 18 години, при вршење на родово-базирано насилство.”.

[322] Со Законот за изменување на кривичниот закон Сл.весник на РСМ Сл весник бр. 36 од 17.02.2023, Членот 125 се менува и гласи: „Тој што друг ќе лиши од живот на миг, доведен без своја вина во состојба на силна раздразнетост со напад или со тешко навредување или како последица на семејно насилство, родово-базирано насилство врз жените од страна на убиениот, ќе се казни со затвор од една до осум години.”.

[323] Со Законот за изменување на кривичниот закон Сл.весник на РСМ Сл весник бр. 36 од 17.02.2023 во член 130 ставот (2) се менува и гласи: „Тој што ќе го стори делото од ставот (1) на овој член при вршење родово-базирано насилство, насилство врз жена или семејно насилство или од омраза или спрема лице кое е посебно ранливо поради неговата возраст, тешките телесни или душевни пречки или бременост, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.”.

[324] Со Законот за изменување на кривичниот закон Сл.весник на РСМ Сл весник бр. 36 од 17.02.2023 во член 131 ставот (2) се менува и гласи: „Тој што ќе го стори делото од ставот (1) на овој член при вршење родово базирано насилство, насилство врз жена или семејно насилство или од омраза или спрема лице кое е посебно

Потоа, вршење психичко насилство во кривичните дела: Присилба (Чл.139 ст. 2), [325] Противправно лишување од слобода (Чл.140 ст. 2)[326] и Загрозување на сигурноста (Чл.144 ст. 2), [327] како и вршење сексуално насилство инкриминирано во кривичните дела: Обљуба со злоупотреба на положба (Чл.189 ст. 2 од КЗ), Посредување во вршење проституција

---

ранливо поради неговата возраст, тешките телесни или душевни пречки или бременост, ќе се казни со затвор од една до пет години.”.

[325] Со Законот за изменување на кривичниот закон Сл.весник на РСМ Сл весник бр. 36 од 17.02.2023, Членот 139 се менува и гласи:

(1) Тој што со сила или со сериозна закана ќе присили друг да стори или да не стори или да трпи нешто, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година. (2) Ако делото од ставот (1) на овој член е сторено при вршење родово-базирано насилство врз жените, семејно насилство или од омраза или спрема лице кое е посебно ранливо поради неговата возраст, попреченост или бременост, сторителот ќе се казни со затвор од шест месеци до три години.

(3) Со казната од ставот (2) на овој член ќе се казни тој што делото од став (1) на овој член ќе го стори спрема адвокат, лекар или друг здравствен работник, новинар или друг медиумски работник или друго лице што врши работи од јавен интерес при вршењето на професионалните задачи или во врска со вршењето на професионалните задачи кои ги презема во рамките на своите овластувања.

(4) Ако делото од ставот (1) на овој член го стори службено лице во вршење на службата, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

(5) Гонењето за делото од ставот (1) на овој член се презема по приватна тужба.

(6) Обидот на делата од ставовите (2) и (3) на овој член е казнив.”.

[326]Со Законот за изменување на кривичниот закон Сл.весник на РСМ Сл весник бр. 36 од 17.02.2023 во член 140 ставот (2) се менува и гласи:

„Ако делото од ставот (1) на овој член е сторено при вршење родово-базирано насилство, насилство врз жена или семејно насилство или од омраза или спрема лице кое е посебно ранливо поради неговата возраст, попреченост или бременост, сторителот ќе се казни со затвор од шест месеци до три години.”.

[327] Со Законот за изменување на кривичниот закон Сл.весник на РСМ Сл весник бр. 36 од 17.02.2023, членот 144 се менува и гласи:

(1) Тој што сериозно му се заканува на друг дека ќе нападне врз неговиот живот или тело или животот или телото на нему блиско лице со намера да го вознемири или заплаши, ќе се казни со парична казна или со затвор до шест месеци.

(2) Ако со делото од ставот (1) на овој член е предизвикано чувство на несигурност, загрозување или страв на жртвата, сторителот ќе се казни со парична казна или затвор до една година.

(3) Тој што ќе го стори делото од ставот (1) на овој член при вршење родово базирано насилство, насилство врз жена или семејно насилство или од омраза или спрема лице кое е посебно ранливо поради неговата возраст, тешките телесни или душевни пречки или бременост, ќе се казни со затвор од три месеци до три години.

(4) Со казната од ставот (3) на овој член ќе се казни тој што делото од ставот (1) на овој член ќе го стори спрема службено лице во вршењето на службата, адвокат, лекар или друг здравствен работник, новинар или друг медиумски работник или друго лице што врши работи од јавен интерес при вршењето на професионалните задачи или во врска со вршењето на професионалните задачи кои ги презема во рамките на своите овластувања или спрема повеќе лица.

(5) Тој што јавно, или по пат на информатички систем, ќе се закани дека ќе стори кривично дело за кое е пропишана казна затвор од пет години или потешка казна против некое лице поради неговата припадност на одредена раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа предвидена со закон или меѓународен договор ратификуван согласно со Уставот на Република Северна Македонија, ќе се казни со казна затвор од една до пет години.

(6) Гонењето за делото од ставот (1) на овој член се презема по приватна тужба.”.

(Чл.191 ст. 1) и Детска проституција (Чл.191 - а ст. 4) од КЗ. Заштитата која се воведе беше преку додавање одредби кај веќе постоечките кривични дела содржани во овој закон. Карактеристично во измените на КЗ од 2004 година е тоа што гонењето за овој вид кривични дела беше исклучиво по службена должност, предвидените казни беа повисоки од претходните, а блискоста на сторителот и жртвата квалификаторен елемент. Така предвидено е санкционирање на лишувањето од живот, оштетувањето или нарушувањето на телесниот интегритет, или предизвикувањето телесно или душевно заболување што подразбира телесна повреда или тешка телесна повреда, односно физички облик на насилство што се манифестира и при семејно насилство како подвид на насилство и посебно кривично дело. Силувањето во брак е казниво.

Во Кривичниот законик во 2004 година, прв пат се инкриминира семејното насилство и се дефинира: „Под семејно насилство се подразбира малтретирање, грубо навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психичко или физичко насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв, од брачен другар, родителите или децата или други лица кои живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство, како и спрема поранешен брачен другар или лица кои имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи". Во делот на кривичните дела против животот и телото има бројни инкриминации за заштита од семејно насилство актуелизирани со најновите измени во Кривичниот законик и воведувањето нови кривични дела. [328] Со измената на ставот 21 од Член 122 од КЗ: „Под семејно насилство се подразбира малтретирање, грубо навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психолошко, физичко или економско насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв, вклучувајќи и закани за такви дејства спрема брачен другар, родителите или децата или други лица кои живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство, како и спрема сегашен и поранешен брачен другар, вонбрачен партнер или лица кои имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи без оглед дали го дели или го делел истото живеалиште со жртвата или не". Очигледно најновата дефиниција за семејното насилство прифатена во Кривичниот законик е хармонизирање со европското законодавство и прецизно ги именува облиците на семејното насилство:

[328] Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик Сл весник бр. 36 од 17.02.2023.

половото, психолошкото, физичкото и економското насилство. Истовремено е проширен и опсегот на лицата на кои им дава заштита вклучувајќи ги сегашните и поранешните брачни или вонбрачни другари, како и истополовите заедници ако имаат заедничко дете или се во блиски лични односи.

Законските измени на КЗ од 2023 во ставот (22) на Чл.122 го определија и поимот жртва: „Под жртва на родово базирано насилство се подразбира секоја жена и девојчиња до 18 години спрема кои под тие околности е сторено кривичното дело". Новододадениот став (43), под поимањето на родово базирано насилство врз жените се подразбира насилство насочено против жената, поради нејзина припадност на женскиот род што доведува или може да доведе до физичка, сексуална, психичка или економска повреда или страдање на жените, вклучувајќи и директни и индиректни закани и заплашување, а за такви акти, изнуда или произволно лишување од слобода, без оглед дали се случуваат во јавниот или приватниот живот.

Законските измени за прв пат го нормираа и новото кривично дело од Чл.129 - а „Осакатување на женски полови органи". [329]

Значајна измена е извршена и во насловот на членот 186. Членот 186 се менува и гласи: „Полов напад и силување". [330]

---

[329] Член 129-а :
(1) Тој што целосно или делумно ќе изврши отсекување, инфибулација или секое друго осакатување на надворешниот полов орган на жена, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.
(2) Со казната од ставот (1) на овој член ќе се казни тој што ќе присили жена да се подложи на дејствата опфатени во ставот (1) на овој член.
(3) Тој што ќе поттикне жена или ќе ѝ помогне да се подложи на дејствата од ставот (1) на овој член, ќе се казни со парична казна или со затвор од шест месеци до три години.
(4) Ако делото од ставовите (1), (2) и (3) на овој член е сторено од омраза, или спрема девојче, или е предизикана тешка телесна повреда на жената, сторителот ќе се казни со затвор од една до осум години.
(5) Ако поради делото од ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член настапила смрт на жената или девојчето, сторителот ќе се казни со затвор од една до десет години.". и „Демнење од Член 144-а фуснота (1) Тој што повторено неовластено ќе следи, прогонува или на друг начин се меша во личниот живот на друг или со него воспоставува или настојува да воспостави од него несакан контакт со движење во просторот каде се наоѓа тоа лице, со злоупотреба на користење на личните податоци, со користење на средства за јавно информирање или други средства за комуникација, или на друг начин психички го злоставува, вознемирува или застрашува и со тоа ќе предизвика чувство на несигурност, вознемиреност или страв за неговата сигурност или сигурноста на нему блиско лице, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.
(2) Ако делото од ставот (1) на овој член е сторено спрема лице со кое сторителот е или бил во интимна врска или спрема дете, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.
(3) Гонењето за делото од ставот (1) на овој член се презема по предлог.".
[330] Член 186 :

Покрај горенаведените измени предвидено е и новото кривично дело „Полово вознемирување од Член 190-а. [331]

Конвенцијата бара да се предвидат посебни отежнувачки околности при одмерување на казната за овие дела. Во член 39 од Кривичниот законик се содржани општи правила за одмерување на казната. Законот не ги диференцира олеснувачките од отежнувачките околности, туку на судот му ја препушта таквата оцена. Општата одредба за одмерување на казната од став 2 на овој член го обврзува судот да ги има предвид сите околности што влијаат казната да биде помала или поголема (олеснувачки и отежнувачки околности), а особено: степенот на кривичната одговорност, побудите од кои е сторено делото, јачината

---

(1) Тој што спротивно на јасно изразена волја на друг, проценета во контекст на околностите на случајот, врз него ќе изврши полов однос или друго, со него изедначено полово дејство, што се состои во вагинална, анална или орална пенетрација со кој било дел од телото или предмет, или ќе наведе друго лице без неговата согласност да изврши полов однос или друго полово дејство со трето лице, или да изврши полово дејство врз себе си, ќе се казни со затвор од една до осум години.
(2) Ако делото од ставот (1) на овој член е сторено со дете кое наполнило 15 години, сторителот ќе се казни со затвор од најмалку три години.
(3) Ако делото од ставот (1) на овој член е сторено со примена на сила или закана врз друг дека непосредно ќе нападне врз неговиот живот или тело или врз животот или телото на нему блиско лице, сторителот ќе се казни со затвор од три до десет години.
(4) Со казната од ставот (3) на овој член ќе се казни и тој што делото од ставот (1) на овој член ќе го изврши врз друг со сериозна закана дека за него или за нему блиско лице ќе открие нешто што би му наштетило на неговата чест и углед или дека ќе предизвика друго тешко зло.
(5) Ако делото од ставовите (3) и (4) на овој член е сторено врз дете кое наполнило 15 години, сторителот ќе се казни со затвор најмалку осум години.
(6) Ако поради делото од ставовите од (1) до (5) на овој член настапила тешка телесна повреда, смрт или други тешки последици или делото е сторено од страна на повеќе лица или на особено суров или понижувачки начин или од омраза, сторителот ќе се казни со затвор најмалку десет години или со доживотен затвор.
(7) Тој што во случаите од ставовите од (1) до (5) на овој член ќе изврши само друго полово дејствие кое не се состои во вагинална, анална или орална пенетрација, ќе се казни за делото од ставот (1) на овој член со затвор од шест месеци до три години, за делото од ставот (2) на овој член со казна затвор од една до три години, за делото од ставовите (3) и (4) на овој член со казна затвор од една до пет години, и за делото од ставот (5) на овој член со казна затвор од една до десет години.
(8) Ако делото од ставот (1) на овој член е сторено од страна на сегашен или поранешен брачен другар или интимен партнер, ќе се казни со затвор од најмалку три години.
(9) Ако делото од ставот (3) на овој член е сторено од страна на сегашен или поранешен брачен другар или интимен партнер ќе се казни со затвор од најмалку пет години.

[331] Член 190-а:
(1) Тој што со вербално, невербално или физичко дејство, како и преку користење електронски средства за комуникација кое имаат директно или индиректно, реално или симболично значење на наведување, непристојна понуда, намамување, изразување сексуална страст или друго дејство кое јасно потсетува на сексуален однос или други со него изедначени сексуални дејства, и со тоа ќе повреда на неговото достинство, предизвикувајќи чувство на непријатност, навреденост, понижување или страв, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.
(2) Тој што ќе го стори делото од ставот (1) на овој член спрема лице што му е подредено, или спрема него се наоѓа во однос на зависност, друго лице на работа или на јавно место, или лице што е ранливо поради возраст, болест, попреченост, зависност од droги, бременост или тешки телесни или душевни пречки, ќе се казни со казна затвор од шест месеци до три години.”.

на загрозувањето или повредата на заштитното добро, околностите под кои е сторено делото, придонесот на жртвата во извршувањето на делото, поранешниот живот на сторителот, неговите лични причини и неговото однесување по стореното кривично дело како и други околности што се однесуваат на личноста на сторителот. [332]

Правата на жртвата се уредени во членовите од 53 до 56 од Законот за кривична постапка. [333]

Жртвата на кривично дело ги има следниве права:

1) да учествува во кривичната постапка за оштетување од прогон, или за остварување на имотноправното барање за штета;

2) на посебна грижа и внимание од страна на органите кривичната постапка;

3) на делотворна психолошка и друга стручна помош.

Во член 54 од ЗКП[334] се уредени посебните права на ранливите категории на жртви и е предвидено жртвите да имаат право на посебни мерки на процесна заштита при давањето исказ и испитувањето во сите фази на постапката. Ако со давањето исказ или одговор на определено прашање би се изложиле себеси или блиско лице на сериозна опасност за животот, здравјето или физичкиот интегритет или кон жртвата би имало штетни последици за нивното психичко или физичко здравје, или негативно ќе влијае врз квалитетот на дадениот исказ (посебно чувствителни жртви), посебните мерки на процесна заштита ги определува судот со предлог на јавниот обвинител или на жртвата, или според сопствена оцена кога е потребно да се заштитат загрозените и посебно чувствителните жртви.

Во член 55 од ЗКП се содржани: Посебните права на жртвите на кривични дела против половата слобода и половиот морал, човечноста и меѓународното право. [335] Ако

---

[332] Кривичен законик Службен весник на Република Македонија, број 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7 /08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013.
[333] Закон за кривична постапка „Службен весник на РМ" бр.15 од 07.03.2005 година.
[334] Ibid.
[335] Чл.55 од ЗКП „(1) Жртвата на кривични дела против половата слобода и половиот морал, човечноста и меѓународното право, покрај правата од членот 53 на овој закон, ги има и следниве права:
1) пред испитувањето да разговара со бесплатен советник или со полномошник, доколку
во постапката учествува како оштетен;
2) да биде испитувана од лице од ист пол во полицијата и во Јавното обвинителство;
3) да не одговори на прашања што се однесуваат на личниот живот на жртвата, а не се

жртвата не е известена за своето право во постапката да учествува како оштетена, има право да се пријави пред полицијата или пред Јавното обвинителство како оштетена, до поднесување на обвинението, а пред судот, до завршување на главната расправа.

Според Анализата на случаи на фемициди – убиства на жени во РСМ 2017 – 2020 година[336] за податоците кои се однесуваат на случаи што резултирале со смрт на жена, Министерството за правда ги објави следните официјални податоци:

Според податоците на Државниот завод за статистика во периодот 2017 - 2020 година убиени се вкупно 26 жени. Од нив, 22 убиства (84%) може да бидат квалификувани како фемициди.

Од направените увиди во предметите за убиства на 16 жени, кривичното дело може да биде квалификувано како фемицид во 14 случаи.

Кај повеќе од 75% од анализираните случаи на убиство на жена, кривичното дело е извршено од страна на актуелниот или поранешен брачен или вонбрачен партнер со когошто таа живеела во заедница.

Во над 80% случаи иако постоело насилство, за што подоцна во постапката, сведочеле и блиски роднини на жртвата, ниедна од 14 убиени жени не го пријавила насилството што го преживувала во надлежните институции. Поголемиот дел од убиените жени биле изложени на повеќе од една форма на родово базирано насилство, а шест од нив добивале и закани за убиство.

Најголем број од убиствата (50%) се случиле во семејниот дом, односно во домот каде што сторителот и жртвата живееле заедно, додека 25% од убиствата се случиле во домот во кој жртвата живеела сама или со своите родители, или со други членови на семејството.

---

поврзани со кривичното дело;
4) да бара испитување со помош на визуелно-тонски средства на начин определен со овој
закон и
5) да бара исклучување на јавноста на главната расправа.
(2) Судот, Јавното обвинителство и полицијата се должни да ја поучат жртвата за
нејзините права од ставот (1) на овој член, најдоцна пред нејзиното прво испитување, за што составуваат службена белешка или записник.

[336] Димушевска Е., Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство-Глас против насилство, Убиства на жени во РМ 2017-2020 г., Анализа на случаи на фемициди, Скопје, 2021, достапна на: https://www.mk.undp.org/content/dam/the_former_yugoslav_republic_of_macedonia/docs/Femicid_ MK.pdf.

Висината на изречената казна се движи од 10 години до доживотен затвор (во два случаи), со исклучок на два случаи за коишто е изречена казна – мерка на безбедност „задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа”.

Непостоењето на јасна разграниченост во дефинирањето на основните поими на семејно и родовобазирано насилство, отвора научна дилема дали дихотомијата на прекршочната и кривичната одговорност овозможува квалитетна законска заштита на жртвите. Исто така се наметнува заклучокот дека поострувањето на казните во кривичното законодавство[337] е само пенален популизам, но во суштина судската пракса ќе покаже дали тоа ќе значи подобра превенција од идно насилство.

*1. 6. Законот за социјална заштита и заштитата на жртвите од семејно насилство*

Со донесувањето на Законот за социјалната заштита во 2019 година[338] воведена е реформа на системот на социјална заштита, вклучително и поголем фокус кон маргинализираните жени и девојчиња и одредби за финансиска помош и поддршка на жртвите на насилство. Членот 11 предвидува дека Општината, Град Скопје и општините во градот Скопје, обезбедуваат спроведување на социјалната заштита во согласност со овој закон, донесуваат програми за потребите на граѓаните од областа на социјалната заштита, согласно со Националната програма, ги обезбедуваат обврските утврдени со овој закон и донесуваат општи акти од областа на социјалната заштита. Програмите од ставот 1 на овој член се доставуваат до Министерството за правда, тоа да искаже мислење. Град Скопје и општините во градот Скопје обезбедуваат остварување на социјалната заштита на лицата со инвалидност, децата без родители, и децата без родителска грижа, децата со пречки во менталниот и телесниот развој, децата на улица, децата со воспитно - социјални проблеми, децата од еднородителски семејства, лицата изложени на социјален ризик, лицата кои злоупотребуваат droги и други психотропни супстанции, прекурзори и алкохол, лицата жртви на семејно насилство, лицата жртви на трговија со луѓе, старите лица без семејна грижа и помош преку вонинституционални и институционални облици на социјална заштита, домување и подигање на свеста на населението за потребите од обезбедување на социјалната заштита, согласно со одредбите од овој закон.

[337] Закон за изменување на кривичниот закон Сл.весник на РСМСл весник бр. 36 од 17.02.2023.
[338] Закон за социјалната заштита (Службен весник на РСМ, бр. 104/19).

Овој закон ја користи дефиницијата и според него за семејство се смета семејство составено од едно лице или заедница на маж и жена, на родители и деца и другите роднини кои живеат со нив и се должни согласно со Законот за семејството да ги издржуваат. [339]

Во делот за специјална превенција (Член 24), законот предвидува мерки и активности на социјална превенција со цел спречување настанување на социјални ризици, се врши рано откривање и ран третман на граѓанинот изложен на социјален ризик со цел надминување или ублажување на штетните последици од изложеноста на социјален ризик. За остварување на социјалната превенција се преземаат мерки за спречување на настанување на социјален ризик за граѓанинот, семејството или група на луѓе, особено преку едукативно - советувалишна работа, развивање на формите на самопомош, волонтерска работа со лично ангажирање и примена на други методи кои соодветствуваат на потребите на корисниците на социјалната заштита. Реализацијата на мерките и активностите се остварува во центрите за социјална работа, во соработка со општината Град Скопје и општините во градот Скопје, предучилишните, училишните, здравствените установи и другите државни тела и органи, правни и физички лица и здруженија.

Вонинституционалната заштита што се остварува во или преку Центарот за социјална работа опфаќа право на: - правна социјална услуга на корисници на социјална заштита; - помош на поединец; - помош на семејство; - домашна нега и помош на поединец и на семејството; - дневно и привремено прифаќање и згрижување како помош на поединец и семејство; - сместување во згрижувачко семејство; - сместување во мал групен дом и организирано живеење со поддршка. [340] Во поглед на усогласувањето на одредбите од Законот за социјална заштита со одредбите на Законот за семејството и специјалниот закон за заштита од семејно насилство[341] овој закон во Член 31 предвидува право на дневно згрижување во дневен центар кое се обезбедува на: - жртва на семејно насилство и на жртва на трговија со луѓе. Право на сместување во згрижувачко семејство, според овој закон, има дете жртва на семејно насилство. Право на сместување во установа

---

[339] Член 13 од Закон за социјалната заштита (Службен весник на РСМ, бр. 104/19).
[340] Чл.26 од Законот за социјалната заштита (Службен весник на РСМ, бр. 104/19).
[341] Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство (Сл. Весник на РСМ 24/2021 од 29.01.2021 г.)

за социјална заштита се обезбедува на дете без родители и дете без родителска грижа до оспособувањето за самостоен живот и работа, а најдоцна до завршувањето на средното образование ако не постојат можности згрижувањето и воспитанието да се обезбеди на друг начин; - дете со воспитно - социјални проблеми, занемарено, запоставено, злоставувано и материјално необезбедено дете, и дете жртва на семејно насилство. [342]

Право на здравствена заштита имаат жртвите на семејно насилство за кое се преземаат мерки на заштита согласно со Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство и лице жртва на трговија со луѓе.

Според Членот 132, установи за социјална заштита за вонинституционална заштита се:

- центар за социјална работа;
- дневен центар и клубови за стари и возрасни лица;
- дневен центар за улични деца - деца на улица;
- дневен центар за лица кои употребуваат, односно злоупотребуваат droги и други психотропни супстанции и прекурсори;
- дневен центар за лица кои злоупотребуваат алкохол или се лекуваат од зависност од алкохол;
- центар за лица бездомници;
- центар за лица жртви на семејно насилство.

Центарот за лица жртви на семејно насилство, обезбедува дневно и привремено прифаќање и згрижување на овие лица кое може да трае најмногу три месеци, со можност за продолжување за уште три месеци, давање советодавни услуги, услуги во врска со исхрана, дневен престој, згрижување, одржување на хигиената и културно - забавни активности. На прифатените жртви, Центарот им обезбедува дневно и привремено прифаќање и згрижување кое може да трае најмногу три месеца со можност за

[342] Законодавецот предвидел и право на еднократна парична помош до 15.000 денари за потребите на лице-жртва на семејно насилство за обезбедување на итна заштита и згрижување. Износот на еднократната парична помош може да изнесува до 12.000 денари за задоволување на потребите на лице или семејство кое се нашло во положба на социјален ризик во случај на подолго лекување во здравствена установа, како и за лице-жртва на семејно насилство за остварување на право на здравствена заштита и медицински третман.

продолжување за уште три месеца, давање советодавни услуги, услуги во врска со исхрана, дневен престој, згрижување, одржување на хигиената и културно - забавни активности. По исклучок сместувањето во центарот за лица - жртви на семејно насилство може да продолжи најмногу за уште шест месеци.

Советувалиштето од Член 151 обезбедува психо - социјални услуги и психо - социјален третман за секоја одделна група на корисници, и тоа: - жртви на семејно насилство; - сторители на семејно насилство; - со нарушени партнерски, семејни и односи: родители – деца; - деца и младинци со воспитно - социјални проблеми; - идни родители и лица со ментална попреченост и нивните родители. За секое одделено советувалиште се подготвува посебна програма.

Врз основа на Член 81 од ЗСЗНСН [343] министерот за труд и социјална политикадонесе Правилник за начинот на спроведување и начинот на следење на изречените привремени мерки кои ги пропишува начините на спроведувањето и следење на изречените привремени мерки за заштита од центарот за социјална работа. Предвидена е итност во постапувањето при спроведувањето и следењето на изречените привремени мерки за заштита на жените жртви на родово - базирано насилство и жртвите на семејно насилство од страна на стручните лица од Центарот за социјална заштита со цел да се спречи идно насилство. Изречените привремени мерки за заштита се спроведуваат од страна на Министерството за внатрешни работи, Министерството за здравство и Министерството за труд и социјална политика, со нивно извршување и преземање на дејствија за реализирање на мерката(те). Стручното лице кое го води предметот во центарот воспоставува постојана комуникација и координација, редовна размена на информации со институциите и органите кои ги извршуваат изречените привремени мерки, непосредна комуникација со жртвата, здруженија, пријави од граѓанин за однесувањето на сторителот за прекршување на привремената мерка за заштита и преземање на дејствија, врз основа на кои може да се утврди дали е постигната целта од изречената привремена мерка за заштита и го евидентира секое дејствие кое се презема во текот на следењето на изречените привремени мерки за заштита. Надлежното стручно лице води и изготвува службена документација за следењето на спроведувањето на

[343] Чл 81 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство ( „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 24/21).

изречените привремени мерки за заштита, и тоа: индивидуален план за безбедност на жртвата и лист на корисник. За добиените сознанија од следењето на спроведувањето на изречените привремени мерки за заштита и изготвената службена документација, се известува судот за ефектот од извршувањето на изречената привремената мерка за заштита. [344] Согласно со оценката за ефектот од спроведување на мерката(те) од страна на Центарот, со согласност на жртвата, се доставува до судот предлог за продолжување, замена или укинување на изречените привремени мерки. Од страна на стручното лице се следи спроведувањето на изречените привремени мерки за заштита: забрана сторителот на семејно насилство да се заканува дека ќе стори насилство, забрана да малтретира, вознемирува, телефонира, да контактира или на друг начин директно или индиректно да комуницира со жртвата, забрана да се приближува на растојание помало од 100 метри до живеалиштето, училиштето, работното место или определено место кое редовно го посетува жртвата, отстранување од домот без оглед на сопственоста во траење од најмалку десет а најмногу 30 дена и забрана да поседува огнено или друго оружје или истото да му биде одземено. Овие мерки се извршуваат од страна на Министерството за внатрешни работи. Стручното лице во текот на следењето на спроведувањето на изречената привремена мерка за заштита го разгледува и постапува според известувањето од полицискиот службеник од надлежната организациска единица за криминалистички работи за текот на извршување на мерката. По добиеното известување за непочитување или прекршување на изречените привремени мерки за заштита веднаш, а најдоцна три дена од добиеното известување, се известува судот од страна на Центарот, при изготвување на предлог за продолжување, замена или укинување на изречената привремена мерка за заштита и преземање на други дејствија, согласно со законот. Се зема предвид известувањето од полицискиот службеник за ефектот за спроведување на привремената мерка за заштита, суштинските промени во околината на жртвата или во околината на сторителот кои може да влијаат на сигурноста и безбедноста на жртвата или за повторување на насилството. Стручното лице при следењето на изречените привремени мерки за заштита се грижи сторителот задолжително да ги врати предметите кои се потребни за задоволување на секојдневните потреби на жртвата и семејството, за

[344] Чл.7 од Правилник за начинот на спроведување и начинот на следење на изречените привремени мерки за заштита, Службен весник на РСМ, бр. 248 од 05.11.2021 година.

задолжително законско издржување на семејството, и сторителот задолжително да ги надомести медицинските и другите трошоци настанати од насилството, ја контактира жртвата за начинот и ефектите од извршувањето на овие мерки. За начинот и ефектите од извршувањето на изречената привремена мерка за заштита, задолжителна посета на сторителот во советувалиштето, стручното лице, [345] добива сознанија од давателот на услугата кој ја извршува изречената привремена мерка за заштита. Од страна на давателот на услугата - советувалиштето кое го спроведува психосоцијалниот третман за извршување на изречената привремена мерка за заштита, задолжително посетување советувалиште за сторители на насилство врз жени или семејно насилство, се известува надлежниот Центар кој ја следи изречената привремена мерка за заштита, најмалку еднаш месечно за текот на психо - социјалниот третман, а по завршување на третманот се доставува извештај за ефектот од третманот и промената во однесување на сторителот. Во случај ако сторителот не се јави или ќе го прекине психосоцијалниот третман, од страна на давателот на услугата веднаш, а најдоцна три дена од денот на добивањето на сознанието се известува Центарот и се доставува извештај за причините за прекинување на третманот. За начинот и ефектите од извршувањето на изречената привремена мерка за заштита задолжително лекување на сторителот доколку употребува алкохол, дрога и други психотропни супстанции или има психичко заболување, добива сознанија од здравствената установа што ја извршува оваа мерка. Од страна на здравствената установа се доставува извештај за ефектот од лекувањето на сторителот до надлежниот центар кој ја следи изречената привремена мерка за заштита, задолжително лекување на сторителот веднаш, а најдоцна три дена по завршувањето на лекувањето, како и на секои три месеци во текот на лекувањето. Во случај кога сторителот нема да се јави или ќе го прекине задолжително лекување, од страна на здравствената установа веднаш, а најдоцна три дена од добиеното сознание, се известува надлежниот Центар. Стручното лице при следењето на спроведувањето на која било друга привремена мерка за заштита која судот ја изрекол како неопходна за да се обезбеди сигурност и добросостојба на жртвата и другите членови на семејството, ја контактира жртвата за начинот и ефектите од извршувањето на оваа мерка(и).

[345] Чл.11 од Правилник за начинот на спроведување и начинот на следење на изречените привремени мерки за заштита, Службен весник на РСМ, бр. 248 од 05.11.2021 година.

Министерот за труд и социјална политика[346] донесе Правилник за начинот на спроведување на проценка на ризик од сериозна опасност за животот и физичкиот и психичкиот интегритет на жртвата и членови на нејзиното семејство и на ризикот од повторување на насилството, соодветното управување со ризикот, спроведување и следење на мерките за заштита на жените жртви на родово базирано насилство и жртвите на семејно насилство, преземени од Центарот за социјална работа и потребните обрасци. [347] Правилникот пропишува итност при постапувањето на постапките на проценка на ризик од сериозна опасност за животот и физичкиот и психичкиот интегритет на жртвата и членови на нејзиното семејство и на ризикот од повторување на насилството, соодветното управување со ризикот, спроведување и следење на мерките за заштита на жените жртви на родово базирано насилство и жртвите на семејно насилство. Предвидена е соработка и координација со институциите кои вршат дејност од областа на социјалната заштита, детската заштита, внатрешните работи, здравството, вработувањето и образованието. Начин на спроведување од Член 3 се врши од страна на стручните лица во Центарот за социјална работа, врз основа на родово разбирање на насилството врз жените и на семејното насилство, кои постапуваат на начин што обезбедува заштита на жртвата од ревиктимизација, го штитат нејзиниот идентитет и личните податоци, ја гарантираат доверливоста на податоците и информациите кои што се прибираат при проценката на ризик, спроведувањето и следењето на мерките за заштита и го почитуваат достоинството на жртвата. Стручните лица при преземањето мерки, активности и услуги за заштита и поддршка на жртвите се раководат од родовата еднаквост и почитувањето на човековите права на жртвите, препознавањето на родовата динамика на насилството, влијанието на облиците на насилството врз жртвата и го земаат предвид односот меѓу жртвата, сторителот и нивната поширока социјална средина. Тие даваат безусловна поддршка и заштита на жртвата заради нејзино јакнење за самостојно одлучување за сопствениот живот и преземањето на мерките, активностите и услугите за заштита и поддршка. Откако ќе ја информираат жртвата за нејзините права и мерките за заштита, спроведуваат

[346] Член 50 став (3) од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство ( „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 24/21)

[347] Правилник за начинот на спроведување на проценка на ризик од сериозна опасност по животот и физичкиот и психичкиот интегритет на жртвата и членови на нејзиното семејство и на ризикот од повторување на насилството, соодветното управување со ризикот спроведување и следење на мерките за заштита на жените жртви на родово-базирано насилство и жртвите на семејно насилство, преземени од Центарот за социјална работа и потребните обрасци.Службен весник на РСМ Број 240 од 26 октомври 2021.

проценка на ризик од сериозна опасност за животот и физичкиот и психичкиот интегритет на жртвата и членовите на нејзиното семејство и земаат согласност од жртвата за преземање на мерки за заштита. По добиеното сознание за сторено родово базирано насилство врз жените и семејно насилство како и непосредно при првиот контакт со жртвата, родителот или старателот, од страна на стручните лица веднаш, а најдоцна до 12 часа се спроведува проценката на ризикот и се преземаат мерки за заштита на жртвата, имајќи ги предвид нејзините интереси и потреби како и најдобриот интерес на детето, односно лицето под старателство (Член 5). Жртвата се информира од страна на стручните лица за правото на придружник, за право од здравствена заштита, за право на правна помош и совет, за право од социјална заштита, за мерките за заштита, за мерките за привремена заштита, за сите достапни услуги за заштита и поддршка, за постапките за остварување на правата и нивниот тек, за правото да биде информирана за сите прашања во текот на постапките, на начин и на јазик на кој жртвата ги разбира своите права, без оглед дали жртвата користи услуги и мерки за заштита. За дете жртва на семејно насилство се преземаат сите потребни мерки за заштита на детето согласно со законот, информирање на детето во согласност со неговата возраст и степенот на психофизички развој за спроведување на постапка за уредување на односите на родителите и децата, за надзорот над вршењето на родителското право и старателството, почитувајќи го правото на детето да учествува во постапките од интерес за неговиот живот, раководејќи се од најдобриот интерес на детето. Понатаму со учество на жртвата се врши проценка на ризикот од загрозување на нејзиниот живот, физички и психички интегритет, како и на членовите на нејзиното семејство, проценка на нејзината состојба и потреби, изборот на соодветни мерки и услуги за нејзина помош, поддршка и заштита, заради намалување на ризик од повторување на насилството. Врз основа на проценката на ризикот се врши планирање на безбедноста и зајакнување на жртвата преку примена на соодветни мерки за управување со ризикот, согласно индивидуалните потреби на жртвата за спречување и заштита од насилството. Стручните лица при проценката на ризик ги земаат предвид сите факти и околности кои можат да го зголемат ризикот од идно насилство врз жртвата и нејзина дополнителна виктимизација, а особено за:

- актуелното насилство и закана од насилство (физичко, психичко, економско, сексуално насилство и силување, демнење, сексуално вознемирување и

сексуално вознемирување преку интернет и со употреба на средства за електронска комуникација);

- претходното насилство (дали сторителот и претходно бил насилен, дали е насилен врз децата и други членови на семејството, дали е сторител на прекршоци и кривични дела, дали претходно имал изречени итни или привремени мерки за заштита и дали истите ги почитувал или прекршувал, а особено дали сторителот е отстранет од домот;

- интензитет и динамика на насилството (зачестеност на насилството, закани кон жртвата или членови на семејството со насилство и/или со оружје или орудија погодни за напад, пристап на сторителот до оружје особено огнено оружје, изолација на жртвата преку заклучување, забрана да излегува, забрана да контактира со пријатели и роднини, контролирачко однесување врз жртвата, прогонување, дали демнењето е проследено со закани или со активно физичко насилство, закана за убиство, обид за давење, присилба да направи нешто што е спротивно на нејзината волја);

- фактори кои се поврзани со лични ставови, вредности, состојби и однесување на сторителот (статусот на вработување или финансиски проблеми на сторителот, употреба на алкохол, дрога и други психотропни супстанци, психичко заболување, љубомора, посесивност, обиди или закани со самоубиство, присилна контрола и манифестација на моќ);

- обрасците на однесување на сторителот и други фактори специфични за случајот (согледувања на жртвата за ризикот и нејзините стравови, личната животна ситуација на жртвата и достапната поддршка, заеднички деца, дали бил насилен за време на бременост на жртвата и други релевантни семејни состојби, попреченост на жртвата и друг фактор на ризик кој што може да ја загрози безбедноста на жртвата).

Според Член 10 од страна на стручните лица за направената проценка на ризик се пополнува образец, Прашалник за проценка на ризик од сериозна опасност за животот и физичкиот и психичкиот интегритет на жртвата и членовите на нејзиното семејство. [348]

По спроведената проценка на ризикот стручните лица ѝ овозможуваат на жртвата слободно да ја изрази волјата за преземање на мерки за заштита и за привремена заштита врз основа на добиени информации за постапката, целта и последицата од изборот на мерката за заштита и за начинот на нејзиното спроведување и следење. Согласноста на жртвата се дава во писмена форма на пропишан образец. Во случај на проценка за постоење на ризик за загрозување на животот и физичкиот и психичкиот интегритет на жртвата и членовите на нејзиното семејството се изготвува индивидуален план за заштита на жртвата и соодветно управување со ризикот и се предвидува преземање на мерки за помош и заштита на жртвата кои се на располагање на жртвата за зголемување на личната безбедност за да се предвидат моменталните и долгорочните закани за безбедноста. Индивидуалниот план е флексибилен и прилагодлив на околностите и факторите на ризик за жртвата, при што се земаат во предвид обрасците на однесување на сторителот. Индивидуалниот план се приспособува на различната реалност на секоја жртва и вклучува конкретни мерки за управување со проценетите ризици, како и достапните услуги согласно со нејзините интереси и потреби, најдобриот интерес на детето односно лицето под старателство.

Според Член 15 управување со ризикот вклучува континуирано спроведување и следење на мерките за поддршка и заштита содржани во индивидуалниот план од страна на стручните лица со активно учество на жртвата кое може да опфати: контактирање со жртвата во првите 12 часа по усвојување на индивидуалниот план; редовно контактирање со жртвата за времетраење на мерките предвидени во индивидуалниот план согласно со потребите на жртвата; пристап на жртвата до телефонска комуникација во случај на непосредна опасност; обезбедување здравствени прегледи и медицинска документација; сместување во центар за лица жртви на родово базирано насилство врз жени и семејно

---

[348] Прилог: Прашалник за проценка на ризик од сериозна опасност по животот и физичкиот и психичкиот интегрите на жртвата и членовите на нејзиното семејство Службен весник на РСМ Број 240 од 26 октомври 2021.

насилство; упатување во центар за жртви на сексуално насилство во случај на сексуално насилство; обезбедување на право на социјална заштита; обезбедување на психосоцијална поддршка и советување; обезбедување на правен совет и бесплатна правна помош; известување до работодавецот за евидентираното родово базирано насилство врз жени и семејно насилство во случај кога сторителот во рамките на извршувањето на работните задачи има пристап, односно ракува со службено огнено оружје; известување до воспитна и образовна институција за ризикот врз децата од семејното насилство и повторување на насилството; навремено и целосно информирање на жртвата за текот на постапките против сторителот пред надлежни органи и исходот од постапките и преземање други мерки потребни за обезбедување помош на жртвата. Доколку со насилството како жртва се јавува дете, тогаш во планирањето на безбедноста се вклучуваат и мерки за помош и поддршка на детето. Од страна на стручните лица редовно се следи и се проценува ефектот од спроведувањето на мерките за заштита кои се дел од индивидуалниот план. Се врши ревидирање на индивидуалниот план, се оценуваат факторите и причините кои влијаат на ефектот на мерките на заштита врз основа на што се менуваат и предлагаат нови мерки поради обезбедување на безбедноста на жртвата и нејзиното јакнење. Во случај на проценка за постоење на ризик за загрозување на животот и здравјето на жените жртви на родово базирано насилство и жртви на семејно насилство и членовите на семејството од страна на стручните лица од Центарот, го свикуваат мултисекторскиот стручен тим и изготвуваат безбедносен план. Тој се изработува со примена на интердисциплинарен и интегриран пристап и со учество на жртвата. Мултисекторскиот стручен тим при изготвувањето на безбедносниот план поаѓа од претходната идентификација и проценката на ризикот, од проценката на потребата за заштита на жртвата и членовите на нејзиното семејство изготвена од Центарот, при што се земаат предвид сите сознанија на другите членови на мултисекторскиот стручен тим кои се однесуваат на ризикот за загрозување на животот, физичкиот и психичкиот интегритет на жртвата и членовите на нејзиното семејство, врз основа на што се предвидуваат мерки за управување со ризикот и заштита на жртвата, согласно со нејзините потреби. Во случај на проценка за постоење на ризик за сериозна опасност за животот и физичкиот и психичкиот интегритет на жртвата и членовите на нејзиното семејство или по добиено известување од полициски службеник за поднесен предлог за изрекување на итна мерка за

заштита – отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот, со проценката на ризик и полицискиот извештај, одговорното стручно лице го свикува мултисекторскиот стручен тим за планирање на безбедноста и изготвување на безбедносниот план за заштита и јакнење на жртвата. Во случај кога е поднесен предлог за изрекување на итна мерка за заштита - отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот од страна на полициски службеник, истиот заедно со полицискиот извештај, планираните и преземените мерки и активности, поради управување со ризикот, се земаат предвид при изготвување на безбедносниот план. При изготвување на безбедносниот план, од страна на мултисекторскиот стручен тим се овозможува жртвата самостојно да донесе одлуки и слободно да ја изрази волјата за преземање на мерки за заштита и за привремена заштита. Следењето на спроведувањето на мерките содржани во безбедносниот план се врши од страна на членот на мултисекторскиот стручен тим од Центарот во рамките на неговите задачи, така што најмалку еднаш на 48 часа се остварува контакт со жртвата за текот на остварувањето на мерките од безбедносниот план согласно со потребите на жртвата (Член 21).

Поради заштита на жртвите предвидена е и мерка привремено згрижување во случај кога по извршената проценка на ризикот постои сознание за непосредна опасност за животот, физичкиот и психичкиот интегритет на жртвата и членови на нејзиното семејство од повторување на насилството, а не постојат ресурси во семејната и социјалната средина за прифаќање на жртвата. Обезбеденото сместување е во центар за привремен престој на лиценциран давател на социјални услуги, како привремено згрижување и/или интервентно згрижување на жртвата. Мерката за остварување на право од социјална заштита се спроведува така што од страна на стручното лице се информира и се помага на жртвата за остварување на права од социјална заштита и обезбедување на документација по службена должност, согласно Законот за социјалната заштита и ја придружува жртвата до соодветна институција, доколку за тоа постои потреба. [349]

[349] Правилник за начинот на спроведување на проценка на ризик од сериозна опасност по животот и физичкиот и психичкиот интегритет на жртвата и членови на нејзиното семејство и на ризикот од повторување на насилството, соодветното управување со ризикот спроведување и следење на мерките за заштита на жените жртви на родово-базирано насилство и жртвите на семејно насилство, преземени од Центарот за социјална работа и потребните образци.Службен весник на РСМ Број 240 од 26 октомври 2021.

Мерката за остварување на право од здравствена заштита се спроведува на начин што од страна на стручно лице се информира жртвата за нејзините права за добивање на бесплатна медицинска помош, и се помага да го оствари правото на здравствено осигурување, односно здравствена заштита, а доколку е потребно и се обезбедува соодветен медицински третман и медицинска документација. Центарот за социјална работа спроведува мерка психо - социјална интервенција и третман преку обезбедување на првична кризна интервенцијасе информира и се поттикнува жртвата за користење на услуги за психосоцијална интервенција, психолошка помош, поддршка и/или третман со цел успешно справување со последиците од преживеаното насилство. Мерката за психосоцијален третман во советувалиште се добива од стручни лица во Центарот или од здружение, од советувалиште за жени жртви на родово базирано насилство и жртви на семејно насилство, доверливо, со почит кон достоинството на жртвата, почитување на различноста и без дискриминација. За спроведување на мерката за заштита, помош на семејството за редовно школување на дете, од страна на стручните лица се преземаат потребни мерки за помош на жртвата за вклучување или продолжување на редовно образование на детето.

Од страна на Центарот се спроведува мерката за заштита, правна помош и застапување преку информирање на жртвата за правата и постапките кои може таа да ги покрене пред надлежен суд или орган за надминување и спречување на насилство, како и да се упатува жртвата до подрачните одделенија на Министерството за правда или во овластено здружение за обезбедување на бесплатна правна помош или овластена правна клиника. [350]

---

[350]Регистер на правни клиники – Министерство за правда на РСМ

Правен факултет-Универзитет „Гоце Делчев” Штип

Правна клиника „Центар за Правна клиничка едукација по казнено право”, во состав на Правниот факултет „Јустинијан Први” при Универзитет „Св. Кирил и Методиј”

Правна клиника “ PRO BONA”, Правен факултет при Универзитет на Југоисточна Европа-Тетово

Мерката економско јакнење на жртвата преку нејзино активно вклучување на пазарот на трудот ја пружа Центарот на начин што ја информира жртвата за можностите од економско јакнење и вклучување на пазарот на трудот преку упатување до соодветни органи и организации и комуницира и се координира со нив за да се искористат можностите за економска независност на жртвата. Исто така, постои можност и за привремено доверување на грижа и воспитување на детето на родителот кој е жртва, во случај кога постои ризик за сериозна опасност за животот и физичкиот и психичкиот интегритет на жртвата и членовите на нејзиното семејство и ризикот за повторување на насилството во рок од 12 часа од приемот на пријавата за стореното насилство, без оглед дали постои согласност од другиот родител.. Од страна на центарот поаѓајќи од најдобриот интерес на детето, времено се ограничуваат или се забрануваат личните односи и непосредните контакти на детето со родителот со кого не живее заедно.

Законот за правда за децата[351] го уредува поимот дете жртва на кривично дело кој подразбира малолетно лице до 18 години. Децата жртви ги имаат истите права што ги имаат и полнолетните лица жртви пред, за време и по завршувањето на кривичната

---

Правна клиника за ранливи групи, формирана како центар за правна клиничка едукација во состав на Правниот факултет „Јустинијан Први", при Универзитет „Св. Кирил и Методиј"

Правна клиника „Американ Колеџ", во рамки на Факултетот за правни науки при Универзитетот Американ Колеџ – Скопје

Правна клиника „Одделение за клиничко-правно образование", во рамки на Правниот факултет Кичево, при Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола

„Меѓународен Балкански Универзитет" основана при Правниот факултет Меѓународен Балкански Универзитет

Правна клиника на Правниот факултет при Универзитетот Тетово

[351]Консолидиран текст (Закон за правда за децата („ Службен весник на РМ" бр.148/13, и „Службен весник на РСМ" бр. 152/19 и бр. 275/12).

постапка, како и посебните права признати со Конвенцијата за правата на детето и со другите ратификувани меѓународни договори.

Децата жртви на дејства кои со закон се предвидени како кривични делаи децата сведоци уживаат засилена заштита и поддршка од сите институции, органи и поединци во системот на правда за деца, со цел да се намалат негативните последици врз нив од кривичното дело и да се спречи негативното влијание на постапувањето на институциите врз правилниот развој на детето.

Во членовите од 166 до 153 од Законот за правда за децата се содржани одредби за заштита на деца – жртви на кривични дела и сведоци во кривичната постапка. Во нив е предвидено судовите, јавните обвинители и службените лица на Министерството за внатрешни работи да можат да постапуваат само доколку поседуваат соодветно образование и имаат посебно познавање и искуство од областа на правата за детето и за кривично - правната заштита на децата. Судот и другите органи што учествуваат во постапката се должни да преземаат мерки за помош и заштита и да постапуваат на начин на кој ќе се избегнат можните штетни последици за неговата личност и развој. Детето жртва се сослушува како сведок на начин кој не влијае штетно врз неговиот психофизички развој и со примена на посебни мерки на процесна заштита. Соочување меѓу детето и осомничениот, односно обвинетиот, не е дозволено ако дететое жртва и сведок на трговија со луѓе, насилство или сексуална злоупотреба, како и дејствија што со закон се предвидени како кривични дела против човечноста и меѓународното право. [352]

---

[352] Според член 145 од Законот за правда на децата, детето жртва на кривично дело ги има следниве права:
• со него да се постапува со почитување на неговото достоинство,
• да биде заштитено од секаква дискриминација,
• да биде известено за своите права на јазик, разбирлив и соодветен на неговата возраст, како и за почитувањето на правото на приватност,
• да биде(ат) информиран(и) родителот(ите), односно старателот(ите), за сите прашања во врска со кривичното дело и во врска со осомничениот, обвинетиот и осудениот,
• Детето, односно родителот(ите), односно старателот(ите) да учествуваат во кривичната постапка како оштетен(и), со приклучување кон кривичниот прогон или за остварување на имотноправното барање за штета,
• на посебна заштита на неговата безбедност и на безбедноста на неговото семејство, грижа и внимание од страна на органите и субјектите, кои учествуваат во кривичната постапка,
• право на посебна заштита од секундарна виктимизација или ревиктимизација и право на психолошка и друга стручна помош и поддршка од страна на органи, установи и организации за помош на деца, жртви на кривични дела.

Во полициската и кривичната постапка, детето жртва на кривично дело има право: на правна помош од адвокат пред давањето исказ, односнона изјава или поднесување на имотноправно барање, на надоместок на материјална и нематеријална штета во согласност со Програмата од Член 151 од овој Закон, под услови и на начин пропишан со Членот 152 од овој Закон, доколку надоместокот на штета не може да се обезбеди од осудениот и на полномошник, од земањето на првиот исказ како и во текот на целата постапка.

Правна помош за дете жртва обезбедува адвокат кој следел специјализирана обука за правата на децата со траење од најмалку пет дена во текот на годината, во земјата или во странство.

Во член 146 се уредуваат посебните права на процесна заштита според кои судот мора да определи посебна мерка на процесна заштита во водењето на случаите, и тоа:

- кога детето жртва има потреба од посебна грижа и заштита или;
- кога детето е жртва на трговија со луѓе, на насилство, или сексуална злоупотреба, како и на кривични дела против човечноста и меѓународното право или на други тешки дела сторени над деца за кои со закон е утврдена казна затвор над четири години.

Во овие случаи судот определува поединечна мерка или друга посебна мерка на заштита, бара да се регистрира исказот на детето со видеозапис и со тонски запис кои ќе се користат како доказ во натамошната постапка. Во исклучителни случаи ако се појават нови околности, судот може повторно да го испита детето жртва, најмногу уште еднаш со користење на техничките средства за комуникација.

Како посебни мерки на процесната заштита при давањето исказ, судот може да определи:

- користење екрани за заштита на жртвата и на сведокот од погледот на обвинетиот;
- прикривање на идентитетот или на изгледот;
- давање исказ преку видеоконференција;
- отстранување на тогите и капите;

- исклучување на јавноста;
- видеозапис и аудиозапис на исказот што ќе се користи како доказ;
- видеозапис и аудиозапис од распитот што ќе се користи како доказ;
- земање исказ преку посредство на стручно лице;
- употреба на посебни технички средства за комуникација и
- заштита на приватноста на детето и на неговото семејство.

Според Анализата на актуелната пракса, [353] во Центрите за социјална работа при постапување со деца жртви, согласно со Законот за правда за децата, од спроведеното истражување добиени се квантитативни податоци за деца жртви на злоупотреба, занемарување и насилство по градови и општински плански региони како основа за планирање на ресурси за помош и поддршка на децата жртви. [354]

Во 2021 година психосоцијална помош, поддршка и услуга добиле вкупно 358 деца жртви на злоупотреба и занемарување, од кои 318 за прв пат биле евидентирани во 2021 година, а 40 деца веќе биле евидентирани во претходната 2020 година и сѐ уште добивале третман во системот на социјална заштита во тековната 2021 година. Најголем број деца жртви на насилство во 2021 година се евидентирани во ЈУ МЦСР Охрид (102), а најмалку од пријавените се евидентирани во ЈУ МЦСР Дебар, Пробиштип, Радовиш, Струга и Струмица, по 1 дете.

[353] Анализа од спроведено истажување „Третман и заштита на деца жртви на насилство во системот на социјална заштита" Скопје декември 2022 г.

[354] За потребите на анализата, ЈУ Завод за социјани дејности-Скопје, изработи и електронски спроведе анкетен прашалник во сите 30 центри за социјална работа во РС Македонија. Воедно се користеа индикаторите за собирање на податоци за деца жртви на злоупотреба, занемарување и насилство, кои Заводот на годишно ниво ги собира и обработува за потребите на Националното координативно тело за заштита на деца жртви злоупотреба и занемарување при МТСП. Во Анализата се користи професионалното искуство во областа, ставовите и сознанијата на советничките од Заводот кои ги добиваат преку следење на проблематиката, така и преку стручни надзори и координативни работни средби со стручните работници од системот за социјална заштита.

*Табела 1 Број на деца жртви евидентирани во Центрите за социјална работа во 2021 и 2020 година.* [355]

| ЦСР | Евидентирани во 2020 година | Ново евидентирани во 2021 година | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Берово | 1 | 4 | 5 |
| Битола | 4 | 39 | 43 |
| Велес | / | 5 | 5 |
| Виница | 1 | 2 | 3 |
| Гевгелија | / | 2 | 2 |
| Гостивар | / | 2 | 2 |
| Дебар | / | 1 | 1 |
| Делчево | 1 | 4 | 5 |
| Демир Хисар | / | 2 | 2 |
| Кавадарци | 1 | 10 | 11 |
| Кочани | 1 | 12 | 13 |
| Крива Паланка | 1 | 3 | 4 |
| Крушево | / | 6 | 6 |
| Куманово | 8 | 23 | 31 |
| Неготино | 2 | 8 | 10 |
| Охрид | / | 102 | 102 |
| Прилеп | 9 | 17 | 26 |
| Пробиштип | 1 | 1 | 2 |
| Радовиш | 1 | 1 | 2 |
| Свети Николе | 2 | 9 | 11 |
| Скопје | 5 | 51 | 56 |
| Струга | 1 | 1 | 2 |
| Струмица | 1 | 1 | 2 |
| Тетово | / | 7 | 7 |
| Штип | / | 5 | 5 |
| **Вкупно** | **40** | **318** | **358** |

Од вкупниот број на новоевидентирани деца жртви на насилство во 2021 година (358) кои добивале третман и заштита во 25 ЦСР на РСМ, 5% биле од женски пол и 45% од машки пол.

Во однос на видот на насилство на кои биле изложени децата, како најдоминантна се издвојува емоционалната злоупотреба која е застапена со 38% од вкупниот број на евидентирани деца и во согласност со тие податоци центрите за социјална работа преземале мерки на третман и заштита во 2021 година. Скоро половина од вкупниот број на евидентирани децата жртви на емоционална злоупотреба (135) во 2021 година биле пријавени од страна на ЈУ МЦСР Охрид (71) што упатува на заклучокот дека овој Центар

[355]Анализа од спроведено истажување „Третман и заштита на деца жртви на насилство во системот на социјална заштита" Скопје декември 2022 година

за социјална работа во постапките при нивниот третман и заштита, покрај основниот вид на злоупотреба ја препознава и емоционалната злоупотреба како придружен елемент на било кој вид на насилство. Втора по застапеност е сексуалната злоупотреба претставена со 24%, односно, скоро една четвртина од вкупниот број на евидентирани деца биле жртви на еден од најтешките и најкомплексен видови насилство.

Дополнително, со Законот за бесплатна правна помош [356] од 2019 година опфатени се и жртвите на родово базирано и семејно насилство, вклучително и постапките за социјална заштита, социјално осигурување и заштита на правата на децата.

Целта на овој закон е да се овозможи и унапреди правото на физичките лица на пристап до правда и правична судска заштита, овозможувајќи им примарна и секундарна правна помош. Подрачните одделенија на Министерството за правда, Правните клиники и Здруженијата на граѓани кои согласно овој Закон се регистрани како даватели на бесплатна правна помош [357] и тие може на корисниците да им овозможат заштита на жртвите на родово базирано насилство и семејно насилство. Услов за одобрување секундарна правна помош за жртви на семејно насилство е да имаат поднесено пријва за семејно насилство.

Примарната правна помош што ја дава Министерството, опфаќа: иницијален правен совет за правото на користење бесплатна правна помош, општа правна информација, општ правен совет и помош при комплетирање на барањето за секундарна правна помош.

Примарната правна помош ја дава Правната клиника во согласност со Програма за едукација, донесена од Правниот факултет, а со цел да се реализира практична настава за студентите на Правниот факултет. При давањето на примарната правна помош, Правната клиника соработува со адвокатите запишани во Регистарот на адвокати, како и со Адвокатската комора на Република Северна Македонија.

Секундарна правна помош даваат адвокати [358] во постапка пред судот, државниот орган, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна

[356] Закон за бесплатна правна помош (Службен весник на РСМ, бр.101/19).
[357] Член 2 т.1 Ibid.
[358] Листата на регистрирани адвокати за обезбедување секундарна правна помош кај Министерството за правда брои 1001 адвокат, достапно на: https://pravda.gov.mk/bp-advokati, пристапено на 26.11.2023 г.

Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија и лицата кои вршат јавни овластувања во согласност со одредбите од овој закон.

Секундарна правна помош се одобрува за застапување во сите степени во граѓанските судски постапки, во управните постапки и управните спорови.

Средствата за одобрување на бесплатната правна помош и трошоците за дадената правна помош во постапките предвидени со овој закон се обезбедуваат од буџетот на Министерството како и од донации и други приходи во согласност со законот.

Како и другите постапки кои нудат заштита на жртвите од семејно насилство, оваа постапка се карактеризира со итност и рок од два дена за одобрување право на секундарна правна помош наспроти рокот од 15 дена од редовната постапка, во која Министерството за правда одлучува според барањето.

*1. 7. Законот за еднакви можности на жените и мажите овозможува еднаков третман на жените и мажите, и овозможува грижа на целото општество до постигнување потполна еднаквост*

Законот за еднакви можности на жените и мажите од 2006 година не го регулираше семејното насилство како облик на дискриминација на жените, и не ја дефинираше половата дискриминација. Во новодонесениот Закон за еднакви можности на жените и мажите од 2012 година [359] и неговите измени од 2014 година [360] дефинирана е директна и индиректна дискриминација врз основа на полот. Со овој закон се промовираат еднакви можности кои значат рамноправно учество на жените и мажите во сите области на јавниот и приватниот сектор, еднаков статус и третман во остварување на сите права и развој на нивниот индивидуален потенцијал, низ општествениот развој, како и еднаква добивка од резултатите на тој развој.

Еднаквиот третман значи отсуство на директна или индиректна дискриминација врз основа на пол која ја претставува секоја разлика, исклучување или ограничување врз основа на пол, што има за последица или за цел да го загрози или оневозможи признавањето, остварувањето, или практикувањето на човековите права и основните

---

[359] Закон за еднакви можности на жените и мажите („Службен Весник на Република Македонија” бр.6/2012).
[360] Закон за изменување и дополнување на Законот за еднакви можности на жените и мажите(„Службен Весник на Република Македонија” бр. 166/2014).

слободи врз основа на еднаквост на жените и мажите во политичко, економско, општествено, културно и граѓанско или друго поле, без оглед на нивната раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална и телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, или која било друга основа.

Поимот „Директна дискриминација" врз основа на пол, значи дека едно лице било третирано, се третира, или би се третирало полошо, врз основа на полот отколку друго лице во слична ситуација. Индиректна дискриминација врз основа на пол постои кога навидум неутрална одредба, критериум или обичајно право става лица од еден пол во особена неповолна положба во споредба со лица од другиот пол, освен ако таа одредба, критериум или обичајно право е објективно оправдана со легитимна цел, а средствата за постигнување на таа цел се соодветни и неопходни.

Вознемирување пак врз основа на пол е несакано однесување поврзано со полот на едно лице чија цел или последица е повреда на достоинството на едно лице и создавање застрашувачка, непријателска, деградирачка, понижувачка или навредлива атмосфера. Во овој закон сексуалното вознемирување врз основа на пол е дефинирано како каков било облик на несакано вербално, невербално или физичко однесување од сексуален карактер, чија цел или последица е повреда на достоинството на едно лице, особено кога се создава застрашувачка, непријателска, деградирачка, понижувачка или навредлива атмосфера.

Крајната цел на законот е постигнување на потполна еднаквост на жените и мажите со еднакви права, можности, услови и третман во сите сфери на јавниот и приватниот живот и отсуство на културни, социјални, економски и политички услови кои продуцираат нееднакви односи на моќ, и нееднаква распределба на општествените добра помеѓу жените и мажите.

Со овој закон се уредува воспоставувањето на еднаквите можности и еднаквиот третман на жените и мажите, основните и посебните мерки за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите, правата и обврските на одговорните субјекти, постапката за утврдување нееднаков третман на жените и мажите, како и правата и должностите на

правниот застапник како определено лице за спроведување на постапката за утврдување нееднаков третман на жените и мажите. Воспоставувањето на еднаквите можности на жените и мажите се уредува и во областа на здравствената заштита и здравственото осигурување, социјалната заштита, пристапот до добра и услуги, економијата, работните односи и вработувањето, образованието и стручното усовршување, економските и сопственичките односи, користењето на јавните производи и услуги (потрошувачки права), културата и спортот, информатичко комуникациски технологии, одбраната и безбедноста, правосудството и управата, домувањето, јавното информирање и медиумите, државната и јавната администрација и во други области од општественото живеење.

Основните мерки за остварување на принципот на еднакви можности на жените и мажите се нормативни мерки од областа на здравствената заштита и здравственото осигурување, социјалната заштита, пристапот до добра и услуги, економијата, работните односи и вработувањето, образованието и стручното усовршување, економските и сопственичките односи, користењето на јавните производи и услуги, (потрошувачки права), културата и спортот, информатичко - комуникациски технологии, одбраната, правосудството и управата, домувањето, јавното информирање и медиумите, државната и јавната администрација со кои се забранува дискриминација врз основа на пол.

Законодавецот предвидел и бројни позитивни мерки со кои при еднакви услови се дава приоритет на лица од помалку застапениот пол, сè додека не се постигне еднаква застапеност или сè додека не се постигне целта заради која се преземени.

Охрабрувачките мерки се мерки кои обезбедуваат посебни поттикнувања или воведуваат посебни поволности со цел да се елиминираат околностите кои доведуваат до нееднакво учество на жените и мажите или нееднаквиот статус на еден наспроти друг пол, или нееднаква дистрибуција на општествените добра и ресурси. Програмските мерки се мерки кои се насочени кон подигање на свеста, организирање активности и изработка и спроведување на акциони планови за поттикнување и унапредување на еднаквите можности.

Здружението за унапредување на родовата еднаквост, Акција Здруженска Скопје во рамките на Програмата за поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, на Министерството за труд и социјална политика, изготви извештај за проценката на спроведувањето на

Законот за еднакви можности на жените и мажите кај единиците на локалната сампуправа.[361]

Извештајот констатира дека напредок во поголем обем нема и дека одредбите од законот не се спроведуваат како што треба, ниту се спроведени во сите општини. Најголемиот напредок, постигнат во спроведувањето на обврската е во воспоставувањето институционална структура, определување координатори и при изборот на комисии.

Според официјално објавениот Индекс на родова еднаквост во Северна Македонија 2022, (на последните достапни податоци од 2019 година), индексот на родова еднаквост во Северна Македонија во 2022 година изнесува 64,5 поени од максималните 100 и има прогрес од 2,5 поени споредено со последното мерење во 2019 година. Доколку прогресот се одвива со ова темпо (2,5 поени прогрес на четири години) на земјата ќе ѝ бидат потребни приближно 57 години за да постигне родова еднаквост во сите домени. За споредба, со нивото на просекот на ЕУ, темпото на досегашен прогрес е еден поен на две години и се смета за бавно и недоволно темпо на прогрес за постигнување родова еднаквост на ниво на ЕУ (EIGE, 2021 година).

Споредено со земјите членки на ЕУ, Северна Македонија се рангира на четиринаесеттата позиција, помеѓу Италија (15) и Малта (13) и има напредок од една позиција повисоко во рангирањето споредено со 2019 година кога беше рангирана на петнаесеттата позиција. Земјата заостанува за 3,5 поени зад просекот на ЕУ и за 19, 4 поени зад најдобро рангираната земја во ЕУ – Шведска. Споредено со последните мерења на земјите од регионот на Западен Балкан што го публикуваат Индексот, земјата има повисок резултат од сите три земји –Албанија (2020), Србија (2021) и Црна Гора (2019). Извештајот е базиран на методологијата и рамката на Индексот за родова еднаквост за 2017 година, развиен од Европскиот институт за родова еднаквост [362] за Европската Унија и нејзините земји членки.

[361] Здружение за унапредување на родовата еднаквост „Акција Здруженска Скопје „Извещтај од проценката на спроведувањето на Законот за еднакви можности на жените и мажите кај единиците на локална самоуправа април 2020 г.", достапно на: https://zdruzenska.org.mk/%d0%b8%d0%b7%d0%b2%d0%b5%d1%88%d1%82%d0%b0%d1%98 -%d0%b7%d0%b0 -%d0%bf%d1%80%d0%be%d1%86%d0%b5%d0%bd%d0%ba%d0%b0 -%d0%bd%d0%b0-1%81%d0%bf%d1%80%d0%be%d0%b2%d0%b5%d0%b4%d1%83%d0%b2%d0%b0%d1%9a%d0%b5/

[362] EIGE, достапно на: http://eige.europa.eu

Во насока на имплементацијата, Владата на Република Северна Македонија на 9. 10. 2018 година го усвои,, Акцискиот план за спроведување на Конвенцијата за спречување и борба против насилството над жените и домашното насилство на Република Македонија 2018 – 2023 година". [363] Во него се дефинирани активностите, клучните институции, индикаторите и временската рамка за преточување на одредбите на Конвенцијата во националното законодавство за периодот 2018 - 2023 година.

Акцискиот план има три основни цели:

1. усогласување на законската рамка со одредбите на Конвенцијата;
2. воспоставување општи и специјализирани сервиси за унапредување на заштитата на жртвите на родово базираното насилство и на жртвите од семејно насилство;
3. спроведување активности за превенција од родово базирано насилство и семејно насилство.

Во јули 2022 година е усвоена и новата Стратегија за родова еднаквост за периодот 2022 - 2027 година[364] (Службен весник на РСМ, бр. 170/2022) што претставува основен стратегиски документ на земјата во областа на родовата еднаквост. Со оваа стратегија се предвидуваат целите и активностите за унапредување на родовата еднаквост и унапредување на статусот на жените. Таа е надоврзување на Стратегијата за родова еднаквост за периодот 2013 - 2020 година[365] и се фокусира на три општи цели:

1. воспоставување ефективен и ефикасен систем за унапредување на родовата еднаквост на централно и локално ниво (специфичните цели се фокусираат на институционалните механизми на централно и локално ниво);

2. подобрување на положбата на жените во сите области на јавниот и приватниот живот. (Специфичните цели се однесуваат на областите пазар на труд,

---

[363] Министерство за труд и социјална политика,,, Акцискиот план за спроведување на Конвенцијата за спречување и борба против насилството над жените и домашното насилство на Република Македонија 2018 – 2023", достапен на: https://mtsp.gov.mk/pocetna-ns_article-nacionalniot-plan-za-sproveduvanje-na-konvencijata-za-sprecuvanje-i-borba-protiv-nasilstvoto-vrz-zen.nspx

[364] Стратегија за родова еднаквост за периодот 2022-2027 година (Службен весник на РСМ, бр. 170/2022).

[365]Стратегијата за родова еднаквост за периодот 2013-2020 достапна на https://mvr.gov.mk/Upload/Editor_Upload/%D0%A1%D1%82%D1%80%D0%B0%D1%82%D0%B5%D0%B3%D0%B8%D0%B0%20%D0%B7%D0%B0%20%D1%80%D0%BE%D0%B4%D0%BE%D0%B2%D0%B0%20%D0%B5%D0%B4%D0%BD%D0%B0%D0%BA%D0%B2%D0%BE%D1%81%D1%82%202013-2020.doc

земјоделство, политичко учество, здравствена заштита, образование, мир, култура и спорт) и

3. сузбивање на родовите стереотипи и градење култура на ненасилство и недискриминација врз основа на пол, род и родов идентитет, (со специфични цели посветени на сузбивањето на родово базираното насилство, родовите стереотипи и сексизмот).

Во 2020 година беше донесен и нов Закон за спречување и заштита од дискриминација[366] во кој интерсекциската дискриминација се препознава како потешка форма на дискриминација, додадени се и родовиот идентитет, и сексуалната ориентација како основа за дискриминација.

Во 2021 година е донесен и Националниот акциски план за заштита, промоција и исполнување на човековите права на жените и девојчињата Ромки 2022 - 2024 година [367] цели кон унапредување на интерсекциската правда, односно еднаков и правичен пристап до права, можности, ресурси и моќ во општеството за жените и девојчињата Ромки (МТСП, 2021).

Во 2022 година е донесена и новата Национална стратегија за еднаквост и недискриминација 2022 - 2026 година. [368]

И покрај сите промени во легислативата и политиките во доменот на родовата еднаквост во земјата и покажаниот напредок во законската и стратегиската рамка за унапредување на родовата еднаквост, во земјата не е спроведена доследна имплементација. [369]

[366] Закон за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на РСМ, бр. 258/2020).
[367] Националниот акциски план за заштита, промоција и исполнување на човековите права на жените и девојчињата Ромки доснесен 2022-2024 донесен во 2021 г. достапен на https://www.mtsp.gov.mk/dokumenti.nspx
[368]Национална стратегија за еднаквост и недискриминација 2022-2026 донесена во 2022 г. достапна на https://www.mtsp.gov.mk/dokumenti.nspx
[369] Индекс на родова еднаквост во Северна Македонија 2022: Дел од главните причини за недоволниот степен на исполнување на обврските преземени со главните стратегиски документи во областа се недоволните финансиски средства за имплементација на соодветните мерки и активности (недостиг на посебно издвоен буџет со посебна намена), и често отсуство или несоодветна процена на фискалните импликации за имплементација на главните стратегиски програми и активности. Дополнителен предизвик се надлежноста, систематизираноста и влијанието на одговорните лица за имплементација на различните активности во рамките на институциите (координатори за еднакви можности), односно, нивната можност да бараат континуирана отчетност и да наметнуваат приоритети во исполнувањето на активностите, мерките и

# ТРЕТ ДЕЛ: СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО И ПРАВОСУДНИОТ ОДГОВОР НА МЕЃУНАРОДНАТА И ДОМАШНАТА СУДСКА ПРАКСА И ВЛИЈАНИЕТО НА КОВИД КРИЗАТА

## ГЛАВА VI: ВЛИЈАНИЕТО НА СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО НА ОДНОСИТЕ ВО СЕМЕЈСТВОТО

### 1. Насилство

*1. 1. Насилство врз жени*

Насилството врз жените е општетсвен проблем со сериозни последици во сите сегменти на животот на злоставуваната жена. Тоа е интимен проблем и секогаш не се бара институционална помош.[370] Истражувањата во светски рамки и извештаите на невладините организации потврдуваат дека семејното насилство е најраспространето, зашто често од кавга добива размери на тешко насилничко дело. Најчесто семејствата во кои има насилство се затворени за околината и секогаш од тие домови не се слушаат повици за помош.

Семејното насилство вклучува облици на насилство меѓу партнерите или членовите на семејството, без оглед дали живеат во исто домаќинство. Негови најчести жртви се жените поради тоа што се жени. Според податоците на Обединетите нации[371] првата причина за смрт или инвалидност на жените од 15 до 45 годишна возраст е насилството. Студијата на Обединетите нации за сите облици на насилство врз жените смета дека главна причина за ова насилство се патријархатот и другите односи кои вклучуваат доминација и субординација, општествено - правните и културни норми на однесување, обичаите и традицијата и економската нееднаквост. [372]

---

програмите поврзани со родовата еднаквост во соодветните институции. Покрај овие предизвици, недостасува и сеопфатен систем за континуирано мониторирање на напредокот во остварувањето на зацртаните цели од законските и стратегиските документи за унапредувањето на родовата еднаквост.

[370] Ajduković, M., Pavleković, G.; Nasilje nad ženom u obitelji; Društvo za psihološku pomoć Zagreb; Zagreb; 2000, стр. 159.

[371] UN Women: Facts and figures on Violence against Women, достапно на: https://interactive.unwomen.org/multimedia/infographic/violenceagainstwomen/en/index.html#closing-1

[372] Генерално собрание на ООН Студии за сите облици на насилство врз жените, извештај на генералниот секретар број A/61/122/Add. 01, 06. 07, 2006, стр. 28-30.

Според проценката на бројни организации, најмалку секоја петта жена која живее во врска, преживеала барем еднаш насилство. Жените се десет пати почесто жртви од мажите. Истражувањата како во светот, така и кај нас, ги потврдуваат следните сознанија: 8% до 37% од жените се изложени на семејно насилство, бројот на мажи изложени на насилство е релативно мал заради непријавување. Злоставувањето во 40% до 60% кај жените започнало во текот на бременоста, а причините биле различни и се движеле од стравот кај мажот дека жената нема да може како порано да ги задоволува неговите потреби, страв од одговорноста во иднина за детето и чувството на губење на контрола врз жената. [373]

Најчесто насилството трае во текот на целиот заеднички живот. Се случува заради љубомора, различен степен на образование, различна заработувачка, заради општествени разлики и слично. Според Ćorić i Mujezinović [374] облиците на насилство врз жените може да се поделат на: изолирање, понижување и деградација, бесмислени барања, демонстрација на моќ и закани, беспомошност и исцрпеност, повремена милост, емоционална дистанца, излудување и родово насилство.

Изолирањето започнува набрзо откако насилникот ќе ја најде партнерката со свесно и несвесно забранување на контакти со семејството, пријателите и колегите. Жртвата полека се изолира во себе и скоро целото слободно време го минува со партнерот. Понатаму, насилникот користи различни постапки за да ја раздвои жртвата од блиските луѓе, поставува разни барања, користи повеќе видови застрашувања и манипулации, ги критикува пријателите и роднините и ѝ забранува да контактира во негово отсуство, ги навредува, така што и тоа придонесува сами да се оддалечат. Насилникот започнува да ја контролира на далечина жртвата, телефонски ја повикува додека е на работа, го следи секој нејзин чекор, ја понижува и деградира додека не го изгуби контактот со надворешниот свет. [375] Набрзо насилникот го интензивира притисокот врз жртвата, ја критикува и омаловажува и пласира погрешни информации и искривени вредности, ѝ повторува дека е лоша, глупава и луда, неспособна и слично. Може да прави алузии на

[373]Ajduković, M., Pavleković, G.; Nasilje nad ženom u obitelji; Društvo za psihološku pomoć Zagreb; Zagreb;2000, стр. 100-129.
[374] Ćorić M., Mujezinović J., Zlate li kako se zaštititi? (Nasilje nad ženama i djecom), Kantonalna javna ustanova „Porodično savjetovalište" Fondacija lokalne demokratije, 2008, стр.21.
[375] Ibid стр. 22.

нејзиниот изглед и облекување, ја навредува и игнорира, а деградацијата може да ја изрази на екстремен начин со морбидно силување пред сопствените деца или да јаде од садови за животни. Од друга страна жртвата почнува да мисли дека заслужува такво однесување и се труди што повеќе да му угодува на насилникот. Злоставувањето преминува во бесмислености и барања од насилникот со цел жртвата што повеќе да страда. Според Ćorić i Mujezinović [376] емоционалните насилници се толку убедливи во своите уверувања и застрашувања што ефектите од овој тип на насилство се мерат со ефектите од физичкото злоставување. Жртвата пак започнува да мисли дека е неспособна и се сомнева во себе. Во моментите на милост кои насилникот ретко ги применува, успева да ја убеди жртвата дека може да биде и добар за да го продолжи циклусот на малтретирање. Тогаш настапува емоционална дистанца, зашто жртвата претходно ги изгубила врските со блиските и е упатена само на насилникот. На крајот, насилникот на секаков начин психички ја понижува жртвата, до излудување.

Родово базираното насилство најмногу ги погодува жените и девојчињата заради нивната потчинетост во однос на мажите, но може да е насочено и кон мажи и момчиња.[377] Состојбата е идентична и во нашата држава. Извештајот од судското набљудување спроведено воперидот од 2017 до 2019 година [378] потврдува дека 83% од жртвите во кривичните постапки се жени, а само 17% се мажи. 89% од сторителите на кривични дела поврзани со семејното насилство се мажи, а само 11% од сторителите на семејно насилство се жени.

Годишниот извештај за 2020 на Министерство за внатрешни работи[379] информира дека во текот на годината беа регистрирани 992 (989) кривични дела од областа на семејното насилство за кои се пријавени 1025 (1.013) сторители, од кои 90% се лица од машки пол. Најголем дел од кривичните дела извршени при семејно насилство 59,9% се „телесна повреда”, по што следи „загрозување на сигурноста” со 33,9%. Извршени се и

[376] Ibid стр. 23.
[377] Galić N., Huhtanen H., Sudska razmatranja slučajeva nasilja u porodici u BiH, CPU Printing Company, Sarajevo, 2013, стр. 10.
[378] Мисоски Б., Аврамовски Д., Петровска Н., Коалиција „Сите за правично судење” – Скопје Мисија на ОБСЕ во Скопје, Правен факултет „Јустинијан Први” Скопје, Анализа на податоците од набљудуваните судски постапки во предмети од семејно и родово базирано насилство во 2019.
[379] Годишен извештај за 2020 на Министерство за внатрешни работи Биро за јавна безбедност Оддел за криминалистичко разузнавање и анализа Бр.22.4-519/1 15.03.2021.

четири кривични дела „убиство" при вршење на семејно насилство и тоа: две на подрачје на Сектор за внатрешни работи Скопје и по едно на подрачје на Секторот за внатрешни работи Битола и Велес. Од вкупниот број на жртви на овие кривични дела 1052 најчесто се жени 79,8%, а во однос на роднинската врска со сторителите, во 38,9% како жртва се појавува сопругата, потоа 18,6% жртви се родителите и во 8,2% жртви се децата. Најголем дел или 79,7% од делата се извршени со употреба на физичка сила или закана, потоа со ладно оружје 5,7%, а во пет случаи со употреба на огнено оружје. Инаку, во 36,5% од случаите, сторителите биле во состојба на растројство, а во 20,6% под дејство на алкохол. Во рамките на семејното насилство во полициските станици се примени 3759 (3.196 ) поплаки, а регистрирани се 486 (470 ) прекршоци.

Според годишниот извештај за работата на МВР за 2021 година во делот на семејното насилство се евидентирани 1056 кривични дела, а биле пријавени 1097 сторители од кои 90% од машки пол. Во 77% жртвите се жени, 18% од жртвите се родители, а 10,5% жртви се деца. [380]

Во текот на 2017 година според Извештајот на МВР беа евидентирани 903 кривични дела од областа на семејното насилство, односно забележан е пораст од 6,7%, кој се должи пред сѐ на зголемувањето на бројот на делата „загрозување на сигурноста", а со висок процент е застапено и делото „телесна повреда". Како најранлива категорија во семејното насилство извештајот ги именува сопругите 43%, по што следат родителите со 20%. Сторителите при вршење на 758 од делата употребувале физичка сила и психичка тортура врз жртвите, нанесувајќи им при тоа телесни повреди, 44 дела се извршени со ладно оружје, пет со употреба на огнено оружје, а зачестена е и појавата на упатени закани по мобилен телефон, социјални мрежи и други начини (96 од случаите). Како најчеста причина за вршењето на кривичните дела е растројството на сторителите, по што следи алкохолот, а во девет случаи сторителите биле под дејство на наркотична дрога. Загрижува фактот што во овој период при вршење семејно насилство се извршени две убиства во Гостивар и Прилеп, каде од живот се лишени поранешна сопруга и баба.

[380] Извештај од судско набљудување на кривични и граѓански предмети за семејно насилство, Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените-ЕСЕ, Скопје, 2020, стр.8.




*Слика 3 Семејно насилство – Состојби во првато полугодие од 2017 год.*

Извештајот на МВР за 2018 година бележи зголемување од 11,4% на кривичните дела од областа на семејното насилство; зголемување од 19,7% на кривичните дела телесна повреда; 36,8% од жртвите на семејно насилство се сопругите. [381]

Често насилството врз жените се изедначува со семејното насилство. Историски гледано, жената има многу повеќе виктимогени предиспозиции од мажот. Најчести облици на насилство врз жените се семејното насилство, сексуалното насилство и трговијата со жени. На светската конференција на ООН одржана во Виена во 1993 година е утврдено дека под насилството врз жените се подразбира секој чин на полово засновано насилство, чиј исход или веројатен исход е физичка, сексуална, психолошка повреда или

[381] Извештај на МВР за 2018.

страдање на жените, вклучувајќи и закана во таков чин, присилба или произволно лишување од слобода, без оглед дали се случува во јавната сфера или во приватниот живот. Според податоците на Обединетите нации 17 - 38% од жените во светот претрпеле физичко насилство од блиски мажи, а во 60% од сите случаи на сексуално насилство сторител е маж од непосредна близина на жртвата.

Според расположивите статистички податоци за распространетост на семејното насилство во Германија и САД секоја трета жена била злоставувана од машките членови на семејството, сопругот или партнерот. Во Русија 80% од сите злосторства се случуваат дома, во Пакистан 80% од жените се изложени на семејно насилство, Во Јужна Африка секој шести ден е убиена една жена од сопругот или момчето.

Добиените податоци од истражување за семејно насилство во Србија извршено врз примерок на жени постари од 18 години потврдуваат дека скоро секоја втора испитана жена или 46,1% доживеала некој облик на психичко насилство, секоја трета жена или 30, 6% има доживеано физички напад од некој член на семејството, а на секоја четврта жена или на 26,3% им се закануваат со насилство. [382]

Центарот за кризни состојби од Загреб утврдува дека во 85% од случаите жртви се сопругите, односно партнерките, староста на жртвите се движи од 19 до 47 години, 30% од жртвите биле работнички, 18% од нив по насилството се обиделе да извршат суицид, а кај 64% од жртвите била дијагностицирана депресивна реакција и невроза, 80% од жртвите прв пат побарале помош, а 20% веќе имале контакт и порано.

Истражувањето кое го спроведе агенцијата FRA (Агенција на Европската Унија за темелни права) низ Европа како одговор на барањето за добивање податоци за насилството врз жените од Европскиот парламент понуди податоци за состојбата на семејното насилство кои се употребија за развој на политиките и мерките во борба против повредите на тие човекови права. Напоредно со охрабрувачкото движење на полето на правната нормираност, доказите врз основа на истражувањето укажуваат на тоа дека, повеќето жени жртви на насилство не ги пријавуваат своите искуства на полицијата или на некоја организација за пружање помош. Како последица на тоа, повеќето жени не

[382] Петрушић Н., Константиновић-Вилић С., Водич кроз систем породичноправне заштите од насиља у породици, Аутономни женски центар, Београд, 2006, стр.8-9.

доаѓаат во контакт со правосудниот системи другите служби. Резултатите на истражувањето се темелат на интервјуа спроведени врз 42000 жени во 28 држави членки на ЕУ, а во секоја држава во просек се направени по 1500 интервјуа. Испитаничките се одбрани по методот на случаен избор, а возрасната група врз која е спроведено истражувањето е од 18 до 74 години. Поставените прашања биле за физичко, сексуално и психичко насилство, виктимизација во детството, сексуално вознемирување и демнење, вклучувајќи ги новите медиуми за злоставување, како што е Интернет. На испитуваните жени им биле поставувани прашања за личните искуства: колку често биле жртви на семејно насилство, какви последици оставило насилството врз нив. Проценето е дека 13 милиони жени во ЕУ биле жртви на физичко насилство во периодот од 12 месеци пред спроведување на истражувањето. Тоа претставуваат 7% од жените на возраст од 18 до 74 години. Истото истражување проценува дека 3,7 милиони жени во ЕУ биле жртви на сексуално насилство во периодот од 12 месеци пред спроведување на истражувањето што претставува 2% од жените на возраст од 18 до 74 години. Една од 20 жени или 5%, била жртва на силување од 15 години живот. Околу 18%, или 9 милиони жени во 28 држави членки на ЕУ биле жртви на демнење од петнаесеттата година на живот во периодот од 12 месеци, пред спроведување на истражувањето. [383]

Од страна на Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ, Скопје, [384] изготвено е истражување спроведено на примерок од 850 испитанички во 14 градови и 21 село. Првиот зааклучок од ова истражување е фрапантната темна бројка на непријавени случаи и високиот процент на доживеано психичко насилство од цели 61, 5% од испитаничките, 23,9% од нив потврдиле дека биле жртви на физичко насилство, а 5,0%, доживеале сексуално насилство. Структурните елементи на психичкото насилство кои ги утврди истражувањето се: контрола врз сопругата/партнерката, изолација и однесувања кои предизвикуваат психички и емоционални повреди и страдања на партнерката, 70,4% од испитаните жени, 39,4% од испитаничките укажале дека трпат доминантна позиција на мажот. Овие сознанија покажуваат дека матрицата на

---

[383] European Union Agency for fundamental rights, достапно на: http://fra.europa.eu/en/publication/2014/vaw-survey-results-at-a-glance.Violence against women: an EU-wide survey. Main results

[384] Извештај од судско набљудување на кривични и граѓански предмети за семејно насилство, (Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените – ЕСЕ), Скопје, 2020, стр. 10.

патријархални односи се пренесува преку социјализаторскиот механизам. [385] На 14,0% од испитаничките главно Албанки им се забранува да работат надвор од домот со цел да се спречи процесот на нивна еманципација. Жртви на психичко насилство, ова истражување утврди дека се најчесто жени на возраст од 30 - 40 годишна возраст, со примања до 5.000,00 денари кои се во брак 10 - 20 годиничии сопрузи се со поголеми примања и со повисоко образование од нив. Секоја жена била изложена на 4 до 6 различни облици на физичко насилство и тоа: 79,7% биле шлаканици, а заканите и тепањето во 72,8%; на горење и попарување биле изложени 4,4%; на 8,4% од испитаничките им биле нанесени повреди со нож или пиштол; 16,8% искусиле затнување на уста и давење. Дури 34,6% од испитаничките биле сведоци на насилно однесување на нивниот татко спрема мајката, а 28,2% биле жртви на семејно насилство до својата 15 година. Ова зборува за пораст на физичкото насилство.

Во 2021 година од страна на Мисијата на ОБСЕ во Република Северна Македонија се изврши истражување за насилството врз женте во Северна Македонија. На првопоставеното прашање: „Колку често мислите дека се случува насилство врз жени од страна на партнери, познаници или непознати лица во Северна Македонија?” Споредено со резултатите од истражувања извршени во Европската Унија, добиени се резултати кои се разликуваат.

[385] Ibid стр. 15.




*Графикон 1 Истражување од ОБСЕ за насилство врз жени во 2018 год.*

Најголемо разидување во добиените одговори има на прашањето дали насилството го искусиле „доволно често” со тоа што во РСМ испитаничките одговориле во 33%, а во земјите на Европската Унија дури 51% одговориле позитивно на истото прашање. Процентот на жени кои одговориле дека многу често се жртви на насилство кај двете популации е идентичен од околу 28%. Приближно идентичен е и бројот на испитанички кои дале одговор дека се жртви, не многу често или околу 18%. Поголема разлика се јавува кај одговорите „не знам” и „ретко”, па во РСМ испитаничките во 8% искусиле насилство, а кај одговорот на испитаничките од ЕУ во% изнесува 1%. Одговор „не знам” во РСМ дале 12%, а во ЕУ 5%.

Кај патријархалните и затворени заедници како што е ромската, преовладува ставот дека семејството е светост која по секоја цена се штити. Присутен е ставот дека семејните проблеми се лична работа и никој, па дури ниту институциите не треба да се мешаат во нив. Насилството е зголемено кај заедници во кои владее социјална и економска несигурност, невработеност, сиромаштија и правна несигурност. Машката доминација е израз на наследената патријархална моќ. Врз основа на истражување кое го спроведе Центарот за ромска иницијатива 2014 година во Црна Гора, [386] објавено во публикацијата „Договорен брак појак од законот”, утврдено е дека

[386] “ Ugovoren brak jači od zakona”( Istraživanjem je obuhvaćeno 643 ispitanika/ce (323 žene i 320 muškaraca). Istraživanje je sporovedeno u Nikšiću, Podgorici, Beranama i Ulcinju, odnosno u procesu obuhvata uzorka vodilo se

Ромките константно се соочуваат со семејно насилство од страна на таткото, браќата, сопругот, свекорот и свекрвата.

Со оглед дека кај ромската заедница е висок степенот на неписменост и необразованост, едно истражување во Босна и Херцеговина во Високо (2013), потврди дека ставот на мажите Роми спрема насилството во 49% покажува дека тие веруваат дека вреѓањето на партнерката, викањето и кршењето предмети не го сметаат за насилство, а физичкото насилство со шамарење 53% од испитаниците го сметаат за допуштено.

Истражувањето извршено од здружението „Ромски Центар за жене и децу", 2019 година во Србија покажува дека повеќе од две третини од Ромките биле изложени на психичко насилство најмалку еднаш во животот и истиот број жени се соочиле со физичко насилство. Секоја четврта Ромка била принудена на сексуален однос, а 40% од жените биле изложени на економско насилство. [387]

Примарната социјализација Ромките ја прифатиле како нормална матрицата на насилничко однесување. Истражувањето за пристапот и функционалноста на системот за заштита на жените Ромки жртви на родово базирано насилство и семејно насилство на територијата на Скопје[388] спроведе 200 прашалници со жени Ромки од 5 општини и тоа: Шуто Оризари, Ѓорче Петров, Гази Баба, Центар и Чаир. Исто така, беа спроведени 12 фокус групи со кои се опфатија 50 жени на возраст од 17 години до над 56 години. Најголем број од испитаничките односно 77% се невработени. Во однос на степенот на образование, најголем процент од жените се со основно образование, односно 41,5%, а 41% од жените се без формално образование. Само 0,5% се со високо образование. Најголем број од жените имаат од 2 до 3 деца и над 3 деца, и тоа 55,% од жените имаат 2 - 3 деца, додека, пак, 29% од жените имаат над 3 деца. Најмногу од испитаничките живеат во заедница од 3 до 9 членови, а 11% живеат во домаќинства со повеќе од 9 членови. Само 8,5% од жените живеат во посебно домаќинство со партнерите, а не во заедница.

На прашањето: „Дали сте биле/сте жртва на родово базирано или семејно насилство" добиени се следните резултати: 77,5% од жените одговориле дека биле или се жртва на родово

računa i o regionalnoj pokrivenosti (zastupljenosti) svih djelova Crne Gore. Podaci u istraživanju su prikupljani putem ankete koja se sastojala od 37 pitanja otvorenog i zatvorenog tipa. Za potrebe istraživanja kreirana su dva tipa anketnog listića, poseban za žene i za muškarce imajući u vidu zatvorenost romske i egipćanske zajednice naročito u odnosu na teme koje čine samu suštinu istraživanja, 2014.

[387] Istraživanje " Partnersko nasilje nad Romkinjama u Rasinskom okrugu", Romani cikna, 2019.

[388] Истражувањето за пристапот и функционалноста на системот за заштита на жените Ромки, жртви на родово базирано насилство и семејно насилство на територијата на Скопје 2022 Издавач: Здружение Иницијатива за правата на жените од Шуто Оризари Автори: Тона Карева, Салија Бекир Халим, Алмира Фасљии Муарем, Сенада Јашар, Азиза Сали.

базирано или семејно насилство. Најзастапено е психичкото насилство кај 46%, а потоа физичкото насилство со 37% кое го следи економското насилство 7%.

Во најголем број случаи насилството го претрпеле од брачен партнер и тоа 71%. Како сторители на насилство помалку се застапени вонбрачните партнери со 9,5%, членови на домаќинствата со 12%, партнер со кого не живее жртвата 1, 5% и поранешни партнери 6%; 9,5%; 12%; 1, 5%; 6%. Загрижувачки е процентот на жени што биле жртви на физичко насилство кој изнесува 47%. Жените се економски зависни најчесто од својот сопруг, па оттука 76,5% од жените економски зависат од член на домаќинството, односно 96% од сопругот, а 4% од свекрвата. Малиот процент економски независни жени, односно 23,5% од нив, укажува на незавидната положба на Ромките во општеството.

Голем процент или 25 или 12% од жените биле принудени на сексуален однос без нивна согласност и тоа од сопругот и од бивши партнери. Само 26 од испитаничките или 8,5% од нив одговориле дека за информации за заштита од родово базирано и семејно насилство се обратиле до некоја институција, а дури 91,5% не се обратиле. Најмногу од нив или 65% се обратиле во полиција, 23% одговориле дека се обратиле во невладини организации, додека пак 12% од жените одговориле дека се обратиле во центрите за социјални работи. На прашањето дали пријавиле родово базирано или семејно насилство, 92,5% од анкетираните жени одговориле дека не пријавиле, додека 7,5% од жените одговориле дека пријавиле. Од оној мал број жени што пријавиле, 40% од жените одговориле дека биле изречени итни и привремени мерки за заштита по нивното пријавување, додека 34% од жените одговориле дека не биле изречени мерки за заштита по нивното пријавување, а 26% од жените одговориле дека не знаат дали се изречени мерки за заштита по нивното пријавување. Ваквиот процент на жени што не знаат дали биле или не биле изречени мерки на заштита, само укажува на тоа колку жените не се информирани за постапувањето на институциите. Од итните и привремени мерки за заштита на жртвите, жените ги знаат следните мерки:

- отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот;
- забрана да се заканува дека ќе стори насилство;
- забрана да малтретира, вознемирува, телефонира, контактира;
- забрана да се приближува на растојание помало од 100 метри до живеалиштето.

Социјалната услуга за домување и сместување, Центарот за социјални работи им овозможил да ја искористат 40% од жените, а 60% од жените не добиле таква услуга.

Жените што биле сместени, не биле задоволни од услугата поради тоа што времетраењето било многу кратко и потоа повторно се враќале дома. Центарот за социјални работи обезбедил медицинска помош по потреба на 1 жена, додека пак 14 жени односно 93% одговориле дека не им била понудена медицинска помош. Центарот за социјални работи обезбедил психосоцијална помош во советувалиште на 27% од жените, додека 73% од жените не ја добиле оваа услуга. Психосоцијалното советување треба да се применува кај секоја жртва соодветно на нејзината потреба, а фактот дека само 27% ја добиле, укажува на нееднаков пристап до услуги за сите жени. Центарот за социјални работи само 20% од жените ги упатил до соодветни државни и други органи надлежни за економско јакнење на жртвата и нејзино активно вклучување на пазарот на трудот. На прашањето дали се жртви на родово базирано или семејно насилство, 96% од жените одговориле дека се жртви, додека 4% одговориле дека не се. Како најчест облик на насилство што го доживуваат, жените одговориле дека доживуваат физичко, психичко и економско насилство, односно 36% од жените одговориле дека доживуваат физичко насилство, 44% од нив доживуваат психичко насилство, а економско насилство доживуваат 10% од нив.

Според достапните податоци, во РСМ постојат четири државни засолништа за жени жртви на семејно насилство кои обезбедуваат сместување до шест месеци и два кризни центра управувани од здруженија кои не можат да обезбедат навремена и ефикасна заштита на жртвите.

Очигледно е дека профилот на жена жртва е жена во својата репродуктивна моќ, со пониско образование, со потекло од посиромашно семејство, најчесто невработена, несигурна, со слаб квалитет на живот, со отсуство на медицинска нега, недоволно еманципирана и информирана, изложена на стереотипни семејни односи и недоволно сензибилна и едуцирана да препознае друг облик на насилство, освен физичкото.

Профилот на маж насилник во половина од случаите е насилник исклучиво во семејството со насочено насилство кон сопругата. Четвртина од насилниците ја сочинуваат антисоцијалните сторители кои делуваат и надвор од семејството, а останатите се со дијагнози на гранични личности, кои се сторители на најтешки кривични дела.

Бидејќи повеќе од 90% од насилниците се мажи, а жртви се жени се извлекува заклучокот дека, насилството го практикуваат врз жени само поради тоа што се жени. [389]

Според достапните податоци, во РСМ постојат четири државни засолништа за жени жртви на семејно насилство кои обезбедуваат сместување до шест месеци, а дополнително функционираат два кризни центра управувани од здруженија. Меѓутоа, географската распределба на овие услуги не ја покрива целата територија на државата поради што поголем дел од жртвите остануваат без засолниште и без ефикасна заштита од семејно насилство.

*1. 2. Насилство врз деца*

Изложеноста на насилство и неговото трпење оставаат исклучително неповолни последици на жртвата. Тоа претставува кршење на човековите права. Според Roberson i Wallace[390] скоро кај сите жртви насилството придонесува за чувство на губење на самопочитувањето, страв и беспомошност. Силна е врската помеѓу семејното насилство против жените и физичката злоупотреба на децата, како и траумата која се јавува кога децата се сведоци на насилство во домот. Еден од негативните ефекти од партнерското насилство е појавата на низа емоционални и ментални тешкотии како, самообвинување, депресија и општествена изолација кај мајката, која фокусирана да удоволува на желбите на партнерот, го занемарува доенчето. Истражување на Пелс и соработниците, една од пет мајки изјавила дека не може да го заштити детето во случај на насилство од партнерот. Дури една петтина од мајките изјавиле дека своите фрустрации од претрпеното насилство ги насочиле кон децата по кои викале и ги вреѓале, а понекогаш и ги тепале. Според истражувањето на светската здравствена организација WHO, 2006 година [391] зачестената изложеност на децата на конфликти меѓу родителите може да влијае на личниот развој на детето не само во детството туку и во адолесценцијата. Истражувањата извршени од

[389]Пешић Д., Услуге подршке за жене са искуством насиља у Републици Србији – Достигнути стандарди и (не)задовољство корисница Социјална политика, 2015, достапно на: https://doi.org/10.22182/sp.32015.2

[390]Wallace H. P., Roberson C., Family Violence Legal, Medical and Social Perspectives 8th Edition, New York, 2016, достапно на: https://www.taylorfrancis.com/books/mono/10.4324/9781315628271/family-violence-paul-harvey-wallace-cliff-roberson-cliff-roberson-harvey-wallace

[391] World Health Organisation, Violence against children, 2022, достапно на: https://www.who.int/news-room/fact-sheets/detail/violence-against-children

Mueller i Tronick[392] упатуваат на бројни здравствени последици во функционирањето на мозокот кај децата, а кај доенчињата е забележана полоша здравствена состојба, помалку спијат, вриштат, повеќе се раздразнети и плачат. Тие деца имале за 8 бодови пониска интелигенција од другите деца, хаотични се и не можат да ги контролираат своите постапки, а често се агресивни и непослушни – утврдило истражувањето на Delaney - Black и соработници. [393]

Во лонгитудиналната студија на Соуса и соработниците[394] се испитуваше дали семејното насилство влијае на антисоцијалното однесување во адолесценцијата. Оваа студија утврдува дека за 2, 61 пати повеќе адолесцентите сведоци и жртви на семејно насилство биле сторители на кривични дела, адури 47, 5% од нив биле кривично осудени за некој облик на физички напад. Тие почесто употребувале алкохол и дрога од другите врсници, не го завршувале средното образование и имале висока стапка на деликвентно однесување.

Насилството врз децата е широко распространето и ги вклучува сите форми на насилство врз лица под 18 години, без разлика на тоа дали се извршени од родители или од други старатели, врсници, партнери или странци. Облиците на семејно насилство на кои се изложени децата се физичко, психичко и сексуално. [395] Тоа се манифестира во сите форми како и кај возрасните: со малтретирање изразено преку физичко, сексуално и психолошко/емоционално насилство; занемарување на доенчињата, децата и адолесцентите од родителите и старателите, заплашување во разни форми, следење, визуелизирање и демнење од друго дете, група или банда и врснички булинг, сексуално насилство со контакт или други полови дејствија особено кон девојчиња, принудување на брак, генитално осакатување и подведување на проституција и експлоатација.

---

[392] Mueller I., Early Life Exposure to Violence: Developmental Consequences on Brain and Behavior, 2019, достапно на: https://www.frontiersin.org/articles/10.3389/fnbeh.2019.00156/full

[393] Delaney B. V., Covington C., Ondersma J., S., Nordstrom K. B., Templin T., Ager J., Janisse J., Sokol J. R., Comparative Study Arch Pediatr Adolesc Med Violence exposure, trauma, and IQ and/or reading deficits among urban children. 2002, стр. 256, достапно на: https://pubmed.ncbi.nlm.nih.gov/11876674/

[394] Sousa C., Herrenkohl I. T., Moylan A. C., Tajima A. E., Klika J., B., Herrenkohl R. C., Russo M. J., Journal of Interpersonal Violence, Longitudinal Study on the Effects of Child Abuse and Children's Exposure to Domestic Violence, Parent-Child Attachments, and Antisocial Behavior in Adolescence, 2010, достапно на: https://journals.sagepub.com/doi/abs/10.1177/0886260510362883

[395] Violence against children, World Health Organisation, достапно на: https://www.who.int/news-room/fact-sheets/detail/violence-against-children

Според одредбите на Законот за правда за децата, [396] децата жртви се деца во ризик од 7 до 18 години кои меѓу другото може да бидат и жртви на насилство, воспитно и социјално запуштени, да се најдат во состојба во која е отежнато или е оневозможено остварувањето на воспитната функција на родителите. деца кои не се вклучени во системот на образование и воспитание, вовлечени во питање, скитање или проституција, деца кои употребуваат дроги и други психотропни супстанции и прекурзори или алкохол. Дете жртва е секое дете на возраст до 18 години кое претрпело штета, вклучувајќи физичка или ментална повреда, емотивно страдање, материјална загуба или друга повреда или загрозување на правата и интересите како последица на сторено дејствие со закон предвидено како кривично дело. [397] Со детето жртва потребно е да се постапува со почитување на неговото достоинство, без дискриминација, на јазик разбирлив и соодветен на неговата возраст, со почитување на правото на приватност, родителите/старателите да бидат информирани за целата постапка и заедно со детето да учествуваат во кривичната постапка како оштетена страна и да се оствари правото на обештетување со учество на адвокат. Особено внимание се посветува на емотивниот аспект, зајакнување на чувството на сигурност и безбедност при постапување на сите органи во негов најдобар интерес, заштита од секундарна виктимизација, како и право на психолошка и друга стручна помош и поддршка на суд. Предвидена е можност исказот на детето да се регистрира со видео и тонски запис, кој ќе се користи како доказ во натамошната постапка. Судот може повторно да го испита детето жртва најмногу уште еднаш преку користење на технички средства за комуникација само во исклучителни ситуации. Постапката е итна и неопходно е со децата да постапуваат професионалци кои имаат знаења и вештини и поминале специјализирана обука. Деталната процена утврдува колкав е степенот на ризик за детето, дали постои опасност која ги загрозува безбедноста, здравјето и развојот на детето, кои мерки на помош и заштита можат да му се дадат на детето и на семејството, односно на ненасилниот и родител. Доколку се активира меѓусекторскиот тим за заштита на деца од злоупотреба, занемарување и насилство, се преземаат активности согласно Протоколот за

---

[396] Закон за правда на децата Службен весник на РМ, бр.148 од 29.10.2013 година.
[397] чл.19 Ibid.

постапување на меѓусекторскиот тим за заштита на деца жртви на злоупотреба, занемарување и насилство. [398]

Според Анализата од спроведено истажување „Третман и заштита на деца жртви на насилство во системот на социјална заштита" [399] во 2021 година психосоцијална помош, поддршка и услуга добиле вкупно 358 деца жртви на злоупотреба и занемарување, од кои 318 за прв пат биле евидентирани во 2021 година, а 40 деца веќе биле евидентирани во претходната 2020 година и сè уште добивале третман во системот на социјална заштита во тековната 2021 година. Најголем број деца жртви на насилство во 2021 година се евидентирани во ЈУ МЦСР Охрид (102), а најмалку од пријавените се евидентирани во ЈУ МЦСР Дебар, Пробиштип, Радовиш, Струга и Струмица, по 1 дете.

*Табела 2 Број на деца жртви по пол/род, со кои се работело во центрите за социјална работа во 2021 година.* [400]

| **Пол/род на деца жртви** | **Евидентирани во 2020 година** | **Ново евидентирани во 2021 година** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| Женски | 17 | 175 | 202 |
| Машки | 13 | 143 | 156 |
| **Вкупно** | **40** | **318** | **358** |

Според возрасната категорија од вкупно евидентираните деца во 2021 година (358), 61% како најранливи и лесно достапни да станат жртви на насилство се издвојуваат децата од 6 до 14 годишна возраст. Односно приближно исто ранливи се децата на возраст од 6 до 10 години, кои се застапени со 2% и децата од 11 до 14 годишна возраст застапени со 33% во вкупната бројка на евидентирани деца жртви на злоупотреба и занемарување.

[398]Протоколот за работа на меѓусекторскиот тим со деца жртви на злоупотреба, занемарување и насилство ги содржи процедурите и процесите кои треба да се следат при постапувањето во однос на детската заштита. Одговорностите и улогите во споделениот меѓусекторски пристап се јасни. Процедурите упатуваат на тоа како да се обезбеди заштитата и благосостојбата на децата, како и на тоа како да се консултираат децата и нивните родители или негуватели. Стручните работници се поттикнуваат да работат заеднички и ефективно, со цел да се обезбеди безбедност и поддршка за децата кои се изложени на ризик, злоупотреба или насилство, Мујоска Е., Усогласување на Протоколот за работа на меѓусекторски тим со деца жртви на злоупотреба, занемарување и насилство достапен на:
https://msp.mk/mk_MK/2021/02/01/%D1%83%D1%81%D0%BE%D0%B3%D0%BB%D0%B0%D1%81%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B5 -%D0%BD%D0%B0 -%D0%BF%D1%80%D0%BE%D1%82%D0%BE%D0%BA%D0%BE%D0%BB%D0%BE%D1%82 -%D0%B7%D0%B0 -%D1%80%D0%B0%D0%B1%D0%BE%D1%82%D0%B0/

[399] „Третман и заштита на деца жртви на насилство во системот на социјална заштита" на ЈУ Завод за социјални дејности, Скопје, 2022.

[400] Ibid стр. 7.

*Табела 3 Број на деца жртви по возраст, со кои се работело во центрите за социјална работа во 2021 година.* [401]

| Возраст | Вкупен број на деца за 2020 и 2021 година |
|---|---|
| 0 - 5 год. | 34 |
| 6 - 10 год. | 102 |
| 6 - 10 год. | 118 |
| 15 - 16 год | 82 |
| 17 - 18 год | 22 |
| **Вкупно** | **358** |

Во однос на видот на насилство на кои биле изложени децата, како најдоминантна е емоционалната злоупотреба, со 38% од вкупниот број на евидентирани деца. Скоро половина од вкупниот број на евидентирани деца жртви на емоционална злоупотреба (135) во 2021 година биле пријавени од страна на ЈУ МЦСР Охрид (71). Втора по застапеност е сексуалната злоупотреба претставена со 24%.

*Табела 4 Број на деца жртви според вид на примарно насилство по кое биле евидентирани и со коисе работело во центрите за соцјална работа во 2021 година.* [402]

| Вид на насилсттво занемарување и злоупотреба | Вкупен број на деца за 2020 и 2021 година |
|---|---|
| Занемарување | 41 |
| Физичка злоупотреба | 52 |
| Емоционална злоупотреба | 135 |
| Сексуална злоупотреба | 87 |
| Друг вид на насилство | 43 |
| **Вкупно** | **358** |

Заради постигнување поквалитетна заштита на децата жртви на семејно насилство, центрите сметаат дека треба да се засили и да се врши почесто надзорот над родителското право во семејствата, а во крајни случаи да се поведуваат постапки за одземање на родителското право.

Децата кои доживеале насилство, поверојатно ќе го повторат кругот на насилство. [403] Трансгенерацискиот пренос на насилство во семејството тешко се искоренува, иако со тоа однесување се нанесува физичка и психичка болка од една на друга генерација. Синовите го земаат примерот од татковците и сметаат дека насилничкото однесување е исправно. Тие пак во детството најчесто биле злоставувани и продолжуваат со насилството врз своите деца. Децата го копираат и повторуваат однесувањето на родителите. Според

[401] Ibid стр. 8.
[402] Ibid стр. 9.
[403] Стевановиђ И., Осврт на нека питања насиља према деци, Темида бр. 3, Београд, 2002, стр.39.

Шариќ[404] меѓугенерацискиот ланец на семејно насилство опфаќа: 1) насилство во детството 2) насилство кога детето станува возрасен 3) насилство во партнерските односи 4) насилство спрема остарените родители и 5) насилство кон деца. Насилството во детството на машките деца дејствува да се идентификуваат со улогата на насилсник, а на женските деца со улогата на жртва. Социјалната подршка може да влијае на прекинот на ланецот на меѓугенерацискиот пренос на насилството.

Емоционалната дистанца кај децата жртви на насилство Ćorić i Mujezinović [405] ја објаснуваат како психолошка непристапност или емотивна дистанца меѓу родителите што има разорни ефекти врз децата. Децата кои растат во насилни домови често преземаат одговорност за злоупотребата и може да се чувствуваат виновни што не можат да ја спречат. [406] Доживуваат когнитивни проблеми или болести предизвикани од стресот и може да имаат тешкотии во училиштето. Како возрасни, децата сведоци може да продолжат да страдаат од депресија и симптоми поврзани со траумата. Постои силна корелација помеѓу злоупотребата на деца и семејната злоупотреба. Мажите кои често ги напаѓаат своите жени, исто така, често ги напаѓаат своите деца. [407] Истражување за знаењето, ставовите, практиките и социјалните норми на родителите и старателите поврзани со насилсвото врз децата, 2017 година покажува дека 79% од родителите изјавиле дека примениле најмалку еден насилен метод како што се психичко злоставување, лесно или тешко физичко казнување. Податоците исто така покажуваат дека 73% од анкетираните испитаници не пријавиле насилство врз дете на кое биле сведоци.

Со децата жртви се постапува согласно со Законот за правда на децата, со Законот за социјална заштита, со Законот за заштита на децата и согласно со Законот за семејство. Заедничкиот протокол за постапување во случаи на злоупотреба и занемарување на

[404] Šarić H., Nasilje u porodici, P. N. T. d. o. o. Tuzla, Tuzla, 2012, стр. 54.
[405] Ćorić M., Mujezinović J., Znate li kako se zaštititi? (Nasilje nad ženama i djecom), Kantonalna javna ustanova „Porodično savjetovalište" Fondacija lokalne demokratije, 2008, стр. 50-59.
[406] SOS Children's Villages International, Violence against children, a global problem, достапно на: https://www.sos-childrensvillages.org/end-violence-overview
[407] Студијата на Канцеларијата на УНИЦЕФ, во Скопје https://www.unicef.org/northmacedonia/mk/%D0%BA%D1%80%D0%B0%D1%%D0%B7%D0%B0%D0%BD%D0%B0%D1%81%D0%B8%D0%BB%D1%81%D1%82%D0%B2%D0%BE%D1%82%D0%BE -%D0%B2%D1%80%D0%B7 -%D0%B4%D0%B5%D1%86%D0%B0%D1%82%D0%B0 пристапено на 5.10.2023 год

деца.[408] Протоколот за работа на меѓусекторскиот тим со деца жртви на злоупотреба, занемарување и насилство, Националната стратегија (2020 - 2025) и Акцискиот план (2020 - 2022) за превенција и заштита на децата од насилство.

Насилството врз децата започнува со запоставување и недоволна грижа за развојните потреби и личноста на детето, занемарување и продолжува до злоставување и загрозување на неговиот психички и физички интегритет. [409] Најчести видови насилство врз деца се: тепање како казна за лошо однесување, навредување и понижување, ускратување одредени задоволства како казна, фаворизирање на едно дете и понижување на друго. Сето тоа предизвикува лоша слика за себе кај децата, главоболки, пречки во концентрацијата, раздразливо однесување, повлеченост, лажење, избегнување обврски, лош успех на училиште, сè до деликвентно однесување. Индикатори за физичко насилство кај децата се повреди, скршеници од непознато потекло, модринки, страв, изгубен поглед и други. Психичкото насилство се изразува како емоциона потреба од љубов и внимание, употреба на погрдни имиња или атрибути, потсмевање, викање, карање подржување на медиумско насилство, што создава страв и несигурност кај детето. Воведувањето на децата во сексуални активности со возрасни или деца кои се постари и посилни се манифестира како сексуално насилство. Може да биде вербално сексуално и полово насилство и уценување, а физичкото сексуално насилство може да е силување, инцест и полов напад. Децата се немоќни да се заштитат од сите видови насилства кои врз нив оставаат долготрајни психолошки и физиолошки последици. Децата на насилството реагираат со повлекување или со агресивност.

[408] Заедничкиот протокол за постапување во случаи на злоупотреба и занемарување на деца **е** важен документ кој ги определува процедурите и одговорностите во случаи кога се сомневаме дека детето е изложено на злоупотреба или занемарување. Овој протокол обезбедува рамка за дејствување и заштита на децата, а вклучува соработка меѓу различни институции и професионалци.

Постапувањето според протоколот зависи од конкретната ситуација и може да вклучува следните чекори:

1.Идентификација на случајот**:** Професионалците кои работат со деца (на пример, учители, лекари, социјални работници) треба да бидат внимателни и да ги препознаат знаците на злоупотреба или занемарување.

1.Известување на надлежните органи**:** Ако постои основана сомнева дека детето е во опасност, професионалците треба да го известат Центарот за социјална работа или полицијата.

2.Истрага и интервенција**:** Надлежните органи ќе започнат истрага и ќе применат соодветни мерки за заштита на детето. Ова може да вклучува привремено одвојување од родителите или семејството.

3.Соработка со други институции**:** Професионалците ќе соработуваат со други институции како судот, медицинскиот центар, психологот и други за да се обезбеди најдобрата заштита за детето.

[409] Bulatović A., Posljedice zlostavljanja i zanemarivanja djece predškolskog uzrasta, Visoka škola strukovnih studija za obrazovanje vaspitača, Novi Sad, 2012, достапно на: https://hrcak.srce.hr/84275, стр. 211-221.

Профилот на родител насилник е најчесто маж, мајка или блиски роднини кои биле злоставувани личности со ниско самопочитување, кои често се чувствуваат загрозени од други, веројатно биле злоставувани, несигурни се и имаат потреба да контролират. [410] Според Кајзер[411] можни жртви на злоставување се несакани деца, деца кои потекнуваат од инцестуозна врска, дете кое ја потсетува мајката на таткото кого го презира, дете кое се родило спротивно на волјата на мајката, дете кое било плод на силување или се родило во време на големи економски тешкотии за семејството, дете со физички или психички недостатоци и кое се родило по развод на родителите.

Ранливоста на децата од една страна и односот на доверба и должноста за чување и воспитување на децата од друга страна, го прават насилството врз децата најтежок облик на насилство. Dr Henry Kempe[412] прв го употребил терминот „синдром на злоставувано дете” во далечната 1961 година. Истражувањата покажуваат дека злоставувачи најчесто се ментално здрави лица, кои имаат пореметувања во однесувањата заради конзумирање алкохол и дрога.

*1. 3. Насилство врз мажи*

Звучи неверојатно кога се зборува за насилство врз мажи, но предрасуда е дека не може да бидат жртви на семејно насилство. Преовладува генералната слика за маж како насилник, веројатно поради поголемиот број мажи насилници отколку мажи жртви.[413] Најчесто се плашат институционално да го пријават насилството, веројатно поради исмевање. Факт е дека и институциите овој проблем не го сфаќаат како што го имаат акцептирано насилството врз жените. Уште поголемо е исмевањето на жртви од геј врски или трансродови личности. Но, често тие може да бидат жртви на психичко и сексуално насилство, особено се изложени на изнуди и уцени од партнерот кој не ретко се заканува дека ќе обелодени за нивната истополова врска и ќе ја запознае пошироката околина, а особено семејството.

[410] Šarić H., Nasilje u porodici, P. N. T. d. o. o. Tuzla, Tuzla, 2012, стр. 83.
[411] Кајзер (Кайзер) Г., Криминологија, Јуридическаја литература, 1979 годинe, стр.264.

[412] Krugman R. D., Korbin J. E., Kempe C. H., A 50 Year Legacy to the Field of Child Abuse and Neglect January, 2013, достапно на: https://link.springer.com/book/10.1007/978-94-007-4084-6

[413] Hart B., Analiza muškog nasilja, Drugi pogled 2, (Ne) živjeti sa nasiljem, Medika, Infoteka, Zenica, 1999, стр. 143-144.

Причините поради кои мажите трпат насилство се слични како оние поради кои трпат жените.[414] Многу од злоставуваните веруваат дека се виновни и го заслужиле тоа, економската ситуација, губењето работа, губењето на сексуална моќ и други фактори придонесуваат мажите да останат во насилнички врски. Мажите трпат емоционално насилство во најголема мера. Најчесто потекнуваат од семејства каде трпеле насилство и се научени на тој образец на однесување. Поретко постои страв од прогонување и убиство од нивната партнерка/партнер, а се плашат тие да не бидат обвинети за семејно насилство, поради манипулативноста на злоставувачите. Кај мажите жртви се јавува и реален страв од напуштањето на заедницата околу прашањето за доделување на децата, зашто тие почесто им се доделуваат на мајките. Затоа остануваат во насилничките врски одлучувајќи да го амортизираат извесното насилство врз децата поради напуштањето на заедницата од нив. И мажите жртви се доведени во ситуација на финансиска зависност, забрани за работа, располагање со сметки, немање имот. Шансите да добијат било каква помош е минимална, зашто со мажи жртви скоро никој не се занимава.

Во извештајот за повреди предизвикани од насилство од болничкото оделение за итна помош[415] издаден од Министерството за здравство на САД во 1997 година мажите биле една шестина од пациентите кои биле примени како жртви на семејно насилство.

Забележлив е трендот на зголемување на бројот на пријавени случаи на насилство врз мажи, особено од започнувањето на коронакризата. [416]

Статистичките податоци за семејното насилство во Босна и Херцеговина укажуваат дека во 35% од случаите жртви се мажите, а во 65% жртви се жените. Таму е присутен пораст на економско насилство од жените врз бившите сопружници кое се изразува после

**414** Петрушић Н., Тодоровић Н., Врачевић М., Dobro čuvana porodična tajna-zlostavljanje starijih osoba, 2017, стр. 83-94.

415 Rand M. R., Strom K., Violence Related Injuries Treated in Hospital Emergency Departments, Office of justice programs, USA, 1997, стр. 1-11.
416World Health Organisation, Global and regional estimates of violence against women: prevalence and health effects of intimate partner violence and non-partner sexual violence, достапно на: https://apps.who.int/iris/bitstream/handle/10665/85239/9789241564625_eng.pdf;jsessionid=3F10FC4471F8440DC74113B4F4C19E80?sequence=1 пристапено на 29.09.2023 г.

разводот кога при поделбата на имотот жените сакаат да задржат поголем дел од имотот, ја сокриваат својата заштеда, ја оттуѓуваат заедничката заштеда. [417]

Во Германија, годишно се регистрираат 26000 мажи жртви на семејно насилство. Таму во 2020 година е воведена телефонска линија за помош на мажи која секоја седмица прима десетици повици.

Во Мексико, според службените статистики, околу 25% од жртвите на семејно насилство се мажи. Евидентно е дека насекаде во светот недостасува адекватна помош на мажите жртви.

Во Србија статистиката покажува дека 93% од жртвите се жени, а 7% се мажи. Во Ќуприја има една и единствена сигурна куќа „Машка сигурност" која нуди сместување на злоставувани мажи. Повеќе од 20 корисници имало во сигурната куќа, а на бројот за помош се јавиле повеќе од 500 лица.

Според Акцискиот план за спроведување на Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство на Република Македонија, 2018 - 2023 година, август, 2018 година; фокусот е санкционирање на сите форми на насилство врз жените, што го вклучува и семејното насилство, но исто така препознава и други жртви на семејно насилство, како што се мажите и момчињата. Ова ги вклучува и геј - мажите, трансродовите луѓе, или оние мажи кои не се вклопуваат во хетеронормативното општествено прифатливо однесувањешто повторно ги прави жртви на патријархалното сфаќање на жените и мажите и нивните стереотипизирани улоги. Потребно е преземање на потребните мерки за промовирање промени во општествените и културните шаблони на однесување, на жените и мажите, со цел искоренување на предрасудите, обичаите, традициите и сите други практики кои се засноваат врз идејата за инфериорност на жените или врз стереотипните улоги за жените и мажите.

Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Северна Македонија - ЛГБТИ Центар за поддршка во рамки на Проектот на USAID во 2017 година отворија нов шелтер центар – „Сигурна куќа" за заштита на ЛГБТИ - лица, жртви на секаков вид на насилство.

---

[417] Organization for Security and Co-operation in Europe, OSCE-ovo istraživanje o nasilju nad ženama – Izveštaj za Bosnu i Herzegovinu, 2019, достапно на: https://www.osce.org/bs/secretariat/439070

Шелтер центарот згрижува луѓе со различна сексуална ориентација: геј мажи, лезбејки, бисексуалци, транс и интерсексуални лица кои претрепеле семејно насилство, бездомници, напуштени од своето семејство заради различната сексуална ориентација.

Просторот на Сигурната куќа е опремен и работи согласно Правилникот за нормативите и стандардите за основање и започнување со работа на установи за социјална заштита, Центар за лица – жртви на семејно насилство. Сигурната куќа има капацитет за 7 корисници и работи 24 часа секој ден. За корисниците е обезбедено домување, храна, средства за лична хигиена, основни медикаменти, правни услуги, услуги од психолог и социјален работник. Сигурната куќа е конструирана како мост помеѓу привремено и постојано домување. Корисниците на услугите од Сигурната куќа обично се сместуваат во период од четири до шест месеци, со можност за пролонгирање на престојот. За време на престојот се работи на процесот на ресоцијализација на корисниците, овозможувајќи им засолниште од изворот на насилство и услови да можат да продолжат со индивидуален и достоинствен живот. Сигурната куќа е акредитирана од Министерството за труд и социјална работа и ги исполнува сите предвидени стандардии работи врз основа на принципите на доверливост, дискреција, недискриминација и емпатија. [418]

Концепцијата за центар за поддршка и советување на мажите е подготвена во рамки на проектот „Воспоставување на мултипрофесионална превенција на родово засновано насилство, работа со сторители преку пристап фокусиран на безбедноста на жртвата и советување на мажите во Северна Македонија" поддржан од Здружение за машки и родови прашања Штаерска, Грац, Австрија, [419] со финансиска поддршка од австриското Сојузно министерство за социјални прашања, здравство, грижа и заштита на потрошувачите. Проектот на национално ниво е спроведен од страна на здружение ХЕРА – Асоцијација за здравствена едукација и истражување во партнерство со Реактор – истражување во акција. Изданието на ХЕРА – Асоцијација за здравствена едукација и истражување од 2022 година изврши истражување за потребата од поддршка и помош на

[418] Барањето за сместување во Сигурната куќа може да се направи со вртење на бесплатната линија за помош 0800 66 66 6 или преку пополнување на апликацијата на веб страната на ЛГБТИ Центарот за поддршка www.lgbti.mk.

[419] Reactor Hera, Verein für Männer-und Geschlechterthemen Steiermark: Establishment of multi-professional prevention of gender-based violence, victim-safety oriented work with perpetrators and men's counseilling in North Macedonia, maping the needs & resources, 2022, достапно на: https://reactor.org.mk/wp-content/uploads/2022/11/Final-Analysis-MAEB-102022_fin.pdf, стр.50-72.

мажи, жртви на семејно насилство. Свесното за проблематичните однесувања кои произлегуваат од машкоста придонесува да се преземаат акции со кои тие пред време ќе се спречат. Долгорочно гледано, кај момчињата и мажите треба да се развиваат алтернативни модели на однесувања за тие да преземат конкретни акции за промена и себеразвивање во одговорни личности. Превенцијата кај мажите кои се жртви на насилство значи подигање на свеста за претрпеното насилство и со тоа да се спротивставaт на табуто „да се биде жртва". [420]

Потребно е основање центри за поддршка и советување на мажи, за сите момчиња и мажи кои имаат „неразрешени" прашања поврзани со родот и мажественоста или имаат психолошка криза. Генерално според ова истражување, поддршката и советувањето во центарот за мажи треба да биде овозможено за: 1) мажи во криза кои доживеале или моментално доживуваат драстични промени во одредени области од нивниот живот и немаат доволно ресурси или начини како да се справат самите со овие промени и 2) мажи кои се сторители на насилство и кои го користат сервисот поради изречена мерка, судска одлука за посета на психо - социјален третман или доброволно се јавиле за учество во програмата за третман на насилството.

Понатаму се препорачува работењето на превенцијата од насилство да се подели во три фази. Во примарната превенција од насилството, целта е да се предвидат и да се спречат актите на насилство кај мажите. Секундарната превенција има цел да спречи долготрајно и опстојувачко насилство во животот кај мажите преку препознавање на формите на насилство во раната фаза и обезбедување на интензивна поддршка. Со терцијарната превенција. Веќе постоечкото и опстојувачкото насилно однесување треба да се реши и во оптимален случај да се спречи негово повторување. Исто така, болестите и менталното здравје се теми кои често се повторуваат во животот. [421] Мажите често го одбиваат медицинскиот совет и не ги прифаќаат сериозно, менталните проблеми за разлика од жените кои почесто бараат помош. Денес сè повеќе се зголемува свеста дека мажите, особено во партнерство со жените, можат да имаат значајна улога во елиминација на насилството врз жените.

[420] Ibid стр. 10-15.
[421] Ibid стр. 25-35.

Студијата NEMESIS[422] (Netherlands Mental Health Survey and Incidence Study) покажала дека 40% од сите Холанѓани имале некакви психички тешкотии. Мажите ги прикриваат чувствата на страв и безволност со зголемена анксиозност, консумирање алкохол и дрога, подложни се на фрустрација и често агресивно реагираат. Мажите пијат 3 до 5 пати повеќе од жените. Значајна разлика е дека алкохол почесто прекумерно консумираат високо образовани жени и ниско образовани мажи. Неретко мажественоста се поврзува со насилството што е стереотип кој предизвикува поврзување со погрешен модел на однесување (role models). Конел го толкува сегашниот степен на насилство како тенденција на криза[423] и недостаток на моќ.

Министерството за труд и социјална политика и Министерството за образование и наука, имаат обврска да донесуваат и спроведуваат програми за еднаквоста меѓу жените и мажите, ненасилно разрешување на конфликти, почитување на различностите и промовирање на родовата еднаквост. Со воведување содржини во наставата за промоција на родовата еднаквост и сексуално образование ќе може да се променат сфаќањата за родовите улоги.

Профилот на жена насилник е почесто жена со повисоко образование и стекнат општествен статус кој се карактеризира со употреба на алкохол и потреба од доминација и омаловажување на партнерот. Насилството се состои во постојано отфрлање и критика за неспособност на мажот, споредување со други успешни мажи, исмејување и обезвреднување, лажни обвинувања, постојани приговори кон неговите способности, големи материјална очекувања, контрола на финансиите и создавање на емотивни „сојузи" со децата и нивно насочување против својот татко.

*1. 4. Насилство врз изнемоштени и возрасни лица*

Првата асоцијација за семејно насилство е агресивни родители и дете жртва, или агресивен маж и жена жртва. Поимот злоставување на постари лица под името granny

---

[422] The Netherlands Mental Health Survey and Incidence Study (NEMESIS) is a national study of the psychological health and well-being of adults in the Netherlands. The third NEMESIS study was conducted from November 2019 to March 2022, достапна на: https://ghdx.healthdata.org/record/netherlands-mental-health-survey-and-incidence-study-2019-2022

[423] Connell R., Masculinities: Second Edition, University of California Press, 2005, достапно на https://books.google.com/books/about/Masculinities.html?id=C8zb0oBUZxcC, стр. 229.

battering прв пат го опишале Baker и Burston, во 1975 година [424] Според Amelie Richter [425] застрашувачки е бројот на случаи на родители малтретирани од своите деца. Секое однесување кое претендира на контрола на родителите со намера физички или психолошки да ги повреди значи насилство. Длабоки се причините за ваквото однесување и се поврзани со пореметувања во однесувањето на децата. Според National Clerainghouse on Familiy Violence [426] повеќето млади насилници немаат ментални болести, но добар дел имаат хиперактивно однесување, биполарни пореметувања или шизофренија. Заради срам, родителите не сакаат да го признаат овој облик на насилство од родените деца. Почесто овие случаи се пријавени од соседи или роднини кои одлучуваат да го пријават тогаш кога на родителите им е загрозен животот. Родителите не можат да ги задоволат сите очекувања на децата, а тие нив можат не само да ги злоставуваат, туку и да ги убијат своите родители. Овој вид насилство е скоро нерешлив за институциите, пред пред сè поради тајноста и непријавувањето.

Младите деца насилници најчесто ги злоставуваат родителите ако не можат да добијат средства за дрога, луксузни возила и телефони како знак за престиж. Повозрасните деца злоставувачи пред себе го имаат само имотниот интерес да ги развластат родителите од имотот и заштедите и тие да располагаат со нивните средства. [427] Посредно вината за овој облик на насилство е кај истите родители кои направиле пропусти во однесувањето и лошото воспитување на истите деца. Нормално е родителите да ги задоволуваат потребите на децата, но кога потребите ги надминуваат можностите, а стануваат и непотребно големи, родителите не можат да ги задоволат децата, и тие реагираат со бунт, со викање, реагираат со лутење, хистерично врескање, и на крајот преминуваат кон психичко и физичко насилство врз родителите. Користењето опојни дроги, алкохол и лошото друштво од страна на децата се исто така причини за почнување со насилство врз родителите. Во почетокот насилството е психичко, преминува во физичко и материјално, па дури и сексуално. Манифестации на психичкото насилство се

[424] Mc Alpine H. C., Elder abuse and neglect, Age and Ageing, British scientific journals, Oxford University Press, Glasgow, 2008, достапно на: http://ageing.oxfordjournals.org/content/37/2/132.full.pdf+html, стр. 132.
[425] Richter A., Kad se roditelji moraju bojati vlastitog djeteta...2016, достапно на : https://www.dw.com/hr/kad-se-roditelji-moraju-bojati-vlastitog-djeteta/a-36844592 пристапено на 1.10.2023.
[426] Public Health Agency of Canada, National clearing house on family violence, Parent abuse: the abuse of parents by their teenage children, 2001, достапно на: http://canadiancrc.com/parent_abuse.aspx, пристапено на 12.10. 2023.
[427] Šarić H., Nasilje u porodici, P. N. T. d. o. o. Tuzla, Tuzla, 2012 стр. 79.

викањето, упатувањето навреди, омаловажувањето па дури и бегањето од дома. Тоа се интензивира со неможноста родителот да ги задоволи хировите на детето. Физичкото насилство значи употреба на шлаканици, тупаници по главата и телото, штипење, тргање за коса, гребење, горење по телото, гушење, нанесување скршеници, гаѓање со тешки предмети и убиства. Изолирањето во посебни простории без храна и вода, или присилување на тешка работа, исто така е физичко насилство. [428] Децата често вршат материјално насилство врз родителите, им го одземаат семејниот накит, мебелот, позајмуваат пари без нивно знаење, продаваат скапи предмети од домот и го контролираат текот на приходите на нивните родители. Поретко, децата прибегнуваат кон присилување на недозволени сексуални активности и допири спрема родителот против неговата волја, покажување полови органи и барања од родителот тоа да го чини, мастурбирање, присилување на инцест и простиуција и на крајот, силување.

Индикатори [429] поврзани со подоцнежно насилство во адолесценцијата се кога детето покажува неспособност во развојот на моралните емоции, немање емпатија, тешкотии во покажување и неприфаќање на вина, егоцентричност, љубомора, неприфаќање на грешки или казни, лажење и грубо однесување кон браќата и сестрите. Ваквите деца покажуваат агресивност на училиште и се потенцијални злоставувачи на родителите кои се грижат да ги задоволат нивните ненормално високи стандарди. Често антисоцијалното однесување на детето е одговор на насилството кое родителот го врши врз него и кое го прифаќа како пример на однесување по кој се води во односите со другите луѓе.

Односите во семејството се засноваат на традиционални улоги кои се пренесуваат од една на друга генерација. Постои нерамнотежа поради нееднаквоста, па некои членови тежнеат кон насилство кон најранливите членови, а тоа се посебно старите лица.

Институтот за социолошки и политичко правни истражувања Скопје во 2011 година, со поддршка на Светската здравствена организација изготви национално истражување:

[428] Zelembrz E., Čimbenici negativnog djelovanja obiteljskog odgoja, Sveučilište J. J. Strossmayera u Osijeku, 2018, достапно на: https://repozitorij.unios.hr/islandora/object/ffos: 3980
[429] Redondo S., Martínez C. A., Andrés P. A., Therapeutic effects of a cognitive-behavioural treatment with juvenile offenders The European Journal of Psychology Applied to Legal Context, Dept. of Personality, Assessment and Psychological Treatment, University of Barcelona, Barcelona (Spain), 2012, стр. 159-178.

„Преваленца на злоупотребата на стари лица”. [430] Целта на истражувањето беше на преваленцата на семејно насилство и злоупотребата врз стари лица да ги идентификува доминантните облици на насилство и злоупотреба на стари лица и да ги идентификува сторителите. Истражувањето опфатило 960 испитаници (429 мажи и 530 жени) на возраст над 65 години, кои живеат во приватни домаќинства. Теренското истражување е спроведено во текот на декември 2011 година со примена на лице в лице истражувачка метода и прашалник како техника за собирање на податоци. Очигледна е поразителноста на добиените резултати од кои се утврдува дека дури 34,6% од лицата на возраст над 65 години искусиле некаков облик на насилство, злоупотреба или запоставување. Како и во претходно обработените насилнички односи во овој труд најзастапено е психичкото насилство со 25,73%, 11,98% претрпеле финансиско насилство, 8,86% физичко насилство, а 1,35% сексуално насилство.

Сторители на овој вид насилство се партнерите, синот и снаата. Синовите се јавуваат како најчести сторители на психолошко насилство (29,55%), па потоа следи партнерот (25,51%) и снаата (22,62%). Физичкото насилство најчесто е извршено од партнерот (30,91%), снаата (23,64%) и синот (20,00%). Сторител на финансиско насилство во 47% е синот, а партнерот во 10%. Доминантен сторител на сексуално насилство е партнерот или лице кое жртвата го познава. Постарите жени се многу почесто жртви на сите видови насилство. Од истражувачките резултати очигледно е дека жените се најчесто изложени на сите видови насилство само поради тоа што се жени и се физички послаби и немоќни да се одбранат. [431]

Во 1993 година Советот на Европа изврши истражување врз граѓани од третото доба во 21 земја на Европа. Резултатите потврдиле дека 8% од постарите лица се жртви на семејно насилство.

Постарите и немоќните се посебно чувствителна и ранлива категорија. Тие и со минимална пензија продолжуваат да ги задоволуваат хировите на своите деца кои многу одамна требало сами да заработуваат за живот.

---

[430] Национално истражување, „Преваленца на злоупотребата на стари лица”, Институт за социолошки и политичко правни истражувања-Скопје со поддршка на Светската здравствена организација, Скопје, 2011 стр. 8.
[431] Ibid стр. 12.

# ГЛАВА VII: УЛОГАТА И ЗНАЧЕЊЕТО НА ПРАКСАТА НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА (ЕСЧП)

Праксата на Европскиот суд за човекови права е највлијателниот инструмент за заштита на човековите права воведена после Втората светска војна. Толкувањето на одредбите на ЕСЧП постојано еволуира и се прилагодува на општествените прилики. Покрај тоа, праксата на овој суд е обврзувачка за националните судови и другите институции и директно се применува како домашно право. Правните стандарди кои ги воспостави со својата јуриспроденција и наметнати обврски за државите членки се значаен придонес во заштитата на човековите права. Во случаите кога препорачува воведување одредени мерки за некоја држава ЕСЧП дава автономија како ќе постапи таа држава и кои промени ќе ги воведе за да се прилагоди кон судската пракса на ЕСЧП.

Семејното насилство е кршење на основните човекови права што претставува повреда на ЕСЧП иако децидно овој поим не е наведен во Конвенцијата. Во повеќе предмети овој суд се повика на други права при заштитата на семејното насилство: правото на живот од Чл.2; забраната за мачење од Чл.3; правото на почитување на приватниот и семејниот живот од Чл.8 и забраната за дискриминација од Чл.14. Европската конвенција е правна основа врз основа на ЕСЧП со која на државите членки може да им наметне позитивни обврскики не се содржани во Чл.2 - 14. [432]

Според Чл.2 од Европската конвенција[433] правото на живот е основно човеково право и како такво задолжително треба да е заштитено со закон. Државите се должни да воспостават законски норми за заштита на правото на живот и да воведат механизми за спречување кривични дела и за откривање и процесуирање на сторителите. Судската пракса на ЕСЧП наметна и воведување превентивни мерки за заштита на животот на еден човек загрозен од дејствија на друг човек. Позитивната обврска на земјите членки да

[432] Omejec J., Konvencija za zaštitu ljudskih prava i temeljnih sloboda u praksi Europskog suda za ljudska prava, Strasbourški acquis, Novi informator, Zagreb, 2013, стр. 78-85.

[433] Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи е меѓународен договор врз основа на кој државите членки на Советот на Европа се обврзуваат дека ќе им ги обезбедат основните граѓански и политички права, не само на нивните државјани, туку исто така и на сите лица под нивна надлежност. Конвенцијата, која што беше потпишана на 4ти ноември 1950 година во Рим, влезе во сила во 1953 година.

делуваат согласно начелото на due diligence стандардите[434] или согласно начелото на предвидливост се значајни за заштита на жртвите од семејно насилство. Според воведените стандарди, обврската за заштита на жртвите се активира при постоење сериозна и непосредна опасност за животот на жртвата.

Забраната за мачење, тортура и нечовечко понижување предвидена во Чл.3 од Конвенцијата е една од единствените jus cogens норми на обичајното меѓународно право. Со оваа норма е наметната позитивна обврска на државата да осигура дека лицата во рамките на нејзината јурисдикција се заштитени од мачење, тортура и нечовечко понижување. Позитивните обврски во однос на државата се дека треба да се преземаат разумни мерки за спречување на лошото постапување за кои државата знаела или требало да знае и да спроведуваат ефективна службена истрага кога за тоа имаат сознание. Проценката на суровоста за третманот ги има предвид: времетраењето на третманот; неговите физички или ментални ефекти; полот, возраста и здравствената состојба на жртвата; целта за која бил нанесен третманот и намерата или мотивацијата; атмосферата на зголемена тензија и емоции; дали бил систематски; дали државата можела да преземе алтернативно дејствие за да постигне некоја легитимна цел. Државите имаат позитивна обврска да воспостават и применуваат систем на казнување на сите форми на семејно насилство, и да обезбедуваат заштитни гаранции за жртвите.

Членот 14 од Конвенцијата се однесува на забрана за дискриминација - „Уживањето на правата и слободите предвидени во оваа Конвенција се обезбедува без дискриминација врз која било основа, како што е пол, раса, боја на кожата, јазик, вероисповест, политичко или друго мислење, национално и социјално потекло, поврзаност со некое национално малцинство, имот, раѓање или друг статус."

Првата пресуда на ЕСЧП за заштита од семејно насилство е донесена во 2007 година[435] (Контрова против Словачка). Сопругот на подносителката по многу закани и

---

[434] (CEDAW) 1992, General Recommendations No 19. UN Committee on the Elimination of Discrimination Against Women (CEDAW).CEDAW потенцира дека државите би можеле да се сметаат одговорни за дејствија меѓу поединци ако не дејствувале со должно внимание како би спречиле кршење на права и делотворно би ги казниле сторителите на семејно насилство.

[435]CASE OF KONTROVÁ v. SLOVAKIA (Application no. 7510/04), https://policehumanrightsresources.org/content/uploads/2019/09/CASE-OF-KONTROVA-v. SLOVAKIA.pdf?x96812, пристапено на 16.10.2023.

физичко и психичко насилство, ги усмртил децата и се самоубил. Во овој предмет европскиот суд утврдил повеќе пропусти кај полициските органи кои иако биле должни да преземат мерки за заштита, тоа не го сториле. Тие не примале кривична пријава, не процесуирале настан, не повеле постапка и истрага, и покрај изјавите на подносителот за поседување оружје на сопругот кој интензивно се заканувал со насилство. Подносителката во ноември 2002 година поднела кривична пријава против сопругот кој ја истепал со електричен кабел. Под негов притисок ја повлекла пријавата само неколку дена од поднесувањето. Со помош на полициски службеник ја преквалификувала пријавата во прекршочна, но полициските органи ништо не презеле да ја заштитат. Ноќта меѓу 26 и 27 декември 2002 година роднина на подносителката пријавил во полиција дека нејзиниот сопруг се заканува дека со пушка ќе ги убие децата и себе. Наредниот ден на 27 декември, таа со својот брат повторно го пријавила случајот. Бидејќи полицијата ништо не презела, на 31 декември отишла да праша во полициската станица, но за жал истиот ден околу 11 часот, пријавениот ги убил двете деца, потоа се самоубил.

Судот констатирал повреда на Чл.2 од Конвенцијата зашто на полициските органи им била позната насилничката природа на сопругот на поднесителката, а тие иако биле должни, не презеле никакви мерки да го заштитат нејзиниот живот иживотот на децата. Таа се јавила на телефонскиот број за итни случаи непосредно пред убиството, но не добила никаков одговор. Според позитивните прописи во Словачка, полицијата била должна да ја регистрира и процесуира кривичната пријава. Таа била причината, Словачка да биде осудена за повреда на Чл.2 (право на живот) од Конвенцијата. Во истата одлука судот констатирал повреда и на Чл.13 (Право на делотворно правно средство) од Конвенцијата. Подносителката на претставката не добила надомест на штета за тоа што го претрпела и не ѝ било дадено право на ефективен правен лек.

ЕСЧП утврдува дека постои позитивната обврска на државата за преземање превентивни мерки и мерки за заштита на животите на лицата под нејзина јурисдикција. Полициските службеници не ги презеле сите дејствија кои биле должни да ги преземат (не ги запишувале повиците, не се јавувале, не излегувале на лице место, не воделе истрага, иако биле должни, не го одзеле оружјето на пријавениот, вршеле притисок на пријавителот за преиначување на кривичната во прекршочна пријава). Сите овие пропусти се означени како повреда на Чл.2 од Конвенцијата (право на живот). За да настане

позитивна обврска на државата е потребно да се утврди дека властите знаеле или морале да знаат дека постои ризик за животот на жртвите, а пропуштиле да преземат мерки во рамките на своите надлежности. Во овој случај судот ги засновал своите заклучоци на извештаите на организацијата Amnesty International и статистичките податоци на невладините организации.

Во случајот Опуз против Турција од 2009 година, Европскиот суд за човекови права одлучувал во еден од најбруталните случаи на семејно насилство и утврдил дека прашањето на домашно насилство кое се јавува во различни форми, физичко, психолошко или вербални напади е општ проблем од интерес на сите држави членки, кој често не е видлив на прв поглед, зашто се случува во лично - персонални односи или во затворен семеен круги не ги погодува само жените. Судот наоѓа дека и мажите како и децата може да се жртви на семејно насилство. За прв пат во оваа пресуда судот зазел став дека семејното насилство е родово базирано насилство и облик на дискриминација и Турција го повредила начелото на должно внимание. [436]

Подносителката на преставката Нахиде Опуз во 1990 година, започнала да живее со синот на сопругот на нејзината мајка, со кого се венчала во 1995 година. Од бракот им се родиле три деца. Во перидот од 1995 година до 1998 година нејзиниот сопруг повеќе пати брутално се однесувал кон неа и кон нејзината мајка. Тој постојано им се заканувал, ги претепал, ги бркал со возило и им се заканувал со нож. Лекарската документација потврдила бројни телесни повреди: крварења, нагмечувања, исекотини и модринки кај двете жени. Три пати биле поведени постапки против сторителот поради нанесување тешки телесни повреди и обид за убиство. На сторителот му била изречена мерка притвор, но се бранел од слобода. Според турскиот кривичен законик за водење кривична постапка, било потребно егзистирање на кривична пријава која била повлечена, а постапките запрени. За нанесените повреди на мајката на подносителката со возилото, сторителот бил осуден на казна затвор од три месеци, заменета со парична казна. Во 2001 година сторителот ја избодел седум пати со нож подносителката, за што повторно бил осуден со парична казна. Мајката и ќерката се преселиле во Измир во 2002 година Тогаш сопругот

[436] CASE OF OPUZ v. TURKEY (Application no. 33401/02), https://www.legislationline.org/download/id/2946/file/OPUZ%20v%20Trukey%20June%202009.pdf, пристапено 11.10.2023.

на пријавителката го застанал комбето за селење и пукал во мајката по што таа починала. За ова дело бил осуден на казна доживотен затвор. При жалбената постапка бил пуштен на слобода, по што повторно ѝ се заканувал на пријавителката. Во 2008 година поведена била постапка пред Европскиот суд. Откако судот бил извесетен дека турските власти не преземаат мерки за заштита на подносителката и по барањето информации, биле преземени соодветни мерки и бил издаден налог за апсење на сторителот. [437]

Во одлуката ЕСЧП утврдил повреда на Чл.2 в. в. Чл.3 [438] и Чл.14 од Конвенцијата, зашто било повредено правото на живот и забраната за мачење и понижувачко постапување кон подносителката и нејзината мајка, што претставувало и дискриминација. Одлуката се повикува на Општата препорака 19 од 1992 година на Комитетот за укинување на сите облици на дискриминација на жените (CEDAW). Судот јасно укажал дека турскиот правосуден систем дозволил дискриминаторски однос спрема подносителката, утврдил дека се работи и за родово базирано насилство. Иако биле поднесени бројни пријави, полициските органи, обвинителството и судот имале сознание за однесувањето на сторителот, не презеле ефективни мерки за заштита на жртвите. Во ниту една ситуација не поставиле прашање зошто жените ги повлекуваат пријавите и дали биле присилени на тоа. За обидот за убиство во кој подносителката била избодена, на сторителот му била изречена парична казна од 385 евра, со можност за плаќање на осум рати, што очигледно го охрабрило сторителот да продолжи со закани и повредување на жртвите.

Судот утврдил дека Турција не ја исполнила својата позитивна обврска од Чл.2 од Конвенцијата, не го заштитила животот на подносителката и нејзината мајка, не воспоставила адекватна законска заштита, ниту пак ги применила постоечките заштитни механизми. Посебно е нагласено дека Турција неоправдано ги отфрлала сите кривични пријави со образложение дека се работи за семејни работи и државата не се меша во приватната сфера. Судот истакнал дека семејното насилство особено ги погодува жените,

[437] Член 5 став 1 од Опциониот протокол на Конвенцијата CEDAW: „1. Во секој момент по приемот на преставката, а пред донесување одлука, Комитетот може да поднесе до државата членка на која преставката се однесува барање за итно постапување, барање за преземање внатрешни мерки како би се избегнало настапување евентуално ненадоместлива штета по жртвата".

[438] Член 3 се однесува на забрана за мачење: „Никој не смее да биде подвргнат на мачење или нечовечко или понижувачко постапување или казнување" Конвенција за заштита на човековите права и основни слободи, достапно на: https://www.echr.coe.int/Documents/Convention_SRP.pdf, пристапено на: 17.10.2023.

а турскиот правосуден систем овозможил неповолна клима за процесуирање, казнување и спречување на оваа појава. Со оваа одлука е воведен уште еден стандард за постапување на државите членки, според кого, гонењето против сторителите треба да се води по службена должност, без оглед дали тие ја повлекле кривичната или прекршочната пријава. [439] Покрај тоа, судот констатирал дека во овој случај се работи за континуирано насилство и континуирано кршење на човековите права и го одбил приговорот на Турција за ненавремено поднесена претставка по рокот од шест месеци од правосилноста на одлуката. Јасно е дека турските органи делумно постапувале и ги процесуирале постапките, но не постапиле со должно внимание и не ја заштитиле подносителката и нејзината мајка. Државите немаат обврска да водат кривични постапки, но имаат обврска да водат кривични истраги од кои ќе зависи дали ќе се поведува кривично гонење. [440]

Статистичкиот извештај на СОС линијата КА - MER во Дијарбакар (местото каде живеела подносителката во периодот од 01.08.1997 година до 30.06.2007 година по водените интервјуа со 2484 жени покажал дека сите биле изложени на психичко насилство: 60% од нив на физичко насилство на возраст од 20 до 30 години; 57% од жртвите се мажени и повеќето се неписмени; 78% од нив се со курдско потекло; 91% се од Дијарбакар, и 85% од нив немаат извори на приходи.

Иако Турција направила реформи во правосудниот систем, со донесувањето на Законот бр. 4320 констатирано е дека правосудниот систем не реагира навремено и не ги казнува сторителите. Забележано е дека полициските службеници се труделе да ги убедат жртвите да се откажат од пријавите, судовите ги одолговлекуваат постапките поради вкоренететата традиција на толерирање семејно насилство. [441]

ЕСЧП во случајот Контрова против Словачка и Опуз против Турција, укажал на позитивната обврска на државите да го штитат основното право на живот на загрозените од насилство и кога сами ја повлекувале кривичната пријава. Ако државата не овозможи

[439] Во 11 земји членки на Советот на Европа, Албанија, Австрија, Босни и Херцеговина, Естонија, Грција, Италија, Полска, Португалија, Сан Марино, Шпанија и Швајцарија, органите се должни да го продолжат кривичното гонење и покрај тоа што жртвата ја повлекла пријавата.
[440] Mole N., Peykova, R., Насиље у породици, Преглед међународних стандарда и јуриспруденције Европског суда за људска права, Подгорица, 2019, стр. 30.
[441] Skinnider E., Qosaj M. A., Алат со ресурси за тужители и судии во борба против насилството врз жените и семејното насилство Совет на Европа, 2020, стр. 75.

заштита на жените од семејно насилство, тоа значи повреда на еднаквоста пред законот и посредно поттикнување на насилството.

Анџелика Камелија Балшан [442] со живеалиште во Петрошани (Романија) била во брак со Н. Ц. од 1979 година и со него имала четири деца. Во текот на 2007 година кога започнала бракоразводната парница, насилството кон неа и децата се интензивирало, а продолжило и по разводот. Апликантката била нападната и повредена осум пати, констатирано е во медицинската документација. Иако пријавувала во полициската станица, поднесувала претставки до раководителот на таа станица и поднесла кривични пријави, ниту една институција не презела мерки за нејзина заштита. Во три случаи обвинителството покренало постапка, но судот сметал дека сама го провоцирала насилството и сторителот бил ослободен од обвиненијата, а му биле изрекувани административни казни во висина од по 50 евра. Иако таа потенцирала дека се плаши за својот живот заради малтретирањето, судот никогаш не донесол одлука за изрекување заштитни мерки. Во останатите пет пријавени случаи не дошло до процесуирање. Апликацијата била разгледувана според член 3 (забрана на нечовечко и понижувачко постапување) и член 14 (забрана за дискриминација) во врска со член 3. Иако не било спорно дека апликантката била изложена на семејно насилство, полицијата и судовите сметале дека тоа не е доволно сериозно дело да се инкриминира. Од тие причини ЕСЧП утврдил дека национлната правна рамка на Романија не била ефикасна, а тоа не е во согласност со меѓународните стандарди за борба против насилството врз жените, посебно со меѓународните стандарди за борба против семејното насилство. Судот утврди дека државата не и обезбедила соодветна заштита што е во спротивност со член 3. При одлучувањето од страна на судот, биле земени предвид официјалните статистички податоци, според кои семејното насилство во Романија се толерира и е прифатено како нормално од страна на мнозинството граѓани. Пасивноста на системот е оценета како дискриминаторска кон г-ѓа Балшан како жена, а насилството на кое била изложена е родово засновано насилство, што всушност претставува облик на дискриминација врз жените. Неказнувањето на насилниците и недостатокот на соодветен одговор од страна на

[442]Бăлșан против Романија, пресуда од 23. маја 2017, представка бр. 49645/09, Bălșan v. Romania, judgment of 23 May 2017, application no. 49645/09, достапно на: https://www.juridice.ro/wp-content/uploads/2017/05/CASE-OF-BAL-AN-v.-ROMANIA.pdf, пристапено на 15.09.2023.

правосудниот систем е оценето како повреда на член 14 во врска со член 3 од Конвенцијата. [443]

Во случајот Тершана против Албанија ЕСЧП извршил интересна интерпретација на заштитниот аспект на одредбата од Чл.2 од Конвенцијата. [444] Подносителката се жалела дека домашните власти не успеале да ја заштитат од нападот на сопругот со киселина и дека не е спроведена итна и ефикасна истрага. Поради тоа што судот утврдил дека властите стекнале сознание за насилничката природа на напаѓачот и не можеле да преземат превентивни мерки, не утврдиле дека Албанија не успеала да ја заштити жртвата од напаѓачот. Но, затоа утврдиле дека државата не одговорила ефикасно по нападот и не успеала да ја утврди супстанцијата со која била нападната, па покрај очигледното родово базирано насилство, државата не ја водела истрагата со должно вниманиешто резултирало со нејзино запирање. Притоа е укажано од ЕСЧП на нужноста од адекватна, брза и ефикасна истрага согласно меѓунароните стандарди.

Апликантите М. и М. живееле во Задар, Хрватска. [445] Во 2001 година мајката склучила брак со И. М., а ќерката се родила во септември 2001 година Во бракоразводната парница судот го доделил старателството на таткото. Но, детето М. во февруари 2011 година доживело семејно насилство од таткото. Насилството било физичко и психичко. Физичкото било изразено со удирање по лицето и стегање за вратот, а психичкото било изразено со закани. Констатираните повреди укажувале дека тие биле нанесени со рака. Детето неколку пати пријавувало насилство од таткото иако се плашело од него поради сериозноста на заканите. Јавното обвинителство покренало кривична постапка поради нанесување телесни повреди, а пријавата поднесена од мајката за злоставување дете била отфрлена, поради немање доволно докази. Исто така граѓанскиот суд не ја променил одлуката за доделување дете, токму заради фактот дека немало докази за злоставување. Центарот за социјални работи наложил мерка за надзор врз вршењето на родителските

---

[443] Ibid.

[444] Во предметот Тершана против Албанија (жалба бр. 48756/14, 04.08.2020) Европскиот суд за човекови права едногласно утврди дека не дошло до повреда на член 2 (право на живот) од Европската конвенција за човекови права, како и дека дошло до повреда на член 2 од Конвенцијата (во делот на истрагата).

[445] The case M. and M. v. Croatia (application no. 10161/13) ECHR 268 (2015) 03.09.2015 достапна на https://hudoc.echr.coe.int/app/conversion/pdf/?library=ECHR&id=003-51603876379484&filename=Judgment%20M.%20and%20M.%20v.%20Croatia%20%20custody%20dispute%20and%20allegations%20of%20child%20abuse.pdf

права која траела од 2006 до 2014 година. Тој утврдил дека детето е трауматизирано од разделбата на родителите, но не и дека е злоставувано од таткото.

Апликацијата била поднесена поради повреда на член 3 (забрана на нечовечко или понижувачко постапување) и член 8 (право на почитување на приватниот и семејниот живот). Судот сметал дека жалбените наводи за повреда на Чл.8 се апсорбирани во жалбените основи за повреда на Чл.3 и утврдил повреда на позитивната обврска на државата за заштита на жртвата од насилство и идно злоставување. Постапката траела долго и не била ефикасна. Поради бројните институционалнои мерки за проучување на случајот не е утврдена повреда на Чл.3 од Конвенцијата. Детето почнало да се самоповредува, а институциите не го забрзале процесот на одлучување. Но, поради одолговлекувањето на постапката, несослушувањето на детето и поради тоа што не била почитувана волјата на детето да живее со мајката, судот утврдил дека било повредено правото на личен и семеен живот и констатирал повреда на Чл.8 од Конвенцијата.

Европскиот суд за човекови права констатира повреда на Член 2 од Конвенцијата (право на живот) и во случајот Бранко Томашевиќ и д-р против Хрватска од 15 јануари 2009.[446] Откако таткото бил пуштен од издржување казна затвор поради закани дека ќе ги лиши од живот членовите на своето семејство, ги убил жената и детето, па извршил самоубиство. Иако требало да продолжи со психијатриски третман, по издржувањето на затворската казна, второстепениот суд уважувајќи му ја жалбата, овозможил да ги убие своите најблиски. Европскиот суд за човекови права во овој случај утврдил повреда на Член 2 од Конвенцијата, зашто иако на државата ѝ било познато дека на убиените им се заканува опасност за животот, не спровела ефективна истрага и не презела адекватни мерки да ја спречи смртта на детето и мајката. Судот нашол низа пропусти при извршувањето на казната и на психијатрискиот третман, а интересно е тоа што со оваа одлука укажал на потребата од стандардот на превентивно дејствување на државата, вклучувајќи и неопходен медицинско - психијатриски третман како адекватен одговор на проблемот со семејното насилство.

---

[446] Бранко Томашевић и остали против Хрватске, пресуда од 15. јануара 2009, представка бр. 46598/06, Branko Tomasevic and Others v. Croatia, Judgment of 15 January 2009, Application no. 46598/06, достапно на: https://hudoc.echr.coe.int/fre#{%22itemid%22: [%22002-1695%22]}, пристапено на 19.09.2023 г.

Постапувајќи по предметот Талпис против Италија[447] ЕСЧП заседе став со кого потврди дека семејното насилство е посебен вид казниво однесување. Во овој случај настапи смрт на синот на пријавителката, а имало и обид за нејзино убиство. Слично како во случајот Опуз против Турција, [448] италијанските власти ја потцениле опасноста од семејно насилство, игнорирајќи ги пријавите што на крајот резултирало со неказнивост на сторителот и смрт на синот на подносителката. Таа долго време со своите деца живеела во услови на насилство кои се квалификуваат како нечовечки и понижувачки третман со пасивност на правосудниот систем. По повеќе закани со оружје од страна на сопругот, со нож бил избоден нивниот син. Карактеристично за овој случај е што од првата пријава од јуни 2012 година до последниот напад во јануари 2013 година. изминало подолго време што било причина еден од судиите[449] да го издвои своето мислење, зашто сметал дека поради текот на времето, на државата не можело да ѝ се припише дека знаела за непосредната опасност за животот на подносителката и нејзиниот син и не презела соодветни дејствија за заштита.

Ваквото постапување ЕСЧП го оценува како повреда на Член. 2, Член 3 и Чллен 14 од Конвенцијата. Пасивноста на правосудниот систем кој ја потценувал опасноста за нејзиниот и животот на децата, во оваа одлука е оценета како дискриминација кон жена. Со неа е проширено важењето на стандардите воведени со одлуката Опуз против Турција и се потенцираат превентивно - позитивните мерки кои државата е должна да ги презема со цел сузбивање на насилството и опасноста од неказнување како извор на семејно насилство.

---

[447] Талпис против Италија, пресуда од 2. мар 2017, представка бр. 41237/14, Talpis v. Italy, judgment of 2 March 2017, application no. 41237/14, достапно на: https://rm.coe.int/090000168088f2cb, пристапено на 19.09.2023 г.

[448] CASE OF OPUZ v. TURKEY (Application no. 33401/02), достапно на: https://www.legislationline.org/download/id/2946/file/OPUZ%20v%20Trukey%20June%202009.pdf, пристапено 11.10.2023.

[449] PARTLY DISSENTING OPINION OF JUDGE SPANO, II-15 „In short, the doctrine of positive obligations cannot remedy all human rights violations occurring in the private sphere if due process considerations, also worthy of Convention protection, are not to be rendered obsolete. In other words, it is true that the States are under a Convention-based positive obligation effectively to combat domestic violence. But that fight, like any other campaign by Government to safeguard the lives and protect the physical integrity of its citizens, must be fought within the boundaries of the law, not outside them."

Во случајот Е.С. против Словачка[450] ЕСЧП, Е.С. укажал на потребата од итна и моментална помош на жртвите на семејно насилство и зајакнување на материјалните капацитети на државата поради пружање ефикасна заштита. Подносителот на претставката во септември 2009 година поднела кривична пријава против сопругот поради злоставување врз неа и врз трите деца и поради сексуално насилство врз едната ќерка. Барањето за напуштање на домот на насилникот поднесено од апликантот било одбиено, па таа била принудена да го напушти домот. Тоа резултирало со потреба од менување на училиштето во кое учеле децата, но и фактички полоши услови за живот. Процедурата за развод траела до 2002 година кога таткото го напуштил домот. Судот утврдил процедурална повреда на Член 3 од Конвенцијата и укажал на обврската и значењето од ефективна заштита и обезбедување материјални и социјални услови од државата како стандард за заштита од насилство.

Д.М.Д. во октомври 2017 година покренала постапка против Романија, [451] заради злоставување од својот татко. По измачувачката истражна и судска постапка која трела повеќе од осум години, судот утврдил дека жртвата била изложена на психичко и физичко насилство. ЕСЧП утврдил повреда на Член 3 од Конвенцијата, зашто истрагата траела премногу долго и имала многу недостатоци. Оваа одлука укажува на обврската на договорните страни на Конвенцијата на постоење адекватна законска рамка за заштита на детското достоинство. Утврдена е повреда на Член 6 ст. 1 од Конвенцијата, зашто судовите не утврдиле надоместок на штета иако постоела задолжителна законска обврска и во случај малолетниот да не поднесол имотно правно барање. Пресудата на ЕСЧП во овој случај е исчекор во јуриспруденцијата на судот за комплетирање на правната заштита на малолетните жртви.

Бугарската државјанка Валентина Бевацка[452] во 1995 година склучила брак со Г.Н. со кого имала дете родено во 1997 година. Поради влошените семејни односи во 2000 година

---

[450]Е. С. и д-р против Словачка, пресуда од 15. септември 2009, представка бр. 8227/04, E. S. and Others v. Slovakia, judgment of 15 September 2009, application no. 8227/04

[451]Д. М. Д. против Романија, пресуда од 3. октобра 2017, представка бр. 23022/13, D. M. D. v. Romania, judgment of 3 October 2017, application no. 23022/13, достапно на: https://archive.crin.org/en/library/legal-database/dmd-v-romania.html, пристапено на 18.09.2023.

[452]Преставка бр. 71127/01, 2008 CASE OF BEVACQUA AND S. v. BULGARIA (Applicationno.71127/01), достапно на: http://hrlibrary.umn.edu/research/bulgaria/BEVACQUA.pdf, пристапено на 12.09.2023 г.

ја напуштила брачната заедница и се преселила кај своите родители. Истовремено поднела тужба за развод на бракот и привремно старателство врз детето. Постапката за развод пред Окружниот суд во Софија започнала, а привремената мерка за старателство не била процесуирана повеќе од шест месеци. Детето било задржано од сопругот, а подносителката успеала да го земе од градинка. Нејзиниот сопруг насилно влегол во домот на нејзините родители, ја удрил и го грабнал детето. Со помош на невладина организација, поминала неколку дена во засолниште во Бургас, но поради поделеното старателство била предупредена дека кривично ќе одговара ако не овозможува средби меѓу детето и таткото. Одлуката за поделено старателство не ја почитувал сопругот, па поднесла кривична пријава против него. Тоа било причинна да се зголеми насилството од сопругот врз неа. Одлуката за доделување на детето била донесена од судот заедно со пресудата за развод. Кривичната постапка не била поведена со образложение дека повредите кои ги претрпела не биле од таков карактер за да се води постапка ex officio, па била упатена да поведе приватна кривична тужба.

ЕСЧП констатира дека Окружниот суд во Софија не дал приоритет на постапувањето за привремената мерка за привремено старателство поднесена од апликантот и го игнорирал шест месеци. Судот постојано ги одложувал расправите, не носел одлука и овозможувал тужениот да ги злоупотребува процесните овластувања. Тоа пак се рефлектирало врз психичкиот и телесниот интегритет на детето и мајката. Преземените мерки од полициските и другите надлежни органи за гонење не биле ефикасни. Ставот дека се работи за „приватна работа” заземен од страна судот е оценет како повреда на уживањето на правата на подносителите на апликацијата од Чл.8 од Конвенцијата за заштита на човековите права и основни слободи (право на почитување на семејниот живот). Овој случај е еден од првите каде проблемот на насилство во семејството е доведен во контекст со заштита на приватниот и семејниот живот и позитивните обврски на државата да го заштити физичкиот и психичкиот интегритет на личноста, особено во случај на „понизок праг на суровост” на насилството.

Случајот Хајдуова против Словачка[453] од 30 ноември 2010 година укажува на позитивните обврски на државата од Член 8 од Конвенцијата. Подносителот на апликацијата се жалел на неизвршување на законските обврски од страна на словачките власти по правосилната пресуда за семејно насилство. Бившиот сопруг на подносителот не бил подвргнат на задолжителен психијатриски третман во установа од затворен тип. И по донесувањето на пресудата, бившиот сопруг на апликантот продолжил со заканите, кои не ги остварил. Но, тоа било доволна причина судот да утврди повреда на Чл.8 од Конвенцијата и да препорача воведување превентивни мерки од страна на државата за заштита на физичкиот и психичкиот интегритет на жртвите од непреземање медицинско - психијатриски мерки кон сторителите.

Одлуката донесена од ЕСЧП во случајот Ј. С. против Обединетото кралство од 13.03.2012 година со која е одбиена апликацијата поднесена поради повреда на Член 8 од Конвенцијата (право на семеен живот), укажува дека правото на детето да живее во здрава и безбедна средина е издигнато пред правото на родителите на семеен живот со детето. Тоа се причините со кои се водел судот при донесувањето на одлуката за одземање на родителското право на родителите, и одлучил детето да биде посвоено и покрај тоа што има двајца родители, кои заради употреба на алкохол создале небезбедна атмосфера за раст и развој на детето, а ги прифатил и ЕСЧП. Најдобриот интерес на детето да одржи контакт со семејството во случајов е подреден на интересот на детето на растење во безбедна средина.

ЕСЧП утврди повреда на Член 3, Член 8 и Член 14 в. в. со Член 8 од Конвенцијата, во случајот Еремија и други, против Молдавија.[454] Подносителот на апликацијата и нејзините две ќерки се жалеле дека молдавските власти пропуштиле да ги заштитат од насилство и злоставување од нивниот сопруг и татко кој бил полициски офицер. И покрај сознанието дека сопругата е изложена на континуирано насилство, властите не презеле ефикасни мерки против насилникот што претставува повреда на Чл.3 од Конвенцијата. Во

[453] Хајдуова против Словачка, пресуда од 30. Ноември 2010, представка бр. 2660/03, Hajduova v. Slovakia, judgment of 30 November 2010, application no. 2660/03, достапнп на: https://rm.coe.int/CoERMPublicCommonSearchServices/DisplayDCTMContent?documentId=09000016805a32b0, пристапено на 12.09.2023.

[454] Еремиа и д-рпротив Република Молдавија, пресуда од 28.мај 2013, представка бр. 3564/11, Eremia and Others v. the Republic of Moldova, judgment of 28 May 2013, application no. 3564/11, достапно на: https://rm.coe.int/16805a32af, пристапено на15.09.2023.

однос на ќерките кои трпеле психолошко насилство ЕСЧП утврдил повреда на Чл.8 од Конвенцијата зашто не биле преземени ефикасни мерки за спречување на повторувањето на насилството. Поради тоа што властите во Молдавија повеќе пати практично го простувале насилството и не презеле ништо да се спречи, не ја процениле сериозноста на проблемот, ЕСЧП утврди дискриминација на подносителот на апликацијата спрема жената. При одлучувањето земени се во вид извештаите на Специјалниот известувач на ООН за насилството врз жените, причините и последиците и е оценето дека семејното насилство е системски проблем и за справување со него е потребна комплексна акција од целото општетство.

Во случајот Левчук, против Украина, од 3 септември 2020 година[455] е поднесена претставка поради донесената одлука на украинските судови да го одбијат барањето за иселување на сопругот и татко на децата поради опасност од семејно насилство и вознемирување. Судските одлуки изобилувале со формализам, а во суштитна не овозможиле ефективна заштита на подносителот на преставката. ЕСЧП констатира повреда на Чл.8 од Конвенцијата поради тоа што граѓанските судови во Украина не извршиле сеопфатна анализа на фактите од барањето во согласност со позитивната обврска на државата да овозможи заштита на сопругата и децата. Постапката во трите инстанци траела повеќе од две години, а судот не нашол правична рамнотежа меѓу барањето на подносителот и опасноста од насилство. Се препорачува превентивна акција на државните органи и потреба од воведување правно - социјална анализа заради заштита од насилство и вознемирување.

Во случајот Володина против Русија, од 9 јули 2019 година, ЕСЧП [456] утврди дека руските власти не ја заштитиле од насилство подносителката на апликацијата. Иако била изложена на повеќекратно физичко и психичко насилство: напади, демнење, киднапирање, закани со смрт од нејзиниот сопруг и многу пати пријавувала, руските власти не ѝ

[455] Cases of the European Court of Human Rights Significant for European Integration of Ukraine: Levchuk v. Ukraine, Judgment of 3 September 2020 (Final on 3 December 2020): Case Commentary достапен на https://www.researchgate.net/publication/349851228_Cases_of_the_European_Court_of_Human_Rights_Significant_for_European_Integration_of_Ukraine_Levchuk_v_Ukraine_Judgment_of_3_September_2020_Final_on_3_December_2020_Case_Commentary

[456] CASE OF VOLODINA v. RUSSIA (Application no. 41261/17) од 9 јули 2019 г., достапен на https://hudoc.echr.coe.int/eng?i=001-194321

овозможиле адекватна заштита. Апликацијата се темели на тврдење дека правната рамка за заштита од семејно насилство во Русија не е сообразена со меѓународните норми. ЕСЧП утврдил повреда на Чл.3 од Конвенцијата, но, и на Член 14 в. в. со Член 3. Причината за тоа е што рускиот правен систем не содржел соодветен концепт за заштита од семејно насилство, во него не постои институтот забрана за приближување и заштитни налози и наредби, па Русија несоодветно се справува со проблемот на семејно насилство со дискриминаторски став кон жените.

Опасноста демне и внатре и надвор од домашните врати и често трагично завршува. Препораките на ЕСЧП се државите да ги почитуваат воспоставените меѓународни стандарди при справувањето со семејното насилство. Насилството има тенденција на повторување, но, со засилен набој и во повеќе облици. Секое толерирање на насилникот и негово несанкционирање нему му дава стимуланс да биде поистраен и пожесток во наредните случаи на насилство. Несанкционирањето жртвата ја прави многу послаба поради тоа што не е заштитена. Кога државата нема да успее да ги заштити жртвите од семејно насилство, се повредува правото на еднаквост и тогаш кога пропустот не бил намерен. Востановениот начин на постапување во полициските станици, Центрите за социјална работа, па дури и судовите тешко се менува. Истражувањата покажуваат дека и по воведувањето позитивни обврски и прилагодувањето на законската рамка на државата, треба да измине одреден период на приспособување и постапување според новите принципи. Голема е можноста за дискриминаторскиот став на сите институции, посебно кон жените да опстанат во иднина, а за тоа придонесува и традиционалниот менатален склоп. Во однос на третманот на жртвите на насилство, вклучително и насилството врз жените, важно е да се истакне дека Европската Унија ја донесе Директивата 2012/29/ЕУ [457] за утврдување минимални стандарди за правата, поддршката и заштитата на жртвите на криминал и замена на Рамковната одлука на Советот[458] за утврдување минимални стандарди за правата, поддршката и заштитата на жртвите на кривични дела која е обврзувачка само за земјите - членки на ЕУ. Главната цел на Директивата за правата на

[457]Директива 2012/29 / ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 25 октомври 2012 година.
[458]DIRECTIVE 2012/29/EU OF THE EUROPEAN PARLIAMENT AND OF THE COUNCIL, establishing minimum standards on the rights, support and protection of victims of crime, and replacing Council Framework Decision 2001/220/JHA, достапно на: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/en/TXT/?uri=CELEX%3A32012L0029, стр. 57-73.

жртвите е решавање на потребите на жртвата на индивидуален начин. Затоа тежнеењето за пристапување кон ЕУ бара и приспособување на домашното законодавство кон неговите процедурални правила и законски норми.

Истражувањето „Дали правдата ги изневери жените што преживеале насилство?”, [459] анализирајќи ги состојбите за реално справување со семејното насилство, утврди дека во сите земји не постои јасен и ефикасен институционален систем на координација и следење на одделни случаи и образец за проценка на ризик за случаи на насилство врз жените.

[459]Истражувањето е спроведено од Центарот за женски права од Босна и Херцеговина, во соработка со Аналитика, во рамките на регионалната програма на ООН Жени (UN Women) за запирање на насилството врз жените во Западен Балкан и Турција: „Примена на нормите, промена на ставовите”, финансирано од Европската унија, ноември 2019 година. (https://cenppz.org.ba/wp-content/uploads/2020/05/Integral-Regional-study_Centar-zenskih-prava.pdf) спроведено во Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Северна Македонија, Србија и Турција

# ГЛАВА VIII: АНАЛИЗА НА НАЈЗНАЧАЈНИТЕ ПРЕСУДИ НА ЕСЧП ПРОТИВ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) од почетокот на работата до крајот на 2021 година има донесено 1150 пресуди во врска со земјите од Западен Балкан, од кои 185 се против Северна Македонија, покажува анализата на судската пракса на ЕСЧП во однос на земјите од Западен Балкан [460] објавена во „Правна хроника”.

За научното истражување на овој труд од интерес е анализата на случајот „Митови против РСМ” во кој е донесена пресуда од 16.04.2015 година [461] против Република Северна Македонија. Постапката е поведена од Марјан, Цвета и Денчо Митови. Жалбата се повикува на повреда на член 6, 8 и 13 од Конвенцијата со образложение дека жалителите биле лишени од правото да контактираат со М. М. (ќерка на првиот жалител), а внука на другите жалители и покрај решенијата донесени од страна на Центарот за социјални работи. Првиот жалител и неговата сопруга добиле ќерка која се родила во Австралија, во 2010 година. Поради нарушени брачни односи, наредната година се вратиле во РСМ. Сопругата започнала бракоразводна парница, а жалителот зел неплатен одмор од работа за да контактира со својата ќерка. Во декември 2011 година, тој повел постапка за уредување на родителските права кај надлежниот Центар за социјални работи во Скопје, кој во јануари 2012 година донел одлука за привремено старателство на мајката врз ќерката. Истовремено било одлучено, таткото да остварува средби со детето два пати месечно по еден час во просториите на ЦСР, каде мајката била задолжена да го носи детето. Во периодот до април 2012 година жалителот остварил само една средба со детето. Неговата жалба била усвоена и предметот вратен на повторно одлучување на првостепениот орган. Бракот бил разведен во мај истата година. Таткото побарал со ново решение да се уредат средбите со детето. Центарот за социјални работи одлучил таткото

[460] „Правна хроника”, стручно списание издадено од Високиот судски и обвинителски совет на Босна и Херцеговина и АИРЕ центарот за Западен Балкан

[461] СЛУЧАЈ МИТОВИ против РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (Жалба бр.53565/13) ПРЕСУДА СТРАЗБУР 16 април 2015 достапна на:
https://biroescp.gov.mk/%d0%bf%d1%80%d0%b5%d1%81%d1%83%d0%b4%d0%b8-%d0%b8-d0%be%d0%b4%d0%bb%d1%83%d0%ba%d0%b8-%d0%bd%d0%b0-%d1%80%d0%bc/%d0%bc%d0%b8%d1%82%d0%be%d0%b2%d0%b8-%d0%bf%d1%80%d0%be%d1%82%d0%b8%d0%b2-%d1%80%d0%b5%d0%bf%d1%83%d0%b1%d0%bb%d0%b8%d0%ba%d0%b0-%d0%bc%d0%b0%d0%ba%d0%b5%d0%b4%d0%be%d0%bd%d0%b8%d1%98%d0%b0 -%d0%bf/

да има средби со детето четири пати месечно без надзор на Центарот, а мајката била задолжена да го почитува решението. Но, жалителот до октомври 2012 година не остварил средба со детето ниту еднаш, а таа година и се вратил во Австралија. Наредната година жалителот планирал да престојува во Македонија и побарал Центарот повторно да ги регулира средбите со детето. Во јуни 2013 година било донесено решение за остварување средби два пати месечно во траење од по осум часа. Но, мајката не постапувала според задолжението. Таткото барал Центарот да преземе дејствија за спроведување и за извршување на решението и оттаму бил известен дека надлежноста за спроведување и за извршување на решението од Центарот е во рамките на Министерството за правда. Но, и Министерството за правда одговорило дека нема таква надлежност. Иако мајката изјавувала дека нема да ги почитува решенијата на Центарот, барањето на жалителот за привремено старателство врз детето било одбиено со образложение дека тоа негативно ќе се одразело врз емоционалниот развој на детето и ќе предизвикало стрес поради одделување од дотогашната средина. Во 2014 година жалителот побарал да биде донесено ново решение за остварување средби со детето и Центарот одлучил таткото со детето да остварува пет средби месечно во траење од еден час во просториите на Центарот.

Во текот на 2012 година вториот и третиот жалител побарале од Центарот да ги уреди нивните права на видување со внуката, па барањето било усвоено и во него било определено дека секоја неодржана средба ќе се надомести. За жал, мајката не дозволила да се оствари ниту една средба. Жалителите биле упатени да го посетат Првиот семеен центар во Скопје, кој одговорил дека нема потреба тие да посетуваат семеен центар надлежен за работа со семејно насилство.

Од страна на првиот жалител и Центарот биле поднесени кривични пријави против J. C. M., а во декември 2014 година првостепениот суд ја огласил J. C. M. за виновна за грабнување на малолетник.

ЕСЧП го разгледа случајот само по Член 8 од Конвенцијата во поглед на позитивните обврски на државата во сферата на семејниот живот. [462] Судот укажува дека

[462] Членот 8 од Конвенцијата гласи: Член 8 “ 1. Секој има право на почитување на неговиот приватен и семеен живот, домот и преписката. 2. Нема да постои никакво мешање од страна на јавната власт при остварувањето на ова право, освен во согласност со законот и доколку е тоа неопходно во едно демократско општество за заштита на националната безбедност, јавната сигурност или економската благосостојба во

може да постојат позитивни обврски кои се својствени за ефективното „почитување” на семејниот живот. Родителите имаат право да бидат во контакт со нивните деца и обврска е на институциите тоа да го овозможат и во случаите кога постои конфликт меѓу двајцата родители и спор околу средбите со децата помеѓу родителите и/или други членови на семејството на детето. [463]

Обврската на домашните органи е да преземаат мерки за овозможување на контакти на родителот кој нема старателство, а адекватноста на мерката се гледа од брзината на нејзиното имплементирање.

Во овој спор против РСМ ЕСЧП утврдил дека властите не презеле никакви мерки за извршување на решенијата на Центарот за социјални работи, а таткото, бабата и дедото биле оневозможени да остварат средби со детето. Судот утврдил дека домашните органи не успеале да направат соодветни и ефективни напори за извршување на правата на жалителите во поглед на нивниот семеен живот, кој е гарантиран со членот 8 од Конвенцијата.

Понатаму жалбата се повикува дека странките немале на располагање ефикасен правен лек и не постоел орган за извршување на одлуките на Центарот за социјални работи. [464] Правниот лек кој го бара членот 13 мора да биде „ефикасен” и во праксата и во правото, особено во смисла дека неговото извршување не смее да биде неоправдано попречено со сторување или несторување од страна на властите на тужената држава. [465] Судот смета дека жалителите немале ефикасен правен лек во врска со нивните жалби според Член 8 од Конвенцијата, па поради тоа има повреда на член 13 во врска со член 8 од Конвенцијата.

Уште еден процес против Република Северна Македонија со голема медиумска покриеност беше предмет на опсервација на ЕСЧП (Митрова и Савиќ против

земјата, за спречување на немири или извршување на кривично дело, за заштита на здравјето и моралот, или за заштита на правата и слободите на другите”.

[463] Види Mihailova v. Bulgaria, бр.35978/02, § 80, 12 јануари, 2006; Iglesias Gil and A.U.I. v. Spain, бр.56673/00, § 49, ECHR 2003-V; Nuutinen v. Finland, бр.32842/96, § 127, ECHR 2000-VIII; и Ignaccolo-Zenide v. Romania, бр.31679/96, § 94, ECHR 2000-I.

[464] Види случај Митови против РМ.

[465] Види De Souza Ribeiro v. France [GC], бр.22689/07, § 78 и 80, ECHR 2012.

Македонија).[466] Првата жалителка е мајка на втората жалителка. Таа е родена во февруари 2007 година, а бракот на нејзините родители бил разведен од Основниот суд во Гевгелија во мај истата година. Со одлуката за развод, детето било доделено на мајката. Врз основа на барање на таткото, Центарот одредил средби со детето. Првата жалителка одбивала да ги овозможи средбите меѓу таткото и ќерката. Биле доносени неколку решенија за остварување на средби кои таа не ги почитувала. Заради тоа обвинителството повело кривична постапка против неа во која била осудена и ѝ била изречена условна осуда за кривично дело „Одземање малолетник" од Член 198 став 1 од Кривичниот законик. Мајката и понатаму ги спречувала средбите меѓу таткото и ќерката и за тоа била повторно осудена со истата казна и ѝ било наредено да ги овозможи средбите со таткото. Во наредниот период повторно жалителот не ги почитувала одлуките на Центарот, па во третата кривична постапка била осудена на казна затвор во траење од 3 месеци и неа ја издржала. Во периодот кога ја изджувала затворската казна од јули до октомври 2009 година, таткото повел судска постапка за промена на пресудата за старателство врз втората жалителка. Првостепениот суд одлучил детето да биде доделено на таткото, но по жалба предметот бил вратен на првостепениот суд на повторно одлучување. Во повторената постапка било одлучено старателството да остане на мајката. Пресудата била потврдена од Апелациониот суд Скопје. По ревизија поднесена од таткото, Врховниот суд ги преиначил првостепената и второстепената пресуда и одлучил старателството да го додели на таткото.

Најдобрите интереси на детето наспроти оние на родителите мора да бидат примарни при одлучувањето – утврдува судот во својата одлука. Бидејќи судот утврдил дека државните институции постапувале разумно, внимателно и со добри намериво поглед на правото на жалителите на семеен живот, ЕСЧП не утврди повреда на правата на жалителите на нивниот семеен живот според Членот 8 од Конвенцијата.

---

466 МИТРОВА И САВИЌ ПРОТИВ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (Жалба бр. 42534/09) ПРЕСУДА СТРАЗБУР 11 февруари 2016 достапно на: https://biroescp.gov.mk/wp-content/uploads/2016/12/%D0%9C%D0%98%D0%A2%D0%A0%D0%9E%D0%92%D0%90 -%D0%98 -%D0%A1%D0%90%D0%92%D0%98%D0%8C -%D0%BF%D1%80%D0%BE%D1%82%D0%B8%D0%B2 -%D0%A0%D0%95%D0%9F%D0%A3%D0%91%D0%9B%D0%98%D0%9A%D0%90 -%D0%9C%D0%90%D0%9A%D0%95%D0%94%D0%9E%D0%9D%D0%98%D0%88%D0%90 -%D0%9F%D1%80%D0%B5%D1%81%D1%83%D0%B4%D0%B0.pdf

На 16.01.2020 година ЕСЧП ја донесе пресудата во предметот Олури против Република Северна Македонија.[467] Апликантот Валбона Олури од Ресен во вонбрачната заедница со Е. на 11.12.2014 година родила женско дете. Во март 2015 година нивната заедница била прекината и таа се вратила кај своите родители во Ресен. Детето останало во домот на таткото. На 20.07.2015 година Меѓуопштинскиот центар за социјални работи во П. со решение кое станало конечно и извршно на 08.08.2015 година ѝ го доверил детето на апликантката, а со друго решение ги уредил средбите на таткото и детето. Бидејќи таткото не постапил според решението, апликантката барала од Центарот да го спроведе решението. Центарот започнал да го повикува Е. од 10.09.2015 година до мај 2018 година. Иако Центарот го предупредувал Е. дека ќе биде поведена кривична постапка против него, обидите да се одземе детето од него останувале неуспешни. На 29.09.2015 година и на 08.11. 2016 година, овластени лица од Центарот го посетиле домот на Е. но тој одбивал да го предаде детето. На 18.11.2016 година, апликантката повторно побарала од Центарот да го изврши решението од 2015 година, но тој се огласил за ненадлежен за извршување на решението и ја упатил на Министерството за правда. Оттаму била известена дека надлежен орган за извршување на решението е Центарот. На 10 март и 11 април 2017 година, Центарот наредил Е. да биде под надзор во остварувањето на неговите родителски права и да го предаде детето. Во април и мај Центарот се обидел со асистенција на полиција да го земе детето, но и тоа било неуспешно. На 09.11.2017 година овластени лица на Центарот повторно неуспешно се обиделе да го земат детето.

Со пресуда од 08.11.2016 година, Е. бил осуден на казна затвор од шест месеци која немало да се спороведе на дело под услов детето да ѝ го врати на апликантката во рок од два месеци. На 02.03.2017 година судот ја отповикал условната казна на Е., со оглед дека тој не го вратил детето. Со судска одлука од 02.02.2018 година Е. бил ослободен од издржување казна согласно со Законот за амнестија (Службен Весник бр. 11/2018). Со пресуда од 12.03.2018 година Е. бил повторно осуден за одземање на малолетник и му била изречена шестмесечна условна казна затвор. Со судска одлука од 06.03.2019 година, барањето на апликанттот да се отповика условната осуда било одбиено.

[467]СЛУЧАЈ ОЛУРИ ПРОТИВ СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА (Жалба број 3368/18) ПРЕСУДА СТРАЗБУР 16 јануари 2020 достапна на: http://biroescp.gov.mk/wp-content/uploads/2020/01/Prevod-OLURI-v.-RSM-1.pdf

Во ноември 2018 година Центарот извршил преиначување на решението од 2015 година и му го доделил на таткото старателство врз детето. Бил изработен вешт наод според кој таткото добро се грижел за детето, а поради отсуство на контакти, детето не развило емотивна врска со мајката. Се појавила и јазична бариера меѓу нив, зашто детето зборувало само албански, а мајката турски и македонски јазик.

Апликацијата е поднесена поради долготрајно неизвршување на решението од 2015 година со кое ѝ била доверена нејзината ќерка и тоа резултирало со повреда на нејзиното право на почитување на нејзиниот семеен живот, загарантиран со членот 8 од Конвенцијата. [468]

Апликацијата се повикува на тоа дека апликантката немала на располагање ефективен правен лек во однос на таквата жалба со што е повреден Чл.13 од Конвенцијата. [469]

Решението за старателство останало неизвршено повеќе од три години и три месеци и покрај неуспешните обиди на жалителката за административно извршување на решението за старателство и кривичната осуда на таткото за „Одземање дете", како и изречената затворска казна од шест месеци која не била извршена.

И во случајот Олури како и во случајот Митови против Република Северна Македонија ЕСЧП најде повреда на Членот 8 и на Членот 13 во комбинација со членот 8 од Конвенцијата. Судот најпрво забележува дека решението од 2015 година било во сила повеќе од три години и три месеци и за тоа време останало неизвршено. Првично, во септември 2015 година Центарот испратил најмалку три писма до Е. и направил посета на неговиот дом. Во следните две години, до ноември 2018 година, Центарот не спровел ниту една значајна активност со цел да го изврши решението од 2015 година. Продолжил да испраќа писмени предупредувања до Е. и остварил неколку посети во неговата куќа кои

[468] Член 8 од Европската конвенција
1. Секој човек има право на почитување на неговиот приватен и семеен живот, домот и преписката.
2. Јавната власт не смее да се меша во остварувањето на ова право, освен ако тоа мешање е предвидено со закон и ако претставува мерка која е воинтерес на државната и јавната безбедност, економската благосостојба на земјата, заштитата на поредокот и спречувањето на кривични дела, заштитата на здравјето и моралот, или заштитата на правата и слободите на другите.
[469] Член 13 од Европската конвенција: „Секој човек, чии права и слободи признати со Конвенцијата, се нарушени има право на жалба пред националните власти, дури и тогаш кога повредата на овие права и слободи ја сториле лица при вршење на службена должност."

немале ефект. Само еднаш била побарана асистенција од полиција, но и тоа било безуспешно. Јасно кажувал дека нема да го почитува решението на Центарот, но не биле преземени никакви присилни мерки за извршување. Судот констатирал неадекватност на кривичната постапка за да се обезбеди извршување на решението за старателство. Во однос на правото на ефективен лек ЕСЧП забележал дека барањата на жалителката за извршување на решенијата на Центарот како и осудителната пресуда никогаш не биле извршени. Затоа судот одлучи дека апликантката немала ефективен правен лек во однос на нејзината жалба според Членот 8 од Конвенцијата, [470] а истовремено утврди повреда на Член 13 во врска со Член 8 од Конвенцијата.

Поради градење стратегија за извршување на пресудата, Митови против Република Северна Македонија, изготвен е Акциски план за изменување и дополнување на Законот за социјална заштита и на Законот за семејството. Комитетот на министри побарал и дополнителни информации во врска со прашањето кое тело може да прифати и ефикасно да постапува според жалбите за неизвршување на одлуките на ЦСР во врска со правото на контакт како и колкава е просечната должина на извршување на решенијата за контакт.

На покана од Советот на Европа тројцата експерти Д-р Марија - Андријани Костопулу, Д-р Мирјана Лазарова Трајковска и м-р Велимир Деловски изготвија анализа на меѓународните стандарди, националното законодавство и на релевантните административни и судски практики на државатасо цел поддршка за воведување законски измени во врска со правото на семеен живот во контекст на извршувањето на родителските права. [471]

ЕСЧП забележал дека ЦСР постапувал со одлагање по барањата на апликантите што се однесуваат на нивните права да имаат контакт со детето и не биле преземени мерки за извршување на овие решенија. [472, 473]

---

[470]Види случај Митови против РМ, § 76.

[471] Поддршка на властите во Република Северна Македонија во насока на оценка на законодавството и препораки за подобрување на правото на семеен живот во врска со извршувањето на пресудата на Европскиот суд за човекови права во случајот на Митови против Република Северна Македонија

[472]Митрова и Савиќ против Република Македонија [Mitrova and Savik v. „the former Yugoslav Republic of Macedonia" ], жалба бр. 42534/09, пресуда од 11 февруари 2016 година

[473]Олури против Република Северна Македонија [Oluri v. North Macedonia], жалба бр. 3368/18, пресуда од 16 јануари 2020 година

ЕСЧП укажал дека РСМ не доставила докази кој орган е надлежен за административно извршување на одлуките на Центарот за остварување средби меѓу родител и дете. Во двата случаи Центарот не презел ефикасни мерки за извршување на своите одлуки и се прогласувал за ненадлежен, префрлувајќи ја надлежноста за извршување на Министертсвото за правда. Центарот покажувал пасивност во својата работа во двата судски случаи. Судот забележал нејаснотија во поглед на тоа кое тело е надлежно за извршување на решенијата за доделување на детето и заклучил дека кривична постапка не е адекватна постапка за извршување на решението, туку се правело обид посредно да се изврши притисок со друг правен механизам против родителот кој не ги почитува одлуките на Центарот.

Конвенцијата за правата на детето на ООН, [474] го претставува најзначајниот универзален договор за заштита на правата на детето кон кој што има пристапено и РСМ. Во членот 3 став 1 е дефиниран „концептот за најдобар интерес на детето"и сите институции при водењето на постапката треба да се водат од него. Во случај на развод на родителите, детето има право да одржува лични контакти со двајцата (чл 9 ст. 3) како и со другите блиски роднини: баби, дедовци, браќа или сестри со кои детето било претходно поврзано (Член 10 ст. 2). Покрај тоа, според членот 12 од КПД, секое дете има право слободно да изрази волја со кој родител сака да живее по разделбата на неговите родители. За остварување на најдобриот интерес на децата треба да се цени итноста на постапувањето, употребата на санкции кон родителот кој не ги почитува одлуките за средби на другиот родител и оценка дали има долг период на неактивност на извршувањето на одлуките за средби со детето.

Во случајот Митрова и Савиќ против РСМ, ЕСЧП утврди дека санкцијата која ѝ била изречена на мајката по претходните осуди и казнување на условни казни затвор, поради нејзиното постојано попречување на таткото да го гледа детето. не го повредила Членот 8 од Конвенцијата. Согласно со претходно донесените одлуки на ЕСЧП [475] Красицки против

[474]Резолуција бр.44/25 од 20.11.1989 година, ратификувана од РСМ во 1993 година

[475]European Court of Human Rights (17254/11)-Court (Fourth Section)-Judgment (Merits and Just Satisfaction)- CASE OF KRASICKI v. POLAND FOURTH SECTION CASE OF KRASICKI v. POLAND *(Application no. 17254/11)* JUDGMENT STRASBOURG 15 April 2014 достапна на: https://www.stradalex.eu/en/se_src_publ_jur_eur_cedh/document/echr_17254-11, параграф 96.

Полска и Михаилова против Бугарија. [476] Овој пат судот се водел од „најдобрите интереси на детето" определени во решенијата на Центарот за социјална работи.

Професорката Елена Игнатовска смета дека македонското законодавство треба сериозно да размисли за промена на Законот за семејството и воведување „заедничко" ' наместо единствено старателство по прекин на врската на родителите независно дали била брачна или вонбрачна. Начелата на европското семејно право кои се однесуваат на родителските одговпрности е пракса на повеќето земји членки на Советот на Европа. [477]

Независните експерти д-р Марија - Андријани Костопулу, д-р Мирјана Лазарова Трајковска, м-р Велимир Деловски изработија анализа [478] во која проучија 29 решенија на ЦСР и 25 решенија на МТСП, 17 пресуди на Управниот и 23 пресуди на Вишиот управен суд, 78 пресуди на судовите во граѓански предмети и 68 пресуди на судовите во кривични предмети.

Тие ги идентификуваа следните моменти и предизвици во врска со праксата на ЦСР, МТСП, Управниот и Вишиот управен суд:

- недостаток на индивидуализација и користење на општи формулации во образложенијата на решенијата на ЦСР наспроти потребата од индивидуализирана евалуација на околностите во даден случај, вклучително и кога се одлучува да се намалат или да се одбијат барањата или да се зголемат контактите на родителот со детето;

---

[476]CASE OF MIHAYLOVA AND MALINOVA v. BULGARIA (Application no. 36613/08) JUDGMENT This version was rectified on 21 April 2015 under Rule 81 of the Rules of the Court. STRASBOURG 24 February 2015 достапна на : https://hudoc.echr.coe.int/app/conversion/pdf/?library=ECHR&id=001-152422&filename=001-152422.pdf&TID=ihgdqbxnfi, параграф 98.

[477] Игновска Е., Судски постапки во семејни спорови во кои се засегнати права и интереси на деца, Годишник на Правниот Факултет „Јустинијан Први" во Скопје, 2023, стр. 342.

[478] „Поддршка на властите во Република Северна Македонија во насока на оценка на законодавството и препораки за подобрување на правото на семеен живот во врска со извршувањето на пресудата на Европскиот суд за човекови права во случајот на Митови против Република Северна Македонија" достапна на:
https://jpacademy.gov.mk/wp-content/uploads/filr/5693/%D0%9F%D0%BE%D0%B4%D0%B4%D1%80%D1%88%D0%BA%D0%B0%20%D0%BD%D0%B0%20%D0%B2%D0%BB%D0%B0%D1%81%D1%82%D0%B8%D1%82%D0%B5%20%D0%B2%D0%BE%20%D0%A0%D0%A1%D0%9C%20%D0%B2%D0%BE%20%D0%BD%D0%B0%D1%81%D0%BE%D0%BA%D0%B0%20%D0%BD%D0%B0%20%D0%BE%D1%86%D0%B5%D0%BD%D0%BA%D0%B0%20%D0%BD%D0%B0%20%D0%B7%D0%B0%D0%BA%D0%BE%D0%BD%D0%BE%D0%B4%D0%B0%D0%B2%D1%81%D1%82%D0%B2%D0%BE%D1%82%D0%BE%20%D0%B8%20%D0%BF%D1%80%D0%B5%D0%BF%D0%BE%D1%80%D0%B0%D0%BA%D0%B8.pdf, стр. 34 – 35.

- недоволно образложение од страна на ЦСР на решенијата во однос на барањата за поголем број видувања на родителот кој живее во странство додека престојува во земјата, како и на родителот кој по извесно време поминато во странство се вратил во земјата;
- недоволно земање предвид на околноста дека родителот не се придржувал кон решението на ЦСР или ги злоупотребувал неговите родителски права, или дека тој бил сторител на семејно насилство или осуден за „Одземање дете” при одлучувањето за одобрување на видувања на тој родител;
- во решенијата на МТСП недостига индивидуализирана евалуација на сите околности во контекст на дадениот случај наспроти општите формулации кои се користат во образложението во насока на потврдување на веќе донесените првостепени решенија на управните органи;
- Управниот суд и Вишиот управен суд многу често се потпираат врз одлуките на ЦСР и МТСП, а Вишиот управен суд и врз одлуката на Управниот суд и избегнуваат потемелно преиспитување на исправноста на донесените одлуки од аспект на осигурувањето на правото на родителот да остварува непречени лични односи и непосредни контакти со детето со кое не живее;
- кај Вишиот управен суд се забележува повремена судска активност преку поништување на решенијата на МТСП и преиначување на пресудите на Управниот суд во случаи на флагрантно неиздржано и неправилно постапување и одлучување;
- неконзистентност на управно - судската пракса во поглед на опсегот на преиспитување од страна на управните судови на утврдениот режим на видување на родителот со детето и на причините за одбивање на барањето на родителот за определување на почести контакти со детето со кое не живее.

При анализата на одлуките на граѓанските судови експертите утврдиле:

- репетитивност на деловите од одлуките кои се однесуваат на фактичката состојба како при описот на фактичката состојба, така и при изложувањето на изведените докази и заклучоците кои произлегле од нив;

- освен штуро упатување на концептот на „најдобриот интерес на детето”, во одлуките недостига негово поподробно дефинирање и анализа во контекст на околностите на дадениот случај;
- преголемо базирање на судските одлуки врз мислењата на ЦСР, без притоа да биде направена соодветна анализа на наводите на странките кои укажуваат на околности и заклучоци различни и спротивни на мислењата на ЦСР и по потреба да се отстапи од предлозите содржани во мислењата на ЦСР;
- ЦСР не ја користат можноста која му ја дава членот 80 став 4 од Законот за семејството да иницира пред судовите постапка за измена на одлуката за чување и воспитување на децата доколку тоа го бараат изменетите околности, додека судовите не го упатуваат ЦСР на можноста самото да побара измена на одлуката за чување и воспитување на децата;
- континуираното нереализирање на видувањата со детето од страна на едниот родител и евентуалната осудуваност на другиот родител за „Одземање на дете” не се секогаш сериозно земени предвид како околности кои би можеле да влијаат врз измена на одлуката за доделување на детето на чување и воспитување;
- постои проблематична пракса во одделни случаи кога двајцата родители живеат во странство, а децата останале да живеат со нивните баби и дедовци во Македонија;
- неоправдано одбивање на предлогот за сослушување на децата во судската постапка дури и во случај кога тие се наоѓаат на возраст кога нивното појавување пред суд не би се одразиле штетно врз нив;
- изјавената волја на детето е различно третирана во текот на судската постапка и значајните околности кои укажуваат на лошиот третман или насилството на кое детето е изложено од страна на родителот со кој тоа живее се пренебрегнати, без детално образложение на причините за тоа. [479]

Од анализираните 39 случаи, во 27 од нив биле изречени соодветни кривични санкции - вклучително казни, алтернативни мерки и мерки на безбедност; во 2 случаи

[479] Ibid стр. 40-41.

била изречена судска опомена, во 9 предмети обвинетиот бил ослободен од обвинението, додека во 1 предмет обвинението било одбиено поради настапување на апсолутна застареност на кривичното гонење. Анализата на кривичните предмети утврдила:

- неконзистентност, неуоедначеност и репетитивност во текстот на одлуките на кривичните судови;
- воопштеност и непрецизност на судските одлуки во однос на дефинирањето на времето, местото и начинот на извршување на кривичното дело „Одземање дете";
- поретко изрекување на ефективни парични казни, мерки на безбедност и судски опомени, наспроти доминацијата на изречените условни осуди;
- неефективност на изречените кривични санкции и отсуство на одвраќачко дејство врз натамошно повторување на истото кривично дело;
- ослободување од одговорност поради пропуст да се докаже делото од страна најавниот обвинител или ненавремена достава на решенијата на ЦСР. [480]

Во делот на семејното законодавство, експертите и препорачаа на Владата на Република Северна Македонија воведување на:

- граѓанската медијација во стадиумот на доделување на старателството, во сообразност со Препораката на Комитетот на министри на Советот бр. R (98) 1 за семејната медијација;
- воведување посебна одредба во која „најдобриот интерес" на детето ќе има и примарно значење во предметите што се однесуваат на доделување на детето и уредување на средби;
- воведување посебна одредба која ќе предвидува претходните инциденти на семејно насилство, опфатени со членот 31 од Истанбулската конвенција, да бидат земени предвид при одлучувањето;
- воведување посебна одредба во согласност со членот 12 од Конвенцијата за правата на детето на ОН и Упатствата за правда во корист на децата на Советот на Европа (Guidelines on Child - Friendly Justice), да биде предвидено учество на детето што е во состојба да формира свое мислење за постапката и негово

[480] Ibid стр. 49.

право своите мислења слободно да ги изрази, како и на мислењата на детето да им биде дадена потребната важност, согласно со возраста и зрелоста на детето;

- овие предмети да добијат приоритет при одлучувањето;
- во членот 80 став 4 од Законот за семејството експлицитно да биде наведено дека континуираното непостапување согласносо решенијата за контакти да се третира како околност која наложува потреба од измена на судската одлука за доделување на детето на чување и воспитување;
- воведување на т.н. „родителски координатор" по примерот на Италија или друг сличен метод на алтернативно мултидисциплинарно решавање на споровите помеѓу родителите во врска со остварувањето на контактот со детето;
- можност за воведување на институтот „заедничко старателство" кој би бил особено применлив во случаите кога едниот родител ги оневозможува средбите со другиот родител;
- побрза ратификација на Конвенцијата бр. 192 на Советот на Европа за контакти што се однесуваат на децата со цел да се спречат слични повреди на Европската конвенција за човекови права, констатирани во предметите Митови и Олури.

На седницата на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП, одржана на 29.06.2015 и на 25.10.2017 година и во Записникот од 13 - тата седница на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧ, одржана на 25.10.2017 година[481] се актуелизира потребата од воведување правни механизми и законски измени за извршување на пресудите на ЕСЧП [482] и спречување на можноста за поднесување нови апликации до ЕСЧП поради веќе констатираните повреди на немање ефикасен правен лек.[483]

[481]Записник до 13-тата седница на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП одржана на 25.07.2017, достапен на: http://biroescp.gov.mk/wp-content/uploads/2016/12/Записник-од-13та-седница-на-МК.pdf

[482]Олуз против РМ

[483]Апликација во предметот Ненад Филиќ против Република Северна Македонија, бр. 45174/20, поднесена на 6 октомври 2020, доставена до Владата на 22 април 2021 година, со слични наводи како во веќе донесените пресуди на ЕСЧП против РС. Хрватскиот државјанин побарал побарал од македонските власти да ги уредат неговите права на видување со неговата малолетна ќерка која живеела со нејзината мајка и која ги попречувала неговите контакти со детето. Постапката започнала уште во 2017 година и не е завршена. Жалбените наводи се повикуваат на повреди на членовите 6, 8 и 13 од Конвенцијата.

РСМ има доставено два акциони планови, во 2017 и во 2021 година. Од нив, еден се однесува само на предметот Митови, [484] додека вториот акционен план се однесува на двата предмета. [485]

За потребите на овој научен труд со барање [486] за добивање информација и за добивање одговор на прашањето од јавен карактер се обративме до Министерството за правда: Дали по донесувањето на пресудите Митови против РСМ од 16.04.2015 година случај (бр. 53565/13) и Олури против РСМ од 16.1.2020 година (бр. 3368/18) се преземени мерки за хармонизирање на домашното законодавство со меѓународното поради спречување на можноста за поднесување апликации пред ЕСЧП со повикување на повреда на Чл.3, 8 и 13 од Конвенцијата. Добиениот одговор потврдува дека сѐ уште законодавството не е усогласено и подобивањето на пресудите од ЕСЧП. Министерството за правда укакажува дека иако е утврдена потреба од промени во Законот за семејството, тие ќе се донеселе со донесувањето на Граѓанскиот законик кој е во изработка. [487]

На истото прашање Министерството за труд и социјална политика [488] дава одговор дека бил отпочнат процесот на изготвување нов Закон за семејство во кој ќе биделе земени предвид забелешките за хармонизација на домашното законодавство.

---

[484]1288th meeting (June 2017) (DH), Action plan (29/05/2017), Communication from “the former Yugoslav Republic of Macedonia” concerning the case of MITOVI v. “the former Yugoslav Republic of Macedonia” (Application No. 53565/13), DH-DD(2017)592)

[485]MITOVI v. the former Yugoslav Republic of Macedonia, (1398th meeting (March 2021) (DH), Action Plan (29/01/2021), (Application No. 53565/13), DH-DD(2021)116)

[486]Барање за добивање информација од јавен карактер од 30.10.2023 доставена до Министерство за правда на РСМ

[487]Решение за пристап до информации од јавен карактер УП1 бр. 19-2673/23 на Министерство за правда на РСМ од 8.11.2023 г.

[488]Решение на Министерство за труд и социјална политика Сектор за координација и техничка помош на Министерот Уп бр. 14-7127/6 од 20.12.2023 г.

# ГЛАВА IX : ВЛИЈАНИЕТО НА КОВИД 19 КРИЗАТА ВРЗ СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО

## 1. Ковид 19 и семејното насилство

### *1. 1. Превенција од пораст на семејното насилство – приоритет на Советот на Европа*

Рестриктивните мерки за коронавирусот може да доведат до зголемување на семејното насилство за 20% или то е повеќе од 15 милиони случаи на семејно насилство во светот, бидејќи жртвите се наоѓаат на затворен простор со своите насилници, објави Организацијата на Обединетите нации, предупредувајќи дека пандемијата може да има „катастрофални последици” за жените. Во време на пандемијата од Ковид 19, Комитетот на членките на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и сузбивање насилство врз жените и насилство во семејството (Истанбулска конвенција), донесе декларација за примена на Конвенцијата за време на пандемијата. Анексот на декларацијата е објавен на 20. 4. 2020 година во Стразбур и дава предлози за акции и мерки кои може да се преземаат во текот на пандемијата во врска со одредени одредби од Истанбулската конвенција, а со цел заштита од насилство. Во него се потсетува дека принципите и барањата на Истанбулската конвенција даваат рамка за креирање и спроведување на мерките за рамноправност на жените и мажите и борба против насилство врз жените и насилство во семејствата. Мерките се применуваат во секој момент и добиваат дополнително значење во време на вонредната ситуација предизвикана со пандемијата на Ковид 19. Притоа се потенцира обврската на државите - членки на Истанбулската конвенција да дејствуваат со должно внимание во истражувањето, спречувањето и казнувањето, како и осигурувањето на репарација на делата на насилство, а во согласност со обврските од Европската конвенција за човекови права. Во неа се поздравува пристапот на оние држави кои бараат иновативни начини да ги приспособат своите институционални одговори во однос на насилството, во согласност со повикот на државите членки да ги почитуваат обврските од Истанбулската конвенција. Истовремено се поттикнуваат на соработка и на размена на искуства членките на Конвенцијата и набљудувачите и на тој начин да се насочат кон обезбедување на целосно почитување на принципите на Конвенцијата во гарантирањето на човековите права, во одбрана и спречување од овие облици на насилство.

Анексот ги предвидува можните акции и мерки за преземање во текот на Ковид 19 пандемијата. Така, се препорачува интегрирана политика и се менува Член 6 (родово чувствителни политики) и им се препорачува на државите да применуваат родова перспектива при креирање на стратегијата за борба против пандемијата што подразбира потенцијално влијание на преземените мерки врз жените и девојчињата и нивната изложеност на ризици од различни облици на родово засновано насилство, како што е интимното партнерско насилство и насилство во семејството, прогонување, сексуално вознемирување, присилување на брак и сексуално насилство, вклучувајќи и насилство во кое се користи технологија. Со измената на член 7 се препорачува државите да применуваат сеопфатни и координирани политики, да ги одржуваат и зајакнуваат меѓуинституционалните механизми на координација насочени кон сузбивање на насилството врз жените во текот на пандемијата. Им се препорачува на локалните органи на власта да ја утврдат вистинската состојба и потребите на жртвите што ќе им послужи при проценката на нивоата на капацитетот на граѓанските организации како даватели на услуги и поддршка како и нужноста од зголемување на средствата потребни за помош. Во членовите 8 и 9 од Анексот им се препорачува на членките да ги разгледаат можностите на финансиските и човековите ресурси, вклучувајќи ги и невладините организации, како и разгледување на потребата од нивно зајакнување во согласност со ситуацијата. Во членот 11 од Анексот се предвидува собирање податоци, вклучувајќи и административни податоци од специјализирани сервиси за поддршка. Таква поддршка е СОС телефонот за да се следат потребите на жртвите, што би дејствувало едукативно во насока на извлекување „лекција" за некое идно слично дејствување.

Интересна е одредбата на Чл.19 која предвидува воведување посебен пристап кон информирање за достапните сервиси за поддршка и законските мерки, посебно на жртвите на насилство кои би биле во самоизолација или кои живеат со насилните партнери. За тоа се предвидува воведување на информативни кампањи за информирање на жртвите и овозможување нивен пристап до информации. Понатаму, во членовите 20, 22, 23 и 24 од Анексот се предвидува државитечленки да ја разгледаат потребата од преземање мерки за медиумски соопштенија за јавноста, телевизиски кампањи и кампањи преку радиомрежите и социјалните мрежи, сè со цел да се заштитат сите жртви на насилство.

*1. 2. Причини за пандемија на семејното насилство во светот за време на здравствената криза од Ковид 19*

Мерката за ограничување на движењето што голем број влади низ светот ја воведоа во своите држави со цел да се спречи ширењето на Ковид - 19, предизвика дополнителен ризик за жртвите на семејно насилство. Карантинот ги принуди жртвите да бидат во постојан контакт со насилникот. По воведувањето на мерките за ограничено движење, во Франција е забележан пораст на семејното насилство за повеќе од 30%, а француската влада објави дека ќе плаќа хотелско сместување за жртвите. Во Црна Гора е забележан пораст од 20% на случаите на семејно насилство. Шпанија и Грција воведоа кампања „Маска 19" за борба против семејното насилство, со можност жртвите да побараат помош во аптека или посебен пункт во местата за пазарење. Во САД 20 луѓе во една минута се физички нападнати од својот партнер. Пандемијата со Ковид 19 не ги погоди само посиромашните земји, туку значително ги ослабе системите за заштита од семејно насилство и економски најмоќните држави: САД, Шпанија, Италија, Франција, Германија и Велика Британија. Во Кина, во првопогодената провинција Хубеј од епидемијата на вирусот, во февруари 2020 година е забележано тројно зголемување на пријавеното семејно насилство. Линиите за помош во Сингапур, Кипар и Австралија имале пораст на повици за 30 - 40%. Во Турција само во јули 2020 година биле убиени 36 жени, а 11 смртни случаи биле сомнителни. Во Велика Британија на секои три дена е убиена една жена од маж. [489] Гувернерот на Порторико[490] во јануари 2021 година прогласи вонредна состојба во врска со родово базираното насилствокако сериозен општествен и здравствен проблем. [491] 60 од сторените фемициди во текот 2020 година претставувале 3,65% убиени на 100.000 жени, што е поголема стапка во однос на Африканскиот континетнт за 3,1% и од светскиот просек за 1,3%.

Интимното партнерско насилство присутно кај 640 милиони жени постари од 15 години и пред пандемијата го загрозуваше јавното здравје на една четвртина од жртвите.

[489]Weil B. S., Pandemic (Im) Possibilities, European Sociological Association, достапно на: https://www.europeansociology.org/issue-45-pandemic-impossibilities-vol-1/gendering-coronavirus-covid-19-and-femicide, пристапено на 10.10.2022 г.

[490]Kaur H., Dominguez C., Puerto Rico declares a state of emergency due to gender-based violence, достапно на: https://edition.cnn.com/2021/01/25/us/puerto-rico-emergency-gender-violence-trnd/index.html

[491]60 од сторените фемициди во текот 2020 г. претставувале 3,65 убиени на 100.000, 00 жени која е поголема стапка во однос на Афричкиот континетнт 3,1 и од светскиот просек од 1,3.

Четврта водечка причина за смрт меѓу луѓето на возраст од 15 до 29 години е партнерското насилство. [492]

Феноменот на семејно насилство иако сеприсутен, останува и натаму потиснуван, особено во настанатата здравствена криза која предизвика и економска рецесија. Насилникот тежнее да воспостави контрола врз жртвата која поради сплет на околности, најчесто е во состојба на зависност и немоќ. Причините за појава на семејното насилство имаат свои корени во патријархалното воспитание кое наметнува подредена улога на жената, но следните четири причини директно влијаат врз неговото зголемување:

1. социјалниот статус и материјалната состојба на семејната заедница битно влијаат на зголемувањето и намалувањето на семејното насилство. Досегашните научни истражувања од областа на семејното насилство потврдуваат дека социјалниот статус на семејните заедници е голема причина за појава и развој на семејното насилство. Исто така, изразената сиромаштија директно влијае жртвите на семејното насилство подолго време да трпат своевидна тортура во своите семејства. Но, и средноимотните и имотните семејства иако во помал број, не се имуни на семејно насилство;
2. полот и образованието на жртвите на семејното насилство се причина за долготрајно трпење на семејно насилство. Расположливите научни истражувања потврдуваат дека лицата од женски пол се поранлива категорија која во најчест број случаи поради својата физичка конституција, поради својата финансиска подреденост спрема насилникот како и традиционалното наметнување на потчинетост во семејната заедница, поради опасноста насилството да се прошири и врз децата, во најголем број случаи свесно одбираат да трпат систематско семејно насилство во сите негови појавни форми. Не се исклучени случаите во кои жртви на семејно насилство се и лица од машки пол, деца и повозрасни лица кои живеат во поширока семејна заедница со насилникот.

[492] Reid J., Michelson K., Siepmann I., Mason J. A., Judit S., Addressing the long shadows of the COVID-19 pandemic’s unjust, unequal, deep, widespread enduring impacts over the next decade, 2022, достапно на: https://www.aspher.org/download/1037/aspher-covid-19-task-force-2nd-statement-on-inequalities.pdf

3. неинформираноста на жртвите за законските средства за заштита битно придонесува семејното насилство да остане заробено зад вратите на домот. Иако во нашата држава има солиден законски корпус на норми за заштита од семејно насилство и бројни институции за пружање примарна и секундарна заштита на жртвите на семејното насилство, општа е перцепцијата на целокупната неефикасност на предвидениот систем за заштита.
4. четврта причина е потребата за обезбедување потребна медицинска документација на жртвите на насилство зашто жртвите живеат изолиран живот зад четирите ѕида на својот дом каде доминира, командува, сее страв и физички, психички и сексуално малтретира насилникот. Најчесто насилникот ги екскомуницира жртвите од нивните блиски роднини, особено од родителите ако ги имаат икои евентуално би можеле да им пружат заштита. Најчесто жртвите се демнети и следени од насилникот, ним им се одзема или им се контролира мобилниот телефон, немаат право да комуницираат на социјалните мрежи, немаат право слободно да се движат сѐ со цел да се лишат од правото на заштита кое можат да им го пружат институциите на системот. Чести се случаите кога жртвите имаат сознанија дека може да најдат заштита во центрите за социјална заштита и МВР, но потребно е таа заштита да биде брза, трајна и ефикасна. За жал општа е перцепцијата за неефикасноста на мерките за заштита на жртвите на семејно насилство што дополнително влијае насилниците да добијат поголема сила во извршувањето на насилството. Тоа со текот на времето станува сѐ побрутално, а на крајот може да заврши не само со психички трауми, туку и со тешки физички повреди, а за жал некогаш има и смртен исход.

Податоците од секаде во светот потврдуваат дека заедно со кризата предизвикана од Ковид 19, настана пандемија на семејно насилство, особено врз жените и девојчињата како најранливи категории во секоја општествена криза. Зајакнувањето на мерките за спречување и заштита на жртвите на која упати Советот на Европа уште во април 2020 г. не беше доволен поттик за сите држави да преземат ефикасни мерки за превенција и осуда на семејното насилство.

*1. 3. Неефикасност на заштитните мерки за спречување семејно насилство во РСМ за време на пандемијата Ковид 19 и презентирање на статистички податоци*

Светот е потресен од застрашувачкиот пораст на сите облици на семејно насилство откако Светската здравствена организација прогласи пандемија од Ковид 19. Со одлука на Претседателот на државата на 18.04.2020 година е утврдена вонредна состојба во нашата држава со која покрај засилените мерки за заштита на здравјето на населението, воведени се ограничувања на движењето на граѓаните. Нужноста од спречување на масовното ширење на вирусот поради опасност од заболување на голем број луѓе, наметна бројни ограничувања на човековите слободи и права, пред сѐ поради забраната за излегување од домовите во определени интервали. Владата донесе повеќе одлуки за забрана и посебен режим на движење на територијата на Република Северна Македонија ( „Сл. весник” бр. 72/2020, 74/2020, 76/2020, 78/2020, 89/2020, 92/2020, 100/2020, 105/2020, 107/202) согласно со член 58 од Законот за заштита на населението од заразни болести.

Иако се донесоа 150 Уредби со законска сила, во периодот од воведувањето на вонредната состојба, не беше донесен „сет” мерки за заштита на најранливите жртви на семејно насилство – жените и децата. Единствено Министерството за труд и социјална политика упати известување до жртвите на родово базирано насилство и семејно насилство со тоа што наведе телефонски броеви за пријавување насилство. [493] Со почетокот на пандемијата, Организацијата на обединетите нации и Советот на Европа им сугерираше на државите да воведат итни зашттитни мерки поради очекуваниот пораст на семејно насилство, но нашата држава не воведе ниту една итна мерка. [494]

Статистиката на МВР потврдува дека во 2020 година за еден месец пристигнале 49 пријави за семејно насилство, а претходната година биле регистрирани стотина случаи за цела година. Во евиденцијата на МВР стои дека во периодот од 10 март до 20 април 2020 година биле пријавени 5 кривични дела кои ги извршиле исто толку сторители. Жртви

[493]МТСП: Известување за жртвите на семејно насилство, 2020, достапно на: https://mtsp.gov.mk/pocetna-ns_article-zrtvite-na-semejno-nasilstvo-covid19.nspx

[494]МТСП: Исплата на правата од социјална и детска заштита, 2020 година, достапно на: http://mtsp.gov.mk/covid-19.nspx

биле три жени и двајца мажи. Поднесени се и 42 поплаки против 33 мажи и 9 жени. Овде жртви биле 18 мажи и 26 жени. [495]

Поради опасноста од пандемија на семејното насилство и Министерството за труд и социјална политика ја зголеми достапноста на сервисите за жртвите од насилство и упати на можноста за обраќање за помош до центрите за социјална работа и на бесплатните телефонски СОС - линии. Министерството за труд и социјална политика јавно ги охрабрува сите жени кои се соочуваат со каква било форма на семејно насилство или насилство од својот партнер, да пријават на бројот 192, СОС - линиите, во центрите за социјална работа или во најблиската полициска станица. [496] Институциите даваат највисок приоритет на пријавите на семејно насилство и ги преземаат сите мерки за заштита на жртвите. Ваквото постапување е во духот на препораките на Комитетот на членките на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и сузбивање насилство врз жените и насилство во семејството (Истанбулска конвенција).

Но, резултатите од преземените мерки не се адекватен одговор на општеството ниту за спречување, ниту за кривично - правно и граѓанско правно санкционирање на семејните насилници.

Според официјалните податоци на Министерството за труд и социјална политика на РСМ за периодот од јануари до јуни 2018 година евидентирани се 620 жртви на семејно насилство, за периодот од јануари до јуни 2019 година евидентирани се 767 жртви на семејно насилство, а за периодот од јануари до јуни 2020 година евидентирани се 824 жртви на семејно насилство.[497] Очигледен е трендот на постојано зголемување на пријавените случаи на семејно насилство кај Министерството за труд и социјална политика во последните три години. Така во 2019 година пријавени се 147 случаи на семејно насилство повеќе од 2018 година, што претставува зголемување за 23%, а за

---

[495]Зголемен број на пријави за семејно насилство, 2020, достапно на: https://sitel.com.mk/zgolemen-broj-na-prijavi-za-semejno-nasilstvo;

[496]Итни мерки за заштита на жените и децата жртви на семејно насилство во криза, 2020, достапно на: http://www.glasprotivnasilstvo.org.mk/wp-content/uploads/2020/04/Itni-merki-za-zashtita-na-zhenite-i-detsata-zhrtvi-na-semejno-nasilstvo-vo-kriza.pdf;

[497]Одговор на барање од Министерство за труд и социјална политика, архивски број 14-6796/3 од датум 11.11.2020 година

истиот период во 2020 година е забележано зголемување за 57 пријавени случаи повеќе на семејно насилство отколку во 2019 година, или зголемување за 7, 6%.

*Табела 5 Евидентирани жртви на семејно насилство во период 2018 - 2020*

| **Министерство за труд и социјална политика** | **Жртви на семејно насилство** | | |
|---|---|---|---|
| | **јануари - јуни 2018** | **јануари - јуни 2019** | **јануари - јуни 2020** |
| | 620 | 767 | 824 |
| **Зголемување на бројот на жртви** | | 23% | 7, 6% |

Извор: Министерство за труд и социјална политика

Забраната за движење во време на полицискиот час не важеше за вработените во центрите за социјална помош. Тие можеа непречено да се движат и да им пружат помош на жртвите. Исто така и потенцијалните жртви можеа непречено да се движат за време на полицискиот час за да побараат помош. Жртвите најчесто остануваа во домот со своите злоставувачи. Кризата на сите нивоа на општествено - економскиот дискрус, останувањето без работа и без сигурен приход на голем број од насилниците, доведе до уште поголем и секојдневен притисок врз жртвите. Пред воведувањето на полицискиот час, во многу домови каде царуваше насилство, децата и жените имаа мир само кога насилниците беа отсутни од дома. Како што се намалуваше можноста за отсуство од домовите на насилниците, тие неминовно својата агресија ја зголемуваа врз жртвите кои, пак, стануваа уште понемоќни. Поради затвореноста во ист простор, жртвите ја изгубија можноста да бараат помош од соседи и други блиски луѓе или да избегаат за да се спасат. Многу од жртвите останаа без мобилни телефони и интернет, а со тоа и без можност за контакт преку социјалните мрежи.

Со воведувањето на посебните рестриктивни мерки, престанаа да работат училиштата, институциите, ресторантите и кафулињата, голем дел од вработените беа упатени да ги ивршуваат работните обврски од дома, а беше одложено и издавањето упатни акти за издржување на казната затвор до септември 2020 година.

Одеднаш на едно место, принудно беа затворени семејните насилници со своите жртви. Повеќе од очекувано беше големото зголемување на насилни дела во семејството. Од друга страна, препораките за ограничување на движењето и забраните за излегување

во временскиот период од 16:00 до 05:00 часот и целосната забрана за движење во текот на викендот на територијата на целата држава (петок од 16:00 часот до 05:00 часот во понеделник) и дополнителното ограничување на движењето на децата до 18 години (секој работен ден од 13:00 до 15:00 часот) придонесе за покачување на и така високата темна бројка на сторители наовој вид насилство.

Иако декларативно семејното насилство е недопустливо и во Кривичниот законик се воведени бројни кривични дела за негово санкционирање, се добива општ впечаток дека доследната примена на мерките предвидени во Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство може да дадат поголем резултат од кривично - правниот одговор и „сетот" кривично - правни заштитини мерки.

Досегашните научни истражувања потврдуваат дека привремените мерки за заштита од семејно насилство имаат недоволна примена во практиката на нашите судови, најмногу поради фактот што жртвите не се доволно информирани за можноста од нивна примена. Најчесто се поднесувани од страна на Центрите за социјална работа, а ненепосредно од жртвите. Покрај тоа, мерките за заштита се неефикасни поради неажурното постапување на судските совети и оддолговлекувањето на постапките што на насилниците им дава повеќе простор да вршат притисок врз жртвите, тие да се откажуваат од предлозите за изрекување привремени мерки.

Најчесто семејното насилство не се пријавува, а доколку е пријавено може да доведе до исмејување и понижување на жртвата. Не постои соработка меѓу институциите на системот за заштита, па жртвите повторно го доживуваат насилството во друга, посилно изразена појавна форма.

„Бев заклучена во гаража, на - 5 степени Целзиусови, на снег, на ладно, секој ден бев тепана и малтретирана. Децата ми викаа: „Мамо, зошто го трпиш?" Не одговарав, а се срамев од себеси, знам дека јас сум виновникот. Знам дека сум крива што не сум храбра да го пријавам уште еднаш и да се тргнам од тој човек". По многубројни кривични пријави, затворски и условни казни, сопругот сè уште ја следи како сенка. Последниот инцидент бил за време на полицискиот час. Овој пат помош барал нејзиниот син. Во раните утрински часови чекал на улица да наиде полициска патрола.

„Него го извадија на балкон, мене ме прашуваат како ништо да не било. - Е де, ништо не ти е -, цитирам. - Е де, голема работа. - Е па сега, се знае, кај се видело маж и жена 24/7 да бидат дома“, [498] - се изјави на жртва на семејно насилство. За жал изјавата ја отсликува реалната состојба за неможноста на жртвата да излезе од кругот на насилството. Но, тоа децидно зборува и за неефикасноста на системот да пружи помош и покрај обидот за интервенција.

Службените статистички податоци на МВР на РСМ за периодот од април до септември 2018, 2019 и 2020 година ја потврдуваат темната бројка на непријавени и непроцесуирани случаи на насилство во семејството. За разлика од бројот на пријавени случаи на семејно насилство кај Министерството за труд и социјална политика, кој бележи континуирано зголемување од 620 случаи во 2018 на 824 случаи во 2020 година, состојбата на пријавени случаи во МВР бележи обратен ефект на намалување. Така во периодот април - септември 2018 година, МВР на РСМ има евидентирано 509 случаи на сторители на кривични дела поврзани со семејно насилство. За истиот период во 2019 година во МВР се евидентирани 503 случаи, а во периодот од април 2020 година до септември 2020 година. има 474 случаи на сторени кривични дела на семејно насилство.

[498] Потресни сведоштва за семејно насилство и инертни институции за време на ковид-кризата, 2020, достапно на: https://360stepeni.mk/video-potresni-svedoshtva-za-semejno-nasilstvo-i-inertni-institutsii-za-vreme-na-kovid-krizata/

| КРИВИЧНИ ДЕЛА | ИЗВРШЕНИ КД | СТОРИТЕЛИ | | | | | | | | | | | | | | | | Начин на извршување | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ПОЛ | | РОДНИНСКИ ВРСКИ | | | | | | | | | | | Под дејство | | | Со огнено оружје | Со ладно оружје | Со физ.сила или закана | ОСТАНАТО |
| | | МАЖИ | ЖЕНИ | СОПРУГ | СОПРУГА | ДЕЦА | | РОДИТЕЛИ | | Поранешна сопруга | Поранешен сопруг | Лица во вонбрачна заедница | | ОСТАНАТО | АЛКОХОЛ | ДРОГА | РАСТРОЈСТВО | | | | |
| | | | | | | СИН | ЌЕРКА | МАЈКА | ТАТКО | | | маж | жена | | | | | | | | |
| Убиство - член 123 став 2 | 1 | 1 | | | | | | | | | | 1 | | | | | 1 | | | | 1 |
| Убиство во обид - член 123 став 2 в.в. член 19 | 2 | 2 | | 1 | | 1 | | | | | | | | | 1 | | | | 2 | | |
| Телесна повреда -член 130 став 2 | 336 | 316 | 34 | 122 | 14 | 65 | 4 | 8 | 18 | 1 | 24 | 34 | | 60 | 62 | 4 | 165 | | 12 | 317 | 7 |
| Тешка телесна повреда - член 131 став 2 | 13 | 14 | 1 | 2 | | 7 | | | 1 | | 2 | | | 3 | | | 4 | | 1 | 9 | 3 |
| Присилба-чл.139 ст.2 | 2 | 3 | | 1 | | | | | | | | | | 2 | | | | | | | 2 |
| Загрозување на сигурноста - член144 | 155 | 152 | 6 | 54 | | 31 | | | 12 | 1 | 12 | 16 | | 32 | 16 | 2 | 78 | 2 | 17 | 93 | 43 |
| Противправно лишување од слобода - член 140 став 2 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Обљуба со злоупотреба на положба - член 189 став 2 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Посредување во вршење проституција -член191 став3 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Детска проституција - член191 - а став 4 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **ВКУПНО** | **509** | **488** | **41** | **180** | **14** | **104** | **4** | **8** | **31** | **2** | **38** | **51** | **0** | **97** | **79** | **6** | **248** | **2** | **32** | **419** | **56** |

*Слика 4 статистички податоци на МВР на РСМ за периодот од април до септември 2018*

За периодот од април до септември 2019 година во МВР се евидентирани 503 случаи на семејно насилство или за шест помалку случаи од претходната година.

| КРИВИЧНИ ДЕЛА | ИЗВРШЕНИ КД | ЖРТВИ | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ПОЛ | | РОДНИНСКИ ВРСКИ | | | | | | | | | | |
| | | МАЖИ | ЖЕНИ | СОПРУГ | СОПРУГА | ДЕЦА | | РОДИТЕЛИ | | Поранешна сопруга | Поранешен сопруг | Лица во вонбрачна заедница | | ОСТАНАТО |
| | | | | | | СИН | ЌЕРКА | МАЈКА | ТАТКО | | | маж | жена | |
| Убиство - член 123 став 2 | 4 | 2 | 2 | 1 | 1 | | | 1 | 1 | | | | | |
| Убиство во обид - член 123 став 2 в.в. член 19 | 1 | 1 | | | | 1 | | | | | | | | |
| Телесна повреда -член 130 став 2 | 317 | 58 | 278 | 6 | 140 | 13 | 12 | 39 | 25 | 12 | 4 | | 25 | 60 |
| Тешка телесна повреда -член 131 став 2 | 13 | 4 | 9 | 1 | 3 | 1 | 0 | 1 | 2 | | | | | 5 |
| Присилба-чл.139 ст.2 | 1 | | 2 | | | | | | | | | | | 2 |
| Загрозување на сигурноста - член144 став 2 | 165 | 40 | 152 | 2 | 72 | 8 | 12 | 25 | 21 | 15 | 1 | | 9 | 27 |
| Противправно лишување од слобода - член 140 став 2 | 2 | | 2 | | | | | | | | | | 1 | 1 |
| Обљуба со злоупотреба на положба - член 189 став 2 | 0 | | | | | | | | | | | | | |
| Посредување во вршење проституција - член191 став3 | 0 | | | | | | | | | | | | | |
| Детска проституција - член191 - а став 4 | 0 | | | | | | | | | | | | | |
| ВКУПНО | 503 | 105 | 445 | 10 | 216 | 23 | 24 | 66 | 49 | 27 | 5 | 0 | 35 | 95 |

*Слика 5 статистички податоци на МВР на РСМ за периодот од април до септември 2019*

Според очекувањата на Организацијата на обединетите нации, со настанувањето на кризата со Ковид 19 се предвидуваше пораст, а не намалување на семејното насилство. Но, статистичките податоци на МВР на РСМ за истражуваниот период на корона кризата од април до септември 2020 година забележуваат пад на бројот на пријавени случаи на 474 или за 5,9% од претходната година.

| КРИВИЧНИ ДЕЛА | ИЗВРШЕНИ КД | ЖРТВИ | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ПОЛ | | РОДНИНСКИ ВРСКИ | | | | | | | | | | |
| | | МАЖИ | ЖЕНИ | СОПРУГ | СОПРУГА | ДЕЦА | | РОДИТЕЛИ | | Поранешна сопруга | Поранешен сопруг | Лица во вонбрачна заедница | | ОСТАНАТО |
| | | | | | | СИН | ЌЕРКА | МАЈКА | ТАТКО | | | М | Ж | |
| Убиство - член 123 став 2 | 2 | 1 | 1 | | 1 | | | | 1 | | | | | |
| Убиство во обид - член 123 став 2 в.в. член 19 | 2 | | 2 | | | | | 1 | | | | | | 1 |
| Телесна повреда -член 130 став 2 | 290 | 49 | 261 | 5 | 127 | 11 | 16 | 36 | 21 | 10 | 3 | | 34 | 47 |
| Тешка телесна повреда -член 131 став 2 | 15 | 7 | 8 | | 4 | 1 | | 1 | 5 | 1 | | | | 3 |
| Присилба-чл.139 ст.2 | 3 | 1 | 4 | | 2 | 1 | 1 | | | | | | 1 | 0 |
| Загрозување на сигурноста - член144 став 2 | 152 | 46 | 122 | 5 | 54 | 10 | 8 | 24 | 21 | 16 | 0 | 1 | 5 | 24 |
| Противправно лишување од слобода - член 140 став 2 | 10 | 1 | 9 | | 3 | 1 | 1 | 1 | | | | | | 4 |
| Обљуба со злоупотреба на положба - член 189 став 2 | 0 | | | | | | | | | | | | | |
| Посредување во вршење проституција - член191 став3 | 0 | | | | | | | | | | | | | |
| Детска проституција - член191 - а став 4 | 0 | | | | | | | | | | | | | |
| **ВКУПНО** | 474 | 105 | 407 | 10 | 191 | 24 | 26 | 63 | 48 | 27 | 3 | 1 | 40 | 79 |

*Слика 6 статистички податоци на МВР на РСМ за периодот од април до септември 2020*

Невладиниот сектор преку Националната мрежа против насилство врз жените и семејното насилство до Владата на РСМ поднесе барање за изрекување итни мерки за заштита на жените и децата жртви на семејно насилство додека трае вонредната состојба. Но, освен известувањето на Министерството за труд и социјална политика, не беше донесена ниту една итна мерка или уредба за заштита на жртвите чиј број секаде во светот се зголеми. Ваквите податоци сами за себе ја потврдуваат привидноста на намалувањето на пријавените случаи на семејно насилство во време на ковид кризата.

# ГЛАВА X: ЕМПИРИСКО ИСТРАЖУВАЊЕ НА ПОЈАВАТА НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Емпириското истражување во овој труд е спроведено преку техниката анкетен прашалник за кое е дизајнирана комбинирана анкета составена од прашања за експерти и со прашања за виктимолошко испитување. Фокус групата е составена од правници (професори на Правниот факултет „Јустинијан први" - Скопје, Правниот факултет во Кичево и Правниот факултет „Гоце Делчев" - Штип, од судии на Основниот суд - Битола, од Апелациониот суд - Битола, од Основниот суд - Штип, од Апелациониот суд - Штип, од Основниот граѓански суд - Скопје, од Основниот кривичен суд - Скопје, од Апелациониот суд - Скопје, од Врховниот суд на РСМ, од Јавно обвинителство на РСМ, Народниот правобранител, од адвокати, нотари и извршители), полициски службеници, службеници во Министерството за труд и социјална политика, невладини организации, граѓани по случаен избор, група на жртви на семејно насилство. При изработката на прашалникот се водеше грижа прашањата кон експретите да содржат потребни правни елементи за добивање одговори поврзани со општите ставови за проблемот на истражувањето, етиологијата на феноменот на семејното насилство, неговата структура, појавните облици и оценка на законодавните решенија од аспект на судската пракса и праксата на другите институции. Прашањата пак упатени кон жртвите имаат цел да ја откријат структурата на поимот жртва, структурата на поимот насилник, видот, природата и причините за семејното насилство, ефикасноста на законските мерки и предлози за подобрување на нормативната рамка.

Прашалникот е составен по примерот на слични реализирани истражувања и се состои од два дела. Првиот дел го сочинуваат прашања за половата и социодемографската структура на испитаниците, а вториот дел од прашања поврзани со темата на истражувањето. Прашањата се од отворен и затворен тип. Отворените прашања допуштаат лично искуство и коментар на испитаникот, а затворените нудат одговри со: 1) да и 2) не. [499]

Со примена на научни методи, научното истражување кое ќе го спроведеме, ќе не доведе до одговори со кои ќе се потврдат или ќе се оспорат хипотезите поставени во овој научен труд. Одговорите на анкетните прашања треба да ја прикажат реалната состојба во

[499] Прашалник изготвен за ова научно истражување во Google forms.

моментот на спроведување на истражувањето и да предложат подобрување на состојбата. Заедно со другите истражувачки методи и добиените резултати од нив, како и од споредбената анализа и статистичката анализа, истражувањето ќе ја оправда својата цел.

Прашањата од 1 до 7 се прашања за демографската структура на испитаниците како место на живеење, пол, возраст, степен на образование, установа каде работат и занимање, како и дали се во брак или не. Вториот дел на прашалникот содржи 22 прашања на кои на испитаниците им е понудено да одговараат со потврден или негативен одговор.

Заради добивање релевантни податоци за општите ставови на испитаниците кон семејното насилство извршена е бработка на податоците во компјутерската програма SPSS 20 (Статистички пакет за пресметување податоци од општествените науки). Таа овозможува брзо, лесно и сигурно класифицирање на податоците од променливите, управува со податоци, врши селекција и преформулација на податоци и врши нивна обработка. Пополнета е матрица на податоци во Excel со опис на променливите заедно со начинот на кодирањето, а потоа работниот лист со квантификуваните податоци останува метабазата на податоци. Одговорите се класифицираат во категории, а номиналните податоци се квантификуваат во броеви. Податоците за полот на испитаниците се земени како номинални податоци. При обработка на податоците, беа користени кодови во однос на полот, возраста и степенот на образование.

Второто ниво на податоци се ординални податоци. Тие ги имаат сите карактеристики на номиналните податоци, но исто така укажуваат и на одреден ранг, или ниво на приоритет при доделувањето на вредноста на варијаблата, на пример категории на образование и занимање.

Првите прашања ги опфаќаат општите ставови за проблемот на семејното насилство, неговата зачестеност и неговите облици. Втората група прашања нуди одговори за ефикасноста на законските решенија и потребата од поострување на казнената политика, како и убедувањето на испитаниците за ефикасноста на полициската, судската надлежност и надлежностана центрите за социјална работа. Прашањата се креирани согласно со законските одреби за да може да се добијат реални резултати. Со истражувањето е опфатен примерок од 307 есподенти, вработени во разни инстититуции. Анкетирањето е извршено во повеќе градови на територијата на РСМ.

Во анкетата учествуваа 69, 4% женски лица и 30, 6% машки лица.




*Графикон 2 Пол*

Анкетниот прашалник го пополниле најмногу лица со високо образование 41,7%, магистри на науки 32,9%, доктори на науки 12,1%, со средно образование 10,7%. Ниту едно лице не го вратило прашалникот неодговорен.




*Графикон 3 Степен на образование*

62% од испитаниците се во брак, а 37, 8% не се во брак.




*Графикон 4 Брачна состојба*

Според одговорите на прашањето дали семејното насилство е приватен проблем 12, 1% одговориле со „да”, а 87,9% сметале дека не е приватен проблем. Компаративната анализа на ставовите на испитаниците во поглед на оцената дали семејното насилство е општествен или приватен проблем покажува голема свест за општествената важност на овој проблем.




*Графикон 5 Дали семејното насилство е приватен проблем?*

На прашањето дали семејното насилство е голем општествен проблем скоро сите испитаници или 98% одговориле потврдно. Со ваквиот одговор се потврдува свесноста на испитаниците за сериозноста на феноменот на семејното насилство, како и последиците од него.




*Графикон 6 Дали семејното насилство е голем општествен проблем?*

Одговорот на прашањето дали семејното насилство е почесто од статистички утврденото, доби скоро идентичен одговор како претходното и дури 97,1% од испитаните лице сметаат дека статистиката не ја отсликува реалната бројка на случаите на семејно насилство. Ваквото мислење на јавноста е поткрепено и во сите истражувања и анкети спроведени во нашата земја. Огромната разлика од бројот на пријавени случаи во центрите за социјална работа, МВР и до процесуираните пред надлежните судови е проследено со надолна линија. Ваквиот одговор зборува за свесноста на испитаниците за „темната бројка" на непријавени случаи.




*Графикон 7 Дали семејното насилство е почесто од статистички утврденото?*

И одговорите на следното прашање: Дали само физичкото насилство е семејно насилство во 95,4% ја потврдуваат исклучително високата едуцираност на испитаниците, но и свесноста за широката феноменологија и за облиците на семејно насилство. Со оглед дека дури 41, 7% од испитаниците биле со високо образование, а 32, 9% биле магистри најверојатно ваквите одговри се резултат на образованието на испитаниците.




*Графикон 8 Дали само физичкото насилство е семејно насилство ?*

Следното прашање дали постои психичко насилство и дали тоа се санкционира, доби позитивен одговор од 90,6% од испитаниците, а 9,4% од нив сметаат дека не постои и не се санкционира.




*Графикон 9 Дали постои психичко насилство и дали тоа се санкционира?*

Во 57,3% од испитаниците потврдуваат дека познаваат некого кој е изложен на економско насилство. Тоа укажува дека повеќе од половината од испитаниците разликуваат повеќе видови семејно насилство и некој во нивна близина бил жртва на истото. 42,7% од испитаните не познавале некој изложен на економско насилство.




*Графикон 10 Дали познавате некого кој е изложен на економско насилство?*

Прашањето дали постои изложеност на децата на семејно насилство, потврден одговор добило од скоро сите испитаници или 98,7%. Одговорот на ова прашање зборува за исклучително високата свест за сензитивноста на проблемот и масовната појава на децата како жртви на семејно насилство.




*Графикон 11 Дали постои изложеност на децата на семејно насилство?*

Во 72% од испитаните лица сметаат дека постарите и изнемоштени лица често се жртви на семејно насилство. Во 28% од нив негативно одговориле на прашањето. Постои дискрепанца во добиените одговори на ова прашање и на претходното. Очигледно помал е бројот на жртви на семејно насилство од постарата популација за разлика од децата за кои испитаниците едногласно сметаат дека се најчесто изложени на семејно насилство.




*Графикон 12 Дали постарите и изнемоштени лица се жртви на семејно насилство?*

Прашањето дали жените само декларативно се еднакви во правата и можностите со мажите, потврден одговор доби од 61,2% од испитаниците и во 38,8% од случаите доби негативен одговор. Заклучокот е дека мнозинството испитаници сметаат дека жените само на хартија се еднакви во правата со мажите.




*Графикон 13 Дали жените само декларативно се еднакви во правата и можностите со мажите?*

Иако испитаниците дури во 98% сметале дека семејното насилство е голем општествен проблем, на прашањето: Дали познавате жртва на семејно насилство? - потврдно одговориле 74,9%, а 25,1% одговориле дека не познаваат жртва на семејно насилство. Очигледно е дека поголемиот број од испитаниците се соочиле со проблемот на семејното насилство и кај поголемиот број од нив тоа е присутно во нивна близина.




*Графикон 14 Дали познавате жртва на семејно насилство?*

Зачудувачка е бројката на позитивно одговреното прашање дури од 98,4% дека жените може да се семејни насилници. Иако статистичките податоци добиени од страна на институциите во многу помала мера потврдуваат процесуирани случаи против жени насилници, претежниот број на испитаници потврдиле дека и жените може да се јават во улога на семејни насилници.




*Графикон 15 И жените може да се семејни насилници*

За разлика од варијансата која е изразена во квадратни единици, SD се изразува во истите единици како и оригиналните податоци добиени од истражувањето. Се пресметува според отстапувањата помеѓу секој податок поединечно како и од аритметичката средина на примерокот. Тоа е квадратниот корен од варијансата. За различни цели, n (целосниот број на вредности) или n1 може да се користи при пресметувањето на варијабилноста/SD.

Дескриптивна статистика ја утврдува стандардна девијација (SD) која претставува мерка за мерење на одреден сет податоци и нивниот раст, според возраста, полот и степенот на образование, изразена во истите единици како и оригиналните податоци добиени од истражувањето.

*Табела 6 Аритметичка средина и стандардна девијација*

| **Аритметичка средина и стандардна девијација** | | | |
|---|---|---|---|
| | N | Mean | Std. Deviation |
| возраст | 307 | 10, 3290 | , 47061 |
| пол | 307 | 8, 6938 | , 46166 |
| степен на. образование | 307 | 5, 3192 | 1, 09472 |
| Valid N (listwise) | 307 | | |

*Табела 7 Аритметичка средина и стандардна девијација според полот*

| **пол** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
| Valid | 8,00 м | 94 | 30,6 | 30,6 | 30,6 |
| | 9,00 ж | 213 | 69,4 | 69,4 | 100,0 |
| | Total | 307 | 100, 0 | 100, 0 | |

*Табела 8 Аритметичка средина и стандардна девијација според возраста*

| **возраст** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
| Valid | 10,00 - 45 | 206 | 67,1 | 67,1 | 67,1 |
| | 11,00 45+ | 101 | 32,9 | 32,9 | 100,0 |
| | Total | 307 | 100,0 | 100,0 | |

*Табела 9 Аритметичка средина и стандардна девијација според степенот на образование*

| **степен. на. образование** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
| Valid | 3,00 средно | 36 | 11,7 | 11,7 | 11,7 |
| | 4,00 вишо | 5 | 1,6 | 1,6 | 13,4 |
| | 5,00 високо | 128 | 41,7 | 41,7 | 55,0 |
| | 6,00 магистри | 101 | 32,9 | 32,9 | 87,9 |
| | 7,00 докторат | 37 | 12,1 | 12,1 | 100,0 |
| | Total | 307 | 100,0 | 100,0 | |

Утврдена е статистички значајна разлика помеѓу мажите и жените во изразувањето на ставовите поврзани со семејно насилство.

Табела 10 Хи квадрат за полот и ставот кон насилството

| **Хи квадрат за полот и ставот кон насилството** | | | |
|---|---|---|---|
| | Value | df | Asymp. Sig. (2 - sided) |
| Pearson Chi - Square | 21, 339[a] | 9 | , 011 |
| Likelihood Ratio | 21, 504 | 9 | , 011 |
| Linear - by - Linear Association | 6, 027 | 1 | , 014 |
| N of Valid Cases | 307 | | |
| a. 10 cells (50, 0%) have expected count less than 5. The minimum expected count is, 31. | | | |

| **Group Statistics** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | пол | N | Mean | Std. Deviation | Std. Error Mean |
| став кон. семејно. насилство | 8, 00 м | 94 | 14, 8298 | 1, 65678 | , 17088 |
| | 9, 00 ж | 213 | 14, 3380 | 1, 58063 | , 10830 |

*Табела 11 Independent Samples Test*

| **Independent Samples Test** | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | t - test for Equality of Means | | | | | | |
| | | t | df | Sig. (2 - tailed) | Mean Difference | Std. Error Difference | 95% Confidence Interval of the Difference | |
| | | | | | | | Lower | Upper |
| став кон. семејнонасилство | Equal variances assumed | 2, 476 | 305 | , 014 | , 49176 | , 19865 | , 10087 | , 88265 |

Истражувањето не потврди значајна разлика помеѓу мажите и жените и нивното размислување за ажурноста на надлежните институции по пријава на семејно насилство.

*Табела 12  Хи квадрат за полот и став кон ажурност на институции*

| **Хи квадрат за полот и став кон ажурност на институции** | | | |
|---|---|---|---|
| | Value | df | Asymp. Sig. (2 - sided) |
| Pearson Chi - Square | 9, 963[a] | 7 | , 191 |
| Likelihood Ratio | 12, 687 | 7 | , 080 |
| Linear - by - Linear Association | 2, 283 | 1 | , 131 |
| N of Valid Cases | 307 | | |
| a. 7 cells (43, 8%) have expected count less than 5. The minimum expected count is, 31. | | | |

Претпоставката дека повозрасните лица се со помалку изразен став поврзан за семејното насилство од помладите лица и дека се потолерантни кон оваа појава не се потврди од анализата на резултатите од одговорите на анкетните прашања.

*Табела 13 Хи квадрат за возраст и нивниот став кон семејството*

| **Хи квадрат за возраст и нивниот став кон семејството** | | | |
|---|---|---|---|
| | Value | df | Asymp. Sig. (2 - sided) |
| Pearson Chi - Square | 12, 958[a] | 9 | , 165 |
| Likelihood Ratio | 14, 840 | 9 | , 095 |
| Linear - by - Linear Association | 3, 915 | 1 | , 048 |
| N of Valid Cases | 307 | | |
| a. 10 cells (50, 0%) have expected count less than 5. The minimum expected count is, 33. | | | |

*Табела 14 Group statistics and Independent Sample Test*

| **Group Statistics** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | возраст | N | Mean | Std. Deviation | Std. Error Mean |
| став. кон. семејно. насилство | 10, 00 - 45 | 206 | 14, 6165 | 1, 75403 | , 12221 |
| | 11, 00 45+ | 101 | 14, 2277 | 1, 26397 | , 12577 |

| **Independent Samples Test** | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | t - test for Equality of Means | | | | | | |
| | | t | df | Sig. (2tailed) | Mean Difference | Std. Error Difference | 95% Confidence Interval of the Difference | |
| | | | | | | | Lower | Upper |
| став. кон. семејно. насилство | Equal variances assumed | 1, 988 | 305 | , 048 | , 38878 | , 19555 | , 00398 | , 77359 |

*Табела 15 Independent Samples Test*

| **Independent Samples Test** | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | t - test for Equality of Means | | | | | | |
| | | t | df | Sig. (2tailed) | Mean Difference | Std. Error Difference | 95% Confidence Interval of the Difference | |
| | | | | | | | Lower | Upper |
| став. кон. семејно. насилство | Equal variances assumed | 1, 988 | 305 | , 048 | , 38878 | , 19555 | , 00398 | , 77359 |

Со примена на хи квадрат и т тест се покажува дека нема статистички значајна разлика во изразувањето на ставот за семејното насилство, зашто без разлика на возраста ставот е ист кај овие испитаници.

Анализата на резултатите добиени од анкетата не утврди статистички значајна разлика во изразувањето на ставовите поврзани со семејното насилство помеѓу лицата со високо образование (магистри и доктори) и општата популација (средно, вишо и високо образование).

*Табела 16 Хи квадрат за образование и став кон семејно насилство*

| Хи квадрат за образование и став кон семејно насилство | | | |
|---|---|---|---|
| | Value | df | Asymp. Sig. (2 - sided) |
| Pearson Chi - Square | 25, 439[a] | 36 | , 905 |
| Likelihood Ratio | 27, 634 | 36 | , 840 |
| Linear - by - Linear Association | 3, 282 | 1 | , 070 |
| N of Valid Cases | 307 | | |
| a. 33 cells (66, 0%) have expected count less than 5. The minimum expected count is, 02. | | | |

*Табела 17 Group Statistics*

| Group Statistics | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | степен. на. образование | N | Mean | Std. Deviation | Std. Error Mean |
| став. кон. семејно. насилство | >= 5, 00 | 266 | 14, 5451 | 1, 66423 | , 10204 |
| | < 5, 00 | 41 | 14, 1220 | 1, 22872 | , 19189 |

*Табела 18 Independent Samples Test*

| Independent Samples Test | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | t - test for Equality of Means | | | | | | |
| | | t | df | Sig. (2 - tailed) | Mean Difference | Std. Error Difference | 95% Confidence Interval of the Difference | |
| | | | | | | | Lower | Upper |
| став. кон. семејно. насилство | Equal variances assumed | 1, 563 | 305 | , 119 | , 42316 | , 27076 | (, 10964) | , 95597 |

Бидејќи не постои статистичка значајност, се потврдува тврдењето дека степенот на обрзование не е значаен во изразување на ставот кон семејното насилство.

Одговорите на прашањето од анкетниот прашалник дали по пријавата на жртвата на случај на семејно насилство, полициските службеници брзо реагираат, веќе не се толку единствени како во претходните. Така, дури 67,8% од испитаниците мислат дека полициските службеници треба побрзо да реагираат и да пружат соодветна заштита на жртвите.




*Графикон 16 Дали по пријавата на жртвата на случај на семејно насилство, полициските службеници брзо реагираат?*

Испитаниците покажаа поголема верба во ефикасноста на судската заштита и почитувањето на судските одлуки. Дури 82,4% од испитаниците сметаат дека судската заштита е на завидно ниво. Во 17,6% од испитаните лица не покажале верба во работата на судските органи. Во секој случај евидентно е дека вербата во ефикасноста на дејствувањето на полициските органи е на многу пониско ниво, од вербата во работата на судовите. Мнозинството испитаници со ваквиот одговор потврдуваат дека почитувањето на судските одлуки е на завидно ниво, а постои потреба од побзо полициско реагирање.




*Графикон 17 Ефикасноста на судската заштита и почитувањето на судските одлуки е на завидно ниво*

Одговорите на испитаниците покажуваат најголема верба во ефикасноста на судската заштита (82,4%), а најмала во полициската заштита (32,2%). Во 80,8% од испитаниците веруваат дека Центрите за социјална работа овозможуваат итна и квалитетна помош на жртвите на семејно насилство, а 19,2% не се согласуваат со тоа. Овој сооднос е еднаков и на светските трендови и посредно ја потврдува темната бројка на

случаи на семејно насилство. Жртвите најчесто се обраќаат до центрите за социјална работа, поретко се одлучуваат да пријават во полициска станица, а уште помалку да учествуваат во судска постапка.




*Графикон 18 Центрите за социјална работа овозможуваат итна и квалитетна помош на жртвите на семејно насилство*

Со оглед дека демнењето е ново кривично дело кое е воведено во Кривичниот законик во 2023 година. Дури 96,7% од испитаниците изјавиле дека знаат што означува поимот демнење. Ваквите одговори ја потврдуваат големата информираност на нашата испитаничка група.




*Графикон 19 Дали знаете што е демнење?*

На прашањето дали сопруг може да изврши силување врз жената, позитивно одговориле 96, 1% од анкетираните испитаници. Одговорот на ова прашање се разидува од одговорите во други слични анкети извршени на нашето поднебје. Веројатно тоа се должи и на големиот број правнци анкетирани во рамките на ова истражување.




*Графикон 20 Дали сопруг може да изврши силување врз жената?*

Следното прашање - Дали Ви е познато дека постојат итни и привремени мерки, не добило толку позитивни одговори како претходните прашања. Така 77, 9% од испитаниците знаат за постоење на заштитните мерки предвидени во Законот за спречување и заштита од семејно насилство врз жените и семејното насилство[500] иако не постојат реални податоци за ефикасноста од неговата примена заради релативно краткиот рок на примена во пракса. Веројатно тоа се должи на поагресивната медиумска кампања за промовирање на новостите од овој закон.




*Графикон 21 Дали Ви е познато дека постојат итни и привремени мерки?,*

Одговорите на прашањето дали треба да се заостри казнената политика за проблемот со семејното насилство се максимално позитивни или, 94, 5% од испитаниците сметаат дека на насилниците треба да им се изрекуваат повисоки казни. Овој одговор кореспондира и со голем број одговори на последното отворено прашањево кое испитаниците предлагаат максимални казни за овие видови кривични дела.

[500]Законот за спречување и заштита од семејно насилство врз жените и семејното насилство (Сл. Весник на РСМ 24 од 29.01.2021 г.)




*Графикон 22 Дали треба да се заостри казнената политика за проблемот со семејното насилство?*

Прашањето дали сметате дека надлежноста за уредуањето на односите меѓу родители и деца, уредувањето на средбите меѓу нив, како и извршувањето на тие одлуки треба да биде во судска надлежност, потврден одговор доби од 67, 1% од испитаниците. Во 32, 9% сметаат дека тоа не треба да биде во судска надлежност. Ова прашање е директно поврзано со потребата од синхронизација на домашното законодавство со законодавството на ЕУ. Впрочем тоа се налага и во одлуките на ЕСЧП донесени против РСМ. [501] Иако во Граѓанскиот законик кој е во изработка се внесени предлози за подобрување на законските решенија, сѐ уште е неизвесно кога ќе биде неговото усвојување, за што постои широка расправа. За жал тоа резултира со можност за отворање нови случаи кај ЕСЧП, против нашата држава.




*Графикон 23 Дали сметате дека надлежноста за уредувањето меѓу родителите и децата и уредувањето на средбите меѓу нив, како и извршувањето на тие одлуки треба да биде судска надлежност?*

[501] Митови против РСМ и Олури против РСМ.

Одговорот на прашањето дали Вие сте биле жртва на семејно насилство е негативен во 82,7%, а 17,3% одговориле дека биле жртви на семејно насилство. Со оглед на сензитивноста и интимноста на ова прашање и позитивниот одговор на 17,3% од испитаниците, зборува за тежината на проблемот со семејно насилство. Ако се охрабриле позитивно да одговорат дел од испитаниците, постои теориска можност одговорот и кај дел од негативно одговорените да е позитивен. Голем број фактори влијаат за несоочувањето на жртвите со проблемот на семејното насилство.




*Графикон 24 Дали Вие сте биле жртва на семејно насилство?*

Одговорот од 91,5% од испитаниците дека не знаат дали во нивна близина има сигурни куќи за сместување на жртви, загрижува. Само 8,5% испитаниците одговориле дека знаат за такви сместувања. Потребата од поголема информираност на целата јавност и посебно на целната група „жртви на семејно насилство" е итна и неопходна. Очигледно медиумскиот простор не содржи доволно информации за ова многу важно прашање. Сигурно е дека доколку жртвите знаат за постоење на сигурни сместувалишта, почесто ќе се одважат да побараат помош и ќе излезат од кругот на насилството.




*Графикон 25 Дали во Ваша близина има сигурни куќи за сместување на жртви?*

Позитивниот одговор на 94,8% од испитаниците на прашањето дали треба семејното насилство да добие поголема застапеност во јавните медиуми и социјални мрежи и дали треба да се воведат специјализирани обуки и кампањи е поврзано со претходното прашање. Поагресивните и повпечатливи кампањи можат да придонесат повеќе жртви да излезат од сенката на насилството.




*Графикон 26 Дали треба семејното насилство да добие поголема застапеност во јавните медиуми и социјални мрежи и дали треба да се воведат специјализирани обуки и кампањи?*

На последното прашање од отворен тип кое гласеше: Ваш предлог за подобрување на состојбата со семејното насилство или Ваше лично исуство како жртва на семејно насилство, добивме бројни одговори.

Испитаниците предложија низа мерки:

- оформување фонд за жртвите и преземање мерки за нивно економско зајакнување;

- брза реакција на полициските службеници при пријава на семејно насилство, заштита на жртвата со посебни методи и техники;
- националните телевизии и другите медиуми редовно да ги објавуваат телефонските броеви за известување и помош при семејно насилство и помош на децата жртви;
- јавни кампањи за подигање на свеста против семејното насилство и специјализирани услуги за сместување како што се засолништа и кризни центри и обезбедување бесплатна правна помош, отварање работилници во секое населено место со квалификувани кадри;
- поголема ангажираност на центрите за социјална работа;
- задолжителна обука на секој кој работи со семејно насилство;
- повеќе медиумски простор за жртвите и едукативни работилници за младите;
- позаоострена казнена политика;
- поголема ажурност во работата на институциите и отварање прифатни центри;
- систематско решение на државата, со ефикасна советодавна служба, професионално одделение во МВР, функционален правичен судски систем;
- поголема ангажираност на училишните педагози и психолози, нивно усовршување во врска со превенција и третман на семејно насилство, но и секаков вид насилство, како на пример врсничко насилство. Воведување наставни програми за запознавање на децата од најрана возраст со проблемот на семејно насилство;
- поголема соработка помеѓу институциите, бесплатна здравствена и друга заштита на жртвите и на насилниците врз кои треба да се спроведе мерка на задолжително лекување алкохоличари и наркомани;
- зајакнување на економската состојба, помош при вработување на жртвите и бесплатна психолошка помош;
- да се влее сигурност кај жртвите дека ќе добијат брза и ефикасна заштита за да се охрабрат да пријават насилство. Постоење повеќе здруженија и СОС телефони и сигурни куќи за сместување на жртвите со нивните деца;
- подобрување на превентивата преку формирање специјално одделение во склоп на органот на прогон на кое примарна должност ќе биде: детектирање,

превенција, преземање приввремени мерки со цел побрзо и поефикасно спречување на опаноста кон жртвата и брзо поведување, пријава против осомничениот што би придонела за брза и ефикасна заштита на жртвите.

Дел од испитаниците се изјаснија дека биле жртви и ги изнесоа своите лични видувања. Кај нив се гледа огромна недоверба во институциите: „Сметам дека институциите не ја спроведуваат постапката до крај, судските одлуки се пристрасни и сето тоа генерира нови насилници од сведоците на насилството - децата кои само ја продолжуваат „традицијата”, - е едно од искажувањата. Друга испитаничка вели: „Сведок сум на жртви околу мене, незаштитени, исмевани и омаловажувани, прво од полицијата, затоа што првичниот контакт е со нив, па сѐ до фатален крај за жал”. Трета испитаничка укажува дека жената воопшто не е заштитена и бара ригорозни казни за сторителите, бара отстранување на насилникот од домот, а не жртвата да го напушти домот, зашто нема каде да оди и е без елементарни услови за живот. Во еден од одговорите е наведено дека жената била жртва на семејно насилство и била тепана и малтретирана заедно со децата од сопругот. Често се заканувал дека ќе ја убие, полицијата ништо не презела, а судот одлучил да не и се доближува на 100 метри. Тоа не било доволно зашто сопругот не ја почитувал забраната. Оваа жена предлага полицијата сериозно да ги зема предвид пријавите, веднаш да го отстрани и затвори насилникот, зашто може да направи убиство ако се остави заедно со жртвата под ист покрив. Понатаму се предлага ограничување на средбите на насилникот со децата, контактите со нив да не се без надзор и да не им се доверуваат децата за викенд. Една од анкетираните жртви укажува дека била незаштитена во својата родна земја и изложена на насилство. Била принудена да започне живот одново во Австралија, што подалеку од насилникот. Таму се чувствува сигурна и заштитена, а порано била како странец во својата држава.

# ГЛАВА XI: СТАТИСТИЧКА АНАЛИЗА НА СЛУЧАИТЕ ОД СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО И ОДГОВОРОТ НА НАДЛЕЖНИТЕ ОРГАНИ ВО ПЕРИОДОТ 2012 - 2022 ГОДИНА

Овој дел на научниот труд се заснова на извештаите добиени од полициските органи, судовите, Јавното обвинителство, Министерството за труд и социјална политика и Министерството за правда во нашата држава. Побарани беа официјални податоци за семејно насилство на територијата на РСМ во периодот од 1.01.2012 година до. 31.12.2022 година [502] и одговори на следните прашања:

1. Колку има вкупно пријавени случаи на семејно насилство?
2. Колку случаи од пријавените се процесуирани?
3. Во колку случаи се донесени осудителни, а во колку ослободителни одлуки?
4. Во колку случаи се поднесени кривични и прекршочни пријави?
5. Во колку случаи се поднесени барања за привремени мерки, во колку се поведени итни и заштитни мерки?
6. Кој се јавува како подносител на барањата за привремени мерки?
7. Какви одлуки се донесени по однос на тие барања од надлежните судови?
8. Колку затворски и парични казни се изречени, колку условни мерки се изречени против сторителите?
9. Каква е структурата според пол, возраст, брачен статус, образование, работен однос, националност и осудуваност на обвинетите за семејно насилство?
10. Каква е структурата според пол, возраст, однос со сторителот (брачен статус, родителство, бивши партнери, актуелни партнери) образование, работен однос, националност и осудуваност на пријавителите, тужителите, тужените и оштетените/жртвите на семејно насилство?
11. Во колку случаи е утврдено родово базирано насилство, а во колку е утврдено семејно насилство?

[502] Барања за пристап до информации од јавен карактер.

12. Во колку случаи е утврдено физичко, психичко, сексуално и економско насилство?
13. Дали по донесувањето на пресудите за Митови - против РСМ, од 16.04.2015. случај (бр. 53565/13) и Олури, против РСМ, од 16.01.2020 година (бр. 3368/18), се преземени мерки за хармонизирање на домашното законодавство со меѓународното поради спречување на можноста за поднесување апликации пред ЕСЧП со повикување на повреда на Чл.3, 8 и 13 од Конвенцијата?

Известувањата потврдуваат дека сите институции не располагаат и не водат единствена и усогласена евиденција за констатираните случаи на семејно насилство што е пречка за реално согледување на проблемот. Сите потврдуваат дека во анализираниот период од десет години расте бројот на пријавени и процесуирани случаи на семејно насилство. Понатаму трудот ќе ја анализира состојбата со превенцијата и заштитта, појавноста, видовите, казнивоста и изречените мерки за заштита од семејното насилство во периодот од влегување во сила на Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство [503] и на Законот за спречување и заштита од семејно насилство врз жените и семејното насилство. [504]

Во емпирискиот дел на истражувањето се анализирани податоци за феноменолошките и етиолошките карактеристики на семејното насилство, посебно е анализиран обемот и видот, динамиката, половата структура на насилникот и жртвата, односот на насилникот и жртвата. Заради хетерогеноста на податоците користени се различни извори на податоци, а семејното насилство се посматра од различни агли на делување на институциите.

Користени се: правно - догматскиот метод, споредбено - правниот метод и анализата. При обработувањето на законските норми најмногу е користен правно - догматскиот, а споредбено - правниот метод е корстен при анализирањето на странските норми и праксата на ЕСЧП. При анализата на статистичките податоци и судските предмети, се користеше непосредното согледување на резултатите заедно со методата на анализа на содржината. Истата постапка се користеше и при составувањето и обработката на

[503]Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство (Сл. Весник на РСМ 138/14).
[504]Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство (Сл. Весник на РСМ 24/2021 од 29.01.2021 г.)

добиените податоци од креираниот анкетен прашалник во електронска форма во google forms.

*1. 1. Министерство за внатрешни работи на РСМ*

Анализата на полициската статистика придонесува за осознавање на обемот и структурата на пријавените сторители на кривични дела на семејно насилство. Според добиените податоци презентирани во табела 19, за анализираниот период од 01.01.2012 година до 31.12.2022 година МВР на РСМ има регистрирано вкупно 10105 сторители на кривични дела поврзани со семејно насилство. Од нив 9503 сторители биле мажи, а 893 биле жени. Структурата на жртви е составена од вкупно жртви мажи 2255 и вкупно жртви жени 8526. Во периодот кој е предмет на анализа настанало огромно зголемување на вкупниот број на пријавени лица кој се движел од пријавени 610 лица во 2012 година до 1117 лица во 2022 година. Ваквото зголемување на пријавени случаи потврдува дека е намалена темната бројка на пријавени случаи.

Споредбената анализа на податоците за вкупниот број пријавени во 2013 година или 676 лица, 901 лице во 2014 година и 1008 лица во 2005 година го потврдува фактот дека донесувањето на Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство (Сл. Весник на РСМ 138/14) проследено со медиумска кампања, позитивно влијаело и ги храбрело жртвите да се одлучат да пријават. Истиот тренд на енормно зголемување на бројот на пријавени случаи по најавувањето и донесувањето на Законот за спречување и заштита од семејно насилство врз жените и семејното насилство (Сл. Весник на РСМ 24 од 29. 01. 2021 година) се забележува и во периодот 2020 - 2023 година. Овој период се поклопува и со периодот на корона кризата, кога се очекуваше и беше најавено зголемување на бројот на случаи на семејно насилство. Од 992 пријавени случаи во 2020 година, во 2021 бројот на пријави се зголемил на 1056, а во 2022 година достигнал 1117 случаи.

*Табела 19 Број на пријавени лица во МВР како сторители на кривични дела поврзани со семејно насилство за 2012 - 2022 година.* [505]

| Години | вкупно пријавени лица за сите кривични дела поврзани со семејно насилство | сторители мажи | сторители жени | жртви мажи | жртви жени |
|---|---|---|---|---|---|
| **2012** | 610 | 586 | 37 | 114 | 518 |
| **2013** | 676 | 637 | 52 | 131 | 562 |
| **2014** | 901 | 833 | 78 | 179 | 746 |
| **2015** | 1008 | 939 | 89 | 234 | 860 |
| **2016** | 846 | 805 | 84 | 220 | 700 |
| **2017** | 904 | 840 | 85 | 219 | 758 |
| **2018** | 1006 | 953 | 84 | 217 | 864 |
| **2019** | 989 | 931 | 82 | 214 | 847 |
| **2020** | 992 | 930 | 95 | 212 | 840 |
| **2021** | 1056 | 988 | 109 | 266 | 889 |
| **2022** | 1117 | 1061 | 98 | 249 | 942 |
| **вкупно** | **10105** | **9. 503** | **893** | **2. 255** | **8526** |




*Графикон 27 Број на пријавени лица во МВР како сторители на кривични дела поврзани со семејно насилство за 2012-2022 год.*

[505]Решение за одговор на барање за слободен пристап до барана информација рег. Бр. 1612-1638/3 од 13.11.2023 г.

Истражувањето извршено според половата структура на сторителите на кривични дела потврдува дека најчесто сторители на ваков вид на кривични дела се мажи и тоа 9503 во анализираниот период. Во истиот период само 893 жени биле сторители на наведените кривични дела. Анализата на податоците потврдува дека во периодот од 2012 - 2023 година жртви од машкиот пол биле 2255 лица, а од женскиот пол 8526 лица.

Односот на сторители по години е следен: во 2012 година мажи сторители биле 586, а жени 37; во 2013 година мажи сторители биле 637, а жени 52; во 2014 година мажи сторители биле 833, а жени стрители биле 78; во 2015 година мажи сторители биле 939, а жени сторители биле 89; во 2016 година мажи сторители биле 805, а жени сторители биле 84; во 2017 година мажи сторители биле 840, а жени сторители биле 85; во 2018 година мажи сторители биле 953, а жени сторители 84; во 2019 година мажи сторители биле 931, а жени сторители биле 82; во 2020 година мажи сторители биле 930, а жени сторители биле 95; во 2021 година мажи сторители биле 988, а жени 109; во 2022 година мажи сторители биле 988, а жени сторители биле 98.

Официјалната статистика на МВР потврдува пораст на бројот на сторители. Во анализираните 10 години бројот на сторители мажи е 9503, а бројот на сторители жени е 893.

Профилот на жртвата според статистиката на МВР најчесто е жена. Односот на жени жртви според годините кои се предмет на анализа е следен: 2012 година имало 518 жени и 114 мажи жртви; во 2013 година имало 562 жени и 131 мажи жртви; во 2014 година имало 746 жени и 179 мажи жртви; во 2015 година имало 860 жени и 234 мажи жртви; во 2016 година имало 700 жени и 220 мажи жртви; во 2017 година имало 758 жени и 219 мажи жртви; во 2018 година имало 864 жени и 217 мажи жртви; во 2019 година имало 847 жени и 214 мажи жртви, во 2020 година имало 840 жени и 212 мажи жртви, во 2021 година имало 889 жени и 266 мажи жртви; во 2022 година имало 942 жени и 249 мажи жртви. Во целиот период жени жртви се 8526, а 2255 жртви се мажи.

Во Табела 20 е прикажано сродството на сторителот со жртвата според податоците на МВР.

*Табела 20 Податоци за сродството на сторителот со жртвата*

| **год.** | **сопруг** | **сопруга** | **син** | **ќерка** | **мајка** | **татко** | **пор. сопруга** | **пор. сопруг** | **лица во вонбрачна заедница** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | маж | жена |
| **2012** | 311 | 12 | 121 | 5 | 4 | 24 | 2 | 30 | 45 | 0 |
| **2013** | 345 | 14 | 127 | 5 | 10 | 25 | 4 | 29 | 51 | 1 |
| **2014** | 440 | 29 | 151 | 8 | 15 | 43 | 5 | 47 | 60 | 3 |
| **2015** | 468 | 29 | 199 | 17 | 14 | 60 | 13 | 45 | 75 | 3 |
| **2016** | 357 | 19 | 162 | 18 | 12 | 57 | 1 | 43 | 58 | 4 |
| **2017** | 392 | 22 | 161 | 10 | 15 | 51 | 5 | 62 | 81 | 1 |
| **2018** | 398 | 22 | 189 | 12 | 12 | 59 | 8 | 57 | 101 | 2 |
| **2019** | 430 | 23 | 199 | 12 | 10 | 45 | 9 | 51 | 70 | 2 |
| **2020** | 410 | 31 | 179 | 13 | 10 | 64 | 5 | 51 | 73 | 2 |
| **2021** | 443 | 27 | 177 | 11 | 18 | 84 | 3 | 60 | 87 | 5 |
| **2022** | 474 | 25 | 171 | 10 | 19 | 60 | 7 | 74 | 119 | 3 |
| **вкупно** | **4468** | **253** | **1836** | **121** | **139** | **572** | **62** | **549** | **830** | **26** |




*Графикон 28 Сродство на сторителот со жртвата*

Според сродството со сторителот на кривични дела на семејно насилство најмногу или 4468 се сопрузи, 253 се сопруги, 1836 се синови, 121 се ќерки, 139 се мајки, 572 се

татковци, 62 се поранешни сопруги, 549 се поранешни сопрузи, 830 се лица мажи во вонбрачна заедница, а 26 се лица жени во вонбрачна заедница. Процентуално од сите 8856 сторители, мажи се 8255 или 93, 2%, а жени се 601 или 6, 8%. Поранешните вонбрачни сопруги се јавуваат како сторители само во 26 случаи или 0, 68%, а поранешните сопруги само во 62 случаи или 0, 29%. Синовите почесто се сторители од ќерките. Така синовите учествуваат со број од 1836 или 20, 73% од вкупните случаи, а ќерките само со 121 или 1, 37%. Мајките се сторители во 139 случаи или 1, 57%, а татковците во 572 случаи или 6, 46%.

Во Табела 21 се прикажани податоците за сродството на жртвата со сторителот според податоците на МВР. [506]

*Табела 21 Сродство на жртвата со сторителот*

| **год.** | **сопруг** | **сопруга** | **син** | **ќерка** | **мајка** | **татко** | **пор. сопруга** | **пор. сопруг** | **лица во вонбрачна заедница** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | маж | **жена** |
| **2012** | 13 | 310 | 18 | 16 | 75 | 61 | 26 | 3 | 0 | 48 |
| **2013** | 14 | 345 | 18 | 20 | 77 | 83 | 29 | 4 | 1 | 51 |
| **2014** | 31 | 443 | 33 | 36 | 86 | 85 | 47 | 6 | 3 | 50 |
| **2015** | 25 | 468 | 57 | 55 | 130 | 99 | 45 | 11 | 3 | 75 |
| **2016** | 18 | 357 | 48 | 41 | 112 | 95 | 43 | 1 | 4 | 58 |
| **2017** | 22 | 392 | 61 | 30 | 99 | 85 | 62 | 5 | 1 | 81 |
| **2018** | 22 | 398 | 41 | 47 | 116 | 92 | 57 | 8 | 2 | 101 |
| **2019** | 23 | 430 | 42 | 33 | 123 | 106 | 51 | 9 | 2 | 70 |
| **2020** | 31 | 410 | 42 | 45 | 111 | 85 | 51 | 5 | 2 | 73 |
| **2021** | 27 | 443 | 62 | 59 | 109 | 99 | 60 | 3 | 5 | 87 |
| **2022** | 25 | 474 | 58 | 44 | 100 | 86 | 74 | 7 | 3 | 119 |
| **Вкупно** | **254** | **4470** | **480** | **426** | **1138** | **976** | **545** | **62** | **26** | **813** |

[506] Ibid.




*Графикон 29 Сродство на жртвата со сторителот*

Според сродството на жртвата на кривичните дела на семејно насилство со сторителот најмногу или 4470 се сопруги, 1138 се мајки, 976 се татковци, 813 се жени од вонбрачна заедница, 545 се поранешни сопруги, 480 се синови, 426 се ќерки, 62 се поранешни сопрузи и 26 се мажи од вонбрачни заедници.

Од сите 9190 жртви сопругите се 7392 или 80,40%, а сопрузите се 1798 или 19,56%. Поранешните вонбрачни сопрузи се јавуваат како жртви само во 26 случаи или 0,28%, а поранешните вонбрачни сопруги во 813 случаи или 8,85%. Поранешните сопруги се жртви во 545 случаи или 5,93%, а поранешните сопрузи се жртви во 62 случаи или 0,67%. Синовите во 480 случаи се жртви или во 5,22%, а ќерките се жртви во 426 случаи или 4,54%. Мајките се жртви во 1138 случаи или 12,38%, а татковците во 976 случаи или 10,62%.

Партнерското насилство е еден од облиците на насилство во семејството кое претставува насилнички однос на наизглед рамноправни партнери, присутен често и во насилнички односи кон деца и родители, и други членови на семејството. Истражувањата од областа на психологијата, социологијата и криминологијата потврдуваат пораст на насилството во општеството што е директно поврзано со насилството во семејството,

бракот и партнерските односи. Најчести жртви се жените, децата и постарите, како и адолесцентите. Кај сите насилството може да трае од почетокот на врската со насилникот до крајот, доколку жртвата нема начин да се отргне од кругот на насилството.

Како и секое истражување, и ова има теориско, научно и општествено значење, зашто со добиените резултати ќе може да се предложат нови практики и ефикасни законски мерки во поглед на третманот на насилниците и превенирање и заштита на жртвите.

*1. 2. Анализа на податоците добиени од основните судови во РСМ во кривично - правните предмети*

За разлика од статистиката која ја води МВР на РСМ, која изобилува со податоци за бројот на сторители, структура по пол и сродство и од која може да се добие профил на сторител и жртва на семејно насилство, сите судови во нашата држава и покрај законската обврска не водат систематизирана анализа на случаите на семејно насилство. Впечатокот е дека Врховниот суд на РСМ кој треба да ја уедначува судската пракса и да ги поседува податоците од сите судови не ја води потребната статистика и нема увид во реалниот број на судени случаи. [507]

Јавното обвинителство на РСМ не ги обработува податоците за кривични дела сторени при вршење семејно насилство и не поседува никакви информации кои се од интерес на нашето истражување. [508]

Примери за добра пракса на судовите во РСМ кои водат евиденција за случаите на семејно насилство се: Основниот кривичен суд Скопје, Основниот граѓански суд - Скопје, Основниот суд - Охрид, Основниот суд - Гевгелија, Основниот суд - Куманово, Основниот суд - Штип, Основниот суд - Прилеп и Апелационите судови во Скопје, Битола и Штип.

Според податоците на наведените основни судови во периодот 2012 - 2022 година се заведени 1558 предмети.

---

[507] Решение СПИ бр. 6/2023 од 14.11.2023 година на Врховен суд на Република Северна Македонија.

[508] Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер А бр. 03-517/2 од ЈО На РСМ од 15.11.2023 г.

Во Табела 22 се прикажани податоци за вкупно примени кривични предмети во Основниот кривичен суд Скопје, [509] Основните судови во Охрид, [510] Куманово, [511] Гевгелија [512] и Прилеп [513] во анализираниот период од 2012 – 2022 година.

*Табела 22 Вкупно примени предмети кај Основните судови во РСМ*

| Вкупно примени предмети период 2012 - 2022 | Основен кривичен суд - Скопје | Основен суд - Охрид | Основен суд - Куманово | Основен суд - Гевгелија | Основен суд - Прилеп |
|---|---|---|---|---|---|
| **1756** | **745** | **261** | **302** | **55** | **393** |




*Графикон 30 Вкупно примени кривични предмети во основните судови по градови*

Табелата 23 ја прикажува казнената политика на Основниот кривичен суд - Скопје во периодот 2014 - 2022 година. Податоците пред 2014 година интегрираниот АКМИС систем не ги содржи и не ги прикажува.

[509] Известување со прилог табели ПЈИ 44/2023 од 22.11.2023 г. на Основен кривичен суд Скопје.
[510] Решение СПИ-20/23 од 15.11.2023 на Основен суд Охрид.
[511] Решение СПИ-12/23 од 20.11.2023 на Основен суд Куманово.
[512] Решение СПИ бр. 11/23 од 9.11.2023 на Основен суд Гевгелија.
[513] Информации СПИ бр. 12/23 од 1.12.2023 г.на Основен суд Прилеп.

*Табела 23 Изречени казни од Основен кривичен суд Скопје 2014 - 2022 година*

| **години** | **Основен Кривичен суд - Скопје** | **условн а казна** | **условна казна со заштитен надзор** | **казна затвор** | **протерувањ е** | **ослобо дителни** | **запр ени** | **пари чна** | **опоме на** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2014** | 103 | 71 | 2 | 2 | 0 | 5 | 22 | 0 | 1 |
| **2015** | 82 | 48 | 2 | 9 | 0 | 3 | 17 | 0 | 3 |
| **2016** | 73 | 50 | 1 | 9 | 0 | 3 | 10 | о | 0 |
| **2017** | 48 | 18 | 1 | 12 | 0 | 8 | 9 | 0 | 0 |
| **2018** | 62 | 34 | 2 | 10 | 0 | 7 | 9 | 0 | 0 |
| **2019** | 78 | 38 | 6 | 12 | 0 | 15 | 7 | о | 0 |
| **2020** | 83 | 40 | 2 | 18 | 1 | 4 | 18 | 0 | 0 |
| **2021** | 102 | 57 | 5 | 12 | 0 | 8 | 18 | 2 | 0 |
| **2022** | 106 | 48 | 12 | 23 | 1 | 4 | 18 | 0 | 0 |
| **вкупно** | **745** | **404** | **33** | **107** | **2** | **57** | **128** | **2** | **4** |

Од вкупно процесуирани 745 предмети, Основниот кривичен суд Скопје, во 404 случаи, или во 54, 23%, на сторителите им изрекол условни осуди. На 33 сторители или на 4, 43% им изрекол условни осуди со заштитен надзор, 107 сторители или 14,36% добиле затворска казна, 2 сторители или 0, 27% биле протерани. Ослободителни одлуки биле донесени во 57 случаи или во 7,65%. Во 128 од предметите или во 17, 18% постапката била запрена. Двајца сторители или 0, 27% добиле парична казна, а во 4 случаи или во 0, 54% била изречена судска опомена.




*Графикон 31 Изречени казни од Основен кривичен суд Скопје 2014 - 2022*

Со оглед дека само во 24, 83% од предметите постапката се запрела или била донесена ослободителна одлука, во останатите 75, 17% била спроведена судска постапка, а сторителите биле казнети. Анализата на добиените податоци упатува на ефикасност и ажурност на постапувањето на Основниот кривичен суд Скопје.

Според податоците на Основниот суд Охрид вкупно биле процесуирани 261 кривичен предмет. Во 30 или 11,49% предмети биле изречени затворски казни. Во 6 или 2,30% предмети биле изречени парични казни, а во 177 или 67, 82% биле изречени условни осуди. [514] Во 48 предмети била донесена ослободителна одлука. [515]

*Табела 24 Изречени казни од Основниот суд Охрид 2012 - 2022 година*

| **Основен суд - Охрид 2012 - 2022 година** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **условна казна** | **условна казна со заштитен надзор** | **казна затвор** | **проте рување** | **ослобо дителни** | **запрени** | **парична** | **опомена** |
| 177 | 0 | 30 | 0 | 48 | 0 | 6 | 0 |

Извршеното истражување од податоците на Основниот суд - Охрид го утврдува профилот на сторителот на семејно насилство: маж на возраст од 25 - 55 години кој завршил средно образование, скоро секогаш бил претходно осудуван и тој што е во брак со жртвата.

[514] Решение СПИ-20/23 од 15.11.2023 на Основен суд Охрид.
[515] Ibid.




*Графикон 32 Изречени казни од Основниот суд Охрид во период од 2012 до 2023*

Според националноста 40% од сторителите се Македонци, 40% се Албанци и 20% припаѓаат на други етнички заедници.

*Табела 25 Структура според националност*

| **Националност на сторителите Основен суд - Охрид 2012 - 2022 година** | | |
|---|---|---|
| **Македонци** | **Албанци** | **други** |
| **40%** | **40%** | **20%** |




*Графикон 33 Националност на сторителите за Основен суд Охрид 2012 - 2022*

Статистиката на овој суд утврдува дека 99% од сторителите на делата на семејно насилство се мажи на возраст од 25 до 55 години.

Табелата 26 ја прикажува половата структура на сторителите на кривични дела на семејно насилство според националната структура осудени од страна на Основниот суд - Охрид.

*Табела 26 Половата структура на сторителите*

| **Полова структура на сторители - Основен суд Охрид 2012 - 2022** | |
|---|---|
| **мажи** | **жени** |
| **99%** | **1%** |




*Графикон 34 Полова структура на сторителите за Основен суд Охрид 2012 - 2022*

Статистиката на Основниот суд Охрид утврдува дека 60% од сторителите биле брачни другари на жртвите, 30% биле во вонбрачна врска со жртвата и во 10% нивни жртви биле родители и деца.

*Табела 27 Сродство со сторителот*

| **Сродство со сторителот - Основен суд - Охрид 2012 - 2022 година** | | |
|---|---|---|
| **брачен другар** | **вонбрачна врска** | **родители и деца** |
| **60%** | **30%** | **10%** |




*Графикон 35 Сродство со сторителот за Основен суд Охрид 2012-2022*

Анализираните податоци ги потврдуваат состојбите со семејното насилство насекаде во светот и утврдуваат дека во 99% жртвите се жени. Просечната возраст на жртвата жена е од 15 до 40 години, период што се поврзува и со фертилноста на женскиот пол. Во 60% од случаите жртвата е злоставувана од брачниот другар, во 30% е злоставувана од бившиот брачен другар, а во 10% жртвите се во однос со сторителот, главно врска родител - дете. Податокот дека 90% од жртвите се во работен однос фрапира и потврдува дека жртви на семејно насилство се и економски стабилните жени кои и покрај самостојноста трпат семејно насилство. Според образованието 90% од жртвите завршиле средно образование, а според националноста 40% од жртвите се Македонци, 40% се Албанци и 20% припаѓаат на други етнички заедници. Во 90% жртвите не биле претходно осудувани, а во 10% претходно биле осудувани. Основниот суд Охрид искажува податок за утврдено семејно насилство во 85% од случаите и родово базирано насилство во 15%. [516]

[516]Решение СПИ-20/23 од 15.11.2023 на Основен суд Охрид.

*Табела 28 Основен суд - Охрид - вид на насилство*

| **Основен суд - Охрид - вид на насилство** | |
|---|---|
| **семејно насилство** | **родово базирано насилство** |
| **85%** | **15%** |




*Графикон 36 Вид на насилство за Основен суд Охрид 2012 - 2022*

Табелата број 29 прикажува дека во 80% од случаите кои се заведени во Основниот суд - Охрид е утврдено физичко насилство, во 100% е утврдено психичко насилство, во 5% сексуално насилство и во 2% економско насилство. Според ваквиот приказ се потврдуваат светските истражувања, дека психичкото насилство е најчесто. Поразителен е податокот дека од 100 жртви, 100 трпат психичко насилство, а 80 трпат и психичко и физичко насилство.

*Табела 29 Облици на семејно насилство утврдени од Основен суд - Охрид*

| **Основен суд Охрид** | | | |
|---|---|---|---|
| **психичко и физичко насилство** | **психичко насилство** | **психичко и сексуално насилство** | **сихичко и економско насилство** |
| **80%** | **13%** | **5%** | **2%** |




*Графикон 37 Облици на семејно насилство утврдени од Основен суд Охрид 2012 - 2022*

Основниот суд - Куманово во анализираниот период 2012 - 2022 година процесуирал вкупно 295 кривични постапки, во кои биле донесени 278 осудителни и 17ослободителни пресуди.

Во Табелата 30 се прикажани податоците за вкупно 284 сторени кривични дела поврзани со семејно насилство и изречените казни од Основниот суд - Куманово во периодот од 2012 - 2022 година. [517]

*Табела 30 Кривични дела и казни изречени од Основниот суд Куманово 2012 - 2022*

| **Основен суд Куманово 2012 - 2022 година** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **кривично дело** | **казна затвор** | **задолжително психијатриско лекување** | **парична казна** | **условна казна** |
| Чл.123 ст. 2 т. 2 | 6 | 1 | 0 | 0 |
| Чл.130 ст. 2 | 25 | 0 | 3 | 150 |
| Чл.131 ст. 2 | 7 | 0 | 0 | 7 |
| Чл.144 ст. 2 | 14 | 0 | 0 | 70 |
| Чл.189 ст. 2 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| **Вкупно** | **52** | **1** | **3** | **228** |

[517]Решение СПИ-12/23 од 20.11.2023 на Основен суд Куманово.




*Графикон 38 Изречени казни од Основен суд Куманово 2012 - 2022*

Основниот суд - Гевгелија во периодот 2012 - 2022 година примил 55 кривични пријави, а во тие предмети биле изречени 10 затворски казни или казна затвор им била изречена на 18,18% од сторителите. Во 44 случаи или во 80% била изречена условна осуда, а во еден случај обвинението било одбиено или во 1,82%). [518] Анализата на податоците од овој суд, потврдува дека сите примени пријави биле процесуирани, решени и судот во претежен дел изрекувал условни осуди за кривичните дела поврзани со семејно насилство.

*Табела 31 Изречени казни од Основниот суд Гевгелија 2012 - 2022 година*

| **Основен суд - Гевгелија 2012 - 2022 година** | | | |
|---|---|---|---|
| **условна казна** | **условна казна со заштитен надзор** | **казна затвор** | **ослободителни** |
| **44** | **0** | **10** | **1** |

[518]Решение СПИ бр. 11/23 од 9.11.2023 на Основен суд Гевгелија.




*Графикон 39 Изречени казни од Основен суд Гевгелија 2012 - 2022*

Основниот суд – Прилеп завел 393 кривични предмети во периодот 2012 - 2022 година. Од нив, во 355 постапки или 90, 33% е донесена осудителна осуда, во 6 или 1, 53% е запрена постапката, во 2 или 0, 51% е донесена ослободителна одлука, а 26 или 6, 62% од постапките се во тек.




*Графикон 40 Изречени казни од Основен суд Прилеп 2012 - 2022*

Табелата број 32 прикажува состојба дека од осудителните осуди, во 18 или 4, 58% од процесуираните предмети е изречена казна затвор, во 91 или 23, 16% е изречена парична казна и во 246 или 62, 60% е изречена условна осуда.

Во 266 или 67, 68% случаи судот утврдил физичко насилство, во 125 психичко насилство или 31, 81%, а во 2 и психичко и физичко насилство. Најмногу сторители 347 се Македонци или 88, 30%, 34 се Роми или 8, 65% и останатите или 3, 0% се од друга националност.

*Табела 32 Изречени казни од Основниот суд - Прилеп 2012 - 2022 година*

| **Основен суд - Прилеп 2012 - 2022 година** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **условна казна** | **условна казна со заштитен надзор** | **казна затвор** | **проте рување** | **ослобо дителни** | **запрени** | **парич на** | **опомена** |
| **246** | **0** | **18** | **0** | **2** | **6** | **91** | **0** |

Табелата број 33 ја изразува половата структура на сторителите и жртвите кај Основниот суд - Прилеп од која е очигледно дека доминираат сторителите од машки пол и тоа 367 или 89, 95%. Жени сторители на кривични дела поврзани со семејно насилство биле 41 лице или 10, 05%. И кај овој суд доминираат жените жртви во 355 или 88, 75% предмети од кои 14 се деца. Од жртвите 45 жртви биле од машки пол или 11, 25%, од кои 9 биле деца.

*Табела 33 Полова структура на сторители во Основниот суд - Прилеп 2012 - 2022*

| Полова структура на сторители - Основен суд - Прилеп 2012 - 2022 година | |
|---|---|
| **Мажи** | **Жени** |
| **89, 95%** | **10, 05%** |




*Графикон 41 Полова структура на сторители во Основниот суд Прилеп 2012 - 2022*

*Табела 34 Полова структура на жртви - Основен суд - Прилеп 2012 - 2022 година*

| Полова структура на жртви - Основен суд - Прилеп 2012 - 2022 година | |
|---|---|
| **Жени** | **Мажи** |
| **88, 75%** | **11, 25%** |




*Графикон 42 Полова структура на жртви - Основен суд - Прилеп 2012 - 2022 година*

Најмногу од сторителите или 150 биле брачни партнери на жртвата или 38, 17%; 75 или 19, 08% биле поранешни партнери на жртвата; 30 или 7, 63% биле вонбрачни партнери, а во 14 или 3, 56% свекорот бил сторител на семејно насилство.

Табелата 35 прикажува дека најмногу од сторителите или 150 биле брачни партнери на жртвата или 38, 17%; 75 или 19, 08% биле поранешни партнери на жртвата; 30 или 7, 63% биле вонбрачни партнери; во 14 или 3, 56% свекорот бил сторител на семејно насилство. Во 9 случаи или 2, 29% свекор или свекрва биле жртви; свршеници биле жртви во 3 или 0, 76% случаи; во 19 или 4, 83% случаи жртви биле деца; во 19 или 4, 83% случаи жртви биле родители и во по 1 или 0, 25% баба и внук биле жртви.

*Табела 35 Сродство на жртвата со сторителот - Основен - Прилеп 2012 - 2022*

| **Сродство на жртвата со сторителот** | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **сторител** | **брачен партнер** | **поранешен брачен партнер** | **вонбрачни партнери** | **свекор** | **сна а** | **сврш еница** | **деца** | **родители** | **баба и внук** | **друго** |
| **393** | **150** | **75** | **30** | **14** | **9** | **3** | **19** | **19** | **2** | **72** |




*Графикон 43 Сродство на жртвата со сторителот - Основен - Прилеп 2012 - 2022*

Табелата 36 ја прикажува структурата на изречените казни во судовите во РСМ за кривични дела поврзани со семејно насилство.

*Табела 36 Структура на изречени казни од судовите во РСМ*

| судови | условна казна | условна казна со заштитен надзор | казна затвор | парична казна | опомена | ослободител ни |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Основен Кривичен суд Скопје** | 54. 23% | 4. 43% | 14. 36% | 0. 27% | 0. 54% | 26. 17% |
| **Основен суд Охрид** | 67. 82% | 0% | 11. 49% | 2. 30% | 0% | 18.39% |
| **Основен суд Куманово** | 80. 28% | 0% | 18.31% | 1. 06% | 0% | 0. 35% |
| **Основен суд Гевгелија** | 80% | 0% | 18.18% | 0% | 0% | 1. 82% |
| **Основен суд Прилеп** | **62. 60%** | **0%** | **4. 58%** | **23.16%** | **0%** | **9. 66%** |




*Графикон 44 Структура на изречени казни од судовите во РСМ*




*Графикон 45 Основен Кривичен суд Скопје*




*Графикон 46 Основен суд Охрид*




*Графикон 47 Основен суд Куманово*




*Графикон 48 Основен суд Гевгелија*




*Графикон 49 Основен суд Прилеп*

Истражувањето на казните кои ги изрекле судовите во РСМ во анализираниот период укажува дека најчесто изрекувана е алтернативната мерка условна казна и се движи од 54, 23% кај Основниот кривичен суд – Скопје; до 80, 28% кај Основниот суд - Куманово. Најблага казнена политика има Основниот суд - Прилеп каде во 4, 58% се изречени казни затвор. Најостра казнена политика има Основниот суд - Куманово кој во истиот период изрекол 18, 31% казни затвор. Забележливо е дека Основниот суд - Прилеп дури во 23, 16% изрекол парична казна, а сите други судови оваа казна ја изрекувале во занемарлив број случаи. Во овој контекст оправдано се поставува прашањето дали и зошто Основниот суд - Прилеп со толку блага казнена политика го потиснува проблемот на семејното насилство, не ја врши превентивната улога и не влијае ресоцијализирачки врз

сторителите. Во краен случај, со исклучително благата казнена политика практично се стимулираат сторителите на овој вид кривични дела.

### *1. 3. Анализа на податоците добиени од основните судови во РСМ во граѓанско - правните предмети*

Во периодот 2012 - 2022 година граѓанските судови во РСМ постапувале согласно со Законот за превенција, заштита и спречување семејно насилство[519] (2014 - 2021) и Законот за спречување и заштита од семејно насилство врз жените и семејното насилство[520] (2021 - 2022). Во наведените периоди судовите најчесто изрекувале привремени мерки за заштита од семејно насилство. Основниот Граѓански суд - Скопје примил и процесуирал 1025 предлози за изрекување привремени мерки во периодот 2012 - 2022 година.

*Табела 37 Број на примени предлози за изрекување привремени мерки 2012 - 2022 година од страна на Основниот Граѓански суд - Скопје*

| **ОСНОВЕН ГРАЃАНСКИ СУД - СКОПЈЕ** | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
| 56 | 19 | 37 | 64 | 45 | 52 | 90 | 122 | 119 | 149 | 272 |

Извор: Решение СПИ бр. 23/23 на Основен граѓански суд Скопје

[519] Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, Службен весник на Република Македонија, број 138/14, 33/15 и150/15.

[520] Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство (Сл. Весник на РСМ 24/2021 од 29.01.2021 г.)




*Графикон 50 Привремени мерки за заштита од семејно насилство во Основниот граѓански суд Скопје 2012 - 2022*

Од табелата број 37 и графиконот се гледа дека во текот на десет години постојано растел бројот на предлози за изрекување привремени мерки кај Основниот граѓански суд - Скопје. Кај овој суд во 2012 година биле примени 56 предмети. Во споредба со 272 примени предмети во 2022 година настанало зголемување на бројот на примени предмети за пет пати, а од примените 19 во 2013 година настанало зголемување за четиринаесет пати.

Според информациите добиени од Основниот граѓански суд Скопје [521] судот ги процесуирал сите предмети и сите ги решил со оглед дека се работи за итна постапка. Кај овој суд, најчесто изрекувани мерки за зашита се:

1. сместување во центар за лица - жртви на семејно насилство;

2. соодветна здравствена заштита;

3. соодветна психосоцијална интервенција и третман;

4. психосоцијален третман во советувалиште;

[521] Решение СПИ бр. 23/23 на Основен граѓански суд Скопје од 7.11.2023 г.

5. помош на семејството за редовно школување на дете;
6. правна помош и застапување;
7. економско јакнење на жртвата преку нејзино активно вклучување на пазарот на трудот.

Како подносител на предлозите за изрекување привремени мерки за заштита од семејно насилство, најчесто се јавуваат: Центарот за социјални работи - Скопје, Министерството за внатрешни работи на РСМ, и во многу ретки случаи жртвата.

Центарот за социјални работи е подносител на 480 предлози за изрекување привремени мерки во текот на анализираните години пред Основниот суд Охрид. МВР иницирало 2 постапки, а жртвите сами поднеле предлози само во 3 постапки.

Слична е состојбата и во Основниот суд - Гевгелија кој изрекол 110 привремени мерки, лекување во невропсихијатриска болница, забрани за малтретирање, вознемирување, телефонирање икакви било други контакти и приближување до домот на жртвата. Овој суд изрекол 21 итна мерка отстранување од домот во траење од 30 дена. Најчесто подносител бил ЈУМЦСР Гевгелија и Валандово и МВР - Гевгелија и Валандово.

Табелата број 38 прикажува дека Основниот суд – Прилеп примил и процесуирал 272 предлози за изрекување привремени мерки, а во 231 или во 84, 92% од предметите изрекол итни и заштитни мерки, во 19 предмети или 6, 99% предлогот бил повлечен, во 5 или 1, 84% бил отфрлен, во 2 или 0, 74% Основниот суд - Прилеп се огласил за ненадлежен и во 15 или 5, 51% донесол друг вид одлуки. Во овој суд сите постапки биле иницирани од Центарот за социјална работа. Основниот суд - Прилеп утврдил во 107 или 39, 34% од предметите родово базирано насилство, а во 138 или 50, 74% семејно насилство.

*Табела 38 Гараѓанско - правни одлуки на Основниот суд – Прилеп 2012 - 2022 година*

| **Граѓанско - правни одлуки на Основниот суд - Прилеп 2012 - 2022 година** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **итни и заштитни мерки** | **повлечен** | **отфрлен** | **ненадлежен** | **друг вид одлуки** |
| **84, 92%** | **6, 99%** | **1, 84%** | **0, 74%** | **5, 51%** |




*Графикон 51 Гараѓанско - правни одлуки на Основниот суд – Прилеп 2012 - 2022 година*

Половата структура на сторителите на семејно насилство кај Основниот суд – Прилеп за анализираниот период е следна: сторители од машки пол се 222 лица или 90,09%, а од женски пол 22 лица или 9,91%.

*Табела 39 Полова структура на сторители на семејно насилство - Основен суд - Прилеп 2012 - 2022*

| **Полова структура на сторители на семејно насилство - Основен суд - Прилеп 2012 - 2022** | |
|---|---|
| **мажи** | **жени** |
| **222 или 90. 09%** | **22 или 9. 91%** |




*Графикон 52 Полова структура на сторители на семејно насилство - Основен суд - Прилеп 2012 - 2022*

Табелата број 39 го прикажува сродството на сторителот и жртвата утврден кај Основниот суд - Прилеп за анализираниот период. Во 90 случаи или 33, 09% сторителот и жртвата се брачни другари, во 14 или 5, 15% се вонбрачни другари, во 71 случаи или 26, 10% сторителот и жртвата се родители и деца и во 32 случаи или 11, 76% сторителот и жртвата се поранешни партнери и во 10 или 3, 68% други врски.

*Табела 40 Сродството на сторителот и жртвата кај Основен суд - Прилеп*

| **Сродството на сторителот и жртвата кај Основен суд - Прилеп** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **брачен другар** | **вонбрачен другар** | **родители и деца** | **поранешни партнери** | **други врски** |
| **33, 09%** | **5, 15%** | **26, 10%** | **11, 76%** | **3, 68%** |




*Графикон 53 Сродството на сторителот и жртвата кај Основен суд - Прилеп*

Табелата број 41 ги прикажува облиците на семејно насилство од страна на Основниот суд - Прилеп. Според обликот физичко насилство е утврдено во 213 случаи или 78,31%, а психичко насилство е утврдено во 229 или 84,19% случаи, во 1 или 0,37% е утврдено сексуално насилство и во 7, или 2,57% економско насилство. Основниот суд Прилеп е еден од ретките судови кои ги препознава сите облици на семејно насилство; физичко, психичко, економско и сексуално.

*Табела 41 Облици на семејно насилство кај Основен суд - Прилеп*

| **Облици на семејно насилство кај Основен суд - Прилеп** | | | |
|---|---|---|---|
| **физичко** | **психичко** | **економско** | **сексуално** |
| **78.31%** | **84. 19%** | **0. 37%** | **0. 37%** |




*Графикон 54 Облици на семејно насилство кај Основен суд - Прилеп*

Основниот суд – Штип во анализираниот период примил 194 предлози за заштита од семејно насилство и сите се процесуирани. Во сите подносител бил Центарот за социјална работа и сите предлози биле усвоени. Кај овој суд сторители според пол се исклучиво мажите, по националност 103 биле Роми, а 101 од сторителите биле Македонци. Во сите случаи на насилство е утврдено физичко насилство.

Табелата 42 го прикажува бројот на примени предлози за изрекување привремени мерки во судовите во РСМ за истражуваниот период.

*Табела 42 Вкупно примени предлози за изрекување привремени мерки кај судовите во РСМ за период од 2012 до 2022 година*

| вкупно примени предмети период 2012 - 2022 | Основен граѓански суд - Скопје | Основен суд - Охрид | Основен суд - Штип | Основен суд - Куманово | Основен суд Гевгелија | Основен суд - Прилеп |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **2176** | **1025** | **406** | **194** | **169** | **110** | **272** |

Во анализираниот период судовите во РСМ примиле вкупно 2176 предлози за изрекување привремени мерки за заштита од семејно насилство. Од нив најмногу се

примени во Основниот граѓански суд - Скопје (1025), потоа во Основниот суд - Охрид (406), Основниот суд - Прилеп (272), Основниот суд - Штип (194) и Основниот суд - Гевгелија (110).




*Графикон 55 Предлози за изрекување привремени мерки кај судовите по градови за период 2012 - 2022*

Првото национално истражување за домашно насилство во Северна Македонија беше спроведено во 2012 година во рамките на програмата наречена „Зајакнување на националните капацитети за спречување на домашното насилство”. [522] Фокусот на истражувањето на спроведената анкета беше домашното насилство врз жените, мажите и децата. Според податоците, 39% од жените и 36% од мажите претрпеле домашно насилство. Поголемиот дел од сторителите биле мажи, а жените од руралните средини и со пониско образование почесто биле жртви. Помладите жени и мажи биле особено изложени на насилство, а распространетоста кај децата (15 - 18 години) била повисока отколку кај сите други возрасни групи.

Северна Македонија учествуваше во регионалното истражување за Ромите спроведено од страна на УНДП и Светската банка во 2017 година во Западен Балкан.

[522] Поповска Љ., Рикаловски В., Вилагомез Е., Извештај за Националното истражување за домашно насилство, Скопје: Магна Скен, 2012, пристапено на 4 април 2019 година, достапно на: https://www.academia.edu/6318311/REPORT_ON_THE_NATIONAL_SURVEY_OF_DOMESTIC_VIOLENCE.

Резултатите од анкетата покажаа дека положбата на жените Ромки е особено ранлива и дека има висока распространетост на раните бракови, секоја трета Ромка на возраст од 20 до 49 години стапила во брак пред 18 години што ја поткопува благосостојбата на ромските девојки. [523]

Според истражувањето спроведено од ОБСЕ за насилството врз жените во Северна Македонија: „Благосостојбата и безбедноста на жените" во 2019 година, стапките на пријавување и регистрирање на насилството често се повисоки кај земјите каде што насилството врз жените почесто се смета за приватна работа што треба да остане во рамките на домот и каде што стигмата за жените жртви на насилство е висока. Ова истражување констатира дека во Северна Македонија има слаби институционални механизми за превенција и заштита на жртвите (ОБСЕ, 2019). [524]

Анкетата спроведена од ОБСЕ е прво истражување од ваков вид за распространетоста на насилството врз жените во Република Северна Македонија. Според клучните наоди на ова истражување насилството врз жените се смета за прилично распространет феномен во земјата. Три од пет (60%) жени сметале дека насилството врз жените е вообичаено, а речиси три од десет сметале дека тоа е многу честа појава. Речиси една од пет жени (17%) лично познавала некого во нивното семејство и меѓу нивните пријателки кои доживеале некоја форма на домашно насилство. Нешто повеќе од половина од жените (54%) неодамна виделе или слушнале за рекламни кампањи поврзани со насилството врз жените, а мнозинството се чувствуваа донекаде информирани за тоа што треба да направат ако бидат жртва на насилство (63%). Само над две од пет анкетирани жени кои зборуваат албански јазик, сметале дека насилството е честа појава (42%), а оваа група била уште помалку запозната со невладините организации кои нудат поддршка. Четиринаесет% од жените доживеале физичко или сексуално насилство од 15 годишна возраст од страна на партнер или непартнер (7% од жените што зборуваат албански, наспроти 16% од жените што зборуваат македонски јазик). Психолошкото насилство извршено од интимен партнер е значително почесто, при што 44% од жените

[523] " Regional Roma Survey 2017: Country Fact Sheets", UNDP in Europe and Central Asia, 9 April 2018, 4 април 2019 г., достапно на: http://www.eurasia.undp.org/content/rbec/en/home/library/roma/regional-roma-survey-2017-country-fact-sheets.html l.

[524] Истражување спроведено од ОБСЕ за насилството врз жените во Северна Македонија „Благосостојбата и безбедноста на жените „ 2019 г. Организација за безбедност и соработка со Европа Родови прашања Секретаријат на ОБСЕ Wallnerstrasse, Vienna, Austria.

потврдиле дека го доживеале истото (43% од жените кои анкетата ја пополниле на албански јазик). Три од десет (30%) жени биле сексуално вознемирувани од 15 - годишна возраст, а една од десет (10%) биле сексуално малтретирани во 12 месеци пред истражувањето (9% и 4%, од жените што зборуваат албански јазик). Три пати повеќе жени во Северна Македонија сметале дека домашното насилство е приватна работа Овие ставови биле поизразени кај жените што зборуваат албански, од кои речиси седум од десет (67%) сметале дека домашното насилство е приватна работа.

Министерството за труд и социјална политика и Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија во соработка со Европскиот институт за родова еднаквост (EIGE), [525] изготвија Извештај за Националниот Индекс на родова еднаквост за Северна Македонија 2022 година. [526]

Индикаторите користени за пресметките на Индексот на родова еднаквост се усогласени со индикаторите на ЕУ, односно 28 индикатори од вкупно од 31 се индикатори од истите бази на податоци користени и од ЕУ (Евростат, Еурофонд, база на податоци за родова статистика ЕИГЕ), додека три индикатори во доменот Здравје се прокси индикатори.

Индексот за родова еднаквост на РСМ за 2022 година ги прикажува податоците за процентот на жени што претрпеле физичко и/или сексуално насилство од 15 - годишна возраст, процентот на жени што претрпеле физичко и/или сексуално насилство во последните 12 месеци, бројот на фемициди извршени од интимен партнер или член на семејството (стапка на 100000 жители), процент на жени што претрпеле физичко и/или сексуално насилство во последните 12 месеци и не кажале никому, процент на жени со здравствени последици како резултат на физичко и/или сексуално насилство од 15 - годишна возраст, процент на жени со здравствени последици како резултат на физичко и/или сексуално насилство претрпено во последните 12 месеци. Доменот семејно насилство се мери преку составните поддомени: распространетост на насилството, суровост (степенот на здравствени и животни последици по жртвата на насилство) и пријавување насилство во институциите и/или на други лица.

---

[525] EIGE, достапно на: http://eige.europa.eu

[526] Извештај за Националниот Индекс на родова еднаквост за Северна Македонија 2022 г. Мерење на родова еднаквост.

Овој извештај утврдува дека Северна Македонија сè уште нема достапни податоци со кои би можело да се пресмета композитниот индикатор за доменот насилство иако државниот завод за статистика во периодот август - септември 2022 година ја спроведе првата национална анкета за родово базирано насилство со примена на методологијата на Евростат, со финансиска поддршка од ИПА - фондовите. Анкетата ќе се спроведува на секои пет години и дел е од тековната Програма за статистичко истражување 2023 - 2027 година на Државниот завод за статистика. Заради недостиг на национално достапни податоци, извештајот ги сумира дел од резултатите од истражувањето за насилството врз жените во Северна Македонија спроведено од Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ) во 2019 година. [527]

Истражувањето за благосостојбата и безбедноста на жените во Северна Македонија покажува дека насилството врз жените е многу распространето и повеќе од половина од жените (54%) имаат претрпено некаква форма на насилство од својата 15 - годишна возраст (OSCE, 2019). Близу половина од жените (44%) биле жртви на психичко, физичко и/или сексуално насилство од својата 15 - годишна возраст, додека 14% биле жртви на физичко и/или сексуално насилство. Состојбата на ниво на ЕУ (ЕУ - 28) покажува повисока распространетост на физичкото и сексуалното насилство, односно 33%. Ова состојба се појавува поради подолготрајните практики и политики за унапредување на родовата еднаквост, широката информираност и функционалниот систем за превенирање и заштита од насилството врз жените. Тоа резултира со повисока стапка на пријавување и препознавање и одговор на општеството за негово сузбивање. Според Извештајот (ОБСЕ, 2019) во нашата земја има слаби институционални механизми за превенција и заштита на жртвите. Исто така, истражувањето покажува дека ризикот за насилство кај жените најчесто доаѓа од интимниот партнер и дури 44% од жените претрпеле психолошко насилство, 9% претрпеле физичко, додека 3% претрпеле сексуално насилство од интимниот партнер од својата 15 - годишна возраст. Особено распространето е физичкото и сексуалното насилство од интимниот партнер кај жените што живеат во домаќинства со економски и финансиски тешкотии (ОБСЕ, 2019).

[527] Истражување OSCE, 2019.

Една од честите форми на насилство во земјата е сексуалното вознемирување. Високи 30% од жените во земјата претрпеле сексуално вознемирување од својата 15 - годишна возраст, а 10% во последните 12 месеци во периодот на спроведувањето на истражувањето. Помладите и жените со повисок степен на образование кои живеат во урбани средини, повеќе пријавиле изложување на сексуално вознемирување што укажува и на поголема информираност и препознавање на насилството кај овие групи жени (ОБСЕ, 2019 година).

Наодите од истражувањето посочуваат на висока застапеност на традиционалните родови норми во општеството и дури 37% од жените сметаат дека нивната блиска средина одобрува покорување на жената на сопругот.

Распространетоста на насилството врз жените во земјата се прикажани на следниот начин: поддоменот „распространетост" го прикажува процентот на жени што претрпеле физичко и/или психичко насилство од повеќе различни сторители од 15 - годишна возраст.

*Табела 43 Распространетост на насилството врз жените во Северна Македонија, 2019 година (%)*

| | | |
|---|---|---|
| Претрпено психолошко, физичко и/или сексуално насилство од кој било сторител (интимен партнер или не) | од 15 - годишна | 44% |
| Претрпено физичко и/или сексуално насилство извршено од кој било сторител (интимен партнер или не) | од 15 - годишна | 14% |
| | во последните 12 месеци | 4% |
| Претрпено насилство извршено од сторител што не е интимен партнер | од 15 - годишна | Физичко: 6% |
| | | Сексуално: 2% |
| | во последните 12 месеци | Физичко: 2% |
| | | Сексуално: 0. 1% |
| Насилство извршено од интимен партнер (сегашен или поранешен) | од 15 - годишна | Физичко: 9% |
| | | Сексуално: 3% |
| | | Психолошко: 44% |
| | во последните 12 месеци | Физичко:% |
| | | Сексуално: 1% |
| | | Психолошко: 12% |
| Сексуално вознемирување | од 15 - годишна | 30% |
| | во последните 12 месеци | 10% |
| Следење/демнење | од 15 - годишна | 7% |
| | во последните 12 месеци | 2% |
| Претрпено некаква форма на родово базирано насилство | од 15 - годишна | 54% |
| | во последните 12 месеци | 20% |
| Насилство во детството (физичко, сексуално, психолошко) | од 15 - годишна | Физичко: 7% |
| | од 15 - годишна | Сексуално: 1% |
| | од 15 - годишна | Психолошко: 3% |

Постојното мерење покажува дека земјата се движи напред со бавно темпо што укажува на потребата од значајно подобрување на политиките, практиката и посветеноста кон родовата еднаквост во земјата во периодот што претстои. [528]

[528]Извештај за Националниот Индекс на родова еднаквост за Северна Македонија 2022 г.Мерење на родова еднаквост.

# ГЛАВА XII: АНАЛИЗА НА СЛУЧАИ ОД СУДСКАТА ПРАКСА

## СУДСКА ПРАКСА, СЛУЧАЈ БРОЈ 1

ПРЕДМЕТ: К - 317/16 на Основниот суд - Битола како првостепен кривичен суд: судија Т. Ј. кој постапуваше во кривичниот предмет против Г. Н. од Битола за кривично дело од Член 144 став 2 в. в. ст. 1 од КЗ на РСМ„ Загрозување на сигурноста “, оформен според поднесен обвинителен предлог на ОЈО Битола КО бр. 838/15 од 11. 01. 2016 година. [529]

Во изреката на Пресудата К - 317/16 од 3. 05. 2016 година на Основниот суд – Битола[530] обвинетата Г. Н. од Битола од татко Илија, родена на 1. 10. 1973 година, Македонка, државјанин на РМ, со средно образование, омажена, неосудувана, се ослободува од обвинение согласно со Член 403 ст. 1 т. 3 од ЗКП дека во временскиот период од јуни до јули 2015 година во Битола, при вршење семејно насилство на два пати му ја загрозила сигурноста на нејзиниот сопруг – оштетениот В. Н. со кого била во бракоразводна парница, упатувајќи му сериозни закани дека ќе изврши нападн на неговиот живот и на неговото тело, и тоа првиот пат на 29. 6. 2015 година во 10: 15 ч., во дуќанот за текстил Н. Н. кој се наоѓа на ул. „Далматинска” број 22 со зборовите: „Излегувај од дуќанот, ќе те убијам”. Вториот пат на 3. 7. 2015 година во близина на слаткарницата „Пикант” го предупредила со зборовите: „Имам оружје од татко ми, ќе те убијам”. На тој начин би сторила продолжено кривично дело:„ Загрозување на сигурноста “ од член 144 став 2 в. в. ст. 1 од КЗ на РСМ в. в. со член 45 став 1 од КЗ.

Во пресудата се утврдува дека надвор од разумно сомневање ОЈО - Битола не докажа дека обвинетата ги сторила делата за кои се товари. Во воведниот говор ОЈО тврдело дека после изведувањето на доказите ќе се докажела вината на обвинетата. Одбраната во воведниот говор тврдела дека со тенденциозното обвинение се прави обид вистинската жртва од нарушените брачни односи да се прикаже виновна и предложила како сведоци да се сослушаат очевидци.

Обвинетата во својата одбрана навела дека оружјето ѝ било наследство од татко ѝ и дека оштетениот знаел дека таа го продала во 2014 година. За првиот настан обвинетата се

[529] Увид во списите на предметот К-317/16 од 3.05.2016 година на Основниот суд Битола.
[530] Пресуда К-317/16 од 3.05.2016 година на Основниот суд Битола.

бранела дека заедно со сведокот З. К., утрото кога го отварала дуќанот, оштетениот дошол и бил замолен да го напушти местото и дека не употребила закани. Исто така за вториот настан обвинетата укажала дека кога одела во туристичка агенција да вади пасош во итна постапка била пресретната од оштетениот и само го замолила да се тргне од пред вратата.

Меѓу другите докази обвинението понудило сослушување на сведокот кој не бил на лице место и не можел да слушне никакви закани. Покрај тоа не биле доставени медицински извештаи во поткрепа на тврдењето дека оштетениот многу се уплашил од заканите на неговата сопруга. Одбраната предложила сослушување на очевидци кои потврдиле дека обвинетата кога го замолила да излезе од дуќанот, ги употребила зборовите: „Господине не сте пожелен овде и Ве молам напуштете го местото".

ОЈО - Битола вложи жалба против пресудата заради сторена суштествена повреда на одредбите на кривичната постапка од Член 415 ст. 1 т. 11 од ЗКП и поради погрешно утврдена фактичка состојба од Член 417 ст. 1 од ЗКП. Жалбените наводи на ОЈО – Битола, Апелациониот суд не ги зема предвид и со пресуда КЖ - 373/16 од 3. 06. 2016 г. жалбата ја одбив и ја потврдува пресудата на Основниот суд Битола.

**КОМЕНТАР:** Карактеристично за овој судски процес е фактот што обвинението не се заснова на ниту еден материјален доказ, туку само на вербални искази на оштетениот и на еден сведок кој реално не бил присутен. Оштетениот долго време ја малтретирал обвинетата и заедно со детето кое било малолетно ги избркал од дома. Обвинетата била подложена на систематско семејно насилство од оштетениот, но тој го искористувал фактот што бил дојден од Австралија со цел да обавува политичка функција и бил пратеник од дијаспората. За да се заштити од него, обвинетата повела повеќе кривични постапки против него и повеќе пријави во полициската станица. Во текот на постапувањето на првостепениот суд не биле сторени повреди на постапката и правилно била утврдена фактичката состојба. Иако обвинителството настојувало обвинетата да се осуди по секоја цена, судот донел ослободителна пресуда.

## СУДСКА ПРАКСА, СЛУЧАЈ БРОЈ 2 И СЛУЧАЈ БРОЈ 3

ПРЕДМЕТ: ВПП 2 - 3/15 на Основниот суд - Битола како првостепен граѓански суд: судија А. И кој постапуваше во постапката поведена од ЈУМ ЦСР Битола за изрекување привремена мерка за заштита од семејно насилство и тоа забрана на лицето В. Н. да се

заканува кон жртвата Г. Н. дека ќе стори семејно насилство, забрана да ја малтретира, вознемирува, телефонира, контактира или на друг начин да комуницира со член на семејството директно или индиректно, забрана да поседува огнено оружје, законско издржување на семејството, задолжително да ги надомести медицинските и други трошоци настанати од семејното. [531]

Во изреката на решението ВПП 2 - 3/15 на Основниот суд - Битола од 28.01. 2015 година, [532] изречени се привремените мерки за заштита од семејно насилство врз жртвата. Но, противникот продолжил со семејното насилство врз жртвата на кое сведок било нивното малолетно дете.

Во врска со семејното насилство кое жртвата го трпела и пријавата од МВР - Битола до ОЈО, заведен е кривичен предмет против сторителот на семејно насилство.

ПРЕДМЕТ: К - 432/16 на Основниот суд - Битола како првостепен кривичен суд: судија М. Б. кој постапуваше во кривичниот предмет против В. Н. од Битола за кривично дело од член 130 ст. 2 од КЗ на РСМ: „Телесна повреда" и „Загрозување на сигурноста" од Чл.144 ст. 2 в. в. со Чл.45 од КЗ.. оформен според поднесен обвинителен предлог на ОЈО Битола.

Во изреката на Пресудата К - 432/16 од 22. 12. 2016 г. на Основниот суд Битола обвинетиот В. Н. од Битола од татко Никола, роден на 5. 9. 1971 година во Мелбурн Австралија, Македонец, државјанин на РСМ и државјанин на Австралија, со завршен економски факултет, оженет, неосудуван е огласен за виновен затоа што на 21. 1. 2014 година во нивниот семеен дом при вршење семејно насилство телесно ја повредил оштетената Г. Н. на начин што ја удрил во пределот на десната рака, по што ја фатил за косата позади и за вратот, ја свиткал надолу и ја давел, како резултат на што оштетената се здобила со телесни повреди. [533] Со овие дејствија го сторил кривичното дело од Член 130 ст. 2 од КЗ на РСМ „Телесна повреда".

Потоа обвинетиот во повеќе наврати во текот на јануари 2015 година при вербална расправија при вршење семејно насилство на оштетената ѝ ја загрозил сигурноста на

---

[531] Увид во списите на ВПП 2-3/15 на Основниот суд Битола.
[532] Решение ВПП 2-3/15 на Основниот суд Битола од 28.01.2015 година.
[533] Пресуда К-432/16 на Основниот суд Битола од 22.1.12.2016 г.

начин што и упатувал заканувачки зборови: „Ќе видиш што ќе ти направам, ова не е ништо, ова е само почеток, ќе те убијам тебе и фамилијата”. Со овие вербални закани кај неа предизвикал чувство на страв и вознемиреност. Со тоа сторил продолжено кривично дело„ Загрозување на сигурноста” од член 144 став 2 в. в. ст. 1 од КЗ на РСМ в. в. со член 45 став 1 од КЗ.

На обвинетиот, судот му изрекол алтернативна мерка - условна осуда со која му утврдил казна затвор во траење од шест месеци за првото кривично дело и казна затвор во траење од 8 месеци за второто кривично дело при што му изрекол единствена казна затвор во траење од една година која нема да се изврши доколку во рок од 2 години не стори ново кривично дело.

Во постапката биле изведени бројни материјални докази, лекарски извештаи, лекарски уверенија, извештаи од специјалист, вештачење од лекар по судска медицина и како сведок било сослушано детето на странките кое било малолетно. Иако доказите биле неспорни, обвинетиот упорно ја отфрлал вината. Судот одлучил да го сослуша детето кое во целост ја потврдило тезата на обвинението и исказот на неговата мајка. Потресно е сведоштвото на ова дете кое било сведок на многу малтретирања од таткото кон неговата мајката. Детето кажува: „Ние заклучени седевме во собата со мајка ми, зашто се плашевме од татко ми”.

Обвинетиот вложил жалба против пресудата за сторена суштествена повреда на одредбите на кривичната постапка од Член 415 ст. 1 т. 11 од ЗКП. Апелациониот суд не ги зема предвид жалбените наводи и со пресуда КЖ - 116/17 од 21. 09.2017 година жалбата ја одбива и ја потврдува пресудата на Основниот суд Битола. [534]

**КОМЕНТАР:** Случаите број 2 и 3 се тесно поврзани со случајот број 1. Очигледно е дека оштетената била изложена на интензивно и долготрајно семејно насилство од кое ниту институциите не можеле да ја спасат. Иако поднела бројни пријави, МВР - Битола иницирало само една кривична пријава против сторителот на семејно насилство, според која била донесена осудителна одлука. Во случајот број 2 ЦСР Битола поднел предлог за изрекување привремена мерка против сторителот за заштита од семејно насилство. Но, тој не ги почитувал мерките, туку го интензивирал насилството кое од психичко прераснало

[534] Пресуда КЖ-116/17 од 21.09.2017 г. на Апелациониот суд Битола.

во физичко насилство. Насилникот ја користел својата политичка позиција и супериорната материјална состојба над сопругата. Иако имало бројни лекарски извештаи, судот, спротивно на начелото на ревиктимизација, повеќепати ја сослушувал жртвата, но го изложил на траума и нивното малолетно дете. Детето и мајката ги трпеле последиците од семејното насилство и заедно биле избркани ноќе од домот. Потресува исказот на детето од кој се гледа изразен страв од таткото за својата безбедност, но и страв за безбедноста на мајката. Иако биле поведени повеќе од 10 постапки за семејно насилство само во случаите 2 и 3, сторителот бил осуден. Очигледно е дека судската постапка не била ефикасна, траела скоро три години, долг период во кој жртвата и нејзиното дете биле изложени на милост и немилост на сторителот на семејно насилство. Тој одбивал да плаќа издршка, па своите права жртвата ги остварувала во извршна постапка. Очигледно е дека насилникот ја користел максимално својата политичка моќ и спротивно на волјата на децата во бракоразводната парница, децата му биле доверени нему. Тој ги напаѓал и мајката и сестрата на жртвата за да се чувствува немоќна и незаштитена. Единствениот начин да се спаси бил да ја напушти нашата држава и заедно со детето да се врати во Австралија.

## СУДСКА ПРАКСА, СЛУЧАЈ БРОЈ 4

ПРЕДМЕТ: ВПП 2 - 27/22 и ВПП 2 - 49/22 на Основниот суд – Охрид [535] како првостепен граѓански суд: судија В. Д. кој постапуваше во постапката поведена од ЈУМ ЦСР - Охрид за изрекување привремени мерки за заштита од семејно насилство и против Ј. С. кој на 3. 3. 2022 година употребил физичко и психичко насилство врз поранешната сопруга Д. С., но и против Д. С. која на 18.3. 2022 која психички го малтретирала поранешниот сопруг. Предлогот е поднесен согласно со Член 59 ст. 3 и 5 од Закон за спречување и заштита од семејно насилство врз жените и семејното насилство. (Сл. Весник на РСМ 24 од 29. 01. 2021 година) Кон предлогот се доставени писмени изјави за согласност за пријавување семејно насилство, наод и мислење на стручниот тим на ЈУМЦСР - Охрид и медицинска документација. За Ј. С. се предложени забрани да се заканува кон поранешната сопруга со семејно насилство. За Д. С. се предложени забрани да се заканува со семејно насилство кон поранешниот сопруг, забрана да го малтретира, контактира и вознемирува поранешниот сопруг, предложено е задолжително лекување во

[535] Увид во списите на предметите ВПП 2-27/22 и ВПП 2-49/22 на Основниот суд Охрид.

психијатриска установа за неа и забрана да ја попречува комуникацијата меѓу таткото и децата.

На расправата која се одржа на 8.4. 2022 година Основниот суд Охрид донесе решение со кое го усвои предлогот за изрекување заемни привремени мерки за заштита од семејно насилство против двата противници. Противникот се согласил со изрекувањето на мерките, а неговата сопруга се противела. Судот ги усвоил сите предложени мерки во траење од шест месеци освен мерката задолжително психијатриско лекување. Противникот Д. С. поднела жалба против решението која Апелациониот суд - Битола ја усвоил и предметот го вратил на повторно одлучување на првостепениот суд. Во повторената постапка првостепениот суд одржал расправа на 14. 6. 2022 година кога донесол решение со кое го усвоил предлогот за издавање привремени мерки против Д. С. и ги издал сите забрани како во предлогот од ЈУМ ЦСР - Охрид. И против второто решение противникот поднесол жалба. Таа била оддбиена како неоснована од Апелациониот суд –Битола. [536]

Бидејќи имало индиции дека противникот Д. С. боледува од психичка болест изразена како психичко пореметување и шизофренија, ЈУМЦСР - Охрид обезбедил потребна медицинска документација за потребата од нејзино лекување и поднел дополнителен предлог за изрекување привремена мерка, задолжително лекување. Ваквата мерка Основниот суд - Охрид ја прифатил и со Решение ВПП 2 - 49/22 од 14. 12. 2022 година и ја задолжил да носи извештај за лекувањето од психијатар секој месецво Центарот за социјална работа.

**КОМЕНТАР:** Семејството опишано во Случајот број 4 долго време било дисфункционално. Брачните другари биле разведени веќе пет години, но сопругата не го напуштала домот. Куќата во која живееле била од покојните родители на сопругот. На првиот кат живеел неговиот брат со семејството, а тие живееле на вториот кат. Мажот работел во армијата, а жената не била вработена. Таа го оневозможувала сопругот да ги среќава децата и покрај тоа што тие го сакале нивниот татко и нивната комуникација била добра. Тој бил принуден да бара решение за остварување средби од Центарот за социјална работа иако сите живееле во иста куќа. За да ги спречи средбите меѓу децата и таткото, таа

[536] Решение ГЖ-1055/22 од 7.07.2022 г. на Апелациониот суд Битола.

ги заклучувала децата в соба или не им давала храна. Мажот консумирал алкохол и бил еднаш осуден во кривична постапка за телесни повреди кои ѝ ги нанел на сопругата при вршење семејно насилство. Тој повеќе не сакал да биде доведен до состојба повторно агресивно да се однесува, но поранешната сопруга секојдневно го провоцирала. Намерно ја заклучувала вратата за да не може да влезе дома кога се враќал од работата. Тој ја имал пријавено за ваквото однесување поранешната сопруга во Центарот за социјална работа. Тимот од ЦСР ја затекнал влезната врата заклучена одвнатре, но и забеалежал дека децата се заклучениво собата од страна на сопругата. Средината во која живееле била токсична и за нив и за децата, но иако биле разведени, таа одбивала да го напушти домот. Нејзиниот татко ја поддржувал и ја подгревал нездравата атмосфера. Ја придружувал на средбите во ЦСР, но никогаш не дозволувал да работат лично со неа. Центарот извршил консултации и со медицинските институции каде што се лекувала, па поради тоа е донесена и дополнителна привремена мерка за задолжително лекување и доставување медицински извештај од психијатар, еднаш месечно.

Може да се каже дека Основниот суд - Охрид во овој случај постапувал итно и ефикасно и покрај сложеноста на случајот и потребата од издавање повеќе привремени мерки, постапката траела од март до декември 2022 година.

## СУДСКА ПРАКСА, СЛУЧАЈ БРОЈ 5

ПРЕДМЕТ: ВПП 2 - 9/23 на Основниот суд - Битола[537] како првостепен граѓански суд: судија О. А. кој постапуваше во постапката поведена од предлагачите Н. Н. и С. Н. за изрекување привремени мерки за заштита од семејно насилство против Г. Н. и А. Ч. Предлогот е поднесен согласно со Член 59 и 61 од Законот за спречување и заштита од семејно насилство врз жените и семејното насилство (Сл. Весник на РСМ 24 од 29. 01. 2021 година). Со него се предлагаат забрани во однос на противниците да се закануваат, дека ќе сторат семејно насилство кон предлагачите, забрана да малтретираат, вознемируваат, телефонираат, контактираат или на друг начин директно или индиректно да комуницираат со предлагачите, забрана да се приближуваат на растојание помало од 500 метри до живеалиштето на предлагачите, отстранување на противниците од домот на

[537] Увид во списите на предметот ВПП 2-9/23 на Основен суд Битола.

предлагачите, забрана да се приближуваат на растојание помало од 500 метри до предлагачите.

Во постапката за изрекување привремени мерки одржани се две расправи. Предлагачите се мајка и татко на противникот, а противникот А. Ч. е вонбрачна сопруга на првиот противник со кого имаат заедничко дете. Сите странки живеат во една куќа. Предлагачите живеат на првиот кат од куќата заедно со мајката на предлагачот Н. Н. и синот на првиот противник од неговиот поранешен брак. Противниците со нивното дете живеат на вториот кат од куќата. Односите на странките се во голем степен нарушени. Предлагачот е сопственик на куќата, а противникот тврди дека и тој учествувал во нејзината градба. Кавгите се секојдневие во ова семејство и тоа меѓу сите негови членови. Вториот противник е дојдена од Албанија и не е посакувана снаа во семејството од предлагачите. Судот ги распита како сведоци мајката на предлагачот и баба на противникот и неговиот син, а изврши и распит на странки. Предлагачите тврдат дека долго време се изложени на психичко и физичко насилство како и на демнење од двајцата противници. Родителите тврдат дека нивниот син носел повеќе жени дома и сите ги тепал и ги бркал, а веќе 20 години биле малтретирани од него. Тој им се заканувал дека ќе му купи ковчег на татко му и ќе го закопа, дека ќе ги убие ако не се вратат во селото каде имале имот и работеле. Ваквите наводи ги потврдија распитаните сведоци. Противниците пак тврдат дека тие се жртви на семејно насилство и дека целта на предложените мерки не е за заштита од семејно насилство зашто тие не го вршеле, туку на брз и ефикасен начин да бидат избркани од куќата. Најголемата кавга настанала кога дошле родителите на вториот противник во посета. Тие тврдат дека првиот предлагач тогаш се заканувал дека со секирче ќе ги искасапел децата и ќе ги ставел во најлонче, дека цело време се карал, а ако немало друг се карал со себе.

На расправата која се одржа на 21.02.2023 година Основниот суд - Битола донесе решение [538] со кое делумно го усвои предлогот за изрекување привремени мерки за заштита од семејно насилство против двата противници и им забрани да се закануваат дека ќе сторат семејно насилство кон предлагачите, како и забрана да малтретираат, да вознемируваат, да телефонираат, да контактираат или на друг начин директно или

[538] Решение ВПП 2-9/23 на Основен суд Битола од 21.02.2023 г.

индиректно да комуницираат со предлагачите. Останатите предложени привремени мерки судот ги одбил како неосновани. Мерките се изречени во траење од една година.

Жалби против решението поднеле двете страни кои Апелациониот суд - Битола ги одбил како неосновани, а решението го потврдил.

**КОМЕНТАР:** Случајот број 5 е пример за постоење на долготрајно нетрпение, недоразбирање, непочитување и кавги меѓу сите членови на семејството. Во врска со овој предмет извршивме интервју со судијата Орхан Асим од Основниот суд - Битола со долгогодишно судиско искуство од областа на граѓанското право. Според неговото лично судиско убедување во случајов е дектетирано семејно насилство од страна на противниците спрема предлагачите. Тоа веројатно се должи на нетрпението кое предлагачите отворено го изразувале кон нивниот син, откако започанал вонбрачна врска со вториот противник, со која добил и дете. Голем дел од кавгите сами ги предизвикувале, а целта била да го избркаат синот од куќата. Тие одлучиле да поднесат и предлог за изрекување на привремена мерка за отстранување од домот. Но, судот ја препознал оваа намера и нашол дека нејзината цел е друга, а не заштита од семејно насилство. Судот утврди дека странките живеат во засебни станови на различни спратови од куќата и не е нужно да контактираат меѓу себе. Од образложението на оваа одлука е очигледно дека краткотрајното отстранување од домот на противниците нема да има целисходност, а предлагачот отворено изјавува дека сака да ги брка од куќата. Сметаме дека судот донесе законита и праведна одлука и го упати предлагачот да води друга постапка, зашто со привремена мерка за заштита од семејно насилство не може да се одлучи за иселување на противниците.

# ГЛАВА XIII: АНАЛИЗА НА ПОСТАВЕНИТЕ ХИПОТЕЗИ ВО ИСТРАЖУВАЊЕТО

За да се проверат појдовните хипотези, извршена е анализа на референтните пресуди на ЕСЧП поврзани со семејно насилство како и најзначајните пресуди на ЕСЧП против РСМ. Анализата на податоците од анкетниот прашалник и на официјалните статистички податоци добиени од институциите во РСМ, анализата и на петте случаи на судската пракса од работата на домашните судови, интервјуто со судија од Основниот суд Битола заедно со низа домашни и странски истражувања, ќе дадат приказ на фактичката состојба на проблемот на нашето истражување.

Општата хипотеза во научно истражувачкиот процес: Превенцијата и заштитата од семејно насилство го јакне процесот на усогласување на домашното со меѓународното право е целосно потврдена од целокупниот научно - истражувачки процес.

Истражувањето извршено за потребите на овој труд преку дистрибуираниот анкетен прашалник делумно ја потврдува основната хипотеза дека полот, староста и степенот на образование битно влијаат на ставот во однос на семејното насилство. Користен е Хи - квадрат ($\chi 2$) тест за споредба на податоците добиени од набљудувањето со податоците работени според формулата за пресметка: каде што m и m' се емпириските и теоретските фреквенции, соодветно на дистрибуцијата што се разгледува; n е бројот на степени на слобода. За верификација ги споредивме емпириските (набљудувани) и теоретските (пресметани) фреквенции.

Емпириските фреквенции целосно не се совпаѓаат со пресметаните или очекуваните фреквенции: S (E - T) = 0 и критериумот $\chi 2$ е нула. Бидејќи S (E - T) не е еднаков на нула, тоа ќе укаже на несовпаѓање помеѓу пресметаните фреквенции и емпириските фреквенции од серијата. Во такви случаи, неопходно е да се оцени значајноста на критериумот $\chi 2$ кој теоретски може да варира од нула до бесконечност. Ова се прави со споредување на реално добиената вредност на $\chi 2p$ со неговата критична вредност ($\chi 2st$).

Од анализата на резултатите забележана е зачестеност од 87, 9% од вкупниот број на испитаници кои искажале став за целосно согласување дека семејното насилство е голем општествен проблем. Постојат статистички сигнифантни разлики на статистичките

вредности (, 011,, 011,, 014), а стандардната девијација според пол изнесува 46166 кои потврдуваат дека мажите и жените имаат генерално различен став по однос на семејното насилство. Тоа го изразува посериозниот пристап на жените и одговорите на прашањата добиени од жените испитанички потврдуваат дека жените за разлика од мажите искажуваат верување дека семејното насилство не е само приватен туку голем општетствен проблем и дека постои темна бројка на непријавени случаи на семејно насилство. Институциите од статистички утврденото укажуваат дека постојат повеќе облици на семејно насилство како психичко и економско, а не само физичко и сексуално. Понатаму се забележува освестеност дека децата и повозрасните лица се изложени на семејно насилство, дека жените само декларативно се еднакви со мажите во правата, а и дека и жените се јавуваат како семејни насилници. Дескриптивната статистика неочекувано потврди дека полот влијае врз општиот став кон семејното насилство, но таа не може да даде одговор на што се должи тоа. Согледувајќи ги историските фактори за појавата и распространетоста на феноменот на семејноо насилство без оглед дека 86, 7% од анкетираните биле со високо образование, магистратура и докторат, сфаќањата за подредената улога на жената и родовите стереотипи сѐ уште егзистираат кај широката популација во нашето најблиско опкружување.

Од Хи квадрат - тестот, а потврдени со Т - тест за независни варијабли со кои беше направена разлика помеѓу мажите и жените во изразувањето на ставовите за семејното насилство и нивното размислување за ажурирањето на институциите по пријава за семејно насилство, се покажа дека има делумна статистичка значајност од 0, 05 само за ставот кон семејното насилство, додека за ставот за ажурноста на институциите нема статистичка значајност.

Истражувањето извршено преку анкетниот прашалник потврди дека старосната граница на испитаниците не влијае врз нивниот општ став спрема семејното насилство. Со примена на Хи квадрат и Т - тест се покажува дека нема статистички значајна разлика во изразувањето на ставот за семејното насилство, без разлика на возраста ставот е ист кај овие испитаници.

Дескриптивната статистика на резултатите добиени од анкетниот прашалник утврди дека не постои значајна разлика во општите ставови поврзани со семејното насилство меѓу

лицата со високо образование (магистри и доктори на науки) и општата популација (средно, вишо и восоко образование). Во истражувањето најмногу испитаници биле со високо образование или 41, 7%; 32, 9% биле магистри на науки; 12, 1 доктори на науки; 11, 7% со средно образование и 1, 6% со вишо образование. Стандардната девијација изразена според образованието >=5, 00 изнесува 1, 66423, а< 5, 00 изнесува 1, 22872, па тестот на Independent Samples Test утврди дека степенот на образование не е значаен при утврдување на ставовите спрема семејното насилство.

Анализата на фактите изнесени во пресудите на ЕСЧП во случаите Контрова против Словачка[539] и Опуз против Турција[540] ја потврдуваат првата посебна и првата помошна хипотеза на истражувањето. Првата посебна хипотеза дека преземањето мерки насочени кон превенција и заштита на жртвите на семејно насилство, почитување на основните човекови слободи и права, живот и личен интегритет, влијаат на состојбата со семејното насилство е целосно потврдена. Пасивноста на државните органи и непреземањето превентивни и заштитни мерки, заедно со благата казнена политика директно влијаат на кршењето на основните човекови слободи и права. Непреземањето истрага, индолентноста и игнорирањето на пријавите, директно го загрозуваат правото на живот и животот на жртвите. Исто така извршеното влијание врз жртвите да се откажат од гонење или да се согласат тоа да продолжи за полесни дела го загрозува нивниот личен интегритет. Со наодите дека жртвата го провоцирала насилникот се покажува отворен дискриминаторски став и непочитување на личноста. Најчесто жртви се жените, децата и слабите и изнемоштени лица, покажуваат истражувањата од светски рамки, но и кај нас.

Игнорирањето на широкиот проблем на семејно насилство и неговото третирање како „домашен проблем" е само оправдување на властите и институциите за толерирање на оваа опасна општествена појава. [541]

---

[539]CASE OF KONTROVÁ v. SLOVAKIA (Application no. 7510/04), достапно на: https://policehumanrightsresources.org/content/uploads/2019/09/CASE-OF-KONTROVA-v. SLOVAKIA.pdf?x96812, пристапено на 16.10.2023.

[540]CASE OF OPUZ v. TURKEY (Application no. 33401/02), достапно на: https://www.legislationline.org/download/id/2946/file/OPUZ%20v%20Trukey%20June%202009.pdf, пристапено 11.10.2023.

[541]CASE OF BEVACQUA AND S. v. BULGARIA (Application no. 71127/01), параграф 49-51, достапно на: https://hudoc.echr.coe.int/fre#{%22itemid%22: [%22001-86875%22]}

Целосно е потврдена и првата помошна хипотеза дека задолжителната правна заштита и заштитата на жртвите на семејно насилство не им гарантира социјална сигурност на жртвите од идно насилство. Во овој контекст ЕСЧП укажува и на социјалното јакнење на жртвите, но и јакнење на капацитетите на државата за заштитување на жртвите. Колку повеќе се одолговлекуваат постапките, жртвата е понесигурна и поуплашена. Таа нема каде да се засолни, а насилникот ја демне и ја користи секоја прилика не само да ја уплаши, туку во дело да ги спроведе заканите. Институционалните капацитети се симболични, што ја прави заштитата неефикасна. Сè додека жртвите немаат социјална, материјална и правна сигурност темната бројка на непријавени случаи на семејно насилство ќе биде уште поголема.

Втората помошна хипотеза дека системот на спроведувањето на заштитните мерки во Република Северна Македонија е на високо ниво и е доволно ефикасен е делумно потврдена. Од резултатите добиени од анализата на статистичките податоци за бројот на примени предлози за привремени мерки во судовите во РСМ произлегува дека судовите во РСМ примиле вкупно 2 176 предлози за изрекување привремени мерки за заштита од семејно насилство. Најмногу предлози за изрекување привремени мерки примил Основниот граѓански суд - Скопје (1025). Според табелата 18, во 2012 година биле примени 56 предмети, потоа во Основниот суд - Охрид (406), Основниот суд - Прилеп (272), Основниот суд - Штип (194) и Основниот суд - Гевгелија (110).

Од табелата број 18 и од графиконот се утврдува дека во текот на десет години постојано растел бројот на предлози за изрекување привремени мерки кај Основниот граѓански суд - Скопје. Кај овој суд во 2012 година биле примени 56 предмети, а во 2022 година биле примени 272 предмети.

Очигледно е дека ваквиот тренд на зголемен број поведени постапи го следи донесувањето на системските закони со кои се регулирани заштитните и итните мерки. [542] Донесувањето на Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство во 2014 година беше проследено со медиумска кампања што влијаеше на подигнувањето на свеста на жртвите и можноста за пријавување и водење постапки пред суд. Веќе наредната

[542] Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, Службен весник на Република Македонија, број 138/14, 33/15 и150/15).

2015 година Основниот граѓански суд - Скопје примил 64 предмети. По оваа година настанува тренд на зголемување на бројот на процесуирани предмети. Во 2019 година биле примени 122 предмети, а во 2020 година биле примени 119 предмети. Ковид кризата влијаела за благо намалување на бројот на примени предлози за изрекување привремени мерки во 2020 година. Во 2021 година кога е усвоен Законот за спречување и заштита од семејно насилство врз жените и семејното насилство, судот примил 149 предлози. Иако примената на законот била одложена до мај истата година, забележано е зголемување на бројот на предлози за изрекување привремени мерки и во 2022 година тие достигнале 272. Зголемувањето на бројот на предлози за изрекување привремени мерки за заштита од семејно насилство не ја потврдува и ефикасноста на системот на нивно спроведување.

На Република Северна Македонија ѝ било укажано дека треба да изврши законски измени за превенирање на идни прекршувања на членот 8 од Европската конвенција и за надминување на проблемот со отсуството на ефективен правен лек од членот 13. Но, сѐ уште не се донесени законодавни решенија во поглед на утврдените повреди на Конвенцијата на Чл.3, 8 и 13 од страна на ЕСЧП во одлуките Митови и Олури. Ваквата состојба упатува на заклучокот дека се оспорува третата помошна хипотеза на нашето научно истражување дека во Република Северна Македонија во голема мера се почитуваат меѓународните стандарди, загантирани со Истанбулската конвенција. Не само што не се почитуваат воспоставените меѓународни стандарди кои нашата држава се обврзала да ги почитува, туку со тоа значително се забавува процесот на пристап кон ЕУ. Истоврмено опстанува дискриминаторскиот родово базиран однос посебно кон жените и жртвите на семејно насилство.

Очигледно е дека ЕСЧП укажа на системски недостатоци во функционирањето на Центрите за социјална работа. Видлива е бавноста во одлучувањето, но и неефикасноста поради неизвршливоста на нивните одлуки. Законот за општа управна постапка[543] во Член 130 ст. 1 предвидува дека надлежноста за спроведување на извршувањето на непарични обврски ја спроведува јавниот орган што го донел управниот акт во прв степен дури и кога актот е изменет од страна на второстепениот јавен орган или од Управниот суд. Според Член 130 ст. 2 предвидена е должност на органот на државната управа, надлежен за

[543] Закон за општата управна постапка ( „Службен весник на Република Македонија" бр. 124/2015 од 23.7.2015 ) стапи во сила на 31 јули 2016 година.

внатрешни работи да му даде помош на јавниот орган надлежен за спроведување на извршувањето на негово барање.

Со воведената измена на ЗОУП разграничено е прашањето во однос на надлежноста на ЦСР за извршување на сопствените одлуки. Сметаме дека со тоа не се очекува да се зголеми ефикасноста при извршувањето. Во случајот Олури против РСМ полициските органи заедно со овластените лица од Центарот излегле на терен, но нивното присуство не го убедило таткото да постапи согласно со решението и да го предаде детето на мајката. Потребно е законска измена која ќе овозможи присилно извршување на одлуките за доделување деца и одредување контакти донесени од Центрите за социјални работи. Во оваа насока поефикасно би било законско решение налик на она во Словенија, според кое надлежноста за одлучување за доделување и средби на родители и деца е пренесено на редовните судови. [544] Аналогно на тоа судските одлуки се извршуваат од надлежните извршители согласно со одредбите од Законот за извршување.

На седницата на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП, одржана на 29. 6. 2015 година и на 25. 10. 2017 година година и во Записникот од 13 - тата седница на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧ, одржана на 25. 10. 2017 година[545] се актуелизира потребата од воведување правни механизми и законски измени за извршување на пресудите на ЕСЧП [546, 547] и спречување на можноста за поднесување нови апликации до ЕСЧП поради констатираните повреди на немање ефикасен правен лек. [548]

---

[544] Словенија ја измени надлежноста и според Семејниот законик судовите по правилата на Законот за вонпарнична постапка добија надлежност да одлучуваат во предмети за доделување деца и регулирање средби, со што центрите за социјална грижа повеќе немаат овластување да донесуваат административни решенија. Во член 14, став 2 од Семејниот законик е предвидена итност во постапувањето по овие предмети.
[545] Записник од 13-тата седница на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП одржана на 25.10.2017, достапен на: http://biroescp.gov.mk/wp-content/uploads/2016/12/Записник-од-13та-седница-на-МК.pdf).
[546]Митови против РМ.
[547]Олуз против РМ.
[548]Апликација во предметот Ненад Филиќ против Република Северна Македонија, бр. 45174/20, поднесена на 6 октомври 2020, доставена до Владата на 22 април 2021 година, со слични наводи како во веќе донесените пресуди на ЕСЧП против РС. Хрватскиот државјанин побарал побарал од македонските власти да ги уредат неговите права на видување со неговата малолетна ќерка која живеела со нејзината мајка и која ги попречувала неговите контакти со детето. Постапката започнала уште во 2017 година и не е завршена. Жалбените наводи се повикуваат на повреди на членовите 6, 8 и 13 од Конвенцијата.

РСМ има доставено два акциски планови во 2017 година и во 2021 година. Од нив, еден се однесува само на предметот Митови, [549] а вториот се однесува на двата предмета. [550]

Споредбената анализа со статистичките податоци од Министерството за труд и социјална политика каде што се забележува зголемување на бројот на случаи на семејно насилство за време на Корона кризата за 7, 6% со статсистичките податоци од МВР на РСМ каде што има намалување на пријавените кривични дела за 5%, потврдува дека системот за заштита и превенција на семејното насилство во нашата држава во текот на пандемијата со Ковид 19 значително затаи. Жртвите се чувствувале позаштитени во центрите за социјална работа и почесто барале помош, наместо да пријават во МВР. Четвртата помошна хипотеза на овој научен труд: „Заради очекуваниот пораст на семејно и родовобазирано насилство во Ковид 19 кризата, Република Северна Македонија дејствува со должно внимание во истражувањето, спречувањето и казнувањето на сторителите на семејно насилство" е само делумно потврдена.

Ваквите заклучоци од извршеното истражување наметнуваат потреба од преземање итни мерки за зајакнување на мерките за заштита од семејно насилство во услови на криза. И не само тоа, туку очигледна е неефикасноста на постојните законски решенија и зачудува фактот што против Република Северна Македонија поради евидентираните повреди на одредбите на Конвенцијата не се водат многу апликации кои би биле усвоени, а државата задолжена да исплаќа материјални и нематеријални надоместоци за нивна репарација. Ваквиот заклучок ја оспорува петтата помошна хипотеза на научниов труд, дека осигурувањето на репарација на делата на насилство, а во согласност со обврските од Европската конвенција за човекови права, обезбедува правна сигурност на жртвите. И покрај опасноста за репарација и исплата на надоместоци, практично многу малку нашата држава направила да го стори најлесното, а тоа е да донесе законски измени и да се сообрази и хармонизира со европското право.

[549]1288th meeting (June 2017) (DH), Action plan (29/05/2017), Communication from "the former Yugoslav Republic of Macedonia" concerning the case of MITOVI v. "the former Yugoslav Republic of Macedonia" (Application No. 53565/13), DH-DD(2017)592.

[550](1398th meeting (March 2021) (DH), Action Plan (29/01/2021), Communication from North Macedonia concerning the case of MITOVI v. North Macedonia (Application No. 53565/13), DH-DD(2021)116).

***„Правдата е добродетелна за целото човештво. Најубавата работа на човештвото е делењето правда”.***

***Волтер***

## ГЛАВА XIV: ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА МЕРКИТЕ ЗА ЗАШТИТА ОД СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

Дихотомниот систем на заштита од семејно насилство во македонското законодавство се чини дека не нуди целосна и ефикасна заштита на жртвите. Компаративната анализа на странските правни системи и системите на земјите на поранешна Југославија и Западен Балкан упатува на заклучок дека секаде постои неусогласеност на постоечките системи на правна заштита. Иако нашата држава последниве години донесе навистина современи законски решенија со цел да го сообрази домашното со европското законодавство, очигледно е дека се потребни подобрувања, корекции и измени во повеќе сегменти. Тоа се однесува особено во насока кон задолжителното спроведување на пресудите на ЕСЧП. Тој разгледувал повеќе случаи против РСМ од односи родители и деца[551], но и спорови во врска со старателство врз деца (Митови против РСМ)[552] и (Олури против РСМ). [553] Во контекст на последново, се поставува прашањето зошто не се извршени законските измени на кои упатува ЕСЧП во однос на мерките за извршување на одлуките за доделување деца и во однос на одлуките за средби на родители и деца, за чие извршување очигледно постои правна празнина. Тоа индиректно ја повредува правната сигурност на граѓаните при донесувањето на одлуки на домашните судови.

Неусогласеноста на постоечкиот систем на правна заштита прави да бидат неупотребливи низи од позитивните правни норми.

[551]Д. М. Д. против Романија, пресуда од 3. октомври 2017, преставка бр. 23022/13, judgment of 3 October 2017, application no. 23022/13, достапно на: https://archive.crin.org/en/library/legal-database/dmd-v-romania.html
[552]Митови (1288th meeting (June 2017) (DH), Action plan (29/05/2017), Communication from “the former Yugoslav Republic of Macedonia” concerning the case of MITOVI v. “the former Yugoslav Republic of Macedonia” (Application No. 53565/13), DH-DD(2017)592.
[553]Олури против Република Северна Македонија [Oluri v. North Macedonia], жалба бр. 3368/18, пресуда од 16 јануари 2020 година.

Воведувањето на главата **IX - Судска заштита во новиот ЗЗНЖСН** е најпрогресивната новина во нашето законодавство што ја понуди овој закон. За прв пат е предвидено жртвата да може да поднесе тужба пред граѓански суд за утврдување одговорност за непостапување со должно внимание на органите на државната власт, правните лица кои вршат јавни овластувања утврдени со закон, функционерите, службениците и другите овластени лица кои извршуваат работи во име на државата и имаат обврска да ги преземат сите соодветни законодавни, управни, судски и други мерки за да превенираат, заштитат, истражат, казнат и да обезбедат правичен надоместок на жртвите или враќање во првобитна положба за дејствијата на насилство што се извршени од физички или правни лица.

Во членовите 83, 85 и 87 на ЗЗНЖСН нашата држава покажа директна намера да го усогласи позитивното законодавство со европското. Оваа новина треба да се прифати со поздравување, бидејќи за прв пат во кој било законски текст е предвидено:

1. право на тужба на жртвите за утврдување одговорност на лицата за непостапување со должно внимание;
2. досудување надоместок на штета за жртвата поради непостапување со должно внимание;
3. задолжување: тужениот да преземе дејствија на заштита на жртвата согласно со одредбите и роковите утврдени со законот.

Одредбите се јасни и апсолутно применливи. Со досегашните законски решенија се заштитуваше гломазноста на државниот апарат, неговата неажурност и незаинтересираност за заштита на жртвите на смејно и родово базирано насилство. Воведувањето на одговорност на институциите и на функционерите, како и на државните службеници, значи подобрување на нивнта функционалност. Од друга страна, воведувањето на лична одговорност за непостапување според законските прописи, конечно ќе значи и поттик за законито работење и страв од одговорност поради незаконито постапување. Предвиденоста товарот на докажувањето да биде на тужениот е исто така многу охрабрувачко за жртвите кои се обврзани да ги изнесат фактите што го прават тврдењето веројатно, а потоа тужените ќе докажуваат дали постапиле благовремено и со должно внимание.

Уште една позитивна новина во духот на усогласеноста кон Истанбулската конвенција е и правото на жртвите на надоместок на материјална и нематеријална штета кое доколку не го наплатат од сторителот, ќе може да бараат да се исплати од државен фонд. [554]

Со воведувањето на оваа одредба се гарантира правна сигурност на жртвите на родово базирано насилство и можност за правна и ефективна сатисфакција со истакнување барања за материјална и нематеријална штета. Ваквото законско решение потврдува дека достоинствено ќе им се пружи заштита на личните права на жртвите, но и репарација за сите материјални трошоци што ги имале во текот на водењето постапки за остварување надомест на штета, а особено на досудените надоместоци.

Во ЗЗНЖСН постои уште една позитивна законска новина со тоа што жртвите се ослободени од плаќање на сите трошоци на постапките за надоместок на штета до конечна наплата на имотно - правното побарување согласно со закон. Тоа значи дека жртвите се охрабруваат да ги остваруваат своите права, да бараат да бидат заштитени од семејниот насилник, а таквата заштита им е гарантирана со закон. Со почитувањето на начелото за забрана на виктимизација на жртвата и со гарантирањето дека ќе добијат сатисфакција од водењето постапка за осуда и надомест на штета против насилникот, а истовремено со ослободување од авансирање на трошоците за постапката, може да се каже дека нашата држава донесе едно модерно и ефикасно законско решение за заштита од насилство врз жените и заштита од семејно насилство. Воведувањето на вакви иновативни начини за приспособување на сопствените институционални одговори во однос на насилството е пристап кој може само да се поздрави, а што е во духот на обврските од Европската конвенција за човекови права. Иако Законот за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство е влезен во правна сила, не постои јавно информирање на жртвите за постоење на законска можност за нивна репарација од државен фонд, ниту постои јавно достапен податок за неговата применливост. Потребно е преку кампањи да се известуваат граѓаните за законските можности и нивните права на бесплатна правна помош, ослободување од плаќање на трошоци во судските постапки и правото на репарација од државен фонд.

[554] Закон за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство објавен во Службен весник број 247/2022 од 17.11.2022.

Новиот законски текст во својот наслов се однесува на спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство, со што се доближува до терминологијата на Истанбулската конвенција која што го содржи експлицитно терминот „насилство врз жените", вклучувајќи го и домашното насилство. [555]

Практикувањето на насилство и родова нерамноправност во едно семејство доведува научениот систем на дискриминација да се пренесува од еден на друг член во семејството од постарите на помладите. На тој начин станува секојдневие во одредени средини и трансгенерациски се пренесува. Колку е поизразена родовата нееднаквост, толку повеќе семејното насилство е поприсутно на ниво на семејството, заедницата, па дури и на општествено ниво.

Проблемот на семејното насилство не е само приватен, туку е и проблем на општеството и широката заедница. Државите членки на Советот на Европа пресметале дека трошоците кои настануваат поради последиците од родово базираното насилство се најголеми кај здравствената и социјалната заштита, економијата, судството, полицијата и домувањето. Според некои студии, годишните трошоци за семејно насилство во земјите - членки на Советот на Европа изнесува најмалку 33 милијарди евра. Една петтина до една четвртина од сите жени во земјите што биле дел од анализата, биле жртви на физичко насилство најмалку еднаш во нивниот живот, повеќе од една десеттина биле жртви на сексуално насилство со присилба. Извршителите најчесто биле мажи од нивното најблиско опкружување, партнерите или поранешните партнери. Значителен број жени се жртви на семејна злоупотреба, повторена физичка, емоционална и сексуална злоупотреба која предизвикува страв, вознемиреност и често нарушување на здравјето. [556]

Иако семејното насилство е уредено во бројни законски норми, ефектот од нивното деонесување наместо да биде превентивен и во насока на намалување, за жал, се движи во насока на зголемување на семејното насилство што е потврдено од статистичката анализа на бројот на примени и процесуирани случаи на семејно насилство во домашните судови.

---

[555] Грозданова Е., Анализа на усогласеноста на одредбите од Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство со стандардите содржани во Конвенцијата на Совет на Европа за спречување и борба против насилство врз жените и домашно насилство, 2018, достапно на: https://civicamobilitas.mk/wp-content/uploads/2018/03/cela_brosura.pdf

[556] CDEG (2006)-Сеопфатна студија за борба против насилството над жените за мерките и активностите што се преземаат од земјите-членки на Советот на Европа, професор д-р. Карол Хагеман-Вајт, Универзитет во Оснабрук, Германија, Генерален директорат за човекови права, Стразбур, 2006 година, стр. 9-10.

Во акциските планови[557] во периодот 2018 - 2023 година се определени мерки и активности за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство во Република Северна Македонија. Овие акциски планови вклучуваат мерки за подобрување на законодавството, подобрување на услугите за жртвите на насилство, подобрување на образованието и свеста на јавноста за насилството врз жените и за семејното насилство, подобрување на соработката меѓу институциите и организациите во земјата, како и воведување други мерки за спречување и борба против насилството врз жените и против појавата на семејното насилство. Обезбедувањето услуги за советување и поддршка за жртвите и за сторителите може да помогне во решавањето на основните причини за семејното насилство и да го промовира заздравувањето.

Создавањето финансиски ресурси и обуки за работа со жртвите на семејно насилство може да им помогне да стекнат финансиска независност и економска сигурност. Потребно е да се работи и со насилниците, да се насочат кон третмани и обуки со цел и тие да се реинтегрираат во општеството и во семејството. Факт е дека во нашата држава има многу малку сигурни куќи и засолништа за жртвите. Но, престојувањето во нив е со кусо траење и таа куса временска рамка не е доволна за да им се пружи адекватна помош на домување. Покрај тоа, законодавецот иако вовел итни заштитни мерки со кои е предвидено насилникот да се отстрани од домот при вршење семејно насилство, тој не предвидел каде ќе се сместуваат тие лица. Ако се остават на улица најверојатно е дека пак ќе се вратат во домот и ќе продолжат со поинтензивно насилство. Добро би било по примерот на развиените земји да има прифатилишта за насилниците каде што веднаш би се насочиле кон потребните третмани.

Спроведувањето на законите што го криминализираат семејното насилство и обезбедувањето правни ресурси за жртвите може да помогне да се побара одговорност од сторителите за нивните постапки и да се заштитат жртвите на семејното насилство.

И покрај овие тешкотии, стравот на жртвите, срамот, непрепознавањето на различните облици на насилство, недовербата во институциите, модерното време прави многу напори за справување со семејното насилство. Потребно е да се засилат кампањите

---

[557]http://www.glasprotivnasilstvo.org.mk/wp-content/uploads/2020/12/Rodova-analiza-web_compressed.pdf https://mtsp.gov.mk/pocetna-ns_article-nacionalniot-plan-za-sproveduvanje-na-konvencijata-za-sprecuvanje-i-borba-protiv-nasilstvoto-vrz-zen.nspx

за подигање на свеста, да се спорведе подобра обука за сите кои работат со жртви и сторители - полициските органи, здравствените работници како и да се подобри правната заштита за жртвите. Со системски промени во односот кон семејното насилство и подигнувањето на свеста кај луѓето за родовите улоги од нивното најрано детство сè до староста, ќе може да се очекува позитивна промена во поглед на последиците кои ги предизвикува овој распространет феномен. Програмата за заштита на деца жртви треба да е составен дел на училишниот развоен план со карактеристики на универзална превентивна програма. Таа треба да содржи елементи и на селективна превентивна програма која ќе ги препознава децата во ризик од семејно насилство или во опасност да станат насилници.

Сексистичкиот говор на омраза присутен на социјалните мрежи и другите јавни медиуми, поттикнат од одредени родови стереотипи и предрасуди, се користи за неоправдано сексуализирање на жените и девојчињата. Целта на ваквите наративи е навреда на жените и оправдување на родово базираното насилство, негово повторување и несоодветно препознавање од самите жртви и од институциите.

Од анализата на меѓународните истражувања се добива заклучок дека насилството е насекаде во голем процент присутно, а жените од ЕУ имаат поголема едукација и затоа може да препознаат различни и скриени форми на семејно насилство за разлика од РСМ каде што подоцна се усвоени меѓународните стандарди.

Анализата на состојбата во округот Кларк во Вашингтон потврди дека воведувањето специјализирани судови за работа со семејно насилство се покажа како успешно, па според овој пример се препорачува воведување специјализирани судови или специјаизирани оддели во постоечките судови за поголема ефикасност во справувањето со семејното насилство.

Пример за добра нормативна пракса е Босна и Херцеговина која има предвидено парична казна за непочитување на заштитните мерки.

Во РС Македонија забележан е правен пропуст во Законот за спречување и заштита од семејно насилство врз жените и семејното насилство, зашто во него отсуствува дел кој ќе го регулира итното и ефикасно спроведување на веќе изречените мерки. Законот упатува на надлежност на МВР за извршување на решенијата за привремени мерки. Но, во

пракса извршувањето е неефикасно, зашто сторителот може веднаш да го повтори забранетото дејствие. Законодавецот не предвидел кој ќе ја изврши мерката при повторување и каков начин и средство на извршување ќе се примени. По аналогија, тоа треба повторно да биде полицискиот орган. Во праксата извршувањето не функционира при повторување на делото, зашто ако жртвата пријави дека насилникот не ја почитува издадената мерка за заштита од семејно насилство, се прима пријава за непочитување судска одлука, а не се извршува претходно издадената мерка. Тоа значи дека постојното решение не е ефикасно и не дава резултати. Неизвршливоста на решенијата за определување заштитни мерки може да се реши со изменување и дополнување на законот во смисла на тоа што ќе се предвиди надлежноста на извршувањето да биде кај извршните органи на судовите или кај приватните извршители со асистенција на полициските органи. Во случај на повторување на делото, да се применуваат одредбите од Законот за извршување од главата за извршување со чинење каде се предвидени казни за неизвршување на судски решенија, кои на предлог од извршителот ги изрекува надлежниот основен суд. [558]

[558] Закон за извршување Службен весник на РМ 72/16.
Дејствие што може да го изврши само должник
Член 230
(1) Ако според извршната исправа должникот е должен да стори определено дејствие кое наместо него не може да го стори друго лице, извршителот со налог за извршување ќе му остави на должникот рок потребен за исполнување на обврската.
(2) Со налогот за извршување извршителот го известува должникот дека доколку должникот во определениот рок не ја исполни обврската, судот, во рок од 48 часа со решение ќе изрече парична казна и тоа на физичко лице од 20.000, 00 до 80.000, 00 денари, а на правно лице од 100.000, 00 до 30.000.000, 00 денари и на одговорното лице во правното лице од 20.000, 00 до 80.000, 00 денари, а средствата од казната претставуваат приход во Буџетот на Република Македонија.
(3) Ако должникот во тој рок не ја исполни обврската, извршителот ќе го спроведе решението за изречената парична казна.
(4) Во тој случај, извршителот истовремено ќе донесе нов налог со кој на должникот ќе му остави нов рок за исполнување на обврската и ќе го извести дека доколку должникот во определениот рок не ја исполни обврската, судот во рок од 48 часа со решение ќе изрече нова парична казна во поголем износ отколку со претходното решение.
(5) Против должникот кој и покрај таа казна нема да ја исполни својата обврска извршителот и судот и натаму ќе постапуваат на начинот определен во ставовите (2), (3) и (4) на овој член, се додека вкупниот збир на паричните казни по одделни решенија не достигне десеткратен износ на првата изречена казна.
(6) При одмерувањето на висината на паричната казна во пропишаните граници, судот ќе води сметка за значењето на дејствието што должникот бил должен да го изврши, како и за другите околности на случајот.
(7) Жалбата по решение за изречена парична казна не го задржува спроведувањето на извршувањето на решението.
Трпење и несторување
Член 231

Сметаме дека треба да се спроведе и измена во Законот за семејството, во делот за помирување на брачните другари во бракоразводните парници. Актуелното законско решение предвидува мировната постапка меѓу брачните другари да ја води Центарот за социјални работи, а исто така првото рочиште во судската постапка е предвидено да биде мировно. Во случаите на семејно насилство, како и во случаите кога дете било присутно при вршење семејно насилство наоѓаме дека е излишно да се води мировна постапка. Ова од причини што ќе се избегнат контактите меѓу насилникот и жртвата и ќе се намали притисокот врз жртвата. Помирувањето на брачните партнери во едно болно семејство каде едниот партнер е изложен на семејно насилство може да влијае само негативно врз него. Така може само да се продлабочи конфликот меѓу брачните партнери, а на насилникот ќе му се створат услови да контактира со жртвата, а со тоа и можност да продолжи да ја демне, уценува и повредува. Каква е целта на вака предвиденото мирење кога на насилникот му биле изречени претходно забрани за пристап, забрани да контактира и телефонира или други итни и привремени мерки за заштита од семејно насилство. Со потребата од задолжително водење мировна постапка се намалува ефикасноста на изречените заштитни мерки. Исто така ако дете било присутно при вршење семејно насилство, предлагаме при донесувањето на одлуката за доделување на детето да се воведе законска измена во смисла што грижата за детето - жртва или детето – сведок на семејно насилство во никој случај да не може да биде доверена на вршител на семејно насилство.

Исто така треба поголемо внимание да се посвети на итноста во постапувањето на сите институции, а особено на судската заштита. Се чини дека итноста е само „декларативна", зашто судскиот систем поради бројни административни пречки, но и поради немање доволно стручен кадар и финансиски ресурси реално не е во можност да им даде итна заштита на жртвите. Треба да се напомене дека сѐ уште се бројни вкоренетите стереотипи, предрасуди и негативно родово ориентираните ставови особено

---

(1) На начинот предвиден во членот 230 ставови (1) до (4) од овој закон извршување се спроведува и кога должникот се однесува спротивно на обврската да трпи преземање на определено дејствие или да не стори определено дејствие.
(2) Извршителот, по предлог од доверителот, со налог ќе му наложи на должникот да положи гаранција за штетата, ако доверителот стори веројатно дека би претрпел штета со тоа што должникот и натаму би се однесувал спротивно на својата обврска.
(3) Времето на траењето на гаранцијата, според околностите на случајот, го определува извршителот. (4) Врз основа на налогот за полагање на гаранција, извршувањето се спроведува по предлог на доверителот.

при постапувањето на полициските службеници кои најчесто се обидуваат да го маргинализираат проблемот на присутно семејно насилство. Се наметнува потребата од прецизни законски одредби, но и упатства за постапување на институциите и тоа во сите степени.

Потребно е уедначување на казнената политика на сите судови на територијата на РСМ, зашто од научното истражување на статистичките податоци за работата на судовите очигледно е дека постои голема дискрепанца во одлучувањето, голема разлика во распонот на изречените казни, а се наметнува и потреба од заострување на казните. Некои судови (Основниот суд - Прилеп) имаат воспоставена пракса на изрекување парични казни за овој потежок вид кривични дела. Треба да се има предвид дека со изрекување на парични казни посредно се казнуваат и жртвите, зашто нивното извршување ги погодува семејствата. Таквата казна се доживува како неправедна од жртвите и од јавноста, па со таков начин на казнување нема да се постигне превентивната улога. Препорачуваме во законските одреби императивно да се предвиди построго казнување во случај кога сторителите се повторници.

Предлагаме измена во Кривичниот законик со цел да се оневозможи изрекување парична казна за кривичните дела поврзани со семејно насилство.

Анализата на изречените казни и мерки од домашните судови за делата на семејно насилство потврдува дека судовите многу ретко изрекуваат мерки на безбедност - задолжително лекување алкохоличари и наркомани, а уште поретко наредуваат психијатриски третмани. Изрекувањето на медицински мерки на здолжително лекување или посетување психијатриски установи и посетување психолошки советувалишта, како и примена на други техники за спречување агресија и справување со стрес може да дадат поголеми резултати во трајно решавање на нарушените семејни односи и во насока на превенција.

Предлагаме во Кривичниот законик и во ЗЗНЖСН да се предвиди заедно со казната или решението за изрекување привремена или итна мерка, задолжително изрекување и заштитна мерка за задолжителен психосоцијален третман на сторителот. Ваквиот предлог подразбира и потреба од зголемување на кадровските потенцијали и тимови кои ќе работат на превенција од идно насилство. Основното јавно обвинителство во Ниш го

применува институтот - условно одлагање на кривичното гонење под услов сторителот да се подвргне на психосоцијален третман во Центарот за социјална работа.

Од праксата на судовите во нашата држава се заклучува дека често ги изрекуваат привремените мерки и другите заштитни мерки, а најприменувани се забраните за пристап, забраните да телефонираат и на друг начин да ги малтретираат жртвите. За жал контролата на нивното спроведување го вршат полициските органи, кои немаат кадровска екипираност и обученост за тоа. Затоа се предлага воведување електронско надгледување и следење на движењето на жртвата или на насилникот за да се спречи фаталниот крај на многу семејни драми кој е многу чест во практиката. Се разбира дека таа мерка би се применувала заедно со мерките за безбедност или врз основа на предлог на психијатар или психолог.

Потребен е координиран и комплементарен ситем на заштита на сите чинители на постапката. Центрите за социјална работа, заедно со полициските органи, јавните обвинителства и судовите треба да дејствуваат функционално и координирано за да ја остварат својата примарна превентивна и заштитна улога за спречување на идно семејно насилство. Целисходно би било да се формира меѓусебно поврзана база на податоци, размена на искуства, организирање советувања за судиите поради уедначување на судската пракса во кривичните и граѓанските предмети.

Правната деонтологија има цел практична примена на научните сознанија. Затоа треба да се поврзат стручните мислења на меѓународно ниво и низ меѓународни проекти и студии да се создаде платформа за зголемување на знаењата. Емпириските и статистичките заклучоци треба да се основа за креирањето на политиките за борба со практично нерешливиот проблем на семејното насилство.

Казненото право не дава резултати во борбата со овој вид девијантно однесување. Репресивноста на казнените мерки очигледно не влијае врз намалувањето и врз сузбивањето на семејното насилство. Превенцијата треба да е примарна. Научните истражувања како и статистичките податоци на светско ниво, утврдуваат дека повеќе ефект даваат граѓанско - правните механизми во комбинација со вонинституционалните мерки. Сознанијата за феноменолошките и етиолошките карактеристики на семејното насилство се основата за негова превенција заедно со холистичкиот пристап на науката.

Соединувањето на теоријата и праксата може да биде најадекватен избор во превенција на семјното насилство. Примената на компаративните модели на заштита укажуваат на силната ориентација на развиените земји за брза и ефикасна реакција на семејното насилство со инсистирање на заштитните мерки. Нашата држава треба да го осигура воведувањето на заштитните мерки низ соработка на сите надлежни институции.

И покрај законската обврска за статистичко следење на движењето и обележјата на семејното насилство, домашните институции или не водат или само делумно водат таква евиденција. При отсуство на единствена методологија не може да се утврди дали законските измени се добро решение. Стручниот дискурс за прашањето на семејното насилство фокусот го става на нормативните, а не на практичните решенија.

Ако нашата држава ги има во вид позитивните обврски наметнати од ЕСЧП и укажувањата на потребата од адекватни заштитни механизми од постоечките и новите (сајбер - видови семејно насилство), со примена на научно и правно засновани решенија и постулати, со синергија во одлуките на сите релевантни институции ќе може да развие силна стратегија за превенција и заштита од семејно насилство.

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

## Учебници


1. Abbott, K., *Beograd*, 2005
2. Ajdukovic, M., Pavleković, G. (Ur.), *Određenje i oblici nasilja u obitelji, Nasilje nad ženom u obitelji*, Zagreb: Društvo za psihološku pomoć, Ljetopis socijalnog rada, Vol. 7 No. 1, 2000
3. Ajdukovic, M., Pavleković, G., *Nasilje nad ženom u obitelji: Društvo za psihološku pomoć*, Zagreb, 2000
4. Bacić, F., *Кривично право и Општа декларација о правима човека, Међународни пакт о грађанским и политичким правима, те међународни пакт о економско-социјалним и културним правима. Архив за правне и друштвене науке*, 1968
5. Borić, R., *Pojmovnik rodne terminologije prema standardima Europske unije*, Zagreb: Ured za ravnopravnost spolova, Vlade RH, 2007
6. Connell, R., *Masculinities: Second Edition*, University of California Press, 2005
7. Ćorić, M., Mujezinović, J., *Zlate li kako se zaštititi? (Nasilje nad ženama i djecom)*, Kantonalna javna ustanova „Porodično savjetovalište" Fondacija lokalne demokratije, 2008
8. Davidović, D., *Kriminologija*, Beograd, 1973
9. Derenčinović, D., Getoš, A.-M., *Uvod u kriminologiju s osnovama kaznenog prava*, Zagreb, Sveučilište u Zagrebu, Pravni fakultet, 2008
10. Gelles, J. R., "Family Violence" in "The Handbook of Crime and Punishment" ed. Michael, T., Oxford University Press, 1998
11. Hagan, F. E., Daigle, L. E., *Introduction to Criminology: Theories, Methods, and Criminal Behavior*, SAGE Publications, New York, 2018
12. Horvat, M., *Rimsko pravo*, Pravni fakultet, Zagreb, 2008
13. Hughes, D. M., *Ciklus zlostavljanja u porodici/partnerskom odnosu*, U: Bukvić, 2008
14. Ignjatović, Đ., *Kriminologija*, JP "Službeni glasnik", Beograd, 2006
15. Jovanović, S., Simeunović, P. B., Macanović, V., *Krivičnopravni odgovor na nasilje u porodici u Vojvodini*, Novi Sad, 2012
16. Jovanović, S. S., Lukić, M. V., *Nasilje u porodici kao oblik kršenja људских права у међународном праву*, Социјална мисао, 6(3-4), 1999
17. Kaizer, G., *Kriminologija*, Juridičeskaja literatura, 1979
18. King, R., Elderbroom, B., *Improving Recidivism as a Performance Measure. Justice Policy Central Brief*, Urban Institute, 2014
19. Krapac, D., Đurđević, Z., Ivičević Karas, E., Bonačić, M., Burić, Z., *Kazneno procesno pravo, Prva knjiga: Institucije*, VII. Neizmijenjeno izdanje, NN, Zagreb, 2015
20. Marković, Č., *Zakonik Hamurabia, vavilonskog kralja. (2000g pre Hrista)*, 18
21. Marković, I., *Osnovi krimiologije*, Pravni fakultet Univerziteta u Banjoj Luci, 2007
22. Matić, A., *Nasilje u obitelji – evropski modeli*, Policija i sigurnost, 19(2), 2010
23. Milosević, M., *Nasilje nad decom*, Fakultet političkih nauka, Beograd, 1998
24. Milošević, S. K., *Odgovor savremenih pravnih sistema na nasilje u porodici – uporednopravna analiza rešenja nekih evropskih zemalja i države Njujork, SAD*, Temida, 6(2), 2003
25. Mlađenović-Kupčević, R., *Kriminologija*, Svjetlost, OOUR Zavod za udžbenike i nastavna sredstva, Sarajevo, 1982
26. Novoselec, P., Bojanić, I., *Opći dio kaznenog prava, četvrto izmijenjeno izdanje*, Sveučilište u Zagrebu, Pravni fakultet, 2013
27. Novoselec, P., *Komentar Kaznenog zakona, I. knjiga: Opći dio*, NN, Zagreb, 2019
28. Novoselec, P., *Opći dio kaznenog prava*, 2. izdanje, Zagreb, 2007

29. Oberški, J., *Socijalni položaj žene po Hamurabiju*, Bogoslovska smotra, Zagreb, 1940

30. Арсен, Ј., Зороска-Камиловска, Т., *Граѓанско процесно право - Прва книга - Парнично право*, Скопје: Правен факултет „Јустинијан Први", 2009

31. Давитковски, Б., Бужаровска, Г., Калајџиев, Г., Мицковиќ, Д., *Implementation Handbook for the Convention on the Rights of the Child, UNICEF*, Септември 2007. Компаративен преглед на законодавството во Република северна Македонија и Конвенцијата за правата на детето, Министерство за правда, Скопје, 2010

32. Бовоар, Д. С., *Другипол 1 – Чињенице и митови*, Београдски издавачко-графички завод, Београд, 1982

33. Камбовски, В., Тупанчески, Н., *Казнено право – посебен дел*, Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Правен факултет „Јустинијан Први", 2011

34. Давидовић, Д., *Криминологија*, Београд, 1973

35. Драшкић, М., *Породично право и права детета*, Београд, 2011

36. Јовановић, Н., *Насиље над женама – препрека развоју. Међународни документи*, Аутономни женски центар, Београд, 2005

37. Кајзер (Кайзер), Г., *Криминологија*, Јуридическаја литература, 1979

38. Матијашевић, Ј., Драгојловић, Ј., *Преваленција насиља у породици*, Култура полиса, 2022

39. Мицковиќ, Д., Ристов, А., *Закон за семејството, Промените во брачните и во семејните односи во европските земји, Реформите во семејните законодавства во Европа, Семејното право во Република Македонија de lege ferenda, Пречистен текст на Законот за семејството, Судска пракса на домашните судови, Судска пракса на судовите од регионот, Пракса на Европскиот суд за човекови права за брачните и за семејните односи*, Стоби Трејд, 2015

40. Николић, Д., *Кривично дело насиље у породици*, Билтен Окружног суда у Нишу,

## Статии

1. Anderson K. L., Perpetrator or victim? Relationships between intimate partner violence and well - being. Journal of Marriage and Family, 2002

2. Antolović Lj., Barić M., Devčić S., Sigurnosna mjera obveznog psihosocijalnog tretmana – izazovi u... Hrvatski ljetopis za kaznene znanosti i praksu (Zagreb), vol. 28, broj 2/2021, 2021

3. B., Herrenkohl R. C., Russo M. J., Journal of Interpersonal Violence, Longitudinal Study on the Effects of Child Abuse and Children's Exposure to Domestic Violence, Parent - Child Attachments, and Antisocial Behavior in Adolescence, 2010

4. Balić S., Divanović, D. Ricijaš, Nasilje i ubojstva među intimnim partnerima. Kriminologija & socijalna integracija, 2001

5. Bosak M., Munivrana Vajda M., The reality behind the Istanbul convention: Shattering conservative Delusions. Women's Studies International Forum, 2019

6. Brink, J., Cullen, P., Beek, K., Peters, S. (2021), Intimate partner violence during the COVID - 19 pandemic in Western and Southern European countries, European Journal of Public Health, Vol. 31, No. 5

7. Bulatović A., Posljedice zlostavljanja i zanemarivanja djece predškolskog uzrasta, Visoka škola strukovnih studija za obrazovanje vaspitača, Novi Sad, 2012

8. Delaney B. V., Covington C., Ondersma J., S., Nordstrom K. B., Templin T., Ager J., Janisse J., Sokol J. R., Comparative Study Arch Pediatr Adolesc Med Violence exposure, trauma, and IQ and/or reading deficits among urban children, 2002

9. Dutton G. D., Nicholls L. T., The gender Paradigm in Domestic Violence Reasearch and Theory: Part II - The Conflic of Theory and Data, Agression and Violent Behavior, 2005

10. Follingstad D., DeHart, D. D., Green E. P., Defining psychological abuse: Contexts, behaviors, and typologies. Violence and victims, 2004

11. Galić N., Huhtanen H., Sudska razmatranja slučajeva nasilja u porodici u BiH, CPU Printing Company, Sarajevo, 2013
12. Gelles, R. J., “ Family Violence”, The Handbook Of Crime and Punishment, Oxford University Press, 1998
13. Graham - Kevan N., Archer J., Does controlling behavior predict physical aggression and violence to partners? Journal of Family Violence, 2008
14. Gudelj G., Pravno uređenje nametljivog ponašanja u hrvatskom i stranom zakonodavstvu, Pravnik: časopis za pravna i društvena pitanja, 2019
15. Guth A. A., Pachter L., Domestic violence and the trauma surgeon, 2000
16. Hart B. J., Sussman, E. A., Civil Tort Suits and Economic Justice for Battered Women. Victim Advocate, 2004
17. Hart B., Analiza muškog nasilja, Drugi pogled 2, (Ne) živjeti sa nasiljem, Medika, Infoteka, Zenica, 1999
18. Hecht - Schafran, L., “ Domestic Violence, Developing Brains, and the Lifespan: New Knowledge from Neuroscience, “ The Judges Journal, 53, n. 3, 2014
19. Higgins C. P., Mackinem B. M., ABC - CLIO, M05, 2009
20. Hines D., Saudino K., Intergenerational Transmission of Intimate Partner Violence: A Behavioral Genetic Perspective, Trauma, Violence, & Abuse, Vol. 3. No. 3, 2002
21. Human Rights of Women: Intersectionality and the CEDAW, International Review of Law11(2), 2022
22. Johnson P. M., “ A Typology of Domestic Violence: Intimate Terrorism, Violent Resistance, and Situational Couple”, 2011
23. Kersting S., Erdmann J., Analyse von Hellfelddaten–Darstellung von Problemen, Besonderheiten und Fallstricken anhand ausgewählter Praxisbeispiele. In Empirische Forschung über Kriminalität, Springer Fachmedien Wiesbaden, 2015
24. Krugman R. D., Korbin J. E., Kempe C. H., A 50 Year Legacy to the Field of Child Abuse and Neglect January, 2013
25. Lazarević J., Krivična dela sa elementom nasilja, sa posebnim osvrtom na krivična dela nasilja u porodici i nasilničkog ponašanja. Bilten sudske prakse, br. 3, Beograd, 2002
26. Lenz H. J., Puchert R., Violence within the family: men as victims: Council of Europe, Violence within the family: the place and role of men, 2005
27. Lukić M., Jovanović S., Drugo je porodica: Nasilje u porodici – nasilje u prisustvu vlasti, Beograd, Institut za kriminološka i sociološka istraživanja, 2001
28. Matczak A., Hatzidimitriadou E., Lindsay J., Review of domestic violence policies in England & Wales. Kingston University and St George's, University of London, 2011
29. Mc Alpine H. C., Elder abuse and neglect, Age and Ageing, British scientific journals, Oxford University Press, Glasgow, 2008
30. Michigan Judicial Institute, Domestic Violence: A Guide to Civil and Criminal Proceedings, Volume 4, 2013
31. Mole N., Peykova, R., Насиље у породици, Преглед међународних стандарда и јуриспруденције Европског суда за људска права, Подгорица, 2019
32. Muller H. J., Desmarais S. L., Hamel J. M., Do judicial responses to restraining order requests discriminate against male victims of domestic violence?Journal of Family Violence, 24(8), 2009
33. National Child Traumatic Stress Network, Justice System Consortium, Helping Traumatized Children: tips for Judges. Los Angeles, CA & Durham, NC: National Center for Child Traumatic Stress

34. National Council on Family Relations, The Origin of the Family Kathleen Gough Journal of Marriage and Family Vol. 33, No. 4, Special Double Issue: Violence and the Family and Sexism in Family Studies, Part 2, 1971
35. Nikolić - Ristanović V., Kovačević Lepojević M., Proganjanje: pojam, karakteristike i društveni odgovori, Zrtve uznemiravanja, 2007
36. Nikolić - Ristanović V., Petrović M. N., Nasilje u porodici., Rasprostranjenost nasilja u Vojvodini, Pokrajinski sekretarijat za rad, zapošljavanje i ravnopravnost polova, Novi Sad, 2010
37. Omejec J., Konvencija za zaštitu ljudskih prava i temeljnih sloboda u praksi Europskog suda za ljudska prava, Strasbourški acquis, Novi informator, Zagreb, 2013
38. Pajčić M., Valković L., Presude Europskog suda za ljudska prava protiv Republike Hrvatske zbog povrede prava na pravično suđenje (članak 6. Konvencije za zaštitu ljudskih prava i temeljnih sloboda). Hrvatski ljetopis za kazneno pravo i praksu, 2012)
39. Piquero B., Jennings A., Jemison W., Kaukinen E., Knaul C., F. M., Domestic violence during the COVID - 19 pandemic - Evidence from a systematic review and meta - analysis, Journal of Criminal Justice, Vol. 74, 101806, 2001
40. Pruitt L. R., Place matters: Domestic violence and rural difference. Wisconson Journal of Law, Gender & Society, 2008
41. Radulovic J., „Nasilje u porodici", NVO „SOS telefon za žene i djecu žrtve nasilja", Podgorica, 2003
42. Rand M. R., Strom K., Violence Related Injuries Treated in Hospital Emergency Departments, Office of justice programs, USA, 1997
43. Redondo S., Martínez C. A., Andrés P. A., Therapeutic effects of a cognitive - behavioural treatment with juvenile offenders The European Journal of Psychology Applied to Legal Context, Dept. of Personality, Assessment and Psychological Treatment, University of Barcelona, Barcelona (Spain), 2012
44. Reid J., Michelson K., Siepmann I., Mason J. A., Judit S., Addressing the long shadows of the COVID - 19 pandemic's unjust, unequal, deep, widespread enduring impacts over the next decade, 2022
45. Reiss I. L., The Universality of the Family: A Conceptual Analysis, Journal of Marriage and Family Vol. 27, No. 4, 1965
46. Robnik S., Domestic violence against women: When practice creates legislation in Slovenia 'Domestic Violence in Postcommunist States: Local Activism, National Policies, and Global Forces Paperback', Indiana University Press, 2010
47. Skinnider E., Qosaj M. A., Алат со ресурси за тужители и судии во борба против насилството врз жените и семејното насилство Совет на Европа, 2020
48. Sousa C., Herrenkohl I. T., Moylan A. C., Tajima A. E., Klika J.,
49. Spasić D., Modeli zaštite od porodičnog nasilja u Republici Srbiji. Bezbednost, 2009
50. Teixeira de Melo A., Alarcao M., Integrated Family Assessment and Intervention Model: A Collaborative Approach to Support Multi - Challenged Families, Springer Science+Business Media, LLC, 2011
51. Vitanović L., Pastović D., Opchinska naredba od zlocsinstavah i njihovih pedepsah iz 1788.kao kaznenopravni izvor u Hrvatskoj i Slavoniji: sustav kazni i pravila o njihovom izricanju Zbornik Pravnog Fakulteta Sveučilišta U Rijeci, 2020
52. Walby S., The cost of domestic violence, Department of Trade and Industry, 2004
53. Wallace H. P., Roberson C., Family Violence Legal, Medical and Social Perspectives 8th Edition, New York, 2016. Mueller I., Early Life Exposure to Violence: Developmental Consequences on Brain and Behavior, 2019

54. Willis J., McMahon M. Stalking: intervention orders. In Stalking: Criminal Justice Responses Conference Sydney: Australian Institute of Criminology, 2000
55. Willis W. J., Foundations of Qualitative Research, 2007
56. Zelembrz E., Čimbenici negativnog djelovanja obiteljskog odgoja, Sveučilište J. J. Strossmayera u Osijeku, 2018
57. Ćorić M., Mujezinović J., Znate li kako se zaštititi? (Nasilje nad ženama i djecom), Kantonalna javna ustanova „Porodično savjetovalište” Fondacija lokalne demokratije, 2008
58. Şeker B., Sönmezocak E. B., Withdrawal from the Istanbul Convention: War on Gender Equality in Turkey, Advancing fundamental freedoms in Turkey, no. 2, 2021
59. Šarić H., Nasilje u porodici, P. N. T. d. o. o. Tuzla, Tuzla, 2012
60. Апасиев Д., Траги од третманот на семејно насилство во Римското приватно право, Семејно насилство, Универзитет Гоце Делчев Штип, 2020
61. Водич за СОС консултација на жртви на семејно насилство, Кризен центар – Надеж, Скопје, 2011
62. Груевска - Дракулевски А., “Семејното насилство во Република Македонија”, Скопје, 2013
63. Зороска - Камиловска Т., Ракочевиќ М., Дозволеност на ревизија во парничната постапка низ практиката на Врховниот суд на Република Северна Македонија, Zbornik radova s V. Međunarodnog savjetovanja „Aktualnosti građanskog procesnog prava – nacionalna i usporedna pravnoteorijska i praktična dostignuća”, Split 2019
64. Игновска Е., Судски постапки во семејни спорови во кои се засегнати права и интереси на деца, Годишник на Правниот Факултет „Јустинијан Први” во Скопје, 2023
65. Јовиќ Н., Нешиќ С., Превенција и заштита на деца од сексуално злоставување и сексуално искористување – Избрани препораки, мислења и иницијативи на заштитникот на граѓаните со Конвенцијата на Советот на Европа за заштита на децата од сексуално искористување и сексуално злоставување, Штампарија Радуниќ д. о. о., Београд, 2015
66. Камбовски В., Лажетиќ Г., Насоки за примена на начелото за неказнување на жртвата на трговија со луѓе и трговија со дете, Скопје: ОБСЕ, 2020
67. Кнежић Б., Насиље у породици – навике и наде, Зборник радова, Правом против насиља у породици, Женски истраживачки центар за едукацију и комуникацију, Ниш, 2002
68. Коларић Д., Марковић С., Поједине недоумице у примени Закона о спречавању насиља у породици, Анализа Правног факултета у Београду, 2018
69. Мисоски Б., Аврамовски Д., Петровска Н., Коалиција „Сите за правично судење” – Скопје Мисија на ОБСЕ во Скопје, Правен факултет „Јустинијан Први” Скопје, Анализа на податоците од набљудуваните судски постапки во предмети од семејно и родово базирано насилство во 2019
70. Мицковиќ Д., Ристов А., Кодификација на семејното право во Република Македонија, Зборник радова „Владавина права и правна држава у региону”, Источно Сарајево, 2014
71. Новаковић У., Вршење родитељског права у случају оспоравања / утврђивање очинства детета - три приступа немачког, енглеског и српског права, Анали Правног факултета у Београду, 2017
72. Петрић Н. Д., Међународни правни стандарди у области насиља у породци и правна заштита жртава у Босни и Херцеговини. Сварог, 1(7), 2013
73. Петрушић Н., Константиновић - Вилић С., Водич кроз систем породичноправне заштите од насиља у породици, Аутономни женски центар, Београд, 2006
74. Петрушић Н., Тодоровић Н., Врачевић М., Dobro čuvana porodična tajna - zlostavljanje starijih osoba, 2017

75. Пешиħ Д., Услуге подршке за жене со искуство насиља во Република Србија – Достигнати стандарди и (не)задоволство корисниците Социјална политика, 2015

76. Стевановиħ И., Осврт на нека прашања на насилието кон деца, Темида бр. 3, Београд, 2002

77. Тупанчески Н., Деаноска А., За потребата од инкриминирање на демнењето како облик на кривичното дело загрозување на сигурноста, Институт за правно - економски истражувања и едукација Јуридика прима

78. Хагеман - Вајт К., CDEG (2006) - Сеопфатна студија за борба против насилството над жените за мерките и активностите што се преземаат од земјите - членки на Советот на Европа, Универзитет во Оснабрук, Германија, Генерален директорат за човекови права, Стразбур, 2006

79. Чонева, Љ., "Семејно насилство над жената во Република Македонија и можностите за помош на жртвите" – Годишник на Институтот за социолошки и политичко - правни истражувања, Број 1, Скопје, 2005

## Законски и правни извори

1. Устав на Република Македонија, Службен весник на Република Македонија, бр. 52/91, 1/92, 31/98, 91/01, 84/03 и 107/05

2. Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, (Сл. Весник на Република Македонија, број 138/14, 33/15 и 150/15)

3. Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство (Службен весник на Република Македонија" број 80/92, 9/96, 38/2004, 33/2006, 84/2008, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12 и 38/14)

4. Конвенција за заштита на човековите права и основни слободи донесена на 4 ноември 1950 г.

5. Општа декларација за човековите права усвоена на 10 декември 1950 г.

6. Конвенција за елиминирање на сите форми на насилство усвоена во 1979 г.

7. Конвенција на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство (Истанбулската Конвенција) потпишана на ден 11. 05. 2011 година

8. German Criminal Code, 1998

9. Универзална декларација за човековите права усвоена и објавена во Резолуцијата 217 А(III), од 10. 12. 1948 на Генералното собрание

10. Закон за социјална заштита Сл. Весник на Република Македонија, бр. 148/2013, 164/2013, 187/2013, 38/2014, 44/2014, 116/2014, 180/2014, 33/2015, 72/2015, 104/2015, 150/2015, 173/2015, 192/2015, 30/2016

11. Конвенција за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените (ЦЕДАВ) - меѓународен договор усвоен во 1979 година од страна на Генералното собрание на Обединетите Нации

12. Закон за спречување и заштита од дискриминација Сл. Весник на РСМ бр. 258 од 30. 10. 2020

13. Закон за работни односи Службен весник на РМ, бр. 16 од 05. 02. 2010

14. Višejezični demografski rječnik UN - a 1982, §112. 98 International Union for the Scientific Study of Population Višejezični demografski rječnik UN - a 1982, §110. 100 Meriam - Webster Dictionary, 1958

15. Меѓународниот пакт за граѓански и граѓански и политички права, 1966

16. Меѓународен Пакт за економски, социјални и културни права, 1966

17. Декларација на Обединетите нации (ОН) за елиминација на насилство врз жените 48/104, 1993

18. Факултативниот протокол кон Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жените, 1999

19. Конвенција на ООН за правата на детето, 1989

20. Закон за ратификација на Конвенцијата за правата на детето, Службен весник на Социјалистичка Република Југославија, Службен весник на РМ, бр. 150/1990

21. Закон за ратификација на Факултативниот протокол кон Конвенцијата за правата на детето за вклучување на децата во вооружени судири, Службен весник на РМ, бр. 44/2003, 3 јули 2003

22. Закон за ратификација на Факултативниот протокол кон Конвенцијата за права на децата за продажба на деца, детска проституција и детска порнографија, Службен весник на Р. М. бр. 44/2003, 3 јули 2003

23. Европска конвенција за заштита на човековите права и основни, Рим, 4 ноември 1950

24. Европска социјална повелба, 1965

25. Европска конвенција за спречување на мачење и нехумано или понижувачко постапување или казнување, 1987

26. Конвенција на Советот на Европа за борба против трговија со луѓе, 2005

27. Конвенција на Советот на Европа за заштита на деца од сексуална експлоатација и сексуално злоставување, 2007

28. Конвенција на Советот на Европа за спречување и сузбивање на насилство врз жените и семејно насилство, 2011

29. Конвенција на Советот на Европа за заштита на децата од сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба, 2007

30. Закон за ратификација на Конвенцијата на Совет на Европа за заштита на деца од сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба, Сл. Весник на Р. М бр. 135, 08.10. 2010 година

31. Закон за заштита на децата, Службен весник на РМ бр. 98/00. 17/03, 65/04, 113/05, 98/08, 107/08 и 83/09

32. Закон за малолетничка правда на Република Македонија, Службен весник на РМ, бр. 87/07

33. Закон за правда на децата Службен весник на РМ, бр. 148 од 29. 10. 2013 година

34. Кривичен законик на Република Македонија (Сл. Весник на РМ бр. 37/1996, 80/1999, 48/2001, 4/2002, 16/2002, 43/2003, 19/2004, 40/2004, 81/2005, 50/2006, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/2011, 51/2011, 135/2011, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013, 82/2013, 14/2014, 27/2014, 28/2014, 41/2014, 41/2014, 115/2014, 132/2014, 160/2014, 199/2014, 196/2015, 226/2015, 97/2017, 170/2017, 248/2018, 36/2023, 188/2023)

35. Закон за кривична постапка Службен весник на Република Македонија бр. 150 од 18.11. 2010 година

36. Закон за ратификација на Конвенцијата за правата на детето, Службен весник на Социјалистичка Република Југославија, бр. 150/1990 - Службен весник на Р. Македонија

37. Закон за ратификација на Факултативниот протокол кон Конвенцијата за правата

на детето за вклучување на децата во вооружени судири, Службен весник на Р. Македонија, бр. 44/2003, 3 јули 2003

38. Закон за ратификација на Факултативниот протокол кон Конвенцијата за права на

децата за продажба на деца, детска проституција и детска порнографија, Службен весник на Р. Македонија, бр. 44/2003, 3 јули 2003

39. Закон за ратификација на Конвенцијата на Совет на Европа за заштита на деца од сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба, Сл. Весник на Р. М бр. 135, 08.10. 2010 година

40. Obiteljski zakon pročišćeni tekst NN 103/15, 98/19, 47/20, 49/23, 156/23

41. Kazneni zakon pročišćeni tekst zakona. NN 125/11, 144/12, 56/15, 61/15, 101/17, 118/18, 126/19, 84/21, 114/22, 114/23

42. Pravilnik o izvršavanju psihosocijalnog tretmana izrečenog počinitelju kaznenog djela s obilježjem nasilja. „Narodne novine", broj: 103/18\

43. Zakon o probaciji. „Narodne novine", broj: 99/1

44. Prekršajni zakon NN 107/07, 39/13, 157/13, 110/15, 70/17, 118/18

45. Zakon o kaznenom postupku NN 152/08, 76/09, 80/11, 121/11, 91/12, 143/12, 56/13, 145/13, 152/14, 70/17

46. Zakon o zaštiti od nasilja u obitelji, čl. 3 „Narodne novine", broj 70/17, 126/19, 84/21

47. Strategija prevencije i borbe protiv nasilja u porodici u Bosni i Hercegovini od 2009.do 2011. godine, Cilj 1. „Službeni glasnik Bosne i Hercegovine" broj 70/09

48. Strateški plan za prevenciju nasilja u porodici za Federaciju BiH od 2009.do 2010. godine, Cilj 4. „Službene novine Federacije Bosne i Hercegovine" broj 75/08

49. Запажања о примјени Закона о заштити од насиља у породици упракси надлежних институција јула 2009 године, OSCE, Насиље у породици – одговор надлежних институција и заштита жртава у Федерацији Босне и Херцеговине и Републици Српској, 2009

50. Krivični zakon Federacije Bosne i Hercegovine – 2003

51. Krivični zakon Republike Srpske – 2017

52. Krivični zakon Brčko Distrikta Bosne i Hercegovine – 2020

53. Анекс од 30. 04. 2002 г. ст. 55 на Комитетот на министри на Советот на Европа на државите членки и Резолуција бр. 63/155 на Генереалното собрание на Обединетите нации A/Res/63/155, ст. 16 к став 16(k)

54. Zakon o sprečavanju nasilja u porodici 2016 - ZZNP – FBIH

55. ZZNP942 – RS 2006 Zakon o izmjenama i dopunama Zakona o zaštiti od nasilja u porodici Republike Srpske, Službeni glasnik Republike Srpske 84/19 od 16. 10. 2019. Godine

56. Препорака (2002)5 на Комитет на министри на Советот на Европа од 30 април 2002

57. Кривични закон Републике Србије, „Сл. гласник СРС", бр. 26/77, 28/77 - испр., 43/77 - испр., 20/79, 24/84, 39/86, 51/87, 6/89, 42/89 и 21/90 и „Сл. гласник РС", бр. 6/90, 26/91 - одлука УСЈ бр. 197/87, 75/91 - одлука УСРС бр. 58/91, 9/92, 49/92, 51/92, 23/93, 67/93, 47/94, 17/95, 44/98, 10/2002, 11/2002 - испр., 80/2002 - д-р Кривични закон, 39/2003 и 67/2003 Zakon o izmjenama i dopunama Krivičnog zakona (Službeni glasnik Republike Srbije 10/02 Kazneni zakon Republike Srbije 2005 Главе деветанесте „Кривична дела против брака и породице"

58. Закон о јавном реду и миру Службени гласник РС, бр. 6/2016 и 24/2018

59. Породични закон, Службени гласник РС, бр. 18/2005, 72/2011 – д-р закон и 6/2015

60. Закон о спречавању насиља у породици, „Сл. гласник РС", бр. 94/2016

61. Vrhovni Kasacijski sud Republike Srbije, Rev. 2844/10 od 26 svibnja 2010

62. Породични закон, Службени гласник РС, бр. 18/2005, 72/2011 – д-р закон и 6/2015

63. Закон о полицији – ЗП, Службени гласник РС, бр. 6/2016

64. Закон о извршењу и обезбеђењу – ЗИО, Службени гласник РС, бр. 106/2015

65. Закон за семејство ( „Службени лист РЦГ" бр. 01/07)

66. Кривичен законик ( „Службени лист РЦГ" бр. 70/03, 13/04, 47/06, „Службени лист ЦГ" бр. 40/08, 25/10)

67. Закон за кривична постапка ( „Службени лист ЦГ" бр. 57/09, 49/10)

68. Закон за прекршоците( „Службени лист ЦГ” бр01/11)

69. Закон за јавниот ред и мир ( „Службени лист РЦГ” 41/94)

70. Законот за родова рамноправност ( „Службени лист” РЦГ 46/07)

71. Законот за заштита од семејно насилство ( „Службени лист ЦГ” бр. 46/10)

72. Kazenski zakonik, Uradni list RS, št. 50/2012

73. Zakon o prekrških zoper javni red in mir (Uradni list RS, št. 110/03 – uradno prečiščeno besedilo in 70/06 – ZJRM - 1)

74. Zakon o preprečevanju nasilja v družini Uradni list RS št. 16/2008

75. Resolucija o nacionalnem programu preprečevanja nasilja v družini med letoma 2009 - 2014

76. Pravilnik o sodelovanju organov ter o delovanju centrov za socialno delo, multidisciplinarnih timov in regijskih služb pri obravnavi nasilja v družini 2004

77. Извештај од спроведено теренско истражување „Семејно насилство”, Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените во Република Македонија – ЕСЕ, Скопје, 2000

78. Закон за брак (Службен весник на СРМ бр. 35/73, 28/74 и 13/78)

79. Закон за односите на родителите и децата (“ Службен весник на СРМ” број 5/73, 17/73)

80. Законот за посвојување (“ Службен весник на СРМ”, број 5/73, 17/73)

81. Законот за старателство (“ Службен весник на СРМ” број 5/73)

82. Закон за семејството, пречистен текст Сл. весник на РМ, бр. 153 од 20. 10. 2014, 80/1992, 9/1996, 19/2000 79/2001, 38/2004, 60/2005, 33/2006, 84/2008, 117/2009, 67/2010, 156/2010, 39/2012, 44/2012, 38/2014, 115/2014, 104/2015, 150/2015, 122/2018, 51/2021, 53/2021, 199/2023

83. Закон за сопственост и други стварни права од 2001, Сл. Весник на РМ 18/2001

84. Указ за прогласување на Законот за превенција, спречивање и заштита од семејно насилство, Службен весник на РМ, бр. 138 од 17. 09.2014

85. Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, (Службен весник на Република Македонија, број 138/14, 33/15 и150/15)

86. Закон за социјална заштита Службен весник на РСМ, бр. 104 од 23. 5. 2019

87. Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство (Сл. Весник на РСМ 24/2021 од 29. 01. 2021 г.)

88. Анекс на Инстанбулската конвенција, Стразбур, 20 април 2020 година

89. Акциски план за спроведување на Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство на Република Македонија 2018 - 2023

90. Закон за бесплатна правна помош (Службен весник на РСМ, бр. 101/19)

91. Закон за еднакви можности на жените и мажите (“ Службен Весник на Република Македонија” бр. 6/2012)

92. Закон за изменување и дополнување на Законот за еднакви можности на жените и мажите (“ Службен Весник на Република Македонија” бр. 166/2014)

93. Стратегија за родова еднаквост за периодот 2022 - 2027 година (Службен весник на РСМ, бр. 170/2022)

94. Стратегијата за родова еднаквост за периодот 2013 - 2020

95. Националниот акциски план за заштита, промоција и исполнување на човековите права на жените и девојчињата Ромки доснесен 2022 - 2024 донесен во 2021

96. Национална стратегија за еднаквост и недискриминација 2022 - 2026 донесена во 2022

97. Генерално собрание на ООН Студии за сите облици на насилство врз жените, Извештај на генералниот секретар број A/61/122/Add. 01, 06. 07, 2006

98. Годишен извештај за 2020 на Министерство за внатрешни работи Биро за јавна безбедност Оддел за криминалистичко разузнавање и анализа Бр. 22. 4 - 519/1 15. 03. 2021

99. Извештај на МВР за 2018

100. Извештај од судско набљудување на кривични и граѓански предмети за семејно насилство, Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ, Скопје, 2022

101. Извештај од судско набљудување на кривични и граѓански предмети за семејно насилство, (Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените – ЕСЕ), Скопје, 2020

102. " Ugovoren brak jači od zakona"(Istraživanjem je obuhvaćeno 643 ispitanika/ce (323 žene i 320 muškaraca), Nikšiću, Podgorici, Beranama i Ulcinju, 2014

103. Istraživanje " Partnersko nasilje nad Romkinjama u Rasinskom okrugu", Romani cikna, 2019

104. Истражувањето за пристапот и функционалноста на системот за заштита на жените Ромки, жртви на родово базирано насилство и семејно насилство на територијата на Скопје 2022 Издавач: Здружение Иницијатива за правата на жените од Шуто Оризари Автори: Тона Карева, Салија Бекир Халим, Алмира Фасљии Муарем, Сенада Јашар, Азиза Сал

105. Национално истражување, „Преваленца на злоупотребата на стари лица", Институт за социолошки и политичко правни истражувања - Скопје со поддршка на Светската здравствена организација, Скопје, 2011

106. Директива 2012/29 / ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 25 октомври 2012 година

107. DIRECTIVE 2012/29/EU OF THE EUROPEAN PARLIAMENT AND OF THE COUNCIL, establishing minimum standards on the rights, support and protection of victims of crime, and replacing Council Framework Decision 2001/220/JHA

108. Резолуција бр. 44/25 од 20. 11. 1989 година, ратификувана од РСМ во 1993 година

109. Поповска Љ., Рикаловски В., Вилагомез Е., Извештај за Националното истражување за домашно насилство, Скопје: Магна Скен, 2012

110. Истражување спроведено од ОБСЕ за насилството врз жените во Северна Македонија „Благосостојбата и безбедноста на жените „ 2019 г. Организација за безбедност и соработка со Европа Родови прашања Секретаријат на ОБСЕ Wallnerstrasse, Vienna, Austria

111. Извештај за Националниот Индекс на родова еднаквост за Северна Македонија 2022 г. Мерење на родова еднаквост

112. Закон за општата управна постапка ( „Службен весник на Република Македонија" бр. 124/2015 од 23. 7. 2015 ) стапи во сила на 31 јули 2016 година

113. Закон за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство објавен во Службен весник број 247/2022 од 17. 11. 2022

114. CDEG (2006) - Сеопфатна студија за борба против насилството над жените за мерките и активностите што се преземаат од земјите - членки на Советот на Европа, професор Д-р. Карол Хагеман - Вајт, Универзитет во Оснабрук, Германија, Генерален директорат за човекови права, Стразбур, 2006 година

115. Закон за извршување Службен весник на РМ 72/16

116. Кривични законик ("Сл. гласник РС", бр. 85/2005, 88/2005 - испр., 107/2005 - испр., 72/2009 и 111/2009)

117. Посебног протокола за заштиту деце и ученика од насиља, злостављања и занемаривања у образовно - васпитним установама, Министарство просвете, Београд, 2007

118. Krivicni zakon Bosne I Hercegovine Integralni tekst (“Službeni glasnik Bosne i Hercegovine”, br. 3/2003, 32/2003 - ispr., 37/2003, 54/2004, 61/2004, 30/2005, 53/2006, 55/2006, 8/2010, 47/2014, 22/2015, 40/2015 i 35/2018)

119. Strategija za borbu protiv nasilja nad djecom u Bosni i Hercegovini, 2012 - 2015

120. Акционен план за превенција и справување со сексуална злоупотреба на деца и педофилија 2009 - 2012 година, Влада на РСМ, 18.11. 2008

## Интернет извори

1. https://curia. europa. eu/jcms/jcms/j_6/en/
2. https://www. starapovijest. eu/pravni - sustav - drevnog - egipta
3. https://www. oxfordreference. com/view/10. 1093/acref/9780195369380. 001.0001/acref - 9780195369380
4. https://us. sagepub. com/en - us/nam/foundations - of - qualitative - research/book228788
5. https://www. researchgate. net/publication/259905459_A_Typology_of_Domestic_Violence_Intimate_Terrorism_Violent_Resistance_and_Situational_Couple_Violence_by_Michael_P_Johnson?_tp=eyJjb250ZXh0Ijp7InBhZ2UiOiJwdWJsaWNhdGlvbiIsInByZXZpb3VzUGFnZSI6bnVsbH19
6. https://www. who. int/about/
7. https://www. courts. michigan. gov/495cf4/siteassets/publications/benchbooks/dvbb/dvbb. pdf
8. www. coe. int/conventionviolence
9. https://hudoc. echr. coe. int/app/conversion/pdf/?library=ECHR&id=001 - 128294&filename=001 - 128294. pdf&TID=uynnlohkyr
10. https://mhc. org. mk/news/noviot - zakon - protiv - nasilstvo - vrz - zhenite - i - semejnoto - nasilstvo - e - pozitiven - chekor - instituciite - da - se - podgotvat - za - negova - dosledna - primena
11. https://www. americanjournalofsurgery. com/article/S0002 - 9610(00)00245 - 2/fulltext
12. https://www. slobodenpecat. mk/so - dzvon - od - kluchevi - italija - se - prosti - od - dzhulija - i - krena - vreva - protiv - nasilstvo
13. https://www. unicef. org/croatia/media/6456/file
14. http://www. ncdsv. org/images/SexualAssault - - VOIRDIREANDPROSECUTIONTIPS. pdf
15. https://rm. coe. int/168046253a
16. https://www. researchgate. net/publication/215860913_Stalking_Notion_characteristics_and_social_responses/fulltext/0f3197bc3829de2216440492/Stalking - Notion - characteristics - and - social - responses. pdf
17. https://www. gesetze - im - internet. de/englisch_stgb/englisch_stgb. html
18. http://www. stalkingalert. com/articles/legal - aspects - of - stalking
19. http://victimsofcrime. org/docs/default - source/src/stalking - fact - sheet - 2015_eng. pdf?sfvrsn=2
20. http://www. hazud. hr/bolesna - zaljubljenost - pracenje - progonjenje - uhodenje - maltretiranje - stalking/?fbclid=IwAR3bGQnyy5DrS4es0xWyvbx1GXSyc3WEC4r - leUqxtchOzeENUTImKPYiTU
21. https://www. unicode. org/udhr
22. https://www. un. org/en/
23. https://www. un. org/womenwatch/daw/cedaw/
24. https://www. womensdeclaration. com/documents/57/%D0%94%D0%B5%D0%BA%D0%BB%D0%B0%D1%80%D0%B0%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0_%D0%BD%D0%B0_%D0%B6%D0%B5%D0%BD%D0%B8%D1%82%D0%B5_1_44YdVs0. pdf
25. http://www. un. org/womenwatch/daw/cedaw/index. html
26. https://www. unicef. org/child - rights - convention/what - is - the - convention
27. http://www. childrensembassy. org. mk/WBStorage/Files/konvencija%20celosna. pdf
28. https://www. coe. int/en/web/conventions/full - list/ - /conventions/treaty/201

29. http://www. childrensembassy. org. mk/WBStorage/Files/Konvencija%20na%20Sovetot%20na%20Evropa%20za%20zastita%20na%20deca%20od%20seksualna%20zloupotreba. pdf
30. https://freedomhouse. org/sites/default/files/2021 - 06/06292021_Freedom_House_Turkey_Policy_Brief - 2 - Withdrawal - from - the - Istanbul - Convention. pdf
31. https://www. slobodnaevropa. org/a/istanbulska - konvencija - nasilje - nad - zenama/31248734. html
32. https://rm. coe. int/declaration - committee - of - the - parties - to - ic - covid - /16809e33c6
33. https://www. sciencedirect. com/science/article/pii/S004723522100026X#f0010
34. https://www. sessizkalma. org/en/defender/we - will - stop - femicide - platform
35. https://rm. coe. int/declaration - committee - of - the - parties - to - ic - covid - /16809e33c6
36. https://rm. coe. int/help - course - in - brief/168076c9b5
37. https:// rm. coe. int/16809e1288
38. https://www. ohchr. org/en/covid - 19#: ~: text=OHCHR's%20work%20on%20COVID%2D19, raise%20awareness%20of%20specific%20concerns.
39. http./www. shouselaw. com/violate - restraining - order. html#
40. https://publications. parliament. uk/pa/cm201011/cmselect/cmeuleg/428 - xv/42808.htm
41. https://england. shelter. org. uk/professional_resources/legal/relationship_breakdown/housing_rights_of_cohabiting_joint_homeowners/occupation_orders_under_family_law_act_1996_for_cohabiting_joint_owners
42. https://www. parlament. gv. at/PAKT/VHG/XX/I/I_00252/index. shtml
43. https://eige. europa. eu/sites/default/files/documents/2016. 5488_mh0416662enn_pdfweb_20170215100609.pdf
44. https://eige. europa. eu/sites/default/files/documents/2016. 5488_mh0416662enn_pdfweb_20170215100609pdf
45. https://rm. coe. int/grevio - report - on - netherlands/1680997253
46. https://wetten. overheid. nl/BWBR0037818/2016 - 05 - 01
47. http://www. ured - ravnopravnost. hr/site/preuzimanje/dokumenti/un/preporuke_un_odbora. pdf.
48. https://ravnopravnost. gov. hr/institucionalni - mehanizmi - 1639/pravobraniteljica - za - ravnopravnost - spolova - 2022/2022
49. www. sigurnomjesto. hr
50. http://www. azkz. net/assets/files/INTERPRETACIJA%20 -%20NNZ - prosinac%202003. pdf
51. https://policija. gov. hr/vijesti/potpisan - protokol - o - zajednickom - radu - policije - i - drzavnog - odvjetnistva - u - kaznenim - predmetima/5208
52. http://www. dorh. hr/Download/2006/11/29/Protokol_odvjetnistvo. pdf
53. http://www. arsbih. gov. ba/index. aspx?PID=3&RID=70
54. https://hrcvr. org/prvi - grevio - izvestaj - o - primeni - istanbulske - konvencije/
55. https://rm. coe. int/executive - summary - and - recommendations - in - serbian/pdfa/16809987eb
56. www. gov. me/files/1224502557
57. http://mtsp. gov. mk/covid - 19. nspx
58. www. coe. int/Conventionviolence
59. https://ec. europa. eu/eurostat/web/gender - based - violence/database
60. http://www. rsp. hr/ojs2/index. php/rsp/article/viewFile/947/1136
61. http://www. pisrs. si/Pis. web/pregledPredpisa?id=ZAKO33
62. https://nardus. mpn. gov. rs/bitstream/handle/123456789/17308/Disertacija. pdf?sequence=1&isAllowed=y
63. http://www. rsp. hr/ojs2/index. php/rsp/article/viewFile/947/1136
64. https://www. coe. int/mk/web/compass/convention - on - the - rights - of - the - child
65. https://www. mtsp. gov. mk/content/pdf/zakoni/ZAkon%20za%20prevencija%20semejno. pdf
66. https://www. mtsp. gov. mk/content/pdf/zakoni/2019/28.5_zakon_SZ. pdf
67. https://mtsp. gov. mk/content/word/dokumenti/dokumenti%202018/standardi/sovetuvaliste_zrtvi. pdf
68. https://www. researchgate. net/publication/337211856_ZAKON_ZA_SUDOVITE_ - _Avtorski_precisten_tekst
69. https://neighbourhood - enlargement. ec. europa. eu/north - macedonia - report - 2022_en
70. https://www. mk. undp. org/content/dam/the_former_yugoslav_republic_of_macedonia/docs/Femicid_MK. pdf
71. https://pravda. gov. mk/bp - advokati

72. https://zdruzenska. org. mk/%d0%b8%d0%b7%d0%b2%d0%b5%d1%88%d1%82%d0%b0%d1%98 - %d0%b7%d0%b0 -%d0%bf%d1%80%d0%be%d1%86%d0%b5%d0%bd%d0%ba%d0%b0 - %d0%bd%d0%b0 - 1%81%d0%bf%d1%80%d0%be%d0%b2%d0%b5%d0%b4%d1%83%d0%b2%d0%b0%d1%9a%d0%b5/
73. http://eige. europa. eu
74. https://mtsp. gov. mk/pocetna - ns_article - nacionalniot - plan - za - sproveduvanje - na - konvencijata - za - sprecuvanje - i - borba - protiv - nasilstvoto - vrz - zen. nspx
75. https://mvr. gov. mk/Upload/Editor_Upload/%D0%A1%D1%82%D1%80%D0%B0%D1%82%D0%B5%D0%B3%D0%B8%D0%B0%20%D0%B7%D0%B0%20%D1%80%D0%BE%D0%B4%D0%BE%D0%B2%D0%B0%20%D0%B5%D0%B4%D0%BD%D0%B0%D0%BA%D0%B2%D0%BE%D1%81%D1%82%202013 - 2020. doc
76. https://www. mtsp. gov. mk/dokumenti. nspx
77. https://www. mtsp. gov. mk/dokumenti. nspx
78. https://interactive. unwomen. org/multimedia/infographic/violenceagainstwomen/en/index. html#closing - 1
79. http://fra. europa. eu/en/publication/2014/vaw-survey-results-at-a-glance. Violence against women: an EU - wide survey. Main results
80. https://www. taylorfrancis. com/books/mono/10. 4324/9781315628271/family - violence - paul - harvey - wallace - cliff - roberson - cliff - roberson - harvey - wallace
81. https://www. who. int/news - room/fact - sheets/detail/violence - against - children
82. https://www. frontiersin. org/articles/10. 3389/fnbeh. 2019. 00156/full
83. https://pubmed. ncbi. nlm. nih. gov/11876674/
84. https://journals. sagepub. com/doi/abs/10. 1177/0886260510362883
85. https://www. who. int/news - room/fact - sheets/detail/violence - against - children
86. https://msp. mk/mk_MK/2021/02/01/%D1%83%D1%81%D0%BE%D0%B3%D0%BB%D0%B0%D1%81%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B5 -%D0%BD%D0%B0 - %D0%BF%D1%80%D0%BE%D1%82%D0%BE%D0%BA%D0%BE%D0%BB%D0%BE%D1%82 - %D0%B7%D0%B0 -%D1%80%D0%B0%D0%B1%D0%BE%D1%82%D0%B0/
87. https://www. sos - childrensvillages. org/end - violence - overview
88. https://www. unicef. org/northmacedonia/mk/%D0%BA%D1%80%D0%B0%D1%%D0%B7%D0%B0%D0%BD%D0%B0%D1%81%D0%B8%D0%BB%D1%81%D1%82%D0%B2%D0%BE%D1%82%D0%BE - %D0%B2%D1%80%D0%B7 -%D0%B4%D0%B5%D1%86%D0%B0%D1%82%D0%B0
89. https://apps. who. int/iris/bitstream/handle/10665/85239/9789241564625_eng. pdf;jsessionid=3F10FC4471F8440DC74113B4F4C19E80?sequence=1 пристапено на 29. 09.2023 г.
90. https://www. osce. org/bs/secretariat/439070
91. www. lgbti. mk.
92. https://reactor. org. mk/wp - content/uploads/2022/11/Final - Analysis - MAEB - 102022_fin. pdf
93. https://ghdx. healthdata. org/record/netherlands - mental - health - survey - and - incidence - study - 2019 - 2022
94. https://books. google. com/books/about/Masculinities. html?id=C8zb0oBUZxcC
95. http://ageing. oxfordjournals. org/content/37/2/132. full. pdf+html
96. https://www. dw. com/hr/kad - se - roditelji - moraju - bojati - vlastitog - djeteta/a - 36844592 пристапено на 1. 10. 2023
97. http://canadiancrc. com/parent_abuse. aspx
98. https://repozitorij. unios. hr/islandora/object/ffos: 3980
99. https://eur - lex. europa. eu/legal - content/en/TXT/?uri=CELEX%3A32012L0029
100. https://cenppz. org. ba/wp - content/uploads/2020/05/Integral - Regional - study_Centar - zenskih - prava. pdf
101. https://jpacademy. gov. mk/wpcontent/uploads/filr/5693/%D0%9F%D0%BE%D0%B4%D0%B4%D1%80%D1%88%D0%BA%D0%B0%20%D0%BD%D0%B0%20%D0%B2%D0%BB%D0%B0%D1%81%D1%82%D0%B8%D1%82%D0%B5%20%D0%B2%D0%BE%20%D0%A0%D0%A1%D0%9C%20%D0%B2%D0%BE%20%D0%BD%D0%B0%D1%81%D0%BE%D0%BA%D0%B0%20%D0%BD%D0%B0%20%D0%BE%D1%86%

D0%B5%D0%BD%D0%BA%D0%B0%20%D0%BD%D0%B0%20%D0%B7%D0%B0%D0%BA%D0%BE%D0%BD%D0%BE%D0%B4%D0%B0%D0%B2%D1%81%D1%82%D0%B2%D0%BE%D1%82%D0%BE%20%D0%B8%20%D0%BF%D1%80%D0%B5%D0%BF%D0%BE%D1%80%D0%B0%D0%BA%D0%B8.pdf

102. http://biroescp. gov. mk/wp - content/uploads/2016/12/Записник - од - 13та - седница - на - МК. pdf
103. https://www. europeansociology. org/issue - 45 - pandemic - impossibilities - vol - 1/gendering - coronavirus - covid - 19 - and - femicide, пристапено на 10. 10. 2022 г.
104. https://edition. cnn. com/2021/01/25/us/puerto - rico - emergency - gender - violence - trnd/index. html
105. https://www. aspher. org/download/1037/aspher - covid - 19 - task - force - 2nd - statement - on - inequalities. pdf
106. https://mtsp. gov. mk/pocetna - ns_article - zrtvite - na - semejno - nasilstvo - covid19. nspx
107. https://sitel. com. mk/zgolemen - broj - na - prijavi - za - semejno - nasilstvo;
108. http://www. glasprotivnasilstvo. org. mk/wp - content/uploads/2020/04/Itni - merki - za - zashtita - na - zhenite - i - detsata - zhrtvi - na - semejno - nasilstvo - vo - kriza. pdf;
109. https://360stepeni. mk/video - potresni - svedoshtva - za - semejno - nasilstvo - i - inertni - institutsii - za - vreme - na - kovid - krizata/
110. https://www. academia. edu/6318311/REPORT_ON_THE_NATIONAL_SURVEY_OF_
111. http://www. eurasia. undp. org/content/rbec/en/home/library/roma/regional - roma - survey - 2017 - country - fact - sheets. html l.
112. https://revisesociology. com/2014/02/09/functionalist - perspective - family/

## СУДСКА ПРАКСА

1. Grand Chamber case of Vallianatos and others v. Greece, (Applications nos. 29381/09 and 32684/09), достапно на: https://hudoc. echr. coe. int/app/conversion/pdf/?library=ECHR&id=001 - 128294&filename=001 - 128294. pdf&TID=uynnlohkyr

2. CASE OF KONTROVÁ v. SLOVAKIA (Application no. 7510/04), https://policehumanrightsresources. org/content/uploads/2019/09/CASE - OF - KONTROVA - v. SLOVAKIA. pdf?x96812, пристапено на 16. 10. 2023.

3. CASE OF OPUZ v. TURKEY (Application no. 33401/02), https://www. legislationline. org/download/id/2946/file/OPUZ%20v%20Trukey%20June%202009.pdf, пристапено 11. 10. 2023.

4. Bălșan против Романија, пресуда од 23. маја 2017, представка бр. 49645/09, Bălșan v. Romania, judgment of 23 May 2017, application no. 49645/09, достапно на: https://www. juridice. ro/wp - content/uploads/2017/05/CASE - OF - BAL - AN - v. - ROMANIA. pdf

5. Во предметот Тершана против Албанија (жалба бр. 48756/14, 04. 08.2020) Европскиот суд за човекови права едногласно утврди дека не дошло до повреда на член 2 (право на живот) од Европската конвенција за човекови права, како и дека дошло до повреда на член 2 од Конвенцијата (во делот на истрагата).

6. The case M. and M. v. Croatia (application no. 10161/13) ECHR 268 (2015) 03. 09.2015 достапна на https://hudoc. echr. coe. int/app/conversion/pdf/?library=ECHR&id=003 - 5160387 - 6379484&filename=Judgment%20M.%20and%20M.%20v.%20Croatia%20 - %20custody%20dispute%20and%20allegations%20of%20child%20abuse. pdf

7. Бранко Томашевић и остали против Хрватске, пресуда од 15. јануара 2009, представка бр. 46598/06, Branko Tomasevic and Others v. Croatia, Judgment of 15 January 2009, Application no. 46598/06, достапно на: https://hudoc. echr. coe. int/fre#{%22itemid%22: [%22002 - 1695%22]}, пристапено на 19. 09.2023 г.

8. Талпис против Италија, пресуда од 2. мар 2017, представка бр. 41237/14, Talpis v. Italy, judgment of 2 March 2017, application no. 41237/14, достапно на: https://rm. coe. int/090000168088f2cb, пристапено на 19. 09.2023 г

9. Е. С. и д-р против Словачка, пресуда од 15. септември 2009, представка бр. 8227/04, E. S. and Others v. Slovakia, judgment of 15 September 2009, application no. 8227/04

10. Д. М. Д. против Романија, пресуда од 3. октобра 2017, представка бр. 23022/13, D. M. D. v. Romania, judgment of 3 October 2017, application no. 23022/13, достапно на: https://archive. crin. org/en/library/legal - database/dmd - v - romania. html, пристапено на 18.09.2023.

11. Преставка бр. 71127/01, 2008 CASE OF BEVACQUA AND S. v. BULGARIA (Applicationno. 71127/01), достапно на: http://hrlibrary. umn. edu/research/bulgaria/BEVACQUA. pdf, пристапено на 12. 09.2023 г.

12. Хајдуова против Словачка, пресуда од 30. Ноември 2010, представка бр. 2660/03, Hajduova v. Slovakia, judgment of 30 November 2010, application no. 2660/03, достапнп на: https://rm. coe. int/CoERMPublicCommonSearchServices/DisplayDCTMContent?documentId=09000016805a32b0, пристапено на 12. 09.2023

13. Еремиа и д-р против Република Молдавија, пресуда од 28.мај 2013, представка бр. 3564/11, Eremia and Others v. the Republic of Moldova, judgment of 28 May 2013, application no. 3564/11, достапно на: https://rm. coe. int/16805a32af, пристапено на15. 09.2023.

14. Cases of the European Court of Human Rights Significant for European Integration of Ukraine: Levchuk v. Ukraine, Judgment of 3 September 2020 (Final on 3 December 2020): Case Commentary достапен на https://www. researchgate. net/publication/349851228_Cases_of_the_European_Court_of_Human_Rights_Significant_for_European_Integration_of_Ukraine_Levchuk_v_Ukraine_Judgment_of_3_September_2020_Final_on_3_December_2020_Case_Commentary

15. CASE OF VOLODINA v. RUSSIA (Application no. 41261/17) од 9 јули 2019 г., достапен на https://hudoc. echr. coe. int/eng?i=001 - 194321

16. СЛУЧАЈ МИТОВИ против РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (Жалба бр. 53565/13) ПРЕСУДА СТРАЗБУР 16 април 2015 достапна на: https://biroescp. gov. mk/%d0%bf%d1%80%d0%b5%d1%81%d1%83%d0%b4%d0%b8 -%d0%b8 - %d0%be%d0%b4%d0%bb%d1%83%d0%ba%d0%b8 -%d0%bd%d0%b0 - %d1%80%d0%bc/%d0%bc%d0%b8%d1%82%d0%be%d0%b2%d0%b8 - %d0%bf%d1%80%d0%be%d1%82%d0%b8%d0%b2 - %d1%80%d0%b5%d0%bf%d1%83%d0%b1%d0%bb%d0%b8%d0%ba%d0%b0 - %d0%bc%d0%b0%d0%ba%d0%b5%d0%b4%d0%be%d0%bd%d0%b8%d1%98%d0%b0 -%d0%bf/

17. Види Mihailova v. Bulgaria, бр. 35978/02, § 80, 12 јануари, 2006; Iglesias Gil and A. U. I. v. Spain, бр. 56673/00, § 49, ECHR 2003 - V; Nuutinen v. Finland, бр. 32842/96, § 127, ECHR 2000 - VIII; и Ignaccolo - Zenide v. Romania, бр. 31679/96, § 94, ECHR 2000 - I.

18. De Souza Ribeiro v. France [GC], бр. 22689/07, § 78 и 80, ECHR 2012

19. МИТРОВА И САВИЌ ПРОТИВ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (Жалба бр. 42534/09) ПРЕСУДА СТРАЗБУР 11 февруари 2016 достапно на: https://biroescp. gov. mk/wp - content/uploads/2016/12/%D0%9C%D0%98%D0%A2%D0%A0%D0%9E%D0%92%D0%90 -%D0%98 - %D0%A1%D0%90%D0%92%D0%98%D0%8C - %D0%BF%D1%80%D0%BE%D1%82%D0%B8%D0%B2 - %D0%A0%D0%95%D0%9F%D0%A3%D0%91%D0%9B%D0%98%D0%9A%D0%90 - %D0%9C%D0%90%D0%9A%D0%95%D0%94%D0%9E%D0%9D%D0%98%D0%88%D0%90 - %D0%9F%D1%80%D0%B5%D1%81%D1%83%D0%B4%D0%B0. pdf

20. СЛУЧАЈ ОЛУРИ ПРОТИВ СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА (Жалба број 3368/18) ПРЕСУДА СТРАЗБУР 16 јануари 2020 достапна на: http://biroescp. gov. mk/wp - content/uploads/2020/01/Prevod - OLURI - v. - RSM - 1. pdf

21. European Court of Human Rights (17254/11) - Court (Fourth Section) - Judgment (Merits and Just Satisfaction) - CASE OF KRASICKI v. POLAND FOURTH SECTION CASE OF KRASICKI v. POLAND (Application no. 17254/11) JUDGMENT STRASBOURG 15 April 2014 достапна на: https://www. stradalex. eu/en/se_src_publ_jur_eur_cedh/document/echr_17254 - 11

22. CASE OF MIHAYLOVA AND MALINOVA v. BULGARIA (Application no. 36613/08) JUDGMENT This version was rectified on 21 April 2015 under Rule 81 of the Rules of the Court. STRASBOURG 24

February 2015 достапна на : https://hudoc. echr. coe. int/app/conversion/pdf/?library=ECHR&id=001 - 152422&filename=001 - 152422. pdf&TID=ihgdqbxnfi

23. Апликација во предметот Ненад Филиќ против Република Северна Македонија, бр. 45174/20, поднесена на 6 октомври 2020, доставена до Владата на 22 април 2021 година

24. MITOVI v. the former Yugoslav Republic of Macedonia, (1398th meeting (March 2021) (DH), Action Plan (29/01/2021), (Application No. 53565/13), DH - DD(2021)116)

25. Увид во списите на предметот К - 317/16 од 3. 05. 2016 година на Основниот суд Битола

26. Пресуда К - 317/16 од 3. 05. 2016 година на Основниот суд Битола

27. Увид во списите на ВПП 2 - 3/15 на Основниот суд Битола

28. Решение ВПП 2 - 3/15 на Основниот суд Битола од 28.01. 2015 година

29. Пресуда К - 432/16 на Основниот суд Битола од 22. 1. 12. 2016 г.

30. Пресуда КЖ - 116/17 од 21. 09.2017 г. на Апелациониот суд Битола

31. Увид во списите на предметите ВПП 2 - 27/22 и ВПП 2 - 49/22 на Основниот суд Охрид

32. Решение ГЖ - 1055/22 од 7. 07. 2022 г. на Апелациониот суд Битола

33. Увид во списите на предметот ВПП 2 - 9/23 на Основен суд Битола

34. Увид во списите на предметот ВПП 2 - 9/23 на Основен суд Битола

## ПРИЛОЗИ

1. Решение УП. Бр. 14 - 7127/6 од 20. 12. 2023 г. на Министерството за труд и социјална политика – Сектор за координација и техничка помош на министерот

2. Прилог: Прашалник за проценка на ризик од сериозна опасност по животот и физичкиот и психичкиот интегрите на жртвата и членовите на нејзиното семејство Службен весник на РСМ Број 240 од 26 октомври 2021

3. Анализа од спроведено истажување „Третман и заштита на деца жртви на насилство во системот на социјална заштита" Скопје, декември 2022 г.

4. Барање за добивање информација од јавен карактер од 30. 10. 2023 доставена до Министерство за правда на РСМ

5. Решение за пристап до информации од јавен карактер УП1 бр. 19 - 2673/23 на Министерство за правда на РСМ од 8.11. 2023 г.

6. Решение на Министерство за труд и социјална политика Сектор за координација и техничка помош на Министерот Уп бр. 14 - 7127/6 од 20. 12. 2023 г.

7. Одговор на барање од Министерство за труд и социјална политика, архивски број 14 - 6796/3 од датум 11. 11. 2020 година

8. Решение за одговор на барање за слободен пристап до барана информација рег. Бр. 1612 - 1638/3 од 13. 11. 2023 г.

9. Решение СПИ бр. 6/2023 од 14. 11. 2023 година на Врховен суд на Република Северна Македонија

10. Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер А бр. 03 - 517/2 од ЈО На РСМ од 15. 11. 2023 г.

11. Известување со прилог табели ПЈИ 44/2023 од 22. 11. 2023 г. на Основен Кривичен суд Скопје

12. Решение СПИ - 20/23 од 15. 11. 2023 на Основен суд Охрид

13. Решение СПИ - 12/23 од 20. 11. 2023 на Основен суд Куманово

14. Решение СПИ бр. 11/23 од 9. 11. 2023 на Основен суд Гевгелија

15. Информации СПИ бр. 12/23 од 1. 12. 2023 г. на Основен суд Прилеп

16. Решение СПИ бр. 23/23 на Основен граѓански суд Скопје од 7. 11. 2023 г.

17. Известување од Основен Кривичен суд Скопје ПЈИ бр. 34/20 од 10. 11. 2020 година

18. Решение на МВР Оддел за односи со јавност и стратешки прашања, Сектор за односи со јавност и протокол рег. Бр. 16. 1. 2 - 1638/3 од 13. 11. 2023 година

19. Решение од Апелационен суд Скопје СПИ – 38/23 – 2 од 06. 11. 2023 година

20. Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер СПИ 24/23 од 13. 11. 2023 година на Основен суд Штип

21. Решение СПИ 12/23 од 20. 11. 2023 на Основен суд Куманово

22. Известување на Основен Кривичен суд Скопје ПЈИ бр. 34/20 од 10. 11. 2020 година

23. Решение на Основен Граѓански суд Скопје СПИ 18/21 од 14. 06. 2021 година

24. Одговор на барање за слободен пристап од јавен карактер на Министерство за труд и социјална политика бр. 14 - 4276/6 од 07. 07. 2021 година

25. Решение за одговор на барање за слободен пристап до бараната информација на Министерство за внатрешни работи, Оддел за односи со јавност и стратешки прашања, Сектор за односи со јавност и протокол рег. Бр. 1612 - 759/9 од 30. 06. 2021 година

26. Известување од Основен Кривичен суд Скопје ПЈИ бр. 14/21 од 22. 06. 2021 година

**ПРИЛОГ:**

**АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК**

**1. Место на живеење**

Општина___________________________________

**2. Пол**

1) машки 2) женски

**2. Возраст**

1) 20 - 30 години

2) 30 - 40 години

3) 40 - 50 години

4) 50 - 60 години

**4. Степен на образование**

1) без образование

2) основно

3) средно

4) виша школа

5) високо образование

6) магистер

7) доктор на науки

**5. Наведете ја установата каде работите и Вашето занимање**

- - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - -
- - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - -

**6. Дали сте во брак?**

Да) Не)

**7. Дали семејното насилство е приватен проблем?**
Да) Не)

**8. Дали семејното насилство е голем општествен проблем?**
Да) Не)

**9. Дали семејното насилство е почесто од статистички утврденото?**
Да) Не)

**10. Дали само физичкото насилство е семејно насилство?**

Да) Не)

**11. Дали постои психичко насилство и дали тоа се санкционира?**

Да) Не)

**12. Дали познавате некого кој е изложен на економско насилство?**

Да) Не)

**13. Постои ли изложеност на децата на семејно насилство?**

Да) Не)

**14. Постарите и изнемоштените лица често се жртви на семејно насилство?**

Да) Не)

**15. Дали жените само декларативно се еднакви во правата и можностите со мажите?**

Да) Не

**16. Дали познавате жртва на семејно насилство?**

Да) Не

**17. И жените може да се семејни насилници.**

Да) Не)

**18. Дали по пријавата на жртвата на случај на семејно насилство, полициските службеници брзо реагираат?**

Да) Не)

**19. Ефикасноста на судската заштита и почитувањето на судските одлуки е на завидно ниво.**

Да) Не)

21. **Центрите за социјална работа овозможуваат итна и квалитетна помош на жртвите на семејно насилство.**

Да) Не)

**22. Дали знаете што е демнење?**

Да) Не)

**23. Дали сопруг може да изврши силување врз жената?**

Да) Не)

**24. Дали Ви е познато дека постојат итни и привремени мерки?**

Да) Не)

**25. Дали треба да се заостри казнената политика за проблемот со семејното насилство?**

Да) Не)

**26. Дали сметате дека надлежноста за уредуањето на односите меѓу родители и деца и уредувањето на средбите меѓу нив, како и извршувањето на тие одлуки треба да биде судска надлежност?**

Да) Не

**27. Дали Вие сте биле жртва на семејно насилство?**

Да) Не)

28. **Дали во Ваша близина има сигурни куќи за сместување на жртви?**
Да) Не)
29. **Дали треба семејното насилство да добие поголема застапеност во јавните медиуми и социјални мрежи и дали треба да се воведат оспецијализирани обуки и кампањи?**
Да) Не)
30. **Ваш предлог за подобрување на состојбата со семејното насилство или Ваше лично искуство како жртва на семејно насилство**

- - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - -
- - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - -
- - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - -

Датум на спроведување на истажувањето__________________________

Место на спроведување на истражувањето_________________________

Анкетар________________________________________________________

## Биографија

Кандидатката м-р Андреа Здравковска е родена на 17.11.1995, во Битола.

Прв циклус студии завршила во 2017 година на Правен Факултет Јустинијан Први-Скопје, со просечен успех 9,15 и се стекнала со стручен назив Дипломиран правник.

Во академската 2017/2018 година се запишала на втор циклус студии на Правниот Факултет Јустинијан Први, на насока кривично право. Студиите ги завршила со просечен успех 9,92. Магистерскиот труд на тема „ПЕДОФИЛИЈАТА И КАЗНЕНО-ПРАВНИОТ ОДГОВОР ОД СПОРЕДБЕНО ПРАВНА ПЕРСПЕКТИВА" го одбранила во 2019 година и се стекнала со научен назив Магистер по кривично право.

Во септември 2019 година кандидатката се запишала на докторски студии на Правен Факултет Јустинијан Први-Скопје, насока граѓанско право

Список на објавени трудови:

1. Андреа Здравковска, Зајакнувањето на мерките за заштита од семејно насилство како правен одговор на предизвиците од Ковид 19 , Иднината на правото: Наспроти предизвиците од Covid 19; 7-ма Меѓународна научна конференција Охридска школа на правото, Институтот за правно-економски истражувања и едукација Јуридика Прима, 401-416, Скопје, 2020

2. Андреа Здравковска, Етичките кодекси на правните професии во Република Северна Македонија: Адвокатска етика, Правен дијалог број 22, Здружение на граѓани Институт за човекови права, 67-80, Скопје, 2020

3. Андреа Здравковска, Итни и привремени мерки за заштита од семејно насилство и нивната очекувана ефикасност во услови на корона криза, Општествените промени во глобалниот свет, „8-ма Меѓународна научна конференција", 273-287, Универзитет Гоце Делчев – Штип, 2020

4. Андреа Здравковска, Ковид 19: Заштита на жртвите од семејно насилство во Република Северна Македонија за време на пандемијата предизвикана од Ковид 19, Списание Правен фокус - второ издание, 42-58 Македонско здружение за млади правници, Скопје, 2021

## Авторезиме

### 1. АКТУЕЛНОСТ НА ТЕМАТА

Докторската дисертација со наслов „Превенција и заштита од семејно насилство во македонското и споредбеното право” обработува една сензитивна и исклучително актуелна тема од праисторијата на човештвото до денес. Темата ја објаснува феноменологијата на длабоките причини за појавата на насилството во семејството, ги претставува факторите на ризик, ја објаснува типологијата на насилничките врски и видовите насилства и се насочува кон значењето на превенцијата од насилство. Обемноста на проблематиката на семејното насилство го зголемува значењето на нејзиното истражување.

Феноменот на семејното насилство е во фокусот на вниманието на светската јавност. Нашето општество има изразено патријархален општествен модел кој е прифатен од семејствата што често се заедници на членови со нееднакви права и обврски. Оттука актуелноста на темата ќе биде нагласена и во иднина.

Проучувањето на потребата од воведување заштитни механизми, а посебно итни и привремени мерки е потребно заради намалување, спречување и заштита на жртвите од семејно насилство.

Намалувањето на последиците од семејното насилство за семејствата, но и за општествената заедница, има егзистенцијално, социо-психолошко, економско, етичко и морално значење што ќе се рефлектира во иднината на генерациите.

### 2. ПРЕДМЕТ, ЦЕЛИ И ХИПОТЕЗИ

Предмет на истражувањето во докторската дисертација е одредување на степенот на усогласеност на македонското со европското законодавство од аспект на примената на Истанбулската конвенција со акцент на превенцијата и заштитата.

Основната цел на научното истражување е да утврди до кое ниво македонското законодавство е сообразено со правата на државите членки на Европската Унија, соседните земји и државите од Западен Балкан во заштитата од семејното насилство. Споредбено-правната анализа ќе овозможи добивање практични сознанија за примената на најдобрите искуства и пракси при опишувањето на феноменот на семејното насилство,

а целта е и да се добие одговор за ефикасноста на граѓанаско-правната заштита од појавата на семејно насилство. Целта на истражувањето е низ критички осврт на моменталната состојба, а особено низ заклучоците и препораките, да понуди конструктивни предлози за подобро разбирање на проблематиката на семејното насилство и да да даде ефикасен одговор на сите актери во процесот на пружање помош, поддршка и заштита на жртвите.

Општата хипотеза во научно истражувачкиот процес е:

- Превенцијата и заштитата од семејно насилство го јакне процесот на усогласување на домашното со меѓународното право.

Основната хипотеза на истражувањето е:

- Полот, староста и степенот на образование битно влијаат на ставот спрема семејното насилство.

Првата посебна хипотеза на истражувањето е:

- Преземањето мерки насочени кон превенција и заштита на жртвите на семејно насилство, почитување на основните човекови слободи и права, живот и личен интегритет, влијаат на состојбата со семејното насилство.

Помошни хипотези

1. Задолжителната правна заштита и заштитата на жртвите на семејно насилство не им гарантира социјална сигурност на жртвите од идно насилство.
2. Во Република Северна Македонија во голема мера се почитуваат меѓународните стандарди загантирани со Истанбулската конвенција.
3. Системот на спроведувањето на заштитните мерки во Република Северна Македонија е на високо ниво и е доволно ефикасен.
4. Заради очекуваниот пораст на семејно и родовобазирано насилство во Ковид 19 кризата, Република Северна Македонија дејствува со должно внимание во истражувањето, спречувањето и казнувањето на сторителите на семејно насилство.
5. Осигурувањето на репарација на делата на насилство, во согласност со обврските од Европската конвенција за човекови права обезбедува правна сигурност на жртвите.

## 3. СТРУКТУРА И СОДРЖИНА

Материјалот во докторската дисертација „Превенција и заштита од семејно насилство во македонското и споредбеното право” е изложен на 411 страници, вклучувајќи и табели, статички податоци, спроведена анкета, студија на случаи од судската пракса и список на користена литература од наслови. Во продолжение накратко ќе биде презентирана структурата на дисертацијата.

Трудот е структуриран од четиринаесет глави, од кои првата е вовед, а последната е заклучок. Деловите се систематизирани во точки и потточки со цел да се обебеди соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во воведот на докторската дисертација изложена е општествената и научната оправданост за проучување на правното регулирање на семејното насилство, неговите појавни облици, мерките за заштита од семејно насилство со посебен акцент на неговата превенција.

Во првата глава со наслов: „Појавата и историскиот развој на семејното насилство” се анализира појавата и состојбата на семејното насилство во стариот, средниот и новиот век.

Во Главата II под наслов: „Општ увид во семејното насилство” се утврдени поимот и дефиницијата, како и видовите семејно насилство: физичко, психичко, економско, сексуално насилство, демнењето и половото вознемирување со акцент на заштитата од семејно насилство.

Во Главата III под наслов: „Меѓународни документи за заштита и справување со семејно насилство” се изложени: меѓународни конвенции и протоколи на ООН, Советот на Европа и Европската Унија кои ја регулираат заштитата од семејно насилство.

Во Главата IV под наслов: „Правно уредување на заштитата од семејно насилство во споредбеното право”, преку презентирање на националните законодавства на САД, европските и балканските држави опфатени во трудот, се анализира состојбата и начинот на регулирање на семејното насилство особено во делот на превенцијата и заштитата од семејно насилство во нивните законодавства.

Главата V под наслов: „Правното уредување на семејното насилство во македонското законодавство" е посветена на правното уредување на заштитата од семејно насилство преку презентирање на законодавно-правната рамка на Република Северна Македонија.

Во Главата VI под наслов: „Влијанието на семејното насилство на односите во семејството" се проучува влијанието на насилството врз жените, децата, мажите и изнемоштените и возрасни лица, како најранливи категории, кои истовремено се препознаваат како најчести жртви.

Во Главата VII под наслов: „Улогата и значењето на праксата на Европскиот суд за човекови права", анализирани се позитивните искуства, најдобрите практики и студии на случаи од Европскиот суд за човековите права од областа на заштитата од семејно насилство.

Главата VIII насловена како: „Анализа на најзначајните пресуди на ЕСЧП против Република Северна Македонија" нуди осврт на неколку референтни одлуки во кои се заблежани законски недоследности и неусогласеноста на домашната правна рамка со одредбите на Истанбулската конвенција.

Во главата IX со наслов: „Влијанието на Ковид 19 кризата врз семејното насилство" е елаборирано влијанието на пандемијата со вирусот Ковид 19 и очекуваниот пораст на семејно насилство поради спроведените мерки на изолација.

Главата X: „Емпириско истражување" ги обработува податоците добиени преку извршената анкета, и претставува оригинално истражување на овој труд. Добиените заклучоци ја отсликуваат општата перцепција за семејното насилство на испитаничката група, со посебна диференцијација според полот.

Главата XI со наслов: „Статистичка анализа на случаите од семејно насилство и одговорот на надлежните органи во периодот 2012-2022 година" ги анализира статистичките податоци добиени од Министерството за внатрешни работи на РСМ и основните судови во РСМ во кривично-правните и во граѓанско-правните предмети. Таа е показател за односот и ефикасноста на институциите со справувањето, спречувањето и превенцијата, имајќи ги предвид причините за неговото настанување.

Во Главата XII: „Анализа на значајни случаи од македонската судска пракса" се обработени случаи на семејно насилство со методот на студија на случај поради добивање релевантни податоци за практичната примена на мерките за заштита од семејно насилство.

Во Главата XIII „Анализа на поставените хипотези во истражувањето" се прикажани резултатите добиени од целокупниот процес на истражување. Сублимираните резултати од истражувањето ќе понудат подобрување на законодавните решенија во нашата држава и доближување и хармонизирање со законодавствата на развиените европски држави.

Последната Глава XIV „Заклучоци и препораки за зајакнување на мерките за заштита од семејно насилство" предлага перспективни мерки и начини на ефикасно справување со сите облици на семејно насилство.

Во прилог на овој труд е доставена листа на домашна и странска стручна користена литература, прописи и меѓународни документи, учебници, монографии, статии, научни трудови и Интернет извори.

**4. Резултати од истражувањата**

Добиените резултати од истражувањето на овој труд го потенцираат впечатокот дека семејното насилство не е секогаш експлицитно изразено. А, резултатите од преземените мерки не се адекватен одговор на општеството ниту за спречување, ниту за кривично-правно и граѓанско правно санкционирање на семејните насилници.

Според официјалните податоци на Министерството за труд и социјална политика на РСМ за периодот од јануари до јуни 2018 година евидентирани се 620 жртви на семејно насилство, за периодот од јануари до јуни 2019 година евидентирани се 767 жртви на семејно насилство, а за периодот од јануари до јуни 2020 година евидентирани се 824 жртви на семејно насилство.

Одговорите на анкетните прашања ја прикажаа реалната состојба во моментот на спроведување на истражувањето. Заедно со другите истражувачки методи и добиените резултати од нив, како и од споредбената анализа и статистичката анализа, истражувањето ја оправда својата цел. При анализата на статистичките податоци и судските предмети, се користеше непосредното согледување на резултатите заедно со методата на анализа на содржината. Истата постапка се користеше и при составувањето и

обработката на добиените податоци од креираниот анкетен прашалник во електронска форма во google forms. Од анализата на резултатите добиени од анкетниот прашалник забележана е зачестеност од 87,9% од вкупниот број на испитаници кои искажале став за целосно согласување дека семејното насилство е голем општествен проблем. Дескриптивната статистика на резултатите добиени од анкетниот прашалник утврди дека не постои значајна разлика во општите ставови поврзани со семејното насилство меѓу лицата со високо образование (магистри и доктори на науки) и општата популација (средно, вишо и восоко образование). Во истражувањето најмногу испитаници биле со високо образование или 41,7%; 32,9% биле магистри на науки; 12,1 доктори на науки; 11,7% со средно образование и 1,6% со вишо образование.

Од резултатите добиени од анализата на статистичките податоци за бројот на примени предлози за привремени мерки во судовите во РСМ произлегува дека судовите во РСМ примиле вкупно 2 176 предлози за изрекување привремени мерки за заштита од семејно насилство. Најмногу предлози за изрекување привремени мерки примил Основниот граѓански суд - Скопје (1025). Според табелата 18, во 2012 година биле примени 56 предмети, потоа во Основниот суд - Охрид (406), Основниот суд - Прилеп (272), Основниот суд - Штип (194) и Основниот суд - Гевгелија (110).

Очигледно е дека ваквиот тренд на зголемен број поведени постапи го следи донесувањето на системските закони со кои се регулирани заштитните и итните мерки.

Како и секое истражување, и ова има теориско, научно и општествено значење, зашто со добиените резултати се предагаат нови практики и ефикасни законски мерки во поглед на третманот на насилниците и превенирање и заштита на жртвите.

Казненото право не дава резултати во борбата со овој вид девијантно однесување. Репресивноста на казнените мерки очигледно не влијае врз намалувањето и врз сузбивањето на семејното насилство. Превенцијата треба да е примарна. Научните истражувања како и статистичките податоци на светско ниво, утврдуваат дека повеќе ефект даваат граѓанско-правните механизми во комбинација со воининституционалните мерки. Сознанијата за феноменолошките и етиолошките карактеристики на семејното насилство се основата за негова превенција заедно со холистичкиот пристап на науката. Соединувањето на теоријата и праксата може да биде најадекватен избор во превенција на

семејното насилство. Примената на компаративните модели на заштита укажуваат на силната ориентација на развиените земји за брза и ефикасна реакција на семејното насилство со инсистирање на заштитните мерки.

**5. Заклучни согледувања**

Докторската дисертација преку мулти-дисциплинарниот и научен пристап преставува единствена креативно осмислена логичка целина, која ја зголемува својата вредност заради можноста за примена на резултатите во праксата. Врз основа на истражувањата во дисертацијата, јасно и концизно се изведуваат повеќе заклучоци кои се однесуваат на проблемот на истражувањето.

Дихотомниот систем на заштита од семејно насилство во македонското законодавство се чини дека не нуди целосна и ефикасна заштита на жртвите.

Иако нашата држава последниве години донесе навистина современи законски решенија со цел да го сообрази домашното со европското законодавство, очигледно е дека се потребни подобрувања, корекции и измени  во повеќе сегменти. Тоа се однесува особено во насока кон задолжителното спроведување на пресудите на ЕСЧП. Тој разгледувал повеќе случаи против РСМ од односи родители и деца, но и спорови во врска со старателство врз деца (Митови против РСМ) и (Олури против РСМ). Во контекст на последново, се поставува прашањето зошто не се извршени законските измени на кои упатува ЕСЧП во однос на мерките за извршување на одлуките за доделување деца и во однос на одлуките за средби на родители и деца, за чие извршување очигледно постои правна празнина. Тоа индиректно ја повредува правната сигурност на граѓаните при донесувањето на одлуки на домашните судови.

Неусогласеноста на постоечкиот систем на правна заштита прави да бидат неупотребливи низа од позитивните правни норми.

Проблемот на семејното насилство не е само приватен, туку е и проблем на општеството и широката заедница.

Со системски промени во односот кон семејното насилство и подигнувањето на свеста кај луѓето за родовите улоги од нивното најрано детство сè до староста, ќе може да

се очекува позитивна промена во поглед на последиците кои ги предизвикува овој распространет феномен.

## 6. ОЧЕКУВАН ПРИДОНЕС

Начинот на анализа на предметот на истражувањето и добиените заклучоци од него претендираат да имаат практичен придонес за научната и стручната јавност. Анализирана е праксата на ЕСЧП како од аспект на неговата меѓународна јуриспруденција, така и во однос на случаите кои се водени против Република Северна Македонија. Критички се согледани пропустите и е констатирано дека сѐ уште законската рамка не е услогласена со европското законодавство. Извршена е комбинирана анкета со експертски и виктимолошки прашања врз група од 307 испитаници, а истражувањето содржи и статистичка анализа за период од десет години. Емпириското истражување базирано на значајни студии на случај од домашната судска пракса ја потврдува широчината на истражуваниот проблем отворајќи бројни неодговорени прашања и можности за анализи од најразлични аспекти. Скромниот придонес на овој научен труд од областа на граѓанското право со симбиоза на кривичното право, се надеваме ќе поттикне дополнителен број истражувања на дадената тема и ќе понуди решенија за намалување и справување со феноменот – семејно насилство.

М-р Андреа Здравковска

## AUTHOR'S SUMMARY

### 1. Relevance of the Topic

The doctoral dissertation titled "Prevention and Protection from Domestic Violence in Macedonian and Comparative Law" addresses a sensitive and highly relevant topic that spans from the prehistoric era to today. The dissertation explains the deep-rooted causes of domestic violence, identifies risk factors, outlines the typology of abusive relationships, and categorizes types of violence, with a focus on the importance of prevention. The magnitude of the issue enhances the significance of researching domestic violence.

Domestic violence is a phenomenon at the forefront of global attention. Our society follows a patriarchal model, which is evident in family structures where rights and obligations are often unequal. Thus, the relevance of this topic will remain prominent in the future.

The need to introduce protective mechanisms, particularly urgent and temporary measures, is necessary to reduce, prevent, and protect victims of domestic violence.

Mitigating the consequences of domestic violence for both families and society at large has existential, socio-psychological, economic, ethical, and moral significance, which will affect future generations.

### 2. Subject, Goals, and Hypotheses

The subject of research in this dissertation is to determine the degree of alignment between Macedonian and European legislation, particularly concerning the implementation of the Istanbul Convention, with an emphasis on prevention and protection.

The primary goal of the research is to establish how closely Macedonian legislation aligns with the legal frameworks of EU member states, neighboring countries, and Western Balkan states in protecting against domestic violence. Comparative legal analysis will offer practical insights into applying the best practices for addressing domestic violence and evaluate the effectiveness of civil law protection measures.

The research aims to provide constructive proposals for improving the understanding of domestic violence and offer effective responses to all stakeholders involved in assisting, supporting, and protecting victims.

General hypothesis:

- Prevention and protection from domestic violence strengthen the process of aligning domestic laws with international law.

Main hypothesis:

- Gender, age, and education level significantly influence attitudes toward domestic violence.

First specific hypothesis:

- Measures focused on preventing and protecting victims of domestic violence, respecting fundamental human rights and freedoms, affect the status of domestic violence.

Supporting hypotheses:

1. Legal protection does not guarantee social security for victims from future violence.
2. North Macedonia largely complies with international standards guaranteed by the Istanbul Convention.
3. The system for enforcing protective measures in North Macedonia is highly effective.
4. Given the expected rise in domestic and gender-based violence during the COVID-19 crisis, North Macedonia is taking appropriate actions in investigation, prevention, and punishment of domestic violence perpetrators.
5. Ensuring reparations for acts of violence in line with the European Convention on Human Rights provides legal security for victims.

**3. Structure and Content**

The dissertation "Prevention and Protection from Domestic Violence in Macedonian and Comparative Law" comprises 411 pages, including tables, statistical data, surveys, case studies, and a list of references.

It is organized into fourteen chapters, starting with an introduction and concluding with recommendations. The content is systematically structured to ensure proper flow and understanding of the research material.

The introduction explains the societal and scientific justification for studying legal regulations on domestic violence, its manifestations, and protection measures, focusing on prevention.

Subsequent chapters cover topics such as the historical development of domestic violence, different forms of violence, international documents on protection, comparative legal frameworks, the legal regulation of domestic violence in Macedonia, the impact of domestic violence on families, and significant cases from both the European Court of Human Rights and Macedonian courts.

The dissertation concludes with suggestions for strengthening protective measures and includes a list of local and international references.

## 4. Research Results

The findings indicate that domestic violence is not always explicitly recognized, and the measures taken are often insufficient. According to official data, from January to June 2020, there were 824 reported victims of domestic violence in North Macedonia.

An analysis of court cases and statistical data shows an increasing trend in the number of initiated procedures, which corresponds with the adoption of laws regulating protective and emergency measures.

Research findings emphasize that penal law is ineffective in combating this deviant behavior. Prevention should be the primary focus, and the research advocates for civil law mechanisms combined with non-institutional measures for better results.

## 5. Concluding Observations

The dissertation provides a multidisciplinary and scientific approach, with practical applications. It concludes that the current legal framework does not fully ensure the protection of victims and that systemic changes are necessary, particularly in the execution of European Court of Human Rights decisions related to domestic violence.

## 6. Expected Contribution

The method of analysis of the research subject and the conclusions drawn from it aim to provide a practical contribution to the scientific and professional public. The practice of the European court of human rights has been analyzed both from the aspect of its international jurisprudence and in relation to the cases brought against the Republic of North Macedonia. Shortcomings have been critically examined, and it has been found that the legal framework is still not aligned with European legislation. A combined survey with expert and victimological questions was conducted on a group of 307 respondents, and the research also includes statistical analysis covering a period of ten years. The empirical research, based on significant case studies from domestic court practice, confirms the breadth of the researched problem, raising numerous unanswered questions and opportunities for analyses from various aspects. We hope that this modest contribution from the field of civil law, in symbiosis with criminal law, will encourage additional research on the given topic and offer solutions for reducing and addressing the phenomenon of domestic violence.